К III 471

Мб Д 22052/22
Сад. 50 -

Ристо КИРЈАЗОВСКИ

НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ И ДРУГИТЕ МАКЕДОНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА И ПО НЕА (1945–1960)

(докторска дисертација)

Скопје, март 1980

НАРОДНА БИБЛИОТЕКА СРБИЈЕ

С О Д Р Ж И Н А

	Страница
ПРЕДГОВОР	1
У В О Д	
1. Положбата на Македонците под грчка власт	4
2. Ставови на КПГ по македонското национално прашање до Втората светска војна (1940)	7
3. Македонците и двојната агресија против Грција	9
4. Вооруженият отпор во Егејска Македонија-учеството на Македонците	11
5. Драмското востание (28-29 септември 1941)	14
6. Создавањето на ЕАМ-ЕЛАС у учството на Македонците во нив	15
7. Македонското национално прашање во текот на НОВ	19
8. Контачетничко движење во Егејска Македонија	28
9. Ослободувањето на земјата, англиската војна интервенција,договорот во Варкиза и поразот на ЕЛАС	33
Глава I	
Т Е Р О Р	
1. Теророт како средство за зацврстување власта на десницата.	39
2. Теророт против Македонците 1945-1946	40
3. КПГ во заштита на Македонците	56
Глава II	
НОФ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА	
1. Ситуацијата во Грција непосредно пред појавата на НОФ	63
2. Појава и дејност на тајната македонска организација ТОМО	64
3. Основање на НОФ	66

Страна

4. Цели на НОФ 67
5. Автономистичкото движење и НОФ 69

а) Автомомистичко движење организирано од Бугарија 73

Глава III

АКТИВНОСТ НА НОФ

1. Организациона поставеност и активност на НОФ 77
2. Политична активност на НОФ 90
3. Вооружен отпор на НОФ против теророт 94

Глава IV

ОДНОСИТЕ НА НОФ СО КПГ

1. Разногласија меѓу раководството на КПГ и НОФ 105
2. КПГ го признава НОФ како демократска и антифашистичка организација 107
3. Спогодбата на КПГ и НОФ за обединување 110

Глава V

СИТУАЦИЈАТА ВО ГРЦИЈА ПОСЛЕ ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ, РЕСТАВРАЦИЈАТА НА МОНАРХИЈАТА И НЕПОСРЕДНИТЕ ЗАДАЧИ НА ДВИЖЕЊЕТО НА НОФ

1. Монархофашистичкиот терор 123
2. Војска, џандармерија, банди 124
3. Економската политика на десницата 124
4. Масовната демократска борба против реакцијата 125

Глава VI

ОФИЦИЈАЛНА ПОЈАВА НА ДЕМОКРАТСКАТА АРМИЈА 127

Страна

Глава VII

ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ГРЧКОТО ПРАШАЊЕ

1. Анкетната комисија на ООН 130
2. Труманова доктрина 133

Глава VIII

ПРИСИЛНА ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО И НЕГОВАТА КОНЦЕНТРАЦИЈА ВО ГРАДСКИТЕ ЦЕНТРИ 134

Глава IX

1. АКТИВОТ НА НОФ НА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА 136
2. Законодавните акти на ГШ на ДАГ и нивното значење за Македонците 147
3. Местото и улогата на НОФ во организацијата на народната власт во слободните територии 147

Глава X

ТРЕТИОТ ПЛЕНУМ НА ЦК НА КПГ 153
1. Формирање на Привремената демократска влада 159

Глава XI

ПРВИОТ КОНГРЕС НА НОФ

1. Текот на Конгресот 163
2. Ударот врз НОФ и последиците 171
3. Состанокот во Главниот штаб на ДАГ 177
4. Формирање на партиска фракција во НОФ 178
5. Мобилизација на кадарот на НОФ 182

Страна

Глава XII

ЕВАКУАЦИЈА НА ДЕЦАТА 185

Глава XIII

ПРВИОТ ПЛЕНУМ НА НОФ 190

Глава XIV

ОДРАЗОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ НА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ИНФОРБИРОТО ВРЗ ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА.

1. Односите меѓу КПГ-КПЈ до резолуцијата на ИБ 197
2. Прифаќање на резолуцијата на Инфорбирото од страна на КПГ 208
3. Примена во пракса на резолуцијата на Инфорбирото од страна на КПГ 210

Глаба XV

НОВ СТАВ НА КПГ ПО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ

1. Ставот на КПГ по македонското национално прашање до Петиот пленум 211
2. Право на самоопределување- нов став на КПГ по македонското прашање прифатен на V-от пленум на КПГ 214
3. Вториот пленум на НОФ и паролата "формирање на македонска држава во рамките на Балканската федерација" 216
4. Реагирање на Бугарите спрема ставот на КПГ по македонското прашање 223
5. Јавно реагирање на КПЈ 224
6. КПГ се корегира- паролата за прогласување на "независна македонска држава во рамките на Балканската федерација" ја напушта 226

Страна

7. Делегација на КПГ и НОФ во Југославија

а) Состанокот во Скопје 227
б) состанок на делегацијата на КПГ и НОФ со група раководители на НОФ во Скопје 230
в) Состанокот во Белград 235
г) Средба на делегацијата на НОФ со секретарот на ЦК на КП на Македонија 237

Глава XVI

ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ 239

Глава XVII

КОМУНИСТИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА КОЕМ

1. Оснивачки состанок на КОЕМ 246
2. Заеднички состаток на раководствата на КОЕМ-НОФ 248
3. Одговор на раководителите на НОФ на клеветите од страна на КПГ 250
4. Актив на КОЕМ 253
5. Резолуцијата на КОЕМ 255
6. Прва земска конференција на КОЕМ 258

Глава XVIII

НОМС ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

1. Оснивање на НОМС 268
2. Цели на НОМС 271
3. Организациона поставеност на НОМС 273
4. Политичка и друга активност на НОМС 278

Страна

5. Расформирање на НОМС 279
6. Обнова на НОМС 281
7. Второ растурање на НОМС 282
8. Регабилитација на НОМС 283

Глава XIX

АНТИФАШИСТИЧКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

1. Основање на АФЖ 285
2. Организациона поставеност и растеж на АФЖ 286
3. Идејно-политичка активност на АФЖ 287
4. Првиот конгрес на АФЖ 289
5. Успеси на АФЖ 292

Глава XX

КУЛТОРНО-ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ НА НОФ

1. Печат 294
2. Македонски училишта 303
3. Културно-просветна група 308

Глава XXI

РЕПРЕСАЛИИ ВРЗ МАКЕДОНЦИТЕ ОД СТРАНА НА КПГ-ДАГ ДО 1949 ГОДИНА 310

1. Аферата со група Македонци борци во Грамос 312
2. Стрелањето на 9 Македонци од Долно Пожарско 313
3. Случајот на Мичо Гаљо и Агамемнон Гунари 313
4. Буфската афера 315
5. Апсењата на 13 мај 1949 година 316
6. Афричката афера 317
7. Еден злосторнички документ 318

Страна

8. Осудени жени од село Герман 321
9. Последните апсења пред капитулацијата на ДАГ во Вичо 321
10. Смртни и други тешки казни врз осние што пребегнуваа во Југославија 323
11. Судењето и егзекуцијата во Превал-Леринско 324
12. Сидењето и егзекуцијата во Пајак 324

Глава XXII

ПОРАЗОТ НА ДАГ.РАКОВОДСТВОТО НА КПГ И НА КПСС ГИ ОБВИНУВААТ КПЈ И НОФ ЗА ПАКВИОТ ИСХОД НА НОД НА ГРЦИЈА 328

1. Борбита на Кајмакчалан 329
2. Битката на Вичо 332
3. Седниците на БП на КПГ на 18 и 20 август 1949 333
4. Битката на Грамос 334
5. Седницата на ПБ на ЦК на КПГ од 31.8.1949 336
6. Московскиот документ 337
7. Партиска конференција на КПГ во Бурели-Албанија 340
8. Конференција на Македонците борци на ДАГ во Бурели-Албанија 342
9. Шестиот пленум на ЦК на КПГ 343
10. Апсењето на раководителите на НОФ 345
11. Неочекувана акција на Албанците. Органите на СИГУРИМИ ги киднапират апсените раковидители на НОФ 348
12. Обвинителниот акт против апсените Македонци 351
13. Префрлувањето на припадниците на ДАГ и цивилното население од Албанија во СССР и во источно-европските земји 352

Страна

Глава XXII

СУДИР МЕЃУ КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА И АЛБАНСКАТА ПАРТИЈа НА ТРУДОТ 354

1. Трипартијна средба во Москва 359
2. Седмиот пленум на ЦК на КПГ 368
3. Третата конференција на КПГ 371
4. Македонското национално прашање во внатрешните борби на КПГ по поразот на ДАГ 373

Глава XXIV

РАСФОРМИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ И ФОРМИРАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА "ИЛИНДЕН"

1. Советувањето на македонските кадри 378
2. Оснивачки конгрес на организацијата "Илинден"
а) Предконгресна активност 381
б) Текот на Конгресот и донесените одлуки 381
3. Цели на организацијата "Илинден" 383
4. Задачи на организацијата "Илинден" 384
5. Активност на организацијата "Илинден"
а) Организациона поставеност 386
б) Организациона активност на "Илинден" 388
в) Идеолошка политичка активност на "Илинден" 390
г) Просветна-културна активност на "Илинден" 391
д) Македонски изданија и македонски печат во истично-европските земји 396
ѓ) Радио-емисија на македонски јазик 399
е) Македонски литературни кружоци 401
6. Македонското национално прашање во нацрт програмата на КПГ и ставот на организацијата "Илинден" 402
7. Односот на КПГ спрема организацијата "Илинден" 403
8. Односот на БКП спрема организацијата "Илинден" 405

Страна

9. Расформирање на организацијата "Илинден" 411
10. Седницата на партиската фракција во "Илинден" (30.9.1956) 414
11. Советувањето на просветни, културни и политички активисти во полскиот град Бардо-Слонцке по прашањето на македонскиот јазик 416

Глава XXV

АНТИЈУГОСЛОВЕНСКА И АНТИМАКЕДОНСКА АКТИВНОСТ НА КПГ ВО СССР И ВО ИСТОЧНО-ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ - ПРОГОНУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ 419

1. Груб атак против македонските просветни работници и воопшто против македонската просвета во Романија 421
2. Прогони во Полска 426
3. Прогони во СССР 427
4. Репресалии во Бугарија
а) Логорот во островот на реката Дунав 428
5. Прогони во Унгарија 429
6. Прогони во Чехословачка 430
7. Прогони во Романија 431

Глава XXVI

НОРМАЛИЗАЦИЈА НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ КПГ - КПЈ. РАКОВОДСТВОТО НА КПГ И СЕ ИЗВИНУВА НА КПЈ

1. Ташкентските настани во септември 1955 година 432
2. Петиот пленум на ЦК на КПГ (декември 1955) 439
3. Петиот пленум за односите на КПГ-КПЈ 441
4. Интервенција на шест комунистички партии на КПГ
а) Шестиот пленум на ЦК на КПГ 443
5. Резолуцијата на ЦК на КПГ за односите со КПЈ 447
6. Писмото на Никос Захарјадис до ЦК на КПСС 450
7. Седмиот пленум на КПГ и односоте со КПЈ 452

Страна

Глава XXVII

ТАЈНАТА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА "ЕГЕЈСКА ЗОРА" ВО ПОЛСКА 457

З К Л У Ч О К 470

Б Е Л Е Ш К И 479

И З В О Р И 496

П Р Е Д Г О В О Р

Проблемот на Народноослободителниот фронт -НОФ и другите македонски организации на Македонците од Егејска Македонија во текот и по Граѓанската војна во Грција досега во македонската историографија комплексно и монографски не е проучен. Меѓутоа фрагментарно тој е третиран во некои трудови и статии чии предметно проучување се одделни проблеми и прашања од Граѓанската војна. Причини за релативно малиот број на трудови од таа проблематика се: краткиот интервал од завршувањето на Граѓанската војна, специфичноста на самиот проблем и недостапноста на архивската документација. Релативно поголемо внимание кон проблемот на НОФ и другите македонски организации му е посветен во трудовите: Наум Пејов,"Македонците и Граѓанската војна во Грција", Вангел Ајановски-Оче , "Егејски Бури" и Христо Андоновски, "Вистината за Егејска Македонија". Во овие трудови поради обидот што е направен за комплексно проучување на избувнувањето и текот на Граѓанската војна, учеството, придонесот на Македонците па и на военоисториските аспекти на Граѓанската војна, на проблемот на НОФ и другите организации не било можно да му се посвети поголемо внимание и простор.

Што се однесува на грчката и странската историографија појавата и активноста на македонските организации или е премолчувана или е прикажана како антигрчка,сепаратистичка, автономистичка и сл.

Од страна на грчката партиска (КПГ) историографија и публистика појавата, активноста и придонесот на НОФ и другите македонски организации во различни периоди различно се третираше и оценуваше. Во времето додека НОФ делуваше надвор и независно од КПГ беа прогласени и напаѓани како автономистички, сепаратистички, автономистички и сл., а по обединувањето односно со ставањето на НОФ под раководство на КПГ во ноември 1946 година, до крајот на Граѓанската војна беа третирани и оквалификувани како антифашистички, народнодемократски и сл. По капитулацијата на ДАГ во август 1949 година, во периодот периодот на антијугословенската информбировска кампанија, македонските организации повторно беа прогласени за сепаратистички,дури и за реакционерни и распуштени. И покрај тоа што на VI Пленум на ЦК на КПГ во 1956 година НОФ и другите македонски организации беа

рехбилитирани и им беше признат народнодемократскиот карактер,во трудовите настанати потоа тие или не се споменуваат, или погрешно и фалсификувано се интрепретират и се оценуваат нивните цели и активност.

Грчката и странската реакционерна историографија од разбирливи причини и интереси, македонските организации и воопшто македонското ослободително движење, ги оквалификува како автономистички,сепаратистички, агентуриски и сч.

Фалсификувањето на појавата, дејноста и целите на организацијата НОФ како предводник и раководител на македонското ослободително движење на Македонците од Егејска Македонија од страна на Грчката и надворешната реакционерна историографија и премолчувањето и негирањето на нејзиниот огромен придонес во борбата од страна на партиската историографија (КПГ), во многу го отежнува и усложува комплексното и објективното проучување на истата.

Како што веке наведовме, повеке од објективни причини, во нашата земја не е изработена ниту една студија која да дава поширока историско анализа за условеноста на создавањето, развојот, делите и улогата на македонските организации во борбата на македонскиот народ од Егејска Македонија за национална еманципација и извојување на национална и социјална слобода.

Во овој труд - НОФ и другите македонски организации на Македонците од Егејска Македонија во текот и по Граѓанската војна во Грција(1945-1950)направив обид да го прикажам развитокот на националноослободителното движење на македонскиот народ од Егејска Македонија предводено од наведените организации. Трудот е обработен врз база на зачуваните и достапните архивски материјали односно извори и литература што досега го разгледувааа тоа прашање. Треба да напоменам дека при работата натрудот, главно се потпирав на оригиналните објавени и необјавени архивски документи што ги истражував во Архивот на Македонија и во некои други архиви во земјата и во странство и кои да напомениме се мошне богати. Документите претежно потекнуваат од организациите што се предмет на проучување на овој труд, од КПГ и другите демократски партии и организации и други извори.

Во трудов не вршам целосна обработка, од сите аспекти, на организациите НОМС, АФЖ, КОЕМ, Илинден и Егејска Зора поради тоа

што нивната дејност и значење бара посебно проучување.Прочем, како што наведовме, македонските организации НОМС и АФЖ беа формирани во состав на организацијата НОФ, се раководеа од неа и ја спроведуваа нејзината политика. Главната поента ја насочив кон организацијата НОФ како главен раководител на македонското национално ослободително движење, а другите организации се опфатени само во неопходна мерка колку да се разберат нивниот придонес и улога во истото.

Настојував во трудов документирано и автентично да ги изнесам многу сложените настани и да дадам аргументирани оценки. Поради тоа, а и поради карактерот на трудот, ја условија неопходноста од почесто цитирање на изворната документација.

Ја користам оваа прилика да им изразам благодарност,особено на професорот Славка Фиданова која со своите забелешки и сугестии многу ми помогна во концепското оформување на трудот, на Др.Вељо Брезовски и на другите соработници на Иститутот за национална историја, потоа на архивските работници на Архивот на Македонија и другите републики на нашата земја и во странство кои ми укажаа разновидна помош и ми овозможија брз и лесен увид и користење на материјалот.

У В О Д

1. ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЧКА ВЛАСТ

За да се свати општествено-историската условеност на појавата, активноста и значењето на НОФ и другите македонски организации во текот и по Граѓанската војна, како и ставот на Македонците во неа, нужно е да се знае во општи црти положбата на овој народ под грчка власт.

Распарчувањето на Македонија како резултат на Балканските војни 1912-1913 година меѓу Грција, Бугарија и Себија, санкциониран од Парискатa мировна конференција, претставуваше сериозен удар на македонското националноослободително движење предводено од ВМРО како продолжувач на целите на Илинден. Тоа распарчување на Македонија како резултат на посебните претензии на разните империјалистички држави и империјалистички сојузи беше санкциониран после Првата светска војна на начин што го диктирал тогашниот сооднос на завојуваните сили по победата на западните сојузници (Антантата) против Германија и Австро-унгарија.

Со Букурешкиот мировен договор од август 1913 година санкциониран со Нејскиот мировен договор од 1919 година Грција го добила најголемиот дел на Македонија, односно нејзе и припадна 35.169 км^2 од вкупно 67.741 км^2 површина колку во своите географски граници имала Македонија, со население од 1.004.229 жители од кои 329.371 Македонци, 314.354 Турци, 236.775 Грци, 44.414 Власи, 15.108 Албанци, 25.302 Цигани, 68.206 Евреи и 8.019 припадници на други народности.[1)]

Настанатата ситуација во Балканот со поделбата на Македонија ја ограничуваше перспективата за национално ослободување на македонскиот народ и македонското прашање од тој аспект преставуваше оружје во рацете на империјалистички држави за реализација на својата политика во Балканот каде непрекидно се одржуваше еден вулкан кој секогаш беше готов да избувне и неговиот епицентар секогаш се наоѓаше околу македонското прашање.

Грција, како и другите балкански држави, за да ја осигура својата власт над Македонија во која се чуствуваше несигурен владател поради националниот состав на населението и поради претензиите на другите две балкански држави, ги презеде сите средства што и стоеа на располагање за измена на националниот состав на Егејска

Македонија. За постигнување на таа цел, покрај асимилацијата што ја спроведуваше преку црквата, училиштата и други институции од време на турскиот период, ќе ја користи и колонизацијата, прогонувањето, размената и физичкото истребување на Македонците.

Како резултат на конвенциите меѓу Грција и Бугарија од 27 ноември 1919 година за "доброволно" иселување на "Бугарите" од Грција и Грците во Бугарија, во Бугарија беа иселени околу 33.000 Македонци.[2)]

Меѓутоа, најголемата етнолошка операција во Егејскиот дел на Македонија е извршена по грчко-турската војна 1920-1922 и Грчката капитулација во Мала Азија.

Врз основа на Лозанскиот договор од 24 јули 1924 година беше постигната конвенција на 1 јануари 1924 година за принудна размена на населенијата. По таа конвенција од Мала Азија беа населени во Грција, според официјалните податоци 1.221.849 бегалци Грци од кои 638.000 беа населени во Егејска Македонија, а од Егејска Македонија беа иселени за Турција 350.000 мохамеданци.

После наведените конвенции, договори, етнолошки операции за принудно иселување на Македонците како и иселувањето од други причини (печалбарство), досега од страна на грчките власти не е даден точен податок за бројот на Македонците што останаа да живеат во Егејскиот дел на Македонија. Грчките буржоаски власти, политичари, демографи, историчари и други настојуваа и настојуваат преку разни фалсификувања тој број да го сведат до минимум. Еден обид за релативно точно утврдување бројот на Македонците направи Комунистичката партија на Грција во 1935 година.[3)] Според статистичкиот попис што го извршија партиските организации само во подрачјата со компактно македонско население (Костурско, Леринско, Воденско, Серско, Драмско итн.) живееле околу 280.000 Македонци.[4)] Во овој број, кој можеме да го сметаме за приближно точен, не се опфатени Македонците кои живееле во поголемите градски центри на Грција, и Македонци (Атина, Пиреј, Солун, Лариса и др.)

Продолжувајќи ја политиката на денационализација на Македонците, грчката влада во ноември 1926 година донесе закон за измена на имињата на селата и градовите, називите на реките и планините.[5)]

На Македонците како непризната националност не само што им е оневозможено во Грција ја негуваат својата национална култура своите национални традиции, да учат на својот мајчин јазик со кој не само што немаа право да се служат во јавниот живот, туку често пати беа лишени од правото да се служат и во приватниот живот. За време на диктатурата на Метаксас (1936-1941) 5.250 Македонци и Македонки беа осудени од фашистичките судови и беа применувани парични и други казни затоа што настојуваа да зборуваат на својот национален македонски јазик, а за оние кои не го знаеа грчкиот јазик, беа отворени вечерни училишта.

Што значи големогрчката шовинистичка олигархија од годините на потиснувањето фронтално го нападна македонскиот народ и со една систематска политичка линија и дејност на физичко и национално угнетување целеше или да го ликвидира физички и национално, или да го асимилира национално, или да го исели со сила, или на крајот да го принуди ропски да потклекни под јаремот на угнетувањето што го наложи.

Методите и средствата што ги употреби за да го постигни тоа се граничат со варварството на Нерон, а кулминација на тоа шовинистичко зверско време беше метаксасовата диктатура, која остави црна дамка на цивилизираното човештво.

Со уништувачка омраза гонеа секоја национална манифестација на македонскиот народ и заедно со поткуп на совести и изродување, се стремеа да ја скршат македонската национална сплотеност и да ги ликвидират моралните и националните елементи за поврзување што ги оформи и постигна во текот на долгогодишните борби, да го дегенерират.

Походот се оцелотворуваше и со мерките на целосно економско потиснување и грабеж на нашиот народ што го доведуваше на економско истоштување и уништување.

И покрај таквата политика и поход на грчката буржоазија, Македонците во своето огромно мнозинство го осчуваа својот национален бит, останаа верни на своите македонски традиции и обичаи. Со појавата и развојот на работничкото и комунистичкото движење во Грција кое беше потикнато со победата на Октомвриската револуција, масовно ке се приклучат и ке играат важна улога во него. Македонците масовно стапија во редовите на КПГ, бидејќи во своите програмски

начела ги внела нивните стремежи и идеали.

2. Ставови на КПГ по македонското национално прашање до Втората светска војна (1940)

Комунистичката партија на Грција како партија на пролетаријатот и на прогресот, не можеше да не реагира против истребувачките мерки на грчката буржоазија преземени против Македонците и да не завземе и да не го брани својот став по македонското национално прашање. Тоа КПГ го правеше и затоа што Македонците како угнетена нација беа најсигурните и најоданите сојузници на револуцијата.

За прв пат КПГ официјален став по македонското прашање завзеде на својот вонреден конгрес одржан во Атина од 26 ноември до 3 декември 1924 година, кога ја прифати паролата која ја формулира шестата и седмата балканска комунистичка федерација за единствена и независна Македонија, како сосема правилна и револуционерна.[6]

Овој став останува официјален став на КПГ до Шестиот редовен конгрес одржан во декември 1935 година, кога се заменува со ставот "полна рамноправност на малцинствата".[7] Конгресот во своето политичко образложение подвлекуваше дека целосно и дефинитивно македонското прашање ќе се реши братски по победат а на советската власт на Балканот, која ке ги раскине нечесните договори за размена на населенијата и ќе ги превземе сите практични мерки, така што да се избришат нивните империјалистички неправди. Секако тогаш македонскиот народ ке го најде своето полно воспоставување.[8]

КПГ напуштањето на паролата за независна Македонија и прифаќањето на ставот за полна рамноправност на малцинствата го образложуваше со измената на националниот состав на Егејска Македонија во полза на Грците, што настана како резултат на размената на населенијата, емиграцијата на Македонците и сл. Ова образложение не може во целост да биде прифатено, бидејќи и покрај тоа што през целиот период од 11 години кога КПГ ја бранеше паролата за независна Македонија и Тракија во Егејска Македонија живееше скоро ист број Македонци. Според тоа причините за промената на ставот треба да се бараат во убедувањето кое имаше одамна преовладано во КПГ, дека тој не одговараше на грчките прилики, во притисокот што го вршеше бегалскиот фактор, во политиката на Коминтерната и др.

Комунистичката партија на Грција својот став по македонското прашање не само што го изнесуваше и бранеше во своите партиски

форуми, официјални документи и печат, туку го покренуваше и во грчкиот Парламент. Така, на пример, на седницата на грчкиот Парламент, одржана од 28 март до 8 април 1927 година шефот на парламентарната група на Обединетиот фронт (на работниците и селаните) - коминистичкиот пратеник Серафим Максимос го образложи и го бранеше ставот на Комунистичката партија на Грција по македонското прашање, а кое се состоеше во тоа што на Македонците од трите дела на Македонија им се признаваше правото да се обединат и да создадат единствена и независна македонска држава.[9)]

Последен пат македонското национално прашање беше дискутирано во грчкиот парламент на 27 април 1936 година, три месеци пред воведувањето на диктатурата на Иоанис Метаксас и три месеци по VI-от конгрес на КПГ на кој е завземен нов став по тоа прашање. За разлика од 1927 година кога претставниците на КПГ го образложуваа и го бранеа ставот за обединета и независна Македонија на оваа седница тие го образложија новиот став на Партијата која се состоеше "полна рамноправност на малцинствата". Комунистичкиот пратеник и шеф на парламентарните групи на Сенародниот фронт, Склавенас во грчкиот парламент образложувајки го ставот на КПГ и бранејки го македонскиот народ од Егејска Македонија од теророт и денационализаторските мерки на грчката реакционерна власт, го изјави меѓу другото и следното:"... Уште едно сериозно прашање што има врска со одбраната на Грција и заштитата на нејзината независност, кое го игнорира владата во програмската декларација, е давањето на целосна рамноправност со месното население и на националните малцинства што живеат во Грција. Тоа особено се однесува на македонската националност. Кој ке помине низ Македонија, а особено низ околиитешто се населени од компактни маси на Македонци, ке го осети посебното угнетување што се врши против нив. Правото да имаат училиште, да го употребуваат македонскиот јазик и своите обичаи строго им се забранува. Таа положба го турка македонското население да се организира и да води борба, за извојување на тие права, кои ние не можеме да не ги подржиме. Победниците на големата војна и друштвото на народите го декларираа правото на угнетените нации да се са,ппшредечат. Тоа право целосно го признаваат и за македонската националност. Но, штом спротивно на волјата на народите, размената на населението го измени етничкиот состав на жителите на Македонија, денес бараме целосна рамноправност за

Македонците и го задржувамеправото, кога ке ја земеме власта, да ги регулираме со мирољубива и братска соработка со другите балкански народи неправдите сторени со повоените конвенции. За да имате претензија македонскиот народ ја тури својата крв на северните граници, треба прво да му ги обезбедите правата кои денес со сила се загушуваат.[10]

Тоа беше последно истапување по македонското прашање пред војната од страна на КПГ, бидејќи наскоро, на 4 август 1936 година беше заведена диктатура на грчката реакција начело со Метаксас и дворот, КПГ беше сосема разбиена, а повеке од комунистите меѓу кои и многубројни Македонци се најдоа во концентрационите логори.

3. Македонците и двојната агресија против Грција.

Отпорот против силите на оската во Грција започна на 28 октомври 1940 година, кога фашистичка Италија ја започна агресијата против неа.

Оваа шестомесечна антифашистичка војна на грчкиот и македонскиот народ против италијанската агресија во албанските планини, беше прекината со нападот против Грција од страна на Хитлеровска Германија на 6 април 1941 година. За кусо време, односно за време помалку од еден месец грчката армија беше разбиена и на 28 април 1941 година цела континентална Грција беше окупирана, а нејзини официри ја потпишаа капитулацијата и ја формираа Квислинската влада на чело со генерал Чолакоглу.

И покрај тоа што Македонците од Егејска Македонија за целиот период под грчка власт беа понижени, подложени на свиреп терор и денационализација, во целина покажаа политичка зрелост и антифашистичко расположение и ориентација. Тие беа доволно свесни, дека доаѓањето на италијанскиот фашизам за нив ке значеше двоен фашистички гнет. Таа е причината што македонскиот народ, покрај грчкиот даде масовен вооружен отпор против италијанскиот агресор и во снежните албански планини во т.н. Албанскиот фронт оствари херојски подвизи. Само при првата мобилизација по објавувањето на војната повеке од 20.000 Македонци беа испратени во првите линии на фронтот и каде останаа до крајот.

Бидејќи шоголемиот дел од единиците во Албанскиот фронт беа составени од Грци доселеници и Македонци, а на агресорот му зададоа решителен удар, антифашистичката борба на Македонците не започна од првите денови на окупацијата, туку од 28 октомври 1940 година.[11)]

Положбата на Македонците под тројна окупација

Како што погоре наведовме, Хитлерова Германија на 6 април 1941 година ја нападна Грција и кон крајот на месец април цела континентална Грција е окупирана од Германија, Италија и Бугарија.

Егејскиот дел на Македонија е распарчен на три окупациони зони: фашистичка Бугарија окупиран дел од Западна Тракија, Источна Македонија до реката Струма и островите Тасос и Самотраки(вкупно површина 14.000 км^2, со 875.000 жители). Западниот дел на Македонија со Костурско, дел од Кожанско(Гревена и Сјатишта) и дел од Леринскиот округ е окупиран од Италија ,Централна Македонија со Солунско, Кукушко, Гуменциско, Воденско, Берско, Катеринско и дел од Леринско и Кожанско, Германците ја задржаа за себе. Меѓутоа целата територија од Централна и Западна Македонија каде живееше и поголемиот дел од македонското население, е оставена под јуруздикција на грчката квислинска влада на генерал Чолакоглу , а целата окупирана територија го носи називот "грчка државна управа" (елиники политија).

Италија и Бугарија не беа задоволни од оваа распределга на пленот и поради тоа не ја сметаа за дефинитивна. Фашистичка Италија за да се ослободи од притисокот што го вршеше Борисова Бугарија за проширување на својата окупаторска власт врз цела Егејска Македонија, за која цел презеде низа пропагандни и други мерки и акции, организира едно движење за присоединување на Костурскиот округ кон Албанија која се наоѓаше под нејзина власт. Раководството на тоа движење, составено од познати шпиони и предавници од албанско и влашко потекло, во ноември 1941 година со меморандум побара од Мусолини присоединување на Костурскиот округ кон Албанија.[12)]

Фашистичка Бугарија во делот на Македонија што го окупира востанови свои административни и политички органи, Втората бугарска армија и голем број колонисти. Презеде низа систематски мерки за бугаризирање на територите. Поради притисокот и репресалии над

81.000 беа принудени да ги напуштат своите домови. Бугарите фашисти користејќи го тешкото угнетување и денационализаторската политика на грчката буржоазија, настојуваше да ги придобие на своја страна Македонците. За таа цел на 5 јуни 1942 година го донесе законот со кој на Македонците им го додели бугарското државјанство. Со цел да ги задоволат своите големобугарски аспирации и да ги отргнат Македонците од отпорот, Бугарите фашисти развија интензивна пропагандна дејност и во другите делови на Македонија окупирани од Германците и Италјанците. Со посебен бес ги гонеа Македонците и Грците комунисти кои од првите денови на окупацијата го организираа отпорот.

Народот издаден и напуште од владеачката класа, го издржа на својот грб целиот товар на фашистичката окупација. Вонеговото мнозинство беше антифашистички ориентиран и уште од првите денови на окупацијата беше готов за масовен и активен отпир. Беше потребна една сила која ке го организираше и ќе го поведеше во борба против тројниот окупатор и домашните слуги - во борбата за слобода. Во почетокот на чело на отпорот самоиницијативно застанаа комунистите, а потоа КПГ.

4. Вооруженият отпор во Егејска Македонија - учество на Македонците

Окупацијата на земјата КПГ ја затече разбиена. Скоро целиот ЦК и основниот кадровски актив на партијата се наоѓаше во затвори и логори кого грчките власти им го предаде на Германците.

Македонското биро на КПГ кое успеа да се спаси од метаксасовата диктатура, во Источка и Централна Македонија, каде беа исто така сочувани партиски организации, разви интензивна дејност за прилагодување на работата на партиските организации во новите услови и презеде адекватни мерки за отпор против окупаторот. Во Централна и Западна Македонија исто така партиските организации окупацијата ги затече разбиени. Веднаш по капитулацијата на грчката армија комунистите што се вратија од фронтот самоиницијазивно пристапија кон обновување на старите и формирање на нови партиски организации, формирање на групи за отпор и сокривање на оружјето. Таква иницијатива и дејност комунистите појавија во Костурско, Леринско, Воденско и други краеви од Егејскиот дел на Македонија. Успехот на комунистите во собирањето и сокривањето на оружјето го потврди и командантот на

специјалниот италјански батаљон за претрес и прогон мајорот Де Примо кога изјави дека само во подрачјето на Нестрам,Костурско, есента 1941 година открил 21.000 бојни пушки.[13)]

Како што наведовме, КПГ окупацијата ја затече разбиена. Меѓутоа, таа набргу почна да се консолидира и постепено да јакне покажувајќи ја својата виталност во омасовувањето на своите членови и применувањето на првите форми против окупаторот.

Македонското биро на КПГ во својата платформа ја одреди линијата за обединување на сите патриотски сили сво борба за опстанок и национално ослободување. Во тој дух кон крајот на април 1941 година упати манифест. Во манифестот ништо не се зборува за местото и правата на националните малцинства и нивната судбина по ослободувањето, а под национално ослободување се подразбираше зачувувањето на државните граници пред војната.

Во првата декада на мај 1941 година по иницијатива на Македонското биро на КПГ во Солун беше формирана национално-ослободителна организација "Елефтерија" (Слобода) Од оваа организација во повеќе места на западна и Централна Македонија беа формирани полувоени групи за отпор. Самоиницијативно формираните групи за отпор, како оние од Костурско и други места, се ставени под раководството на организацијата "Елефтерија". Организацијата почна под свое име да издава свој весник, а нејзини членови на 20 мај 1941 година го изведуваат првиот саботаж во Солун уништуваки ги моторите од повеќе германски камиони и бочви со бензин.

Своевидна форма на отпор претставува акцијата на неколку села од Костурско, Леринско и Воденско против реставрацијата на стариот грчки државен апарат. Свој вооружен отпор не можеше да зема широки размери, бидејќи не беше организиран и бидејќи воспоставувањето на стариот грчки апарат беше спроведен со помошта на германските окупациони власти.

Со нападот на Хитлеровска Германија против Советскиот Сојуз на 22 јуни 1941 година, во Македонското биро на КПГ преовлада мислењето дека Германија брзо ќе биде победена и војната ќе заврши. Се прифаќа линијата за активирање на сите сили за непосредно започнување и водење на вооружена борба против окупаторите. Формира рево-

луционерен комитет за Македонија за организирање и раководење на вооруженият отпор, Такви револуционерни комитети се формираа во Солун и другите центри на Македонија. Членови на Македонското биро во Кукушко и Нигритско каде ги организират првите партизански единици.

На 14 јули 1941 година во Нигритско, во август истата година во Кукушко се формираат првите партизански единици, а во октомври во Костурско партизанска група. Иста линија прифати и примени и Бирото на КПГ за Источна Македонија и Тракија. Во Драмско на 20 август 1941 година се формира група од 17 борци која до септември истата година го достигна бројот 157 борци.

Наведените и други партизански единици презедоа некои вооружени акции против окупаторските власти и домашни предавници на што окупаторите одговорија со масовни репресалии. Така на пример, поради тоа што партизанска група безоружа грчка жандармериска единица, на 23 октомври 1941 година во селото Крмско, Кајларско, трелаа 146 машки лица од 15-60 годишна возраст.

Од наведените и други акции на партизанските единици од активноста на Партиските организации, можеме да заклучиме дека во Грција, а особено во Егејскиот дел на Македонија условите за масовен вооружен отпор против окупаторот беа мошне поволни. Но, КПГ поради својата ситуација со која ја затече окупацијата и од други причини, не беше во состојба да застане на чело на настаните и да го обрне нужното внимание на подготовките за востание. Тоа што се случува во Македонија повеќе беше резултат на самоиницијативата на самите комунисти и на македонското биро на КПГ и на влијанието што го вршеше развојот на вооруженият отпор во Југославија.

Како што наведовме окупацијата КПГ ја затече разбиена. Целиот Централен комитет и основниот партиски актив беше во затвори и интернации кој од страна на грчките власти беше предаден на окупаторите.

На крајот на месец јуни 1941 година од логорот Акронавплија беа ослободени 27 кадри, претежно Македонци. На тој начин стана можно да се формира централен раководен орган, односно централен комитет со секретар Македонецот Андреја Чипов. Под такви услови во јули 1941 година го одржа својот VI Пленум, прв по окупацијата во земјата.

Шестиот пленум изврши кратка анализа на причините на војната и нејзиниот развој и ја декларира солидарноста на КПГ со борбата на Советскиот Сојуз. Анализирајќи ја внатрешната ситуација, пленумот ги истакна големите одговорности на монархофашистичката диктатура на Метаксас за поробувањето на земјата и испрати апел до сите партии и организации и патриоти да ги обединат своите сили во национално-ослободителната борба на национално ослободување на Грција.[14)]

Во апелот и во другите пленумски документи ништо не е кажано за националните малцинства и нивното место во борбата за национална и социјална слобода.

И покрај декларирањето на пленумот за вооружена борба против окупаторот, КПГ не презеде практични организациони и други мерки за масовно вооружено востание. Тоа се гледа и од официјалните документи донесени на нејзиниот VII пленум одржан во септември 1941 година. Пленумот особено ја истакна потребата да се убрза организацијата на националните сили за да стане можно внимателно организирање на борбеното расположение на народот и неговото издигнување на степен на сенародно подигање против фашистичката окупација. Пленумот го проучи искуството од борбата во првите месеци во окупираните земји, претставувајќи го примерот на Југославија каде народното подигање го достигна степенот на партизанска војна.[15)]

Непосредната задача што ја одреди пленумот беше создавањето на национално-ослободителен фронт (ЕАМ) и организирањето на борбата за егзистенција и опстанок на народот. И на овој пленум не стана збор за националното прашање.

5. Драмското востание (28-29 септември 1941).

И покрај таквата линија на раководството на КПГ, во Македонија работите се одвиваа поинаку.

Бирото на КПГ за Источна Македонија и Тракија, отсечено од ЦК на КПГ, располагајќи со доста јаки и релативно масовни партиски организации, разви интензивна дејност за подготвување на вооружен отпор. Беше собрано оружје за повеќе од 3000 борци, санитетски и други материјали, и во Драмско делуваше одред од 155 борци.

Под такви услови со одлука на Бирото на КПГ за Источна Македонија и Тракија на 28 и 29 септември започна вооружената борба на грчкиот и македонскиот народ, односно Драмското востание против бугарскиот окупатор.

3000 востаници Грци и Македонци на чело со комунистите и со учество на целото население, ги нападнаа џандармериските станици и ги ликвидираа окупаторските власти во Доксато, Просочен и околните села. Во гратчето Просочен била воспоставена народна власт и беше одржан митинг во кој се говорело на грчки и македонски јазик за целите на востанието.

Бугарските окупациони власти, кои како што изгледа, преку своите агенти од порано дознаа за востанието дури и го испровоцираа со лажни вести, се најдоа готови и веднаш активираа воени и полициски сили. По тешки борби и судири, востаниците организирани привремено во воени единици и без оперативни планови и врска меѓу нив, и покрај јакиот отпор и поединачен и масовен хероизам што покажаа, почнаа да се растураат.

Билансот од востанието е поразителен. Над 3000 луѓе беа заклани и стрелани во Драма и околијата. Во битката загина и раководството на Окружниот комитет на КПГ за Драмско, секретарите на Бирото на КПГ за Македонија и Тракија Занис и Барбас и други седум кадри на КПГ. Илјади жители беа принудени да ги напуштат своите огништа и да побегаат во други области. Покрај тоа, таквиот исход на востанието многу го уназади НОД во тој крај.

Драмското востание и покрај тоа што беше предвремено и загушено во крв, претставува една од херојските страници во историјата на отпорот против фашистичката окупација.

Драмското востание е значајно и затоа што Македонците, и покрај настојувањето на Бугарите да ги придобијат и покрај познатата грчка антимакедонската политика, тие заедно со Грците комунисти и патриоти масовно учествуваа во него.

6. Создавањето на ЕАМ-ЕЛАС и учеството на Македонците во нив

По иницијатива и настојување на КПГ на 27 септември 1941 година од разни партии и организации е создаден национално-ослободителниот фронт -ЕАМ.

Со создавањето на ЕАМ, КПГ ценеше по секоја цена да постигне обединување на сите сили на земјата, независно од политичкото убедување и определување, кои беа готови за борба против окупаторот. Организацијата на КПГ да постигне единство по секоја цена крајно негативно ќе се одрази во составот на ЕЛАС-ПЕЕА и други институции на отпорот. Влегувањето во редовите на ЕЛАС-ПЕЕА (политички комитет на национално ослободување), десничарски,реакционерни, дури и присталици на монархијата фатално ке се одрази и во организацијата и во оформувањето и подготовката на ЕЛАС да и се спротивстави на надворешната интервенција односно да прерасне во револуционерна организација способна да го реши прашањето на власта. Исто така овие елементи, користејќи го опортунизмот на раководството на КПГ, ќе вршат силен притисок врз него за отстапки при говорите со граѓанските партии. Англичаните, избегличката влада, воени и други организации. За тоа ке зборуваме повеке подоцна.

Тоа може да се види и од усвоената програма на ЕАМ, која, главно, се состоеше во следното; 1) прогонување на окупаторот, 2) воспоставување на интегритетот на Грција, 3) самоопределување на Кипар, Додеканезите и Северен Епир и 4)стратегиско регулирање на северните граници. Во програмата, како што се гледа ништо не е речено за прашањето на власта, а што се однесува на националното прашање не само што не постоеше став за право на Македонците за самоопределување, туку дури се бараше проширување на грчките граници на Север на штета на балканските соседи.

Кон крајот на декември 1941 година со решение на ЦК на ЕАМ е формиран ЦК на ЕЛАС (Грчка народно-ослободителна војска), која ја презеде организацијата на новата народно-ослободителна војска и раководењето на вооружената борба против окупаторот.

КПГ не ги искористи поволните внатрешни и надворешни услови во 1942 година за поведување на масовно вооружено востание. Таа цела 1942 година ја употреби за консолидирање на своите редови и за организациони припреми.

Готовноста на народот за борба против окупаторот изразена во разни форми, големите битки што се одиграа во Источниот фронт во втората половина на 1942 година и која заврши со голем пораз на фашистичките армии и го измени текот на војната,успесите на другите

другите сојузници во Западниот фронт, особено операциите во Северна Африка, кои директно имаа одраз врз настаните на Балкаскиот полуостров и крупните победи на партизанското движење на Југославија извршија големо влијание врз КПГ цврсто да се ориентира за вооружена борба, односно за масовно востание.

Под такви внатрешни и меѓународни услови КПГ во декември 1942 година ја одржи својата Земска конференција која декларира: "... дека централната задача на КПГ останува борбата против окупаторот и ослободувањето на Грција и грчкиот народ од секое надворешно политичко и економско ропство и ја потенцира потребата од сплотување на сите патриотски сили за национално ослободување и демократска преродба на Грција. По националното прашање конференцијата го задржа стариот став, декларирајќи дека се: "... бори за целосна рамноправност на националните малцинства што живеат во Грција."[16]

Врз основа усвоениот став од Земската конференција за масовна вооружена борба, партизанските и самските комитети добија соодветни директиви и конкретни задачи за исфрлување на што повеќе партизани. На 4 март 1943 година во големото македонско село Нестрам Костурско, беше прогласено сонародно востание во тој крај и речиси скоро целото тоа подрачје населено во мнозинство од Македонци, беше ослободено. Истиот ден други партизански единици од Западна Македонија на тесninата Бугази-Фардикамбос кај Сјатишта, извојуваа една од најголемите победи во текот на востанието совладувајќи еден италијански батаљон. Во битката Италјанците имаа 17 мртви и 603 заробени војници и офицери и беше запленето целото оружје на батаљонот.[17]

Победоносната битка на месноста Бугази-Фардикампос имаше големо значење за развојот на востанието во Западна Македонија. Им овозможи на партизанските единици на ЕЛАС да ги ослободат Северен, Централен и Јужен Пинд, градови, паланки и големи села, како што се Сјатишта, Гревена, Нестрам, Рупишта и други.

Приливот на нови борци овозможи во текот на февруари-март 1943 година партизанските групи да прераснат во одреди и се формират обласни и околиски штабови. Така на 12 март е формиран Обласниот штаб на ЕЛАС за Северен Пинд, а на 17 април 1943 година потштабот за Грамос (Костурско).

Голема заслуга за развојот и успесите на вооруженият отпор во Егејскиот дел на Македонија има Лазо Трповски. Со неговото ослободување од затвор на 28 јуни 1941 година се префрли во Македонија и во својство на инструктор на македонското биро на КПГ, се зафати со зацврстувањето на постоечките партиски организации и формирање на нови, со организирањето и кревањето на востание на македонскиот народ од овој дел на Македонија во тесна и братска дружба со грчкото население.

Голема е заслугата на Лазо во откривањето на намерно уфрлените во редовите на ЕЛАС грчки националистички офицери, кои имаа за цел да ги разбијат од внатре и со помошта на непријателот да ги уништат единиците на ЕЛАС.

Лазо исто така со успех се бори против бугарската пропаганда која имаше заведено неколку македонски села во Костурско и Леринско да ги отргне од неа и да ги вклучи во редовите на на ЕЛАС.

По проаѓањето на обидот на реакцијата со свои луѓе да го ликвидира ЕЛАС од внатре, уште повеќе. Преку свои агенти ја дозна маршутата на Лазо заедно со други раководители на КПГ и борци и појде од рака во ноќта на 11 април 1943 година при преминувањето на реката Бистрица, близу до селото Хајбели, Кожанско, го убија.

Смртта на Трповски за реакцијата значеше триумф, а силен удар за ослободителното движење, посебно за Македонците.

Меѓутоа, скоковитиот развој на ЕЛАС беше пресечен со ставањето на ЕЛАС под командата на англискиот штаб за Среден исток во јули 1943 година. Со тој судбоносен акт се менува и се губи првата снажна револуционерна дејност изразена преку непрекидни офанзивни акции на ЕЛАС, нешто што ке ги принуди окупаторските власти да се повлечат во поглавните градски центри и бидат издадени големи и компактни слободни територии.

Со подчинувањето под англискиот штаб за Среден исток, ЕЛАС се принудува во ограничување, ја губи својата офанзивна тактика и делува на база наредбите на тој штаб кои им служеа на целите на англиските интереси во Грција.

Точно во тоа време, односно во јуни 1943 година од југос-

ловенската страна се правеа усилби за потесна соработка меѓу НОД на балканските земји. За таа цел на 20 јуни 1943 година делегациите на Комунистичката партија на Југославија, Коминистичката партија на Грција и Коминистичката партија на Албанија усвоиа и потпишаа заклучоци за соработка,[18] а на 25 истиот месец и решение за формирање на балкански штаб на НО војски на балканските земји.[19]

Постигнатата согласност , која бездруго ке имаше позитивен одраз за развојот на востанието, можеби и за исходот на борбата на грчкиот и македонскиот народ, не беше реализирана. Политбирото на ЦК на КПГ во август 1943 година поради договорите и обврските што ги имаше превземено спрема Англија и од други причини, ја поништи таа согласност, не ја прифати потребата за формирање на балкански штаб и не се согласи со претходните заклучоци партизанските единици од Вардарксиот дел на Македонија кои ке поминуваа во Егејскиот дел на Македонија да говорат дека Македонците по војната ке имаат право да добијат полна слобода и право на самоопределување.[20] Грчкото раководство на отпорот тоа го стори, бидејќи тие денови односно на 5 јули 1943 година потпишаа дефинитивен договор со англиската воена мисија според кој ЕЛАС како "сојузничка" војска се ставаше под команда на англискиот штаб за Среден исток.[21] Последиците од овој и од другите договори што уследија се општо познати. ЕЛАС престана да претставува револуционерен фактор и сила за решавањето прашањето на власта во текот на борбата, а на Англија и дадоа право и можност да ја спроведе својата политика во Грција употребувајќија за таа цел и силата на оружјето.

7. Македонското национално прашање во текот на НОВ

Македонското народно-ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија во текот на НОВ се одвиваше во рамките на грчкото движење на отпорот, а неговиот развој зависеше од ставот на КПГ по македонското прашање која на Македонците им признаваше малцински права во рамките на грчката држава.

КПГ во текот на војната на македонското прашање се задржа на VIII пленум од јануари 1942 година и на Земската конференција

од декември 1942 година. На овие два форума КПГ го задржа ставот: "рамноправност на националните малцинства" завзеден на VI конгрес на КПГ одржан во декември 1935 година. Што значи КПГ и понатаму стои на ставот дека националното и социјалното ослободување на македонскиот народ ќе се реши со победата на Советскиот Сојуз и обединетата борба на сите балкански народи. На овој став КПГ остана за сето време на НОВ.

И покрај тоа што отсуствуваше широката платформа која ке го истакнуваше правото на самоопределувањето, Македонците уште од почетокот на окупацијата предводени од комунистите ја започна борбата против окупаторите. Македонците комунисти и патриоти верувајки дека во текот на борбата желбите и стремежите на македонскиот народ ке бидат реализирани, неуморно работеа против окупаторската , а особено против големобугарската пропаганда и за мобилизација на македонските сили во борба против фашизмот. Во текот на НОВ во редовите на регуларниот ЕЛАС служеа 6.000 и во резервниот ЕЛАС 20.000 Македонци.[22)]

Македонците комунисти беа свесни дека за целосното мобилизирање на Македонците во борбата и македонското осповодително движење ја постигне крајната стратегиска цел, беше нужно да постојат посебни македонски организации - политички и воени - со национална содржина.

Прва македонска организација што се формира во Егејска Македонија во време на германската окупација беше Македонската антифашистичка организација (МАО), формирана во април 1942 година во Воденско. Целта на оваа антифашистичка организација, беше да покрај борбата за ослободување на Грција од окупаторот, да се бори и за издвојување на национални права за Македонците. МАО разви широка активност и постигна големи успеси во вклучувањето на Македонците во борбата, во разобличувањето на окупаторската и особено на бугарската пропаганда и др.

Организацијата издаваше свој орган под наслов:"Црвена звезда" во чиј прв број беше објавен и прогласот на организацијата. МАО декларираше дека по ослободувањето од германската окупација,македонскиот народ ке ги добие своите национални права и ке биде слободен

од "грчкиот режим кој со години му ја трие главата со сол". Весникот , покрај материјалите за борбата против окупаторот објави и документи и сеќавања за Илинденското востание, делови од македонската историја сврзани со поделбата на Македонија, но го посочи патот по кој треба да се чекори за ослободување и добивање на национални права на македонскиот народ.

Поради тоа што МАО со својата активност и погледи по македонското национално прашање отстапуваше од ставот на КПГ по тоа прашање,Окружниот комитет на КПГ за Воденско во октомври 1943 год. донесе решение за расформирање на истата.

Во Леринско се формира македонска организација Народно-ослободителен фронт (СОФ) и во Костурско Славјаномакедонски народно-ослободителен фронт(СНОФ). Во врска со формирањето на СОФ во Леринско и СНОФ во Костурско и неговите цели, еве што пишува, меѓу другото, тогашниот секретар на македонското Биро на КПГ Леонидас Стрингос: "... Пресвртот што го зеде општо борбата по поразот на Германците во Сталинград, беа создадени условите за една широка славјаномакедонска организација - СНОФ. По налог на Македонското биро тоа прашање беше дискутирано во Окружната конференција за Леринско која се одржа во ноември 1943 година во с.Бел Камен. На конференцијата беше усвоена програмата, називот на организацијата(СОФ), организационата форма и др. За раководството на организацијата беа истакнати Петре Пилаев и учителот Даско и др. Во конференцијата беа манифестирани гледишта како на пример СОФ не треба да припаѓа во ЕАМ, да се формира засебна(македонска војска) со своја команда и т.н.,гледишта кои беа отфрлени. Треба да се набележи дека Леринската организација предначеше во движењето и ја имаше иницијативата, а во Костурско подоцна се јави".[23)]

Основачката конференција на СНОФ за Костурско се одржа во втората половина на декември 1943 година во која беше избрано привремено окружно раководство, усвоен назив, структурата на организацијата и слично.

Во основачките и редовните конференции кои се одржаа на 31 март за Леринска и 15 април 1944 година за Костурско, СНОФ имаше изградено свој политички програм кој претставуваше платформа за

за заедничка борба на македонскиот со грчкиот народ. Во таа платформа како основни поставки влегуваа следните:

1. Борбено единство на грчкиот и македонскиот народ во Егејска Македонија е услов за успешна и победоносна борба против фашистичкиот окупатор.

2. Мобилизација на македонските маси во единиците на ЕЛАС за вооружена борба за полн разгром на окупаторите.

3. Политичка и вооружена борба против приврзаниците на Ванчо Михајлов - аген на Гестапо на чело со Калчев кои со својата автономистичка пропаганда целеа да го насочат македонскиот народ против грчкиот народ и обратно, врбувајќи од редовите на Македонците контрачетници и воопшто ставање на Македонците во служба на окупаторот.

4. Борејќи се заедно со грчкиот народ во рамките на ЕАМ против окупаторот, македонскиот народ ќе може со помошта на грчкиот народ, да ги реализира своите стремежи за демократски и национални права на база принципите прокламирани во Атланската повелба и сите други свечени резолуции на големите сојузници.

Како што може да се види од програмот на конференциите и другите документи на СНОФ, Македонците од Егејска Македонија бараа самоопределување и обединување. Меѓутоа за да се постигнеше тоа, беше нужно да се формира единствена организација за цела Егејска Македонија со свое раководство како орган на борбата вооружени формации со свои штабови и тн.. Со цел да се обединат двете окружни организации за Леринско и Костурско во една и да се определат нејзините цели,на 28 јануари 1944 година во с.Црновиште,Костурско е одржан состанок на двата окружни комитети. Костурската делегација по примерот на Југославија го изнесе и го бранеше ставот за формирање на федерална држава во Грција чиј член кебиде и НР на Егејска Македонија и тоа како преодна стапа за обединување на македонскиот народ. Леринската делегација стоејќи цврсто на позициите на КПГ по македонското прашање , се спротивстави на ставот на Костурската делегација со образложение дека Југославија е многунационална држава, додека Грција се состои главно од една нација, а Македонците претставуваат малцинство и како малцинство ќе се здобијат со равноправност итн.[24)]

Поради тоа што ставовите на двете делегации беа дијаметрално спротивни, состанокот не успеа и не беше постигната согласност за создавање на единствена организација за цела Егејска Македонија.

И покрај тоа што не беше создадена единствена организација за цела Егејска Македонија и други тешкотии, СНОФ во Костурско и СОФ во Леринско делувајќи врз македонска национална платформа успева да го мобилизират поголемиот дел од македонското население во борбата против фашизмот. СНОФ прерасна како мобилизатор, водач,просветител и токлувач на иднината на македонскиот народ. Токму кога Сноф ги постигна тие резултати, во април 1944 година ЦК на КПГ донесе одлука за расформирање на истите. Причините што го натераа грчкото партиско раководство да донесе таква одлука лежат пред се на активноста и успесите на СНОФ на национална основа кои му пречеа во претстојните преговори со емигрантската влада кои беа окончани со спогодбата на Либан на 20 мај 1944 година. Практичното спроведување на одлуката на ЦК на КПГ за растурање на СНОФ е извршено на II-та окружна конференција на КПГ за Костурско одржана на крајот на април ина 25 окружниот кадровски актив за Леринско, одржан на 16 мај 1944 година.

Растурањето на СНОФ значеше, покрај другото, и отворен атак против желбите и стремежите на македонскиот народ од тој дел на Македонија, кој борејќи се во редовите на НОД на Грција сакаа да извојуваат право на самоопределување.

Овој акт на КПГ не можеше да не предизвика силен и отворен револт кај македонското население и противакција на Македонците. Со цел да ја принудат да го корегира својот став, две групи Македонци партизани и активисти на СНОФ од Костурско и Леринско се отцепија од ЕЛАС и му се придружија на партизанското движење од Вардарскиот дел на Македонија. За илустрација ке цитираме делови од некои од многубројните извештаи на партиските комитети по тоа прашање во тоа време:"... Бурата избувна после април 1944 година, еден ден по завршувањето на Окружната конференција на КПГ за Костурско, На таа конференција пристигна познатата наредба на ЦК на КПГ за спојување на СНОФ со ЕАМ и негово растурање. Кога другиот ден го сретнав Н. Пејов во Корештата, ми рече дека одлуката не е во склад

со ленинистичките принципи за самоопределување на народот, дека Македонија претставува географска и економска целина и дека нашата линија треба да се раководи со идеата на национално воспоставување" 26) Во еден друг извештај на ОК на КПГ за Костурско, меѓу другото, читаме:"... народот јавно се изрази во корист на Пејов на степен, како што ми пишува секретарот на комитетот на КПГ за реонот Дмбени, движењето на Пејов зеде карактер на масовно сакање. Масовно протестира за апсењето на Дамов,Митровски, Поплазаров и затоа што Пејов го наречуваме предавник... Паролите на Пејов наоѓаат одраз во душата на славомакедонскиот народ и така славомакедонскиот народ кој досега го мразеше Калчев и комитетот, сега го следи Пејов...."27)

Раководството на КПГ место да го преиспита својот став спрема Македонците и извлече од тоа поука, се одлучи да го реши прашањето со употреба на воена сила и пропагандни средства. Еве што меѓу другото пишува во својот извештај секретарот на ОК комитет на КПГ за Костурско Периклис "... Што се однесува на прашањето на СНОФ и на луѓето што се наоѓаат таму, ќе ја средам работата како што треба. Пејов е фатен од нашите партизани и сега е во притвор. Истрагата јас лично ќе ја водам...Митровски ќе го испратам во дивизијата Барба Ламбро Москов ни е потребен сега за СНОФ, бидејќи Митровски и Пејов ги исклучуваме.28)Понатаму во друг извештај"... Пејовците после ударот што им е даден меѓу Смрдеш и Косинец и после фаќањето на еден од нив Бошко - нивните групи се одалечија без да утврдиме каде лично се наоѓаат... убеден сум дека во најкраток рок ќе ги уништиме.29)Но кога употребата на тие средства се покажаа залудни и уште повеќе го комплицираа прашањето, грчкото раководство беше принудено да влезе во преговори со ГШ на НОВ во Вардарскиот дел на Македонија и со претставникот на ГШ на Југославија - Орце(Радосавлевиќ). Преговорите се водеа во Карацова и е постигната согласност отцепените македонци партизани да се врататво состав на ЕЛАС.30)

Од вратените и од други Македонци на 2 август 1944 година во с. Поздивишта,Костурско беше формиран Лерино-Костурскиот македонски батаљон во состав на ЕЛАС, а 17 дена порано, односно на 15 јули беше формиран Воденскиот македонски батаљон. Според духот на споменатата спогодба, меѓу ЕЛАС и ГШ на НОВ на Македонија враќањето

на Македонците партизани во редовите на ЕЛАС требаше да значи ера на рамноправни однос, на рамноправен третман на Македонците. Требаше да значи основа и поттик за широка мобилизација на македонскиот народ во НОВ. Меѓутоа, грчкото раководство на отпорот постапи поинаку. Покрај отстранувањето од овие единици на лицата означени како иницијатори на тоа движење, забрани овие единици да прераснат во поголеми формации за што постоеа сите услови и нареди нивна дислокација во грчка територија и да бидат растурени.[31]

Еве што читаме од еден од извештаите на 28 пешадиски полк на ЕЛАС: "... грешка беше што водевме незавршни дискусии со бунтовниците и не тргнавме веднаш за нивното растурање со сила. Наредбите за тоа од дивизијата беа издадени доцна..." Епилог на таквата политика и однос беше повлекувањето на двата батаљони во Вардарскиот дел на Македонија во октомври 1944 година од кои во ноември 1944 година беше формирана Првата егејска бригада која во состав на НОВ и ПО на Македонија ја продолжи борбата до крајната победа на фашизмот.

Овој акт и оној од мај 1944 година на Македонците од страна КПГ беше напаѓан и оквалификуван како реакционерен, автономистички, сепаратистички и тн. Одговор на тие напади, причините за расцепот на македонските единици од ЕЛАС како и за целите и стремежите на македонското движење во Егејска Македонија, читаме во писмото на Политичката комисија на Македонците под Грција од 29 ноември 1944 година испратено до Македонското биро на КПГ: " Недоразбирање е да верувате дека сме творевина на едно лично движење, на еден инцидент со чисти субјективни побуди. Клевета е да не нарекувате предавници. Штетно и антиленинистичко е да се одалечувате од нашиот народ кој е ваш природен сојузник... сме една идеја, една желба, еден израз на еден цел народ, на една многуплакана татковина која од пепелта на стотици години ропство сака да се прероди. Нашата борба е јасна, национална слобода на нашиот народ, неговото национално обединување..."

Вистина е дека со вашата линија и со нејзино строго спроведување од непогодни, лоши и едностранн претставници што имавте поставено во нашите околии, тесно го затворивте пулсот на нашиот народ, не му дадовте никаква слободна перспектива, никаква демократска можност да го отвори својот природен пат, барем идеолошки и психолошки кон неговата национална подготовка.

Вие го запревте развојот и масовното активирање на нашиот народ за да постане една огромна демократска сила во Грција.Вие не удрувте. Вие го решивте нашето растурање, на ослободителна демократска организација на нашиот народ (СНОФ), македонските воени единици(Костур,Воден,Лерин), забрана на доброволната мобилизација...

Ние овде ја продолжуваме и ќе ја продолжиме борбата против фашизмот, но истовремено ке застанеме живиот и непрекидниот глас на националната волја на нашиот народ до конечното нејзино реализирање. Ништо нема да не поколеба во оваа света борба што ја поведовме.... Не сме ваши непријатели, непријатели на КПГ, која одлучно се бореше во народните борби. Но, да се продолжува со токлава жестокост офанзивата против нас, против природната и историската желба на еден народ, е без основа, не реално, антимакедонско. Борете се и реализирајте ја рамноправноста, макар како што ја прокламирате и тоа нема да не најде противници, туку ваши сојузници.

... Точно сме информирани дека започна една хајка на терор, гонење против нашиот народ (Лерин , Воден-Костур) не затоа што е реакција и непријател на демократијата, туку обратно затоа што од позиција на своето демократско расположение ја бара и својата национална ориентација.

Во тие работи на кои на жалост предначи ЕЛАС, ние сме должни да ви кажеме и да побараме да престанат. Ако реакцијата презема уште еден поход, еден нов пагкром против нашиот народ, можат во тоа да помогнат вашите клевети против нашиот народ.

Ние тука, природен продукт на една национална историска нужност сме и ке останеме до крајот една доследна и одлучна национална сила на македонскиот народ, една неуморна и храбра демократска сила, еден непрекиден политички чекор на народ и ке ја одбрани во целост својата индивидуалност со сите форми на борбата на националното движење на нашиот народ до неговото целосно национално воспоставување.

Но, ако КПГ и грчкиот народ пред походот и настојувањето на реакцијата да го сопре демократскиот процец на народната борба на нашата земја за да наложи една антидемократска и антинародна ситуација, биде принудена да поведе една немилосрдна борба за да ги

заштити народните интереси и демократското дело на народот, ние на првиот нејзин повик и во првиот момент и што го помогне нашиот народ да се развие послободно кон неговата национална насока, ние ке бидеме првите што ке се ставиме на првите линии на таа борба за заштита на демократијата на грчкиот народ и слободата на нашиот народ да се бори за своето национално воспоставување.[32)]

Овде не е можно да се задржиме пошироко на ставот на КПГ по македонското прашање во текот на НОВ и последиците од него. Тоа е посебна тема и бара посебно изучување. Меѓутоа ке поместиме некои документи самата КПГ од кои може многу јасно да се види ставот и грешките што ги стори КПГ по тоа прашање: "... Во периодот на хитлеровската окупација раководството на КПГ не само што не го унапреди националното македонско прашање адекватно на условите што беа тогаш создадени, туку и во манипулацијата на истото направи сериозни грешки. Раководењето на македонското прашање им беше доверено на неспособни и шовенистички елементи кој во пракса му нанесоа штета на македонското движење. Во 1944 година раководството на КПГ ја растури славомакедонската народно ослободителна организација (СНОФ) во време кога таа го имаше прегрнато славомакедонскиот народ. Нареди да не функционерат славомакедонските училишта и тн.

Погрешната политичка линија на КПГ во тој период (особено што се однесува на ставот на КПГ спрема монархистичката влада во Каиро и англичаните инберијалисти за што славомакедонците изразуваа резерви и сомневања) и посебно по националното македонско прашање, создаде збрки, сомневања, колебања кај Славомакедонците.

Подоцна кога движењето на отпорот на Славомакедонците зеде масовен карактер, пак тогашното раководство на КПГ погрешно манипулира со националното македонско прашање, нешто што доведе до расцеп во редовите на славомакедонското национално ослободително движење..."[33)] Во еден друг документ на КПГ го читаме и ова:"...По прашањето на националните малцинства се направени генерални грешки од самото раководство на КПГ. Прашањето не го согледа во неговата длабочина. Поради влијанието на големата идеја што се манифестира во целосното изоставување на прашањето на малцинствата од рефератот на X пленум(јануари 1944) и со полсгичното признавање од НОЕА правото за слободна употреба на мајчиниот јазик од Македонците. Се

стопира, на пример, отворањето на школите. Исто така за грешка може да се смета и тоа: КПГ немајќи начисто како практично ке се применеше рамноправноста кај малцинствата, не организира уште од почетокот (1941) посебни македонски масовни организации, како СНОФ подоцна, а дозволи да неја искористи шансата да го сплоти славомакедонскиот народ под нејзиното раководство".[34]

Од поместените и други документи се цели да се докаже дека генералната линја на КПГ по националното прашање беше правилна, но при нејзиното практично спроведување направени се грешки, пропусти итн. Правилна линија по националното прашање за КПГ ке беше онаа што ке обезбедеше сплотување и вклучување на Македонците во редовите на ЕАМ-ЕЛАС за протерување на окупаторот, победа на демократијата и обезбедувањето на интегритетот на Грција.

8. Контрачетничко движење во Егејска Македонија

Како што наведовме, Македонците од Егејска Македонија уште од првите денови на окупацијата предводени од комунистите поведоа борба против окупаторот. Поради тоа окупаторот првите репресалии ги изврши врз нив.

И покрај опредедувањето на Македонците за вооружена борба против окупаторот, во март 1943 година во Костурско и Леринско и во јуни 1944 год. во Воденско, меѓу нивните редови се појави реакционерно движење наречено "Бугаромакедонски комите" организирано од бугарската охрана и предавничките агенти на окупаторот.

Се поставува прашањето кои се причините, и покрај антифашистичкото расположение и ориентација на Македонците, за појавата на тоа движење, и дали истото доби такви димензии и карактер со што може да се оцрни ставот и се намали учеството и придонесот на Македонците во антигашистичката војна, како што тврдат грчките реакционери историчари и публицисти, и не само тие! Се поставува прашање, бидејќи грчката реакција ивласт после војната го користеше тоа движење за камуфлажа на уништувачкото гонење на Македонците. Илјади беа Македонците, учесници на отпорот и антифашисти кои беа затварани, интернирани , осудени , малтретирани , обвинети како припадници или соработници на тоа движење.

Притисокот и теророт што беше применет врз Македонците од грчките режими ги доведе да се надеват за подобрување на нивната положба во една нова ситуација што ке се создадеше со ликвидирањето на монархофашистичката власт.

Таа состојба која ја доби најкулминационата точка на прогон со распаѓањето на грчкиот фронт, беше најпогодна за окупаторите бидејќи ги создаваше сите предуслови кој ке ја олесниа окупацијата на земјата. Навистина, окупаторите не само што не ја испуштија шансата, туку ја искористија на најнепосреден и поволен начин за нив. Една од првите грижи на окупаторите беше да организират широка мрежа на агенти од Грци и Македонци и секој пат да ги употребуваат според потребата. И овде треба да се истакне честа на Македонците дека и покрај гоненјата што ги претрпеа и покрај демонската пропаганда на бугарската охрана и на другите окупатори, и покрај единствената прилика што им се пружеше да се ослободат од натисокот и прогонот на грчките монархофашистички власти, не само што не подклекнаа на искушенијата и не минаа во фашистичкиот лагер, туку наспротив се бореа на првите линии на антифашистичкиот фронт. Други да беа на нивно место, може би ке ја искористеа таа прилика. Особено искушенијата на Македонците беа големи кога окупаторите го зајакнаа притисокот, ги започнаа насилствата против нив, вооружувајќи ги грчките села во Костурско во 1941-1944 година и ширејќи вести дека ке ги наоружат сите грчки бегалски(мацирски) села со цел да дејствуваат наводно во погодна прилика со цел да ги уништат Македонците. Но и на тоа искушение храбро се спротивставија Македонците. И само тогаш кога избувна вооруженото ослободително движење во нивните подрачја и кога агентите на окупаторот во редовите на ЕЛАС како што се Николаос Коларас, Баскајкис,Кирцидајки и други офицери,членови на грчките националистички организации ИИВ (заштита на северна Грција), ПАО (сегрчка ослободителна организација) и други кои беа формирани и делуваа во Македонија и ги започнаа колежите, оргиите и грабежите врз нив, само тогаш окупаторите и домашните агенти успеале да мобилизират и вооружат неколку стотини Македонци и да ги насочат против НОД.

Еве што во врска со тоа пишува тогашниот член на Политбирото на ЦК на КПГ и член на Главниот штаб на ЕЛАС Андреа Цимас"... Во Костур , меѓу време излегуваат како гонето во планина кој не беа

наши, некој џандари и офицери (1942) тие кружат по селата и готеризират народот. Тропат и на вратите на Славомакедонците. Тие прашуваат кој сте. И кога го добиват одговорот дека се тие Грци андарти, им ги и затварат вратите. Славомакедонците очекуваа Грци комунисти партизани. Тоа што го наведувам се факти . Што значи во првиот период се појавуваат во Костурско националистички групи кои применуваат непријателска политика спрема Македонците и така Славомакедонците непријателски се однесуваат спрема Грчите андарти, бидејќи тие беа шовенисти и ги гонеа. Кога ние ги подмиривме сметките со нив, зајакнавме и се појавивме како ЕАМ-ЕЛАС и КПГ непостоеше никаква пречка Славомакедонците да дојдат со нас..."

Наведените и други акции на грчки националистички единици на ЕЛАС, доведе до ситуација да еден дел од Македонците дури и организирани, со пушка добиена од окупаторот го бранат својот живот. Агенттите на шефот на бугарската пропаганда во Македонија Андон Калчев и на шефот на II-то обавештајно биро на италјанскиот гарнизон во Костур Џовани Равали стапија во акција. Дотогашните нивни напори вродија плод. По добиената согласност од бугарскиот генерал Маринов во Битола на 5 март 1943 година во Костур формирана е првата контрачета од Македонци. Во рок од една недела оваа чета со помошта на италјаните и со употреба на притисок успеала да вооружи еден дел од македонските села. На 20 март генерал Маринов придружен од бугарска војска доаѓа во Костур и врши смотра на вооружените контрачетници. Наредува тоа движење да се вика "Централен бугаро-македонски комитет". Оружје, храна и облека контрачетниците добиваа од Италјаните и Бугарите.

И покрај тоа што повеке од контрачетниците беа со сила вооружени, заведени, или од страв створен кај нив поради споменатите антимакедонски акции на првите партизански групи, сепак контрачетништвото за НОД преставуваше сериозен проблем. Неговото совласување и ликвидирање со употреба на сила не само што беше тешко, туку и штетно за самото ослободително движење. Беше нужно да се убедат македонците дека ЕЛАС не се бори само за слободата на грчкиот народ,туку и за слободата на македонскиот народ- за неговите национални и социјални слободи.

Се поставува прашањето: како КПГ во почетокот се соочи со проблемот! Одговор на прашањето ни дава пак споменатиот Андреа Цимас"...кога во летото 1943 година стигнав во седиштето на IX-та дивизија на ЕЛАС во Бухорина, еден од проблемите што ме познимава беше проблемот на односите на ЕЛАС со Славомакедонците. Неколку дена пред тоа (на 1 мај 1943 година) единици на IX-та дивизија го нападнаа вооруженото македонско село Старичени и го уништиа. Убија многу "комити" во селото, други заробија. Целата операција се прикажуваше и претставуваше како почеток на распаѓање на целото движење на вооружените Македонци што не беа со нас. И не само тоа, ами се подготвуваа да го сторат истото и во другите села. Не се согласив со таквата тактика на IX-та дивизија. Им објаснив дека операцијата на Старичани не само што нема да ги растури комитациите, туку ке ги зајакне, бидејки во нивната прегратка ке фрли и други Славомакедонци кај кои лесно ке се престави ЕЛАС дека е насочен против нив. Ние треба да ги убедиме славомакедонците да дојдат во нашите редови и тоа може лесно да се постигне во костурското подрачје каде имаме огромно влијание. Им објаснив дека и тие Славомакедонци што несе наши приврзаници, во никој случај не се наши непријатели. Им објаснив дека ја изопачуват политиката на КПГ, на ЕЛАС и на ЕАМ спрема Славомакедонците и треба да ја исправиме грешката. Тамо го повикав и секретарот на Костурската организација и зборував со него. Лесно се убеди дека не треба да се повтори историјата на Старичани и треба да ја измените политиката спрема Славомакедонците. Од тогаш заведените од Калчев Славомакедонци се грижевме да ги придобиеме со просветување. За таа цел набргу се формират специјални групи кои ги посетуваат славомакедонските села и вршат многу успешна работа.

Иако се случи еден дел од Македонците од Костурско да се повлијаат макар и малку од пропагандата на Калчев. Костурска околија е едно подрачје, во кое бугарскиот империјализам настојуваше со разни методи да делува. Како што беше природно немаше да го испушти и периодот на германската окупација. По причина на прогонствата што беа подложени Македонците во периодот на диктатурата на Метаксас, просторот беше поволен. Но резултатите од тоа настојување, беа минимални. Тоа се должи на влијанието што го имаше КПГ

кога од 1920 година се појавува како решителен политички фактор во тоа подрачје и врши одлучно влијание на расположенијата и политичките сфаќања на Славомакедонците. Два пати (во 1926 и 1936) округот на Костур- Лерин избира комунист народен пратеник.

На крајот на 1942 година излегуваат во планина џандармериски старешини и џандари и др. Тие ги заобиколуваат селата и ги тероризират Славомакедонците... Што значи во првиот период првите вооружени групи што се појавија во Костурско беа националистички кои спроведуваа непријателска политика спрема Македонците и така Македонците непријателски се расположени спрема Грците андарти, бидејќи тие беа шовинисти и ги гонеа. Кога ЕАМ-ЕЛАС ги ликвидира овие националистички групи, немаше никаква пречка за да преминат сите Македонци на страната на ослободителното движење..." Уште за еден пат политиката на IX-та дивизија на ЕЛАС постоеше можност да ги насочи на погрешен пат своите единици и да го претстави ЕЛАС како продолжувач на политиката на Грците шовинисти и џандари. За среќа во поголем момент во Костурско пристигна Андреас Џимас и ги насочи на правилен пат, работите.

Контрачетништвото од есента на 1943 година, како резултат на објаснувачката работа, пред се на самите Македонци комунисти,не претставуваше некоја сериозна сила. Сепак претставуваше проблем, бидејќи умешно се користеше со окупаторите против НОВ. Од таа причина се налагаше неговото растурање, а за да се успееше тоа беше нужно КПГ да преземе такви мерки кои ке ги задоволуваа желбите на Македонците.

Важна улога за неутрализација и растурањето на контрачетништвото беа специјално формираните партизански групи, одредот "Лазо Трповски", организацијата СОФ (Славјаномакедонски ослободителен фронт) на Леринско и СНОФ за Костурско и нејзиниот вооружен дел СОФ (Славјаномакедонска ослободителна војска) и партизанските одреди од Вардарска Македонија кои повремено претстојуваа во Егејска Македонија.

Со упорната објаснувачка и убедувачка работа на наведените македонски организации и воени единици, поголемиот дел од контрачетниците минаа на страна на НОД и се бореа против окупаторот. Еден мал дел, повеќе од притисок и терор од окупаторот, гозадржа

оружјето, но беше неутрализиран и есента 1944 година го предаде оружјето на ЕЛАС и на македонските единици.

Таков накратко беше случајот за појавата на активноста на македонската реакција во текот на НОВ која толку злонамерно и лукаво го искористи грчката реакција за да ја оправда својата политика на геноцид против Македонците што ја спроведуваше после Втората светска војна.

9. Ослободувањето на земјата, англиската воена интервенција, договорот во Варкиза и поразот на ЕЛАС

И покрај грешките на политичкото раководство, развојот на партизанското движење и понатаму продолжи и се омасови. ЕЛАС прерасна во регуларна армија способна за успешно извршување на покрупни воени задачо. ЕЛАС и покрај ограничувањата на Англичаните водеше многубројни борби со непријателот и скоро беше господар на целата земја.

На 12 октомври 1944 година Германците окупатори гонети од ЕЛАС ја напуштија Атина, што значеше и нивното напуштање на Грција.

На 4 ноември 1944 година ситуацијата во Грција беше следната: ЕЛАС-ЕАМ ја држеа во свои раце, речиси цела Грција, со исклучок на еден дел на Епир кој го држеше Зервас и некои помали места во Централна и Западна и Источна Македонија во кои уште имаше квислински вооружени формации на ПАО (Сегрчка осповодителна организација).

На 4 ноември единиците на ЕЛАС од Македонија ги нападнаа паоциите и батаљоните за безбедност (вооружени формации од квислинската влада на Грција) во Кукуш на број околу 8000 и ги совлада. После овој пораз и другите формации на ПАО и батаљоните на безбедност беа ликвидирани и со тоа цела Егејска Македонија беше ослободена и се наоѓаше во рацете на ЕАМ-ЕЛАС.

Меѓутоа, радоста за многу скапо извојуваната слобода беше многу кратка. На 4 декември 1944 година англиските воени сили во Атина ја започнаа воената интервенција против ЕЛАС со цел да ја востановат власта на грчката реакција. Елас ја прифати и херојски се бореше во Атина и Пиреј.

Два дена подоцна, односно на 6 декември 1944 година командата на Групата дивизии на ЕЛАС од Македонија побара одобрение да ги нападне англиските воени единици во Солун кои таму се наоѓаа од ноември 1944. Одговорот на ЦК на ЕЛАС беше негативен со образложение дека судирот во Атина е од локален карактер и дека многу брзо ке се отстрани.

Во времетрањето на борбите во Атина (декември 1944)IX-та дивизија и други единици на ЕЛАС го нападнаа и за неколку дена го ликвидираа ЕДАС во Епир.

На 11 јануари 1944 година меѓу ЕЛАС и командантот на англиските интернационалистички сили во Грција генерал Скоби е заклучено примирје. Меѓутоа настаните во Атина не значеа и нивна конечна победа. Херојскиот отпор на ЕЛАС и народот во Атина и за неколку дена ликвидирањето на квислинските единици во Македонија и на ЕДЕС во Епир, покажаа дека пресметнувањето со НОД на Грција не беше така лесно и едноставно. ЕЛАС, и покрај поразот што го претрпе во Атина,беше господар во целата земја, располагаше со значајни сили, висок морал и целосна подршка на народот со што беше во можност да ја продолжи борбата против англиските интервенционисти и да изнуди поинаков исход на настаните. ЕЛАС,пишува генерал Стафанос Сарафис, имаше можност со храна, муниција и људство да води војна за долго време против Англија.

Раководството на отпорот поради тоа што реално не го процени односот на силите во земјата и поради убедувањето што преовлада кај него, дека не може да очекува помош од странство во војната со Англија, се одлучи на политичко решение. Создадената ситуација налагаше еден споразум и правилно е што раководството се ориентира на тој правец. Но, ги натцени можностите на Англија и направи големи отстапувања.

На 12 февруари 1945 година е потпишан договор на Варкиза. Согласно одредбите на тој договор дејноста на ЕЛАС беше окончана на 28 февруари 1945 година.

Договорот на Варкиза значеше крај на вооружената борба на ЕЛАС, поразот на движењето и почетокот на една едностана војна во Грција.

Се поставува прашањето: зошто исходот на борбата на грчиот и македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија беше таков,

односно кои беа причините ослободителната борба на Грција да не успее.

И покрај тоа што одговорот на тоа прашање е многу сложен, сепак од досегашните сознанија можеме да извлечиме некои од грешките што ги стори грчкото раководство на отпорот по основните прашања на револуцијата.

Во Грција империјалистичкиот притисок беше голем. Погрешната линија на КПГ во време на НОВ покажува влијание на тој притисок во нејзините редови. Беше прифатена теоријата дека не може ниту да се замисли за судар со Англија што господари во Средоземјето. Дека ЕАМ, и покрај фактот што го имаше концентрирано под своето знаме мнозинството на народот, не можеше против волјата на Англија да преовлада при ослободувањето на земјата без надворешна помош.

Практично таа погрешна теорија се манифестираше на непрекидните отстапувања пред плутократските партии, пред Англичаните и нивните органи во земјата. Еве некои потези и акции на КПГ што се резултат на таквото сваќање и теорија.

- Грчкото раководство на отпорот НОД на Грција не го ослони на внатрешните сили и на тесна соработка со НОД на балканските земји, туку го ориентира на соработка и помош од Англија. Резултат на таквата ориентација беше договорот склучен на 6 јули 1943 година меѓу ЕЛАС и Битанската воена мисија во Грција со кој ЕЛАС како "сојузничка војска се стави под команда на англискиот штаб за Среден Исток и откажувањето на постигнатата согласност во јуни 1943 година со претставниците на КПЈ и КПА за формирање на Балкански штаб на НО војски на Југославија, Грција и Албанија.

- На 28 февруари 1944 година меѓу ЕЛАС и грчките националистички движења ЕДЕС и ЕККА во режија на Англиската воена мисија беше потпишан протокол со кој се регулираа некои меѓусобни односи, преземање оперативни обврски за исполнување на планот "Кивотос" (ковчег)[35] и др. Со овој акт ЕЛАС допушти да преговара и да потпиши документ за соработка со организации за кои дотогаш имаше непобитни докази за нивната колаборација со окупаторите за ликвидација на ЕЛАС.

- Пролетта 1944 година ЕАМ-ЕЛАС, преку избори, конституира собрание и национален комитет за национално ослободување, познато

под името ПЕЕА. Делегација на ПЕЕА стапи во преговори со емигранската грчка влада. На 20 мај 1944 година беше постигната и потпишана спогодба позната под името "Договор на Либан".

Со тој договор се кроеше судбината на национално-ослободителното движење на Грција со прогонувањето на фашистичкиот окупатор. Се формира влада на "Националното единство" на чело со Ѓоргис Папандреу со 20 министерски ресори од кои само во 5 второстепени беа застапени претставниците на ПЕЕА. Таквиот третман на движењето на отпорот во никој случај не одговараше на односите на силите на земјата. ЕАМ во своите редови сплотено огромниот дел на населението, а неговиот вооруже дел- ЕЛАС имаше ослободено и држеше во свои раце компактни слободни територии.

- На 26 септември 1944 година во Казерта командантот на сојузничката команда за Средниот Исток генерал Вилсон, претседателот на грчката емигрантска влада ГЕОРГИОС ПАПАНДРЕУ, претставникот на ЕЛАС Стефанот Сарафис и претставникот на ЕДЕС Наполеон Зервас потпишаа записник познат како "Договор во Казерта". Во ова спогодба меѓу другото стои:

а) Сите гериски сили што дејствуваат во Грција се стават под наредбата на владата на националното единство.

б) Грчката влада овие сили ги поставува под команда на генерал Скоби, кој е поставен од сојузничката врховна команда како генерал што ги командува силите на Грција.

в) Водачите на грчките герилци ќе го забранат секој обид на единиците под нивна команда да ја преземаат власта во свои раце. Таквиот акт ќе се смета како злочин и соодветно ке се казнува.

г) Приложени се карти каде ќе оперират герилските сили, и тн.

Со оваа спогодба јасно може да се види дека ЕЛАС и акциите на ЕЛАС се наполно ограничени од наредбите на англискиот генерал и дека не може да врши никаква функција на вооружена сила на својата организација што го формирала при завршените операции и прогонувањето на окупаторот и ослободувањето на земјата .

- На 1 декември 1944 година генерал Слоби издаде наредба со која се бараше припадниците на ЕЛАС да го предадат оружјето. Наедно претседател на владата Георгиос Папандреу изјавуваше:"Не може

да се прифати предлогот на министрите на ЕАМ за истовремено разоружување на сите доброволни единици и формирање на единствени формации". Истата вечер, т.г. на 1декември 1944 година министрите на ЕАМ поднесоа оставка и почна сударот меѓу единиците на ЕЛАС од една и оние на владата и англиските сили од друга страна. Реорганизираниот ЦК на ЕЛАС со прогласи го повикуваше народот во решителен бој, последен број, за демократска Грција. Меѓутоа, не беше така. Борбите се ограничија само во Атина, каде непријателот можеше да концентрира сили и да наметне свои услови.

– На 12 февруари 1945 година, како што наведовме, беше потпишан договорот на Варкиза, во кој како најглавно се прифаќаше разоружувањето на ЕЛАС. Овој договор не му обезбедуваше на раководството на НОД сочување на своите сили и затоа беше грешка. Епилогот беше да се воспостави власта на буржоазијата и контрареволуцијата во Грција.

Во оценките непосредно по војната, направени од грчкото раководство за причините за поразот, сета вина за поразот се фрлаше на англиската интервенција, а генералната линија за движењето, иако имала грешки беше оценета како правилна. Така на пример, кога Никос Захарјадис се врати од интернација во мај 1945 година во Грција во целина ја одобри линијата на КПГ во периодот на војната и дури во својот реферат што го одржа на 12-Пленум на ЦК на КПГ (јуни 1945) рече дека Грција за својата одбрана од Југ ке се потпира на СССР и народните демократии и за одбраната од Север на Англија. Иста оцена е дадена и на VII-от конгрес на КПГ (октомври 1945). Подоцна, меѓутоа, по вториот пораз од 1949 година, беше речено дека поразот во 1945 година бил предизвикан не од објективни, туку од субјективни грешки на раководството на движењето на отпорот. Еве некои од искажувањата од одговорните фактори на КПГ: Н. Захарјадис: "... Секогаш верував и верувам ако имавме исправна линија во времето на првата окупација, ќе победевме. Партијата ја осуди целокупната политика на своето раководство во реемето на окупацијата што заврши во Варкиза како опортунистичка, погрешна..."[36]

Георгис Вонтисиос-Гушас: "... Грешките во првата окупација се состојат во тоа што не се боревме против Англичаните, кои пред нашите очи се подготвуваа да не удрат по изгонувањето на

Германците... Почнува декември и ние Англичаните уште ги именуваме сојузници а од друга страна му испраќаме телеграма на Петрос Русос со оружје да ги изгони народноослободителните војски на Бугарија"[37]

Петрос Русос: "... НОД го изгубивме поради опортунистички грешки."[38]

Од гореизнесеното можеме да заклучиме: раководството на КПГ натпоценувајќи ги силите на англиските империјалисти беше убедено дека во тогашните услови грчкиот народ не ќе беше во состојба да излезе на крај со англиските империјалисти и нивните потчинети и да создаде една Грција слободна и демократска, ослободена од секаков империјалистички јарем.

Централниот комитет на КПГ негуваше илузии во врска со вистинските цели што кроеа империјалистите за Грција зад нивните антифашистички декларации. Немаше јасна перспектива и јасна претстава на плановите на англиските империјалисти кои под својство на сојузници во антифашистичката војна настојчиво го припремаа воспоставувањето на нивното предвоено господарство во Грција и реставрација на монархијата. ЦК на КПГ не ги откри и не им се спротивстави на интересите на англиските империјалисти и не го подготви народот и ЕЛАС да се спротивстави на секоја нивна интервенција и да ја обезбеди демократската власт. Точно од тука извират неоправданите остапки, имајќи предвид соодносот на силите, спрема Англичаните и домашната реакција, како и грешките од кои некои наведовме погоре. Без тие грешки што преовладаа кај раководството на КПГ дека без надворешна помош не може да победи револуцијата во Грција кое сфаќање секогаш се појавуваше кога тешкотиите се зголемуваа, постоеше можност народот да му се спротивстави победоносно на надворешната интервенција, да ја издвојува и да ја обезбеди својата слобода и независност. Секако за да преовлада такво убедување многу придонесоа и спогодбите меѓу големите сили за поделба на интересни сфери."

Г Л А В А I

1. Теророт како средство за зацврстување власта на десницата

Како што наведовме грчкото ослободително движење заврши со неуспех. Договорот во Варкиза склучен на 12 февруари 1945 год. помеѓу Атинската влада од една и КПГ од друга страна значеше капитулација на ЕЛАС и реставрација на предвоената власт во Грција. Меѓутоа, воената англиска интервенција во декември 1944 год, не ги даде во целост резултатите што сакаа да ги постигнат реакцијата и Англичаните. Не успеале да го потчинат народнореволуционерното движење, не успеале да му го одземат народно-демократскиот карактер и да го изолират. Но десницата за да ја зацврсти својата власт настојава да се пресмета со тоа движење како сенародна политичка сила применувајќи го теророт како средство за поство за постигнување на таа цел. Веднаш по договорот во Варкиза незаконските апсења, прогонувањето и затворањето на демократските весници, убиствата и мачењата на припадниците на отпорот беа секојдневна појава и пракса. Во провинцијата беа формирани вооружени банди кои ги убиваа и мачеа борците на отпорот и демократските граѓани. Протестите на ЕАМ до регентот, претседателот на владата Н. Пластирас на 15 и 20 февруари и 5 март 1945 год. на теророт што беснееше во целата земја не дадоа никакви резултати.

Еве што, меѓу другото, пишува за ситуацијата во Грција органот на работничката партија на Англија "Дејли Харалт" во својот број од 20 март 1945 година.

"Нападите против ЕАМ продолжуваат. Сите познати приврзаници на ЕАМ систематски се гонат од своите работни места. Таа ситуација не се оправдува ниту како средство за одмазда, ниту како разбунтување на чуствата. Е еден вид подготовка за изборите што им обеќаа и кои десницата намерава да го добие со сите пожелни и непожелни средства, дури и со насилство".

Прогонот против припадниците на отпорот зајакна уште повеќе кога на теророт на бандите на десницата и на џандармеријата

и националната стража се додаде и кривично гонење на борците. Со тоа не само што беа гонети лицата што зедоа учество во отпорот против окупаторот, туку и самиот отпор како идеа и пракса.

Какви размери имаше земено теророт и во каква положба беа доведени припадниците на отпорот и воопшто демократските граѓани доволно зборуваат следните податоци: од договорот во Варкиза(12.II. 1945) до 31 март 1946 год., денот кога се одржаа парламентарните избори и денот кога се смета од КПГ дека започна вооруженият отпор на демократските сили во Грција и Егејска Македонија, се убиени 1.289, родени 6.671, малтретирани 31.632, апсени 84.931 лица,ограбени и уништени 18.767 куќи, обиди за убиство 509, силувани жени и девојки 165, прогонувани 200.000. Од убиените во Леринско, Костурско и Соровичко 98% беа Македонци.[39)]

Следниот потег на десницата за обезбедување на својата власт беше формирање на армија составена од свои приврзаници. Место да се создаде армија, согласно спогодбата во Варкиза, составена од регрути чии политички убедувања ќе бидат почитувани, се создаде армија по избор на база на политичките убедувања не само на офицерите, туку и на борците, армија која слепо ќе им служи на интересите на грчката реакција и на англиските империјалисти. Така грчката повоена армија воглавно беше составена од припадниците на квинслинските батаљони за безбедност, на националистичките организации "Х", ЕДЕС и други. Исто така постапи со државниот апарат и полицијата кои беа исчистени од учесниците во отпорот и пополнети со најшовинистичките и реакционерни елементи во земјата, соработници на окупаторот, припадници на бившата полиција на Метаксас и сл.

2. Теророт против Македонците 1945-1946

а) Теророт во 1945

Како што наведовме, Грција после Втората светска војна падна во длабока криза. Главна причина на таа криза беше, воената англиска интервенција во декември 1944 год. против демократските снаги на земјата. Оваа интервенција го оневозможи нормалниот внатрешен демократски развиток, ја одзема власта од рацете на ЕАМ и ја предаде на колаборационалистичката реакција, Исто така наведовме

дека грчката десница за да ја зацврсти својата власт со помошта на Англичаните, примени терор и насилие против народно-демократското движење, односно започна една едностpана граѓанска војна. Меѓутоа, теророт што го спроведе против Македонците во многу гонадмина оној од времето на андарското движење, на балканските војни, на Метаксас и ги има сите елементи на геноцид.

Причини за таквиот однос на грчката десница спрема Македонците се: политичкото и идеолошкото определување на Македонците на страната на демократските сили во земјата,нивната готовност и одлучност да се борат против силите на реакцијата и луѓето интервенционисти, и најважно изградената и зацврстената македонска национална свест и решителност со борба да ги извојуват своите национални и социјални права и слобода.

Грчката реакционерна власт си постави за цел да ги направи Македонците не опасни за својата власт и уште повеќе го измени во своја корист националниот состав во Егејска Македонија. За постигнување на таа цел таа ги употреби најварварските, најзверските и лукавите методи и стредства. Ќе наведиме некои од нив:- разгорување на национална омраза претставувајќи ги Македонците како Бугари, комити, охранити, соработници на окупаторот, Судети на Балканот, автономисти, опасни за безбедноста и интегритетот на Грција итн, ангажирајќи го за тоа целиот пропаганден и државен апарат, секојдневни убиства на невини Македонци и Македонки од страна на терористичките банди при нивните напади во селата и од страна на официјалните власти во притворите и затворите: - извршување на масовни смртни пресуди против Македонците од страна на воените **преки и други** судови врз основа на монтирани обвинителни акти; масовно кривично гонење и апсење на Македонци врз основа на исфабрикувани обвинувања за соработка со окупаторот, охранити, автономисти и сл.

- Масовно судење и изречување на строги временски казни во затвор и интернација (доживотен затвор и интернација).

- Масовно грабење на живата стока и покуќнината:-бомбардирање на македонските села со артилерија и авиација, палење поедини куќи и цели македонски села; економска блокада , односно забранување на Македонците да одат во градовите да ги пласират своите производи или да се снабдат со разна стока, користење помошта од УНРА за поткопување на совети, односно за политички и економски притисок

врз Македонците, протерување преку граница со употреба на сила; масовно примена на ангаријата за градење на воени и други објекти, како средство за притисок, зголемени даноци специјално за македонското население, ограничување на работното време по поле, ограничување на движењето на Македонците од село во село и од град и обратно; ангажирање на агентите на Ванчо Михајлов за создавање на автономистичко движење со цел да се наруши единството меѓу самиот македонски народ и помеѓу македонскиот и грчкиот народ.

Тоа се еден дел од средствата и мотивите што ги употреби повоената реакционерна грчка власт во нејзиниот исход против Македонците.

Поради тоа што уништувачкиот поход против Македонците доби такви димензии во овој труд, не сме во можност да ги наведиме и ги опишиме во детали сите терористички зверства што беа извршени низ целиот период на Граѓанската војна и после неа. Тоа претставува посебен проблем и заслужува посебно да се проучи. Ние ке се задржиме на поедини карактеристични случаи од теророт за да покажеме во каква положба беше доведен македонскиот народ порадишто беше принуден поново да се фати за оружје и да се бори за својата егзистенција.

Како што наведовме натисокот над македонското население започна веднаш по спогодбата во Варкиза. Во акцијата не учествуваа само официјалните власти (војска, полиција, џандармерија), туку и вооружени банди, формирани од соработници на окупаторот и предводени од познатите злосторници Николаос Коларас, Андреас Пападопулос, Андонис Фостеридис (Андон Чауш), Скотидас, Лимнеос, Илиас, Скавис Папатанасиу, Лимнеос, Диогенис Лекопулос, Г.Дуфлас, К. Лазаридис, Н.Келасидис Капас, Г. Парасхос, Вангелис, Канпекос, Зисис, Дарвелас Прионис, Дарвенас Нумсис, Сакас, К.Иоанидис, Мичо Дујамов, Јорданис Спиропулос, Илијадис, Вергис, Т. Цацос, Бунтивакис и др.,потерни одреди и чети во Костурско и Леринско, Кајларско и други места на Егејска Македонија. Од реакционерни и шовенистички грчки елементи беа формирани селски вооружени терористички и пљачкачки банди. Во секое село беше организиран и друг таен платен апарат составен од 2 или 3 лица кои имаа улога на тајни агенти. Тие имаа задача да го следат и да го пријавуваат секое движење на Македонците.[40] Посебна комисија поднесуваше до јавното обвинителство масовни тужби против Македонците клеветејќи ги за соработка со окупаторот, за авто-

номизам и тн. Тие и многу други грчката десница ги пушти во разуздан терор немилосрдно да го убиваат и го пљачкосуваат македонското население.

Еве некои од фактите што ни ја илустрират таа недогледна трагедија низ цела Егејска Македонија.

Неколку дена по договорот на Варкиза, односно на 20 февруари 1945 год. разбојничките чети на Андон Чауш нападнаа во с.Волак-Драмско и ги извршија следните зверства: убија 7, и уапсија 7 македонци, изгореа 40 куќи откако претходно ги опљачкаа и 3 плевни. Поради овој и други терористички напади, 40 македонски фамилии со 350 члена, биле принудени да ги напуштат своите домови и пребегаат преку граница.

Истиот ден и од припадници на истите банди, а со помошта на владини органи нападнаа во с.Чичилово-Серско при што уапсиле 15 Македонци и и извршиле масовен грабеж на жива стока, покуќнина и пари. 35 македонски семејства биле принудени да барат спас преку граница.

Истата судбина во месец март ја доживеа и селото Орманли-Серско. Тука , покрај масовното малтретирање и пљачкосување, беа уапсени повеќе Македонци.

Вооружените селски банди од с.Света Недела,Костурско на 4 април го нападнаа селото Добролишта, при што извршија терор и грабеж, а бандата на Андон Чауш нападна во с. Плевна-Драмско при што уби неколку Македонци, извши грабежи и сл. Слична трагедија владееше во цела Егејска Македонија. Само во Централна и Источна Македонија од 12 февруари до 12 април беа убиени 29 и затворени 3.100 демократски граѓани од кои поголемиот дел беа Македонци.

На 14 и 16 април 1945 год. вооружена банда го нападна македонското село Зрновци-Драмско, при што изврши убиства,грабежи и сл. На 17 истоот месец грчка воена единица со помош на англиска војска го блокира селото Тушин и уби 3 Македонци.

Во текот на месец април од вооружени банди и воени единици беа нападнати македонските села Добролишта, Изглеби, Загоричани, Четирок, Брештени, Чуриново, Кумоничево, Апоскеп, Олишта, Галишта, Сетома, Шестеово, Тиквени, Бомбоки, Старичани, Лудово, Марковско, Песјак, Костурско при што беа убиени 11 Македонци, 390 уапсени,

преку 25 жени и девојки силувани, голем број зверско тепани и малтретирани, од преку 1.200 куќи ограбена покуќнина, 19.100 глави ситен и 4.470 глави крупен добиток е ограбен.

Слична беше ситуацијата и во другите краеви на Егејска Македонија. Така на пример, на 25 април во солун се осудени 6 Македонци на смрт и 2 на доживотна робија, а на 26 истиот месец во Леринскиот затвор од мачење умреа 4 политички затвореници. Од село Баница,Леринско беа уапсени 17 Македонци, учесници на движењето на отпорот.

Во текот на месец април од Долни Неврокоп, Старчишта и други места на Источна Македонија грчките власти протераа преку граница преку 600 македонски семејства, а нивниот имот го ограби бандата на Андон Чауш. Бандите ги продолжија своите разбојништва поради што Македонците за да го спасат својот живот биле принудени да ги напуштат своите домови и да ги фатат планините или да барат засолниште во соседните народни ребублики. Стопанската активност била умртвена. Тоа го натера командантот на 150-от батаљон на националната стража во Костур да издаде наредба со која ги забрани грабежите.[40] Меѓутоа, наредбата немала никаков ефект, бидејќи никој не ја почитуваше.

Злосторничкиот поход продолжи со несмален интензите. На 16 мај од с.Куфалово, Солунско беа уапсени 35 мажи и жени. На 1 јуни грчка и англиска воена единица во с.Прекопана, Леринско изврши масовен терор, уапси 10 и рани еден Македонец; истиот ден злосторничката банда на Андреас Пападопулос нападна во с.Брештени Костурско, ги претепа селаните до смрт, силува жени и сл. на 5 јуни бандата на К.Иоанидис во с.Петрово, Гуменциско уби 4 припадници на отпорот. На 6 јуни во македонското село Горничово,Леринско припадниците на националната стража силуваа 4 жени. Истото се случи и во с.Сетина, на 13 истиот месец каде грчките војници силуваа 3 жени, на 10 јуни единици на националната стража од селата: Поздивишта, Црновиште и Дреновени фатија 40 Македонци. Истиот ден познатата банда на Андреас Пападопулосво с.Олоште,Костурско рани 12 мажи и жени и 26 претепа до смрт; на 18 јуни од с.Попли,Леринско беа уапсени 14 Македонци од кои 4 жени; на 20 истиот месец од с. Жупаништа,Костурско беа уапсени 11 Македонци; на 21 јуни од с.Овча-

рени, Леринско 62 Македонци, на 25 истиот месец во с.Зеленичово, Леринско беа силувани 8 жени, на 1 јули од с. Шатали, Леринско беа уапсени 85 Македонци. Исто така во с.Тиолишта, Костурско силуваа 18 Македонки жени и девојки; на 5 јули специјалниот суд во Солун го заврши судењето на голема група Македонци од с.Чеган, Воденско, неосновано обвинети за автономистичка дејност, пет од обвинетите беа осудени на смрт, а останатите на доживотен и 15 години строг затвор. Уште повеке се заостри теророт против Македонците со стапувањето на 15 јули 1946 год. на снага вонредниот закон бр.453 за јавна безбедност и Законот ТОД околу разбојништво. Врз основа на тие закони се прогласуваше за разбојник лице: 1) што учествуваше во вооружена група составена најмалку од 3 лица, 2) лице што учествуваше во приватна организација која располагаше со оружје, рачни бомби,експлозивен материјал или секаков вид воен материјал, и 3) лице, кое според мислењето на комисијата за безбедност се сметаше за опасно за јавната безбедност. Лице кое со оружје ке и се спротивстави на државна сила - орган се казнуваше со смрт. Непосредно со прогласувањето на лице разбојник, се интернираат неговите роднини и оние што му помагаа.

Врз основа на овој закон во секој околиски центар беа формирани комисии за јавна безбедност и воени преки судови кои со стотици Македонци и Македонки испратија на егзекутивните одреди и илјади во концетрациони логори.

Врз основа на тие закони само во Костур во месец јули беа осудени 109 Македонци, некои на доживотна робија, а од Гуменциско на 10 август беа интернирани во логорот Ескице 57 Македонци и Македонки, на 12 август во Солун беа стрелани 8 Македонци од Воден и тн.

Поради активноста на организацијата НОВ во Леринско прогонот против Македонците, особено зајакна во месеците: октомври-ноември 1946 год. Ке наведиме некои примери: на 10 октомври од с. Рудари беа уапсени 15, на 15 октомври од с.Штрково 17, на 20 октомври од с.Герман 65 и тн.

Слична е ситуацијата во цела Егејска Македонија. Така на пример, солунскиот партиски весник: "Лаики фони" (Народен глас)

од 22 јули објавува статистички податоци за теророт во Кукушко. Според весников од договорот во Варкиза (12.II1945) до 21.VII.1945 год. во Кукушко убиени се 110, уапсени 400, гонет и 2.500, и преку 100 пребегнати во Југославија.

За да се види какви димензии имаше земено теророт, ке поместиме само некои податоци од меморандумот на Окружниот комитет на ЕАМ за Воденско доставен до Анкетната комисија на ООН. "... Од Воденскиот округ и Гуменциска околија од март 1945 до март 1946 год. од 113 градови и села, за кои се има докази, уапсени се 6.723, мачени 3.814, затворени 3.184, убиени 37. Недостасуваат податоци од Воден каде има повеке од 300 уапсени и повеке од 100 мачени. Енице-Вардар: уапсени 3.283, тепани и мачени 1.300, затворени 1.560, терористички акции во 51 села од 347, обезчестени повеке од 200 жени и девојки.

Од таквиот терор за да го спасат својот живот напуштањето на своите домови и бегање едни во планина, други во градовите, трети преку граница беше секојдневна појава. Од март 1945 до март 1946 год. пребегаа над 5.000 лица.

Комисии за безбедност: овие комисии интернираа во разни острови со обвинението "опасен за јавниот ред" од Воденскиот округ повеке од 100 лица.

Преки воен суд во Енице-Вардар:овој суд осуди на смрт 36 демократски граѓани и ги испрати во егзекутивниот одред.

Од страна на воените и џандармериските власти беа превземени операции за чистење против прогонетите во планините при што биле убивани невини граѓани. Поради тоа прогонетите биле принудени да се вооружат за да го спасат својот живот. Така започна Граѓанската војна.

Палење села. Повеке од 30 села се изгорени и 2500 жители останаа без покрив..."[41)]

Грчките власти и терористички банди со посебен без ги гонеа и немилосрдно ги уништуваа припадниците, особено активистите на НОФ

Во врска со тоа ќе наведиме некои примери: на 2 септември

1945 год. кај селото Корнишор во Пајак Планина вршејќи организациона работа, по извршеното предавство, беше опколе од џандармериска единица Атанас Коровешов, член на главното раководство на НОФ. При обидот да го пробие обрачот, тој беше смртно погоден од непријателски рафал. Заедно со него загинаа активистите на НОФ Коста Зиков, Атанас Бувчев и Перо Стамеников.[42)]

На 17 ноември истата година извршено е уште поголемо злост орство. Во месноста "Сеова" кај селото Беровица на Пајак Планина во нерамна борба со непријателот загинаа активистите на НОФ од тоа подрачје:1. Алеко Василев, одговорен на НОФ за Гуменџиските села, 2. Ѓорги Шашев Крлев, одговорен на НОФ за планинските села, 3. Ѓеорги Јудов, одговорен на НОМС, 4. Пено Карамушкин, на расположение на Окружниот одбор на НОФ, 5. Ѓеорги Траев Шашев, помошник на Г.Крлев, 6. Трајо Пенов Ајтов, курир, 7. Ичо Г. Тртев, курир, 8. Мина Парлапанов, соработник на НОФ, 9. Христо Гатов и 10. Васил Пападопулос, ранет.[43)]

Оваа трагедија предизвика гнев не само кај македонската, туку и кај грчката демократска јавност. Солунскиот партиски весник "Лаики фони" донесе подолга статија во која најостро го осуди ова злосторство. Главниот одбор на НОФ во врска со злочинот издаде проглас со кој го запознаваше населението со злосторството. Прогласот имаше мобилизаторски карактер. Насекаде во округот беа организирани делегации кои положија венци на гробовите на настраданите. Таа кампања на НОФ подржана од КПГ имаше за резултат да се формира една комисија од англичани која изврши увид на местото каде е извршено злосторството.[44)]

Загинувањето на наведените активисти кои сушност заедно со Вангел Ничев, кој е спастен, го сочинуваа раководството на НОФ во Гуменџиско, и многу ја уназади работата на организацијата.

Од април до окромври 1945 год. само од Костурскиот, Леринскиот и Воденскиот округ погинаа или беа убиени од монархофашистите 16, ранети 7 и фатени 7 кадрови на НОФ.[45)]

б) Теророт во 1946 година

Во 1946 година теророт на монархофашистичката власт и банди продолжи со уште поголем интензитет. Еве што во врска со тоа читаме во извештајот на Окружниот одбор на НОФ за Воденско:" Низ

целиот месец декември незамислен терор во нашиот округ кој продолжи и во новата 1946 год. низ месец јануари. Во празничните денови народот од нашата околија гимина со многубројни блокади, апсења, тепања и бегање по снежните планини, голи, боси, исплашени. Блокадата во деновите на Божиќ и Новата година беа извршени во гр.Воден и во селата Теово, Кронцелево, Долно Родиво, Гугово,Месимер и во другите македонски села од нашата околија, со резултат да бидат спсени повеке десетици демократски граѓани.

Но, нашиот народ и покрај овие терористички мерки е сплотен, обединет и раководен од организацијата НОФ и успеа со протести и бунт како на пример во Долно Родиво да ги ослободи своите другари и да го скрши фашистичкиот напад.[46]

Теророт во 1946 год. особено зајакна поради тоа што КПГ се ориентира за вооружена форма на отпор зашто одлука донесе на својот II Пленум одржан на 12 февруари 1946 год. и поради масовното апстинирање од парламентарните избори од 31.III.1946. Немилосрдните зверства против демократските граѓани, а особено против Македонците се масовни и секојдневни, поради што не сме во можност да ги наведеме сите случаји. Ке се задоволиме само со некои од најкарактеристичните.

Од 10-15 јануари поради убиството на градоначалникот во Негуш,беа фатени и зверски мачени преку 400 граѓани.Една од формите за гонењето на Македонците, како што наведовме, беше масовното судење врз основа на исфабрикуваното обвинение - автономистичка дејност. Од Костурска околија беа покренати 600 обвинителни акти со преку 5000 обвинети. Така на пример до 20 јануари од Хрупишта беа осудени 160 Македонци иако 130 од нив беа во ЕЛАС и ЕАМ. По изречувањето на пресудите им се конфискуваат имотите и семејствата се исврлуваат надвор.[47]

Исто обвиненија беа поднесени и повикани на суд во Бер 800 Македонци.[48] Во Кожани на 26 јануари им се судеше на 50 членови на НОФ од с.Пањор и Куној, Кајларско и тн.[49] Евего билансот од едногодишен терор (од 12.II.1945 до 12.II.1946): убиени 1300, ранети 6413, фатени 75ооо од кои 28889 малтрет-ирани, 20000 затворени, 265 силувани жени, 6567 уништени и опљачкани куќи, 100000 гонети. Од убиените 200 од Македонија, а од убиените во Леринско, Кострско

и Соровичко 98% беа Македонци. Во тој период делуваа10000 вооружени бандити организирани во 166 терористички банди.[50)]

Особено грчките власти и банди го зајакнаа теророт врз Македонците,пред, во текот, и по фалсификуваните избори што се спроведени на 31 март 1946 година. Теророт зајакна пред и во текот на изборите, бидејќи Македонците масовно апстинираа. Ќе наведиме неколку примери:

На 18 март 1946 год. од с.Сетина, Леринско беа уапсени 8 души. Истите уште следниот ден биле изведени пред судот да одговараат за "предавство" и биле осудени на 8-12 години затвор. Меѓу осудените беа Алексо Гаштаров, С. Чакрев, Ѓорги Чакалов, а Јордан бил осуден на 101 година затвор. Сите овие не ја изгубија својата храброст низ целото време на судењето. Со гордост изјавија пред судиите дека се Македонци и затоа не ќе им биде мачно што ќе лежат во затворите, дека се готови да лежат многу години, ако тоа се наложи и ако така ќе може да се спаси Егејска Македонија од монархофашистите. " Ние сме навикнати да лежиме по занданите,"изјавиле истите кога Претседателот на судот им го дал последниот збор.[51)] На денот кога се одржуваа изборите, џандармеријата ги уапси сите жени,членови на АФЖ, од с.Чука, Костурско, бидејќи протестираа против теророт што се вршеше над нивните мажи за да гласат.

Во походот против Македонците активно се ангажира целокупниот десничарски печат и другите средства за информирање. Така на пример солунскиот десничарски весник "Неа алитија" (Нова вистина) на 17 април донесе напис под налов: "Нашите Судети" во кои ги окфалификува Македонците за Судети и како такви во интерес на мирот во Балканот и безбедноста на Грција тие треба да бидат ликвидирани или протерани преку граница.

На 1 мај истата година џандармериска и воена единица го опколија македонското село Екши-Су, Леринско, собраа 200 лица без разлика на пол и возраст. Шест дена немилосрдно ги тепаа. Спиро Попов го убија со пушка, Алексо Бојклиев и Методи Тановски умреа од ќотек, запалија 8 куќи. Од фатените беа интернирани 16 мажи и 8 жени а 40 затворени.

На 1о јуни 1946 год. жандармеријата од с.Бесвина,Леринско

уапси 40 Македонци мажи и жени, бидејќи на Велигденските празници пееа и играа македонски песни и ора. Уапсените од кога немилосрдно беа тепани се спроведени во леринските затвори.

На 30 јуни во Негуш власт ите за да ги оправдат операциите чистење на демократските елементи, исценираа напад на градот од страна на партизаните. Потоа започна невиден терор, уапсија 100 демократски граѓани. Истиот ден во Бер беа уапсени 15 активисти на демократските организации и 100 демократски граѓани. Во текот на јуни во градот Енице-Вардар уапсија 96 Македонци од кои 3 ги убија со ќотек, во с.Д'мбени, Костурско 17 Македонци, мажи и жени од кои 9 интернираа на островите. На 13 јули бандата на злосторникот Николаос Коларас повторно го нападна селото Биралци, Кајларско и по извршениот грабеш, одведе 95 мажи, жени и деца во кожанските затвори каде беа мачени на најзверски начин. На 15 јули од Воден беа интернирани 52 Македонци, а на 19 истиот месец Комисијата за безбедност во Воден со решение бр.29 интернира 28 Македонци од Волкојаново, Воденско.

На 26 јули извршена е смртната казна изречена на 23 јули од воениот преки суд во Енице на активистите на НОФ и КПГ: Мирка Гинова, Ѓорги Пројов, Петре Поп-димитров, Ристо Стојанов, Мица Бумбата, Томо Михајлов и Гркот Алекос Муцајкис.

Во врска со случајот на заробувањето на погорните кадри и особено за држењето на Мирка Гинова при судењето и егзекутирањето е доста пишувано. Меѓутоа заслужува да се помести писмото на еден од присутните грчки воени лица при егзекуцијата испратено до таткото на Мирка Гинова. Во писмото стои:

Енице-Вардар

26.VII.1946. Господин Коста ќе Ви биде можеби чудно поради писмото кое овој момент го држите во вашите раце, бидејќи не знаете од кого доаѓа, кој ви го испраќа, но тоа нема значење ке разберете кога ке продолжите да го читате подолу.

Родител сте и тоа што ке ви го соопштам знам дека многу ке ве разжалости. Но, на жалост поинаку неможам, бидејќи ја чуствувам светата должност тоа да го сторам.

И јас имам родители и браќа шт ме сакаат и ги сакам и затоа чуствувајќи ја болката, Ви пишувам.

Од денес утрото во 6 часот Ирина, на жалост, престана да живее.

Ви честитам за ќерката што ја создадовте. Смртта ја пречека храбро со осмевка на усните и пеејќи, поради што сите што бевме присутни и се восхитувавме.

Во 5.30 часот и се доближав и ја прашав дали би сакала да им напише на нејзините. Таа ми одговири: ако ја имам благородната доброта да му пишам на татко и следното: "Умирам за нешто што го поверував чесна а не нечесна, - за подобриот живот на другите, а не за мојот"....[52)]

Вие таму ќе прашате и ќе Ви го покажат нејзиниот гроб. (Јунак Мирка).

Тоа имав да ви пишам и ви барам извинување за жалоста што ви ја предизвикав.

Јас ве поздравувам како војник кој ја имав среќата да се најдам како посматрач на овој многу жалосен настан на денот и го имам пријатното задоволство да ви ги пренесам последните зборови на незаборавената Ирини, која стана насекаде позната со името Мирка. На жалост грешката во која падна беше многу тешка, поради што и нејзината татковина и изрече таква казна. Сепак си отиде многу задоволна од овој мачон свет велејќи дека мора некој ден да умре, умре сега.

Мајка на Ирина, знам дека ќе плачеш, но не наоѓам утешни зборови да ви напишам, бидејќи утешни зборови не постојат за една мајка што го изгуби своето чедо.

Здраво"[54)]

Точно е се што има наведено во писмото непознатиот автор, освен делот во кој вели дека грешката на Мирка во која паднала, била толку голема поради што "татковината" морала најстрого да ја казни. Ништо поинаку не можеме да очекуваме од еден фанатик и шовинист Грк, борбата на Мирка и на целиот македонски народ за човечки права, егзистенција и слобода да ја смета за голема грешка. Сепак на овој непознат Грк мораме да му бидеме благодарни што ја имаше смелоста да го признае величието на Мирка Гинова што беше ка-

рактеристика на многу илјади Македонци и Македонки.

Истото се случуваше во сите градови на Егејска Македонија. Така на пример на 17 јули Прекиот суд во Бер осуди на смрт 12 Македонци, на 5 август Воениот суд во Енице-Вардар осуди 35 антифашисти од Негуш со строги казни од година до до животна робија. Истиот ден 70 Мдкедонци од Западна Македонија беа интернирани во пустите грчки острови, на 6 август воените преки судови осудија на смрт 10 демократи граѓани од Западна Македонија. На 12 август жандармериска потерна единица во с.Бојница, Гуменциско уби 2 селани. На 13 август во Енице- започна судењето на Прекиот воен суд на 20 Македонци од с.Капикани, Мегленско обвинети за учество во вооружен напад против жандармериската страница од страна на партизаните на 15 истиот месец во Гуменце жандармеријата уби 9 и уапси 25 и во с.Куфалово уапси 30 Македонци на кои им судеше Прекиот воен суд. На 20 август жандармериска единица и вооружена терористичка банда го опколија македонското село Бапчор, Костурско и се одадоа на терор,грабежи и пустош. Запалија 2 куќи, ранија 3 и уапсија 150 од кои по зверското мачење во Костурските и Кожанските затвори задржаа 45. На 21 август во Воениот преки суд во Серес започна судење на 6 Македонци(4 мажи и 2 жени) обвинети за автономистичка дејност и за врски со КП на Македонија.

На 5 септември 1946 год. жандармерски одред го опколи македонското село Смрдеш, Костурско и уапси 21 Македонци (мажи и жени) . Повод за нивното апсење беше тоа што од 200 бирачи колку што имаше селото, на плебисцитот кој се одржа на 1 септември за кралот гласаа само 6.

На 10 септември 1946 год. беше блокирано селото Вишени, Костурско од грчка жандармериска единица, подпомогната и од разбојниците, чети на Н.Коларас и А. Пападопулос. Покрај пљачкосувањето и малтретирањето на населението, беа запалени куќите и плевните на 6 селани, зверски беа тепани 3 жени а 8 мина беа уапсени и одведени во Кожанскиот затвор.

На 19 септември во Серз воениот преки суд осуди на смрт 2, на доживотна робија 3 и на разни временски казни 4 Македонци обвинети за автономистичка дејност.

Од 20 до 28 септември џандари и бандити убија 6 Македонци и изгореа 50 куќи во с.Баровица, Гуменџиско.

На 2 октомври во с.Пателі,Леринско грчката полиција уапси 17 Македонци. На 4 октомври Прекиот суд во Воден осуди на смрт 3 и на робија 7 Македонци обвинети за соработка со НОФ. На 6 октомври 1946 год. грчката реакција успеала да нанесе уште еден удар на организацијата НОФ. Меѓу селото Грлени и Ревани, Костурско грчка монархофашистичка единица успеа да го зароби Пандо Трпов, секретар на Околискиот одбор на НОФ, Анастас Ивановски, активист на НОФ и младинецот Вангел Деловски.

Непријателот знаејќи ја функцијата на Пандо при истрагата употреби надварварски методи и средства да го натера да ја провали организацијата. Меѓутоа Пандо и Анастас, верни синови на македонскиот народ ништо не издадоа. Тие беа изведени пред воен суд, осудени на смрт и стрелани.

На 10 октомври Комисијата за безбедност во Серез интернира 40 демократски граѓани (22 мажи и 18 жени). Истиот ден воени и жандармериски единици го нападнаа македонското село Вишени, Костурско, извршија палежи и грабежи и убија неколку невини луѓе.

На 15 ноември во македонското село Ајтос, Леринско спроведувајќи ја мерката на колективна одговорност, уапси 100 селани,како одмазда за еден судир со партизани надвор од селото.

На 18 ноември владини воени единици вршејќи операции за чистење ги изгореа селата Лагерја, Лековo, Мегленско. Населението од тие села побегна во планините. Истиот ден вооружена банда на Лазик напаѓа во с.Кушево,Кукушко, убива 13, ранува 15селани и запали 60 куќи.

На 20 ноември извршен беше еден од најмасовните злосторства од страна на грчките терористички банди врз демократското население. Имено, грчката разбојничка банда предводена од Вунтуванис и Лазик го нападнаа селото Серсемли, Кукушко и притоа заклаа 47 и ранија 50 мажи, жени и деца и изгореа 20 куќи.

На 20 декември 180 Македонци(мажи и жени) од село Ракита, Кајларско се покренети на суд и обвинети за автономистичка дејност.

На 29 декември со наредба бр.А.II-2484,50/2488 и AII,7700 на грчката владина армија и полиција се изгорени македонските села Н'те и Тушин,Мегленско.

Според податоците што ги дава Солунскиот партиски весник "Лаики фони" од 31 март до декември 1946 год. беа убиени 111 демократски граѓани, стрелани со пресуди на Воениот преку суд од јули до декември 109, затворени од 31 март до декември 1946 год. 3516, интернирани од октомври до декември 1946 год. 5817 граѓани, минаа по затворите и логорите околу 120.000 демократски граѓани.

За да се добие приближна заокружена слика во каква положба беше доведен македонскиот народ ќе наведиме некои податоци за резултатите од теророт во 1945-1946 год. само во округзите Костурски,Леринѕки, Гуменце, Ениџ-Вардарски и Воденски.

Убиени Македонци 400, обесчестени жени и девојки 440, затворени 8145, осудени 4209, осудени 3215, интернирани 2172, малтретирани 13.529, полудени под ќотек 13, изгорени куќи 1291 (во Воденско целосно изгорени се 6 села), опљачкани села 80, ограбени семејства 1605, иселени села 45, иселени селски семејства 1943, иселени вкупно лица 13838, незапослени работници поради теророт 4250, незапослени селани поради иселување 54, пребегнати само во НР Македонија до крајот на 1946 год. преку 20.000 Македонци[55] Како што се гледа не достасуваат податоци за теророт во Источна Македонија, Солунско и Кукушко, каде теророт не изостануваше од интензитетот во другите краеви на Егејска Македонија, дури може да се тврди дека во Источна Македонија беше посилен. Недостигот на податоци се должи на посебно тешките услови што беа создадени во тие краеви поради што НОФ разви релативно послаби активност.

Според изнесеното Македонецот немаше никаде мир, ниту во својот дом, ниту на работа, ниту на пат.Никаде неговиот живот и достоинство не беа поштедени од органите на власта и од разбојничките банди.

Изнесеното е само еден мал дел од оној неизмерен, сестран и најразновиден терор што се вршеше во Егејска Македонија по Варкиза и кој продолжи низ целиот период на Граѓанската војна, кого ќе го проследиме во натамошното наше излагање. Ова е дел само затоа што,

речиси не остана град, село или населба, куќа и колиба македонска да не биде засегната. Не остана речиси,македонска фамилија да не биде измачена и да не настрада. Наведените примери за терор од периодот 1945-1946 год. покажуваат: пово во каква положба се најде македонскиот народ по реставрацијата на предвоената грчка реакционерна власт во феврари 1945 год., за да се свати што го натера нашиот народ поново да ги фати планините и со оружје да му се спротивстави на безузданиот зверски напаѓач. Тука може да се најде објаснение за ставот на македонскиот народ, на појавата и активноста на организацијата НОФ и развојот на работите во Егејска Македонија.

Второ, Анкетната комисија на ООН, која анкетираше во Балканот и Грција во почетокот на 1947 год. за утврдување на обвинувањата од страна на грчката влада против соседните народни републики, дека причина за граѓанската војна се нивното мешање и сестрано помагање на партизаните, добро се запозна со стратегијата на македонскиот народ, но остана индиферентна. Токму затоа грчките монархофашисти сестрано помогнати и поткрепени од меѓународната реакција, а особено од американскиот и англискиот империјализам, можеа да станат носители на масовни мачилишта, какви што станаа Макронисо, Јарос, Аj-Стратис, Трикери, Сирос, Авероф, Изедин и др. пред кои отстапуваат сите досега познати човечки мачилишта. Тука, покрај Грците антифашисти, тешки денови поминаа илјадници Македонци и Македонки, а многу од нив најдоа маченички смрт.

3. КПГ во заштита на Македонците

Комунистичката партија на Грција како партија на пролетаријатот и на прогресивните снаги на земјата не можеше да остане индиферентна спрема трагедијата на македонскиот народ. И уште повеќе кога беше свесна дека тој народ во своето мнозинство е демократски ориентиран и претставува најсигурниот и најверниот сојузник во борбата против грчкиот монархофашизам и туѓите интервенти. Поради тоа, КПГ, и покрај несогласувањата со македонското раководство на НОФ, ги земаше под заштита, односно со средствата и можностите што ги имаше се спротивставуваше на уништувачкиот поход што го спроведуваше грчката реакција против Македонците во Грција.

Оваа заштита и спротивставувањето на теророт на десницата против Македонците, КПГ и ЕАМ ја спроведуваа преку разни форми и

средства, Имено, преку телеграми, протести, меморандуми, до регентот, претседателот на грчката влада, надлежните министерства и институции, шефови на политички партии и личности, преставници на големите сили и др., преку својот дневен печат и други публикации, резолуции од форуми, прогласи, изјави, говори на партиски раководители, протестни собири и митинзи, бранење во судови и сл.

На 2 април 1945 год. Покраинскиот комитет на ЕАМ за Македонија со телеграма до регентот, претседателот на владата и претставниците на Англија, Америка и СССР ги запознава дека во Централна и Западна Македонија ситуацијата од теророт е неподнослива, наведувајќи дека илјадници од фатените се демократски граѓани, 59 се убиени и 120 ранети и тн. На крајот во телеграмата се бара наведените земји, институции и личности да се заложат да прекине таа трагедија во Егејска Македонија.[56]

Во Костурско, како што наведовме, веднаш по договорот во Варкиза, започна масовно прогонување на Македонците. Окружниот комитет на КПГ за Костурско, покрај другите акции, на 8 април организира голем народен митинг на кој илјадници Македонци и Грци протестираа против теророт и сл.

Органот на ЦК на КПГ "Ризоспастис" во својот број од 16 јуни 1945 год. изнесувајќи го ставот на партијата по македонското прашање, ги разобличува целите на терористичкиот поход што го спроведува десницата врз Македонците и се заложува тој да прекине.

На 22 јуни истата година во Солун, во игралиштето "Ираклеос" е одржан митинг организиран од КП на Грција. На митингот се зборуваше, покрај другото, и за насилствата во Егејска Македонија, извршени од терористичките банди и грчките власти оквалификувајќи ги како штетни по националните интереси на Грција и тн.

"Ризоспастис" во својот број од 8 јули 1945 год.помести статија под наслов: "Истината за Славомакедонците". Во статијата се разобличуваатклеветите на реакцијата против Македонците кои имаа за цел да го "оправдат" теророт против нив, и се вели дека Македонците претставуваат посебна нација, со свои обичаи и нарави, своја историја и дека националната свест на Македонците е доста развиена и тн.

Генералниот секретар на КПГ Н.Захарјадис во говорот што го одржа во Солун пред 120.000 луѓе, на 24.VIII.1945, меѓу другото се задржа и на многу тешката положба во која беа доведени Македонците поради теророт врз нив и побара од партиските и другите демократски организации да им помогнат во нивната борба против теророт да ги земат под нивна заштита и тн.

Во резолуцијата на VII-от конгрес на КПГ одржан во Атина од 1 до 6 октомври 1945 год. во врска со теророт против Македонците се вели: "... Го осудува како злосторство против националните интереси, прогонот што го спроведува подекемврискатa Грција против славомакедонското малцинство..."[57]

Два месеци подоцна, односно на 26 декември во Пленумот на Покраинскиот комитет на КПГ на Македонија, Н. Захаријадис меѓу другото рече: "... Во Лерин пред 15-20 дена се презедоа пак акции за чистење по славомакедонските села. Учествуваа 2 батаљона на националната стража. Употребија и топови. И како при прогоните и грабежите во летото, така и сега изгореа многу колиби. Но како и тогаш по случајот на деветте Славомакедонци во Баровица, така и сега Славомакедонците наоѓаат пријатели, заштитници и другари само кај нас грчките комунисти, и еамовци, кај работниот народ на Грција, кој им го признава неприкосновеното право да живеат, да работат и да се развиваат во својата земја, со традициите, обичаите и навиките на своите татковци, како неделив дел на грчката демократска заедница".[58]

На 5 јануари 1946 год. во градот Лерин во организација на коалицијата на партиите на ЕАМ беше одржан масовен митинг во кој зеде учество населението од градот и селата. Демострантите бараа општа политичка амнестија, претставничка влада, да запре теророт, да им се дадат демократска слобода и права на Македонците и сл.

На 14 јануари 1946 год. по иницијатива на ЕАМ и НОФ во с. Екси-Су, Леринско беше одржан народен собир. Од собирот беше побарано да престане теророт, отстранување на соработниците на окупаторот од владата и државните органи, општа политичка амнестија, национални права на Македонците и сл.

Окружниот комите на ЕАМ за Воденско на 17 јануари испрати телеграма до претседателот на грчката влада со која протестираше

за масовност и злосторничкиот терор, а на 24 истиот месец организира протестен митинг во кој е побарано да престане теророт, монтираните судски процеси, да се даде општа политичка амнестија, да се формира коалициона влада и сл.

Во јануари 1946 година во Костур пристигна Андреас Цимас, член на ЦК на КПГ и на ЕАМ. Тој откако ја констатира трагичната положба на Македонците, испрати телеграма до ЦК на ЕАМ и КПГ со која ги запознава за истата. Грчките власти побараа од него да ги исфрли од телеграмата зборовите: "Славомакедонци" и терор". Бидејќи тој одби да го стори тоа, беше осуден на една година затвор. Кога тоа го дозна народот, масовно протестираше поради што властите биле принудени да го ослободат.

Членот на ЦК на КПГ и секретар на Македонското биро наКПГ во време на НОФ Л. Стрингос во својата статија под наслов:"Борбата на демократија и проблемот на Славомакедонците" во врска со нивната положба после војната, меѓу другото, пишува:"... Тоа единство меѓу Грците и Славомакедонците го наруши договорот во Варкиза и англиската окупација. Правото на рамноправност што го даде ЕАМ беше заменето од едно зверско национално угнетување од страна на последекемвриските влади, угнетување што ги достигна димензиите на големите операции за чистење, на затворањето и осудувањето на доживотна робија на стотици Славомакедонци борци што зедоа херојски учество во вооружената борба на ЕЛАС и конфискација на нивните имоти, димензиите на нивно физичко истребување...[59)]

На 11 февруари 1946 год. Окружниот комитет на ЕАМ за Леринско со меморандум до владата, државните власти на Македонија, амбасадорите на големите сили и ЦК на ЕАМ, протестираше за систематското гонење на Македонците во округот од страна на државните власти и вооружените терористички банди.

Покрај бројните клеветнички обвинувања против Македонците се оправда прогонот, грчката реакција го монтира обвинувањето за наводна соработка на Македонците со Југославија. Дописникот на весникот "Лаики фони" од Лерин разобличувајќи ја оваа подла маневра на грчката реакција на 18 февруари соопштува дека речиси половината население од Леринско се гони по таа основа. Придржувајќи му се на Солунскиот весник "Лаики фони", органот на Окружниот комитет

на ЕАМ "Ники" на 9 и 16 март донесе написи како што се" "Да престанат прогоните против Славомакедонците и др. во кои се даваат податоци за резултатите од теророт во Леринскиот округ, а во киното "Нова Елада" во градот ОК на ЕАМ организира митинг во кој говорникот, адвокатот Димитријадис ги зеде под заштита Македонците.

Како што наведовме, пред одржувањето на парламентарните избори (31.III.46) грчката реакција уште повеќе го зајакна теророт. Поради тоа организацијата ЕАМ во соработка со НОФ организира во Лерин протестен митинг на кој зедоа учество преку 4000 народ. Учесниците на митингот побараа да престане теророт против Македонците, слободни избори, демократски права и сл.

Генералниот секретар на КПГ Н. Захарјадис, зборувајќи на партиското собрание во Солун на 12 април 1946 год. на тема: "Ситуацијата во Југоисточна Европа и местото на Грците," посебно се задржа на гонењето на Македонците од страна на грчките власти.

Од посебно значење е да се истакне статијата под наслов: "Масовен прогон против Македонците -- борците на националниот отпор се обвинуваат за автономисти" објавена во Солунскиот партиски весник "Лаики фони" во неколку продолженија (12-24 април 1946). Авторот на статијата, во случајот редакцијата на весникот, си поставил за цел да ги објасни причините за прогонот на Македонците, методите и средствата, идеолошката и политичката основа за спроведување на истите, резултатите и негативните последици што ги имаше за мирот на Балканот, интересите на Грција и сл.

Како што наведовме значајна улога за разгорување на националните страсти, шовинизам и национализам кај грчкиот елемент против Македонците, одигра грчкиот реакционерен печат и другите средства за јавно информирање. Тие за да го поттикнат и истовремено да го оправдат походот против Македонците на еден безобзирен начин ги клеветеа за соработници на окупаторот, автономисти, сепаратисти и сл. Некои весници како што се "Етникос кирикс"[60] "Неа алитија"[61] "Елиникос Ворас" и други во својата антимакедонска хистерија, отишле толку далеку што Македонците се обидоа да ги претстава како Судети на Грција и во интерес на мирот во Грција и Балканот бараа насилствено и без одлагање нивното изгонување од грчка територија.

Во врска со овој систематски поход против Македонците кој

особено зајакна по одржувањето на парламентарните избори,сп. "Протопорос", орган на Бирото на КПГ за Македонија и Тракија од 15.V.1946 помести статија под наслов:"Вистински и лажни Судети".

Во статијата се откриваат и се разобличуваат мотивите на тој поход, се опишуваат Судетите во Чешка и нивната петоколонашка улога во корист на Хитлер, се заклучува дека Македонците во Грција не само што не можат да ја играт таа улога во Грција, туку тие претставуваат прогресивен, демократски, антифашистички фактор, потпора на мирот и на демократијата во Грција.

Постојат уште многу акции на КПГ и на ЕАМ во заштита на Македонците од уништувачкиот терор. И колку растеше сознанието кај КПГ дека НОФ претставува значаен политички и воен фактор во земјата и без него не е можно да се води успешна борба против заедничките непријатели, толку повеќе растеше нејзиното ангажирање во отпорот против теророт. Поради тоа што формите на тој отпор беа слични на оние што ги опишавме погоре, нема да се задржиме на нив. Сметам само да ги спомениме меморандумите на ЦК на ЕАМ, Покраинскиот комитет и окружните комитети на ЕАМ до Анкетната комисија на ООН за Грција во март 1947 год. Во овие меморандуми се опишува трагичната положба на Македонците во Грција. Во меморандумот на Обласниот комитет на ЕАМ за Македонија од 15 март 1947 год. во посебно заглавје "Гонење на Славомакедонците" дава исцрпни податоци за страшната положба на македонското население по војната. И покрај тоа што Анкетната комисија на ООН се запозна со оваа трагична положба на Македонците, таа ништо конкретно не превзеде за подобрување на истата. Сепак тоа придонесе да се запознае и светот со таа трагична ситуација и да се појават реагирања во корист на Македонците. Така на пример во Генералното собрание кое се свика на 21 септември 1948 год. по грчкото прашање, турскиот претставник Селим Сарпер, во својот говор ја советуваше грчката влада да ги превземе нужните мерки за да се стави крај на секој натисок против граѓаните на македонската и албанската националност, да им се загарантира правото на употреба на нивниот мајчин јазик и развојот на националната просвета и култура.[62)]

Оваа активност на КПГ и на другите демократски организации можеше да го прекине или оневозможи теророт врз Македонците, меѓутоа во многу случаи таа им ја олеснуваше тешката положба и им даваше кураж да истраат на натисокот сметајќи дека покрај нив стои грчкиот демократски народ. Освен тоа покажаната солидарност многу помогна во елиминирање на предубедувањата и недовербите од минатото. Со што е оленето постигнувањето на спогодба за обединување меѓу НОФ и КПГ во ноември 1946 година.

Г Л А В А II

НОФ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

1. Ситуацијата во Грцијанепосредно пред појавата на НОФ

Додека се ближеше крајот на Втората сведска војна со победа на сојузниците и на народноослободителните движења над мрачните сили на фашизмост, во Грција се реставрира најреакционерниот монархофашистички режим. Спротивно на Грција, физиономијата во другиот дел на Балканот во однос на општественото уредување беше јасно изразена. Во соседните балкански држави Југославија и Албанија победи народната револуција. Истото се случи со помошта на Црвената Армија и во Бугарија и други соседни земји. Победоносниот исход на народната револуција во Југославија не донесе само ново општествено уредување, туку го реши најправилно македонското национално прашање, туку го реши најправилно македонското национално прашање, создавајќи ја Народна Република Македонија. Спротивно од тоа што стануваше во Егејска Македонија (едностранa граѓанска војна против демократските сили и геноцид против Македонците), Македонскиот народ од Вардарска Македонија со своите борби се здоби со своја слобода, создаде свое национално и државно огниште, каде со оптимизам ја градеше својата иднина и својата национална култура. Македонскиот народ за прв пат во својата историја се здобиваше со своја национална држава, за прв пат стануваше стопанин на своето место, се здобиваше со право на овој живот.

Како што е природно тој факт, таа голема придобивка на македонскиот народ од Вардарска Македонија не можеше да не повлијае врз македонскиот народ од Егејска Македонија. Многу повеќе кога во Егејска Македонија царуваше цунглата на монархофашизмот, катастрофата, уништувањето. Македонскиот народ отворено го манифестираше својот ентусијазам за придобивка на македонскиот народ од Вардарска Македонија и многу природно, се ориентира кон таму од каде и негуваше многу надежи. Од друга страна демократските сили на Грција после Варкиза издржаа на првиот налет на десницата и почнаа да се консолидираат. Реакцијата и британската интервенција не успеале да го потчинат народно-револуционерното движење и да му го одземат народно-демократскиот карактер и да го изолираат од широките народни маси. Придобивањето на синдикатите и разните професионални сојузи и здружемија од страна на КПГ-ЕАМ, огромното присуство на народот во раз-

ните манифестации (митинзи, демонстрации и сл.) организирани од партиите на коалицијата на ЕАМ против натисокот на десницата беа фактите со кои раководството на КПГ се увери дека со реални демократски сили можат да издвојуваат победа над контрареволуционерната буржоазија. Колку точни оценки беа реални и како КПГ ги искористи поволните услови што беа присутни во 1945-1946 година за да наложи поинаков тек и исход на настаните, ќе се задржиме во натамошното наше излагање. Значи развојот на настаните во Грција говореа дека Грција нема да го следи демократскиот и нормален развој, туку внатешното прашање ќе се решаваше по пат на сила односно со воено пресметнување на двете противнички страни. Кон таа насока двете страни уште веднаш по договорот во Варкиза почнаа да се подготвуваат. Десницата за да ја зацврсти својата власт и да го ликвидира силното демократско движење започна една едностарна граѓанска војна, и левицата од друга страна, во почетокот не одлучно, ја прифати таа војна, односно одлучи со исти средства да и се спротивстави на десницата.

Поради таквите планови на десницата и левицата, македонското ослободително движење морало да ја прилагодува својата стратегија и тактика. Создадената ситуација на Балканот и во самата Грција и перспективата за развојот на настаните беше основа кај Македонците од Егејска Македонија да провладее убедувањето дека постојат услови со одлучна борба не само да мусе спротивстават на антимакедонската хајка која се претвори во најдив терор против нив, туку ги остварат и своите национални права.

2. Појава и дејност на Трајната македонска организација-ТОМО.

Пред појавата на организацијата НОФ, во територијата на Егејска Македонија делуваа локални македонски организации. Имено, по расцепот и повлекувањето на македонските единици во Вардарска Македонија во октомври 1944 год. беше формирана Политичка комисија за Егејска Македонија со задача да раководи со борбата на македонскиот народ, да преговара со претставниците на КПГ-ЕЛАС- ЕАМ за отстранување на меѓусебниот конфликт и да се вклучат македонските единици во борбата против реакцијата и англиската интервенција и др. Политичката комисија покрај тоа испрати во Егејска Македонија свои политички агитатори за да му ги разјаснат на македонскиот народ причините за расцепот меѓу КПГ и македонските единици и да му ги објаснат целите и перспективите на борбата.

Испратените активисти се ставија на чело на отпорот против натисокот и пропагандата што ја водеше КПГ против акцијата и барањата на Македонците, а по Варкиза против антимакедонската кампања водена од грчката реакција. За поуспешно водење на таа борба, македонските активисти - агитатори пристапија кон формирање на локални македонски организации. Во Костурско ја обновија организацијата СНОФ и во Леринско СОФ од времето на НОВ, додека во Воденско се формира нова организација ТОМО (Тајна ослободителна македонска организација).

Поради тоа што организацијата ТОМО и претходеше на организацијата НОФ и разви богата активност, накратко ќе се задржиме врз неа.

Тајната македонска организација (ТОМО) е формирана на 20 јануари 1945 год., во Воденско. Иницијатор и организатор на истата е Вангел Ајановски-Оче. организацијата била формирана во време на англиската воена интервенција в во Атина. Таа е формирана тајно и делува строго илегално, бидејќи е прогонувана од КПГ. Целта на ТОМО е да се бори за издвојување на национални права за Македонците и против силите што се спротивставуваа на овие стремежи, да се бори за нормализирање на односите со КПГ и со другите грчки прогресивни сили за успешно водење на борбата против офанзивата на реакцијата што веќе имаше започнато во Атина за загушување на НОД на земјата.

Раководејќи се од свои цели и принципи, организацијата ТОМО во своето тримесечно постоење и делување (20.I. - 23.IV.1945) разви забележителна активност и постигна видни резултати во правилната ориентација на Македонците за тешките борби што следеа, во развитокот и зацврстување на македонската национална свест и со што го подготви теренот за формирање на организацијата НОФ.

При конституирањето на организацијата е избрано раководство на истата во состав: Вангел Ајановски-Оче, раководител на организацијата, Марика Самаренчева, Туши Керамитчиев, Ташко Хацијанов, В.К. и Вангел Шамарданов - Илинденски.

Основни организации на ТОМО беа формирани во селата, во градските реони и во фабриките. Покрај окружното раководство беа формирани и градски одбор и реонски одбори. Организацијата дејствувала во тројки поради конспиративност, затоа што КПГ и ЕАМ најжестоко се пресметнуваа со секоја активност и манифестација на македонска национална основа спротивно на нивниот став по македонското национално прашање.

Една од најзабележителната активност на ТОМО е нејзиното настојување да ги убеди раководството на КПГ да го измени ставот спрема желбите и стремежите на Македонците и да им помогне во нивното реализирање. Меѓутоа, таквото настојување поради непопустливоста на КПГ не ги даде очекуваните резултати.

И покрај таквиот став на КПГ, организацијата ТОМО и нејзините членови учествуваа во сите акции и манифестации организирани од страна на КПГ и другите демократски организации против терористичкиот поход од страна на властите и разбојничките банди. Со цел да го заштити македонскиот народ од физичко уништување, раководството на ТОМО, покрај протестите и други форми на легален отпор, формира вооружени групи за самоодбрана. Вооружените групи подоцна прерасна во одред кој со своите акции против предавниците и мачителите на македонскиот народ, терористичките банди и др. стана цврст и сигурен заштитник на македоскиот народ во Воденско.

Примената на вооруженият отпор како форма на самоодбрана од страна на ТОМО беше во спротивност со ставот на КПГ во однос на формата за водење на борбата. Поради тоа КПГ ја оквалификува дејноста на ТОМО како антипартиска и саботерска.

Разговорите меѓу претставниците на КПГ и ТОМО за усогласување на тактиката, водени во март 1945 год. завршија со неуспех бидејќи грчката страна барала расформирање на ТОМО и на партизанскиот одред поради тоа што нивното формирање не било одобрено и не било во согласност со политиката, стратегијата и тактиката на КПГ.

После неуспехот на преговорите, КПГ уште повеќе ја засили клеветничката кампанија против ТОМО. Меѓутоа, оваа кампанија немаше никаков ефект, бидејќи македонскиот народ во пракса се увери дека единствено организацијата ТОМО го заштитува од наездата на разбеснетите разбојнички банди и дека едино таа се бори за неговите национални и социјални права и слобода.

3. Основање на НОФ

Под такви внатрешни и надворешни услови, потреби и перспективи во Егејска Македонија се појави македонската национално-ослободителна организација - НОФ (Народноослободителен фронт) на Македонците од Егејска Македонија. Оснивачкиот состанок на НОФ одржан е на 23 април 1945 год. Потребата за формирањето на НОФ ја наложи самата ситуација во Егејска Македонија, а иницијативата за реализација

на истата ја презеде Политичката комисија за Егејска Македонија.

На оснивачкиот состанок на кој присуствуваа делегати од сите делови на Егејска Македонија откако е анализирана внатрешната и надворешната ситуација, состојбата и перспективите на НОД на Грција и местото на македонското национално-ослободително движење во него, е избрано раководство на НОФ во состав: Паскал Митровски, секретар, Михаило Керамитчиев, Цоцо Урдов, Атанас Коровешов, Павле Раковски и Минчо Фотев, членови.

На оснивачкиот состанок и во состав на НОФ беа формирани и македонските организации: Народноослободителниот младински сојуз-НОМС и Антифашистички фронт на жените - АФЖ на Егејска Македонија. За овие организации не беа формирани засебни раководства, туку тие беа раководени од раководството на НОФ.

4. Цели на НОФ

И покрај тоа што програмската декларација од оснивачкото собрание на НОФ не е сочувана, од други негови документи донесени потоа, програмата донесена на I-от конгрес на НОФ и др. можеме да ги согледаме целите на НОФ.

НОФ изникна од копнежите, идеолошко-политичките тежненија и општонародни желби на македонскиот народ, се создаде и зајакна со цврста одлучност да застане на чело на борбата на македонскиот народ против натисокот на националниот и класен непријател олицетворен во ат иснкиот режим и контрареволуцијата на Грција, во борбата за физичка егзистенција и опстанок.

НОФ се појави како историски продолжител на најдобрите и најблагородните револуционерни демократски традиции на Илинден. НОФ настојаваше да ги прилагодува и ги конкретизира своите цели и задачите на борбата на Македонците од Егејска Македонија во дадената историска стварност. Овие цели доаѓаа до израз од целиот македонски народ, што претставуваше во дадениот момент организација, борбена, демократска и сојузничка сила на грчкиот демократски народ, борба против монархофашизмот и англоамериканските интервенти, за слобода, демократија и независност, национална рамноправност и право на самоопределување на Македонците. Во потврда на таквите цели на НОФ ќе цитираме само дел од повеќето сочувани документи. Така на пример во еден од прогласите на Главниот одбор на НОФ е упатен до Македонците, Грците и Власите во 1945 год., меѓу другото, читаме: "... Борете се: за леб и за подобар живот, за слобода, за демократски права,

за братска слога и рамноправност меѓу Грците, Македонците и Власите... заедници борете се и барајте да се признаат националните права на македонскиот народ, Да му се дадат вистински демократски слободи и национална рамноправност..."[63]

Од директивното писмо пак од Главното раководство на НОФ од истото време, се оди подалеку. Имено, се бара на Македонците да им се признае и правото на самоопределување, кое според писмото, е статутарен принцип на сојузничката борба и плод на сојузничката победа над фашизмот.[64]

Меѓутоа, во текот на развојниот пат и активноста на НОФ се дошло до извесна измена на целите на НОФ. Така на пример, официјално во 1946 год. беше напуштен ставот на самоопределување, бидејќи не беше во склад со ставот на КПГ по македонското национално прашање кој на Македонците им признаваше само малцински права во рамките на грчката држава. Раководството на НОФ мораше во интерес на борбеното единство со грчкиот народ да ги прилагодува и ускладува своите стратиски цели со оние на КПГ.

Така во документите донесени од разни форуми на НОФ после обединувањето меѓу НОФ и КПГ, во ноември 1946 год. изостанува целта "самоопределување" како една од главните цели на НОФ. Во програмата на НОФ усвоена на првиот негов конгрес дефинитивно се определени целите на НОФ и на македонското движење. Според неа, главната задача на НОФ е на чело на македонскиот народ, во борбен сојуз со грчкиот народ, да се бори за спасување на македонскиот народ од физичкото уништување, односно за неговиот физички опстанок.

Втората и основна цел на НОФ е извојувањето на национална рамноправност и признавањето на национални права на македонскиот народ во рамките на демократска Грција, а тоа значи обезбедување на непречени можности и услови за одржување и развивање на неговата национална култура, својот јазик, училишта, обичаи и нарави, еднакви политички права и сл. Единствена можност за постигнување на таа цел, НОФ ја гледал во нераскинливото единство меѓу самиот македонски народ зашто и ги и ги вложува сите свои сили.

Единството и заедничката борба, сметаше НОФ, беше најголемата гаранција за победата на македонскиот и грчкиот народ, наведувајки го примерот на македонскиот народ од Вардарска Македонија кој со единствена и заедничка борба со другите југословенски народи, успеал да ја извојува слободата и своите права.

Промена на погорните програмски цели на НОФ имаше на неговиот Втор пленум одржан во февруари 1949 год, кога прилагодувајки ги со изменетиот став на КПГ по македонското национално прашање усвоен на V-ти пленум (јануари 1949), прокламира дека ќе се бори за единствена и независна Македонија во рамките на Балканската федерација. За причините за завземање на таков став од КПГ и НОФ и реперкусиите од истиот, повеќе ќе се задржиме во посебна глава.

За реализација на наведените стратегиски цели на НОФ беше : нужно да биде срушен монархофашистичкиот и да се воспостави демократски режим. Тоа можеше да го постигне само вооружен орган, а тој до обединувањето во ноември 1946 год. беа вооружените единици на НОФ, и по обединувањето, Демократската армија на Грција. Поради тоа НОФ масовно ги вклучи своите членови во вооружени формации и по обединувањето на ДАГ и со сите свои сили, сестрано ја помагаше борбата на ДАГ.

5. Автономистичко движење и НОФ

Покрај теророт, масовното гонење и други средства на натисок против македонското ослободително движење предводено од НОФ, домашната и странската реакција се обидоа во Егејска Македонија да создадат автономистичко движење врскрснувајки ја терористичката ВМРО на чело со агентот на меѓународната реакција Ванчо Михајлов. Платформата на тоа движење беше создавањето на некаква автономна Македонија под закрилјето на Англија и Америка.

Актерите на тоа движење имаа за цел:

1. Да се оправдат прогоните против Македонците.

2. Да се наруши единството меѓу самиот македонски народ и меѓу македонскиот и грчкиот народ;

3. Да дадат повод за да се наклевети и да се удри антифашистичкото и демократско движење под мотивација дека ги продава националните интереси на Грција;

4. Да се наруши мирот и спокојството во Балканот, односно да се создадат прашања и расправии меѓу трите балкански земји по македонското национално прашање .

Покрај горните цели, паролата за обединување на Македонија по настанатите промени во Балкано по Втората светска војна беше насочена и против НР Македонија во состав на федерална Југославија со што беа растурени плановите на Англија да го користи македонското

прашање за предизвикување конфликти меѓу балканските земји, а да господари со судбината на македонскиот народ.

За создавање на автономистичко движење во Егејска Македонија, Англија во Лерин по Варкиза (1945) го испрати вице конзулот Хил, стар функционер на британската инвестителна служба кој до 1939 год. бил вице конзул во Битола. Хил во Лерин располагал со 2 радиоапарати, 18 лица англиски персонал, еден Грк преводач и други два Грци за врска меѓу вице конзулот и грчките власти. Хил со своите агенти придружен од грчки органи за безбедност ги обиколуваше македонските села и пропагираше за автономна Македонија под покровителство на големите сили. Подоцна хил му се придружи и мајорот Еванс. Во акцијата активно беше вклучена и грчката тајна безбедност, полиција.

И покрај големиот авторитет и доверба што ги уживаше НОФ кај македонскиот народ, акцијата на англиската и грчката инвестителна служба имаше извесни шанси за успех. Зверскиот терор, неправилниот став на КПГ по националното прашање од што беше создадена недоверба, сомневање и преубедување спрема КПГ и спрема Грците воопшто, учеството на еден мал дел на Македонците во редовите на контрачетништвото за време на окупацијата, кое многу вешто ги користеше реакцијата, огромните тешкотии што ги создаваше граѓанската војна и др., создаваа поволна почва за постигнување на извесен успех.

Во движењето беа вклучени воглавно авантуристичките елементи, контрачетници, соработници на окупаторот, познати гркомани, агенти на грчката полиција и сл.

Поради тоа што создавањето на автономистичко движење ја изложуваше и ја компромитираше грчката власт пред јавноста, организаторите на истото правеа напори тоа да се врши колку што беше можно поконспиративно и внимателно, Но, понекогаш беа принудени да отстапуваат од тоа правило. Така на пример во септември 1945 год. англиски и грчки агенти придружени од жандари со помош на претседателот на општината Сотирис Бабулис во с. Габреш, Костурско одржаа широк состанок со 30 селани. Од присутните беше побарано да влезат во организацијата ВМРО, заканувајќи им се дека ако тоа не го сторат ќе бидат интернирани во островите. Селаните кои исплашени од заканувањата влегоа во ВМРО, но многу брзу се откажаа од неа и продолжија да членуваат во организацијата НОФ.

Во октомври 1946 год. во Сорович одржан е состанок на прет-

седателите на општините од целата околија, На состанокот се расправаше за редот, односно за борба против партизаните и за формирање на автономистичка ВМРО во македонските села.

После тоа претседателот на општината на Екши-су кој присуствуваше на споменатиот состанок во Соровиќ, пред група селани во Екши-Су рече дека за нас Македонците не чини ниту Србија, ниту Грција , ниту Бугарија. Ние треба сами да се управуваме. Слични пароли беа фрлени од претседателите на Пателі, Арменско и Соровиќ.

Во градчето Острово, Воденско во таа акција беше ангажиран Хариши Хацихариси, познат антимакедонец, агент на грчките власти и соработник на германскиот окупатор. Тој од англискиот мајор Еванс во средината на 1945 год. доби задача да организира автономистичко движење во Воденско.

Организацијата НОФ се соочи со еден нов мошне опасен непријател на македонскиот народ. За остранување на опасноста НОФ презеде брзи и енергични мерки. Во акцијата на НОФ од голема корист беше говорот на Маршал Тито во Скопје на 11 октомври 1945 год. кој ги разобличи овие махинации на десницата и англичаните. Говорот на Тито во целост го објави органот на НОФ "Билтен" кој беше растурен по цела Егејска Македонија.

Раководството на НОФ веднаш го запозна своето членство за ова вешта махинација на реакцијата, која ако не им се застанеше на пат, можеше да ги заведе неупатените, колебливците и да предизвика расцеп во редовите на движењето. Во врска со тоа во својот орган "Билтен" објави статии, издаде прогласи, до своите организации испрати циркуларни писма и сл.

Така на пример во својот орган "Билтен" од 20 февруари 1946 год. објави статија во која го изнесува својот став во врска со исфрлената парола за автономија на Македонија. Во статијата меѓу другото се вели: "... да видиме сега што би значело сега "автономија на Македонија и кои се оние што имаат интерес да зборуваат за тоа. Во тоа ке бидеме помогнати ако земеме во предвид извесни постигнувања на демократските сили во Балканот, кој сега се свршен факт.

1. Решението на АСНОМ со кое Македонија се прогласува за федерална државна единица во Федерална Југославија.

2. Второто заседание на АВНОЈ. Таму преставниците на сите

нации на Југославија еднодушно ги ставија темелите за организирање на татковина врз федеративни принципи.

3. Прогласувањето, по ноемвриските избори на Југославија за Федеративна Народна Република.

4. Факт е дека после овие постигнувања и согласност со нив постои денес слободна македонска федеративна народна република. Нејзина независност е гарантирана од цврстото взаемно единство на нациите вофедерацијата. Нејзината сила е сила на југословенските народи која што баш од тоа единство извира.

Лесно е сега да се разбере што значи автономија на Македонија под покровителство на некои од големите сили. Значи изолирање на Македонија и губење на она што со толку крв го извојува. Својата национална независност , значи нејзино претварање пак подчинета земја. Јасно е само издајници Македонци, агенти на мегународната реакција работа за едно такво нешто. Против нив, без милостен казнувач , ќе биде македонскиот народ, а на тоа ќе му помогнат Грците и Власите антифашисти..." Поместивме соголем дел од оваа статија, бидејќи тоа претставуваше платформа во борбата на НОФ против автомонистичката пропаганда која повремено се појавуваше низ целиот период на Граѓанската војна. Во исти дух е напишано циркуларното писмо на Окружниот комитет на НОФ за Воденско до своите организации. Во него се вели: "... Ќе уништиме секоја разбивачка и предавничка дејност со најтешка казна, стигнувајќи дури и до стрелање спрема оној што ќе го употреби зборот "автономизам" бидејќи тие ке бидат гробари на нашите организации..."[64/1)]

Како што наведовме, напори за создавање на автономистичко движење во Егејска Македонија правени се пред целиот период на Граѓанската војна . Ова може да се констатира и од фактот што тоа прашаее беше предмет на третирање на активот на НОФ и на I и II конгрес и други форуми на НОФ.

Во акцијата против автономистичкото движење, активно беа вклучени КПГ-ЕАМ и другите демократски организации. Но тоа што одигра решавачка улога во ликвидирањето на тоа движење, беше правилната политика на КПЈ по Македонското национално прашање на чии принципи дејствуваше и македонското национално ослободително движење во Егејска Македонија предводена од НОФ.

2. Автономистичкото движење организирано од Бугарија

Речиси едновремено за македонското ослободително движење се појави уште една опасност. Таа опасност доаѓаше оттаму од каде што најмалку се очекуваше барем за тоа време. Имено, таа опасност се појави од соседна отечественофронстовска Бугарија. Бугарското раководство, како што покажаа настаните што уследија, не можеше да се помири со фактот дека во Егејска Македонија се појави и се разви македонската организација НОФ која го поведе македонскиот народ во решителна борба против грчкиот монархофашизам и за правото на негово национално самоопределување, и национално ослободување. Спротивно на таквите цели и програма на НОФ, кои најмногу одговараа на тогашните услови, желба и стремежи на македонскиот народ, бугарското раководство во Егејска, односно во Истична Егејска Македонија ја фрли паролата за "автономија на Македонија". Таквата парола не само што не одговараше на настанатата физиономија на Балканот во однос на општественото уредување, туку му даваше повод и аргументи се нафрли против Македонците.

Впрочем, да видиме што конкретно презеде бугарското партиско и државно раководство? И покрај тоа што на бугарското партиско и државно раководство добро му беше познато дека во цела Егејска Македонија постои и дејствува организацијата НОФ со своја програма и цели која правеше огромни напори да ја разобличи хистеричната пропаганда на грчката реакција, дури и на КПГ која пак организацијата НОФ ја напаѓаше и ја карактеризираше како автономистичка, авантуристичка, и за да му се спротивстави на уништувачкиот терор на грчките вооружени банди и власти, таа во Источна Егејска Македонија презеде акции да организира посебно македонско движење на автономиската платформа надвор и независно од НОФ и спротивно на неговата програма и цели.

Еве што, меѓу другото, читаме во еден извештај на НОФ од 11 август 1945 год.:".... Во Демихисарската околија се движи една вооружена група од 9 души под раководство на Петар Ников, испратена и раководена од секретарот на БРП (к) во Петричко, Тантилов. Нашите организатори се сретнаа со оваа група и на нив Петар Ников им рекол дека извршува наредби на Тантилов. Гореспоменатата група пропагира за слободна Македонија, со матна политичка ориентација, работи и се движи слободно и со нејзината дејност го изложува македонското насе-

ление и идава аргументи и поводи на реакцијата за уште поголеми репресалии против него...." 64б)

Групата активисти на НОФ на чело со членот на Главното раководство на НОФ, Михајло Керамитчиев, која тогаш престојуваше поради организациона работа во Источна Македонија, согледувајки ги многу штетните последици за организацијата НОФ и за целото македонско национално-ослободително движење на Егејска Македонија од таквата дејност на Бугарите, веднаш реагираше и презеде акции за осуетување на таквата дејност.

Во еден друг извештај, пак на НОФ, од 18 септември 1945 год. се вели дека активистите на НОФ од тој терен дошле во контакт со споменатите групи уфрлени од Бугарија нашироко дискутирале и полемизирале околу нивната мисија и дејност настојувајки да ги убедат за големите штети што му ги нанесуваат на македонското ослободително дело и дека таквата нивна дејност не е ништо друго освен една најгруба диверзија против НОФ и против придобивките на македонскиот народ,итн. Ни направи голем впечаток тоа, се вели натаму во извештајот, дека како меѓу нив, така и меѓу населението ништо не се зборува за националното осознавање на македонскиот елемент, за неговите придобивки и сл. И не само тоа, туку како меѓу нив така и меѓу народот нашироко пропагираат дека Македонците се дел од бугарскиот народ итн.

Членот на Главното раководство на НОФ, Михајло Керамитчиев, искористувајки ја прославата по повод победата на Отчествениот фронт, на 9 септември пред споменатите групи и други, одржа говор во кој на широко ги анализираше и ја образложуваше линијата и целите на НОФ,политиката на КПЈ по македонското национално прашање, односно за придобивките на Македонците од Вардарска Македонија и др.

На таквото истапување од страна на Михајло Керамитчиев веднаш реагираа раководителите и агентите на бугарските групи. Тие наредија раководителите на НОФ да бидат спроведени во Петрич каде што ги држеа два дена во затвор и по долги дискусии и полемики ги ослободија.

Во продолжение на истиот документ се вели дека како за време на престојот во Серско и Демирхисарско и во нивното ослободување од затворот во Петрич, активистите на НОФ констатирале дека од селото Петрово и од градот Петрич вооружени групи, составени од Македонци од Серско и од Пиринска Македонија, и понатаму биле уфрлувани во Источна Македонија. Водачи на тие групи биле Пецо и Ангел од Елсин, Демирхисарска околија, а како главен организатор вил Анастас Бошков

директно раководен од Тантилов, кој за таа цел имал организирано во Петрич 180 души. Во почетокот на септември дошол од Софија еден раководител со специјална задача за да ги организира подобро групите исл.

На крајот од споменатиот извештај, меѓу другото,се вели: ".... И групите, и нивните раководители, на кои им ги објаснивме целите и линијата на нашето движење, изразуваа симпатии спрема нас и ако успеевме да им го развиеме повеќе прашањето политички, а и со личното влијание што успеаја да го имаат врз нив нашите кадри од Серско(браќата Поп-Петрови и др.), ќе можевме сите да ги придобиеме и во иднина да ги раководиме ние. Меѓутоа, со доаѓањето на претставникот од Софија тие ја продолжија својата активност спротивно на линијата на НОФ. Така, на пример, на 3 септември во Источна Македонија беше уфрлена група од 13 души, а на 10 септември 1945 година втора група од 40 души под раководство на Ангел и Пецо. Влијанието на тие групи е ограничено само во неколку македонски села во Серскиот и Демирхисарскиот округ и во Џумаја. Паролите што ги фрлаа се за автономна Македонија, работат и делуваат многу отворено, спротивно на тактиката на НОФ, испраќаат застрашувачки писма до селските претседатели, и нивното јавно движење и дејност им даваат поводи и аргументи на грчката реакција да презема разни мерки (чести заседи, масовни апсења на Македонци, населување на грчки елементи во македонските села и сл.). Освен тоа во градот Серес под влијание на паролата "за автономна Македонија" став и дејност на БРП (к) се зворува за македонското прашање спротивно на линијата на НОФ..."[64в)]

Бугарското партиско и државно раководство, за да ја наложи својата линија и плановите во однос на македонското национално прашање и за да ги отргне Македонците од организацијата НОФ, покрај примамливата парола"За независна Македонија" пропагирана и спроведувана од своите агенти и споменатите групи, презеле и административни мерки против Македонците кои не ја прифаќаа таквата негова политика и линија. На Македонците од Источна Македонија кои поради теророт на грчката реакција пребегаа во Пиринска Македонија, им беше вршен притисок или да се организираат во нивните организации и групи или да заминат во с.Булкес, Војводина(Југославија) каде што беа

сместувани политичките бегалци од Грција, Кога 70 Македонци активисти и борци од Серско го одбија тоа и изразија желба да се поврзат и организираат во НОФ, бугарските власти ги интернираа во град Севлиево.

Меѓутоа, развојот и успесите на НОФ во сплотувањето на своите редови на најголемиот дел на Македонци од Егејска Македонија и нивното вклучување во решителна борба за национално самоопределување и ослободување, имаа како резултат обидите и акциите на Бугарското раководство, преку посебна автономистичка организација да ја минира линијата на НОФ и да создаде раздор меѓу Македонците, да претрпат целосен неуспех. Создадените организации од бугарските агенти во Источна Македонија беа растурени многу брзо и насекаде преовладеја македонските антифашистички организации НОФ, НОМС и АФЖ.

Меѓутоа, и покрај претрпениот неуспех на бугарското настојување за минирање на македонското националноослободително движење во Егејска Македонија уште во неговиот почеток, во 1945 година, бугарското раководство не се откажа да се меша и да настојува да наметнува свои ставови и линии за решавањето на македонското прашање през целиот период на Граѓанската војна/1945-1949/, а особено по резолуцијата на Информбирото и по неа во источноевропските земји каде што емигрираа многу Македонци по поразот на борбата.

Г Л А В А III

1. Организациона поставеност и активност на НОФ

Македонската организација НОФ се појави независно и над двор оа КПГ. Поради тоа во нејзиното делување и постоење имаме два периода: периодот кога делуваше самостојно и независно од КПГ (23.IV.45 - 21.XI.1946) и периодот кога делуваше под раководство на КПГ (од 21.XI.46 до 2.IV.52 кога формално беше расформирана).

Како што наведовме македонските организации АФЖ и НОМС беа формирани во истиот оснивачки состанок и во состав на НОФ. Поради тоа до нивното издвојување и осамостојување од НОФ или расформирање, нивната организациона и политичка активност ќе ја проследиме во склопот на активноста на НОФ. Македонската организација АФЖ во состав на НОФ делуваше до I-от конгрес на НОФ (13.I.1948) кога се осамостали со свое раководство, а организацијата НОМС до крајот на 1946 год. кога се расформира и нејзините членови се вклучија во редовите на грчката демократска организација ЕПОН.

По донесувањето на одлуката за формирање на организацијата НОФ и во нејзин состав организациите АФЖ и НОМС, во истиот оснивачки состанок било избрано и раководство на истата во состав: Паскал Митровски, Михајло Керамитчиев, Цоцо Урдов, Атанас Коровешов, Павле Раковски и Минчо Фотев.Од членовите на раководството на оснивачкиот состанок посебни задолженија добиле: Атанас Коровешов, да одговара по партиска линија, Минчо Фотев по НОМС, а Павле Раковски, доби задача, покрај другото, да ја организира агитацијата и пропагандата.

Откако на состанокот беше утврдена физиономијата на организационата структура на организацијата, начинот и методот на организацијата во строго илегални услови, кадровското прашање и други прашања од организационен и политички карактер, членовите на раководството тргнаа да ги удрат темелите на НОФ односно да ги формираат окружните раководства, односно окружните поверенства на НОФ, како што тогаш се именуваа. За реализирање на таа задача во Костурско заминал Паскал Митровски, во Источна Македонија Михајло Керамитчиев во Леринско Цоцо Урдов, во Воденско Павле Раковски и во Енице-Вардарско Танс Коровешов.

За успешното извршување на задачата беше потребно, меѓу другото, да се усвои народот, да се сплоти во редовите на македонското движење, да се расклинка и неутрализира клеветничката кампања од страна на кадрите на КПГ и реакцијата. Откако ке се постигнеше тоа, ќе можеше да се смета на успех во омасовувањето на организацијата.[65)]

Прва окружна организација на НОФ е формирана во Воденско. Тоа се должи на фактот дека таму суштествуваше организацијата ТОМО уште од јануари 1945 год. Всушност ТОМО се преименува во НОФ.

Во врска со преименувањето на ТОМО во НОФ на 29 април 1945 год. беше свикана окружна конференција на ТОМО, која се одржа во месноста Трупче меѓу селата Кронцелево и Волкојанево, Воденско. Конференцијата едногласно ја привати одлуката на Главниот одбор на НОФ организацијата ТОМО да се преименува во НОФ.[66)]

На 20 јуни 1945 год. во присуство на членот на Главното раководство на НОФ Павле Раковски, неколку километри надвор од градот Воден одржана е втора окружна конференција на НОФ за Воденско во која се расправаше за меѓународната ситуација, идеолошката содржина на борбата на македонскиот народ од Егејска Македонија и формите на нејзиното водење, организациони прашања, избор на окружно раководство и др.

Конференцијата усвои задачи за проширување на организацијата НОФ во сите македонски села, да се формираат организации АФЖ и НОМС, да се формираат народноослободителни одбори таму каде постојат можности за работа и др.[67)]

На крајот беше избрано окружно раководство, односно окружен одбор на НОФ за Воденско во состав: Вангел Шамарданов, Ристо Кордалов, Вангел Ајановски, Туши Керамитчиев, Петре Попов, Ташко Хацијанов, Мирка Гинова, Вуковалов Ристо, Ристо Шорев, Марика Самаренова, Гуши Трпчевски и Панајот Божинов.

Новото раководство на НОФ одржа и прв состанок на кој беше конституиран Извршен одбор или секретаријат на НОФ со следните членови: за политички секретар беше избран секретарот на ТОМО Вангел Ајановски-Оче, за организационен секретар Вангел Шамарданов-Илинденски, Ристо Кордалов одговорен за воени прашања и партизанскиот одред, Петре Поповски одговорен за пропаганда и агитација, Ристо Вуковалов одговорен по финансии, Мирка Гинова одговорна за АФЖ, а

Ташко Хаџијанов за раководител на НОМС. За членови на штабот на партизанскиот одред беа именувани: Туши Керамитчиев и Ристо Шорев. За политички секретар на Градскиот одбор на НОФ за Воден беше избран: В.К., Марика Самаренова, се одреди за АФЖ во Воден, Гуши Трпковски беше поставен за секретар на реонскиот одбор на НОФ за Караџова, а Панајот Божинов за секретар во реонот во Месимер. За секретар на Островскиот реон беше именуван Ристо Богоев, а негов помошник Иљо Картов, за НОФ во В'ртикоп Тодор Волчевски и Миле Нушев.[68]

Организацијата продолжи со своите напори да ги опфати во своите редови сите Македонци. И покрај многу строго илегалните услови за работа и свирепиот терор, во јули 1945 год. таа веќе се омасови, опфаќајќи 36 села и градот Воден. Покрај окружното поверенство, имаше Градски одбор и четири реонски одбори на НОФ.[69] Овие успеси на воденската организација се должат на добрата организациона поставеност, методот и работата и нормалното функционирање. Во градот Воден поради тешките услови за работа, организацијата беше поделена во кварталии и фабрики на чело со одбори, а членовите беа организирани во групи и келии. Во селата во кои не биле под непосредна контрола на непријателот, сите организирани се раководеа од едно раководство и биро и своите состаноци ги одржуваа групово.

Согласно одлуката на оркужното поверенство на НОФ за Воденско, окружното, градското и среското поверенство должни беа да одржуваат секои 15 дена состаноци со организациона и политичка тематика; околиските и градските поверенства секои 15 дена одржуваа состаноци; реонските поверенства и месните бира секоја седмица свикуваа организационо-политички состаноци и одржуваа теоретски предавања. Исполнувањето на ова задача зависеше од условите кои се повеќе стануваа тешки поради што организацијата НОФ во подрачјата контролирани од реакцијата минаа во строга илегалност.

Организацијата НОФ во Воденско и покрај теророт и разбивачката политика на КПГ-ЕАМ и на сите непријателски групации на округот, продолжи да функционира нормално, како во градот така и во селото и да постигнува успеси. Во Мегленско во НОФ беа опфатени сите села дури од повеќе мацирски-грчки села во редовите на НОФ влегоа и Мацири(Грци бегалци).[70]

Организацијата НОФ во Воден успеа да продре и во синдикалните организации, разни професионални сојузници, разни здруженија,

фудбалски клубови и сл.

Организацијата НОФ во Костурско е формирана на 9 мај 1945 год.. Имено, на тој ден во присуство на членовите на Главното раководство на НОФ Паскал Митровски и Михајло Керамитчиев е одржан состанок на 16 активисти кои го формираа Окружното раководство на НОФ од 4 члена со секретар Мичо Шишковски. Освен тоа, беа определени кадровите кои што ќе ги сочинуваа средските(околиските) и реонските раководства во Костурскс. Потоа поставените кадрови заминаа на теренот и почнаа со формирање на организации во целото костурско подрачје, конституирање на раководствата од легални и нелегални кадри, формирање на вооружени групи за самоодбрана и сл.[71)]

Со несебичното залагање и пожртвуваност, во услови на невиден терор и прогони против активистите за време од два месеца успеале да го пополнат апаратот на НОФ во три градови (околии) и десет реони колку ги имало во Костурско со 48 активисти и да формираат во 70 села основни организации на НСФ-АФЖ-НОМС. [72)]

Во првата половина на август 1945 год. во Костурско отишолчленот на Главното раководство на НОФ, Цоцо Урдов придружен од активисто Ламбро Чолаков. Тој по налог на секретарот на Главното раководство на НОФ Паскал Митровски изврши измени во окружното раководство со тоа што наместо Мичо Шишковски, за секретар го поставил Ламбро Чолаков. Тоа уследи по некои недоразбирања по организациони и други прашања помеѓу Шишковски и Митровски.

И покрај тоа што оваа неоправдана измена предизвика негодување, недоверба и расправии меѓу активистите на НОФ во округот, организацијата продолжи да постигнува и понатаму успеси. Еве што читаме во извештајот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско во врска со тоа: "... Во тоа време (мисли на 1946) единствената организација која одржуваше контакти со релативно добра организација во славомакедонските села, беше НОФ и тоа поради што располагаше со раководни кадри и доста добро вооружени курири..." [73)]

На 14 мај 1945 год. формирано е Окружното поверенство на НОФ за Леринско со секретар Јане Василев, а од јули Христо Јанковски. Како во другите окрузи, така и во Леринскиот веднаш се пристапи кон оформување на околиски, реонски и градско раководство на НОФ и формирање на основни организации. Основни организации на НОФ-АФЖ-НОМС беа формирани во градот Лерин, во селата и во некои производни прет-

пријатија. На состанокот на Окружното раководство на НОФ што се одржа во јули е констатирано дека округот е поделен во две околии со повеќе реони и дека целиот е покриен со организации.[74] Градскиот одбор на НОФ за Лерин, поради тешките услови за работа, дефинитивно е конституиран на 19 ноември 1945 год. кој на 23 истиот месец одржа состанок на кој усвои план за работа, расподелба на задачите, меѓу членовите на одборот и сл. На 25 ноември Градскиот одбор ги свика раководствата на трите градски реони на кои им беа пренесени и анализирани задачите на организацијата.

Во текот на 1945 год. поради настрадувањето на кадри на НОФ и од други причини и потреби повеке пати се менуваше кадровскиот состав на организацијата.

Окружното поверенство на НОФ за Гуменце и Енице-Вардар е формирано во состав од Иван Ничев-секретар и Иван Ковачев. Овој округ беше поделен на два околиски одбори (поверенства): Гуменце и Енице-Вардар. За многу кратко време , односно за еден месец, како окружното, така и околиските и реонските одбори беа кадровски комплетирани. Основни организации на НОФ-АФЖ-НОМС беа формирани во сите македонски и во неколку влашки села и во градовите Гуменце и Енице. За да се види колку големи успеси постигна организацијата, доволно е ако се наведе податокот дека само од една фабрика во Гуменце во НОФ беа организирани 350 работници. Исто така, значаен успех претставува и организирањето на влашкиот елемент во македонските организации НОФ-АФЖ-НОМС.[75]

На организацијата НОФ во Гуманца-Енице-Вардар сериозен удар и беше нанесен на 2 септември 1945 год. кога заедно со членот на Главното раководство на НОФ Атанас Коровешов загинаа и активисти за НОФ од тоа подрачје Коста Зиков и Танас Ѓувчев и на 17 спроти 18 ноември истата година кај с.Баровица во нерамна борба загинаа активистите на НОФ Алексо Василев, Петар Карамагнов, Георги Удов, Ѓорги Карлев и Трајан. И покрај овој сериозен удар кој неможеше да не остави негативни последици, организацијата со големи напори на своите активисти, се опорави и ја продолжи својата активност забележувајки нови успеси во мобилизирањето на народот во борба против монархофашистичкиот терор.

Процелот на формирање на организации НОФ-АФЖ-НОМС во Источна Македонија одеше многу потешко од колку во другите делови на

Егејска Македонија. Тоа се должело пред се на извонредно појакиот терор спроведен од бандите на Андон Чауш и официјалните власти поради што настапи масовно емигрирање на Македонците во соседните народни републики. Освен тоа во воспо тавувањето на организациони бази и во формирање на организации на НОФ, голема пречка претставуваше и политиката на бугарската работничка партија,(Комунити).

Така формираното на 11 август 1945 год. Окружно раководство на НОФ за Серско во состав од Михал Апостолски, Гранити, Ѓорги Ѓаката и Мичо Миларов, со помошта на членот на Главното раководство на НОФ Михајло Керамитчиев, разви интензивна организациона активност формирајќи основни организации во повеќе села и ќелии во градовите: Серес, Нигрита и Демир-Хисар.[76] И покрај набележените резултати,поради погоре наведените причини, организацијата НОФ во Источна Македонија не ја доби масовноста што беше постигната во другите подрачја на Егејска Македонија.

Организации на НОФ во помал обем беа формирани во градот Солун и околијата и во Кукушко.

По неколкуте реорганизации низ целата 1945 год. од кои најважна беше онаа во декември што поради зимата од теренот беа повлечени околу 50 активисти, организационата структура на НОФ во почетокот на 1946 год. е следната:

ГЛАВНО РАКОВОДСТВО

На чело на организацијата НОФ и на организациите АФЖ и НОМС беа формирани во нејзин состав стоеше Главно раководство избрано на оснивачкото собрание одржано на 23 април 1945 год. Главното раководство на НОФ беше составено од Паскал Митровски, Михајло Керамидчиев, Цоцо Урдов, Павле Раковски, Атанас Коровешов, Минчо Фотев. По погинувањето на Атанас Коровешов во септември 1945 год. во раководството беше кооптиран Лазо Дамовски-Ошенски. Но, поради некои несогласици меѓу него и секретарот на НОФ П.Митровски, тој беше отстранет од раководството.

Главното раководство на НОФ имало свој секретар кој одговараше за целокупната работа и политика на организацијата. Останатите членови на раководството во текот на 1945 год. покрај тоа што главното тежиште на својата работа го имаа насочено во организационото оформување на организацијата, сепак тие имаа и посебни задол-

женија: за организациони прашања, за агитација и пропаганда, за АФЖ, НОМС и финансии.

Работата на Главното раководство се одвиваше во седници кои, според установениот принцип, треба да се одржуваат еднаш седмично или по потреба во зависност од проблемите. Овој принцип поради условите во кои делуваше организацијата не можеше да се запази во целост.

При Главното раководство на НОФ имало инструктори распоредени по окрузи, кои непосредно се раководеа од Главното раководство и за својата работа му одговараа нему. Инструкторите ја контролираа работата на окружните раководства на НОФ, ги пренесуваа одлуките на Главното раководство и им даваа непосредна организациона и друга помош на пониските раководства и организации.

Окружни поверенства (одбори) на НОФ

Според организационата структура на НОФ прифатена во оснивачкото собрание, Егејска Македонија поделена во пет округа и тоа: Костурски, Леринski, Воденски, Гумениски, Енице-Вардарски и Серски. Оваа поделба постоеше до Првата земска конференција на НОФ одржана на 20.V.1947 год., кога округот Гуменце - Енице-Вардар се присоедини кон Воденскиот округ.

Окрузите се делеа на срезови(околии), реони и градови.

а) Костурски округ

Костурското окружно раководство на НОФ беше составено од 4 члена и тоа : Ламбро Чолаков - секретар, Јани Пировеци - одговорен за НОМС, Герман Дамовски и Коле Шиперков - членови.

Округот се делеше на 3 срезови(околии): Преспанскиот, Корештанскиот и срезот Пополе.

Среското (околиското) поверенство Преспа беше составено од Коле Панов - секретар, Д.Аспровски - одговорен на НОМС и Алекси Мирчев - член. Се делел на два реона: на Германскиот кој имал 16 села од кои 14 имаше организации на НОФ со 180 членови во НОМС со 230 членови и АФЖ со 97 членови. Раководството на овој реон го сочинуваа: Петре Аспров, секретар, Лука Николов, Алеко(легален), Христо (легален), и Африканкиот реон составен од седум села од кои во 6 имало организации на НОФ со 70 члена, НОМС 76 и АФЖ 42 членови, а

раковотен од Алексо Мирчев - секретар, Алексиевски, одговорен на НОМС и Боро - член(легален).

Корештанскиот срез(околија) раководен од Васил Чочов- секретар, Христо Ловачев, одговорен на НОМС, Кирјако Цалев и А.Цафаровски- членови. Бил поделен во реоните: Дреновенскиот со 14 села, од кои во 9 делуваа организации на НОФ со 75 членови, НОМС со 91 и АФЖ 31 членови, Д'мбенскиот реон со 9 села од кои во 6 имало организации на НОФ со 69 членови, НОМС со 97 и АФЖ со 59 членови.

Тиолискиот реон составен од 14 села од кои поради многу тешката положба создадена со немилосрдниот терор, само во две села имало организации на НОФ и НОМС.

Среското(околиското) поверенство Пополе било составено од Пандо Терповски - секретар, Вангел Мирковски, Таки Губиденски - одговорен на НОМС и Ташко Лазаров.

Срезот се дели на три реони иеден под реон и тоа: Жупаниският реон со 12 села од кои во 10 села имало организации на НОФ со 132 членови, НОМС со 172 и АФЖ со 60 членови. Раководството на овој реон го сочинуваа: Таки Губиденски - секретар, Н.Павловски и Сотир Тимјовски - одговорен на НОМС.

Хрупишкиот реон со 10 села од кои во осум имало организации на НОФ со 58 членови, НОМС со 49 членови и АФЖ со 19 членови, раководството на овој реон било составено од Пандо (легален) и Сотир Романски

Костанарискиот реон со 19 села и со реонско поверенство од Вангел Мирчевски, секретар, Иљо Зафиров, Ѓорѓи Калчев и Аристиди Папзисов. Од овој реон во 12 села имало организации на НОФ со 113 членови , 85 во НОМС и 24 во АФЖ или вкупно во Костурскиот округ во НОФ биле организирани 457, во НОМС 499 и во АФЖ 203 лица.

б) Леринси округ

Окружното поверенство на НОФ за Леринско се состоело од три члена: Лазар Поплазаров - секретар, Христо Коленцев и Тане Наумов - членови. Округот се делел на Леринси, Соровички и Кајларски срез и градски одбор.

Леринското средно поверенство се состоеше од Живко Поповски, секретар, Никола Патков, Вангел Гешковски, Коста Чинговски, Тане

Каркачев и Иљо Ќатиповски. Срезот се делеше на пет реони:

Буфски реон со 13 села од кои во 4 села имало организации на НОФ со 73 членови, НОМС со 55 и АФЖ со 23 членови. Раководството на реонот го сочинуваа: Илија Ќатипов - секретар, Трајан (легален).

Костурски реон со 16 села од кои во 11 имаше организации на НОФ со 104 членови, на НОМС со 99 и на АФЖ со 18 членови. Раководството на овој реон беше составено од Вангел Гешковски - секретар, Ѓорѓи Колев, Атанас Поп-Димитров и Ката одговорна на АФЖ.

Банички реон со 6 села во кои имало организации на НОФ со 56 членови. Раководството го сочинувале:Тане Каркачев, секретар, Пандо Павлов, член.

Овчаренски реон со 11 села и со реонско поверенство составено од Коста Чинговски - секретар и Ѓорги (легален). Од овој реон во 8 села имало организации на НОФ со 98 членови, НОМС со 150 и АФЖ со 32 членови.

Турјанскиот подреон имал 6 села и во сите имаше организации на НОФ со 135 членови, НОМС со 112 членови и АФЖ со 45 членови.

2. Соровичко-Кајларски срез (околија)

Раководството на овој срез (околија) се состоела од Евдокија Бањова - секретар, Трпчо Костовски, Тодор Кочовски-Виктор, Пандо Ексисувски.

Околијата беше поделена на реоните Екши-Су, Ајтос и Мокрени.

Реон на Екши-Су со 5 члена и со реонско поверенство од Тодор Кочовски-Виктор - секретар, Хариси Кочо и Ќантов. Во сите пет села на овој реон функционирале организации на НОФ со 135 членови на НОМС со 112 членови на АФЖ со 45 членови.

Ајтовскиот реон со 8 села од кои едно влашко и едно албанско со секретар Трпче Костовски. Во сите останати шест македонски села имало организации на НОФ со 72 членови , НОМС со 63 и АФЖ со 14 членови.

Мокренски реон. Овој реон имал 16 села од кои во 13 имало организации на НОФ со 141 членови, НОМС со 140 и АФЖ со 38 членови. Реонското раководство го сочинувале Панде Ексисувски - секретар и Ѓорѓи Кантов.

Градот Лерин се делел на три реони: реонот на Чифлик,реонот на центарот и реонот на Свети Никола. Градскиот комитет на НОФ бил составен од Андон Пистровски, секретар, Вангел Ѓерчанов и Васил Стојков - одговорен на НОМС.

Реонскиот комитет на Чифликот бил составен од Михаил Живојчев, секретар, Вангел Ѓерчанов и Тодор Гаржулев, членови на реонот центар: Илија Казија, Лазар Варлиев и Мичо Ќантов и реонот Св.Никола од Трајко Бужев и Шиме Ичев. Во градот Лерин во организациите НОФ, НОМС и АФЖ членувале околу 200 лица.

б) Воденски округ

Овој округ се делеше на два срезови: Мегленскиот и Островскиот. Со работата на организацијата НОФ во Воден раководеше Градскиот комитет.

Окружното раководство на НОФ го сочинувале: Вангел Ајановски-Оче - секретар, Ташо Хаџијанов- одговорен на НОМС, Петар Попов, Јани Сакакачанов и Вангел Шамарданов. На 15 април 1946 год. извршена е реорганизација на окружното раководство на НОФ во кое влегоа: Вангел Ајановски-Оче - секретар и одговорен за градот Воден, Вангел Шамарданов-Илинденски - одговорен за идеолошката работа. Мирка Гинова одговорна за АФЖ и НОМС, Ѓорѓи Костов-Сандански- одговорен за околиското поверенство на Меглен и Христо Вуковалов - Жуков - одговорен за Средското поверенство Острово.[77)]

Мегленскиот срез беше составен од Апостол Апостолски - секретар, Јани Калајџиев, Христо Шоров и Андреа Шеќерски, одговорни на НОМС. Срезот се делел на три реона и тоа:

Реон на Кронцелево со 13 села од кои во 12 имало организации на НОФ со 830 членови, НОМС со 808 членови и АФЖ со 484 членови.

Реон на С'ботско, со 12 села од кои во 8 имало организации на НОФ со 258 членови, НОМС со 105 членови.

Островски срез беше составен од Гоце Родовичев, Христо Буковалов, Панајот Масимеров, Петре Шорев, одгорен на НОМС и Коле Пожаренков.

Оваа околија (срез) беше поделена на реоните Островски, Месимерски и Црно Мариново.

Островскиот реон со 7 села во кои имало организации на НОФ

со 86 членови, НОМС со 57 и АФЖ со 37 членови.

Месименскиот реон со 11 села во кои во сите имало организации на НОФ со 296, на НОМС со 182 члена и на АФЖ со 199 членови.

Реон на Црно Мариново - Овој реон со 8 села се наоѓа околу градот Негуш. Во селата дејствувале организации НОФ, АФЖ и НОМС. но во извештаите недостигаат податоци за бројот на организациите.

Градот Воден организационо бил поделен во квартали и фабрики. Во петте квартали во кои живееле Македонци функционирале организации на НОФ со 1475 членови, НОМС со 1032 и АФЖ со 851 членови.

Организации имало во фабриките: "Цици" на НОФ со 17 членови, НОМС со 46, АФЖ со 38 члена; фабриката "Естија" НОФ со 28, НОМС со 11 и АФЖ со 8 членови и фабриката за преработка на конопНОФ со 24 членови. Или вкупно во градот Воден во НОФ биле организирани 1530 Македонци, во НОМС 1121 македонски младинци и младинки и 940 македонски жени.

Градкиот одбор на НОФ го сочинувале Алексо Печинаров, Ѓани Јаката - одговорен на НОМС, Марика Самаренчева. Христо Нетков и Коста Нишанков.

Округ Гуменце-Енице-Вардар

Наведените удари што ги претрпи на 1 септември и на 11 ноември 1945 година кога загинаа повеќето професионални кадрови, многу негативно се одрази во омасовувањето и зацврстувањето на НОФ и на другите организации НОМС и АФЖ во овој округ. Останатите кадрови и со непосредната помош на Главното раководство на НОФ со крајни напори и пожртвуваност успеале за многу кратко време да ја средат и нормализират ситуацијата, да ги реорганизират организациите, кадровски да ги помогнат испразнетите места и да постигнат нови успеси во проширувањето на организацијата.

На 1 јануари 1946 год. организационата состојба на НОФ беше следната:

Овој округ се делеше на два срезови (околии) Гуменциски и Енице-Вардарскиот. Окружното поверенство (раководство) беше составено од Иван Ничев - секретар и Иван Ковачев - одговорен на НОМС.

Гуменциското среско (околиско) поверенство го сочинуваа Вангел Ничев- секретар, Коста Гацов и Атанас Куфаловски. Оваа око-

лија беше поделена на три реони: Љумничкиот реон со секретар Коста Гацов и двајца легални членови: Баровичкиот реон и Куфаловскиот реон со секретар Атанас Куфаловски - легален. Гуменцискта околија имала 52 села од кои 25 мацирски, 21 македонски, неколку мешани и 6 влашки.

Во Љумничкиот реон освен во македонските, организации на НОФ-НОМС и АФЖ имало и во шесте влашки села.

Во Баровичкиот реон организации на НОФ имало во шест села со 41 членови на НОФ и 23 во НОМС.

Во Куфаловскиот реон организации на НОФ и на НОМС суштествувале во осум села со 26 членови на НОФ и 21 членови на НОМС.

Во Енице-Вардарски срез организации на НОФ постоеле само во пет села. Тоа се должеше на ударот што го претрпе организацијата на 17 ноември кога скоро сите кадрови од оваа околија погинаа. Потоа за секретар на оваа околија бил постевен Тодор Дојчинов.

Во градот Гуменце постоел Градски комитет од 5 легални членови и со секретар Христо Љаков. Градот бил поделен на 4 реони. Секој реон имал трочлено поверенство на НОФ и трочлено поверенство на НОМС. Во Свиларната филатура постоел комитет кој имал организирано групи на НОМС и на АФЖ. Исто така организација на НОФ имало и во градската кооперација.

Подоцна, односно во мај 1946 год. раководството на НОФ беше пополнето и го сочинувале: Иван Ничев, Вангел Ничев, Иван Ковачев, Тодор Симовски, Тодор Дојчинов, Кочо Киров, Ванчо Веков, Ѓорги Киров, Коста Бинчев, Вангел Старојанчев, Трајан Шашев, Христо Валканов, Атанас Самаренчев и Димитар Марков. Од наведените активисти, Кочо Киров и Иван Венов раководеа со партизанскиот одред формиран од мај 1946 година.

Според непотполните податоци во почетокот на 1946 година организација НОФ имаше, покрај главното, пет окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадрови на НОФ и АФЖ. Во територијата на Егејска Македонија функционирале преку 170 селски и градски организации во кои членувале 4734 Македонци и Власи во НОФ, 4823 младинци и младинки во НОМС и 2201 Македонки и Влаинки во АФЖ.[78)]

Недостиват податоци за состојбата на организациите НОФ, НОМС и АФЖ во Серкско, Солунско,Кукушко и делумно во Гуменциско-Енице-Вардарско. Тоа се должи на ударите што ги претрпеа македонските организации во тие подрачја.

Треба да се има предив дека во декември 1945 год. бројот на професионалните кадри на НОФ изнесувал околу 150 души. Ова намалување се должи на реорганизацијата на организацијата НОФ што е извршена со одлука на Главното раководство на НОФ за повлекување од теренот на 30 кадри на НОФ и околу 50 борци и активисти кои биле во состав на вооружените групи на НОФ. Оваа реорганизација беше извршена поради настапувањето на зимскиот период и засиленият прогон на грчките власти против кадарот на НОФ. На теренот беше оставен само неопходниот апарат, така што во окружните раководства останаа по 3-5 члена. На тој начин раководствата беа поконкретни, поеластични. Биле расформирани околиските одбори на АФЖ, а реонските и месните раководства повеќето беа составени од дегални членови.[79)]

Со изменувањето на зимскиот период и со ориентацијата на КПГ за вооружена форма на борба - став завземен во нејзиниот Втори пленум одржан на 12 февруари 1946 год., наложи НОФ да ги превземе нушните организационо-политички, воени и други мерки.

Една од главните задачи што ја налагаше новата ситуација беше организационото зацврстување на раководствата на целата организација. Веднаш се пристапи кон пополнување на раководните органи и формирање на нови. Според новата организациона структура прифатена вофевруари 1946 година Окружното поверенство на НОФ се состоело од својот секретар, секретарот на НОМС, одговорната на АФЖ, одговорниот за агит-проп и одговорниот за финансии. Бројот на членовите на окружното поверенствово зависност од условите можело да се зголеми. Среското(околиското) поверенство се состоело од толку членови,колку реонски поверенства имал срезот. Секој член на среското поверенство истовремено бил и секретар на реонското поверенство. Секретарот на реонот, секретарот на НОМС и АФЖ и уште двајца членови го сочинувале реонското поверенство на НОФ.,Раководството на селските ,односно месните организации се состоеа од 3-5 члена - од секретарот на НОФ, секретарот на НОМС, секретарот на АФЖ и уште двајца членови во зависност од бројноста на организацијата. Во градовите и во контролираните подрачја од непријателот, организацијата делуваше во крајно илегални услови, членовите на НОФ, НОМС и АФЖ беа организирани во

тројки, келии и групи со по еден одговорен.

Според организационите инструкции од 12 февруари 1946 год. окружните, средските (околиските) и градските поверенства на НОФ беа должни да одржуваат организационо-политички состаноци. Околиските и градските поверенства уште беа задолжени да одржуваат и состаноци со теоретски теми и разни предавања, а реонските поверенства и месните бира неделно да свикуваат организационо-политички состаноци и да одржуваат теоритски предавања.[80)]

И покрај репресивните мерки на десницата особено заострените после Вториот пленум на КПГ и парламентарните избори од 31 март 1946 год., организацијата НОФ предолжи со својата активност во сплотувањето на македонскиот народ во своите редови, во покривањето на ЕгејскаМакедонија со свои организации, во комплетирањето на раководдствата и нивното ослободување да ги поведат масите во одлучните борби против монархофашизмот и класниот непријател. Во 1946 година единствената организација која располагаше со релативно добри и спремни за борба основни организации во македонските села НОФ, затоа што располагаше со комплетен раководен кадровски апарат, добро организирана курирска служба и сл. За да се види широката разгранетост на НОФ, ќе наведеме само еден пример: во септември-октомври 1946 год. од 77 села колку што имаше Костурскиот округ, во 60 постоеле и делувале организации на НОФ.[81)]

2. Политичка активност на НОФ

Масовен отпор против прогонот (1945-1946)

Една од главните задачи на НОФ, како што наведовме во почетокот, беше да го организира отпорот на македонскиот народ против неговото физичко истребување спроведувано од страна на монархофашистичката десница.

Формите на отпор против уништувачкиот терор на монархофашистичките власти и разбојнички банди што ги применуваше НОФ беа многубројни и разновидни во зависност од конкретната ситуација, условите и степенот на развојот на движењето.

Во првите месеци на 1945 год. кога се воспоставуваше власта на десницата и кога разбојничките и терористичките вооружени банди немилосрдно и неконтролирано го мачеа и го убиваа македонското население, вршеа масовни апсења, палежи, силувања и други оргии,

организацијата НОФ на своите членови и на другите Македонци им сугерираше и им укажуваше да превземаат превентивни мерки на чување и заштита. Посочените мерки се состоеа во напуштање ноќе своите домови и склонување во шуми и други безбедни места, организирање, следење на движењето на бандите и информирање на организациите и сл. Овој вид на превентива од првите злост-орнички налети на вооружените банди имаше релативно добри резултати. Голем беше бројот на Македонците кои преку таква превентива го спасија својот живот, мачењата, апсењата и др., а македонските жени и својата чест. Тоа претставуваше и физичка и психичка подготовка на Македонците за вооружената борба што се назираше и која скоро започна.

Еден добар број на Македонци, особено кадри, за кои постоеше опасност да бидат ликвидирани, или затворени, по налог на организацијата беа склонети во поголемите градови, или пребегаа преку граница. Повекето од нив со развојот на вооружената борба се вратија и активно се вклучија во редовите на НОФ и на ДАГ.

Еден од многубројните видови на прогони што го применуваше грчката реакција против Македонците, беше и масовното судско гонење врз основа на лажни клеветнички обвинувања и монтирани судски процеси. Илјадници беа обвинетите Македонци кои беа повикани да се јават пред монархофашистичките судови за да одговорат на велепредавство, соработка со окупаторот, за автономистичка дејност, за соработка со Југославија и сл. Организацијата НОФ согледувајќи ја оваа вешта и злобна маневра на реакцијата со употреба на "правдата" да му даде законска основа на прогонот врз Македонците, покрај разобличувањето преку својот печат и други средства, имајќи ги во предвид перспективите за развојот на настан , ги советуваше обвинетите Македонци да го бојкотират судот, односно да не се јават на судење, а за оние што беа со сила спроведени и изведени пред суд, организира масовно сведочење и бранење од адвокати. Резултатите и од едниот и од другиот случај беа повеке од задолжителни. Многу Македонци се спасија од егзекутивниот одред и од долгогодишна робија.

Секако една од најефикасните форми на отпорот против теророт беа масовните протесни изведувани преку протесни комисии, митинзи, демонстрации, штрајкови и сл. Повеќе од 1945 и во продолжение помалку во 1946 год. од страна на организацијата НОФ беа организирани повеќе протесни митинзи и демонстрации во повекето градови на Македонија. Од нив ќе забележиме само неколку. Во април 1945 година

Окружниот комитет на ЕАМ за Костурско со помош на Македонци активисти организира во Костур голем протестен митинг на кој 30.000 Македонци и Грци протестираа против теророт, реставрацијата на монархофашизмот во Грција, да бегаат од неа Англичаните и сл. НОФ и партиите што учествуваа во отпорот на 5 јануари 1946 год. во Лерин организираа демонстрации во кои учествуваа народот од градот и околијата. Демострантите бараа прекинување на теророт, општа политичка амнестија , демократски и национални права за Македонците и сл.[82] Протестни митинзи со слична содржина на барања беа организирани од страна на НОФ на 14 јануари 1946 год. во с. Екси-Су, на 24 јануари 1946 год., во почетокот на 24 март 1946 год. исто во град Лерин[83] и во други градови на Егејска Македонија. Значењето на овие масовни манифестации на НОФ не се состои во тоа што придонесуваа за ублажување на теророт, туку и за афирмација на организацијата НОФ како значаен политички фактор во земјата способен да ги покренува масите во масовни политички борби.

Напореду со организирање на митинзи и демонстрации, НОФ организираше и протестни акции изведувани од сите жители на селото, од група луѓе, комисии и сл. Се протестираше кај грчките власти, владини претставници, англиските воени власти, дипломатските претставништва на големите сили, ООН и други личности, шефови на политичките партии и др. против прогонот, против насилното иселување и протерување на Македонците во градските центри и преку граница, против масовното судско гонење. Ваков вид протести во текот на Граѓанската војна беа повеќе организирани и изведени од страна на НОФ во сите окрузи. Сметаме за потребно да го спомениме меморандумот што му го предаде на генералниот секретар на ООН Трик Вели делегација на НОФ со која побара од оваа меѓународна организација интервенција за прекинување на масовниот прогон против Македонците.

Исто така НОФ организираше протести на населението против злоупотребите што се вршеа при распределбата на помошта од меѓународната организација УНРА, како и за решавање на други економски проблеми.

Не беше редок случајот да се организират штрајкови против теророт, или како реакција на некое злосторство извршено од монархофашистите. Така на пример работничкиот центар во Негуш на 3 јули 1946 год. од името на 3000 работници остро протестираше за провокациите и теророт во градот,[84] фабриките ја прекинаа работата, уапсе-

ни беа голем број работници. Слични акции се презедоа во Воден и во други градови.

И покрај тоа што властите остро реагираа на овие манифестации на НОФ, сепак преку нив беа постигнати релативно значајни успеси во ублажувањето на последиците од теророт и во психолошка и идеолошко-политичка подготовка на Македонците за решавачките битки што следеа.

Секако најмасовното и најефикасното политичко средство во борбата против теророт и разобличувањето на целите што сакаа да ги постигнат монархофашистите со него, беше печатот на НОФ, неговите летци, прогласи, прокламации и сл. Непосредно по формирањето на НОФ, почнува да излегува и неговиот орган под наслов:"Билетин", подоцна весникот "Непокорен" и органите на окружните комитети на НОФ "Зора" за Леринско, "Единство" за Костурско и "Победа" за Воденско. Овие гласила на организацијата НОФ секидневно ја регистрираа трагичната положба на македонскиот народ и го запознаваа внатрешниот и надворешниот свет со истата. Ја пренесуваа линијата и директивите на раководството на организацијата за методите и средствата за отпор и борба против теророт и др.

б) Вооружен отпор на НОФ против теророт

НОФ како што наведовме се разидуваше со своите оценки, за формите за водење на борбата и организационо беше одвоен и делуваше независно од КПГ се до спогодбата за обединување во ноември 1946 год. Додека КПГ во 1945 год. сметаше дека со политички борби ќе ја натера десницата да ги исполни обврските за мирен демократски развиток, НОФ беше ослободен од таквите илузии. Прочем секој ден стануваше се појасно дека и парламентарните борби се исклучени.

Организацијата НОФ, покрај вооруженият кадар кој во секој округ во текот на 1945-1946 год. изнесуваше и до 40 души, за сузбивање на уништувачкиот терор во вооружените чети и банди на грчкиот режим, се најде принудена да формира вооружени групи.

Веднаш по договорот во Варкиза раководството на организацијата ТОМО во Воденско презеде широки акции за заштита на своето членство и народот. Формираните вооружени групи на ТОМО станаа цврст и сигурен заштитник на македонскиот народ во Воденско, бидејќи безрезервно се пресметнуваа со сите предавници, или соработници на ре-

жимот. Од овие групи во месноста "Гаганец над селото Кронцелево беше формиран одред на чело со Ристо Кордалов, Гуши Ќерамитчиев и Ристо Шорев. Седиштето на овој одред му беше на планината Кајмакчалан.

Групите и одредот на ТОМО превземаа повеке диверзански и други акции и ликвидираа неколку мина предавници и мачители на македонскиот народ од што населението чуствуваше извесна заштита во својата организација.

Една од најуспешните акции на партизанскиот одред на ТОМО беше изведена во март 1945 год. во месноста "Мухарем Ан" каде нападна една моторизирана монархофашистичка колона, која од Солун преку Воден одеше за Лерин. Во овој напад непријателот имаше тројца мртви и неколку ранети, а одграсот за акцијата на македонските партизани силно одекна во целата земја. Ова всушност беше и прв вооружен напад над владините сили од страна на демократските сили по капитулацијата на ЕЛАС.

На 14 мај 1945 година Главното раководство на НОФ одржа седница во која, покрај другото одлучи да се зајакне позадината со политички кадар и се формираат вооружени групи за отпор. Раководството на НОФ својата одлука со оружје да му се спротивстави на иништувачкиот терор на непријателот, му ја соопшти на македонскиот народ и на владитена големите сили со свој проглас во кој меѓу другото се вели:"... Теророт, страшните мачења, масовните егзекуции и интернации, логорите на ужасот, безсрамните силувања на македонските мајки, жени и наши сестри, воопшто систематското уништување и исчезнување на македонскиот народ, каконарод, како нација. Од страна на органите на грчкиот окупатор, ни го дава природното и императивното право да се браниме со оружје". Врз основа на таа одлука во Костурско-Леринското подрачје беа формирани групите на Панајот Кондов, Васил Попов, Леонид Мутков, Лазар Јамаков, Милтијади Ковачидов, Ѓеорги Калков, Ристо Шапков и др. Групите беа составени од 6-12 борци а од оружје располагаа со 4 пушкомитралези, 16 шмајзери, пушки и многу малку муниција (20-30 метци за секоја пушка(.[85])

Во Воденско во формирањето и активноста на групите беа постигнати поголеми резултати. Покрај одредот, една група од пет храбри борци стално се наоѓаше во градот Воден. Во ањкоњ ањло доброволно се организираа способните за борба во групи на резервна војска. Резервните групи учествуваа во акциите што ги превземаше одредот или

вршеа манифестациони посети во други македонски села агитирајќи за целите на НОФ, подигнувајќи им го духот на Македонците и сл.

Вооружени групи на НОФ постоеа и во Леринско, Гуменџиско, Енице-Вардарско и други подрачја на Егејска Македонија. Поради теророт што го вршеа монархофашистите над Македонците, приливот на нови борци кои стапуваа или сакаа да стапат во групите, секој ден беше и поголем. И самите групи настојуваа да растат за полесно да ја извршуваат својата задача и да се пресметат со непријателот. Раководството и членството на НОФ беше за истото становиште. Меѓутоа за омасовување на групите, нивното бројно зголемување и развивање на воорѵжената дејност беше нужна согласност од грчкото партиско раководство. Групите не можеа да развијат таква дејност, поради тоа што беше сврзано со општиот став на КПГ за перспективите на движењето во општогрчкиот режим. Од погоре наведените податоци и од други документи на НОФ се гледа дека групите на НОФ беа слабо вооружени иако на теренот оружје имаше. Тоа беше во рацете на КПГ и не им беше достапно на групите на НОФ и воопшто на нивните организации. Ете зошто вооружената дејност во текот на 1945 година беше ничена и покрај готовноста и расположението на активистите и членството на НОФ за решителен замав на вооружената борба.

И покрај тоа што ситуацијата во земјата налагаше јакнење на вооружената борба, таква директива не само што не се даваше, туку напротив, Главното раководство на НОФ, за усогласување на својот став со ставот на КПГ, во август 1945 година им даде директива на своите групи да не превземаат вооружени акции против непријателот.[86] Како резултат на таква директива, како што ќе наведеме подолу непријателот ги засили своите воени и терористички акции, поради што дојде до опаѓање на борбениот дух кај населението.

Но, независно од наведените објективни тешкотии и пречки, за развојот на вооружената борба, вооружените судрувања на партизанските групи на НОФ со оружените сили на атинскиот режим датираат, како што наведовме, непосредно по нивното доаѓање во Егејска Македонија, по спогодбата во Варкиза. Вооружената активност на македонските партизански групи, како ограничена, имаше за резултат уште повеќе да го подигнат борбениот дух на македонскиот народ, во голема мера да го ублажат теророт и самоволјата на реакцијата. Вооружените терористи беа толку исплашени поради што не само ги прекинаа своите терористички акции, туку некој од нив почнаа да им го враќат

опљачканиот имот.

Вооруженият отпор организиран од НОФ во 1945 год. немаше за цел урнување на власта на десницата, која задача неможеше да биде само на НОФ, туку да осигури услови за снослив човечки живот на Македонскиот народ. Таа е една од главните причини што партизанските групи во 1945 год. не прераснаа во покрупни воени вормации и нивните вооружени акции имаа само одбрамбен карактер. Тоа можеме да го констатираме и од неколкуте акции што ќе ги наведеме подолу.

Партизанските групи на НОФ од Костурско во подрачјето на Костур и Преспа во текот на мај-иуни 1945 год. ликвидира 7 терористи. На 2 јули истата година успешно им се спротивставија на комбинираните акции за чистење што ги презедоа јаки непријателски сили во подрачјето на Вичо, Врба и Бучин.[86] На 2 август една група кај селото Герман водеше двочасовна успешна борба со многу посилна непријателска единица. Хероизмот на групата, се вели в о извештајот за таа битка, преставува една епопеа , бидејќи нејзиното оружје се состоеше само од два автомата, према многу посилниот непријател во луѓе и оружје.[87]

Македонските партизански групи од Леринско кои броеа 80 борци на 15 и 17 јуни 1945 год. на местото Свети Атанас кај селото Баница и на колибите Јанакули водеа успешни борби со непријателски единици. На 19 јуни истата година ликвидираа двајца познати терористички офицери и попот од с.Крапешина.[88] Во месеците јуни и иули 1945 год. од групите беа ликвидирани 9 терористи од Леринско, Кајларско и Соровишко, а на 1 јуни 1945 год. успешно им се спротивставија на операцијата за чистење што ја преведе воена единица од 300 војници во Соровишко.[89] На 13 јули македонски партизански групи под заседа на патот Лерин-Солун до с.Горничово, нападнаа еден воен камион при што беше убиен еден англичанет и четворица ранети.

Една од трите македонски групи на НОФ во Воденско, во Кајмакшилан на 22 јуни 1945 год. се судри со непријателска потерна единица при што зароби 6 војници. Тие денови меѓу селата Владово и Острово друга партизанска група нападна два непријателски камиони при што ги ослободи политичките затвореници кои ги спроведуваа во Солун. Поради засилената активност на македонските партизански групи, англиски и грчки воени единици на 18 јули 1945 год. во подрачјето на Пајак и Кајмакшелан превзедоа операции за чистење на теренот од партизаните и за обезбедување на границата. Групите со успешни

маневри го пробија обрачот и се повлекоа во други подрачја.

Слична вооружена активност партизанските групи на НОФ развија во периодот април-август 1945 год. и во Гуменџиско-Енице-Вардарско и во другите краеви на Егејска Македонија.

Погоре изнесен е само еден многу мал дел од вооружената активност на македонските партизански групи во наведениот период. Целокупната вооружена дејност на НОФ претставува посебен проблем и како таков треба да се проучи. Погорното го сторивме исклучиво со цел за потврдување на историската вистина дека вооружената борба како претходник на вооружената борба на ДАГ, ја поведоа македонските партизански групи на НОФ веднаш по договорот на Варкиза и тоа како резултат на една објективна потреба за одбрана на своите легитимни права, на слобода и човечки живот, а не на 31 март 1946 год. како што тврди раководството на КПГ.

Како што наведовме на 1 август 1945 год. главното раководство на НОФ и нареди на своите окружни раководства партизанските групи под нивно раководство да ги прекинат вооружените акции. Одлуката со негодување беше примена од активистите на НОФ. Тие во своите извештаи го запознаваа раководството на НОФ дека како резултат на одлуката, реакцијата се окуражи и поново го започна немилосрдниот терор против Македонскиот народ. Духот на народот кој за времето на делувањето на групите беше висок, многу опадна, а активноста на организациите НОФ-НОМС и АФЖ почнаа да стагнира . Околистиот одбор на НОФ за Кајларско и Соровичко во својот извештај од август 1945 год. во врска со тоа наведува дека ако не се почне со револуционерно востание, НОФ ке го изгуби народот, а во извештајот на Окружниот одбор на НОФ за Воденско од 7 септември 1945 год. во врска со тоа можеме да прочитаме: "Целиот округ упорно бара од НОФ да му дозволи да започне да ја уништува реакцијата за маките што ги трпи од нејзина страна. Исто така бара да се реорганизира војската, бара интервенција и помош од неа. Ние бараме од него стрпливост и дека на тој начин ќе ја пребродеме и ова тешкотија. Десницата со својата политика никаде не успева, но во свои раце ја има власта, оружјето. Затвара,тепа, силува и на тој начин господари, бидејки ние сега си ги врзавме рацете"[90)]

И покрај горе наведените и други многу негодувања за прекинувањето на вооруженият отпор и барање истиот да се обнови и прошири, раководството на НОФ соочувајки се со тврдиот став на КПГ за во-

дење на политичко-парламентарна борба беше принудено не само до крај да ја спроведува во живот горе наведената одлука, туку есента 1945 год. еден голем број од составот на групите го повлече од теренот.

Настојувањата на раководството на КПГ за мирен развиток на земјата, беа залудни. Десницата и нејзините патрони Англичаните тврдо имаа одлучено со најбрутални средства да се пресметат со демократското движење кое после првиот налет против него, почна да се консолидира. По војната одлучна улога во целиот развој на движењето одигра Вториот пленум на ЦК на КПГ одржан на 12 февруари 1945 година со неговите одлуки, со ориентацијата, правецот што му го даде на движењето. Пленумот го потврди ставот на Политбирото на ЦК на КПГ за апстиненција од парламентарните избори и прибегнување на вооружената борба. Согласно таа одлука за применување на вооружена форма на борба, обласните и окружните комитети на КПГ добија соодветни директиви. На чело на вооружените герилци беше поставен генерал Маркос. На денот на одржувањето на изборите 31 март 1946 год. еден одред герилци ја нападна жандармериската станица во с.Литохоро на Олимп и со што се означува објаснувањето на вооружената борба од страна на левицата која се наоѓаше во состојба на постојано прогонство и терор.

Со одлуката на КПГ за прифаќање на вооружена форма на борба против десницата, организацијата НОФ мораше да ја прилагоди својата тактика на борбата. На организацијата НОФ не и беше многу тешко тоа да го стори, бидејќи како што наведовме уште од нејзиното формирање беше убедена дека мирољубиво решение на грчкото прашање, имајќи ги предвид целите на десницата, не можеше да се постигне.

Веднаш по одржувањето на II-от пленум на КПГ претставници на ЦК на КПГ во мај 1946 год. по нивно барање дојдоа во контакт со Главното раководство на НОФ кого го запознаа со одлуката за поведување на вооружена борба и го поставија прашањето за обединување на грчките и македонските сили.

Раководството на организацијата НОФ запознато уште порано со споменатата одлука на КПГ, одржа веднаш седница во која ја претресе новосоздадената ситуација и задачите што произлегуваат од истата.

Во директивното писмо на Главното раководство на НОФ до окружните раководства на НОФ од март 1946 год. во врска со тоа меѓу

другото се вели: "... Црниот фронт подготвува монархофашистички пуч. Нашиот став треба да се определи. Ако ЕАМ и другите демократски сили во случајот се спротивстават вооружено, и ние ќе учствуваме со ор жје заедно со демократскиот фронт. Во спторивне случај, бидејки за НОФ нема услови да држи сам широк одбрамбен фронт ако тој не се прошири во останатиот дел на Грција, тогаш ќе се ограничиме во поединачна народна самоодбрана во моментот кога (народот и ние) ќе бидеме нападнати од црниот фронт и во случај на зверски црнофронтовски акции. Но, бидејки веруваме однапред дека ЕАМ ќе се спротивстави со оружје во раце, во случај на опасност од монархофашистите, затоа ние трева да сме готови и да се најдеме близу до демократските сили.[91)]

Контакти и разговори меѓу КПГ и НОФ околу новата линија на КПГ беа реализирани на теренот и на окужно ниво. Окружните раководства на КПГ ги запознаваа раководствата на НОФ со новите задачи и бараа конкретна помош и соработка за реализирање на истата. Барана-та помош, и покрај готовноста на НОФ да ја пружи, не можеше да биде ефикасна, бидејки НОФ и понатаму делуваше самостално и надвор од КПГ.

Главното раководство на НОФ соочувајки се со новата ситуација им даде директива на окружните раководства да пристапат кон организирање и формирање на вооружени партизански групи и групи за народна самоодбрана. Такви групи беа формирани во сите окрузи. На 29 април во планината Асенова Чука, Леринско одржана е конференција на која присуствуваа 25-30 кадри и борци на НОФ и делегати од село Ајтос. Во врска со одлуката на Главното раководство на НОФ, конференцијата на Окружниот одбор на НОФ одлучи да се формираат два одреда Радош и еден во близината наградот Лерин. За раководители на одредот беа одредени Вангел Ѓешков, Михал Бицанов, Андреа Лалов, Трајче Анев и Лазо Малтезов.

На 4 мај во Трсјанската планина Леринско е формиран партизански одред на чело со Петре Марков од с.Нерет, Леринско. Истиот месец во Леринско беа формирани два други одреди, во Пајак одредот на Кочо Киров и Иван Венов кој на 27 јули 1946 год. броеше 58 борци. Во подрачјето на Вичо во август истата година делуваа над 100 борци.[92)] Во врска со развојот на македонското партизанско движење во Воденско, неговите проблеми и перспективи, еве, што мегу другото читаме во извештајот на ОК одбор на НОФ за Воденско од 11 април 1946 година:

"Нашите обиди и напори за политичка борба претрпеа неуспех. Нашиот народ е заморен од политичката борба, бидејќи секоја манифестација се удира со оружје. Народот верува дека своите проблеми ќе ги реши со оружје. Ние организиравме еден вооружен баталјон... Составот на баталјонот е следниот: 1. Го нарековме трети македонски баталјон со 3 чети. Командата на баталјонот го сочинуваат: Христо Кордалов и Туши Керамитчиев, а на четите: 1. Атанас Поп-Танасов, 2. Вангел Гоглев и 3. Коњо Баовски. Седиштето на баталјонот е во Кајмакчалан. Исто така и ЕЛАС формира групи во Каракамен и Пајак на чело со Статис. Не извести дека ќе испрати група и во Кајмакчалан.[93)]

Во абгуст 1946 година во планините на Централна и Западна Егејска Македонија делуваа околу 500 Македонци партизани на НОФ. Истите беа распоредени: во Кајмакчалан 200, во Пајак 80, во Каракамен 20, во Вич 130 и во Грамос 80. Македонските партизани беа организирани во групи од 10-15 и во одреди од 40-50 борци. Покрупна воена формација, баталјон, беше формирана како што наведовме, само во Воденско.

Во септември 1946 год. Главното раководство на НОФ одржа седница во која донесе повеќе решенија за развој и зацврстување на македонското партизанско движење. Покрај другото, ги усвои задачите: зацврстување на веќе постоеките партизански групи, зајакнување на нивниот борбен морал, нивното бројно зголемување и пополнување со најверни борбени и партиски елементи. Во врска со воената тактика, Главното раководство на НОФ се определи дека истата и треба да се засновува врз еден добро проучен и организиран план и да се прилагодува на специфичните месни услови, да се избегнуваат безцелните движења и да се организира дејноста врз основа чистењето на најопасните предавници и напаѓање на изолирани воени цели и жандармериски станици, создавање на разузнавачка и контраразузнавачка служба, организирање на итендатура и сл.

Овие одлуки раководството на НОФ многу придонесоа во натамошното бојно зголемување и зацврстување на македонските партизански единици. Така на пример, додека во ноември 1946 год. во цела Грција делуваа околу 2000 партизани,бројот на македонските партизани предводени од НОФ изнесувале 700 борци. Ова наше тврдење го потврдува и генерал Маркос. Тој на VII-от пленум на КПГ во 1957 год. во врска со развитокот на ДАГ, меѓу другото рече: "...Кон крајот на септември

или почетокот на октомври 1946 год, наминав во Грамос. Таму беше Ганулис со околу 65 борци. Стапив во врска со македонски единици од 350 борци во Вичо кои не сакаа врска и соработка. Другарите се убедија и беше создаден заеднички штаб". На исто место Маркос наведува дека во останала Грција тогаш делуваа околу 1200 партизани.[94]

За да се види различниот степен на стапувањето во грчките и македонските партизански единици кога тие делуваа одвоено ќе наведеме само еден пример: во Грамос во јули делуваше партизанска група на КПГ од 9 души, во август истата прерасна на 32, во септември на 45, во октомври на 67, во ноември 168 борци.[95] За исто време во Вичо македонските партизани предводени од НОФ броеа над 365 борци. Треба да г истакнеме и тоа дека еден добар дел од борците во Грамос предводени од КПГ беа Македонци.[96]

Во зависност со бројното зголемување и организационо зацврстување на македонските партизански единици, расте и интензитетот на нивната вооружена активност. Меѓутоа, омасовувањето на партизанското движење и неговата вооружена активност пак зависеше од стратегијата и тактиката на КПГ. Грчкото партиско раководство, со вооружената борба не се постави за цел завземање на власта, туку да ја принуди десницата на отстапки за мирољубиво решение на грчкото прашање. Таквата тактика на грчкото раководство фатално се одрази врз развојот на вооруженото движење и исходот на борбата. И покрај тоа што на II-от пленум беше завземен курс за вооружено пресметнување, КПГ не дејствуваше со нужната решителност ибрзина за пренесувањето на центарот на нејзина активност во вооружената борба. Таа и понатаму многу настојуваше во легалните форми на борба, иако беа создадени поволни услови за масовна вооружена борба. Одлуката за пренос на центарот на тежината на вооружената борба е донесен дури на III-ти пленум на КПГ во октомври 1947 год. Илјадници беа оние што сакаа, а им беше онвозможено во 1946 - 1947 год. да стапат во редовите на партизаните. Тоа му даде можност на непријателот да создаде армија и да преземе драстични мерки против НОД, како што е преселувањето на населението во градските центри со што ДАГ беше изолирана од народот и ја онвозможи регрупацијата на борци за ДАГ и др. Критичарите на захариjадисовото раководство целата вина за таквата тактика му ја препишуваат нему што без сомнение е точно, бидејќи тоа требаше да биде одговорно пред својот народ и револуцијата. Меѓутоа, на жалост не е сосема така. Грчкото партиско раководство му беше

потчинето на советското раководство и слепо ги извршуваше неговите наредби. Таков беше случајот и за тактиката што требаше да ја применува ДАГ зимата 1946-1947 год., која, како што наведовме погоре многу негативно се одрази врз развојот на движењето. Имено, во ноември 1946 год. членот на ПБ и организационен секретар на КПГ Ѓанис Иоанидис во Софија разговарал со Ѓорѓи Димитров. Димитров на Иоанидис му го изнесе мислењето на Русите и своето за тактиката што требаше да ја применува ДАГ; "Прво, Зимскиот период и меѓународната ситуација налагаат вооруженото движење да не земе големи размери. Второ. Централната тежина да биде масовната политичка борба и да се користат и најминималните легални можности, така што да се одржи врската на партијата со масите. Трето. Да ги сочуваме партиските кади и да не ги изложуваме во опасности за нивно уништување. Им рековме дека линијата на нашата партија се совпаѓа со укажувањата..." 97)

Ова писмо, иако кратко, многу зборува. Неговото дословно применување од страна на грчкото партиско раководство фатално се одрази врз развојот и исходот на настаните.

Таквата тактика на КПГ не можеше а да не се негативно одрази на вооружената активност на партизаните. И покрај тоа македонските партизански единици предводени од НОФ развија интензивна вооружена активност настојувајќи да утичат и да го прават истото и и партизанските единици предводени од КПГ.

Бидејќи вооружената активност на македонските вооружени единици до обединувањето со КПГ во ноември 1946 год. претставуваа посебна тема и како таква ќе треба да се проучи, ние овде се задржуваме врз таа активност само толку, колку да ја потврдиме оваа наша констатација.

На појавата на партизанските групи и одреди, грчките власти остро реагираа со уште поголемо зајакнување на теророт и превземање на воени операции за ликвидирање на истите. Така на 6 април 1946 год. жандармериски и воени единици презедоа широка акција против партизанските единици на НОФ во Леринско. Акцијата беше неуспешна за нив со загуби во жртви и рането. Партизаните успеаја без загуба да го пробијат обрачот и минат во задината на непријателот.

Неколку дена по тоа, односно на 9 април во Воденскиот округ јаки многубројни жандармериски и воени сили презедоа офанзива за чистење против партизанските единици на НОФ. Во текот на таа

офанзива акцијата која траеше до 12 април 1946 год. беа извршени и масовни апсења и злосторства над Македонците. Македонските партизански единици со успешни маневри успеаја да се повлечат на нови територии.

На 1 мај македонска партизанска единица ја нападнаа жандармериската станица во с.Лак,Леринско. По тој повод грчките власти се одадоа на див терор против Македонците.

На 3 јули 1946 год. воена бригада, жандармериски единици и вооружени банди започнаа офанзива против партизанските групи и одреди на Пајак. При судирот владините сили имаа 1 мртов и 3 ранети.

На 6 јули во Почепската планина во нерамна борба беа фатени 6 активисти на НОФ и 3 активисти на КПГ за Воденско. Меѓу фатените беше и хероината Мирка Гинова. Те 22 беа осудени на смрт од прекиот суд во Енице, а на 26 истиот месец беше извршена смртната пресуда.

Од 4 до 11 јули владини воени сили преседоа операции за чистење против партизаните во планината Каракамен каде извршија невидени оргии и апсења.

На 10 јули група на НОФ го ликвидира Арсен Костовски кмет и предавник од с.Стенско,Костурско. Исто ната неуспешно заврши офанзивата на владините сили на Вичо преземена на 26 јули при што загина командандтот на акцијата монархофашистичкиот мајор Хуледакис. Непријателот си имаше поставено за цел да го загуши партизанското движење уште на неговиот почеток. За таа цел тој ангажираше многубројни сили во људство и воен материјал. Меѓутоа, таквата цел не можеше да ја постигне. Иста цел и судбина имаше акцијата на 19 август 1946 год. на околу 3500 војници и жандармери против партизанските сили на Вичо. 85опколени партизани предводени од членот на главното раководство на НОФ Михаило Керамитчиев цел ден водеа борба и на крајот во противнапад го скршија обрачот и се повлекоа на друга територија. Во оваа битка владините сили имаа 15 мртви и повеќе ранети.

На 18 септември меѓу селото Трсје и градот Лерин дојде до вооружено судрување меѓу партизанска македонска и владина единица, при што непријателот имаше загуби во ранети и воен материјал. Следниот ден македонските партизански одреди ја нападнаа жандармериската станица во с. Д'мбени, Костурско. Истовремено со неуспех заврши непријателската офанзива на Пајак-планина. Истата судбина ја имаше и операцијата за чистење на Вичо која траеше од 12 до 20 октомври 1946 година.

И покрај тоа што македонските партизански единици имаа пробиено поголема вооружена активност отколку е погоре наведено, сепак мораме да констатираме дека истата беше ограничена од тактиката на грчките партизански единици и од настојувањето на непријателот да го загуши вооруженото движење уште во неговиот почеток.

Г Л А В А IV

Односите на НОФ со КПГ

1. Разногласија меѓу раководството на КПГ и НОФ.

Појавата на македонската организација НОФ крајно непријателски беше пречекана и од десницата и од левицата.

Десницата од разбирливи причини и цели ја ~~оквалификува~~ како предавничка, автономистичка и опасна по интересите на Грција. Таа веднаш беше ставена надвор од законот, а на нејзините приврзаници, дури и на најобичните нејзини членови, им се судеше за велепредавство.

Левицата исто така за еден подолг период на организацијата НОФ и ги даваше тукуречи истите квалификации. Причини за таквиот однос на левицата односно на КПГ спрема НОФ со разногласијата што постоеа меѓу нив по некои основни прашања како што беа: македонското национално прашање, оценката на ситуацијата за ~~формата~~ на борбата ~~што~~ ја требеше да се поведе во Грција и др.

а) Разногласијата по македонското национално прашање. Како што наведовме крајот на Втората светска војна грчкото и македонското НОД ги затече не само поразени, туку разединети и разцепени. Логично беше после поразот на движењето, да се очекува дека раководството на КПГ, ќе изврши критичка анализа на својата линија, ќе ги согледа своите грешки, ќе се ослободи од опортунизмот итн. Во рамките на тој напор, исто така се очекуваше, да го корегира својот став по македонското национално прашање. Меѓутоа, овие очекувања не беа исполнети.

Во 1945 год. КПГ ги одржа 11-от (април) 12-от (јули) пленуми и 7-от контрес (октомври). Во овие форуми линијата на КПГ во текот на војната беше оценета како единствена можна и правилна, а поразот на НОД се должеше единствено на англиската воена интервенција. Што се однесува на ставот по македонското национално прашање во текот на војната ништо не е речено. Единствено во резолуцијата на 7-от конгрес целото прашање е сведено само во реченицата: "го осудува како злосторство против националните интереси, прогонот што го спроведува подекемвриската Грција против славомакедонското малцинство и други малцинства (Чамовци, Ерменци, Турци)"[98]. Всушност КПГ и понатаму го задржа ставот за рамноправност на македонското малцинство прифатен во 1935 год. Додека КПГ завземаше и бранеше таков став,

организацијата НОФ раководејќи се од идеалите и стремежите на македонскиот народ го застапуваше и бранеше ставот дека како резултат на победата на револуцијата во Грција, Македонците ќе се здобијат со целосна рамноправност и право на самоопределување. Поради тоа што таквиот став на НОФ по националното прашање и пречеше во нејзиното илузорно настојување со десницата постигне компромис за мирољубиво решение на грчкото прашање, беше една од главните причини што КПГ не само што не ја признаваше организацијата НОФ како народнодемократска, туку уште од почетокот на нејзиното основање започна една клеветничка кампанија окарактеризирајќи ја како автономистичка, сепаратистичка итн. Ќе поместиме само еден многу мал дел од многубројните документи од тоа време кои илустрират таквата политика на КПГ спрема НОФ. Во прогласот на Окружниот комитет на КПГ за Воденско од 28 јуни 1945 год. меѓу другото се вели: "... Но, во денешните мирољубиви борби и во борбата на народот за нормален и мирен живот, за извојување на народна демократија во чии рамки славомакедонците ќе најдат полна национална рамноправност, се создаваат пречки од некои сомнителни елементи. Се појавуваат со оружје и се обидуваат со празни ветувања да ги вовлечат Славомакедонците во мрежите на нивните неостварливи планови. Тие сомнителни и анархистички елементи всушност се продолжувачи на улогата и делото на контрачетниците..."[99] Со свој прогласе, како што се гледа, активистите и борците на НОФ се окалифицирани како контрачетници, односно како продолжувачи на делото на соработниците на окупаторот. Во еден друг прогласе по повод една акција на една група наНОФ, Окружниот комитет на КПГ за Костурско бара од монархофашистичките власти и од народот да ги гонат и да ги уништат бојците.[100] Поместените документи доволно го илустрират односот на КПГ спрема организацијата НОФ и многу тешката положба со која се соочи таа уште при нејзиното конституирање и организационо оформување. Меѓутоа, НОФ имајќи го на своја страна целиот македонски народ успеа да ги преброди тешкотиите и да прерасне во важен политички и воен фактор во земјата на кој КПГ мораше да води

б) Разногласија за формата на борбата

Уште едно основно прашање по кое се разидува НОФ и КПГ беше формата на борбата, вооружена или политичка, која требаше да се примени во Грција во услови на едностране граѓанска војна започната од реакцијата уште следниот ден од договорот на Варкиза. Додека КПГ се надеваше дека со политичка парламентарна форма на борба ќе

успее да ја натера десницата на отстапки и со тоа ќе обезбеди мирољубиво решение на грчкото прашање односно мирен развиток на земјата, раководството на НОФ беше ослободено од таквите илузии и сметаше дека вооруженото пресметнување е неизбежно. Спротивните ставови по тоа основно и судбоносно прашање повлекуваше редица негативни последици како што се колебањето кај НОФ дали да ја засили вооружената борба или не и зајакнувањето на вооружените единици, дали да ги испраќа своите членови во владината армија и сл. При ориентација на вооружена борба НОФ неможеше да се согласи неговите членови кои во преспективата требеше да стапат во партизанските одреди, да стапат во редовите на противничката армија. Меѓутоа, за стрикно придржување на таа одлука беше нужно да постои став за масовна вооружена борба, не само на НОФ туку и на КПГ. Поради тоа НОФ, спротивно на својот став, беше принуден да дозволи негови членови да се јавуваат на повикот за регрутација , односно да стапат во владината армија. Повекето од тие прекалени и одани на борбата борци, како нелојални беа испратени во островите и логорите со што ДАГ беше лишена од најелитните револуционерни снаги.

2. КПГ го признава НОФ како демократска и антифашистичка организација.

Се додека КПГ се надеваше на мирољубиво и демократско решение на грчкото прашање, се до тогаш ја напаѓаше организацијата НОФ, бидејќи и **пречеше** на таквата политика и тактика. Откога се увери дека таквите очекувања се илузорни поради непопустливоста на десницата и се определи за вооружена борба, почна да го менува својот став и однос спрема НОФ, односно да ја признава како демократска и антифашистичка организација. Прв тоа го стори генералниот секретар на КПГ Никос Захариадис на пленумот на КПГ за Македонија и Тракија , одржан во Солун **во** декември 1945 година. Тој за организацијата НОФ, меѓу другото рече;"... Со Славомакедонците одиме рамо до рамо против месниот монархобашизам, против контрачетниците и странските чизбации кои и ги потикнуваат и ги плаќаат и едните и другите.

Секој грчки демократ сигурно ќе се согласи со прогласот на антифашистичката организација на Славомакедонците (НОФ) во Воденскиот округ со кој се повикуваат сите трудбеници, сите жители на округот да се борат заедно за народна слобода, рамноправност, рамнограѓанство, за општа политичка амнестија итн. Со нив ќе зборите заедно во борбата за лебот, за слободата, за новогрчката народна демократија ..."[101]

Со влегувањето во 1946 год. продолжува еволуцијата во ставот на КПГ во однос на НОФ. Секретарот на областниот комите на КПГ за Македонија и Тракија Леонидас Стрингос, изложувајќи го новиот став на партијата спрема НОФ, меѓу другото пишува;"... Постои основа за да се обезбеди разбирање и единство меѓу Грците и Македонците нарушено по договорот на Варкиза. Во последно време националната организација на Славомакедонците НОФ се појави со позиви со кои прокламира: "... Нека се обединиме и застанеме на страната на работниците. Да се бориме како и во времето на движењето на отпорот единствени за ликвидирање на фашизмот во нашата земја, да го смачкаме режимот на квислинзите , да бараме репрезентативна влада со учество на ЕАМ-КПГ, леб, работа, слобода. Напред сите заедно обединети за народна демократија. Ако организацијата НОФ е расположена доследно да ја следи оваа линија, нема никаква пречка за соработка и заедничка борба..."[102].

На 12 февруари 1946 год. , како што наведовме одржан е II-ог Пленум на ЦК на КПГ. Во овој пленум донесена е одлуката за вооружена борба на демократските сили против монархофашистичкиот режим во Грција. Прифаќајќи ја вооружената форма на борба како алтернатива за решение на грчкото прашање и за извојување на демократски права и слободи, неминовно налагаше спогодување и обединување на сите демократски сили во единствен фронт. Оттука и причините за измена на ставот и односот на КПГ спрема НОФ, бидејќи НОФ со својата масовност, организациона и воена подготвеност и револуционерна доследност претставуваше најважниот сојузник на народнодемократската револуција во Грција.

Признавањето на НОФ од страна на КПГ со воодушевување и олеснување но и со опрезност беше примено од Македонците и од организацијата НОФ. Тоа што меѓу другото во врска со тоа пишува во своето циркуларно писмо окружниот раководител на НОФ за Воденско до градските и околиските раководства на НОФ : "... Но величествените политички успеси на нашите организации НОФ, НОЈС и АФЖ, посебно оправдувањето на нашата политичка линија од страна на историската КПГ и нивното признавање како антифашистички народноослободителни организации, ќе треба да не насочува кон нови битки, за нови успеси. Успехот на ово признание ќе треба да го примиме со добра намера и да го сочуваме колку можеме повеќе она што го извојувавме..."[103)]

И покрај тоа што раководството на КПГ ја призна организацијата НОФ како демократска и антифашистичка недоразбирањата и суди-

рите меѓу НОФ и КПГ и понатаму продолжија. Тоа се должеше на колебливоста на КПГ во однос целите на вооружената борба. Имено раководството на КПГ не тргна за завземање на власта, туку вооружената борба требаше да им послужи како притисок врз десницата за отстапки. Таквата тактика на КПГ не само што фатално се одрази врз исходот на борбата, туку и на недоследноста на нејзиниот став спрема НОФ. Недоразбирањата и судирите меѓу КПГ и НОФ се должеа и на недовербата и предубедувањата создадени во минатото, а пред се на настојувањето на КПГ да ја подреди политиката и целите на НОФ, на нејзиниот став по македонското прашање. Кога НОФ јавно декларираше дека се бори за самоопределување на македонскиот народ, КПГ остро реагираше и грубо го клеветеше НОФ. Така на пример тоа се случи со прогласот на НОФ за Берско од 15 февруари 1946 год. во кој ги повикуваше македонците, Грците и Власите во заедничка борба под раководство на НОФ да се борат за извојување, покрај другото и за правото на самоопределување на македонците.[104] Партиската организација на КПГ за Берско остро и грубо реагираше. Во својот прогласот од 18 февруари 1946 год., меѓу другото, велеше: "... Свој прогласот на околиското раководство на НОФ за Берско кој ги повикува сите Македонци, Грци и Власи итн. Во "заедничка борба за целосно самоопределување", јасно покажува дека ова организација и посебно околискиот одбор на НОФ за Берско се раководи и им служи на интересите на месната реакција, на Интелинцес сервис, насити..."[105] Такви примери низ целата 1946 год. има повеќе кои докажуваат колку беше тежок и трновид патот на соработката и обединувањето меѓу НОФ и КПГ.

Меѓутоа, ориентацијата за вооружена борба, натамошното масовизирање и зајакнување на НОФ, решителноста на атинскиот режим и неговите патрони за разгорување на Граѓанската војна и со најбрутални средства се пресметат со демократското движење, наложи соработка меѓу НОФ и КПГ и превземање на заеднички акции, завземање на единствени ставови и сл. За осуетување на овие планови на заедничкиот непријател, заеднички акции и соработка беа остварени повеќе и во сите околии на Егејска Македонија. Ќе наведиме некои од нив: во Воденско беше организиран штрајк на текстилните работници; заеднички митинзи против теророт; испратени се повеќе протестни писма и телеграми до грчките власти; дипломатските претставништва во врска со теророт и др. Во град Лерин на 5 јануари 1946 год. ЕАМ и НОФ заеднички организираа протестен митинг во кој демонстрантите бараа општа политичка

амнестија, преставничка влада, демократски слободи и права за Македонците, да запре теророт и масовното гонење против Македонците со неосновани лажни оптужби како охранити, автомономисти и сл.(само во град Лерин издадени беа 6300 такви решенија за апсење на Македонци),

Најплодни резултати од соработката меѓу НОФ и КПГ е постигната во парламентарните избори на 21 март 1946 год. Од одлуката за апстиненција од изборите донесена е непосредно пред самите избори.

И покрај тоа што раководството на НОФ имаше резерви спрема раководството на КПГ во однос на неговата колебливост да учествува или не учествува во изборите ги преземе потребните политички и организациони мерки за да успее апстиненцијата. Без оглед што одлуката беше донесена пред самите избори, раководството на НОФ успеа да го запознае своето членство и македонскиот народ со тоа дека се солидаризира со одлуката на КПГ за апстиненција.

Ипокрај теророт, фалсификувањата, подмитувањата и сл. резултатите од акцијата на НОФ и другите демократски партии и организации за погомен успех на апстиненцијата, се повеќе од очекуваното. Еве некои податоци од резултатите: во Негуш апстиненцијата изнесуваше 83%, во Бер 62%, во Воден 63%, во Лерин 69%, во Костур 61%.

Соработка меѓу КПГ и НОФ беше остварена и на воен план. Така на пример на 27 април 1946 год. раководството на НОФ за Воденско стапи во контакт со преставник на КПГ со кого разговараше за перспективите на борбата и заеднички ги разгледаа внатрешните услови, донесоа одлука да се превземаат заеднички вооружени напади на караули, полициски станици, потерни единици итн. Таква соработка беше остварена и во другите окрузи на Егејска Македонија.

3. Спогодбата на КПГ и НОФ за обединување

Ориентацијата за вооружена борба наложуваше сплотување на сите демократски сили во земјата во еден борбен фронт против монархофашистичката реакција која ја уживаше сестраната материјална и морална помош од двете најсилни империјалистички сили Англија и Америка. Една од најорганизираните и одани сили на револуцијата во Грција беше македонскиот народ организиран од својата национална организација НОФ. Македонската организација НОФ во тоа време беше најмасовната организација во земјата со свои раководства, со свој апарат и свои вооружени сили односно НОФ преставуваше најзначајниот

политички и воен фактор во земјата. А најбитното беше тоа што македонскиот народ целосно и сесрдно беше готов за одлучна борба. Раководството на КПГ имајќи го предвит сето тоа , неможеше да не се обрати до НОФ за соработка и обединување на силите. Исто така и НОФ прифаќајќи ја вооружената форма на борба како единствена алтернатива за обезбедување опстанок и права за македонскиот народ, се залагаше за обединување на македонските и грчките сили во борбата против заедничкиот непријател. Што значи интересот на борбата налагаше полно усогласеност на мислењата и акциите на КПГ и НОФ.

Прво контакти меѓу НОФ и КПГ беа воспоставени во април 1946 год. при враќањето на генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захаријадис од конгресот на комунистичката партија на Чехословачка, а преговорите за обединување меѓу НОФ и КПГ всушност започнаа во мај и завршија на 21 ноември 1946 год. кога конечно е постигната спогодба за обединување.

Разговорите и преговорите не се одвиваа така глатко и лесно . Требаше да се вложат напори од двете страни за да се надминат многубројните тешкотии, непријателски недоразбирања и предубедувања создадени во минатото, а особено со широката кампања што ја разви КПГ против НОФ во текот на 1945 и 1946 година. Исто така требаше да се реши прашањето на односите меѓу КПГ и другите демократски организации и НОФ, нејзиниот статут, развојот и статутот на македонските единици и др. Во нашето натамошно излагање ќе наведеме некои податоци во кој се гледаат различните ставови на двете преговарачки страни.

Преговорите заобединување како што наведовме започнаа во мај 1946 год. во Солун во куќата на Казакот во кој од страна на КПГ зедеа учество генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, членовите на ЦК Маркос Вафијадис и Леонидас Стрингос, а од страна на НОФ секретарот на главното раководство на НОФ Паскал Митровски.[105а)]

Во преговорите е постигната согласност по следните прашања:

а) НОФ да претставува единствена македонска национална организација на Македонците од Егејска Македонија раководена од КПГ.

б) Да се сочуваат македонските партизански единици, а за секоја област да се формират заеднички штабови од Грци и Македонци.

в) Признавање на чиновите на Македонците добиени во ЈНА, партискиот стаж во КПЈ и слично.

г) Коптирање на Македонци во раководствата на КПГ и другите партии и масовни организации.

Тие и некои други прашања беа предмет во преговорите за обединување меѓу делегациите на НОФ и КПГ во Солун.[106]

Меѓутоа веднаш после тоа, КПГ ги изменила условите за обединување на штета на НОФ и на заедничката борба поради што преговорите се протегаа низ целата 1946 година.

Новите услови на КПГ за обединување беа: расформирање на македонските единици и нивното спојување со грчките; правото за формирањето на штабовите да го има грчкото партиско раководство.[107] Според КПГ постоењето на засебни македонски единици ќе ја дразнеше и ќе ја предизвикуваше реакцијата и ќе беа пречка во создавањето на единствена национална армија. Исто така раководителите на КПГ се откажаа од договореното со Захариадис во Солун, кадри на НОФ по пат на коптација бидат вклучени во разните органи на КПГ и другите партии и организации.[108]

И покрај таквиот однос на раководителите на КПГ, преговорите за обединување меѓу локалните раководства на НОФ и КПГ продолжија.

Во јуни 1946 год. во Вичо планина одржан е состанок во кој од страна на КПГ зедоа учество окружните секретари на КПГ за Леринско и Костурско Стратос Кендрос и Танасис Догас, а од страна на НОФ членот на главното раководство Михаил Керамитчиев и членовите на окружните одбори на НОФ за Леринско Христо Колонцев и за Костурско Чандо Циперков. Македонската страна не се сложи со предлогот на грчката делегација, македонските единици да се расформираат и спојат со грчките. Ставот на преставниците на НОФ беше македонските единици да постојат одвоено, да се формира заеднички штаб од три члена од кои еден Грк и двајца Македонци. Бидејќи двете страни не отстапија од своите ставови состанокот завршил со неуспех.[109]

Во врска со обединувањето окружниот одбор на НОФ за Леринско во јули 1946 год. организира актив во кој беше решено:

1. Од редовите на македонските единици бидат испратени 100 до 150 борци во сите други околии.

2. Влегување на на македонската организација НОФ под раководство на КПГ-ЕАМ.

3. Членовите и кадрови на КПЈ автоматски да влезат во редовите на КПГ под гаранција и заштита на КПГ.

4. Да се формираат посебни македонски единици со преставници на КПГ во штабовите.

Со погорните одлуки окружното раководство на НОФ го запознава секретарот на СК на КПГ за Леринско Кендрос Стратос кој ги прифатил.[110]

Во еден друг состанок во с.Трсие -Леринско, преставникот на НОФ Михаило Керамитчиев обединувањето го усвои со постоење на македонски единици, со свој штаб и своја партиска организација. Свој став на Керамитчиев окружниот комитет на КПГ за Леринско го оквалификува како злосторнички.[111]

За да се согледат тешкотиите што требаше да се надминат а кои произлегуваа од спротивните ставови на двете страни околу условите за обединувањето, ќе поместим некои од многубројните документи кои непосредно се однесуваат на тоа прашање.

Секретарот на окружниот комитет на КПГ за Леринско Стратос Кендрос кој ги водел преговорите за обединување во Вичо, во своето писмо до претставникот на КПГ во Скопје Костас Шаперас, меѓу другото, му пишува: "... Има шест месеци што преговараме и резултатите се рамни на нула. Неможеме да ги убедиме и така изминува времето на штета на борбата. Уште од првиот момент на моето пристигнување се постави прашањето на обединувањето и истакнивање на кадрови според способностите на секој поединец независно дали е Грк или Македонец. Тие не се согласија. Поставија свои услови: формирање на засебни македонски единици од група до бригада и во нив политичкиот комесар да биде делегиран од НОФ. Во штабот на бригадата предложија да има еден наш делегат. Видејќи не се постигна спогодба, се договоривме на заеднички операции. Политиката на македонското раководство неможејќи да се прилагоди на грчката стварност, поставува нереални услови. Новите услови и ставови на НОФ ги пренесе Христо Коленцев-Кокинос, а тие се: " неможеме да се согласиме со вас и ние врвиме кон формирање на посебна бригада..."[112]

И покрај многу поволнот однос на силите во корист на НОФ (350 македонци партизани спрема 25-30 Грци) раководителите на КПГ во преговорите, како што се гледа и погоре во поместениот документ и во многу други, се однесуваа многу препотентно и супериорно. Тие користејќи го авторитетот на партијата сакаа да наложат свои ставови спротивни на договореното со Захариадис и против интересите на македонското движење. Еве уште еден пример за таквото однесување на

грчките раководители: Лефтерис Качакос член на ОК на КПГ за Леринско и комесар на 18-та бригада на ДАГ, во својата изјава, меѓу другото пишува: "... Кога во октомври 1946 год. во Вичо пристигна Илија Димовски-Гоце и формира македонска единица, нашиот штаб напиша и растури леток со кој отворено се разобличуваше Гоце и неговата авантуристичка политика . Паскал Митровски побара веднаш да се повлече летокот и да започнат преговорите. Грчката страна го условија започнувањето на преговорите со исклучување на Гоце од истите и да ја напушти грчката територија, што е и сторено..."[113]

Таквите остапки на македонското раководство, како што беше случајот на Гоце може да се оквалификува до извесен степен и како опортунизам. Некои од раководителите на НОФ по секоја цена сакаа да постигнат обединување.[114] Меѓутоа, имајќи ја предвид силата што преставуваше НОФ неговата организациона цврстина и сплотеност на македонскиот народ во неговите редови, воената и политичката оспособеност и друго не ги оправдуваат тие остапки. Постоеа сите објективни и субјективни услови, но во преговорите како рамноправен партнер да извојува поповолни позиции. На жалост така не е постапено.

Преговори за обединување водени се и во Пајак - Кајмакчилан. Во август 1946 год. во Пајак планина е одржан состанок меѓу преставниците на главното раководство на НОФ Павле Раковски и Џоџо Урдов од една и членот на македонското биро на КПГ Еврипидис Капетањос-Панос од друга страна. Постигната е согласност да се формира заеднички партизански штаб на паритетна основа, односно од 6 члена(тројца Македонци и тројца Грци) на чело со ГркотЈанис Кариофилис-Статис.

Од страна на НОФ во штабот беше предвидено да влезат Ристо Кордалов, Коста Гацев и Кочо Киров. Исто така беше одлучено да се формира партиски комитет на КПГ за подрачјето Пајак-Кајмакчилан составен од еднаков број Македонци и Грци. Во двете планини Пајак-Кајмакчалан беше договорено да се формират по три одреди со мешана команда. Одредите да бидат составени од македонски групи и по една или две грчки. Во Кајмакчалан беше одлучено да се формира партизанска единица како образец на браството и единството.[115]

Меѓутоа постигнатата согласност во Пајак беше откажана од страна на КПГ. Според инструкторот на КПГ за Македонија споменатиот Еврипидис Капетањос -Панос, ставот на КПГ бил да се растурат македонските одреди и да се спојат со грчките, а евентуално по потреба да останат една или две чисти македонски групи, нешто спротивно од

тоа што беше постигнато. Преставникот на ПКГ за расформирањето на македонските партизански единици дури сакаше да употреби и воена сила. Раководителите на НОФ неможеа да се согласат со таквите планови на грчките раководители и им наредија на старешините на македонските партизански единици да се оделат од грчките и повторно да ги формират своите единици.[116]

Како што наведовме главните преговори за обединување со раководството на КПГ од мај 1946 год. ги водел секретарот на централното раководство на НОФ Паскал Митровски. Тој во својот извештај од 13 септември 1946 год. меѓу другото пишува дека на последните разговори што ги водел со генералниот генерал на Ц. на КПГ Никос Захарјадис и со други функционери на КПГ биле завземени заеднички ставови, прифатливи врз кој ќе се извршеше обединувањето на НОФ со КПГ. Ако овие ставови, пишува во продолжение Паскал беа реализирани, проблемот досега ќе беше решен со осетно зголемување на нашата работа и на движењето на нашите области. Меѓутоа Грците другари задолжени да ги спроведат одлуките во базата, отстапија од тоа и ги искривија работите. Така на пример Захарјадис наполно се согласи да се сочуваат македонските партизански групи и одреди одделно, односно да не се спојат со грчките и да се формират само заеднички штабови во секоја област. Захаријадис упте рекол , дека постоењето на одделни македонски единици ќе претставува првата етапа во создавањето на македонска војска со свој штаб. Меѓутоа , покрај таквиот став на лидерот на КПГ претставниците на КПГ во разни области настојаваат да ги растурат македонските единици, односно македонските партизани да влезат во грчките единици тврдејќи дека таква линија имаа добиено од нивното партиско раководство. Точно е дека таква директива окружните раководства добиле од македонското биро на КПГ со образложение дека постоењето на посебни македонски единици дразнат и стануваат пречка во создавањето на единствена национална армија и реакцијата ќе наоѓа почва да го клевети грчкиот национален отпор.

Второ прашање по кое не се спожуваше НОФ со КПГ беше прашањето на начинот на партиското распоредување и активирање на кадарот на НОФ во заеднички партиски раководства на КПГ и во политичките организации. Се спремаат , вели во продолжение Митровски да го истиснат апаратот и воопшто кадарот на НОФ и прифаќање на лица кои тие сакаа без да го почитуват мислењето на НОФ. Се манифестираа тенденции од страна на КПГ не за јакнење на НОФ, туку за неговото слабеење и утрешно расформирање како што постапија со СНОФ во 1944 год.

Според постигнатата согласност со Захариjадис, НОФ требаше да достави еден список од македонски кадрови со соодветен предлог за нивното поставување по пат на коптација во раководните органи на КПГ и во другите демократски партии и организации. Беше договорено во раководствата на окружните комитети на КПГ за Костурско, Леринско и Воденско бидат коптирани повеќе кадрови на НОФ. Меѓутоа таа согласност постигната со Захариjадис беше откажана. Организациониот секретар на ЦК на КПГ Јанис Иоанидис на еден состанок со претставникот на НОФ изјавил дека освен Паскал Китровски кој со одлука на Политбирото ќе биде коптиран во македонското биро на КПГ, за сите други случаи, односно предложените активисти на НОФ, ќе настојава да бидат избрани од партиските собранија по демократска процедура. Окружните раководства на КПГ од друга страна го тврдеа обратното. Имено тие им ја изјавуваа на раководителите на НОФ дека при изборот на Македонци во партиските раководства нема да ги земат во предвид предложените од страна на НОФ. Таа беше тенденција уште од тогаш да ги активираат оние Македонци кои останаа верни на линијата на КПГ по македонското национално прашање, кое нешто се случи на I-от конгрес на НОФ и понего.

И покрај таквите појави и тенденции од страна на КПГ, стремежот на НОФ за спогодување овозможи соработка и координирани акции со воените и политичките организации на КПГ-ЕАМ.

Но карактеристично е дека фактот и покрај тоа што постоеа асимилаторски акции и тенденции од месните претставници на КПГ за да се поткопа единството на НОФ за што делуваа со јасна и определена тенденција, единството на НОФ не само што не се разниша, туку напротив уште повеќе се зацврсти и не се забележа никакво отстапување од линијата на НОФ. И покрај таквиот однос на раководителите на КПГ, раководството на НОФ сметаше и настојаваше проблемите да се решат дефинитивно и конкретно.[117)]

Цитиравме поголем дел од овој извештај на Паскал за да истакнеме две работи: прво, настојувањето на КПГ да ја потчини организацијата НОФ и второ вербата на македонските раководители во искреноста на Захариjадис. Имено како што читаме во погорниот документ за неспроведување на одлуките и договореното за обединување не било виновно Централното раководство на КПГ, туку локалните, односно окружните комитети на КПГ. Таквото убедување и заблуда кај раководството на НОФ беа главната причина за недозволени отстапки од страна на НОФ при склучувањето на спогодбата за обединување.

Со поставувањето на Маркос Вафијадис за командант на грчките партизански групи, преговорите за обединување со НОФ му биле доверени нему.

Во втората половина на септември 1946 год. Маркос Вафијадис на раководството на НОФ му ги соопшти условите на ЦК на КПГ врз кој требаше да се изврши обединувањето:

1. Да се расформират постојните македонски партизански единици и борците да се вклучат кон грчките партизански одреди, бидејќи според мислењето на КПГ постоењето на македонски партизански единици ја слабеат контролата на партијата над нив.

2. По прашањето за составот на раководствата и командите на воените единици, КПГ си го задржуваше правото да постави "добри команданти" во кои имаа полна доверба. Тие може да бидат Грци, апак единиците што ќе ги водат да бидат наполно составени од Македонци, ако партијата ги најде за погодни, беше ставот на КПГ.

3. По однос на коптирањето Македонци од НОФ во раководствата на КПГ во македонските покрајини, кое може да биде како израз на одредено влијание на НОФ во раководството, ставот на КПГ гласеше: Не мора во македонските области меѓу раководните партиски органи без друго да има и Македонци раководители. Важно е кој се способни и кој имаат доверба во партијата.[118]

На споменатите услови за обединување не се согласи ни последниот член на организацијата НОФ и Македонец партизан.

Како што се гледа од горе наведеното, за постигнување на спогодба за обединување најголема пречка претставувало настојувањето на Македонците да имаат своја вооружена сила. КПГ не сакаше тоа да го допушти, а без воена сила во условите на вооружената борба организацијата НОФ можеше да претставува само послушен орган.

И покрај несогласувањата, реагирањата и отпорот на Македонците спогодбата беше заклучена и спроведена. Спогодбата беше постигната меѓу членот на ЦК на КПГ и командант на грчките партизани Маркос Вафијадис а од страна на НОФ секретарот Васкал Питровски. Спогодбата ја одобри Политбирото на ЦК на КПГ.

Спогодбата е склучена на 21 ноември 1944 год., а не беше остварена наеднаш и истовремено. Во Вичо е остварена на 21 ноември 1946, во Кајмакчалан на 20 декември 1946, а во Најак во јануар 1947 година.[119]

Спогодбата е склучена во с.Турје-Леринско. Во тоа време во подрачјето на Костур и Лерин, односно во Вичо и Грамос делуваа три македонски партизански одреди со околу 350 борци, а грчки еден во Вичо со 30 и уште еден во Грамос со 65 борци на чело со Ѓорѓис Јанулис.[120] При склучувањето на спогодбата од страна на КПГ- ДАГ учествуваше Никос Теохаропулос-Скотидат и други грчки раководители, а од страна на НОФ Паскал Митровски, Михаил Керамитчиев, Илија Димовски-Геце и Павле Раковски.

Спогодбата ги содржаше следните услови:

1. Организациите НОФ и АФЖ се стават под непосредна контрола и раководство на КПГ.

2. Македонската младинска организација НОМС да се расформира а нејзините членови и апарат преминуваат во грчката младинска организација ЕПОН.

3. Македонските партизански единици се фузионират со грчките под заеднички команди поставени од КПГ.

4. Секретарот на главното раководство на НОФ Паскал Митровски се коптира за член на македонското биро на КПГ, а одговорниот на НОМС Кинчо Фотев во покраинскиот совет на ЕПОН за Македонија.

5. Членот на главното раководство на НОФ Доцо Урдов се поставува за член на штабот на ДАГ за Централна и Западна Македонија.

6. Соодветен број на активисти на НОФ- АФЖ и НОМС да се избере во окружните и други пониски раководства на КПГ, ЕАМ, ЕПОН и други организации.

7. Сите членови на КПЈ автоматски стануваат членови на КПГ и им се признава партискиот стаж спроведен во КПЈ.[121]

За практичното спроведување на спогодбата обавени се повеќе средби и разговори меѓу претставниците на КПГ и НОФ.

Една од најважните средби е онаа што се одржа кон крајот на ноември 1946 год. во Хаша меѓу командантот на ДАГ Маркос и секретарот на НОФ Паскал Митровски. Во неа меѓу другото се расправаше за практичната и доследната реализација на спогодбата за обединување.

На овој состанок се расправаше и за распоредот и локацијата на партизанските единици составени главно од македонци. По долги дискусии беше заклучено еден дел одредите да останат во Егејска Македонија, а другиот да премине во внатрешноста на Грција каде според

оценките на Главниот штаб на ДАГ ќе придонесуваа за развивање на борбата и зајакнувањето на борбените позиции и во ова мошне невралгична и важна точка на борбата против монархофашизмот. Врз основа на таа спогодба повеќето македонски единици од тлото на Егејска Македонија беа префрлени во внатрешноста на Грција и кои навистина многу придонесоа за разбојот на вооружената борба и во тие подрачја. Ова и други дислокации на македонските партизански единици што уследија, од некои македонски автори се оценува како непотребен и тактичен план на КПГ за ликвидирање на едитната сила на НОФ. Таквата оцена е изнасилена и не аргументирана. Навистина ДАГ имаше потреба од дислокација на македонските единици, бидејќи додека во цела Грција за време на преговорите за обединување делуваа околу 2000 партизани, а сам НОФ во Централна и Западна Македонија располагаше со преку 700 партизани со перспектива овој број многу брзо неколку пати да се зголеми кое нешто и се случи. Почем отпорот против наездата на монархофашизмот и победоносниот исход на револуцијата не можеше да биде задача на НОФ и на македонскиот народ, туку на целиот грчки и македонски народ и ако револуцијата ја опфаќаше целата земја.

НОФ искрено и доследно му пристапи на прашањето, бидејќи сметаше дека обединувањето има повоеразредно значење со далекусежни последици за натамошниот развиток на заедничката борба против монархофашизмот. Раководејќи се од тоа, раководството на НОФ за спроведувањето на спогодбата го мобилизира целиот свој апарат и ги преземе сите мерки, во интерес на борбата, да се заборави минатото, недовербата, предубедувањето односно за остварување на борбеното единство меѓу двата народа кое во периодот (1944-1945) беше нарушено поради познатите разидувања и расцепот до кој дојде меѓу македонците комунисти и раководството на КПГ. Како резултат на упорната работа на НОФ во тој правец, линијата за обединувањето на демократските сили во земјата, најде целосно разбирање и длабок одраз кај македонците борци, бидејќи беше практичен израз на желбите за братство и единство кај македонскиот народ. Меѓутоа,ако кај НОФ и македонскиот народ постоеа таквите желби и стремежи, другата страна не мислеше така и не му пристапи искрено на прашањето. Уште од првиот момент ја изигра спогодбата со цел да го обезглави македонското движење и го стави под своја целосна контрола. Еве што пишува во врска со тоа во својот опширен извештај од 19 април 1947 год. секретарот на НОФ и главниот преговарач за обединувањето П. Питровски: "...

1. Од политичкото и идеолошкото неподготвување на голем дел од грчките маси да го засакат и да го разберат самото постоење на македонскиот народ и неговата искрена желба и потреба за борбен сојуз со него.

2. Шовинизмот кај некои Грци кои се задолжени од КПГ да раководат со македонските околии, хронична недоверба од КПГ спрема кадровите на македонските кадри. Така има свој одраз во систематското исклучување на Македонците од одговорни функции. Под разни изговори, партиска"будност" и сл. во околиските штабови треба да бидат Грци. На пример во еден ред штабови и околии со македонско население (во Грамос, Каракамен, Кајмакчалан, Пајак) ниеден Македонец нема член во штабот. Исклучок прави Вичо и тоа формално, зашто скоро сите партизани се Македонци. Маркос во еден разговор со мене рече: "Треба да се покажат и проверат македонските кадри и после да ги издигнеме". На тоа јас му одговорив: "зар борбата против окупаторите и монархофашистите не беше доволна за проверка на македонските кадри"! Маркос на тоа не ми одговори. Маркос дури бил да не постои централно раководство на НОФ, туку само окружни на што јас не се согласив. Во продолжение Китровски пишува: "Дискутирав со претставникот на ГП на ДАГ за Централна Македонија др.Панос (Евripидис Капетањос) и настојував да го убедам дека е нужно за единството и развитокот на партизанското движење во овие околии да влезат во раководствата на штабовите за Пајак-Кајмакчалан како членови и неколку истакнати Македонци кои 5/6 се составени од Македонци. Тој остро ми одговори дека тоа не може да стане, бидејќи такво нема и ми се спротивстави со партиска будност и "вето". Слични примери за таков однос на грчките раководители спрема Македонците Китровски наведува и од Костурско и Леринско. На крајот Китровски заклучува: "Општо речено недовербата, шовинизмот, тесниот секташки дух,тенденцијата за изолирање, отстранување и со разни манипулации оддалечување на истакнати македонски кадри и тенденцијата за слабеење позициите на НОФ на штета на силите, мобилизирање на македонскиот народ во борбата против општиот непријател е карактеристична особина и пракса кај многу Грци другари кои се партиски задолжени и овластени да раководат со македонски територии..." 122)

Цитирав поголем дел од овој извештај на Китровски за да се види како раководителите на КПГ гледаа на спогодбата и затоа што има директна врска со настаните што следеја и со крајот на оваа драма на македонскиот народ од тој дел на Македонија.

Согласно постигнатата спогодба за обединување и спроведување на истата беа формирани територијални штабови. Штабот на ДАГ во Вичо беше составен од Пандо Киперков, командант (Македонец), Козмас Спанос-Аминдаа, комесар,(Грк) и Михали Апостолски-Гранити, интендант (Македонец), Штабот на Грамос-Воио од Ѓорѓи Ѓанулис, командант, (Грк), Козмас Буковинас, комесар (Грк) и Ахилеа Папаиоану, заменик командант (Македонец). Штабот на ДАГ за Пајак од Јанис Кариофилис-Статис, командант (Грг), Ристо Кордалов, заменик командант (Македонец) и Танасис Кокинопулос (Грк), и комесар, а Штабот на ДАГ на Кајмакчалан од Андреас Андонакис, и Ираклис Милтијадис-Киријакос, комесар (двајцата Грци).

Таквиот состав на штабовите, иако неповолен за Македонците, не беше многу задржан. Со реорганизацијата на ДАГ односно кога штабовите се организираа во бригади во јуни-јули 1947 год. наведените членови на штабовите ги изгубија овие позиции и беа поставени на пониски функции. Така на пример командантот и членот на територијалниот штаб на ДАГ на Вичо Пандо Киперков и Михали Гранити беа поставени за командант односно комесар на батаљон, а на штабот на 18-та бригада која беше формирана во истото подрачје беше составена од Грците Козмас Спанос-Аминтас и Левтерис Качакос. Исто се случи и во другите подрачја на Егејска Македонија. За да осуети евентуална реакција на Македонците за таквото кадровско поместување и деградирање, раководството на КПГ-ДАГ формираните батаљони начело со Пандо Киперков и Михали Апостолски веднаш ги дислоцира од Вичо во Грамос каде двајцата прекрасни старешини веднаш храбро загинаа.

Поради кадровското поместување што уследи со спроведувањето на спогодбата за обединување, беше извршена извесна реорганизација во составот на раководните органи на НОФ. Така за секретар на Окружниот комитет на НОФ за Воденско беше поставен Вангел Мамурданов, дотогашен организационен секретар; за секретар на Окружниот комитет за Костурско Крсто Мангов, а за Леринско Тане Наумов, секретер на Окружниот комитет за Гумендиско и Енице-Вардарско Иван Кичев. Во тоа време беше извршена реорганизација и на Главното раководство на НОФ, Дотогашните членови на тоа раководство Цоцо Урдов беше поставен за член на штабот на ДАГ за Централна и Западна Македонија, а Илија Димовски-Гоце за командант на батаљон.

Новото централно раководство на НОФ за Егејска Македонија беше составено од : Михаило Керамитчиев, секретар на НОФ, Павле

Раковски, одговорен за агитација и пропаганда; Евдокија Балева;Вера одговорна на АФЖ; Вангел Ајдановски-Сче дотогашен политички секретар на ОК на НОФ за Воденско, Ламбро Чолаков, дотогашен политички секретар на ОК на НОФ за Костурско и Вангел Ничев ,дотогашен раководител на НОФ за Гумендиско и Книце-Ваодарско, за членови. Дотогашниот раководител на НОФ Паскал Митровски и раководител на НОПС Кинчо Фотев кој првиот беше коптиран во Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и вториот за член на Покраинскиот комитет на ЕПОНза Македонија истовремено станаа членови на новото раководство наНОФ.

Г Л А В А V

Ситуацијата во Грција после парламентарните избори, реставрација на монархијата и непосредните задачи на движењето на НСФ

Со фалсификуваните избори од 31 март 1946 год. британската политика ја донесе на власт во Грција монархофашистичката десница (Популистичката партија и тн.) со цел да го загуши народно-демократско движење и да ја подготви реставрацијата на монархијата и на кралот Ѓорги како најверен нејзин слуга за зацврстување на своите позиции во Грција.

Плебисцитот на 1 септември организиран на брзина и во невидени услови на терор и фалсификат го запечатува преовладувањето на монархофашизмот и отвара нов период на остри внатрешни борби, води кон воопштување на Граѓанската војна. Извојувањето на демократските слободи стана исклучиво дело на борбата на народот со помошта на другите слободољубиви народи.

Фактот дека, и покрај очевидната спротивност на мнозинството на грчкиот и на македонскиот народ, Велика Британија прибегна кон насилно и отворена реставрација на компромитираната, предавничка и фашистичка монархија, тоа покажуваше колку жестоко се бореше и ќе се бори за обезбедување на своите позиции во Грција.

Изјавата на Британскиот генерал Мокгомери на тајниот состанок на грчкиот генералштаб која стана позната, ги покажуваше стремежите на британската политика која се потврдува од фактите(ќе ја задржиме Грција која претставува база против СССР и народните републики и затоа треба да ја исчистиме советската петта колона, односно КПГ).

Под тие услови вооружената интервенција на Англија во декември 1944 година е еволуира во суштинска окупација. Таквиот развој на Грција го покажуваше големиот јаз што постоеше и се продлабочуваше помеѓу грчкиот демократски народ и масите и меѓународна реакција и го поставуваше на прв ред проблемот на борбата за независност и демократија.

1. Монархофашистичкиот терор. Доаѓањето на власт на монархистите значеше доаѓањето на најреакционерните делови на грчката

плутократија и на нејзиниот политички свет. Со вонредните мерки владата ја легаризира законската фашизација на земјата и напоредно ја зајакна терористичката дејност на фашистичките банди во селата и градовите, а особено непосредно пред одржувањето на плебисцитот. Над 2000 борци се убиени во отпорот од Варкиза(12.II.1945 до септември 1946 год.). Во текот на пет месеци по изборите убиени беа над 600 демократски граѓани и припадници на отпорот. Непосредно пред одржувањето на плебисцитот беа зајакнати апсењата и интернациите на демократските граѓани. Во текот на два месеци беа интернирани во голите острови 1200 лица. Ви истиот период беа батени над 13000 демократи. Беа превземени офанзиви за чистење во селата што зедоа карактер на вистински прогон против демократските граѓани. Со посебен бес ги напаѓа Македонците. Со одлуки на воените судовибеа стрелани 42 борци.

2. Војска, жандармерија, банди. Основно оружје за несогласувањето на владината политика беа формациите за безбедност (жандармерија-полиција) и војската што ја реорганизираа англичаните и вооружените банди во градовите и селата. Жандармеријата и полицијата после плебисцитот броеле околу 20000, а во војската околу 100000 луѓе.

Основно политичко оружје што го употребуваше реакцијата против КПГ беше настојувањето да претстави како предавничка партија и продадена на словенизмот и на СССР. КПГ ја популаризираше политиката на Советскиот Сојуз и на новите републики во врска со македонското прашање, кое го сметаше за најчуствителнно, ја истакнуваше борбата на заштите на Македонците и нивната рамноправност.

3. Економската политика на десницата. Економската политика на монархофашистичката влада е другото лице на нејзината новофашистичка политика. Се работи за економската политика на Сити, што ја претвораше земјата во полуколонијален дел на британската империјалистичка економија во соработка со грчката плутократија. Под тие услови секоја идеа за национална изградба беше невозможна. Две години стопанската политика се потпираше на помошта од УНРА и надворешни кредити. Некои показатели помагаат да се свати тогашната стопанска ситуација: индустрискиот капацитет работи одвај околу 25% од неговата продуктивност, а 45 до 50% од работниците беа вапослени. Земјоделското стопанство одвај достигнуваше околу 60% од предвоеното.

Спротивно на ниската производна продуктивнот, народот се натоваруваше со огромни давачки на еден воено-политички буџет. За огромното мнозинство од народот животниот стандарт беше понизок од предвоениот.

4. Масовната демократска борба против реакцијата

Со мерките на откриен или прикриен фашистички притисок и економската експлоатација Англичаните и монархофашистите ги уништуваат чекор по чекор демократските придобивки на народот и извојуваа позиции на штета на народното движење, кој ги бранеше преку најразновидни форми на борба. Треба да се набележи дека англичаните верни на својата традиционална политика и посебно во Грција правеа се за да го расцепат грчкиот народ, да го посеат меѓу него крвопролевањето и да попречат секое движење за независно национално сплотување. На тоа верни органети им беа монархистите ки ја презедоа едностраната граѓанска војна. Но и т.н. опозиција на "Демократскиот центар" всушност се вдахнуваше од истиот антикомунизам, антисоветизам и анти словенизам. И покрај своите спротивности со монархијата и разликата во тактиката, тој во основа преставуваше резерва на Англија.

На политиката на англискиот империјализам, КПГ, ЕАМ и НОФ и се спротивставуваа со обединетата борба на сите без разлика антимонархистички демократски сили, масовната борба за слобода и демократија, масовната борба за економски прашање, паролата на народното помирување координирана со масовната народна самоодбрана што во последните месеци после изборите се разви во вооружена борба на герилските групи во планините.

Насовната борба координирана со партизанската борба што имаше за цел да ги осуети насвојувањата на англичаните и на монархофашизмот и да го издигне народно-демократското движење на повисоки форми во погоден момент за истерувањето на англичаните и соборувањето на монархијата, беше другиот основен белег на внатрешната ситуација на Грција. Точно оваа паралелна политичка и вооружена форма на борба која ја применуваше КПГ, се покажа како што наведовме за исходот на борбата.

Во периодот пред плебисцитот во Грција имало и масовни претестни штрајкови, за економските прашања и против терористичките

мерки (генерален штрајк во јануари 1946 год.; редица од 24 часовни штрајкови и генералниот штрајк јуни-јули 1946 год.).

Последните вонредни закони во координација со разбивачката дејност на фашистите во синдикатите што зајакна, ја направи организацијата и штрајковите потешка. Големи демократски собири беа одржани повеке пати во Атина, Солун, Драма, Кавала итн. Во последите седемократски собири на плебисцитот во Атина учествуваа 350000 а во Солун 100000 граѓани.

Зајакнувањето на фашизацијата на земјата, теророт и масовните убиства создадоа за народот несносливи услови. Многу селани кадри и борци на народното движење биле принудени да пребегаат во планините. Во летото 1946 год. започна организирана дејност на партизанските групи составени од стари и нови партизани. Овие групи, иако неофицијално се наоѓаа под раководство на КПГ. Во август 1946 год. во главните планини на Грција, особено на Македонија и Тесалија делуваа околу 3000 вооружени партизани од кои преку 1000 беа Македонци. Во Вичо и Кајмакчалан есента 1946 год. под раководство на НОФ беа формирани Македонски батаљони, одреди и друго кои развија интензивна партизанска дејност. За да се види каков беше соодносот на грчките и македонските партизански сили,есента 1946 год, го наведуваме податокот на командантот ГШ на ДАГ генерал Маркос Вафијадис: "... На крајот на септември-почетокот на октомври 1946 год. отидов во Грамос. Се поврзав со Г.Ѓанулис кој имаше единица од околу 65 борци. Се поврзав и преговарав со единица на Македонци во Вичо од околу 350 борци кои сакаа контакти и соработка. Другарите се убедија и беше реализирана заедничка команда и дејност..." Овој податок на генерал Маркос доволно зборува за расположението и придонесот на Македонците во борбата на ДАГ против монархофашизмот и странските интервенции.

Г Л А В А VI

Официјална појава на Демократската армија

Настојувањето на десницата со силата на оружјето да се пресмета со демократското движење и прифаќањето на КПГ на вооруженият отпор како форма на борба против таквото настојување, беше причина есента 1946 год. да се зголеми бројот на герилците кои неповрзано делуваа во целата земја. Беше нужно да се формира еден централен координационен орган кој ќе ја обединеше и координираше дејноста на тие неповрзани партизански групи. Оваа потреба особено се наложи со настојувањето за обединувањето и со обединувањето на македонските и грчките партизани. Тоа овозможи на 28 октомври 1946 год. да се формира Главен штаб на партизаните а на 27 декември истата година тој штаб се именува Демократска армија на Грција и се организира врз воени основи.

Идеолошката платворма на ДАГ, како што беше прокламирана во почетокот на нејзиното создавање, и нејзините принципи означуваа продолжувањето на еамската борба. Што значи ДАГ немаше никаков стремеж на класно друштвено ограничување. ДАГ не ја стеснува својата демократска ширина. Обратно целите на демократската преобразба, на помирувањето и националната независност што ја прокламира, ги проширува своите идеолошки хоризонти и логично во нејзините редови требаше да стапат сите еласовци и еамовските сили и масите на отпорот. Меѓутоа, не беше постигната една таква широка регрутација и стапување во ДАГ. Обратно и покрај офанзивноста во почетокот и симпатиите што ги создаде во целиот еамски свет, во многу кратко време започна една забарикадирана партијност во нејзиниот развој со резултат на нејзино изолирање од широките народни маси. Кога првите нејзини идеолошки цели,се заменуваат со социјалистичка револуционерност, ДАГ се ограничува во класна армија и ја губи својата правилна ориентација.

Причините за поразот на ДАГ не беа во успешната стратегија и тактика на нејзиниот непријател. Причините на поразот на ДАГ беа од политички карактер.

Првите основни причини на поразот на ДАГ тргнуваат од двојната политика на раководството на КПГ, што непосредно и главно имаше негативни последици во организационата и техничката подготовка на вооружената борба.

"Цели петнаесет месеци партиските организации немаа јасна ориентација и чекаа инструкции за развитокот на вооружената борба. Таа борба почна некако да се води во втората половина на 1947 год., што значи 15 месеци после одлуката на II-от Пленум која неможеше да му биде позната на непријателот. Во тој период монархофашистите успеале со помошта на англичаните окупатори да ги зацврстат своите позиции, да создадат државен апарат и значајни вооружени сили. Во исто време со теророт што започна во земјата, силите на КПГ, значајно ослабнаа. Демократските масовни организации кои беа потпора на партијата, беа удрени и растурени, нешто што доведе во понатамошното намалување на влијанието во масите. Така условите за водење на вооружената борба во споредба со 1946 год., суштински се изменија и не во полза на партијата.[124] Навистина со противречната политика на партиското раководство, политиката на мирот и политиката на вооружената борба, - дијаметрално спротивни, органотехничката подготовка во вооружената борба беше негативна. Целата 1946 и почетокот на 1947 год., можностите за организирање на вооружената борба и решителни удари на ДАГ, така што да биде прифатено политичко решение на грчкото прашање беа значајни. Меѓутоа, раководството водејќи противречна политика не ги искористи тие поволни услови.

Во јули 1946 год. Н. Захаријадис во врска со организацијата и задачите на партизанските групи ги даде следните инструкции:

а) регрутирањето треба да се врши исклучително врз доброволна основа;

б) да се избегнува приклучувањето во партизаните на единици на владината армија што сакаат да преминат во партизани;

в) воената дејност да има само одрамбен карактер и да се ограничи со судири со реакционерни организации;

г) да се сочува линијата на "помирување". Партизанските единици претставуваат средство за притисок над владата".[125]

И покрај колебањата на Захаријадис, партизанското движење со обединувањето на македонските со грчките партизани, кон крајот на 1946 год. постигна значајни успеси. Сите офанзивни акции на владините единици против партизаните претрпеа неуспех. Партизанското движење излегува од грчките граници. Целиот светски печат се занимава со грчкото прашање и општиот впечаток што се оформува во таа епоха во светското јавно мислење, е впечаток на симпатија кон партизаните.

Грчкиот проблем започна да се сфаќа од меѓународното јавно мислење, како политички проблем а не како воен. Измената на тоа мнение се обиде да го постигне владата на Цалдарис со нејзината желба до НОД. Побара да се смета грчкиот проблем како проблем настанат поради комунистичка интервенција од надвор. Целите беа двојни; успесите на партизаните не се резултат на владина неспособност, што значи политички проблем. И народните републики на Балканот да се претстават како нарушители на редот и интегритетот на Грција. Неспособната грчка десница, во нејзината безнадежност стануваше свесен органет на меѓусобното колење на Грците, во интерес на нејзините класни интереси и стратегиските планови на американскиот империјализам.

Таа беше причината за отворената американска интервенција во грчките работи за што ќе се задржиме посебно.

Г Л А В А VII

Интернационализација на грчкото прашање

1. Анкетната комисија на ООН

Во декември 1946 год. грчката влада врз основа на членот 35 од ООН побара во Советот за безбедност да се дискутира грчкото прашање обвинувајќи ги владите на Југославија, Албанија и Бугарија дека ја помагаат ДАГ. со цел да присвојат грчки територии. Оваа акција на грчката влада на Цалдарис имаше за цел да ја прикрие од ООН и од целиот свет отворената интервенција од Англо-американците во внатрешните работи на Грција. Оваа жалба на грчката влада на 19 декември 1946 год. беше прифатена од Советот за безбедност. Советската делегација не го искористи правото за употреба на вето на таа одлука, само предложи Анкетната комисија што ќе ги испитуваше на лице место обвинувањата на грчката влада, да има право на едно поопшто испитување во цела Грција. Овој предлог на Советската делегација не беше прифатен.

И пред доставувањето на оваа жалба на Цалдарис, грчкото прашање беше предмет на третирање на "големите". Така на пример,во конференцијата на Јалта (февруари 1945) Сталин изненадно го праша Черчил: Што станува во Грција? Черчил беше изненаден од прашањето кое покажуваше доказ за неочекуван интерес. Но пред да одговори, Сталин додаде смирено: не ги осудувам вашите акции во оваа земја. Просто прашувам за да се информирам.[126)]

Во јули 1945 година во Поздамската конференција Советскиот Сојуз на владите на Англија и Америка им врачи меморандум со кој бараше да се посоветува грчкиот регент архиепископот Дамаскинос да формира демократска влада во духот на договорот во Варкиза.

Во февруари 1946 год. советскиот претставник во ООН Вишински во Советот за безбедност го осуди присуството на британски војски во Грција како органет на насилие во внатрешната ситуација во земјата, и побара нивното непосредно напуштање на Грција.

Во септември истата година претставникот на Украина во ООН Мануилски, поднесе нова жалба осудувајќи го терористичкиот ужас во текот на плебисцитот и интервенциите на британските мисии во внатрешните работи на Грција.

Анкетната комисија на ООН пристигна во Грција кон крајот на јануари 1947 година. Главната цел на нејзините западни членови беше да ја докажат непосредната помош и зависноста на Демократската армија од северните соседи на Грција.

Анкетната комисија ги започна своите иследувања и западните нејзини членови секогаш настојуваа да ја задржат "надлежноста" на комисијата, на граничните инциденти и одговорноста на северните соседи за грчкиот проблем. Но, страшна беше стварноста за причините на Граѓанската војна во Грција поради што беа принудени да ги напуштат "формалностите" и да ја слушнат суштината на проблемот.

Во периодот од 20-25 февруари 1947 год. комисијата ги прими делегациите на партиите на ЕАМ, на партијата на левите либерали и на социјалистичката партија. Меморандумот на ЕАМ под наслов "Вистинските причини на грчката драма", претставува еден од најзначајните текстови на новогрчката историја.

Исто така, покрај 28 масовни и повеќе поединачни меморандуми и протести организирани од организацијата НОФ на Македонците на Анкетната комисија, значаен документ кој "обвинува" претставува меморандумот од политичките бегалци од Егејска Македонија во Југославија предаден на Анкетната комисија при нејзиниот пре во март и април 1947 год. во Скопје.[127)]

Со меморандумот 20104 политички бегалци од Егејска Македонија ја изнесуваа својата и целата драма на Македонскиот народ после Варкиза, ги откри причините и организаторите на граганската војна, ги откри и ги отфрли сите клевети и махинациите на десницата против Македонците да ги претстави како "афтономисти, а со тоа да го оправда нивното масовно прогонување, ги демантира сите владини клевети за "надворешно мешање" и сл.[128)]

Анкетната комисија покрај Грција и следуваше и во Бугарија и Југославија, а една нејзина екипа се состана и со командантот на ГШ на ДАГ генерал Маркос.

Анкетната комисија на ООН се свика во мај 1947 год. во Женева и одговорностите за Граѓанската војна со мнозинство гласови им ги префрли на соседите на Грција. Таквата констатација на Комисијата во извештајот на истата ја доби следната формулација:" На основа фактите кои Комисијата ги констатира- прави заклучок дека

Југославија и во помала мера Албанија и Бугарија, ја потпомагаат бундовничката војна во Грција". Тојбеше крајот на една подготврна комедија што се одигра внатре во рамките на драмата на грчкиот и македонскиот народ.

Со оваа констатација се легитимираше Граѓанската војна, студената војна, нужни методи за агресивен поход на американскиот имберијализам и заштита на реакционерниот рэжим на Грција.

На основа оваа констатација на Анкетната комисија и уште пред да изврши својата прва анкета, беше одредена нова Анкетна комисија, позната под името "Балканска комисија". Оваа комисија никогаш не беше признаена во Балканските земји, Југославија, Бугарија и Албанија, земјите обвинети за тоа дека ја помагаат бундовничката војна и никогаш не беше пуштена во нивните територии. Но, без оглед на тоа, Комисијата постојано прибираше"факти" за тоа дека" северните соседи на Грција ја загрозуваат нејзината независност". Оваа комисија претставуваше морален фактор на грчката буржоазија, која во текот на 1947 год. преживуваше голема криза.

Грчкото прашање не беше окончано со создавањето на наведените комисии и нивните констатации. Тоа го следеше целиот тек на студената војна која започна од летото 1945 год. и заврши со кубанската криза (1962 год.)

Ке наведеме само уште еден пример за третирањето на грчкото прашање во ООН, бидејки во него беа постројирани и Македонците. Имено, во Генералното собрание на ООН кое се свика на 21 септември 1948 год. по грчкото прашање, турскиот претставник Селим Сарпер во својот говор констатира дека создадената ситуација во Грција, особено во нејзините погранични подрачја што е резултат на надворешни интервенции во внатрешните работи на Грција, создаваат сериозни последици за грчкиот народ. Тој ги советуваше Грција, Албанија и Бугарија да воспостават дипломатски односи и да ги реализираат постојните конвенции. Исто така тој ја советуваше грчката влада да ги превзема нужните мерки за да се стави крај на секое самоволие против граѓаните од македонската и албанската националност, на начин што да им се загарантира развитокот на нивната национална просвета, на својот мајчин јазик...."[129]

2. Труманова доктрина

Но моралната подршка на Анкетната комисија не беше доволна за да се загуши партизанското движење. Беше потребна и материјална помош. Велика Британија тежината на зголемените потреби во Грција не беше во состојба да ги поднесе. Поради тоа Британската влада се обрати со молба до САД да учествува во помошта на Грција барем со сумата од 40 милиони лири годишно. Истовремено Британската влада изјави дека не е можен престојот на англиската војска во Грција. Овие два акта на Англија и ги отворија широко вратите на Грција на походот на американскиот империјализам.

Овој поход официјално беше прокламиран на 12 март 1947 год. со говорот на тогашниот претседател на САД Труман на конгресот што го доби името "Труманова доктрина". Со оваа акција на САД под мотивација да и помогнат на Грција во сочувањето на нејзината независност, беше спасителна даска на грчката буржоазија и отворена Американска интервенција во Ѓраѓанската војна во Грција. "Труманова доктрина" од десницата беше прифатена со радост и национална гордост додека ЦК на ЕАМ на својата декларација од 15 март 1947 год. до грчкиот народ ја одбиваше Американската помош и ја бараше неутралноста на Грција. КПГ ја осуди "труманова доктрина" како империјалистичко мешање со цел да ја спаси монархофашистичка Грција. Со труманова доктрина Грција се претвара во воен мостобран против демократијата во Балканот и во Европа.[130]

На основа "труманова доктрина" испратена е воена помош од 300 милиона долари за 1947 год. САД продолжи да јапомага монархофашистичка Грција со воена и друга помош пред целиот период на Граѓанската војна па и по неа. Покрај материјалната помош во воена опрема и друго, грчката армија беше потпомагана и со американски воени експерти. Есента 1947 година беше формиран еден заеднички генералштаб под команда на американкиот генерал Ван Флит и во сите поголеми оперативни единици беа доделени американски офицери.[131] Американската интервенција дојде токмо во време кога грчката буржоазија запаѓање во тешка ситуација и кога дел од нејзини редови почна да се колеба воуспехот на една динамична политика што ја спроведуваше владата на К. Цалдарис.

Г Л А В А VIII

Присилна евакуација на населението и неговата концентрација во градските центри

Монархофашистичките власти со цел да ја лишат Демократската армија од можноста да регрутира нови борци и да се снабдува со храна, облека и др., од април 1947 год. започна со присилно евакуирање на населението од селата и нивното концентрирање во градските центри. Оваа акција на монархофашистите продолжи се до крајот на Граѓанската војна. Според едни статистики вкупниот број на евакуираните изнесува еден милион, а според други 700000.[132]

Од познати причини интензитетот на евакуацијата на населението во Егејска Македонија беше поголема. Така на пример од вкупниот број на евакуираните, 450000 беа од Егејска Македонија. Само од Воденско беа иселени преку 70 села од кои 40% се Македонци со преку 40000 население, од Костурско 11500, од Кожанско 33000, од Леринско 8000, од Кукушко 25000, од Солунско 50000 итн.[133]

Присилното иселување беше проследено со палење на села, грабежи, опустошување на домакинствата, терор, убиство и сл. Така на пример само во Воденско, Гуменџиско и Енице-Вардарско и Негушко изгореа 12 села.[134]

Последиците од оваа акција на атинскиот режим се повеке трагични . Илјада и петстотини села беа опустошени пет милиони земјиште остана не обработено. Двеста илјади глави крупен и два милиони ситен добиток уништен. Уште толку земјоделски алат, педесет илјади запрежни коли, триста илјади тони земјоделски производи и целата облека на двеста илјади земјоделски домакинства, а сето тоа во вкупна вредност од 125 милиони долари, се материјалните штети што ги претрпе тоа население.[135]

Покрај материјалните штети, евакуацијата и конце-трацијата на населението во градските центри имаше крајно негативни последици за ДАГ и за НОФ. ДАГ не само што беше лишена од резервите во људство, храна и друг материјал, туку еден добар дел од евакуираните неможејки да го издржат натисокот, се вооружија и се бореа против ДАГ.

Присилната евакуација и концетрација на македонското население во градските центри под контрола на противникот, за органи-

зациите НОФ и АФЖ исто така имаше крајно негативни последици. Не само што за организациите се стеснуваше просторот за дејност, туку и постоеките организации во иселените подрачја беа растурени. Присилното иселување пропратено со терор предизвика уште една негативна последица. Имено, голем број Македонци бегајки од наездата на непријателот ја преминаа границата и се склонија во соседните земји.

Организацијата НОФ и другите демократски организации и партии беа соочени со еден многу сериозен проблем. со обездомувањето на населението монархофашистичките власти целеа воопшто во целата земја и посебно во Егејска Македонија да ја изолираат народната база за партизанското движење, да го изолират и на крајот го уништат.

За надминување на таа опасност, НОФ и другите организации презедоа низа мерки. Беа организирани масовни протести на населението, жалби и разновидни други форми на отпор. Резултатите од таа борба беа во почетокот задоволувачки. Во Костурско и Леринско 80%, а во Воденско 15% се врати во своите домови.[136] Меѓутоа овие успеси беа привремени, бидејки атинскиот режим беше решен докрај да ја спроведе таа мерка како една од главните елементи на стратегискиот план за ликвидирањето на ДАГ.

Г Л А В А IX

Активот на НОФ на Егејска Македонија.

И покрај сериозните слабости на раководството на демократ ското движење кој се состоеа во тоа што вооружената борба започна без политичка, идеолошка и организациона подготовка, вооружената борба во Грција по спогодбата меѓу КПГ-НОФ за обединување доживеа брз развој. Тоа може да се поткрепе со следните показатели: додека штабот на ДАГ на Грамос на денот на обединувањето броеше 65 борци, тој број по обединувањето за неколку пати се зголеми. Така на пример во ноември броеше 168, во декември 281, во јануари 1947 год. 582, во февруари 706, во март 1257, во април 1677, во мај 3100 и во јуни 1947 год. 4830 борци.[137] Уште еден податок во средината на февруари 1947 год. во Централна и Западма Македонија делуваа 11 територијални штабови на ДАГ и тоа: Хасија со 1000 борци, Воио со 550, Грамос со 582, Вичо со 350, Синьачко со 50, Пиерија со 700, Каракамен со 350, Пајак Кајмакчалан со 400, Круша со 500, Нигрита со 350, и Хэломонта со 400 борци, или вкупно 5332 борци и старешини[138] Тоа скоковито зголемување бројот на ДАГ преди се се должи на масовното вклучување на Македонците во редовите на партизаните. Така на пример во април 1947 год. во Егејска Македонија и Грција се бореа 5250 Македонци и Македонки од вкупно 20000 колку тогаш броеа снагите на ДАГ.[139]

Со обединувањето и стапувањето на нови борци беа формирани нови одреди. Така на пример на 9 ноември 1946 год. во Грамос, каде пред заклучувањето официјално на спогодбата, македонските единици беа обединети со грчките, беа формирани два одреда и тоа: одредот на Васил Христовски- Сотир Костовски и одредот на Стерјо Мавранца- Пандо Гечов и Мичо Шалапутов. На 25 истиот месец исто така во Грамос беше формиран и трет одред на Аргир Ковачи-Атанас Калојанов.[139]

Во Вичо по обединувањето беа формирани одредот на Караберас-Занис со задача да делува во Кајларско, одредот на чело со Пандо Вајнас- Лефтер Олевски со задача да делува во подрачјето на Вичо, одредот на Ѓорги Калков со задача да делува во подрачјето на Корештата и Преспанскиот одред на чело со Пандо Марков. Истото се случуваше и во Пајак-Кајмакчалан каде зимата 1947 год. околу 2000 Македонци и Македонски стапија во редовите на партизанските одреди.

Така бројно зајакнати и организирани партизанските одреди можеа со успех да и се спротивстават на непријателската офанзива во ноември и декември 1946 год. во подрачјата на Пајак-Кајмакчалан и Грамос и да превземат офанзивни акции против жандармериски станици и други непријателски формации.

Ќе наведеме само еден дел од тие акции.

На 23 ноември 1946 год. единиците на ДАГ од Грамос тргнаа кон Костанаријата -Костурско со цел да ја кординират дејноста со партизанските единици од Воио. На 26 ноември единици од истиот штаб водат тешка борба во планината Горуша. Партизанските единици поради надмоќноста на непријателот, минаа во неговата заднина водејќи партизанска борба. Истиот ден единици на ДАГ од Пајак-Кајмакчалан нападнаа жандармериски сили во с.Мавроиново и Мандалево Еницe-Вардарско. Во тешката битка загинаа дваесетжандари и пет беа ранети. На 5 јануари 1947 год. беа обезоружени селаните од с.Добролишта, Желегоже, Цакони и други. На 10 јануари 1947 год. во заседа на патот Костур-Нестрам беше нападната непријателска терористичка единица при што 10 терористи беа заробени, а нивниот водач Псилос убиен. На 31 јануари 1947 год. единиците на ДАГ од штабот на Грамос ги нападнаа пограничните караули кај селата Слимница, Јановене и Пилкати. Отпорот на непријателот беше совладен и беа заробени 1 офицер и 63 војници со целокупната опрема.

На 19 март 1947 год. одредите беа реорганизирани во батаљони. Во подрачјето на Грамос и Вичо беа формирани 10 батаљони. Од Вичо 2 батаљона беа дислоцирани во Грамос.

На 29-30 април 1947 год. беше совладана жандармериската станица во с.Невеска и на 1-3 јуни под притисок на партизаните, непријателот го напушти подрачјето на Преспа. Слични и потешки битки партизаните водеа и во другите подрачја на Егејска Македонија.

Така владините сили пролетта 1947 год. под притисок на обединетите грчки и македонски партизански сили беа принудени да се повлечат од цели реони на Егејска Македонија и да се концетрират за одбрана во градските и сообраќајните центри. Така на пример во почетокот на јуни 1947 год. беше ослободен реонот на Преспа, кој со масивот на планината Вичо до Грамос, стана поврзана слободна територија. Исто така беа слободни планискиот масив на Кајмакчалан, Цена и Пајак, планискиот масив на Каракамен. Слободни територии беа создадени во Источна и други делови на Егејска Македонија и во цела Грција.

Успешниот развој на вооружената борба и создавањето на компактни слободни територии овозможи македонските организации НОФ и АФЖ да се прошират скоро во цела Егејска Македонија и во своите редови опфатат 16349 членови.

Македонскиот народ предводен од организациите НОФ и АФЖ масовно се вклучи во борбата. Само во регуларните единици на ДАГ во првите месеци на 1947 год. се бореа 5250 Македонци и Македонки. Сето тоа создаде поволни политички услови на 20 мај 1947 год. да се одржи првиот актив на НОФ на Македонците од Егејска Македонија познат во историографијата и архивската документација како Сенофитски актив.

Активот беше прва масовна манифестација на НОФ од неговото создавање и во него беше извршена анализа и дадена оценка за активноста на организацијата, на успесите и слабостите, на односите меѓу НОФ од една и КПГ-ДАГ од друга страна и беа донесени решенија и смерници за натамошната активност на истата. Активот со своите одлуки и решенија одигра значајна улога за уште помасовно влегување на Македонците во редовите на ДАГ и за масовизирање на организацијата.

Активот го свика главното раководство на НОФ со претходна согласност на КПГ и се одржа во месноста "Мишови колиби" на Кајмакчалан и траеше два дена. Во него зедоа учество 8 од деветте членови на Гллавното раководство, секретарите и членовите на окружните комитети на НОФ за Костурско, Леринско , Воденско, Енице-Вардарско, Негушко, вкупно дваесет и осум кадри , претставници на КПГ, ЗПГ, ДАГ и младинската организација ЕПСН.

За внатрешната и надворешната ситуација и политика, како и за активноста на организацијата НОФ и за нејзините односи со КПГ-ДАГ и другите демократски партии и организации поднесе секретарот на Главното раководство на НОФ Михаило Керамитчиев. Потоа следуваа извештаите на одговорниот на одделението на Агит-проп Павле Раковски, на одговорната на АФЖ Евдокија Николова-Вера и на секретарите на сите окружни комитети на НОФ. Откако беа поднесени рефератите, беше водена дискусија во која зедоа учество скоро сите членови на окружните комитети присутни во активот.

Секретарот на Главното раководство на НОФ во својот реферат откако се осврна и даде оцена за меѓународната ситуација и местото на Грција во неа, подробно ја опиша внатрешната ситуација на Грција од договорот во Варкиза до одржувањето на активот. Задржувајки се на

немилосрдниот и злосторнички терор на десницата против демократските сили, референтот ги изнесе следните податоци за монархофашистичкиот терор над македонското население од февруари 1945 до април 1947 година.

	Костур	Лерин	Воден	Енице-Вардар
1. Убиени	66	90	74	48
2. Силувани жени и девојки	42	96	150	9
3. Затворени	596	3000	2050	810
4. Судени	320	1500	1950	430
5. Осудени	285	1200	1300	430
6. Интернирани	122	500	550	115
7. Тепани	1369	10.000	1080	1000
8. Полудени од мачење	6	5	2	1
9. Изгорени куќи	110	-	813	268
10. опљачкани села	10	60	80	10
11. Иселени села	-	10	25	10
12. Еселени селани	350	4.500	7898	1190
13. Невработени	1365	2.500	4800	400

Анализирајќи ги успесите на НОФ на политичко поле активот констатира дека 85% од македонскиот народ имаше расчистено со своета национална свест односно дека горе наведените беа убедени оти се Македонци. Исто така и околу националното прашање и тактиката на НОФ за решение на истото, е констатирано дека беше добро сватено од македонскиот народ и не се појавија екстремни тенденции.

На братсвото и единството мегу македонскиот и грчкиот народ како неопходен услов за развој на народното движење, НОФ му обрна посебно внимание. Благодарение на таквата политика на НОФ, се рече во активот дека во македонските области КПГ и ДАГ и другите грчки демократски партии и организации се здобиле со голем авторитет и доверба и во редовите на ДАГ служеа до тогаш 5250 Македонци и Македонки. (во овој број не се опватени Македонците вооружени и не вооружени кои служеа и беа организирани во самоодбраната како и Македонците што служеа во ДАГ во Источна Македонија и Тракија.)

Како доказ за успехот на НОФ во издигнувањето на идеолошкото ниво и политичкиот критериум на македонскиот народ беше наведен неговиот однос во парламентарните избори од 31 март 1946 год. кога спроведувајки ја линијата на НОФ 85% од македонските гласачи, и покрај големиот терор,апстинираа од истите.

Активот се задржа и на организационата структура и развојот на НОФ. До обединувањето со КПГ, покрај главното раководство од 9 члена, постоеа 4 окружни комитети на НОФ од 5-7 члена. По обединувањето бројот на членовите на окружните комитети се намали поради тоа што еден дел од кадрите добија задача да влезат во редовите на ДАГ, а еден друг дел загина. Според тој преглед организацијата функционираше со четири окружни, 4 градски и 31 реонски комитети, 116 професионални кадри, 220 организирани села, 6331 организирани членови зо НОФ, 4500 во АФЖ и 5509 во НОМС.

Главното раководство имаше 6 сектори: политички и организационен, агитација и пропаганда, економски, АФЖ и НОМС. Со секторите раководеа членови на Главното раковоство на НОФ. Членовите на Главното раководство кои не беа задолжени да раководат со сектори, беа поставени како инструктори при секој окружен комитет за да помагаат практично во нивната работа.

Во текот на извештајниот период Главното раководство на НОФ се состана повеке пати, а окружните комитети се состануваа по правило еднаш месечно, околиските и реонските комитети два пати месечно, а месните бироа секоја недела. Исто така беа одржани во Костурско 15 активи на НОФ-АФЖ, во Леринско 23, во Воденско 40, во Гумендеско - Ениџевардарско 4 и во Негушко 8. Организацијата во селата и градовите кои беа под контрола на владините сили функционираше по системот на тројки, петорки и десеторки, а во слободните територии масовно.

Околу успесите и слабостите на секторот за агитација и пропаганда активот беше запознат со издавањето на македонскиот печат и проблемите во врска со него. Покрај весниците Главното раководство и окружните комитети на НОФ печатеа и разни идеолошки политички предавања, брошури, прогласи, летци и сл.

Во активот беше констат ирано дека печатот и другите изданија на НОФ , и покрај сериозните недостатоци одиграа значајна улога во зацврстувањето на македонското национално чуство и свест.

Како што наведовме во почетокот со формирањето на НОФ на 23 аорил 1945 година истовремено и во негов состав беше формирана и македонска женска организација АФЖ. Поради тоа што организацијата АФЖ политички и организационо се раководеше од НОФ, Активот се осврна на нејзината тогашна активност, на успесите и донесе решенија за нејзината идна работа.

За организационо зацврстување и политичко издигнување на организацијата АФЖ, Активот донесе одлука АФЖ организирано да се одвои од НОФ и да се формираат засебни централен, окружни, реонски и месни раководства на АФЖ. Таа одлука и овозможи на АФЖ да прерасне во значаен политички фактор во женското движење и воопшто во борбата, да се масовизира, да вклучи во редовите на ДАГ околу 3000 свои членови, активно да учествува во органите на народната власт и другите институции во слободната територија да одржи свој конгрес итн.

На екомонската ситуација на НОФ, Активот и обрна посебно внимание, бидејќи тој сектор беше оценет како основен и значаен и како што се развиваше политичката ситуација и воената ситуација. Така тој стануваше поосновен и позначаен. Откако во Активот се зборуваше за работата на кадрите одговорни за тој сектор, беше изнесено дека окружните комитети на НОФ располагаа со 28.722.620 драхми, 234 лири и 7605 оки жито. НОФ имаше можност да располага со уште поголеми средства, ако не се откажеше од намерата да организира доброволен прилог од македонското население. НОФ тоа го стори за да успеат доброволните прилози организирани од КПГ,ЗПГ и ЕПОН во Егејска Македонија и преку нив се настојуваше да се постигне потесен контакт и душевно поврзување на тие партии и организации со македонското население за што се чуствуваше потреба. Резилтатот од наведените прилози, и покрај тешката економска ситуација на населението создадена од Граѓанската војна (палежи, обездомувања, грабежи итн.) беа повеќе од задоволителни. Тој успех, беше истакнато во Активот, се должи во ангажираноста на НОФ, и пред се на поврзаноста намакедонскиот народ во делото на револуцијата.

Активот се задржа и на македонското младинско движење во Егејска Македонија.

Во Активот се третираше и прашањето на т.н. гркомани, односно на оние малобројни Македонци кои од познати причини се чуству-

ваа како Грци. Тоа прашање беше присутно и во време на НОФ и во време на Граѓанската војна и тоа предизвикуваше недоразбирање меѓу македонските организации од една, и КПГ, ЗПГ од друга страна. Активистите на КПГ-ЗПГ-ЕАМ и другите грчки антифашистички организации,наместо да ги разубедат таквите Македонци национално да се осознаат, тие делуваа обратно односно ги поттикнуваа на тоа и имаа кај нив посебна доверба. НОФ реагираше на тоа и бараше од грчките кадрови да го изменат таквиот став и да им помогнат на тие луѓе да разберат што се по националност и да влезат во редовите на НОФ.

Едно од суштествените прашања на кое Активот му обрна посебно внимание беше прашањето на односите меѓу НОФ и другите братски демократски партии и организации. Како принципиелно беше поставено прашањето: која партија ќе раководи со НОФ и околу тоа прашање се појавија недоразбирања и судири. Земјоделската партија на Грција бараше и настојуваше НОФ да се раководи од неа и во македонските села да се формираат организации на ЕАМ, на што раководството на НОФ се спротивстави. Во рефератот и во дискусијата беше речено дека НОФ е национална народноослободителна организација на Македонците која има за цел да се бори за национална еманципација и ослободување на Македонците. Бидејќи НОФ не е партија, туку организација и бидејќи неговите цели се совпаѓаат со оние на ЕАМ, тој политички ќе ја регулира својата работа согласно политичката линија на ЕАМ според тоа нема потреба во македонските села да се основаат покрај нофитски и организации на ЕАМ.

Организациониот секретар на КПГ за Македонија и Тракија Георгис Еритријадис-Петрос, присутен во Активот, го прифати ставот на НОФ кој му се спротивставуваше на барањето на ЗПГ, НОФ политички да се раководи од неа. Врз основа на овој став на Петрос, кој всушност беше директива на ЦК на КПГ, беше заклучено НОФ да прима политичка линија односно да се раководи непосредно од КПГ. Македонското бирона КПГ за Македонија и Тракија ќе ја пренесува политичката линија на КПГ на секретарот на Главното раководство на НОФ, а секретарите на окружните комитети на КПГ ќе ја пренесуваат политичката линија на КПГ до Окружниот комитет на НОФ преку секретарите на окружните комитети на НОФ.

Во врска со барањето на ЗПГ, во македонските села и пок-

рај организации на НОФ, да се формират и организации на ЕАМ, претставникот на КПГ рече дека организации на ЕАМ ќе се формираат само во централните села и во оние села каде што НОФ од една или друга причина не ја држи ситуацијата во свои раце.

Во врска со односот од страна на кадрите на демократските партии и организации спрема НОФ беше наведено во Активот дека кај еден дел од нив уште не беа заборавени разногласијата и ссудирите во минатото поради што се појавуваа недоразбирања,омаловажување, нецелосна меѓусебна доверба, лоша оцена на стварноста итн. Од страна на грчките кадри во голема мера се ограничуваа правата на кадрите на НОФ. Таквата ситуација беше присутна и во редовите на ДАГ. За да се поправи таа, која многу лошо се одразуваше во раководствата на НОФ и на односите меѓу македонскиот и грчкиот народ. серетарот на Главното раководство на НОФ Михаило Керамитчиев, истакна дека НОФ ќе преземе се за да отстрани секаква негативна манифестација од страна на кадрите на НОФ, но истовремено побара истото да го сторат и грчките демократски партии и организации.

Откако завршија излагањата на окружните секретари и присутните кадри на НОФ, како и поздравните говори на претставниците на КПГ, ЗПГ, ЕПОН и ДАГ, Активот ги донесе следните конкретни и непосредни задачи.

Политички задачи:

1. Да се соработува со кадрите на братските партии и организации за остранување на разните проблеми што се создаваа;

2. Да се засили работата околу подигнувањето на националната свест на македонскиот народ, особено таму каде што таа не задоволува;

3. Да се засили работата така што секогаш да има правилна политичка ориентација (широко и масовно просветување, растурање на партискиот печат на НОФ);

4. Да се разобличи монархофашистичката политика (нејзиниот зверски карактер);

5. Да се зацврсти вербата на народот во победата на борбата, во демократијата;

6. Да го зајакне народот својот отпор против фашистичките

мерки за иселување од селата и таму каде што постојат услови а се манифестира непокорност, а тие што се иселени да бараат да се вратат во своите села.

Организациони задачи

1. Приспособување на организационата структура на организацијата за да може да одговори на проблемите што се создаваат;

2. Проучување на лицата што ги сочинуваат апаратот на организацијата и нејзино чистење од опортунистички елементи;

3. Зголемување будноста внатре во организацијата;

4. Добро поставување на кадрите;

5. Организационо зацврстување на градовите.

Задачите на организацијата АФЖ

1. Во најкус период да се пополнат со женски кадри организационите празнини. Да се формираат главно трочлено биро, окружни, реонски комитети и месни бироа;

2. Масовизирање на организацијата и постигнување на поголема борбеност на жената во градовите и фабриките;

3. Непосредно координирање на борбата Македонката со борбата на Гркинката;

4. Зајакнување на борбеноста на жената;

Задачите на секторот - агитација и пропаганда

1. Да се пребродат слабостите околу пронаоѓањето и усовршувањето на технички средства;

2. Повеке национално објаснување на печатот и работата;

3. Широка агитациона кампанија до базата околу целите на непријателот во врска со судбината на македонскиот народ;

4. Координација и непосредна врска за агитација и пропаганда од долу до горе во соодветни одделенија на братките партии и организации.

5. Запознавање на Македонците и Грците-борци со македонската стварност преку печатот и НОФ.

Задачите на екомонскиот сектор:

1. Проучување на прашањето за пронаоѓање на економски средства;

2. Широка кампанија во базата за потребите на борбата од економски средства;

3. Раководните органи да ги постават најпогодните кадри за унапредување на работата во тој сектор;

4. Вршење на строга контрола во манифестацијата на економските средства со непосредна одговорност на секретарите на окружните комитети на НОФ.

Општи задачи:

1. Зајакнување на ДАГ и нејзиното помагање со кадри;

2. Подготвување на народот за порешавачки битки;

3. Зацврстување на братството и единството меѓу грчкиот и македонскиот народ;

4. Омасовување на организациите во градовите и селата;

5. Помош за омасовување и борбеност на АФЖ;

6. Зголемување будноста околу организацијата;

7. Приспособување на организационата структура на организацијата за да одговори подобро на денешните и утрешните потреби на борбата;

8. Воспоставување на добри односи меѓу македонските и грчките кадри;

9. Активирање на народот во борбата за опстанок;

10. Зајакнување на просветната работа.

На крајот Активот го прифати предлогот на организациониот секретар на КПГ за Македонија Ѓорѓис Еритријадис-Петрос, Главното раководство на НОФ да биде составено од помалку членови, да сеспојат повеќе реони на НОФ и окружните комитети на НОФ за Воденско и Ениџевардарско да се спојат во еден окружен комитет. Таа, како што образложи тој, се прави подобро да се конкретизира работата на НОФ. Секој да има одговорен сектор за работата со цел да се пронајдат кадри на НОФ за ДАГ. Потоа Активот го избра новото раководство на НОФ во состав:

1. Михајло Керамитчиев, секретар;
2. Вангел Ајановски-Оче, организационен секретар;
3. Павле Раковски, одговорен за агитација и пропаганда;
4. Евдокија Балева-Вера, одговорна на АФЖ;
5. Ламбро Чолаков, одговорен за финансии;
6. Вангел Ничев, одговорен за организацијата НОФ во Источна Македонија.

Тодор Коцев-Виктор и Ташко Хаџијанев од страна на НОФ беа делегирани за членови во Обласното биро на младинската организација ЕПОН за Македонија.

Активот исто така избра секретари на окружните комитети на НОФ и тоа: за Костурско - Крсто Мангов, за Воденско и Енице-Вардарско - Лазо Поплазаров и за Ленинско Мичо Велаки.

Активот усвои резолуција за политичката и воената ситуација во земјата и идните задачи на организацијата НОФ.

За спроведување на одлуките, донесени на Активот, беше одлучено да се одржат активи во сите окрузи и тоа: во Костурско и Воденско на 15 јуни и во Леринско на 10 јуни.

Активот на НОФ имаше поволно влијание врз вооружената борба на македонскиот народ. Сите активисти на НОФ со голема сериозност се прифатија за извршување на задачите што им беа поставени на Активот. Централната задача за максимална мобилизација во редовите на ДАГ, НОФ ја исполни во целост. Така , кон крајот на 1948 година, во регуларните единици и помошните служби на ДАГ служеа околу 20.000 Македонци и Македонки.

Организациониот секретар на Македонското биро на КПГ Г. Еритријадис-Петрос во својот поздравен говор, покрај другото, истакна дека сите претставници на демократските партии и организации и ДАГ му даваат високо признание на успешната работа и напредокот на НОФ, за широкиот политички дуг што ги карактеризира кадровите на НОФ и обеќа дека ќе се заложат сите уште повеќе да се унапреди работата на НОФ. Посебно, истакна тој, дека ќе ги земат под внимание сите моменти што се наведени во рефератот кои што имаат врска со слабостите на другите братски партии и организации (како на пример: НОФ-ЗПГ-КПГ-ЕАМ, односно на кадрите, предубедувањата и сл.), а кои беа причина да не се унапреди работата на НОФ колку што можело.[140]

2. Законодавните акти на Главниот штаб на ДАГ и нивното значење за Македонија

На 10 август 1947 година Главниот штаб на ДАГ врз основа одлуката на ПБ на ЦК на КПГ, издаде комунике со кое ја прогласи Грција за "независна република". Во комуникето натаму се соопштува дека Главниот штаб ќе ја врши врховната, законодавната и извршната власт до формирањето на демократска влада. Врз основа на горните прегоративи ГШ на ДАГ донесе повеќе одлуки и акти за организација на народната власт и животот во слободните територии.

Согласно ставот на КПГ по македонското национално прашање, со кој им гарантираше малцински права на Македонците во рамките на грчката држава, во законодавниот акт на Главниот штаб на ДАГ се вели: "Националните малцинства имаат еднакви граѓански и политички права да ја зачуваат и развиваат својата национална култура, јазикот, вероисповедата, националната просвета итн." Во членот 5 од актот број 5 на ГШ на ДАГ се вели: "За децата што припаѓаат на националните малцинства се отварат посебни училишта од народниот одбор. Наставата ќе се одвива на јазикот на малцинството". [141]

Значењето на тие акти на ГШ на ДАГ се состои во тоа што КПГ и со законодавен документ на Македонците им признава национални права.

3. Местото и улогата на НОФ во организацијата на народната власт во слободните територии

Како што веќе наведовме на 10 август 1947 година ГШ на ДАГ ги донесе првите законодавни акти, за организацијата на народната власт, народните судови, аграрната реформа и школството во слободните територии.

Поради тоа што слободните територии главно се наоѓаа во тлото на Егејска Македонија и организацијата НОФ претставуваше најмасовна политичка организација во нив, главниот товар за организацијата и воспоставувањето на народната власт падна врз неа.

Пред формирањето на органите на народната власт врз основа законодавните акти на ГШ на ДАГ, им претходеше институцијата "мировни совети" (комисии) која ја вршеше функцијата на народната власт и претставуваше зачеток на новите револуционерни органи на истата.

Со развитокот и успесите на вооружената борба на ДАГ и создавањето на слободните територии кон крајот на 1946 година веднаш се наметна проблемот за создавање на органи-инструкции кои ќе ја земаа врз себе одговорноста за решавање на секојдневните проблеми на народот. Поголемиот дел од персоналот на бившите општини со проширувањето власта на ДАГ, ги напуштија своите седишта и се склонија во градските центри. Организацијата НОФ соочувајќи се со таквата ситуација, а во договор и соработка со другите демократски партии и организации на 26 декември 1946 година одлучи да ја формира институцијата "мировни совети" (комисии).

Мировните совети (комисии) имаа двојна задача: во услови на граѓанска војна да настојуваат да го сочуваат единството на народот независно од политичко убедување и да се грижат за сите административни, финансиски и судски проблеми на селото.

Мировните совети биле составени од бившиот општински одбор, таму каде постоеше таков, од свештеникот, учителот и еден-двајца имотни селани од една страна и од други 3-4 демократи селани од друга страна.[142)]

Мировните совети беа формирани во сите слободни села и тие одиграа значајна улога во решавањето на многу сложените и тешки проблеми што ги создаваше Граѓанската војна. Тие престанаа да функционираат во септември-октомври 1947 година со формирањето на народните одбори и другите органи на власта.

Како што наведовме, со законодавните акти на ГШ на ДАГ по демократска процедура беа избрани три окружни народни одбори и тоа за Окружен народен одбор за Костурско, за Леринско и за Воденско, а во 59 македонски села беа формирани народни одбори на власта.[143)] Организационата поставеност, начинот на функционирањето, правата и должностите на органите на народната власт беа одредени со посебен правилник донесен од ГШ на ДАГ, закон и други акти на Привремената демократска влада.

Задачата за спроведувањето на целокупната процедура за избор на сите органи на народната власт во слободните македонски подрачја и беше доверена на организацијата НОФ. НОФ требаше да биде политички носител, вдахновител и раковидител на народната власт. Народната власт требаше да претставува силно оружје на македонскиот народ во борбата за својата слобода и за една добра и среќна иднина на народните маси.

Меѓутоа, во пракса не беше така. НОФ всушност, откако се формира ПДВ, речиси беше изолиран од народната власт, бидејќи немаше никаков увид во работата на истата. До колку ПДВ спроведуваше некои мерки, тоа го правеше преку своите претставници-гувернери кои по националност беа Грци. Тие претставници без знаење на Главниот одбор на НОФ ги свикуваа месните и другите организации на НОФ и им даваа директиви.

НОФ не беше консултиран за мерките што ги превземаше народната власт на теренот иако имаше членови на окружните одбори на НОФ, кои истовремено беа и членови на окружните органи на народната власт.[144)]

И покрај таквиот однос на грчкото раководство по прашањето на власта, организацијата НОФ не себично помогна во зацврстувањето на органите на власта и истите бидат сватени од народот како извојувана придобивка од борбата и гаранција за победата. Организацијата НОФ интервенираше кај вишите органи на народната власт за отстранување на самоволие врз народот, им предлагаше на органите на народната власт мерки за подобрување на многу тешката економска ситуација на народот. Така на пример секретарот на Главното раководство на НОФ Паскал Митровски со свое писмо од 28.V.1948 година со министерот на правосудието на ПДВ Милтијадис Порфирогенис го запознава дека на подрачјето на Костурско поле и Костенаријата, особено по масовното обездомување, економската ситуација на населението била повеке од разочарувачка. Многу фамилии земајќи тоа што можеа да земат (жито и жива стока) преминаа во слободната територија. Житото им го зеде ДАГ со обврска да им обезбеди нивна исхрана. Исто така, и нивните овци им беа одземени под услов да им се вратат кога фамилиите ќе се сместат во слободните села. Многу од овците беа потрошени од ДАГ, а други беа замешани со овците на 14 бригада на ДАГ. Кога населението се настани во селата го постави прашањето да му се вратат овците, а бригадата тоа го одби. Поради тоа, од економска страна животот на лугето е многу тежок, тврди Паскал.

Во продолжение, пишува дека исто така активистите на НОФ што работат на полето јавуваа дека интендантите оделе по тие села и ги реквизираа без разлика целото жито, без да остават ништо за исхраната на фамилиите и истото се правело и на фамилиите на партизаните. Тоа го извршија интендантските служби на ДАГ во с.Тикве-

ни , Изглеби, Желин и други села од Костурско.[145)]

Организацијата НОФ на народните одбори им пружеше конкретна и практична помош за успех на сеидбата. Во врска со тоа НОФ од своите членови во секое село формира трочлена комисија конкретно се зафати со организацијата на работата и практичната помош, особено на фамилиите чии хранители служеа во редовите на ДАГ. Сеидбата се соочуваше со проблемот на семе. Организацијата НОФ го решаваше тој проблем преку народната солидарност и размерата.

Во планинските села на Вич народните одбори се соочија со проблемот на исхраната на нивната стока. Сточната храна била уништена со воените операции. Организацијата НОФ го реши тој проблем преку пинципот на солидарноста. Организациите на НОФ од селата кои не претрпија штета, им помогнаа на настраданите на тој начин нивната стока беше спасена.

Исто така во некои села се појави проблемот на глад. Раководството на НОФ ги активира своите организации за помош на народните одбори за успешно решавање на тој толку важен проблем.

Исто така организацијата НОФ многу придонесе во збринувањето на болните, изградба на патишта, школи и друго во слободните територии. Организацијата НОФ во соработка со окружните одбори во мај 1948 година ги формира т.н. женски комитети при окружните народни одбори. Исто така на окружните народни одбори им стави на располагање голем број свои кадри кои се зафатија околу задолжителниот прилог (придонес) од населението која беше централна задача во дадените моменти, исхраната , сеидбата, реорганизацијата на народните одбори и друго.

Во реоните Нестрам и Загоричани, Костурско, поради блокадата што ја спроведе непријателот, населението остана без сол. Имаше појава во селата на реонот Загоричани сточарите и другите селани, поради немање на сол, да го уништуваат млекото. Исто така поради немање на овчари постоеше опасност од уништување на живата стока. Сите тие проблеми НОФ ги иницира и ги постави пред ПДВ и зеде активно учество во нивното решавање.[146)]

И покрај таквата сестрана ангажираност на НОФ во помагање на органите на народната власт за решавање на основните животни проблеми на народот, раководството на организацијата НОФ во март 1948 година констатира дека во народните одбори на власта не е прет-

ставена со соодветен број членови. Во врска со тоа секретарот на Главното раководство на НОФ П. Митровски во својот извештај до ПВ на ЦК на КПГ од 7 март 1948 година меѓу другото пишува: "... Така се отежнува работата на народната власт штом не постои конкретна форма на организација која да го прави можно и непосредно точното канализирање на одлуките донесени од народните одбори од широката политичка организација и во масите кои ке се зафатат да ги реализират одлуките во живот. Освен тоа, тој недостаток раѓа уште две зла: од една страна не се дава простор за да може политичката организација да ја развие својата активност, учество и контрола на своите членови, кои истите се и широките маси, во проблемите на народната власт, а од друга страна им пружи поголем простор на претседателите на народните одбори за централизам и самовластие кое нешто е забележано во многу села. На крајот за да се избегнат такви слабости и недостатоци, Паскал предлага во органите на власта да има и членови на организацијата НОФ."[147)]

За работата на народната власт сумарно може да се каже следното: дејноста на народната власт ги имаше своите позитивни и негативни страни. Народните одбори почнаа да стануваат живи организми и да уживаат авторитет кај народот. Станаа вистински училишта и за своите членови и за народот. Решаваа сериозни прашања во селата. Го развија во голем степен чувството на народна солидарност и на ДАГ и даваа непроценливи услуги. Еве неколку податоци од дејноста на народните одбори само во подрачјето наВич (Костурско-Леринско). Во Леринско во 1948 година беа отворени 34 училишта со 4000 ученици, во Костурско беа отворени 26 училишта за Грчиња со 834 ученици и 21 училишта за 1400 Македончиња а исто така и 33 вечерни училишта.

Во Леринско беа отворени детски кујни за 2000 деца. Во Костурско во текот на една година односно до крајот на 1948 година беа изградени или поправени 28 мостови, 30 километри пат, 27 чешми и 21 училиште. Во Леринско беа разделени на неимотните и бедните целани 2000 декари земја реквизирана од чифликсајбиите и шпиуните. Во двата округа (Костурски и Лерински) беа организирани народни болници каде се лекувани 750 болни. Народните одбори збринија илјади бегалци и им ја спасија нивната стока. Од 15000 жители во слободната територија во Костурско, 3000 гладуваа за кои народните одбори обезбедија храна. Освен тоа, испратија помош во прехрамбени про

дукти на настраданото население во Коница, Епир. Во организација на народните одбори населението од слободната територија на Вичо учествуваше со 99900 работни денови за изградба на одбрамбени објекти.

Инаку во текот на Граѓанската војна на двапати по пат на демократска процедура беа спроведени избори за органи на народна власт и тоа во октомври 1947 и во ноември 1948 година.

Според изнесеното улогата на НОФ беше сведена исклучиво на давање помош во основањето на органите на народната власт и во решавањето на проблемите на населението. Политички раководители на органите на власта беше ПДВ односно КПГ. Истото продолжи и по основањето на македонската партиска организација КОЕМ. Таквиот однос произлегуваше од ставот дека Македонците ќе уживаат равноправност и равногра ѓанство во рамките на грчката држава.

Г Л А В А X

Третиот пленум на ЦК на КПГ

Изборниот пуч од 31 март 1946 година, грчко-американскиот договор од 20 јули 1946 година, плебисцитот од 1 септември 1946 година со кој е реставрирана монархијата во Грција, резолуцијата на Анкетната комисија на ООН во корист на десницата, Трумановата доктрина од 12 март 1947 година со која САД интервенира во внатрешните работи на Грција, заменувајќи ја Англија, иселувањето на населението од селата и неговото концентрирање во градските центри со цел да ја лиши ДАГ од регрутирање на нови борци и снабдување со храна и други потреби, кое започна во април 1947 година; организирањето на концентрациониот логор Макронисос за интернирање на демократските војници, превземените воени операции на владините сили против ДАГ пролетта и летото 1947 година и други мерки на атинскиот режим, беа доволни да се убеди раководството на КПГ дека десницата со помош на Американците и Англичаните е решена со сила да се пресмета со ДАГ. Тактиката на раководството на КПГ вооружената форма на борба се искористи само како притисок врз десницата на отстапки за мирољубиво решение на грчкото прашање, преставуваше само илузии и опортунизам.

Генералниот секретар на КПГ во април 1947 година ја напушти Атина и мина во илегалност. Тој на 22 април 1947 година ја даде својата оцена за воената и политичката ситуација на земјата и перспективите на вооружената борба на ДАГ.

1. Последната година од март 1946 година и наваму, ситуацијата во Грција се заостри и зеде форма на вооружена борба. Таа борба која се наоѓа под непосредно раководство на КПГ, политички се подредува во рамките на борбата на ЕАМ за национална независност, за народна демократија (програма на ЕАМ) располага денес со околу 20000 борци под централната команда на Главниот штаб и ја покрива целата земја. ДАГ ја надмина фазата на распрчканата партизанска борба и оди да се оформи во регуларна армија. На тој организационен правец се насочени денес главните напори.

2. И покрај целосната поткрепа што ја имаа монархофашизмот од англо-американскиот империјализам неможеше и не може- тоа го покажуваат настаните - да го ликвидира народно -демократското

движење и неговата Демократска армија. Сите знаци покажуваат дека основниот план на непријателот се концентрира во ова: да ги задржи градовите и основните сообраќајни артерии и да ја изолира ДАГ во планинските подрачја, да ја изолира од странство и да ја истошти со текот на времето.

3. И покрај фактот што во градовите изостануваа, по однос со провинцијата-борбеноста - вооруженият народен отпор, врз основа на сегашниот развој на ситуацијата и сооднос на силите што постојат во земјата, и покрај отворената сега интервенција и на американскиот империјализам, можностите за да ги осуетиме погорните планови на монархофашизмот и на неговите надворешни помагачи постојат. ДАГ ја има целата возможност од страна на луѓе во краток временски период да ги достигне 50000 борци. Неговата тактика и во непосредна иднина треба да е со непрекидни удари кои суксесивно да јачат, да ги истоштува и расклатува монархофашистичките сили. Но, тоа не е доволно. Денес во нашата земја постојат сите предуслови, ДАГ да ја превземе воопшто иницијативата и да наметне една по сериозна промена во нашата внатрешна ситуација и развој удирајќи го одлучно монархофашизмот, одземајќи му важни подрачја и граѓански центри и создавајќи една цврста и основна слободна Грција.

4. Најневралгична и болна за монархофашизмот точка од социјален, политички, национален, воен и геогравски аспект е Северна Грција, што значи главна грчка Македонија и Тракија.,Обратно за ДАГ овде се концентрираат најповолните услови. Овде ДАГ треба да постигне решителенудар против монархофашизмот, концентрирајќи го своето главно настојување во центарот на таа област.

5. За да успее еден таков удар нужно е:

а) Непосредно ДАГ да ја продолжи својата офанзивна дејност во целата земја така што да ги истоштува и да ги држи секогаш во шрек монархофашистичките сили.

б) Штабот треба добро да го изработи планот и да се обезбеди елементот на изненадувањето.

в) Треба од искусни раководни кадри и борци на ДАГ да се создаде резервна сила од 5-7 илјади која ке го реализира главниот удар во центарот на областа.

г) Истовремено да се обезбеди вооружени акции внатре во градовите.

д) треба целосно да се искористат значајните сили и можностите што располагаме во монархофашистичката армија и монархија.

6. Најголема слабост што денес покажува ДАГ и што е сериозна пречка за нејзиниот развој е недоволното вооружување и снабдување со пушки и муниција и покрај толку значајната помош. што ја имаме во последно време.

Телеграмите од ГШ на ДАГ зборуваат дека веќе постои и сега со операциите за чистење што ги води монархофашизмот, недостиг во муниција. Треба уште да се истакне дека оружјето со кое располага ДАГ не е доволно да го напаѓа одлучно непријателот во градовите и центрите кои ги има претворено во логори. За да успее ударот што се наведува погоре треба специјалната единица на ДАГ да е соодветно вооружена, да се вооружат соодветно борбените сили внатре на градовите од тоа подрачје, а кадровите и раководителите за таа операција треба да се припремат и подготват специјално.

7. Кога обезбедуваме еден неопходен минимум од погорните предуслови можеме и со ситуацијата која денес постои во Грција да не го гледаме само како привремена манифестација и успех, туку како исходна точка за посуштествена промена во Грција. Освен ако имаме една вооружена Американска интервенција за да го спаси монархофашизмот, но во тој случај се создава некаков општ светски конфликт.

8. Сметам ако се обезбедат финансиските можности, може барем некои, снабдувањето на ДАГ со воен материјал да се обезбеди од Франција, Италија, Англија итн.

9. Денес неопходно е прашањето за целосната помош на демократското движење на Грција и на ДАГ да влезе порешително во европски и светски размери.[148)]

Во духот на погорните оценки на Захаријадис, делот на ПВ на ЦК на КПГ на чело со истиот со седиште во Белград во мај 1947 година усвои ставови за ослободување на Егејска Македонија до пролетта 1948 година како претходна етапа во целосно урнување на монархофашизмот. За постигнување на таа цел беше изработен оперативен план наречен "езеро". И покрај тоа што КПЈ односно Југославија се согласи да и го додели на ДАГ бараниот воен и друг материјал за реализирање на планот, нејзини комплетни стручњаци му обрнаа внимание на генерал Маркос и на други грчки раководители со си-

лите што располагаат (тогаш ДАГ броеше 23000 борци спроти 132000 владина регуларна армија)и други вооружени сили (жандармерија,полиција, вооружени цивили и друго), не ке можат да завземат и уште повеке да задржат големи или мали градски центри со големо или мало стратегиско значење.

Колку нереално лидерот на КПГ ја оценуваше внатрешната ситуација и перспективите за развојот на вооруженото движење во Грција еден месец пред одржувањето на Третиот пленум на што се должат и п огрешните одлуки на пленумот, може да се види и од следното писмо што на 13 август 1947 година му го испрати на другарот Тито. Во писмото, меѓу другото се вели: "

Драги другар Тито

Подолу давам краток преглед на ситуацијата во Грција и за задачите што стојат пред демократското движење во земјата.

Воените настани што се развија во почетокот на јули во планината Грамос, во должина на албанските граници, послужија како повод за разгорување на нови кризи внатре во грчката влада, кои Американците се обидоа да ги прикријат вршејќи отворен притисок врз политичките шефови кои учествуваат во владата. Стварните причини за кризата се кријат во фактот што после четиримесечни напори на офанзивата против ДАГ воглавно претрпеле неуспех и сега партизаните се во можност не само да ги анулираат малите успеси на владините сили, туку извојуваа за себе нови позиции. Од информациите добиени од главните реони во земјата произлегува дека приливот на партизани зајакнува. Од друга страна во едно советување во Воио, во кое учествуваа американски и англиски воени функционери, покажа дека владата навистина не располага со армија и дека е нужно да се создаде спедијална армија за борба против партизаните. Владините позиции не зајакнаа после десетици илјади апсења на демократи извешени во градовите. Овие апсења воглавно не ги дотакнаа нашите партиски организации. Сразмерно големи удари претрпе Солун.

Воените неуспеси се одразија во стопанството во земјата. Без оглед на големата американска помош, драхмата во последните недели поново почна да паѓа и овие денови изгуби од својата вредност, 25%.

Во таква ситуација владата се повеке тежи да постигне американска воена интервенција во Грција. Американскиот претстав-

ник во Советот за безбедност при ООН на 12 август 1947 година изјави дека САД ке и даде на Грција се што и е потребно за својата заштита од нејзините северни соседи.

На тој начин денеска ние сме соочени пред нов меѓународно заострување на грчкото прашање. Тоа заострување го предизвикуваат англосаксонците со намера да постигнат изолација на грчкото демократско движење од неговите пријатели во странство за да полесно се пресметат со партизанското движење во земјата.

Што се однесува на Демократската армија несомнено без оглед на сериозните искушенија со кој таа се соочи последните четири месеци, излезе од тие искушенија прекалена и поконсолидирана и денес пред нејзе се отвараат широки перспективи. Денес условите-политички и воени за создавање на цврста слободна територија со сопствена влада се позрели од секогаш и ГШ на ДАГ врви одлучно кон тој правец. Партиите на ЕАМ и ЦК на ЕАМ во Атина принципиелно се согласуваат со формирањето на Привремената демократска влада (ПДВ) и го подржуваат мислењето дека иницијативата и остварувањето за тоа треба да го земе врз себе сега ГШ на ДАГ. Ние се согласивме со тоа мислење и на таа насока се превземаат сите практични мерки како би за два три месеци се разбира во врска со воените операции ДАГ, да се прејде кон конкретен резултат. ГШ на ДАГ веќе ги превзема првите неопходни административни и управни мерки за создавање на основата за формирање на ПДВ. Во тој поглед и воопшто во целата наша работа значајна помош ни дава нам и нашата радио-станица. Ја користам приликата да забележам дека на нашата и треба уште извесно техничко усовршување.

Пто се однесува на тамошниот развиток на ДАГ, пред нејa стои непосредна задача да регрутира што повеке луѓе. Дел од воениот материјал таа засега го обезбеди и главната тешкатија се состои во транспортирањето на тој материјал главно во Тесалија- Централна Грција.

Што се однесува на прашањето на кадрите, таа напредува со работата што ја врши ГШ на ДАГ околу припремата и обуката на нови кадри. Ние исто така ќе ги мобилизираме уште и постојните резерви. Тешко стои работата со облека и храна, бидејќи колку повеке се осиромашува селанството и расте ДАГ, прашањето уште повеке се заострува. Тоа прашање треба посебно да се разгледа.

Таква е накратко во дадениот момент сигуацијата во Грција, Без преовеличување ние можеме да кажеме дека нашите перспективи за зимата која се приближува и за 1948 година треба навистина да бидат оптимистички. Грчкиот народ и ДАГ ладнокрвно исто така и одлучно се соочуваат со можноста за директна американска интервенција во Грција..." 13.VIII.1947 година Н. Захариjадис. [149)]

Како што наведовме на 12-15 септември 1947 година се свика Третиот пленум на ЦК на КПГ. Сушност пленумот е свикан со цел да ги озваничи погорните лични мислења на Н. Захариjадис. Одлуките на Третиот пленум се наоѓаат во целост на спротивност меѓу себе. Така на пример од една страна констат-ираат дека политиката на ЕАМ за помирување и народно единство претставува и"единствен пат за спасот на Грција", спротивно на тоа се застапува гледиштето дека вооружената борба е "единствениот одговор што народот и Грција имаат да и дадат на тугинците и на нивните потчинети". Таквата спротивност се должи на тоа што лидерот на КПГ Н.Захариjадис не ги зеде во предвид предупредувањата и укажувањата на југословенските фактори и пред се не водел сметка за стварната воено-политичка состојба во земјата, за сообносот на силите кои за ДАГ беше крајно негативен (10:1 на штета на ДАГ) и беа за тоа дотогаш превзема мерки за менување на истиот.

Третиот пленум е значаен и потоа што одлучи централната тежина на активноста да биде префрлена ма вооружената борба. До тогаш како што веке имавме наведено, вооружената борба требаше да послужи како притисок врз спротивникот на отстапки за мирољубиво решение на грчкото прашање.Тоа беше најфаталната грешка на раководството на КПГ. Применувајки таква тактика, ги испушти најповолните услови што ги даваше периодот зимата 1946 и пролетта 1947 година за разгорување и омасовување на вооруженото востание и издејствување на поинаквиот исход на настаните.

Пленумот ги прифати следните воени ставови (план Езер-С:)

а) До пролетта 1948 година да се зголеми силата на ДАГ на 65000 борци.

б) Да се создадат резерви од 15000 борци околу Грамос-Вичо и

в) Да се реализира во текот на зимата ослободувањето на Македонија.

Со овие стратегиски планови Захариjадис си постави за цел да создаде слободен географски простор во кој ќе се движеше неговата влада, еден од основните услови за нејзиното признавање.

Колку овие планови на Захариjадис беа нереални, се гледа од фактот што ниту еден од нив не беше реализиран. ДАГ не успеа да ослободи ниту еден градски центар, ниту да прерасне на 65000 борци. Одвај беше формирана една резервна единица т.н. "670 единица" со 6500 борци составена главно од преостанатите Македонци и Македонки, мобилизираниот кадар на НОФ-АФЖ и од Македонци и Грци кои беа донесени од Југославија и Албанија, мобилизирани со законот за општа мобилизација, донесен од НДВ.

Од тој период се сменува тактиката на вооружената борба на ДАГ. Генералниот секретар на КПГ Н. Захариjадис настојувајќи да постигне непосредни политички ефекти, ја наложува стратегијата на фронтална војна на ДАГ со владината армија што ја доведува во операции на самоубиство. Точно од тоа време започнува несогласноста помеѓу Захариjадис и командантот на Главниот штаб на ДАГ Маркос Вафиjадис.

Подоцна, односно на седницата на ПБ на ЦК на КПГ одржана на 15 ноември 1948 година, Маркос во т.н. своја платформа пишува:

Веднаш после III-от пленум во месеците октомври, ноември, декември животот покажа дека:

1. Немаме доволно стратегиска база за да бидеме во состојба да ја достигнеме цифрата 65000 борци како што предвидуваше пленумот.

2. Не сме во состојба да завземеме граѓански центри до пролетта 1948 согласно одлуките на пленумот. И покрај тоа другарите стално настојаваа за напади на градовите..."[150]

Се задржавме во овој пленум бидејќи како што ќе видиме имаше тесна врска со развојот на македонското движење предводено од НОФ.

1. Формирање на привремената демократска влада

Акциите за мирољубиво решение што беа предземени во месец септември 1947 година завршија со целосен неуспех. Од октомври 1947 година војната ја добива целосно нејзината форма. Атинскиот

режим ги организира идеолошките, политичките и воените основи на еден агресивен механизам со главна цел военото ликвидирање на ДАГ и политичкото уништување на народното движење. Идеолошки се владее од законот АН 609/47 "Околу мерки за безбедност на државата, државното устројство, општественото уредување и заштитата на граѓаните". Следуваат една редица на реакционерни фашистички закони кои имаа за цел да го заштитат и обезбедат режимот односно да придонесат во ликвидирањето на демократското движење.

Воено-политичкото државно раководство на Атина веруваше дека до крајот на 1947 година ке имаше расчистено со ДАГ. Американците на атинскиот режим во октомври 1947 година му даваат неограничен воен материјал. Активните за борба воени сили на атинскиот режим бројат повеке од 200000 борци. Целиот тој воен потенцијал се покажа неспособен во ноември 1947 година да ја ликвидира ДАГ. Офанзивата наречена "Еринес" претрпе целосен неуспех.

Во 1947 година Грција беше трагично разединета. Динамичната политика на владата на Софулис рахира. Владата на десницата се ограничува на репресалии, масовно стрелање на борците на националниот отпор и сл. Реализацијата на ставовите за тотална војна се врши под контрола на американската мисија.

Под такви услови на 23 декември 1947 година е формирана Привремената демократска влада на Грција - ПДВ.

Со формирањето на Привремената демократска влада "револуционерниот сонна илјадите борци на партијата беше реализиран." Меѓутоа , желбите и чувствата се едно, а објективните услови и стварноста се сосема друго. Нештата се имаат своја објективна логика. Партиското раководство формирајки една револуционерна комунистичка влада, историски ја немаше сватено објективната стварност, погрешно ги имаше оценето "историските факти". Создавањето на ПДВ е резултат на оценките и заклучоците на партиското раководство на основниот карактер на Граѓанската војна. Таа војна ја сметаше како класна-револуционерна војна со цел работничката класа да ја завземе власта и да биде востановен социјализмот. Супротно карактерот на војната беше народно ослободителен антиимперијалистички и демократски.

Но партиското раководство со погрешната оцена на карактерот на војната, политички ја стесни основата на ПДВ. Не постои никакво сомневање дека лидерите на левицата ке се согласуваа да учествуваат во една "демократска влада" под предусловите на демократската народна борба. Партиското раководство не го побара учеството " на сопатници". Захаријадис сакаше да ги има одврзани рацете од евентуално спорење на политичката и револуционерната исправност на неговите ставови.

И покрај погрешната стратегија и карактерот на војната и политичките цели на вооружената борба и на ПДВ, "камен темелникот" на успехот на партиското раководство беше дипломатското признавање на ПДВ од Советскиот Сојуз и народните републики. Борците на ДАГ и грчките демократски маси очекуваа ПДВ биде признаена за законита влада на Грција од пријателските земји.

Значењето на признавањето на ПДВ веднаш го разбраа Американците. Американското министерство за надворешни работи на 30 декември 1947 година интервенира кај балканските народни републики да не ја признаат ПДВ заканувајки им се дека ако го сторат тоа ќе има сериозни последици. Напореду т.н. "Балканска комисија на ООН" под раководството на министерството за надворешни работи на САД, побара од државите - членки на ООН да не ја признаат ПДВ.

Напорите за признавањето на ПДВ го добија првиот удар со написот во весникот"Правда" на 22 јануари 1948 година. Во написот се осудува секое изнасилено настојување за создавање на една "Балканска подунавска федерација" која ќе може да ги опфати Полска, Чешка и Грција.

И дефинитивно се реши во октомври 1948 година кога Советскиот Сојуз на III-то свикување на генералното собрание на ООН со свој меморандум за преусловите за решение на грчкиот проблем препорачуваше Грција, Бугарија и Албанија (Советскиот Сојуз ја сметаше Југославија да припаѓа во лагерот на западните сили) да воспостават меѓу нив дипломатски односи.

Непосредно и со достаточна јасност се признаваше како единствен претставник на Грција, режимот на Атина. Признавањето на ПДВ дефинитивно беше осуетено, и тоа осуетување негат ивно се одрази врз моралот на борците на ДАГ и на целото народно-демократско движење.

Привремената демократска влада донесе неколку законски акти од внатрешно-политички карактер, што за општествениот и политичкиот живот на Грција означуваа општествена програма. Донесен е закон за народните одбори на народно-демократска основа. Закон за аграрна реформа, некои законски прописи за школството и признавање рамноправност на националните малцинства, закон за амнестија и друго.

И покрај тоа што во програмската декларација на ПДВ беше наведено правото на рамноправност на националните малцинства, нејзиниот состав предизвика сомневања и разочарувања кај Македонците. Имено, и покрај масовното учество на македонскиот народ во демократското движење, во ПДВ во почетокот не беше вклучен ниту еден претставник на Македонците. Таа исклучиво беше составена од Грци.

Г Л А В А XI

Првиот конгрес на НОФ

1. Текот на конгресот

И покрај тоа што решенијата на III-от пленум на ЦК на КПГ за ослободување на градски центри и бројното зголемување на ДАГ на 65.000 борци не беа остварени и други слабости на демократското движење како што се: неуспехот на ДАГ да го завземе градчето Коница, непризнавањето на ПДВ од страна на демократските земји, неединството во врвовите на КПГ и слабостите во односите меѓу КПГ и НОФ и др.; вооружената борба во Грција во текот на 1947 година доживеа брз пораст. ДАГ не само што ги одби офанзивите на непријателот, туку успеа да ја задржи и прошири слободната територија. Особено компактни слободни територии беа создадени во Егејска Македонија во кои почна да функционира народната власт, училишта на грчки и македонски јазик и други институции. Во подрачјата под контрола на атинскиот режим се забележува уште позверски терор на владините органи и поголемо активирање на американската интервенција во Грција против демократското население, а особено против македонскиот народ, а од друга страна, потполно парализирање на народното стопанство поради масовното евакуирање на селското население во градовите што го експлотира режимот за да го мобилизира против демократското движење во земјата и против ДАГ.

Учеството на македонскиот народ беше сенародно. Во редовите на ДАГ се бореа околу 11.000 Македонци и Македонки. Организациите НОФ и АФЖ во своите редови имаа НОФ 5858 а АФЖ 8232 членови. Организацијата НОФ беше поделена на четири окружни комитети и располагаше со професионални заднински организатори од 37 окружни активисти од кои 12 жени, 61 маж и 23 жени реонски активисти и 16 мажи организатори. Организацијата издаваше и свој печат за кој ќе стане збор посебно во овој труд.

Под такви услови на 13 јануари 1948 година на слободна територија во Западна Македонија во црклавата на с. Врбел -Костурско одржан е Првиот конкрес на македонската национално-ослободителна организација НОФ. Одлука за свикување на конгресот донесе Главното раководство на НОФ на својата седница одржана во почетокот на

ноември 1947 година. Специјална комисија припреми нацрт програма и статут на организацијата кои беа дадени на јавна дискусија.

На конгресот му прет-ходеше претконгресна активност на организацијата НОФ.Окружните, реонските и месните организации одржаа претконгресни конференции во кој беше извршена анализа на политичката и воената ситуација,отчет за дотогашната активност, анализа на нацрт програмата и статутот на НОФ, избор на нови раководства и делегати на конгресот.

Окружната конференција на НОФ за Леринско одржана е на 18-19 декември, за Воденско на 20-22 декември, за Костурско на 23-24 декември 1947 година.

Од решенијата на окружните конференции и на конгресот, како што ке видеме во натамошното излагање заклучуваме дека конгресот на НОФ се свикуваше со цел пак оваа организација, односно македонскиот народ уште повеке да се мобилизира и речиси единствено тој да ги реализира решенијата на III-от пленум на ЦК на КПГ што се однесуваат до резервите на борци за ДАГ. Велиме дека НОФ единствено требаше да го решава тој проблем, бидејки во тоа време се повеке се доаѓаше до сознание дека најблагопријатниот период за масовно мобилизирање на борци остана неискористен, а грчкиот пролетаријат од градовите не само што остана апатичен спрема паролата на Захаријадис: "Сите на оружје, се за победата" - туку голем дел од тој пролетаријат претпочита да отиде во интернација, отколку да отиде во планина. Нашето тврдење го потврдува и самата резолуција на конгресот врз која ќе се задржиме во натамошното наше излагање и решенијата на окружните конференции. Така на пример во резолуцијата на окружната конференција на НОФ за Воденско стои: "Секој способен и способна Македонец и Македонка во ДАГ. Сите (мажи и жени) во борбата за ослободување на Грција. Да се организират резервни сили за зајакнување на демократското движење, да ја помогнеме интендатурата на ДАГ".[151] Идентична е содржината на резолуциите на окружните конференции за Леринско и Костурско.

Покрај оваа главна задача која требаше да ја реши, Првиот конгрес на НОФ на Македонците од Егејска Македонија ги сумира дотогашните успеси,изврши анализа на грешките и недостатоците и усвои задачи за идната работа на организацијата. На конгресот дадена е оцена и историјат на развојниот пат на НОФ од неговото формирање

до одржувањето на конгресот. Без оглед на ударот што му беше нанесен на НОФ во текот на конгресот, со право може да се рече дека овој конгрес претставува круна во најважната етапа на НОФ.

Првиот конгрес на НОФ е значаен и претставува ист-ориски настан во борбата на Македонскиот народ за слобода и по тоа што на него беа донесени два историски документи: Програмот и Статутот на организацијата.

На конгресот зедоа учество 500 делегети, од кои 250 жени избрани на демократски начин од 208 основни организации на НОФ, Македонци борци од ДАГ, претставници на КПГ,ЗПГ,ПДВ на ДАГ, на грчката женска организација, младинската организација ЕПОН и други.[152)]

Политички и организационен извештај за скоро тригодишната работа и идните задачи на НОФ поднесе секретарот Михаило Керамитчиев, а Вера Николова зборуваше за дејноста на организацијата АФЖ, додека Паскал Митровски даде образложение на програмата и Статутот на НОФ.

Основна содржина на рефератот се однесуваше на повеке проблеми од животот и борбата на Македонскиот народ од Егејска Македонија предводена од НОФ од негово основање до одржувањето на конгресот.

Осврнувајки се во почетокот на својот реферат, политичкиот секретар на НОФ за положбата на Македонците под грчка власт и неговата борба против истата за извојување на национална и социјална слобода, констатира дека Првиот конгрес на НОФ претставува најсветла етапа во македонската поилинденска историја.

Задржувајки се на борбите на македонскиот народ за национално ослободување за време на турското ропство и по него и за причините поради кои македонскиот народ не успеа да извојува своја слобода, референтот мошне детално се задржа на историската нужност и условеност за појавата на НОФ како продолжувач на борбените национални традиции и цели на македонскиот народ во минатото и на политиката на грчкиот реакционерен режим потпомогнат од англо-американците преку уништувачки терор ја осуети реализацијата на тие цели и стремежи односно да го осуети извојувањето на национална и социјална слобода. Поткрепувајки го тоа со непобитни факти референтот презентира многубројни податоци од кои многу релефно може да се согледа трагичната положба на македонскиот народ од Егејска Македонија

од одржувањето на Сенофитскиот актив (20.V.1947 во кој беа изнесени податоците за теророт врз Македонците од договоров во Варкиза и дотогаш) до одржувањето на конгресот односно до крајот на ноември 1947 година.

Во тој период, според непотполни податоци, убиени се 133 Македонци и Македонки, тепани и малтретирани 4096, полудени од мачење 18, интернирани во островите 875, присилно иселени од своите домови 25.764 лица, иселени села 47, затворени 1679, силувани жени и девојки 143, изгорени села 45, изгорени куќи 2191, ограбен 1о45 глави крупен и 23382 глави ситен добиток итн. Зверствата над Македонците во Источна Македонија не се наведени, бидејќи не се располагало со податоци.

На тој безуздан терор и истребителна дејност на грчкиот режим и неговите покровители, македонскиот народ не само што не потклекна, туку со уште поголема решителност и масовност се вклучи во борбата. Покрај стапувањето на о олу 11000 Македонци и Македонки во редовите на ДАГ под раководство на НОФ беа превземени околу 480 акции на масовен отпор, протести, меморандуми, жалби до ООН и други институции и видни личности против теророт. И не само тоа. Исхраната, облекувањето, сместувањето и други потреби на најголемиот дел од снагите на ДАГ, на апаратот на политичките организации и партии, органите на народната власт, на населението кое поради теророт се склони во словодните територии и друго, главно падна на товар на Македонците.

На братството и единството меѓу македонскиот и грчкиот народ и другите национални малцинства и на односите на НОФ со другите демократски партии и организации во реферетот и во другите конгресни материјали му е посветено големо внимание. Ракководството на НОФ, и покрај лошото искуство од минатото и разните појави на неискреност на раководството на КПГ, стоејќи на интернационалистички позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење, се согласи три четвртини од Македонците партизани се борат во редовите на ДАГ јужно од Олимп односно во сите краеви на Грција. Понатаму за зајакнување на грчкото младинско движење ја расформира македонската младинска организација НОМС и нејзините членови се зачлениа во грчката младинска организација ЕПОН, а за да може да егзистира односно опстане Земјоделската партија

на Грција, НОФ им постави задача на своите членови да влезат во нејзините редови.

Во врска со организацијата АФЖ во рефератите е истакнато дека раководството на НОФ и обрна посебно внимание, така што таа прерасна во ценет политички и воен фактор на македонскиот народ и на демократското движење на земјата.

Кадровското прашање беше перманентна грижа на раководството на НОФ. Во текот на извештајниот период беа издигнати 45 кадри (23 мажи и 22 жени), а за задоволување потребите на ДАГ и на другите организации и партии, НОФ даде 49 најдобри кадри.

Покрај наведеното, НОФ активно беше ангажиран во создавањето на органите на народната власт во слободна територија.

Наведените успеси на НОФ е констатирано во рефератот и дискусијата, се должеше на омасовувањето на организацијата, приспособувањето на организационата структура според условите и подобрувањето методите на работата, постојаниот контакт на раководството со базата и слично. Дејноста и успесите на НОФ можат да се согледат и од следните показатели презентирани на Конгресот: организацијата НОФ покрај членовите на Главното раководство располагаше со 126 професионални кадрови, 208 месни организации, 133 масовни организации во селата, 54 бази во селата и 5 во градовите, 14.090 организирани членови, одржа 20 окружни состаноци, 3 окружни конференции, 12 кадровски активи, 147 реонски и 2.233 состаноци на месните организации на НОФ.

На секторот агитации и пропаганда, според изнесеното, беа постигнати скромни резултати што се должеше на недостиг на потребните технички средства и соодветен материјал. Тоа може да се види и од податоците изнесени во рефератот и од излагањето на одговорниот за агитација и пропаганда. Централниот орган на НОФ "Непокорен" излезе само четири пати на 1400 броја, Воденскиот орган "Победа" излезе седум пати на 945 броја, Леринскиот "Зора" трипати на 484 броја и Костурскиот окружен орган на НОФ "Единство" двапати на 240 броја. Во вид на брошура излегоа 14 политичко-просветни предавања, пет окружни прогласи и три политичко-национални студии.

Задржувајќи се на економската положба односно на приходите и расходите на организацијата, референтот истакна дека македон-

скиот народ, и покрај опостушенијата што ги трпел од непријателот, несебично материјално ја издржаваше организацијата и во голема мера ДАГ и другите организации. Во извештајниот период македонскиот народ јапомогна организацијата НОФ со 34.436.760 драхми, 292 златници и 13.505 оки жито. Од своите приходи со 25.000.000 драхми го помогна весникот "Енотита" орган на КПГ за Македонија кој поради недостиг на средства ќе престанеше да излегува.

На крајот од својот реферат секретарот на НОФ откако се осврна на некои слабости од работата, ги изнесе непосредните главни задачи на организацијата НОФ. Поставените задачи можат да се сумират во следното: целосно вклучување на македонскиот народ во редовите на ДАГ, во нејзините помошни служби и задницата, зашто впрочем главно беше свикан конгресот

По поднесениот реферат од политичкиот секретар на НОФ, зборуваше одговорната на АФЖ. Таа во своето излагање меѓу другото истакна дека Македонката жена од Егејска Македонија организирана и раководена од АФЖ и во заедничката борба со Гркинката, претставува политички и борбен фактор. Во продолжение таа изнесе податоци за убиени, силувани, затварани, осудувани, интернирани и малтретирани Македонки од непријателот и за учеството на Македонката во редовите на ДАГ и нејзиниот придонес во сите полиња на борбата.

Како што веке наведовме Првиот конгрес на НОФ беше историски настан во борбата на македонскиот народ за слобода и по тоа што на него беа донесени два историски документи:програмот и статутот на организацијата.

Програмата е поделена на пет глави. Во првата глава објаснети се идејните основи и условите во кои се појави организацијата НОФ, основните и посебните цели на вооружената борба. Во втората глава се образложени основните цели на НОФ, а тие се: НОФ на чело на македонскиот народ и во борбен сојуз со Грчкиот народ да се бори за независност и демократија во Грција, извојување на национална рамноправност и признавање на национални права на Македонците во рамките на народно-демократска Грција. Во третата глава истакната е потребата од единство во борбата на грчкиот и македонскиот народ за успехот на револуцијата. Во четврта глава е разработен односот на организацијата спрема вооружената борба на ДАГ и народната власт, спрема народно-демократските задачи на револуцијата во

Грција и се произнесува за решавање на општествено-политичките и социјалните проблеми во Грција.

Како што се гледа, акционата програма на НОФ е наполно во соодветност со барањата на демократското движење во Грција, а посебното е во тоа што ги поставува основните демократски права на Македонците како посебна националност. Впрочем, тоа е израс на настојувањата на Македонците, нивните акциони цели да бидат сместени во реалните услови на времето.

Статутот на НОФ на Македонците од Егејска Македонија донесен на I-от конгрес е поделен на четири глави со 14 членови и ги содржи сите начела на една општофронтовска организација, но во услови на вооружена борба и со нагласен демократски централизам што е од посебно значење. Од посебна важност претставува и фактот што како преку програмата, така и преку статутот се еманципираше борбата на македонскиот народ.

Во првата глава од статутот изнесени се целите на организацијата НОФ. Во втората е разработено на-челото кој може да биде член на организација. Од посебно значење претставува можноста за членување во организацијата НОФ, освен Македонците и секој граѓанин од другите национални малцинства кои живееле во Егејска Македонија.

Во третата глава разработена е организационата поставеност и функционирањето на организацијата, а во четвртата и последна глава , се изнесени правата и задолженијата на членовите на НОФ.

Конгресот усвои резолуција за ситуацијата во земјата и задачите на НОФ.

Откако во уводниот дел од резолуцијата се констатира дека Грција има изгубено секаков белег на слобода и национална независност и дека терористичкиот поход на монархофашистите против македонскиот народ ја постигна границата на физичко уништување, за надминување на таквата ситуација и за извојување на слобода и национални права, Првиот конгрес на НОФ на македонскиот народ му ги постави следните непосредни задачи:

1. Да ги стави на располагање сите свои сили во борбата за независност и демократија во Грција во чии рамки ќе се здобие со своја национална рамноправност.

2. Зачувањето и натамошното зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ и со другите национални малцинства како основен фактор за победоносен исход на борбата и за постигнување на горната цел.

3. Целиот македонски народ,мажи и жени, да стапат во редовите на ДАГ. Сите и со сите средства да се помогне за да се задоволат потребите и да се помогне делото на ДАГ.

4. Целосна и сестрана помош на органите на народната власт како основен фактор за практично решавање на проблемите што го преокупираа народот и како решавачки фактор во борбата за слобода, независност и демократија.

Конгресот го поздравија претставници на ЦК на КПГ, на ПДВ,на ГШ на ДАГ,на ЗПГ, на женската и младинската организација.

Претставникот на ЦК на КПГ и на ПДВ Јанис Иоанидис во својот поздравен говор, меѓу другото рече: " Од името на Привремената демократска влада го поздравувам првиот слободен конгрес на македонскиот народ, кого што сите балкански капиталистички режими и туѓи империјалисти се бореа против неговата слобода..." Задржувајќи се на решавањето на националното прашање Иоанидис во продолжение на својот поздравен говор рече: " Жив пример за решавањето на националното прашање е Југославија каде што никаде не го сретнуваме на друго место во капиталистичките земји. Тоа е така бидејќи овде народот ја има земено власта во свои раце. Сигурен сум заклучи Иоанидис, дека денешниот ваш конгрес претставува историски датум во борбата на Македонците за остварување на своите тежненија и за исполнување на своите задачи што ги наметнува историската неминовност, задачи да се ослободи Грција, што во исто време значи и ослободување на Македонија..."[153)]

Конгресот избра нов Главен одбор на НОФ од 35 редовни и 18 кандидати членови. Веднаш по завршувањето на конгресот Главниот одбор одржа конститутивен состанок за избор на извршен одбор и секретаријат на извршниот одбор на НОФ.

Првиот конгрес на НОФ од Егејска Македонија имаше големо историско значење, бидејќи се одржа за да ги резимира резултатите од тригодишните сурови борби кои го претставуваат еден од најглавните периоди на македонскиот народ и затоа што претставуваше зна-

чајна национална и демократска придобивка на народот и на организацијата НОФ, резултат на борбата за опстанок, независност и национални права во која НОФ одигра решавачка улова. Конгресот имаше позитивно влијание врз борбата на македонскиот народ. Организацијата НОФ доследно ги спроведе конгресните решенија за масовно учество на македонскиот народ во борбата, кое беше една од главните цели за свикување на конгресот. Така што бројот на македонците што служеа во регуларните единици на ДАГ и во нејзините помошни служби и задницата достигнува до 20.000 борци и боркињи.

2. Ударот врз НОФ и последиците

Меѓутоа на Првиот конгрес на НОФ, покрај крупните постигања на политичко, организационо, воено и други полиња на организацијата и беше нанесен сериозен удар. Настојувањето на раководството на КПГ на чело со Н. Захаријадис кое имаше за цел организацијата НОФ наполно ја потчини на неговата политика и преди се на својот став по националното прашање и раководството на НОФ го претвори во послушен инструмент, целосно успеа. Тоа беше постигнато по пат на инфилтрирање во Главното и во окружните раководства на НОФ на луѓе непомирливи полемичари на идеите и целите на НОФ. Захаријадис тоа лесно го постигна благодарение на не единството во редовите на главното и окружните раководства на НОФ. Некои од раководителите на НОФ не само што не му се спротивставија на таквата намера на Захаријадис, туку се солидаризираа со него и дури станаа иницијатори и носители на тоа негово настојување.

Поради тоа што овој акт на грчкото партиско раководство потпомогнат и исфорсиран од некои раководители на НОФ, претставува груб атак и диверзија против национално-ослободителното движење на Македонците од Егејска Македонија со далекусежни негативни последици, ќе се задржиме подетално на него.

Наведовме дека НОФ се појави независно и надвор од КПГ и дека НОФ се разидуваше со КПГ по основните прашања на борбата, по македонското национално прашање и друго. Поради тоа грчкото партиско раководство превзеде се што можеше со цел да го ликвидира НОФ, и дури за постигнување на таа цел имаа случаи да соработува и со монархофашистичките власти. Кога во тоа неуспеа поради тоа што НОФ прерасна во важен политички и воен фактор без кој неможеше

да се замисли вооруженатa пресметка со непријателот, го призна како демократска и антифашистичка организација и склучи спогодба за обединување и соработка.

При самата спогодба меѓу КПГ и НОФ, се истакнапроблемот на односите, односно местото на организацијата НОФ во револуцијата. Раководството на КПГ не му пристапи искрено на прашањето, односно и по спогодбата продолжи со настојувањето од НОФ да направи потполно зависен орган без и најмала политичка и организациона самостојност.За да го осигури тоа Захаријадис не можеше да се задоволи со поставените организациони и политички односи во спогодбата, туку сакаше, пред се организацијата да ја усвои од внатре.Се додека раководството на НОФ беше единствено, таквото настојување на Захаријадис не можеше да има успех. Но кога тоа се разедини и кога некои од македонските раководители во борбата за лидерски позиции побараа сојузници од редовите на најфанатизираните противници на идеите на НОФ успехот на Захаријадис не изостана.

Еве како се случи тоа: Од основањето на НОФ (23.IV.1945) до спогодбата за обединување со КПГ (21.XI.1946) на чело на организацијата стоеше Паскал Митровски. Со спогодбата уследи извесно кадровско поместување во раководниот врв на НОФ. Паскал Митровски беше коптиран за член на Македонското биро на КПГ како претставник на НОФ, а на чело на раководството на НОФ застана Михаило Керамитчиев. Од февруари до јуни 1947 година Паскал од непознати причини се наоѓаше надвор од територијата на Егејска Македонија и Грција и ниту непосредно и посредно учествуваше во работата на организацијата на НОФ. За време на отсуството на Паскал организацијата НОФ како и целото движење постигна најголеми успеси. Главното раководство на НОФ составено исклучиво од основачите и идеолозите на организацијата успеа да ги зацврсти своите позиции како во самата организација, така и воопшто во целото демократско движење. Скоро во цела Егејска Македонија беа формирани организации кои беа покриени со соодветен кадар. Одржа Земска конференција во која регуларно беше потврден негов избор и изборот на окружните комитети. И најважно, изразувајки ги стремежите на македонскиот народ, успеа да го придобие и масовно го вклучи во редовите на организацијата и во ДАГ. Успесите на НОФ толку беа крупни што му овозможија да прерасне во важен политички фактор во земјата и успешно да му се

спротивставува на обидите на Захаријадис да го потчини целосно.

По петмесечно отсуство во јуни 1947 година Паскал Митровски се врати во Егејска Македонија. Тој наместо да се восхити од успесите на НОФ и активно се вклучи за постигнување на уште поголеми успеси и извојување на нови придобивки, тој во успесите на раководството на НОФ на чело со Керамитчиев виде засенчување на своите лидерски позиции. Со неговото враќање прашањето кој ќе биде на чело на македонското движење, се постави во многу остра форма. Паскал претендираше на повото место на раководниот врв мотивирајќи го тоа со функциите што ги завземаше дотогаш (секретар на СНОФ за Костурско, секретар на политичката комисија на Македонците под Грција, секретар на НОФ и член на Македонското биро на КПГ), а Керамитчиев исто така на поранешните функции (пратеник во ПЕА, комесар на I-та Егејска бригада, секретар на Главниот одбор на НОФ од ноември 1946 година) и преди се на успесите што ги постигна организацијата НОФ во периодот кога тој стоеше на нејзино чело и на подршката и довербата што ја имаше од поголемиот дел на кадарот на НОФ. Така наместо идејно и борбено единство, во Главното раководство на НОФ настана судир и расцеп со фатално негативни последици за македонското ослободително дело. Последиците станаа по фатални кога борбата за превласт прерасна во борба за спротивни принципи во однос на идеите и крајните цели на организацијата НОФ. Тоа што раководството на КПГ не можеше да го постигне уште од 1945 година благодарение на идејното единство на НОФ, сега го постигна благодарение на не единството на раководството на НОФ.

Тоа може да се констатира од изјавата што Паскал Митровски ни ја достави на Бирото на КПГ за Македонија во август 1947 година неполни два месеца од неговото враќање во Егејска Македонија. Во изјавата Паскал, меѓу другото, пишува: "... Ја бранев линијата на партијата и се борев со доследност за неа. Ги сватив барањата што ги поставуваше и ги раѓа движењето на Славомакедонскиот народ и не правев никакво отстапување, никаков компромис... Ја согледав како неминовна потребата да се создаде нова ситуација во НОФ, да влезе нова крв, да се породи. Тоа не им се допадна на некои, бидејќи не ќе можеа неконтролирано да ја продолжат групашката и антипартиската дејност. Личното откажување да прифатат искусни кадри, способни и проверени под мотивација дека до вчера следеа еамски

став и дека ќе бидат непожелната партиска фракција во нашите редови, и ја покажува јасно, покрај другото, нивната задна мисла, за денес и утре. Лидерство, ситни интереси, славољубие, антипартиски сметки сплеткани со фракционизам, фамилијарноста и јаловиот македонизам, непоколебливо ја водеа организацијата во секташтво и шовинизам. На прво место ја издигаа борбата за да не би случајно инфилтрират во нашите редови туѓи непријателски елементи и дејноста за " будење на нацијата"... 154)

Предлогот на Паскал за менување составот на Главното раководство на НОФ со вклучување на македонски кадри познати полемичари на идеите на НОФ со мотивација да се постигне единство и сплотување на силите на македонскиот народ и да се обезбеди партиска контрола врз работата на НОФ, моментално не беше прифатен од раководството на КПГ. Неприфаќањето на предлогот не се должеше на некоја принципиелна политика и однос спрема НОФ, туку поради тоа што тоа не одговараше на времето и условите кога беше поднесен. Секоја промена во раководството на НОФ во тоа време, кога организацијата под негово раководство, како што наведовме, имаше постигнато најкрупни успеси, ќе предизвикаше незадоволство и расцеп во редовите на македонците и негативна реакција надвор од земјата за што раководството на КПГ мораше да води сметка . Исто така една од главните причини што раководството на КПГ не изврши измени во раководството на НОФ, беше и таа што во тоа време се подготвуваше да завземе одлучен курс за вооружена борба во која Македонците требаше да одиграт решавачка улога. Што значи моментално на КПГ му беше потребно такво раководство на НОФ, кое ќе беше способно да го мобилизира целиот македонски народ во борбата, а залагањето на Паскал тоа не го обезбедуваше. Поради тоа раководството на КПГ ги советуваше македонските раководители на единство и слога. Меѓутоа, единството не само што не беше постигнато, туку уште повеќе нарушено. Паскал Митровски во споменатата изјава во врска со тоа , меѓу другото, напишува: "... Керамитчиев поинаку го разбираше единството. Не духовно единство, идеолошка сила на организацијата, туку антипартиско единство. Што значи да станеме ние НОФ, фракција, антипартиски фронт за да ги наложиме нашите претензии. Карактеристичен е ставот на Керамитчиев : " Тие (партијата) не сакаат разединети. Но ние ако станеме едно (мислиме на себе и на нене) ќе ја наложиме нашата сила". И направи разни сметки, лични, политикански, антипартиски. За мене тие работи се неприфатливи и во прва прилика

го запознав другарот Стрингос (член на ПБ на ЦК на КПГ) и истовремено усно го бранев кајнего гледиштето дека неминовна е потребата да се измени составот на раководството на НОФ и да се зајакне со нови луѓе..."

Пред одржувањето на Првиот конгрес на НОФ (околу 15-20 декември 1947 година) Паскал Митровски одржа состанок со спомонатиот Леонидас Стрингос кој тогаш покрај другите високи партиски и воени функции, од страна на ЦК на КПГ беше задолжен да раководи со македонското национално прашање. Паскал му ја изнесе на Стрингос тешката ситуација во раководството на НОФ создадена поради наводно шовенистичките, локалистичките и други негативни манифестации и тенденции на членовите на Главното раководство на НОФ Михаило Керамитчиев, Вангел Ајановски-Оче, Павле Раковски, Вера Николова и други. Во продолжение Паскал му предложи на Стрингос по повод одржувањето на конгресот да се искористи можноста за измена на составот на раководството на НОФ, така што во него да влезат нови луѓе кои до тогаш беа надвор од НОФ на што Стрингос наполмо се сложи.[155]

Потоа Митровски го повикал Керамитчиев и му го образложил ово негово гледиште, потсетувајки го дека тоа е и став на раководството на КПГ. За реагирањето на Керамитчиев, Паскал во својот извештај до ПБ на ЦК на КПГ меѓу другото пишува:" Керамитчиев не ја прифаќа таа промена и карактеристично ми рече: " Партијата сака да ги вметне тие луѓе како фракција во нашата организација и дека тоа не го прифаќаат и другите кадри". 2-3 дена пред одржувањето на конгресот, пишува во продолжение Паскал, Михаило Керамитчиев, Павле Раковски, Вера Николова и Вангел Ајановски-Оче одржавме состанок за да ги уредиме техничките поединости на конгресот и да ја составиме листата за составот на Централниот совет на НОФ. На негов предлог на влезат во Централниот совет Ташос Гушопулост-Макис, Ставрос Кочопулос , Панделис Вајнас, Михалис Малиос итн. остро реагираа останалите присутни, окарактеризирајки ги предложените како противници на НОФ, како клин и фракцијаво организацијата итн.[156]

Меѓутоа, и покрај ово спротивставување на раководителите на НОФ, по остра интервенција на КПГ, во листата за членови на Централниот совет беа внесени и избрани и лицата за кои се залагаше со посредство на П.Митровски. Раководството на НОФ имајки го во предвид расположението на делегатите кое се манифестира и при гласањето за избор на Централниот совет со бришење на нивните имиња,

одлучи да го продолжи своето противење. Имено, Вера Николова на Првата пленарна седница на Централниот совет предложи изборот на Извршниот одбор на НОФ се изврши со тајно гласање. Предлогот на Вера на најгруб начин беше отфрлен од претставникот на ЦК на КПГ Ѓанис Иоанидис, И покрај тоа 11 делегати најдоа храброст да гласат за нејзиниот предлог.

На конституциониот состанок на новиот Централен совет за членови на Извршниот одбор на НОФ на предлог од претставникот на КПГ беа избрани: Михаило Керамитчиев за претседател, Паскал Митровски за секретар, Евдокија Николова-Вера , Ставрос Кочопулос, Ташос Гушопулос- Макис, Михали Малио, Вангел Ничев и Стерјана Вангелова Славјанка за членови. Во секретаријатот на извршниот одбор на НОФ беа избрани: Михаило Керамитчиев, Паскал Митровски иВера Николова. Од поранешниот состав на раководството на НОФ, пак по инсистирање на претставникот на КПГ, наводно поради непослушност спрема КПГ, не беа избрани организациониот секретар на Главниот одбор на НОФ Вангел Ајановски-Оче и одговорниот по финансии во Главниот одбор на НОФ Ламбро Чолаков.

На метнувањето во раководството на НОФ на луѓе докажани полемичари на неговите идеи и противници на националните стремежи на Македонците и на отстранувањето на старите докажани и доследни кадри на НОФ, единствено се спротивстави Илија Димовски-Гоце. Но тој остана без поткрепа кај останатите кадри на НОФ, не од малодушност, туку од убедувањето дека секое нивно спротивставување можеше само да ја влоши ситуацијата. Што се однесува на образложението на Митровски дека тоа го прави со цел да се постигне единство во редовите на македонскиот кадровски актив и на македонскиот народ нема никаква основа, бидејќи вметнатите кадрови никогаш не беа во редовите на македонското движење и единството на македонскиот народ наполно беше постигнато. Паскал тоа го сторил со цел да ја придобие довербата на КПГ и во извршниот одбор обезбеди свое мнозинство. Таквите комбинации се покажаа не реални и штетни за ослободителното дело на Македонците од Егејска Македонија. Со обезбедување мнозинство од свои луѓе во раководството на НОФ, КПГ уште повеке го зајакна своето влијание и го отвори патот кон целосното потчинување на организацијата НОФ на својата политика по националното прашање и малку подоцна, како што ќе видиме во натамошното излагање

фклучување на истото како составен дел во антијугословенската информбировска кампања .

3. Состанокот во Главниот штаб на ДАГ

Инфилтрирањето на наведените лица во Главното раководство на НОФ и остранувањето на докажани кадри уште повеќе го заостри судирот и во ниските раководства на организацијата НОФ и АФЖ. Мнозинството на основниот кадар на НОФ остро реагираше на извршените кадровски промени во врвот на организацијата. Раководството на КПГ за да утврди дали судирот се должи на идеолошки разлики и ориентации, на две линии како што тврдеше Паскал или на борба за раководни позиции, на 17-18.II.1948 година свика состанок. Состанокот е одржан во седиштето на Главниот штаб на ДАГ и во него зедоа учество од страна на КПГ членовите на ПБ и рак водители на ДАГ Маркос Вафијадис и Василис Барџотас, а од страна на НОФ Паскал Митровски и Вера Николова. На состанокот раководителите на НОФ вината за лошата состојба на НОФ ја префрлуваа еден врз друг. Вера која прва зборуваше тврдеше дека пред враќањето на Паскал (јуни 1947) дејноста на организацијата се одвиваше многу успешно,дека раздорот во раководството стана како резултат на неговото предубедување и тенденција за истиснување на старите кадри на НОФ и сл. Паскал од друга страна во своето излагање ги обвини Михаило Керамитчиев, Вера Николова, Павле Раковски за антипартиски тенденции, антипартиска фракција, партиска недисциплина, за фамилијарност итн. Така на пример залагањето на Керамитчиев да се побара од КПГ за поставување на Македонци за команданти на бригади, функционери во министерствата при ПДВ итн., го окфалификува како антипардиска фраксионашка дејност.[157)]

Раководителите на КПГ откако со иронија и подигравање ги слушаа излагањата на Паскал и Вера, заклучија дека судирот во раководството на НОФ има лична основа и дека прашањето ќе се реши на партиски собир во кој ќе се формира и партиска фракција во Главното раководство на НОФ.

Паскал Митровски незадоволен од таквиот заклучок на раководителите на КПГ, два дена од одржувањето на состанокот, односно на 19 февруари на ПБ на ЦК на КПГ и комесар на Главниот штаб на ДАГ напиша опширно писмо. Во писмото Паскал го тврди супротното од

тоа што го тврдеа раководителите на КПГ односно дека судирот нема лична основа, туку е резултат на неговото спротивставување на фракционашката, антипартиската, групашката, шовенистичката, секташката и националистичката дејност на еден дел од Главното раководство на НОФ. Тој во писмото меѓу другото пишува: " Ја бранев линијата на партијата и се борев со доследност за неа... Што во тоа мое настојување најдов противници, тоа не значи дека водев лична борба... Лидерството, ситните интереси, славољубие , антипартиски сметки, сплеткани во фракционизам, фамилијарноста и јаловиот македонизам и шовенизам е содржината на нивната политика и дејност. Во продолжение Паскал тврди дека тој дел на раководството наместо активноста на организацијата ја насочи преди се за уште поголемо активирање и мобилизирање на силите на македонскиот народ во борбата, тоа на прва линија ја издигна борбата да не би случајно се инфилтрираат во редовите на НОФ туѓи непријателски елементи и работата за будење на нацијата. Околу причините за масовното учество на македонскиот народ во борбата исто така меѓу Паскал и наведените раководители постоеа спротивни ставови. Според Керамитчиев , Раковски и Вера тоа се должеше на националното осознавање на македонскиот народ , а според Паскал на историскиот процес и на неговиот тежок отпор и борба.[158)]

4. Формирање на партиска фракција во НОФ

На 27 март 1948 година под раководство на Василис Баржотас,член на Политбирото на ЦК на КПГ, се одржа состанок на Извршниот одбор на НОФ и на некои други македоснки кадри. На состанокот се расправаше за нездравите односи во НОФ, работата на организацијата и формирање на партиска фракција при Извршниот одбор на НОФ.

По првата точка дојде до отворен судир меѓу Паскал Митровски од една , Михајло Керамитчиев, Павле Раковски, Вангел Кичев, Стерјана Вангелова-Славјанка и Паскал Паскалевски од друга страна. Двете страни ги изнесоа горе наведените меѓу-собни обвинувања. Претставникот на КПГ одбегна конкретно и одлучно да се изјасни за суштината на настанатиот конфликт изнесувајќи мислење дека тој се должи главно на потешкотиите на борбата и дека е старо наследство, односно се должи на настојувањето на реакцијата да ги разедини народите. Баржотас не се согласи со П.Митровски дека во НОФ

постои антипартиска фракција и побара од присутните во рок од 5 дена писмено да ја изложат положбата во НОФ до ЦК на КПГ и да дадат мислење за начинот на нејзиното надминување. Со таквиот неодлучен став на претставникот на КПГ спрема вистинските виновници и причини не само што не се поправи состојбата, туку таа уште повеќе се влоши. Така постапи тој, бидејќи на раководството на КПГ не му беше од интерес македонското движење да има единствено и цврсто раководство, туку разединето за да може во секој поголем момент го потчини. Всушност тоа го постигна на овој состанок. Имено, на предлог од П,Митровски подржан од В.Баржотас, за секретар на партиската фракција која се формира на овој состанок, беше избран Ставрос Кочопулос, докажан непомирлив и доследен противник на идеите на НОФ и на македонската кауза и верниот човек на Захаријадис преку кој ја спроведуваше својата политика спрема Македонците во Егејска Македонија и во Источно-европските земји - до 1956 година. Кочопулос во својство на партиски раководител, постепено целосно ја зеде во свои раце организацијата НОФ.

Непосредно по овој состанок по барање на В. Баржотас раководителите на НОФ Михаило Керамитчиев,Павле Раковски, Вера Николова,Паскал Митровски, Вангел Ничев и Андон Сикавица до ПБ. на ЦК на КПГ доставија писмени изјави во кои изнесоа свое мислење за причините на лошата состојба на НОФ.

Михаило Керамитчиев во своето опширно писмо од 29 март 1948 година вината за лошата состојба во НОФ целосно му ја препиша на Паскал. Имено, го обвинува дека со цел да ги дискредитира и ги отстрани старите кадри на НОФ, неосновано ги клевети за антипартиски фракционизам, шовинизам, секташтво, фамилијарност и друго, а неговото залагање за вклучување во раководството на НОФ на кадри докажани антинофити не како фактор за постигнување на целосно единство на македонскиот народ туку напротив како фактор за зајакнување на неговите позиции. Понатаму Керамитчиев во изјавата наведува дека Паскал со цел да ја придобие довербата на КПГ не ги поставуваше пред надлежните органи на КПГ и ДАГ одлуките на Главното раководство на НОФ за истакнување и поставување на Македонци во повисоки раководни функции како и за неправдите вршени над Македонците.

Керамитчиев за надминување на таа состојба предлага строги мерки против секого кој сака да ги истисне старите кадри, и про-

тив виновниците на истата бидат превземени строги санкции. Во врска со неправилната кадровска политика на КПГ спрема Македонците, која имала лош одраз кај македонскиот народ, Керамитчиев наведува само еден од повекето примери. Имено, трите владини претставници и нивните шест помошници во Западна - Централна и Источка Македонија беа Грци односно меѓу нив немаше ниту еден Македонец. Во поткрепа на ово тврдење на Керамитчиев, ке наведеме еден пример: Во својот реферат поднесен на V-от пленум на ЦК на КПГ одржан во јануари 1949 година Баржотас изнесе дека дотогаш во ДАГ беа произведени и унапредени во чин од полковник до генерал 122 лица. Меѓу нив немаше ниту еден Македонец иако најмалку една третина од сиотите на ДАГ беа составени од Македонци. Од изнесените и други факти, Керамитчиев заклучува дека лошата состојба во НОФ не е резултат на лична борба за лидерски позиции, туку на борбата за сочување на идејните принципи на НОФ, на интересите на Македонците во борбата. [159]

И Паскал Митровски во својата изјава тврди дека состојбата на НОФ не беше резултат на личен конфликт, туку на две концепции на две линии кои што се судрија. Тој ги обвинува другите раководители од потесното раководство на НОФ дека не само што не ја сфатија потребата и неминовноста од обединувањето на македонското и грчкото демократско движење, туку и се спротивставува на тоа. Теоријата околу гркоманите и будењето на македонската нација на тие раководители, продолжува Паскал, ги зголемуваше недоразбирањата меѓу НОФ и другите грчки демократски организации и го разгоруваше шовенизмот. Паскал и во ова изјава ги обвини Михајло Керамитчиев, Павле Раковски, Вера Николова, Вангел Ајановски-Оче и други за локализам, национализам, антипартиск фракционизам, за настојување за елиминирање на факторот КПГ од редовите на НОФ и слично, и дека сето тоа е резултат на туѓото влинание односно на некои кругови од НР Македонија. [160]

Павле Раковски во својата изјава ги отфрлува обвинувањата на Паскал против него и против другите раководители на НОФ и смета дека неговото задржување за секретар на НОФ и по констатираната негова деструктивна дејност, е тенденциозно со цел да го сопре развојот на движењето на НОФ, да го уназади, да го ослабне. [161]

Идентични се оценките и констатациите и на другите раководители на НОФ - Вера Николова, Стерјана Вангелова и Вангел Ничев, со исклучок на Андон Сикавица кој изрази спротивно мислење. Според

него конфликтот не се должи на некои идеолошки разидинувања, туку на настојувањето кој да го има ветото во работите на Егејска Македонија. Додека Паскал применувајќи ја на неговојствената изолационистичка политика и политиканство, продолжува Сикавица, ја разбра тенденцијата на КПГ за измена во раководството на НОФ, одлучно се заложи за тоа , додека Керамитчиев неможејќи да ја сватн смислата на грчката стварност, се спротивстави на секаква измена во составот на раководството на НОФ.[162)]

Од изнесените и други факти можеме да заклучиме дека судирот во раководниот врв на НОФ настана поради спротивните гледишта во однос на стратегиските цели на организацијата НОФ. Додека Керамитчиев и неговите истомисленици сметаа дека резултат на борбата на Македонците да биде нивното самоопределување и национално обединување, додека КПГ сметаше и ветуваше дека како резултат на победата на народната револуција, Македонците ќе се здобијат со малцински права во рамките на народна демократска Грција. Оттука произлегува и настојувањето на Керамитчиев и другите македонски раководители за здобивање на поголеми, односно повисоки и значајни раководни позиции на Македонците во текот на Борбата како услов за постигнување на горната стратегиска цел, а КПГ за осуетување на таквото настојување, како што наведовме, инфилтрира свои луѓе во раководството на НОФ.

И покрај писменото и усменото укажување за причините на расцепот од поголемиот дел на раководството на НОФ, одговорните фактори на КПГ ништо не превзедоа за надминување на таа состојба која многу негативно се одразуваше кај борците и кадрите на НОФ и воопшто во демократското движење. Раководителите на НОФ Михаило Керамитчиев , Вера Николова, Павле Раковски, Вангел Ајановски-Оче и Илија Димовски-Гоце согледувајќи ја сезиозноста на проблемот, писмено се обратија до ЦК на КПЈ и побараа помош и интервенција кај раководството на КПГ за нормализирање на состојбата во НОФ и на односите меѓу КПГ и НОФ во корист на општото демократско ослободително движење на Грција.

Во писмото до ЦК на КПЈ споменатите раководители наведуваат дека македонскиот народ и покрај тоа што масовно е вклучен во борбата, тој е поставен во едно необјаснето потценување поради што е нарушено единството меѓу самиот и меѓу него и грчкиот народ на штета на заедничката и општата борба.

Во поткрепа на горното, во писмото наведени се неколку факти:

1. И покрај тоа што една третина од снагите на ДАГ (над 13.000 борци) беа составени од Македонци, во командниот состав имаше само еден командант и еден заменик командант на бригада, 4 команданти и 4 заменици команданти на батаљони.

2. Во органите на народната милиција, освен во Леринско и Воденско, нигде на друго место, во нејзините по високи форуми немало ниту еден Македонец раководител.

3. Во Егејска Македонија немало македонец владин претставник. Ист беше случајот и во министерствата и во дирекцијата за националните малцинства на ПДВ.

За надминување на таа состојба, а во интерес на борбата, авторите на писмото предложија да се превземаат следните мерки: Издигнување и поставување на воено-политички македонски кадри во сите единици до Главниот штаб на ДАГ, во органите на народната милиција, во ПДВ и во сите органи и институции на народната власт, формирање на партиска организација во НОФ и друго.[163)]

5. Мобилизација на кадарот на НОФ

Секако најсериозниот удар на организацијата НОФ и е нанесен во почетокот на април 1948 година кога со итна наредба на Главниот штаб на ДАГ беше извршена мобилизација на целиот професионален кадар на НОФ(вкупно 91 кадри) македонската културна уметничка група и дувачкиот оркестар. Од мобилизацијата беа изземени членовите на секретаријатот на главното раководство и секретарите на окружните одбори на НОФ така што во Главното раководство и во трите окрузи (Воденски,Костурски и Лерински) беа оставени да работа само 18 кадри и тоа жени и мажи не способни за носење оружје, инвалиди и слично.

После мобилизацијата на кадарот на НОФ и општата мобилизација од страна на ДАГ на наборите 1927-1932 во слободните територии во Костурско, Леринско и Воденско каде воглавном суштествуваше НОФ, не може да се зборува за некаква значајна дејност на НОФ. НОФ автоматски престана да делува и тамо каде делуваше и како борбено движење, бидејќи кадрите на НОФ покрај организационо-политичка,развиваа и вооружена активност. И не само тоа. Организацијата лишена од основната база на кадри не беше во состојба да го раководи дви-

жението на Македонците кое претставуваше основен фактор на вооружената борба. Исто така организациите на НОФ без кадар не можеа да придонесат во решавањето на проблемот на резерните на ДАГ за што од раководството на КПГ имаа добиено задача да исфрлат од неослободителните територии нови 3000 Македонци и Македонки борци. Настојувањето создадената празнина односно ракокодствата на НОФ се пополнат со жени и неспособни за носење оружје, постари луѓе и инвалиди, не можеше да ги даде очекуваните резултати. Новите малубројни кадри исфрлени на брзина од базата без никакво искуство во никој случај неможеа да ги заменат старите кадри прекалени низ тригодишната организационо-политичка и борбена дејност. Таквите последици од мобилизацијата имаше лош одраз врз Македонците и кадрите на НОФ, уште повеќе зајакна недовербата, предубедувањето итн. Објаснувањето што се даваше дека тоа се прави со цел да се реши прашањето на резервите на ДАГ,никого неможеше да убеди. Не можеше да убеди бидејки 100 или 150 луге не можат да решат едно такво сложено прашање и уште повеќе тие како раководители на НОФ имаа задача да го мобилизират македонскиот народ за уште помасовно стапување во редовите на ДАГ односно како што наведовме, да придонесат за решавање на истото. Секако причините за таквиот потег на Захарјадис треба да ги бараме во неговото настојување да елиминира секакво влијание на НР Македонија врз македонското национално движење.

После мобилизацијата, извршена е реорганизација на НОФ. Секретаријатот на Главниот одбор на НОФ го сочинуваа: Паскал Митровски, Михаил Керамитчиев и Ставрос Кочопулос. Окружната организација на НОФ за Воденско ја раководеа пет активисти на чело со Ташо Аџановски-Мими, како секретар и Иван Ичев негов заменик, Костурската седум активисти со секретар Коле Панов, Леринската шест активисти со секретар Тане Наумов и организацијата на НОФ во Источна Македонија Вангел Ничев.

По прашањето на поставување во раководни функции во ДАГ на мобилизираните кадрови на НОФ, меѓу Паскал Митровски и Михаило Керамитчиев се дојде до несогласност и судир. Имено раководството на КПГ побара од секретаријатот на НОФ соодветен предлог за употреба на мобилизираните кадри. На состанокот на секретаријатот на НОФ Керамитчиев предложи: Вангел Аџановски-Оче, Павле Раковски и Лазо Поплазаров да бидат поставени за политички комесари на бригада, додека Паскал Митровски и Ставрос Кочопулос предложија највисока фун-

кција која требаше да им се довери на тие кадри да биде до политички комесар на батаљон. Во врска со овој конфликт, Паскал Митровски писмено го запозна грчкото партиско раководство.[164] Предлозите на Керамитчиев и Митровски не беа прифатени од Захаријадис. И при овој случај дојде до израс потценувачјиот однос на раководството на КПГ спрема Македонците. Имено, Лазо Поплазаров еден од оснивачите и основните кадри на НОФ, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Воденско беше поставен за десетар, Павле Раковски член на Главното раководство на НОФ за обичен борец, Паскал Паскалевски и Вангел Ајановски-Оче поради недоверба не беа примени во ДАГ, комесарот на I-та Егејска бригада Динко Делевски за обичен борец и тн.

Г Л А В А XII

ЕВАКУАЦИЈА НА ДЕЦАТА

Врз основа на постигнатата спогодба помеѓу Привремената демократска влада на Грција и владите на источноевропските земји и Југославија во март-април 1948 година во овие земји од Егејска Македонија и Грција беа евакуирани малолетни деца од една до шеснаесет годишна возраст. Оваа акција која предизвика контра-акција на атинскиот режим, беше образложена со мотивот за спасување на децата од ужасите на војната. Меѓутоа , тој не беше единствениот мотив. Со оваа акција раководството на КПГ целеше да ги сврзе родителите на евакуираните деца со ДАГ и да ги ослободи од грижата спрема нив како би можело да ги мобилизира во регуларните единици и помошните служби на ДАГ, кое нешто следи веднаш по евакуацијата на децата. Тој наш заклучок го потврдува фактот дека не беа евакуирани само децата од подрачјата што ги контролираше ДАГ и кои што беа изложени од бомбардирања, туку и од оние што ги контролираше атинскиот режим и тоа преку превземање на специјални вооружени акции.

Официјалното решение за евакуацијата на децата во странство за светската јавност дадено е подолното објаснение од радиостаницата "Слободна Грција" на 4 март 1948 година:

"На последниот Балкански конгрес на младината што се одржа во Белград на 3 март 1948 година на предлог од грчкиот претставник се зеде решение од сите претставници на демократските земји да се збринаат и им се пружи помош на 12.000 деца од Грција. Овие деца се од три- до петнаесет годишна возраст. Тие ќе се испратат во соседните демократски земји каде ќе им се даде секаква помош, грижи и воспитување. За секои 25 деца ќе има и учителка која ќе се грижи за нив".

После тоа следи писмо од ПДВ до владите на источноевропските земји и Југославија во која молеше да ги прифатаат децата, старците, болните и инвалидите. Овое барање ПДВ, како што наведовме го мотивираше со потребата за спасување на нивниот живот од ужасите на секојдневните бомбардирања, терористички акции на монархофашистите и слично. Барањето беше прифатено.[165]

За успешното извршување на таа акција, беа ангажирани единици на ДАГ, органите на народната власт, народната милиција, политичките организации и други институции. Посебна улога за целосен успех на акцијата во подрачјето на Егејска Македонија одигра организацијата НОФ за што го мобилизира целиот свој кадровски потенцијал.

Прифаќањето и целокупната организација на транспортирањето на децата во источно-европските земји го изврши Југославија. Во април 1948 година Југословенскиот црвен крст упати апел до организациите на црвениот крст во другите земји да помогнат во оваа хумана акција за збринување на околу 15.000 грчки и македонски деца.

Во акцијата околу збринувањето и издршката на децата, покрај Југословенскиот црвен крст, со материјална помош зедоа учество повеќе политички организации, социјални, државни и други институции на Југославија. Југословенскиот Црвен крст додели само во периодот од април до декември 1948 година 32.107.000 динари помош за децата избегани од Грција.

Југословенскиот црвен крст со помош на Антифашистичкиот фронт на жените- АФЖ во април 1948 година за Чехословачка транспортира 2.490 деца, за Унгарија 2.254, за Романија 3.300 деца, а во половината на декември истата година за Унгарија 797 и за Романија 3.105 деца. Освен тоа на 3 јануари 1949 година транспортирани се од Булкес Војводина за Чехословачка 561 дете. На тој начин од Југославија се транспортирани 12.455 грчки и македонски избегани деца во соседните демократски земји.

После транспортирањето на поголемиот дел од децата во соседните земји, кои што ја преминаа југословенко-грчката граница во ФНР Југославија останаа уште над 11.000 деца и тоа во НР Македонија 4.000, во Автономна Покраина Војводина 4.080 и околу 2.000 новодојдени избегани деца.[166)]

Разните податоци за бројот на евакуираните македонски и грчки деца не се идентифични. Според едни податоци на КПГ во периодот март- јуни 1948 година во Унгарија беа евакуирани 3.000, во Чехословачка 2.000, в Југо лавија 5.000, во Бугарија 1.850, во Руманија 600 и во Албанија 800 или вкупно 13.250 евакуирани деца. Според статистиката на Обединетите нации поднесена на Политичкиот комитет на 27 март 1948 година во Париз, бројот на евакуираните де-

ца изгледа како следува: Во Југославија 10.000, Романија 3.000, Унгарија 3.000, Бугарија 2.660, Чехословачка 2.235, Албанија 2000 или вкупно 23.695 евакуирани деца. На III Конференција на КПГ одржана во окромври 1950 година во Букурешт изнесено е дека во земјите на народната демократија без Југославија, беа евакуирани 17.529 деца и тоа : во Романија 5.132, Чехословачка 4.148, Полска 3.590, Унгарија 2.859, Бугарија 672 и во НР Германија 1.120 деца. Пандо Вајнас во својот реферат поднесен на оснивачкиот конгрес на организацијата "Илинден" одржан во Полска во април 1952 година изнесе дека во источно-европските земји беа евакуирани 7.000 македонски деца, а според еден друг поверодостоен извор бројот на македонските деца во источно-европските земји изнесува преку 8.000.

Децата во Југославија беа сместени во детски домови. За децата од предшколската возраст (од 1 до 3 години старост) се грижеа негователки - болничарки; од 3 до 6 годишна возраст се грижеа воспитачки, а за децата од школската возраст беа отворени училишта на грчки и македонски јазик. Оние деца кои имаа завршено основно образование беа упатени на стручно квалификување, односно предпладне работеа , а попладне слушаа стручни и практични предавања.[167)]

Југословенскиот црвен крст и власти направија се што можеа да имобезбедат удобен и нормален живот и развиток на децата од Грција и Егејска Македонија. Децата беа сместени во 12 удобни домови на југословенското приморие, во Војводина иСловенија и во Македонија. Но, и за избеганите деца кои беа надвор од домовите односно за оние кои што се наоѓаа кај своите родители, се грижеа југословенските народни власти и Југословенскиот црвен крст..

Врз основа на хуманата одлука на ООН за враќање на децата на своите родители, во текот на 1952 година извршена е примопредаја на децата од домовите на родителите кои живееа на територијата на ФНРЈ. Со заминувањето на тие деца и репатријацијата што беше извршена во текот на годината, беа расформирани домовите, така што на 1 јануари 1953 година постоеше само домот во Бела Црква со 416 деца од Грција. На директно издржување, а под патронат на Југословенскиот Црвен крст во 1952 година се наоѓаа 18 ученички и ученици во стопанството. 52 ученика кои го завршија тригодишното стручно училиште во Осијек, беа испратени во НР Македонија каде беа вклучени во стопанството. Во текот на 1952 година извршени се две репа-

тријации: една во месец март во Белград и втора во октомври во Солун. Вкупно во 1952 година во Грција беа вратени 153 и во Канада 23 деца.

Особени тешкотии Југословенскиот црвен крст имаше со групата околу 400 деца чии родители се наоѓаа во инфорбировските зејми. Залудно Југословенскиот црвен крст ги превземаше од првиот ден на репат ријацијата сите потребни мерки да ги добие нужните документи за враќање на децата на своите родители. Наредните години, а особено по нормализацијата на односите меѓу Југославија и Советскиот Сојуз, повекето од децата се вратија кај своите родители, а останатите завршија разни школи и се вклучија во стопанските и општествените дејности.[168]

На културно-просветниот , националниот и општествениот живот на македонските деца во источноевропските земји ќе се задржиме посебно.

Во врска со евакуацијата на децата сметаме да наведиме уште еден момент. Раководството на КПГ во врска со децата преземе многу неумесен и непопуларен потег. Имено, во рамките на безперспективното настојување да го реши прашањето на резервите за ДАГ, од евакуираните деца во 1949 година ги мобилизира оние што имаа над 14 годишна возраст. Оваа акција на НПГ предизвика остро негирање на родителите на овие деца. 40 мајки од село Кономлади Костурско испратија до Главниот штаб на ДАГ три остри протести заканувајќи се дека ќе подигнат бунт, ако мобилизираните деца не бидат вратени во домовите или на своите родители.[169]

Исто така и раководството на НОФ му обрна внимание на грчкото партиско раководство за многу негативните последици што ги имаше за организацијата НОФ мобилизацијата на малолетните деца. Во писмото на раководството на НОФ од 14 април 1949 година до ПБ на ЦК на КПГ, меѓу другото се вели: "... Сериозно не преокупира проблемот на мобилизираните деца. Помеѓу нив има дечиња и девојчиња од 12-14 годишна возраст и сега се наоѓаат во центарот за регрутирање во с.Шт?ково-Леринско. Останатите деца се на 15-16 годишна возраст. Вкупно се 38 и повекето се од селата Кономлати и Желево. Нивното мобилизирање се дозна во селата и ни создаде сериозни морални проблеми, а особено за децата од 12-14 годишна возраст. Тоа го констатиравме на лице место.

Во основа овде не се работи за тешкотиите што ни ги создаде тоа прашање, кое со повеќе работа на нашата организација ќе ги надминиме, Се работи за еден принцип, за еден етички проблем за кој сме принудени да водиме сметка за него. Се создаде една морално психолошка ситуација кај народот, создаде негативно морално убедување кое му штети на развојот на силите на движењето... Се разбира 10-15 деца од 12-14 годишно возраст нема да го решат прашањето на резервите...."[170]

Раководството на КПГ за да ги смири духовите, превзеде два исто така непопуларни потега. Имено, од една страна демобилизира еден мал број деца, додека повеќето ги задржа во ДАГ од кои многу од тие голобратци неискусни дечиња загинаа уште во првите борби, а од друга страна ги изведе пред воен суд Шанев и Петровски како потикнувачи и организатори на поднесување на споменатите меморандуми на мајките од село Кономлати. И покрај тоа што при судскиот процесиво одбрана на обвинетите се појавија повеќе сведоци, судот ги прогласи за виновни.[171] И Владо Ќуцуков, покрај другото беше обвинет за истиот случај и осуден на смрт.[172]

Овој потег на захаријадисовото раководство претставуваше поволен аргумент за грчките монархофашисти и нивниот инструмент, т.н. Балканска комисија , како и за целиот реакционерен печат, оваа по резултати хумана и многу корисна акција, да ја прикажат како грабеж на деца, претворување на истите во јаничари, за дискридитирање на демократските земји за мешање во внатрешните работи на Грција и за дискредитирање на самото демократско движење на грчкиот и македонскиот народ.

И покрај хистеричната пропаганда на монархофашистите и некои неумесни потези на грчкото партиско раководство, евакуацијата на децата во целина претставува позитивен акт. Освен тоа што тие беа заштитени од ужасите на Граѓанската војна, сите завршија разни школи и универзитети и активно се вклучија во изградбата на својата татковина.

Г Л А В А XII

Првиот пленум на НОФ

Конечниот и дефинитивниот удар на организацијата НОФ и е нанесен на Првиот пленум на Централниот совет на НОФ одржан на 8 август 1948 година.

На Пленумот му претходеше состанок на одделни македонски комунисти и Седница на ПВ на ЦК на КПГ.

На состанокот во кој присуствуваа Ставрос Кочопулос, Панделис Вајнас, Ташос Гушопулос-Маки, Вангел Којчев и неколку други Македонци верни и послушни на КПГ, Никос Захаријадис истакна дека со донесувањето на Резолуцијата на Информбирото дојде времето за расчистување на некои прашања во НОФ кои доаѓаат од надвор, мислејќи притоа на НР Македонија.

Седницата на ПВ на ЦК на КПГ се одржа на 1о јули 1948 година. Во неа од страна на НОФ зеде учество единствено Паскал Митровски кој поднесе извештај за активноста и положбата на НОФ. Политбирото на ЦК на КПГ донесе решение со кое всушност на организацијата НОФ и се даваше пресудниот удар и тоа претставуваше основа за работата и донесените документи на Првиот пленум на НОФ. Оваа акција на Захаријадис против НОФ, секако има врска и со острото барање на советското и бугарското раководство КПГ уште поактивно и поотворено се вклучи во антијугословенската кампања.

Во резолуцијата на ПВ на ЦК на КПГ усвоена на седницата одржана на 10 јули 1948 година остро се критикува раководството на НОФ бидејќи наводно не одговори на задачите што ги постави Првиот конгрес на НОФ, меѓу кои: не ја помогна ДАГ со нови борци од редовите на македонскиот народ, со храна, облека, информации итн. Не вложи напори за популаризирање на политиката на Привремената демократска влада, не ги помогна органите на народната власт во решавањето проблемите на населението, дека во периодот по конгресот, НОФ не само што не забележа никаков напредок во својата масовна политичка и идеолошка работа и на својот организационен развој и зацврстување, туку напротив падна во една положба на инертноста и организационо раслојување.

Според оценката на ПБ на ЦК на КПГ основна причина за таквата ситуација беше фракционашката борба без принципи, борба за лидерство, што избиј и се разви меѓу претседателот и секретарот на НОФ Михаило Керамитчиев и Паскал Митровски, која го раздели раководството на НОФ во два спротивни табори и и попречи на организацијата практично да се зафати во реализацијата на конгресните решенија и задачи.

Поради тоа ПБ на КПГ го сметаше понатамошното остануваше на Керамитчиев и Митровски во раководството на НОФ за штетно и ги повика другите членови на ЦС на НОФ да го превземаат раководството на НОФ и се заложат за извршување на конгресните задачи и непосредните барања на борбата.

Колку оваа критика и оцена на грчкото партиско раководство не е основана и дека таа имала за цел не да ја среди положбата во НОФ, туку целосно го потчини македонското ослободително движење и да истисне секаков вид југословенско влијание врз него, се констатира од фактите што ќе ги наведиме подолу. Имено точно во времето кога се напаѓаше раководството на НОФ заради тоа што наводно не се заложи да ги вклучи сите македонски сили во борбата, се водеше епопеата на Грамос. Во таа епопеа покрај повеке од 12.000 Македонци активни борци во ДАГ, целото македонско население од слободните подрачја организирано и предводено од НОФ беше ангажирано и сестрано ја помагаше ДАГ. И самото раководство на КПГ се демантира себе си , односно е принудено да се корегира и да му даде целосно признание на македонскиот народ за неговото учество и придонес во борбата. Еве на пример што се вели во резолуцијата на IV-от пленум на КПГ одржан истиот месец кога се критикуваше НОФ, односно на 28-29 јули 1948 година:"...8.Пленумот го потенцира извонредниот придонес што славомакедонскиот народ го дава во општото дело на слободата. Учеството на славомакетонскиот народ во ослободителната борба е сенародно и тотално. Со таа негова борба славомакедонскиот народ цврсто го гради својот слободен, рамноправен живот, ја осигурува и обезбедува со крвта на своите синови и ќерки својата народно демократска иднина".[173]

И покрај тоа признание и фактичката состојба на работите, на КПГ не и сметаше да оди докрај во реализирање на своите планови против самостојноста на македонското движење. За реализирање на својата одлука од 10 јули, на 8 август 1948 година го свика Првиот

пленум на ЦС на НОФ во кој, како што ќе видиме подолу, изнуди решенија во духот на тие планови.

Пленумот се одржа во црквичката на с,Буково, Преспа. На Пленумот присуствуваа 32 членови на ЦС и 5 кандидати за членови на окружните одбори, а од страна на КПГ членот на ПБ Јанис Иоанидис и членот на ЦК Милтијадис Порфирогенис.

Бидејќи Пленумот започна пред закажаното време, а 5 делегати од Воденско се уште немаа пристигнато, Илија Димовски-Гоце побара тие да се сочекаат. Во врска со тоа се дојде до препирка меѓу Иоанидис и Гоце и се одлучи да се гласа при што предлогот на Гоце доби мнозинство. Но, и покрај тоа Пленумот започна без да бидат сочекани делегатите од Воденско.

По барање на претставниците на КПГ на дневен ред се постави само поднесувањето на работата и состојбата на организацијата НОФ. Членовите на секретаријатот на НОФ добија право да зборуваат само 20 минути, додека останатите членови 10 минути.

Прв зборуваше секретарот на НОФ Паскал Митровски кој откако изврши самокритика, целата одговорност за лошата положба на НОФ им ја префрли на Керамитчиев, Оче и на други, како и за неисполнувањето на задатокот за мобилизирање на 3000 нови македонски партизани, мобилизирајќи само 1500 и друго. Во продолжение Митровски ги обвини споменатите раководители на НОФ за национализам, наведувајќи дека наводно Гоце во еден разговор му рекол дека македонските деца во источноевропските земјии се воспитуваат на големогрчки дух, дека не го учат мајчиниот јазик, дека Гоце и Керамитчиев му зборуваа дека Македонците се разочарени затоа што не се издигнуваат македонски кадри во ДАГ и во политичките организации и партии и сл.

По Митровски зборуваше претседателот на ЦОФ Михаило Керамитчиев. Тој во своето излагање ги изнесе проблемите на НОФ, напоменувајќи дека со истите се сложи и Никос Захаријадис, спротивно на тврдењата на паскал. Керамитчиев истакна дека од страна на некои раководители на КПГ-ДАГ се води потценувачка политика спрема кадрите на НОФ ви воопшто спрема Македонците.

Потоа зборуваше Вера Николова, која воглавно се дотакна на проблемите што ги истакна Керамитчиев и предложи да се отстрани

од раководството на НОФ Митровски како главен виновник за лошата состојба во НОФ и побара од страна на КПГ да му се обрне поголемо внимание на НОФ.

Ставрос Кочопулос во своето излагање го бранеше Митровски, напаѓајки го Гоце, истакнувајки дека моментално не е најважно прашањето околу издигнувањето на македонските кадри, бидејќи тие нормално се издигнуваат.

Присутните на Пленумот според својата дискусија се поделија во три групи. Едната група и најмногубројната која ја сочинуваа 18 делегати го подржаа Керамитчиев, а останалите две, едната го подржа Паскал, а другата завзеде неутрален став.

Земајќи збор членот на ЦК на КПГ Милтијадис Порфирогенис остро ги нападна старите раководители на НОФ, окарактеризирајќи ги дури и како предавници на движењето.

По него зборуваше членот на ПБ на ЦК на КПГ Иоанидис. Тој остро ги нападна старите раководители на НОФ, особено Гоце, оквалификувајќи го како антипартиски елемент. Иоанидис јаизопачи изјавата на Гоце во врска со свртувањето на Македонците кон Скопје оквалификувајќи ги таквите како предавници, а тие кои се свртуваат кон Атина оквалификувајќи ги како прави борци. Гоце му упадна во дискусијата велејќи дека не дозволува да се зборуваат невистини. Иоанидис напаѓајќи го Керамитчиев, апелираше кај присутните да не паѓаат под негово влијание и секогаш да ги извршуваат задачите на партијата. На крајот Иоанидис како заклучок на дискусијата ја прочита одлуката на ПБ на ЦК на КПГ од 10 јули 1948 година со која Керамитчиев и Митровски обвинети за фракционашкаборба без принципи се отстрануваат од раководството на НОФ и се стават на располагање на Главниот штаб на ДАГ. И покрај тоа што заодлуката се изјаснија само четворица: Вангел Којчев, Ташос Гушопулос -Макис , Андон Сикавица и Ставрос Кочопулос претставникот на КПГ Иоанидис прогласи дека одлуката е прифатена од Пленумот. Иоанидис кој зборуваше повеќе од еден час остро ги нападна раководителите на НОФ прогласувајќи ги како националисти, шовинисти, фракционаши и друго.

На крајот Иоанидис им даде збор на Митровски и Керамитчиев. Митровски откако изврши самокритика и во целост ја прифати одлуката на ПБ на ЦК на КПГ, со цел да го дискредитира Керамитчиев покажа лажна изјава од активиската на АФЖ Ленче Цветковска во која

го клеветеше Керамитчиев дека имал намера да го убие Митровски како предавник на македонскиот народ.

Михаило Керамитчиев не се согласи со одлуката на ПБ на КПГ истакнувајќи дека неговиот судир со Митровски не е од лична природа, дека не само што не го смета за грешка изнесувањето на желбите на народот, туку за своја должност како комунист и раководител на македонскиот народ, дека изјавата на Ленче Цветковска е провокација итн.

На крајот во присуство и предлог на раководителите на КПГ Иоанидис и Порфирогенис, извршниот одбор на ЦС на НОФ избра нови раководители на НОФ. За претседател беше избран Ставрос Кочопулос, а за секретар Вангел Којчев.

Со овој потег раководството на НОФ дефинитивно беше потчинето од КПГ, бидејќи ново-избраните раководители Кочопулос и Којчев беа познати и докажани антинофити. На тој начин КПГ преку овие и други лица можеше да комбинира различни игри и махинации и да превзема разни акции насочени против влијанието на Југославија врз Македонците и да го вклучи македонското прашање како составен дел во антијугословенската информбировска кампања.

Резолуцијата предложена од ПБ на ЦК на КПГ и усвоена од Пленумот на НОФ, на начин како што наведовме погоре, ги содржи скоро истите обвинувања против раководителите на НОФ и констатациите за положбата на НОФ во наведената резолуција на ПБ на ЦК на КПГ од 10 јули 1948 година.[174)]

Држењето и настапот на раководителите на КПГ и усвоениот документ од Пленумот предизвика разочарување и револт кај македонските борци и маси. Никој од Македонците не очекуваше таков непријателски став и однос против организацијата НОФ и нејзините раководители чии придонес и жртви за зајакнување и развој на ослободителното движење на Грција беа огромни.

Раководителите на НОФ ги сметаа за сериозни и многу штетни за борбата проблемите како што беа неравноправниот третман на Македонците, нездравите односи меѓу раководителите на НОФ и меѓу НОФ и КПГ и се залагаа за надминување на таквата состојба. Раководејќи се од такви побуди неколку раководители на НОФ на 27 април 1948 година писмено побараа од Извршниот одбор на НОФ да свика пленум на ЦС на НОФ. Овој предлог не беше прифатен од раководството на

КПГ и од секретарот на НОФ. Поради тоа, со право раководителите на НОФ дојдоа до заклучок дека свикувањето на Пленумот на 8 август беше политичка провокација од страна на КПГ, со што целеше, како што веќе наведовме, организацијата НОФ ја стави под своја целосна контрола.

И покрај тоа што благодарение на НОФ 90% од Македонците беа вклучени во борбата, во пленумската резолуција се вели дека фракционашката борба на Питровски и Керамитчиев го попречи масовното стапување на Македонците во ДАГ. Во тоа време во редовите на ДАГ како активни борци служеа околу 13.000 Македонци и Македонки што значи повеќе од една третина од снагите на ДАГ беа составени од Македонци, а единиците на ДАГ кои ја создадоа епопеата на Грамос беа составени повеќе од Македонци што се потврдува од фактот дека 80% од ранетите во Грамос беа Македонци. Исто така во пренос на зоен и друг материјал и во градење на утврдувања во Грамос, денокоќе работеа Македонци и Македонки од 14 до 70 годишна возраст.

Историската одговорност на некои раководители на НОФ се состои во тоа што тие не само што не му се спротивставија на настојувањата на Захар ијадис да го потчини и на крајот го ликвидира НОФ и да го вклучи македонското движење во антијугословенската инфорбировска кампања, туку активно се вклучија во нив. Покрај бројните документи што ги поместивме и ке ги поместиме, за потврдување на горната констатација ќе се послужиме и со извештајот на споменатиот Милтијадис Порфирогенис, член на ЦК на КПГ човекот преку кој Захаријадис ја спроведуваше својата линија во НОФ. Еве што меѓу другото пишува тој: "... Во август 1948 година во Вичо се одржа пленум на ЦС на НОФ. Отидовме заедно со Ионанидис за да ја удриме разбивачката дејност што се вршеше во НОФ, особено од Керамитчиев и Паскал, Имавме одлучено од Секретаријатот на НОФ да го суспендираме само едниот-Керамитчиев. Но во дискусијата се покажа дека требаше двајцата да отпаднат. На страната на Керамитчиев беше мнозинството на раководителите на НОФ кои се залагаа да го задржат на чело на организацијата. Но кога го видоа нашиот цврст став, гласаа за отстранувањето на двајцата..." 175)

Од цитираното писмо јасно се гледа какви беа намерите на КПГ и односот на силите во раководството на НОФ.

На 18 август 1948 година новото раководство на НОФ ис-

прати цирколарно писмо со кое ги задолжуваше своите организации да ги анализираат одлуките на Првиот пленум на НОФ и да се заложат за разобличување како штетни за организацијата и за македонското движење суспендираните раководители на НОФ. Меѓутоа, и покрај засилената кампања и агитација од страна на КПГ и од новото раководство на НОФ најновата акција на КПГ предизвика нов револт и уште посилна недоверба спрема неа која се манифестираше преку напуштање на редовите на НОФ и ДАГ од страна на Македонците.

На 25 септември и 3 октомври 1948 година Секретаријатот на Извршниот одбор на НОФ одржа седница во која расправаше за распоредување на работа на суспендираните раководители на НОФ: Паскал Митровски, Михајло Керамитчиев, Илија Димовски -Гоце и Вангел Ајановски-Оче. Се одлучи Керамитчиев, Гоце и Оче заминат во Југославија со задача да регрутираат од редовите на македонската емиграција во Југославија борци за ДАГ. Оваа одлука донесена од Секретаријатот на НОФ, која во сушност беше диктирана од самиот Захаријадис, беше спроведена.[176)]

Ја наведовме оваа одлука, бидејќи Захаријадис во рамките на својата кампања против НОФ и Југославија ја откажа и одењето и престојот на наведените раководители во Југославија го оквалификуваа како дизертерство.

Г Л А В А XIV

Одразот и последиците на резолуцијата на Информбирото врз ослободителното движење во Егејска Македонија

1. Односите меѓу КПГ - КПЈ до резолуцијата на ИБ

На 22 јуни 1948 година објавена е резолуција на Информбирото против Комунистичката партија на Југославија. Ова резолуција претставуваше отворен атак на Сталинизмот против придобивките на југословенските народи во народната револуција. Победата на овој поход ќе имаше крајно негативни несогледиви последици не само за југословенската револуција, туку и за меѓународното работничко и комунистичко движење. Оттука и историската заслуга на КПЈ на чело со др. Тито да му се спротивстави на Сталинизмот и во таа невероватно тешка борба да излези поведник. Значењето на таа победа не е само што се сочинувани придобивките на југословенската резолуција, туку и во тоа што е разоткриена суштината на Сталинизмот како негација на марксизмот-ленинизмот и створи перспектива за развојот на работничкото и комунистичкото и воопшто на движење и прогрес.

Меѓу револуционерните движења врз кои крајно негативно се одрази Информбирото и споменатата резолуција против КПЈ, беше грчкото и македонското предводено од Комунистичката партија на Грција.

Комунистичката партија на Грција беше меѓу првите што ја прифати и ја примени во пракса резолуцијата на Информбирото.

Ако се има предвид состојбата на вооружеата борба на грчкиот и македонскиот народ во тоа време и значењето што ги имаше Југославија во таа борба, тоа што се очекуваше од КПГ беше да остани надвор од тој сукоб. Меѓутоа, КПГ го стори обратното. Жртвувајќи ги интересите на револуцијата на сопствениот народ, се солидаризира со ИБ во антијугословенската кампања . Зошто КПГ постапи така? Одговорот на тоа прашање ќе го добиеме во состојбата на самата КПГ, во нејзиното раководство, во преовладувањето на сталинизмот во нејзините редови.

Никос Захарјадис кој дојде на чело на КПГ во 1931 година, доследен учесник на Сталин во методите на раководството со Парти-

јата , користејќи го култот што беше создаден околу него, се претвори во апсолутен господар игнорирајќи ја улогата и функцијата на другите органи и институции на Партијата. Сите одлуки од името на ЦК ги донесуваше самиот со подршка на една мала група од 3-4 негови тесни соработници и едномисленици. На тој начин во КПГ беше создаден еден ненормален внатрешно-политички режим. Во партијата не постоеше внатрешно-партиска демократија. Раководството никогаш не направи објективна самокритика за своите грешки. Секој спротивен обид (за критика на грешките на раководството) се загушуваше на антипартиски начин. Раководството на КПГ на чело со Захарјадис наместо да ја поттикнува смелата мисла на комунистите, ја задушуваше. Така кадрите на КПГ немаа смелост да го изнесат отворено своето мислење за партиските проблеми. Не се осмелуваа да се произнесат за основните прашања поинаку од како ги поставуваше Захаријадис и групата околу него. Таквиот режим имаше создадено еден вид дегенерација на партиските кадри и на партискиот менталитет. Партиските кадри можеа да се развиваат и унапредуваат само со молчење и толеранцијата. Беше создаден режимот на додворувањето, кој повеќе ќе угоди на тоа што ќе го каже раководството и на тој начин Партијата паѓаше во ред сериозни и решавачки грешки, фатални за судбината на движењето. При пресметката со оние што имаа поинакво мислење или се осмелуваа да го критикуваат раководството, Захарјадис ги применуваше методите на дискредитирање, прогласување предавник, дури и физичко уништување. Деградирањето и изродувањето на комунистичката етика беше паднат до тој степеништо комунисти и партиски раководители со 20-30 и повеќе години партиски стаж, 10 и повеќе години предводени по затворите и логорите на Метаксас и Гестапо за да му угодат на Захарјадис и да си обезбедат опстанок и положај, за свои другари денес да зборуваат во суперлатив, и спротивно, негативно да зборуваат утре. Така на пример кога Захарјадис се пресметуваше со генерал Маркос Вафијадис (1948) и со Парцалидис (1950) целиот ЦК како симфониски оркестар се нафрли против нив, обвинувајќи ги за троцкисти, опортунисти, дури и за предавници. Кога на VI (1956) и VII-от пленум (1957) беше суспендиран Захарјадис, истите луѓе од ЦК пееа славопојки за Маркос и Парцалидис, дури ги избраа во потесното раководство на Партијата. Навистина жалосна и трагична ситуација за една комунистичка партија.

Се задржав во почетокот малку повеќе на состојбата на КПГ со цел полесно се свати политичката, тактиката и акциите на КПГ за време на антијугословенската информбировска хајка и да се свати и согледа негативниот одраз што го имаше резолуцијата на ИБ за исходот на вооружената борба на грчкиот и македонскиот народ.

Пред да преминеме на резолуцијата на ИБ и нејзиното прифаќање од страна на КПГ, сметаме за нужно и накратко се задржиме на дотогашните односи меѓу КПГ и КПЈ.

Контакти и соработка меѓу КПГ и КПЈ беа воспоставени уште во времето на НОВ. Дури беше постигната согласност во 1943 година за формирање заеднички штаб на народно-ослободителните војски на Балканот што го откажа раководството на КПГ. Партизански одреди и единици од Вардарска Македонија преминувајќи во територијата на Егејска Македонија каде наоѓаа братско и борбено гостопримство, како што се имаат произнесено самите грчки раководители, со својата дејност и агитација го подигнаа борбениот морал на македонското и грчкото население и многу придонесоа за правилната ориентација и определување на Македонците за НОВ.

Извесно заладување на однисите меѓу КПЈ и КПГ за време на НОВ дошло поради спротивниот став на двете партии во решавањето на македонското прашање во текот на НОВ. Додека КПЈ на Македонците од Вардарска Македонија им го призна и гарантира правото да се борат за осамосталување и самоопределување и национално обединување, КПГ спротивно на тоа на Македонците од Егејска Македонија само им ветуваше малцински права по победата на народната револуција во Грција без да им ги призна и даде тие права во текот на НОВ. Резултат на таквата политика на КПГ беше отцепувањето на македонски батаљони од составот на ЕЛАС и нивното преминување во Вардарска Македонија во октомври 1944 година.

И покрај тоа, КПЈ раководејќи се од своите интернационални принципи, прва му пријде во пресрет на грчкиот народ да му помогне во многу тешката положба во која се најде после договорот на Варкиза (12.II.1945) односно после капитулацијата на ЕЛАС и реставрацијата на монархофашистичкиот режим во Грција. Не само што сестрано се ангажира на внатрешен и меѓународен план во борбата против крвавиот терор на Грците монархофашисти врз припадниците на отпорот и демократските сили, туку таа како резултат на ужасите

на едностраната граѓанска војна во 1945-1946 година прифати околу 30.000 бегалци Македонци и Грци. Во с.Булкес - Војводина беше формирана грчка општина во која живееле над 6000 Грци бегалци претежно кадри и првоборци на КПГ на кои Југославија им имаше обезбедено најидеални услови за живот и работа.

Во интерес на борбата што ја поведе КПГ во 1946 година, раководството на КПЈ, и покрај лошото искуство од минатото, му сугерираше на раководството на НОФ на Македонците од Егејска Македонија да склучи со КПГ спогодба за обединување односно да се стави под нејзино раководство што е сторено во ноември 1946 година.

Од септември 1946 година во Белград претстојуваше еден дел од Политбирото на ЦК на КПГ (Ѓанис Иоанидис, Петрос Русос и др.) а од април 1947 година и генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис. Покрај тоа, во Белград,Скопје и други југословенски градови функционираа претставништва на КПГ за решавање на разни проблеми (транспорт на материјали, прифаќање на ранети и сл.) Во територијата на Југославија беше сместена радиостаницата "Слободна Грција", неколку болници за лекување на ранети и болни борци на ДАГ. Во 1946-1947 година ДАГ исклучиво од Југославија добиваше помош во оружје, храна, облека и друго. Еве што во врска со тоа рече генералниот секретар на КПГ Н. Захарјадис на VII-от пленум на ЦК на КПГ одржан во мај 1950 година: "... Се ослонивме на Север главно на Југославија, Тоа тогаш го наложуваа многу причини:

Прво - Географската положба на Југославија беше најповолна за нас. Југославија тогаш покажуваше најголема стабилност. Албанија по грчкото прашање ја следеше целосно Југославија. Бугарија уште немаше потпишано мировен договор. Во Југославија исто така немавме резерви - во Булкес и кај Славомакедонците. Во 1946-1947 година не можевме да ја примиме од другите народни републики помошта што ја примавме после и од внатрешни причини на тие земји. Од сите тие причини не можевме, а да не се ослониме на Југославија. Од нивна страна тие се сложија со нашата линија и ни ветија целосна помош.[177]

Како што се гледа од самото излагање на Захаријадис целиот товар на снабдувањето на ДАГ со воен и друг материјал до 1948 година и како реализација на помошта што потоа ја даваа другите земји падна врз Југославија.

Во 1948 година, како што наведовме Југославија не само што го презеде прифаќањето и префрлувањето на Грција во источноевропските земји на околу 13.000деца, туку прифати и збрини околу 11.000 деца (Грчиња и Македончиња).

Југославија борбата на грчкиот и македонскиот народ не ја помагаше само со оружје и материјал, туку и финансиски. Така на пример на молбеното барање на ЦК на КПГ од 11 јануари 1947 година за доделување на финансиска помош ЦК на КПЈ позитивно одговори што се гледа од следната телеграма:

"Маршал Тито - ЦК на КПЈ

Другар Тито, ја сметаме за наложителна задача да Ви благодариме Вас и на ЦК на КПЈ за големата помош што ни ја пруживте како одговор на последниот апел на нашиот ЦК, како и за сестраната помош што ни ја дава братската југословенска партија. Таа помош доаѓа во моментот на нова интензивна борба на грчкиот народ за независност и демократија и уште повеќе ги зацврстува врските меѓу народите на Југославија и Грција".

10.II.1947 од името на ЦК на КПГ, Ѓ. Иоанидис.[178)]

Како што наведовме генералниот секретар на КПГ Н. Захарјадис во април 1947 година илегално ја напушти Грција и допатува во Белград. На 21 април истата година се сретнал со Тито со кого разговарал за ситуацијата во Грција, за состојбата, перспективите, задачите на ДАГ итн.

Во духот на тие оценки на Захарјадис во мај 1947 година е изработен план за ослободување на Егејска Македонија до пролетта 1948 година како претходна етапа за целосно свргнување на монархофашизмот. И покрај тоа што КПЈ се согласи да и ја додели на ДАГ бараната помош за реализација на планот, нејзини комплетни стручњаци им обрнаа внимание на грчките раководители дека со силите што располагаат (тогаш ДАГ броеше околу 23.000 борци) не ќе можат да завземат и уште повеќе да задржат големи или мали граѓански центри со големо или мало стратегиско значење.

Овие предупредувања и укажувања на југословенските фактори беа обистинети, бидејќи ниту споменатиот оперативен план за ослободување на Егејска Македонија, ниту одлуките на III-от пленум за зголемување бројот на ДАГ на 65.000 борци и други не беа реализирани.

За реализација на задачите што ги постави III-от пленум на КПГ, беше нужно покрај бројното зголемување на снагите на ДАГ од 23.000 на 65.000 борци, и нејзино снабдување со воен и друг материјал,Решавањето на тоа прашање раководството на КПГ воглавно го следеше преку надворешна помош. До тогаш и до крајот на 1947 година, како што ќе се види и од документот на кој ќе се задржиме подолу, единствено Југославија јапомагаше ДАГ.

ЦК на КПГ повеќе пати се обидуваше да издејствува помош и од другите земји со народна демократија и Советскиот Сојуз. Меѓутоа, настојувањата останаа без резултат. Раководствата на тие земји во своите одговори изразуваа разбирање за потребата од помош на грчкиот народ но, наводно поради внатрешни и надворешни причини не беа во можност да му излезат во пресрет.

Во врска со тоа ЦК на КПГ преку ЦК на КПЈ уште еднаш се обиде да издејствува воена и материјална помош од источно-европските земји за ДАГ. За таа цел на ЦК на КПЈ му го испрати следното писмо во кое меѓу другото, се вели:

"До ЦК на КПЈ

Пред неколку дена се свика III-от пленум на ЦК на КПГ. Пленумот одлучи да се обрати до Вас со молба и покрај оргомната помош што ни ја давате, да посредувате уште и кај сите други партии и пред се на Европа да пружат и тие морална и материјална помош во борбата што ја води грчкиот народ за својата национална независност против американската и англиската интервенција во нашата земја како и против монархофашизмот.

Овде треба да кажеме дека, покрај своето залагање, нашиот народ и КПГ има потреба од непосредна морална, политичка и материјална помош од сите демократски земји".

Во продолжение на писмото ЦК на КПГ бара солидарност во борбата против монархофашистичкиот терор, помош во областа на надворешната политика, во борбата за независност на Грција, официјално признавање од демократска Европа само на демократска Грција, односно на Привремената демократска влада што требаше наскоро да се формира и сл.

Во врска со потребната материјална помош на ДАГ, во писмото се вели:

3. Грчкиот народ и пред се ДАГ имаат потреба од непосредна систематска материјална помо:

а) од секаков вид оружје
б) резервни делови и материјал за одржување
в) средства за врски
г) транспортски средства (камиони, товарен добиток)
з) облека, лекови и друго.

Ја истакнуваме овде благодарноста за извонредната помош што ни ја пруживе Вие, разбирањето што го покажаа албанските другари и готовноста на Бугарите. Но, нужна ни е помошта од сите наши пријатели и сме уверени дека ќе посредувате за да ја имаме".

20.IX.47 ЦК на КПГ.[179)]

Од писмото што му го испрати на др. Тито членот на ПБ на ЦК на КПГ Г. Иоанидис на 11 ноември 1947 година се гледа дека Југославија позитивно одговори на молбеното барање на грчкото раководство, односно му ја додели бараната помош.[180)]

Од поместените документи многу јасно се гледа односот на Југославија и на другите земји на народната демократија спрема грчкото ослободително движење.

За целосна подржка и сестрана помош што му ја прижи Југославија не еднаш како што се гледа од поместените и други документи, грчкото партиско раководство писмено и усно и изрази признание и благодарност. Грчкото партиско раководство, повеќе од секое друго, имаше можност да ја запознае стварноста на Југославија и да се увери за невистинитоста на обвинувањата на советското раководство. Колку неспособно да беше тоа раководство, неможело а да не му биде јасно што значеше за НОД на Грција прекинувањето на односите со Југославија. Имајќи го предвид горното се наметнува прашањето: зошто грчкото партиско раководство ги жртвува интересите на НОД на Грција, се солидаризира со Информбирото и зеде мошне активно место во антијугословенската клеветичка кампања. Одговорот на прашањето треба да го бараме на ненормалната состојба на самата КПГ и на вооруженото движење односно на ДАГ во тоа време. Имено, поради грешките на раководството на КПГ, како и заради посебните сметки на советското раководство, поразот на ДАГ беше повеќе од сигурен. Требаше да се исконтруктира виновникот за поразот. На

Захарјадис добро му дошло резолуцијата на Информбирото да ја искористи за да ја симне од себе одговорноста за поразот и да ја префрли на друг односно врз Југославија и на македонското движење предводено од НОФ. Меѓутоа, некои од раководителите на КПГ притиснати од самите настани, како срамежливо и нецелосно, се принудени да ја кажат вистината. Еве на пример што, меѓу другото, рече членот на ПБ на ЦК на КПГ Л. Стрингос на VII-от пленум одржан во мај 1950 година: "... Кои се причините за нашиот неуспех? И покрај тоа што нашата ориентација, главно од II-от пленум (12.II.46) беше правилна кога стана јасно дека вооружената пресметка стана неминовна, не дејствувавме со нужната решителност и брзина во преносот на центарот на нашата дејност во вооружената борба. Ние уште многу настојувавме во легалните форми иако се создаваа поволни услови за пренесување на центарот на тежината во вооружената борба. Одлуката за пренос на центарот на тежината во вооружената борба е донесена дури во октомври 1947 година. Тоа му даде повеќе иницијатива на непријателот и му овозможи да добие во време да создаде армија и да преземе мерки со кои им создаде тешкотии во мобилизацијата. Таа беше според моето мислење една од основните причини поради што вооружената борба не успеа..."[181] Стрингос кажа само еден дел од вистината можеби не ја знаел или немал смелост да ја каже целата вистина. Стрингос целата вина за таквата тактика му ја препиша на грчкото раководство што без сомнение е точно, бидејќи тоа беше одговорно пред својот народ и револуцијата. Но, меѓутоа, на жалост не беше целосно така. Грчкото партиско раководство му беше потчинето на советското раководство и слепо ја спроведуваше неговата политика и ги извршуваше неговите наредби. Таков беше случајот и со тактиката што ја применуваше ДАГ зимата 1946-1947 година која, како што наведуваме погоре, ја критикуваше Л. Стрингос и беше фатална за негативниот исход на вооружената борба. Имено, во ноември 1946 година членот на ПБ на ЦК на КПГ Ѓанис Иоанидис ја посети Софија и разговараше со Ѓорѓи Димитров. Тој на Иоанидис му го пренесе мислењето на советското раководство за тактиката што требаше да ја применува ДАГ, која во главно се сведуваше во следното: Прво. Зимскиот период и меѓународната ситуација налагаат вооруженото движење да не зема големи размери. Второ. Централната тежина да биде фрлена на масовната политичка борба и да се користат и најминималните легални можности, така што да се одржи врската на Партијата со масите. Трето. Да се сочуваат партиските кадри и

да не се изложуваат во опасности за нивно уништување. На овие укажања на Ѓ.Димитров, Иоанидис одговори дека линијата на КПГ се совпаѓа со истите..."[182)]

Ова писмо и други, иако кратко,многу зборува. Дословното применување на укажаната тактика од страна на грчкото партиско раководство фатално се одрази во исходот на вооружената борба на гечкиот и македонскиот народ.

Еве накратко такви беа односите меѓу КПГ и КПЈ и таква беше улогата и односот на Југославија спрема вооружената борба на грчкиот и македонскиот народ против монархофашизмот и англо-американскиот империјализам.

И покрај тоа раководството на КПГ не само што не се огради и дистанцира од нападите и клеветите на раководството на КПСС против КПЈ, туку се солидаризира со него и им излезе во пресрет на составувачите на резолуцијата на Информбирото давајки им клеветнички материјал против КПЈ. Имено, раководството на КПССС го запозна раководството на КПГ со настанатиот конфликт и размената на писмата со КПЈ пред донесувањето на резолуцијата. Политбирото на ЦК на КПГ на своја седница ја анализира настанатата ситуација поради конфликтот меѓу КПССС и КПЈ и реперкусиите на истата врз вооруженото движење. Политбирото на КПГ се солидаризира со КПСС, но поради улогата и значењето што го имаше Југославија со вооружената борба на ДАГ, одлучи отворено да не се произнесе за конфликтот. Со цел да ги запознае со овој став раководствата на КПЈ и КПСС генералниот секретар Н. Захаријадис од 10.- 12 јуни 1948 година престојуваше во Белград, а од 13-15 во Москва. Раководството на КПЈ покажа целосно разбирање за таквиот став на грчкото партиско раководство и изрази готовност да продолжи да ја помага ДАГ.

Нокос Захарјадис во Москва, покрај усните разговори, на 15 јуни 1948 година на ЦК на КПСС му достави крајно доверлив документ во кој го клевети раководството на КПЈ за неправилен однос спрема КПГ и грчкото ослободително движење. Во документот, покрај другото, се наведува дека КПЈ наводно ја напаѓала КПГ дека за време на германската окупација водела погрешна дури и предавничка политика, дека КПЈ ја помагаше и ја помага материјално ДАГ, но при транспортирањето и дотурот на материјалот што го дава она и другите народни републики прави разни пречки поради што честопати него-

вото пристигнување да доцни и некои да е неупотреблив; дека југословените ги напаѓаат другите комунистички партии, особено КП на Чехословачка и Бугарија затоа што тие сосема не ја помагаа или многу малку ја помагаа ДАГ; дека КПЈ во редовите на НОФ на Македонците од Егејска Македонија и кај Македонците кои поминаа од Егејска Македонија во Југославија култивирала дух на недоверба спрема КПГ. Во врска со разговорите што ги водеше во Белград за грчкото прашање, Захарјадис во документот наведува: " Во почетокот на март 1948 година јас и другарот Иоанидис пристигнавме во Белград каде се сретнавме со другарите Тито, Кардељ, Ранковиќ и Гилас. Во овој разговор Кардељ и Гилас изнесоа дека другарот Сталин изразил сомневање за победата на грчките комунисти. Кардељ рече уште дека др. Сталин ги предупредил југословените дека ако помагајќи ја демократска Грција влезат во војна со Англоамериканците, Советскиот Сојуз нема да и даде на Југославија никаква помош. На овој разговор југословените многу не критикуваа за нашата работа. Др. Тито истакна дека тие веруваат во победата на демократска Грција и дека без оглед на погоре покажаната позиција, тие ќе продолжат да ни даваат помош. Тој ми предложи да појдам во Москва за разјаснување на ова прашање. Јас не се согласив и му изјавив дека со нашата борба ќе се погрижиме да докажиме дека ние можеме да победиме."

Завршувајќи го писмото, Захарјадис нагласува: "... Така стојат нашите односи со КПЈ.

Зафатени со борбата и некако изолирани од животот на Информбирото, а исто така имајќи предвид дека ние во нашата борба главно се потпираме на Југославија, со сите сили настојаваме да избегниме заострувања на нашите односи и другарски да ги ублажуваме и надминуваме сите настанати разногласија. Јас лично можам да признам дека допуштив сериозна политичка грешка што не ве известив за сето ова. Јас сметам за сосема правилна критиката на ЦК на КПСС спрема КПЈ и нејзините лидери". На крајот Захарјадис наговестува дека со содржината на ово писмо ќе го запознае раководството на КПГ и ќе издаде соответно соопштение за состојбата во КПЈ.[183]

Некои членови од потесното раководство на КПГ во своите мемоари тврдат дека Сталин не се согласил со одлуката на ПБ на КПГ да не се произнесува отворено против КПЈ и дека побара од Захарјадис КПГ активно да се вклучи во информбировската хајка против Ју-

гославија . Други пак, исто така членови на потесното раководство на КПГ, тврдат дека Захаријадис не му ја изнесол на советското раководство наведената одлука на ПБ на ЦК на КПГ.

Склони сме да веруваме дека Сталин извршил притисок врз Захарјадис да ја вклучи КПГ во хајката против КПЈ. Меѓутоа, и да е така, ништо не го оправдува, бидејќи тој беше одговорен пред својот народ и револуцијата и бидејќи во антијугословенската хајка се вклучи со измислици, клевети и слично.

Захарјадис во горе цитираното писмо е недоследен и не принципиелен. Неговите "аргументи" за наводно непријателски став и однос на КПЈ спрема КПГ се крајно неосновани. Наведува дека неосновано раководителите на КПЈ му се пожалија против раководствата на КП на Бугарија и Чехословачка затоа што не ја помагаа или многу малку ја помагаа демократска Грција. За да се увериме дали ова тврдење на југословените е точно покрај искажувањата на самиот Захарјадис во цитираните веќе писма до ЦК на КПЈ, ќе поместиме само некои одмногубројните документи од тоа време: претставникот на КПГ во Бугарија Лефтерис Мацукас во својот извештај од 16 ноември 1946 година доставен до раководството на КПГ, меѓу другото пишува: "... 100 км. према градот Русе, во Главаница е организиран логор на бегалците од Грција. Тамо порано се чуваа Бугари злосторници, црноберзијанци итн." Во продолжение Мацукас изнесува дека при неговата посета ги нашол грчките борци целосно разочарени, напуштени, истоштени , омаловажени, дикредитирани, дека не ги посетил никој, дека заедно со Грците имало и Бугари осуденици итн.[184] Во еден друг извештај од 5 јули 1948 година за положбата на 1.700 политички бегалци во логорот во градот Берковица, Бугарија се вели дека нивната положба е повеќе од мизерна. Бегалците се голи и боси, завиткани во ќебиња и вреќи како логораши, лекарска нега на ранетите никаква итн.[185]

Во врска со помошта на Бугарите за ДАГ во извештаите на претставниот на КПГ во Софија Костас Шаперас до ПБ на ЦК на КПГ од 6 октомври и 10 декември 1947 година се вели: " Воопшто Бугарите ни создаваат многу тешкотии. Настојаваат да ги изолират сите наши од апаратот за снабдување и ја презедоа целата работа во свои раце. Тоа не го прават поради конспирација, туку затоа што регрутираме Македонци за ДАГ кои ги сметаа за свои граѓани.[186] Во продолжение

Шаперас пишува дека е одржан состанок на претставници на КПГ и БКП. Тоа што констатирав, вели Шаперас е дека Бугарите се заинтересирани за нашата дејност во Драма и тоа за нивни цели. Ни побараа список за нашите потреби. Но на крајот ништо не стана. Нашите единици и понатаму остануваат гладни, голи, боси и без најнужното оружје, а нашите другари и пријатели Бугари никако да бидат трогнати од тоа. На нашите борци тешко им паѓа што бугарските пријатели се подигруваат со нив. Може би е во право еден наш соборец од единиците на ДАГ што ги спореди и ги изедначи Бугарите со англиските офицери од времето на ЕЛАС (тие само и обеќаваа на ЕЛАС помош)[187]

Документи со слична содржина има повеќе од кое може да се извлече заклучокот колку и како Бугарите ја помагаа борбата на грчкиот народ односно се потврдува тврдењето на ЦК на КПЈ за негативниот однос на бугарското раководство спрема борбата на грчкиот народ.

2. Прифаќање на резолуцијата на Информбирото од страна на КПГ

На 30 јуни 1948 година ПБ на ЦК на КПГ одржа седница на тема: Резолуцијата на Информбирото. Политбирото на ЦК на КПГ на предлогот од Никос Захарјадис целосно ја прифати резолуцијата на Информбирото и одлучи за тоа свое решение да го запознае своето членство и борците на ДАГ и својот дел кој илегално претстојуваше во Атина и раководеше со партиските организации во подрачјата под владина контрола.

Откако во цирколарното писмо до политичките комесари на ДАГ и радио-телеграмата до делот на ПБ се зборува за разногласјата меѓу КПЈ и КПСС и исклучувањето на КПЈ од Информбирото, се вели: " Монархофашистите и империјалистите ликуваат околу тие несогласици и предвидуваат дека ќе имаат негативен одраз врз борбата на ДАГ. Но, ќе се случи точно супротното . Резолуцијата на Информбирото и ставот што го завземаат осумте партии на чело со КП на Бо-ќевичката партија ќе придонесе за натамошно зацврстување на народната демократија. Силата на светското антифашистичко движење е огромна и под раководство на големиот Сталин ќе и помогне на КПЈ да ја надмине својата криза. Тоа е поволен одраз врз борбата на ДАГ што победоносно и се спротивставува на офанзивата на монархофашистичката армија во Грамос..."[188]

Во радиограмата до делот на ПБ во Атина на крајот се вели: " Треба да ги запознаете кадрите и членовите на партијата за суштината на разногласијата. Резолуцијата на Инфорбирото треба да се анализира во партиските организации и да се искористи за воспитувањето на членовите на Партијата..."[189)]

Во времето кога се донесе резолуцијата на Инфорбирото со која се солидаризира КПГ, се водеше најсудбоносната битка во Грамос меѓу монархофашистичката и Демократската армија. Во моментите кога дефинитивно се решаваше судбината на револуцијата во Грција, КПГ се произнесуваше точно против најверниот пријател и помагач - КПЈ. Точно во тие тешки и судбоносни денови кога Албанците(10.VII.48) ги затвори своите граници и ја прекинаа помошта на ДАГ, Југославија и покрај солидаризирањето на КПГ со резолуцијата на Инфорбирото, сестрано ја помагаше ДАГ со оружје, храна и друго. Еве што, меѓу другото, во врска со тоа рече на VII-от пленум на КПГ (1957) Илијас Рунис, командант на бригада на ДАГ во Грамос: "...Овде е речено и можеби да остави таков впечаток, тоа некако го рече Захарјадис, дека после обвинувањата против Тито во летото 1948 година Југословените не ни помагаа. Тоа нешто да го знаеме дека не е точно, бидејќи на тој сектор во кој бев јас тогаш во Алевица, кога се водеа операциите од 10 јули кога беа затворени албанските граници, муниција непрекидно добивавме од Преспа каде доаѓаа југословенски камиони и ги растовараа. И не само муниција, туку секаков вид куршуми за пушки, тешки и лесни митралези, гранати за артилерија, минофрлачи итн. тука и лесни и тешки митралези ни доаѓаа... секоја ноќ проаѓаа по 400-500 глави добиток товарен со материјал.[190)]

Ете и покрај таквиот позитивен однос на КПЈ во најтешките и судбоносни моменти за вооруженото ослободително движење на Грција, раководството на КПГ продолжи со контрареволуционерни антијугословенски акции. На својот IV-от пленум одржан на 28-29 јули 1948 година, покрај другите документи, донесе посебен документ - резолуција - со кој во целост ја прифати резолуцијата на Инфорбирото против КПЈ и усвои мерки за нејзино спроведување во пракса.

3. Примена во пракса на резолуцијата на Инфорбиро-то од страна на КПГ

Како што наведовме IV-от пленум на ЦК на КПГ во целост ја прифати резолуцијата на Инфорбирото. Одлуката на пленумот да не биде објавена моментално резолуцијата како и дадената изјава на Никос Захарјадис од 1 јули 1948 година дека КПГ поради специфичните услови во кои се наоѓа со Граганската војна, настојава да остане вон од овој конфликт меѓу КПЈ и КПСС, предизвика остро реагирање нај членовите на Инфорбирото. Во почетокот на август 1948 година од страна на ПБ на БКП беше повикан претставникот на КПГ во Софија Костас Шаперас и на еден арогантен и оштар тон му е речено дека раководствата на КПСС и на БКП не ја одобруваат политиката која ја води КПГ спрема КПЈ, дека нема да дозволат да се појави втор Тито во Балканот и слично. Бугарското и советското раководство бараа од КПГ по-активно да се вклучи во антијугословенската кампања. Факт е дека раководството на КПГ прифаќајки ја резолуцијата на Инфорбирото во времето кога ДАГ помогната од Југославија ја водеше најголемата битка во Грамос од чии исход зависеше судбината на вооружената борба, самото се доведе во една многу не-пријатна и компликована ситуација. Само широкогрудноста, принципиелноста и интернационализмот на КПЈ ја спаси ДАГ од целосниот пораз уште во летото 1948 година. Раководството на КПЈ преминувајки преку ставовите на КПГ, несебично продолжи да ја помага ДАГ со оружје,храна и друг материјал.

Раководствата на КПСС и БКП не биле во право кога реагирале за неактивно ангажирање на КПГ против КПЈ, бидејки одлуката на IV-от пленум и изјавата на Захарјадис за привремено необјавување на резолуцијата имаа за цел да го намали негативниот одраз што го имаше резолуцијата на Инфорбирото врз борците на ДАГ и народот и особено врз Македонците. Меѓутоа КПГ во пракса, не водејки сметка за значењето што ја имаше подршката и помошта на Југославија во револуционерното движење на својот народ, пред дури донесувањето на резолуцијата на ИБ се ангажира во антијугословенската кампања.

Веднаш по донесувањето на резолуцијата на ИБ согласно директивното писмо на ПБ на ЦК на КПГ од 30 јуни 1949 година одржани се партиски и општи состаноци и кадровски активи во единиците на ДАГ, политичките организации и населението во кои беше анализирано и прифатена резолуцијата на ИБ која раководството на КПГ во вид на посебно издание ја растури во Егејска Македонија и Грција. 192) Покрај тоа КПГ го растураше органот на Инфорбирото кој илегално го печатеше на грчки јазик во Булкес -Војводина.

Г Л А В А XV

Нов став на КПГ по македонското национално прашање

1. Ставот на КПГ по македонското национално прашање до V-от пленум.

Како што наведовме КПГ во текот на НОВ(1941-1945) по националното прашање го завземаше и го бранеше ставот: "Полна рамноправност на националните малцинства во рамките на грчката држава!" Исто така наведовме дека поради опортунистички грешки на раководството на отпорот настанати како резултат на убедувањето што преовлада кај него дека во Грција поради нејзина географска положба неможе да победи револуцијата без надворешна воена помош и поради англиската воена интервенција, НОД на Грција беше поразено. Исто така наведовме дека крајот на Втората светска војна грчкото и македонското НОД ги затече не само поразени, туку и разединети. Логично беше да се очекува дека раководството на КПГ за да ги поведе масите во нови успешни борби, кои што се назираа веднаш по Варкиза, ќе изврши критичка анализа на својата линија и стратегија, ќе ги согледа своите грешки, ќе се ослободи од опортунизмот итн. Во рамките на тој напор исто така се очекуваше да го корегира и својот став по македонското национално прашање. Меѓутоа, таквите очекувања не се исполнија.

Во 1945 година КПГ ги одржа XI-от (април), XII-от(јуни) пленуми и VII-от конгрес (октомври). Во овие форуми линијата на раководството на КПГ во текот на НОВ беше оценета како единствена можна и исправна, а неуспехот на НОФ единствено се должеше на англиската интервенција. Што се однесува до ставот на Партијата по македонското национално прашање во текот на НОВ, за судирите и расцепот на македонските единици од ЕЛАС во мај и октомври 1944 година ништо не е речено. Во овие форуми е речено само дека КПГ ќе се бори за "рамноправност на националните малцинства".

Генералниот секретар на КП Никос Захарјадис кој од заточеништво во Грција се вратил на 29 мај 1945 година по македонското прашање во текот на истата година има дадено повеќе изјави: Одговорајќи пред судот на прашањето на Партијата спрема Македонија, изјавил: " КПГ илјада пати прокламира дека Македонија е целосна грчка". Во една друга изјава Захарјадис истакна:"... КПГ категорично и апсолутно отфрла секаква територијална претензија за сметка

на грчка Македонија од каде и да доаѓа таа, дека грчките граници од 1940 година се свети и неразрушиви и дека заштитата на тие граници е најсветол долг на секој Грк и патриот".

Да резимираме: Ставот на рамноправност на македонското малцинство во рамките на грчката држава, КПГ продолжи да го застапува и во текот на Граѓанската војна, се до јануари 1949 година кога го замени со правото на самоопределување, до отцепување.

Како што наведовме на 29 јуни 1948 година ПБ на ЦК на КПГ одржа седница во врска со појавата на резолуцијата на Инфорбирото против КПЈ во која ја прифати во целост. Меѓу другите одлуки и мерки за истиснување на југословенското влијание врз Македонците и антијугословенските акции беше и македонското национално прашање биде вклучено како составен дел на Инфорбировската кампања. Раководењето на истото од 29 јуни 1948 година го презеде лично генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис.

Во споменатиот IV-ти пленум се расправаше и за положбата во раководството на НОФ, оценувајќи ја како многу лоша и одлучи да превземе низа превент-ивни мерки во врска со настанатата ситуација по објавувањето на резолуцијата на Инфорбирото против КПЈ. Одлуките во врска со Македонците и резолуцијата со која КПГ се солидаризира со Инфорбирото не беа објавени. Едино во општата резолуција на пленумот стои дека: " Пленумот го потцрта извонредниот придонес на Македонците во заедничкото дело на слободата, за слободен и рамноправен живот. Една од одлуките на пленумот која беше спроведена е одлуката за суспендирањето на двајцата раководители односно на претседателот и секретарот на НОФ на I-от пленум на ЦС на НОФ одржан на 8 август 1948 година.

Резолуцијата на Инфорбирото и нејзиното прифаќање и спроведување во пракса од страна на КПГ, општата мобилизација на кадарот на НОФ и предавањето на организацијата НОФ во рацете на антинофитски и прогрчки настроени елементи остави тежок печат, предизвика големо разочарување, негодување и недоверба кај Македонците према грчкото раководство на движењето.

Генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис сочувајќи се со таквата ситуација, се обиде причините за истата ги бара на друго место, односно други да обвинува, а не на својата политика и да бара решенија надвор од реалните можности и против ин-

тересите на самото демократско движење.

На 5 октомври 1948 година Захарјадис свика советување со членовите на ЦС, окружните и реонските секретари на НОФ-АФЖ во врска со "лошата" состојба на НОФ и мерките што требаше да се превземаат за нејзино надминување.

Никос Захарјадис на советувањето рече дека вината за лошата состојба на НОФ не е само на двајцата суспендирани раководители на НОФ, туку на повеќе членови на ЦК на КПГ кои неправилно раководеа со НОФ и со македонското национално прашање. Тој во продолжение, покрај другото рече дека Македонците треба самите да се ослободаат, да не чекаат да ги ослободат Грците, дека Македонците треба дасе унапредуваат и усовршуваат, да го учат својот мајчин јазик, да ја развиваат својата национална свест, дека ќе дојде време кога во ПДВ ќе има македонски претставник. На крајот Захарјадис истакна дека македонскиот народ има право да се определи и да се обедини со другите делови на Македонија во рамките на една Балканска федерација, дека сега можат да формират и засебни македонски единици и слично.

Со ова свое излагање Никос Захарјадис го навести новиот став на КПГ по македонското национално прашање и тоа однапред планиран и насочен против ФНРЈ и придобивките на македонскиот народ и со крајно негативни последици за ослободителното движење не само на маќедонскиот туку и на грчкиот народ.

Еве како се одвиваа режираните акции на Захарјадис.

Во месечното списание "Димократикос стратос" (Демократска армија) орган на Главниот штаб на ДАГ бр.10 од октомври 1948 година беше објавена статија под наслов: " Демократската армија и Славомакедонците" од потполковникот на ДАГ Панделис Вајнас. Авторот на статијата се обиде да ја прикаже положбата на Македонците под грчка власт, негови заеднички борби со грчкиот народ за социјални и национални права, за учеството и придонесот во НОВ, за положбата по Варкиза и за нивното масовно учество во редовите на ДАГ итн.

Вајнас статијата ја напишал по задача и во духот на дотогашниот став на КПГ по македонското прашање и можностите, афинитетот што го имал самиот спрема тоа прашање.

Во истото списание број 12/48 година поместен е критички осврт: " Некои забелешки врз статијата на П.Вајнас" Демократската армија и Славомакедонците " од генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис.

Захарјадис правејќи забелешки врз статијата на П.Вајнас, всушност си постави за цел да го припреми јавното мислење за новиот став на партијата по македонското прашање што ќе биде завземен по еден месец.

Откако зборува за поделбата на Македонија меѓу балканските земји, тој се задржува на борбата на македонскиот народ после поделбата, окарактизирајќи ја како борба за национално ослободување. Во врска со тоа, Захарјадис меѓу другото пишува: "... Таа борба помина низ разни фази. Беше искористена од разни реакционерни организации и партии. Но, денеска таа борба го најде својот правилен пат и се самопотврди. Македонскиот народ го создава денес својот национален живот и огниште и се стреми кон своето обединување што го постигна со својата крв. Македонскиот народ продолжува Захарјадис ќе постигне една независна, единствена, рамноправна позиција во семејството на слободните народно-демократски републики на Балканот, во семејството на кое ќе му припаѓа утре и грчкиот народ со народната република. За таква независна единствена државна и рамноправна позиција се бори денес и македонскиот народ од Егејска Македонија и ја помага сесрдно со сите средства ДАГ што предизвикува восхит за величието и сеоданоста на своите напори".

Овие нови ставови на Захарјадис по македонското национално прашање беа анализирани во окружни соверувања на македонски кадри на ДАГ и НОФ кои се одржани во текот на јануари 1949 година.

2. <u>Право на самоопределување-нов став на КПГ што македонското прашање прифатен на V-от пленум на КПГ</u>

На 30 - 31 јануари 1949 година одржан е V-от пленум на ЦК на КПГ во кој од странски партии зедоа учество Петров, функционер во Одделението за меѓународни врски при ЦК на КПСС и Мехмед Шеху, член на ПБ на Албанската партија на трудот.

Во својот реферат на Пленумот "Нашиот народ на патот кон победата-пред решителниот пресврт ", генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис го образложи новиот став што македонското пра-

кој требеше да го усвои пленумот. Тој во врска со тоа, меѓу другото, рече: "...Во новото подигање на нашиот народ, македонскиот народ, даде се! Така тој со својата крв го извојува правото за еден слободен, независен живот и развој и не треба да постои никакво сомневање дека како резултат на победата на народната република во Грција, македонскиот народ ќе се здобие и со правото да го определува својот натамошен развој и формата и содржината на слободниот и независен живот како што самиот сака, како и тој самиот ќе одлучи". Во продолжение Захарјадис најави скоро реорганизација на Привремената демократска влада со учество на претставник на НОФ.[195]

По оваа точка од дневниот ред на пленумот дискутираше само членот на ЦК на КПГ Милтијадис Порфирогенис. Тој во врска со тоа, меѓу другото рече: " Бидејќи пленумот се свикува по објавувањето на краткиот коментар во списанието "Димократикос стратос" (коментар за статијата на П.Вајнас), очигледно се работи за промена на нашата линија по тоа сериозно прашање. Промена главно на тактирака. И треба да признам дека се мачев да сватам дали новата линија е правилна. Обратно, првата моја реакција беше негативна. Само помислата дека јас може да сум во право, а Захарјадис не, ме натера да се убедам. Потоа, се разбира, многу го анализирав прашањето и согледав ако еден таков став е спротивен на гледиштата што ги имавме формирано во други услови,денешните услови и посебно условите што ќе се создадат со победата на народната демократија во Грција и во координација со народно-демократската стварност во Балкано, дозволуваат и го наложуваат конечното решение на македонското прашање... Племумот расправајќи по тоа прашање и прифаќајќи го ставот на Захарјадис дава решение на едно такво сериозно прашање.[194]

V-от пленум на ЦК на КПГ на предлог од Захаријадис го усвои следниот став по македонското национално прашање."...б). Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде се за за борбата и се бори со нециден хероизам и самопожртвување. Не треба да има никакво сомневање дека како резултат од победата на ДАГ и народната револуција, македонскиот народ ќе го најде своето национално воспоставување, онака како што сака самиот тој, давајќи ја денес својата крв за неговото остварување..."[195]

Во духот на тој став пленумот донесе одлука за реорганизациј на ПДВ со вклучување и на претставник на НОФ.

3. Вториот пленум на НОФ и паролата"формирање на македонска држава во рамките на Балканската федерација".

На 16 јануари 1949 година Секретаријатот на НОФ по барање на генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис одлучи да го свика Вториот пленум на Главниот одбор на НОФ. Пленумот наместо 30 јануари, како што беше закажан, се одржа на 3 февруари 1949 година.

На пленумот требаше организацијата НОФ да ја прилагоди својата политика, програма и усвои конкретни мерки за исполнување на задачите што произлегуваат од V-от пленум на КПГ и да донесе одлуки во духот на новиот став на КПГ по македонското национално прашање.

Пред да ја изнесеме работата на пленумот, сметаме за потребно накратко да се осврнеме на внатрешната и надворешната ситуација во времето кога се одржуваше пленумот.

Во рефератот и во пленумските документи под влијание на оценките на споменатиот пленум на КПГ, е оценето дека меѓународната и внатрешната ситуација од кога било друг пат му била наклонета на демократското движење. Меѓутоа, фактичката состојба е сосема поинаква.

Внатрешната и надворешната ситуација изгледаше овака: монархофашизмот со сестраната помош на Американците имаше успеано да постигне една релативна политика и воена стабилност, што се одразуваше

а) со исчистување на државниот апарат и создавање на еден фашистички режим,

б) монархофашистичката армија и покрај неуспехот да ја ликвидира ДАГ, продолжи да се бори без појава на симптоми на напуштање на нејзините редови и минување на страната на ДАГ и имаше неограничени можности за пополнување на загубите во луѓство и материјал,

в) монархофашистите ги држеа во свои раце сите мали и големи градски центри, скоро сите сообраќајни артерии и важни стратегиски места во провинцијата.

ДАГ во тоа време осакатена од големите борби во Грамос, одвај броеше 30.000 борци наспроти 300.000 колку броеше монархофашистичката армија. Бројното зголемување на ДАГ скоро беше невозможно, бидејќи монархофашистите го имаа евакуирано целото селско население во градските центри. КПГ систематски и плански ги заоструваше односите со Југославија, а Советскиот Сојуз и источно-европските земји не им ја даваа на ДАГ обеќаната помош. Од горенаведеното произлегува заклучокот дека ДАГ не само што не беше во можност да го совлада непријателот, туку се наоѓаше пред својот пораз.

Ете под какви внатрешни и меѓународни услови се одржа Вториот пленум на НОФ.

За учество на пленумот беа поканети и членовите на Главниот одбор на НОФ Михаило Керамитчиев, Илија Димовски-Гоце, Вангел Ајановски-Оче, Стерјана Вангелова-Славјанка кои по задача се наоѓаа во НР Македонија. Горенаведените не се одзваа на поканата, бидејќи од ставот на КПГ спрема Југославија беа свесни, како што го потврдија настаните што уследија, дека пленумот ќе донесеше решенија спротивни на интересите на македонскиот народ.

Пленумот, како што веќе наведовме се одржа на 3 февруари 1949 година во слободна Преспа и во него зедоа учество 29 редовни и кандидати членови на Главниот одбор на НОФ. Работата на пленумот ја следеше генералниот секретар на КПГ Н. Захаријадис.

Пленумот расправаше по следните теми:

1) Активноста на организацијата меѓу првиот и вториот пленум на НОФ за што извештај поднесе секретарот Вангел Којчев,

2) свикување на Вториот конгрес на НОФ за што образложение даде секретарот на партиската организација НОФ Михал Мањо.

Пленумот според соопштението на Извршниот одбор на НОФ и другите пленумски документи, констатира дека македонскиот народ предводен од НОФ сенародно одговори на паролата на ЦК на КПГ "Сите на оружје - се за победата", односно даде огромен придонес во сите полиња на борбата и дека со својата крв и дадените жртви се здоби со авангардно место и стана жртвеник, и како резултат на тоа извојува придобивки за национално, општествено, политичко и просветно дело.

Во резолуцијата на пленумот откако во почетокот се зборува внатрешната и иеѓународната ситуација оценувајии ја како мошне поволна, се вели: "... Оваа ситуација наметнува тешки и важни задачи пред НОФ и пред целиот македонски народ. НОФ треба уште повеќе да го дигне македонскиот народ, да биде вистински негов водач. Ефикасно да помогне за да биде 1949 година, година на победата и мирот, кој што преставува вековен копнеж на грчкиот и македонскиот народ.

Затоа едногласно решава:

1. За да се зацврсти раководството и да одговори на важните задачи, тричлениот секретаријат го пополнува со уште два други членови, со другарите Павле Раковски и Паскал Митровски.

Секако најспектакуларна одлука на пленумот која беше во спротивност со акционите потреби и интереси на самото движење е следното:

"3. Одлучи да го свика II-от конгрес на НОФ во текот на месец март 1949 година.

Вториот конгрес на НОФ ќе биде конгрес на прокламирање новите програмски начела на НОФ, начела кои се вековна желба на нашиот народ, ќе прскламира соединување на Македонија во една независна,рамноправна македонска држава во народно-демократската федерација на балканските народи, што е остварување на долгогодишните крвави борби...."[195а)]

На крајот од работата на пленумот зборуваше генералниот секретар на ЦК на КПГ Н. Захаријадис, кој меѓу другото рече: "... На конгресот треба да се изјасни националното прашање на македонскиот народ, кој со неговото учество во денешната борба, врви кон создавање на независна македонска држава во рамките на Балканската федерација[196)]

Се поставува прашањето: дали исфрлувањето на паролата за обединета и независна Македонија одговараше на времето, состојбата на работите на Балканот и на интересите на народно-ослободителното движење на грчкиот и на македонскиот народ. Категорички можеме да одговориме негативно. Таа во времето кога е донесена е несфатлива ако не се имаат во вид заткулисните игри и махинации на Инфорбирото против Југославија. Не само што не му беше од корист

на народното движење, не само што не ја унапреди ДАГ со нови борци, морално и идеолошки, туку напротив и создаде додатни тешкотии и им даде повод на монархофашистите да ги осудуваат на смрт затворените комунисти ако пред судот позитивно го оценуваа овој. став на КПГ по македонското прашање и да преземаа една од најсуровите и зверски терористички офанзиви против Македонците во која беа интернирани, затворени околу 7000 Македонци од кои неколку стотици убиени.

Никос Захарјадис подоцна одговарајќи на критиките за промената на ставот по македонското прашање, тврдеше дека тоа го сторил под притисок на Југословените и со цел да ги мобилизира Македонците во борбата. Двата одговора не држат, односно се паушални и не аргументирани. Што се однесува на "аргументот" на Захарјадис дека тоа го стори за да ги мобилизира Македонците, не држи бидејќи тие и без тој став и парола масовно беа вклучени во борбата, кој факт повеќе пати е признат и потврден од самите раководители на КПГ.

Што се однесува на другите "аргументи" на Захарјадис дека ставот го изменил наводно поради "притисокот на "Југословените", ќе ја поместиме преписката меѓу ЦК на КПЈ и ЦК на КПГ по тоа прашање. Ова преписка дава целосна светлина на прашањето и ги разобличува махинациите на Захаријадис и на Информбирото.

На 3 март 1949 година ЦК на КПЈ на ЦК на КПГ му ја достави следната телеграма:

"До ЦК на КПГ

Во врска со денешната политика на КПГ по македонското национално прашање, ЦК на КПЈ смета за потребно да укаже на следните факти:

1. Централниот комите на КПЈ смета дека ставот што на V-от пленум го завзеде по прашањето на Егејска Македонија во основа е правилен и полезен за денешната ослободителна борба на грчкиот народ.

2. Сепак ЦК на КПЈ толку повеќе се чуди затоа што после вашиот пленум, на II-от пленум на НОФ во Вичо беше донесена резолуција во која се вели дека во март конгресот на НОФ ќе го прокламира обединувањето на Македонија во една единствена, независна

и рамноправна македонска држава внатре во народно-демократската федерација на балканските народи.

ЦК на КПЈ смета дека таквиот став не е во согласност со одлуката на пленумот и е штетен и опасен за натамошниот развој на борбата на грчкиот народ и може да го поткопа единството на борците на ДАГ, кое денес е основна потреба за нашата борба.

3. ЦК на КПЈ овој став го засновува на следното:

а) истакнувањето за создавање на независна држава во рамките на балканската федерација денес не е актуелно, само го отргнува вниманието на грчкиот народ и на Македонците од Егеј од основната задача на заедничката борба против монархофашистите. Воопшто не е сватливо како некој може во името на еден дел на македонскиот народ, независно дали е од страна на Македонците од Егеј или од Пирин, да сака да го реши македонското прашање, немајќи односи, ниту договор НР Македонија која веќе го собира мнозинството на македонската нација. Сметаме дека таквата политика е насочена против ФНРЈ. Еден таков став ги вооружува монархофашистите и Англоамериканците против ослободителната борба на грчкиот народ и создава разновидни раздори меѓу балканските народи.

б) ЦК на КПЈ исто така смета дека засебната прокламација за сенародно востание на Македонците од Егеј надвор од рамките на сенародното востание на цела Грција, само може да ја изолира борбата на Македонците од Егеј од заедничката борба на целиот грчки народ.

Поради тоа ЦК на КПЈ смета дека ЦК на КПГ треба да го спречи водењето на таквата политика во конгресот на НОФ на Македонија. Истовремено ве молиме да ни објасните кои беа вашите планови што ве раководеа да го поставите тоа прашање без претходна констатација со ЦК на КПЈ. Одговорете ни за вашиот став за следното: бидејќи вашата радиостаница ја соопшти одлуката на НОФ на Македонија и бидејќи во врска со тоа пишува бугарскиот печат, ние сме принудени да завземеме во врска со тоа соодветен став преку нашиот печат и затоа чекаме од вас непосреден одговор.

ЦК на КПЈ, 3 март 1949 година.[197)]

Во оваа телеграма многу јасно е прецизиран ставот на КПЈ по македонското прашање и воопшто спрема НОБ на грчкиот и македонскиот народ. Тврдењето на раководството на КПГ дека ставот

по македонското прашање го измени поради притисок на Југословените,се демантира.

На укажаните негативни последици од страна на ЦК на КПЈ, грчкото партиско раководство не само што не ги прифати, туку и понатамо продолжи да тврди дека причина што го натера да завзеде таков став по македонското прашање е "притисокот од страна на Југословените, односно " војната што ја води групата Керамитчиев од Скопје која ја обвинува дека ја продаде борбата на Македонците од Егејска Македонија". Таа војна се вели во продолжение во грчкиот одговор, имаше и има за резултатда поттикнува едно движење на дезертерства на Македонци борци и боркинки кон Југославија. За да и се спротивставиме политички на таа војна , бевме принудени да го напуштиме ѣамскиот став на рамноправност и покрај тоа што тој став ни даваше повеќе можности во нашата борба за изолирање на монархофашистите..."[198)]

Како што се гледа од цитираниот дел на телеграмата, раководството на КПГ не само што не ги прифати примедбите и укажувањата на ЦК на КПЈ, туку ги прошири клеветите против Југославија обвинувајќи ја дека во нејзина територија постои група која разбивачки делува против ДАГ.

Југословенското раководство не можеше да не реагира против една таква груба клевета. Следниот ден односно на 5 март 1949 година на ЦК на КПГ му одговори со телеграма во која покрај другото се вели: "... ја сметаме за наша должност да повториме дека вашиот став по прашањето на линијата на контресот на НОФ на Егејска Македонија не е правилен и дека може да му нанесе штета, колку на ослободителната борба на грчкиот народ, толку и на односите меѓу балканските народи и комунистичките партии. Фактот дека бугарскиот печат веќе пишува за тоа прашање завземајќи ист став, докажува дека ставот по македонското прашање стана составен дел на денешната кампања против нова Југославија. Го сметаме за парадоксално како вашата партија која денес води една толку тешка и решителна борба, се одалечува од својата основна задача и се вплеткува во комбинација која е насочена против нова Југославија.[199)]

Преписката по тоа прашање продолжи и понатаму при што двете партии ги задржаа и ги бранеа горенаведените ставови.

Со новиот став на КПГ по македонското прашање односно со паролата "единствена и обединета Македонија во рамките на Балканската федерација" не се сложило и раководството на НР Македонија. Тогашниот секретар на ЦК на КПМ и претседател на владата на НР Македонија Лазар Колишевски во февруари 1949 година во Скопје разговарал по тоа прашање со Паскал Митровски. Во врска со овој разговор Паскал Митровски на 4 март 1949 година на генералниот секретар на ЦК на КПГ Н. Захаријадис му поднесе извештај во кој, покрај другото, наведува: "... За нашиот став околу македонското прашање како е формиран во решението на II-от пленум на ЦС на НОФ, го изрази своето мислење дека не е правилен и не го поставува правилно прашањето. Прашањето на Балканската федерација е прашање на идната и не треба да влезе во програмските цели на организацијата НОФ и на македонското народно-демократско движење. Исто така ставот за независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација не ги изразува конкретните стремежи на македонскиот народ во дадените моменти. Воедно со тоа создава поволни услови за великогрчки шовинистички изливувања и тенденции кои ги користат и ги разгоруваат монархофашистите кај грчките маси на штета на демократското движење.

Основниот и одлучен двигател во борбата на македонскиот народ од Егејска Македонија, рече Колишевски, е со обединета борба со грчкиот народ да се уништи монархофашизмот и англоамериканските окупатори. Правилен национален став, рече во продолжение тој, претставува декларацијата дека македонскиот народ од Егејска Македонија со победата на народната демократија во Грција ќе ги реализира своите национални права и правото на самоопределување и национално воспоставување.[200)]

Исто несогласување изразија и раководителите на НОФ на Егејска Македонија Михаило Керамитчиев, Илија Димовски-Гоце и Вангел Ајановски-Оче. Тие во своето писмо до раководството на НОФ, покрај другото наведуваат дека ставот "слободна и независна македонска држава во рамките на Балканската федерација" што треба да го усвои II-от конгрес на НОФ денешниот период и условите е штетен како за грчкиот, така и за македонскиот народ. Во продолжение на писмото наведените раководители, пишуваат: "... Кој е ставот на конгресот на НОФ, уште и на КПГ спрема НРМ којапостои како слободна држава со парламент и влада, своја комунистичка партија и која

го претставува поголемиот дел на Македонија, која е базата и изворот за развојот на македонската национална култура? Не размислувате дека со тој став и со такви пароли ја засенчуваат Вардарска Македонија која гради социјализам? Не сметате дека со таканаречената независна Македонија во рамките на Балканската федерација создадовме антитеза спрема НРМ без никако таа да се споменува? Тој став не е само штетен за денешните услови, туку истовремено е насочен и против придобивките на македонскиот народ реализирани денес во НР Македонија.[201)]

Констатациите на југословенското и македонското раководство дека лозинката независна Македонија беше информбировска махинација против Југославија, ги ги потврди и самиот Захарјадис. На прашањето што му беше поставено на VII-от пленум на КПГ(1950) што ќе стане со Вардарска Македонија, односно со НР Македонија кога ќе се формира македонска држава во рамките на Балканската федерација, тој одговори: " Точно другари, овој наш став и парола е насочена против Македонија, односно со преминувањето на Тито на страната на империјализмот Вардарска Македонија не само што не може да претставува центар за обединување на Македонија, туку се поставува како аперитив нејзиното ослободување од фашистичката клика на Тито.."

4. Реагирања на Бугарите спрема ставот на КПГ по македонското прашање

Како што е наведено во телеграмата на ЦК на КПЈ до ЦК на КПГ од 3 март 1949 година Бугарите преку својот печат се солидаризираа со паролата: "независна македонска држава во рамките на Балканската федерација" и воопшто со ставот на КПГ по македонското национално прашање.

Ставот на Бугарите по тоа прашање го изнесе органот на бугарските синдикати "Труд" во својот број од 14 февруари 1949 година, додека партискиот весник "Работничко дело" од февруари 1949 година донесе само информација за одржувањето на јануарскиот пленум на КПГ нарекувајки го херојски и сл.

Весникот "Труд" во уводната статија под наслов: "Грци и Македонци" се обиде да ја објасни резолуцијата на пленумот на ЦК на КПГ одржан во јануари 1949 година како став спротивен на"на-

ционалистичкиот ставна КПЈ, а истоветен со ставот на КП на Бугарија, т.е. дека македонското прашање ќе добие едноставно решение како балканско прашање низ федерацијата на народнодемократските влади во сите балкански земји".

Авторот на статијата, во случајот редакцијата на бугарскиот весник "Труд", откако се осврнува на констатациите на пленумската резолуција на КПГ за масовното учество и придонесот на Македонците во заедничката борба по македонското прашање грубо фалсификувајќи го ставот на КПЈ, меѓу другото, вели: "... За разлика од Титовците без никото да прашат - сакаат да ги натерат сите Македонци да се чуствуваат себе си како Југословени и македонското прашање да го сметат како чисто југословенско прашање, раководителите на грчката демократска револуција, декларираат дека македонскиот народ ќе ги решава проблемите како самиот ќе сака. Во тие две различни позиции се судруваше со две различни тенденции: во едната на Титовците - насилието и завладувањето, а во другата - демократскиот принцип. Природно симпатиите на сите Македонци се на страната на ставот на КПГ што е и став на КПБ на Бугарија. Ползувајќи ја таа слобода Македонците никогаш нема да ја отргнат својата љубов кон слободата на Македонија, од својата верба спрема својот верен сојуз со грчиот народ и секогаш ќе тргнуваат од убедувањето дека македонското прашање ќе го најде своето единствено решение со федерацијата на народно-демократските влади во сите балкански земји.[202]

Колку тврдењето на весникот "Труд" дека КПЈ настојава да му даде југословенско решение на македонското прашање е клеветничко и произволно, доволно е да се потсетиме на телеграмата на ЦК на КПЈ до ЦК на КПГ од 3 март 1949 година.

5. Јавно реагирање на КПЈ

Откако југословенското раководство како преку споменатите телеграми, така и преку директните разговори со претставникот на ЦК на КПГ Милтијадис Порфирогенис во февруари 1949 година и со членот на ПБ на ЦК на КПГ Петрос Русос подоцна, не успеало да го убеди раководството на КПГ да ја корегира својата политика и својот став по македонското прашање и откако прашањето беше искористено од Бугарите односно постана составен дел на инфорбировската кампања, беше принудено во интерес на вистината и во интерес на самото демократско движење на грчкиот и македонскиот народ, својот став

отворено го изнесе преку печатот и другите средства за јавно информирање.

Така органот на ЦК на КПЈ "Борба" од 6 март 1949 год. ја објави статијата на Моша Пијаде под наслов: " За прашањето на Балканската федерација". Всушност Моша Пијаде го изнесува ставот на КПЈ по македонското прашање формиран во погоре наведените телеграми и ги обелоденува и разобличува игрите и махинациите на Бугарите и на Инфорбирото да го искористат истото како составен дел на антијугословенската кампања ангажирајки ги во тоа КПГ и НОФ на Македонците од Егејска Македонија. Моша Пијаде во врска со тоа, меѓу другото, пишува: " На тој дел од македонскиот народ кој што со години храбро се бори рамо до рамо со грчкиот народ за победата на демократијата во Грција кој што во таа борба дал и дава огромни жртви... му се наметнува, кога сите демократски сили во Грција треба да ги концентрираат своите напори за победата на Демократската армија, задачата да го прогласи обединувањето на Македонија во рамките на Балканската федерација.

Македонскиот народ во Егејска Македонија беше и за време на војната и во сегашниот тежок период на грчката историја после војната свесен дека борејќи се заедно со грчкиот народ за слободата на Грција, во исто време се бори и за правото на своето национално самоопределување, за своето национално ослободување. Кога КПГ во споменатата резолуција од пленумот му го признава тоа право што ќе се оствари после победата на грчката демократија, тогаш тоа е правилно и тогаш тоа на македонскиот народ му е доволно..." На крајот Моша Пијаде вели дека кога народот од Егејска Македонија се наоѓа во крвава борба за одбрана на неговата физичка егзистенција, нема никаква потреба да му се сугерира на тој народ превземање и на еден чисто декларативен акт кој што не само не ги мобилизира силите на македонскиот народ, туку напротив може само да создаде излишни расправии и забуна во единството на грчките и македонските борци!

6. КПГ се корегира - паролата за прогласување на " независна македонска држава... во рамките на Балканската федерација" ја напушти.

Паролата на II-от пленум на НОФ за прогласување на "независна македонска држава во рамките на Балканската федерација соопштена преку печатот и преку радиостаницата на ДАГ-КПГ "Слободна Грција" при тогашната состојба на Балканот предизвика живо интересирање на светската јавност и остро реагирање на грчката влада и целиот западен политички свет. Укажувањата и предупредувањата на КПЈ многу брзо беа потврдени и оправдани. Целиот монархофашистички и граѓански печат и целата пропагандна машина на Грција и на реакционерните кругови во странство најдоа поволна почва да ја наклеветат КПГ како предавничка партија , за агент на Словените и сл. Дури и претседателот на САД Труман пред конгресот на 17 март 1949 година во врска со помошта од САД на Грција и Турција со една од најботатите нејзини области и за секој Грк независно од партиската припадност ќе биде увреда атакувањето спрема Македонија од странана КПГ". Сериозни предупредувања особено на САД и Велика Британија, а целиот западен печат се стави на страна на монархофашистичка Грција, а против КПГ. Во редовите на демократите и припадниците на левицата создаде збрка, двоумење, резерва и неповерение спрема КПГ. Им даде повод на воените судови да ги испраќат многу лесно во егзекутивниот одред обвинетите комунисти Уште повеќе ги разгоре антимакедонските страсти. Паролата им послужи како повод и аргумент и прилика на монархофашистите со уште поголема бес се нафрлат против Македонците. Само од Западна Македонија по исфрлувањето на лозинката беа уапсени и интернирани над 7000 Македонци од кои еден дел од нив дури и ликвидирани.

После сето тоа Захарјадисовото раководство на КПГ било принудено да се корегира. Имено, органот на ГШ на ДАГ "Прос ти ники" од 8 март 1949 година објави демант на ЦК на КПГ и од 10 март истата година соопштение на Извршниот одбор на НОФ со кој се подвлекува од ставот и лозинката: "единствена и независна македонска држава во рамките на Балканската федерација".

Во демантот и соопштението се тврди дека лозинката "независна македонска држава..."е измислица и клевета на монархо-

фашистите со што раководството на КПГ се претстави пред јавноста како брзоплето и најсериозно и се компромитира, а кај Македонците створи уште поголеми резерви и недоверба.

7. Делегација на КПГ и НОФ во Југославија

а) Состанокот во Скопје

Како што наведовме ЦК на КПЈ негативно реагираше на новиот став на КПГ по македонското прашање. За тоа и за надминување на споровите што се јавија во односите меѓу двете партии како резултат на антијугословенските акции на КПГ, предлагаше двопартијна средба на највисоко ниво. КПГ јаодлагаше средбата под мотивација дека компетентните лица со кои КПЈ предлагаше да се одржи средбата биле "зафатени" со важни задачи на борбата". Меѓутоа, вистината е поинаква. При својот престој на членот на ПБ на КПГ Ѓанис Иоанидис во Москва во јануари 1949 година писмено го извести Суслов во врска со барањето на КПЈ за одржување на средбата. Поради тоа што раководството на КПГ не се согласи да се одржи предложената средба на највисоко ниво, може да се заклучи дека тоа не го одобри советското раководство.

После размена на неколку телеграми и усмени договарања, раководството на КПЈ се согласи да прими делегација на ниво на член на Централниот комитет и делегација на НОФ. Меѓутоа, како што ќе видиме од самите материјали, раководството на КПГ средбата ја искористи за продолжување на клеветите и нападите против КПЈ, а не за отстранување на причините за непречено продолжување на помошта на ДАГ за што се залагаше југословенското раководство.

Делегацијата на КПГ ја сочинуваше членот на ЦК на КПГ Милтијадис Порфирогенис и шефот на претсавништвото на КПГ во Скопје Никос Георгалис-Дафнис, а делегацијата на НОФ ја сочинуваа Паскал Митровски, Крсто Мангов и Марика Елкова, Делегацијата на НОФ имаше задача да изврши регрутација на борци за ДАГ од редовите на македонската емиграција од Егејска Македонија во Југославија и да свика конференции на егејските македонски бегалци за избор на 40 делегати за II-от конгрес на НОФ.

Делегацијата на КПГ-НОФ во Скопје пристигна на 8 февруари 1949 година. Истиот ден во 11 часот е одржан првиот состанок

Од страна на КПМ на состанокот учествуваа Лазар Колишевски и Цветко Узуновски, а од грчка страна Милтијадис Порфирогенис, Н. Ѓеоргалис и Паскал Митровски како преводач.

Прв настапи Порфирогенис кој го прочита однапред подготвениот текст на ЦК на КПГ.

Текстот содржеше груби клевети на Захарјадисовото раководство против раководството на КПЈ и КПМ. Во текстот се обвинува југословенското раководство дека во Егејска Македонија води пропаганда и организира едно движење за напуштање на борбата и Егејска Македонија и преминување односно дезертирање во Југославија, а меѓу македонските бегалци во Југославија пропагира да не стапуваат во редовите на ДАГ. Во продолжение во клеветничкиот документ на КПГ се вели дека центар на таа "непријателска пропаганда" го сочинуваат група кадрови на НОФ кои по налог на нивната организација отидоа во Југославија со задача да регрутират борци за ДАГ, а тие место тоа подржани од некои државни власти, службеници и раководни фактори на НР Македонија ги поттикнуваат Македонците на дезертерства, расцеп и слично".

Во документот се вели дека победата на ДАГ и одбивањето на непријателската офанзива на Вичо во 1949 година налага ангажирање на сите сили. Во рамките на овој стратегиски план за решение на резервите на ДАГ, раководството на КПГ побара сите Македонци и Македонки бегалци во Југославија бидат префрлени во Грција и вклучени едни во регуларните единици, а други во помошните служби на ДАГ.

Во текстот повторени се неоснованите мотиви наведени во споменатите телеграми од страна на КПГ односно дека тоа е сторено наводно поради притисок на Југословените, Во врска со тоа во текстот односно во документот се вели:

" КПГ со одлуките на V-от пленум на нејзиниот централен комитет дефинитивно му го признава на македонскиот народ правото да се здобие со свое засебно државно и целосно национално воспоставување, што значи денес по тоа прашање нема простор за недоразбирања или забуни.

б) КПГ и ПДВ решија да учествува еден Македонец министер што ќе се посочи од НОФ како одговорен за прашањата на македонскиот народ.

в) КПГ и ГШ на ДАГ одлучија да зема учество во ГШ и еден претставник на НОФ за целата работа меѓу Македонците борци и боркинки (политичка работа, унапредување, употреба и сл.)

г) Одлучено е да се формира македонска дивизија.

д) Исто така е решено да се оснива засебна партиска организација.

8.- За да се реализират мерките што се наведуваат на точка 5 имаме потреба од ваша помош. Да прекине секое поттикнување на помош нагрупата којапретставува центар за разбивачката дејност, да не им се дава азил на бегалците и дезертерите и да се овозможи преминувањето во Грција на оние што ќе бидат мобилизирани и на оние кои треба да се вратат во нивните села без да бидат мобилизирани".

Според извештајот на Порфирогенис за разговорите во Скопје поднесен на ПБ на КПГ, Лазар Колишевски на почетокот потенцира дека политиката на КПЈ била и останува за цврсто единство меѓу грчкиот и македонскиот народ, потсетувајќи на постигнатата спогодба со Ѓ. Иоанидис во 1946 година. На барањето на КПГ да не им се дава азил на "дезертерите" односно тие да ги враќа назад, и да и се дозволи да изврши мобилизација на Македонците бегалци, Колишевски се согласи, но под услов да се почитува принципот на доброволноста, не употреба на притисок и сл. Во продолжение Колишевски рече дека судирот со Инфорбирото не повлијае врз политиката на КПЈ во однос на помошта на ДАГ. Меѓутоа, забележа Колишевски, овој судир даде повод да се култивира впечатокот дека Југославија не го помага грчкото движење, а прифаќањето на резолуцијата од Грците го слабее движењето, (на пример се забрануваат македонскиот печат да се шири во Грција, а се дозволува бугарскиот кој ги вреѓа Македонците). Порфирогенис во врска со резолуцијата на Инфорбирото го изнесе ставот на КПГ дека е на страната на резолуцијата и дека таа со 30 годишна традиција и историја не е можно да има друг став. На крајот во врска со тоа прашање, Порфирогенис и сугерира на КПЈ да се врати во семејството на народните републики и социјализмот на чело со Советскиот Сојуз. Порфирогенис на крајот од разговорите од првата средба предлагајќи му го на Колишевски писменото излагање, на еден некоректен однос се закани дека ако КПГ не прими позитивнен одговор, што значеше прифаќање на обвину-

вањата, ќе прозбори јавно за тоа односно јавно ке ја нападне Југославија.

На ова заканување на втората средба која се одржа на 9 февруари 1949 година Лазар Колишевски достоинствено му одговори на грчкиот претставник дека тоа е еден вид притисок и дека КПЈ-КПМ немаат ништо против КПГ да објави јавно се што сака на што тие ќе одговорат.

Раководителите на КПМ не можеа да прифатат притисок и клевети за решавање на погорните прашања кои всушност самата КПГ ги состаде со прифаќањето и применувањето на пракса на резолуцијата на Инфорбирото. Тоа беше причината што раководството на НРМ не даде согласност делегацијата на КПГ ги посети прихватилиштата за бегалци, а делегацијата на НОФ да свика конференции за избор на делегати за II-от Конгрес на НОФ и преку територијата на НРМ поминат делегати од Бугарија за да присуствуваат на конгресот.[203)]

б) Состанок на делегацијата на КПГ и НОФ со група раководители на НОФ во Скопје

Како што веќе наведовме и како што наведува и Порфирогенис во своето писмено изнесување пред раководството на КПМ, Михаило Керамитчиев, Илија Димовски-Поце, Вангел Ајановски-Оче и Стерјана Вангелова-Славјанка, членови на Привремен одбор на НОФ, по налог на КПГ есента 1948 година отидоа во Југославија со задача од редовите на македонската емиграција да регрутират борци за ДАГ. Наведените откако се здобија со потребната согласност од југословенските надлежни фактори веднаш се зафатија за исполнување на доверената задача, постигнувајќи забележителни успеси. Така за многу кратко време беа регрутирани над 300 Македонци. Меѓутоа, акцијата беше прекината, бидејќи раководството на КПГ не ги исполни ветувањата околу формирањето на посебни македонски единици во состав на ДАГ и најважно бидејќи активно се вклучи во инфорбировската антијугословенска кампања. Оваа група раководители, како што наведовме, ме се согласи со политиката на КПГ по македонското национално прашање поради што раководството на КПГ ги обвини за разбивача дејност против ДАГ и слично.

И покрај таквото обвинување, претставникот на КПГ Милтијадис Порфирогенис изрази желба да се сретне со раководители на

НОФ и ги вклучи во акција за мобилизацијата на Македонците.

Состанокот е одржан на 9 февруари 1949 година и во него зедоа учество делегацијата на КПГ и НОФ што дојдоа од Грција и раководителите на НОФ што престојуваа во Скопје.

На состанокот прв зеде збор членот на Извршниот одбор на НОФ Крсто Манговски кој зборуваше за одлуките на II-от пленум на НОФ, за подготовките за одржување на II-от конгрес на НОФ, за новиот став на КПГ по македонското прашање според кој македонскиот народ по ослободувањето на Грција ќе има можност да се самоопредели, самоотцепи, па и до формирање и постоење на самостојна македонска држава. Во продолжение Манговски зборуваше дека пленумот ги осуди дезертерствата од ДАГ на македонски борци во Југославија и соопшти дека цел и задача на делегацијата на НОФ е да од редовите на македонската емиграција од Грција во Југославија регрутира борци за ДАГ и на демократски начин избере 40 делегати од македонските бегалци за Вториот конгрес на НОФ.

По излагањето на Манговски, на предлог од Паскал Митровски и Милтијадис Порфирогенис се побара од Илија Димовски, Вангел Ајановски, Керамитчиев и Славјанка да се изјаснат по горенаведените прашања односно поднесат извештај за тоа што сторија околу регрутирањето на борци за ДАГ.

Прв зборуваше Илија Димовски-Гоце кој нагласи дека тој и другите присутни се дојдени во Југославија по директива на ЦК на КПГ за регрутирање на нови борци за ДАГ. Спроведувајќи ја задачата, продолжи Гоце, беа организирани конференции на кои беше објаснета потребата на ДАГ и значењето на создавањето на македонски единици како извојувана придобивка на македонскиот народ во заедничката борба со грчкиот народ. Резултатот на тоа рече Гоце, беше регрутирањето на 300 Македонци и Македонки. Меѓутоа, нагласи Гоце акцијата не само што не беше подржана и помогната туку саботирана од грчката јафка во Скопје и претставниците на грчката општина во Булкес. Освен тоа причини за да не успее акцијата за регрутирање на нови борци согласно планот, беа деморализацијата и разочарувањето на македонските бегалци во Југославија поради ставот и политиката на раководството на КПГ по македонското прашање и македонскиот народ во Грција и поради одлуката за растурањето на мекедонската единица во Преспа.

Михајло Керамитчиев во своето излагање, покрај другото, истакна дека побегнатите Македонци борци од ДАГ во Југославија не се дезертери како што ги оквалификува КПГ, бидејќи нивното пребегнување во Југославија се должи заради неправилниот став на КПГ спрема македонското прашање. Откако Михајло Керамитчиев потенцира дека раководителите на КПГ на I и II-от пленум на НОФ наместо да ги согледат и увидат своите погрешни ставови спрема Македонците, тие се нафрлија против македонските раководители прогласувајќи ги за виновни за појавените слабости во движењето, ги постави прашањата:

а) зошто раководството на КПГ не им дозволува на Македонците да преминуваат во НР Македонија и ги тера со сила да одат во Албанија,

б)зошто од страна на КПГ не е исполнета и во практиката остварена спогодбата меѓу КПГ и НОФ од 1946 година и

в) зошто курсот за македонски учители се одржува во Романија, а не во НР Македонија.

На крајот Керамитчиев рече дека не само бегалците и борците пребегнати во Југославија што не се согласуваат со ставот на КПГ, туку заедно со нив и тие (раководители на НОФ) не можат да се согласат со она што се правеше и денес се прави од страна на раководството на КПГ на штета на демократското движење во Грција.

Вангел Ајановски-Оче во својот збор откако го повтори она што го кажаа Илија Димовски-Гоце и Михајло Керамитчиев во врска со задачата заради што дојдоа во Југославија, изрази несогласувања за антијугословенската кампања што се води од страна на КПГ, наведувајќи го примерот на активот на воено-политичките македонски кадри одржан во септември 1948 година во Кајмакчачан. Во продолжение Ајановски го окарактеризира како антијугословенски акт ширењето на бугарскиот печат во Егејска Македонија и истовремено забраната на печатот што доаѓаше кд НР Македонија; забраната на македонскиот народ од Егејска Македонија да одржува културно-просветни врски со своите браќаод НРМ и со егејските бегалци во Југославија. Во продолжение Ајановски наведе дека раководителите на КПГ-ДАГ не само што ги потценуваат македонските раководители и борци, туку и над нив се вршат неоправдани стрелања, наведувајќи го примерот на Кајмакчалан каде од Ираклис Милтијадис-Кирјакос невино

се стрелани 10 Македонци. И тој, како и претходните дискутанти, изнесе мислења дека причината за дезертерството лежи во недовербата спрема решенијата и делата на ЦК на КПГ спрема македонските борци.

Во истиот дух зборуваше и Стерјана Вангелова-Славјанка апелирајќи до раководството на КПГ да го корегира ставот и односот спрема Македонците.

Организациониот секретар на АФЖ во Егејска Македонија Марика Елкова која потоа зборуваше, покрај другото, ги истакна успесите на организацијата АФЖ на политичко организационо поле и ги повика раководителите на НОФ да се вратат во Егејска Македонија за да заеднички ја продолжат борбата.

По Марика Елкова зборуваше Паскал Митровски, кој меѓу другото, рече: " со дезертерството на македонските борци од ДАГ и со нивното преминување и престој во Југославија, овде се создава еден центар на пребегнатите што е штетно за демократското движење и го нарушува борбеното единство на македонскиот народ. Ние треба со сите сили да го спречиме преминувањето на македонските борци во Југославија, а истовремено да создадеме стремеж кај егејските Македонци за одење во Егејска Македонија, со цел да ја продолжиме борбата до конечното ослободување..." Во продолжение Митровски наведе дека меѓу КПГ и НОФ не постојат разидувања, дека македонскиот народ во Егејска Македонија доби право на самоопределување и формирање на самостојна македонска држава во рамките на Балканската федерација; дека ќе се формират македонски единици; дека НОФ ќе биде претставен во ПДВ и во ГШ на ДАГ; дека спогодбата меѓу НОФ и КПГ од 1946 година е спроведена во дело и сл. На крајот обраќајќи се до Керамитчиев, Гоце, Оче и Славјанка рече: "..... Вие, другари, ако не дојдете долу и останете овде, ние ќе бидеме принудени на Вториот конгрес на НОФ да ве прогласиме за дезертери".

На крајот зборуваше претставникот на ЦК на КПГ Милтијадис Порфирогенис. Тој на почетокот рече дека целта на доаѓањето на делегацијата на НОФ во Југославија е регрутирањето на 5000 егејски Македонци борци за ДАГ што значи исполнување 50% од планот на Главниот штаб по прашањето на резервите на ДАГ за 1949 година. Пронаоѓањето на овие 5000 Македонци и нивното испраќање

во Грција, рече Порфирогенис , можело да се изврши доброволно или со принудна мобилизација, бидејки тие биле грчки државјани. Порфирогенис повтори дека XI-та дивизија на ДАГ ќе се реорганизира како македонска единица пополнувајки го нејзиниот состав од Македонците што ќе бидат мобилизирани во Југославија.

Преминувањето на еден број Македонци во Југославија Порфирогенис го оквалификува за дезертерство изедначувајки го со оните што пребегнуваа кон непријателот и дека тоа не се должело на политички причини, туку на малодушност и на азилот што им го давала Југославија. " Јас дојдов, овде рече тој, да се состанам со југословенските раководители и да им кажам дека не треба на дезертерите да им даваат засолниште и да им кажам дека треба да дозволат да ги мобилизираме сите способни македонски Егејци за да ги испратиме долу да се борат..." До колку Југословените не се согласат со тоа, Порфирогенис се закани дека, КПГ во светски размери ќе им објави идеолошка борба". што се однесува до некои прашања, продолжи Порфирогенис, што ги поставивте овде, како на пример зошто на бегалците не им дозволуваме да доаѓаат овде, туку ги тераме да одат во Албанија, за училишниот курс кој се одржува во Романија, за печатот од НР Македонија, сето тоа треба вие да знаете дека е поврзано со резолуцијата на Инфорбирото, чија страна ја држиме и ние. Ние (КПГ) од почетокот му пишавме на раководството на КПЈ за тој наш став и јасотворено ќе им кажам дека сме против нив, бидејки сметаме дека КПЈ е на крив пат. Ние нашето партиско членство го воспитуваме во тој дух.

Задржувајки се околу појавата на опортунизам во КПГ со кој се пресмета V-от Пленум, Порфирогенис рече дека и во редовите на НОФ има опортунисти , наведувајки го Вангел Ајановски-Оче како класичен пример бидејки се произнесол дека Сталин не е бил во право што донел таква резолуција против КПЈ.

Порфирогенис се задржа и на ставот на КПГ по македонското национално прашање со кое на Македонците им се признаваше правото на самоопределување и создавање на своја држава, дека во духот на тој став организацијата НОФ ќе биде претставена во Привремената демократска влада и во ГШ на ДАГ и слично.

На крајот Порфирогенис рече дека состанокот ќе продолжи наредниот ден во кој ќе се разработи детален план за мобилизацијата. Меѓутоа состанокот не се одржа бидејќи прашањата што ги постави за решавање и начинот како што ги постави тој, не беше можно да бидат прифатени од раководството на НР Македонија.

в) Состанокот во Белград

Бидејќи со раководителите на НР Македонија не беше постигната согласност во врска со барањето на КПГ да изврши присилна мобилизација на Македонците политички бегалци од Егејска Македонија настанати во Вардарска Македонија и репатриација на сите бегалци, Порфирогенис побара да појде во Белград со цел да разговара со надлежните југословенски фактори по тоа прашање. На таквото барање од Порфирогенис, ЦК на КПЈ одговори дека не може да го удоволи се додека не добие официјално известување од КПГ дека е ополномоштe да води разговори со ЦК на КПЈ. Освен тоа во југословенскиот одговор се велеше дека ниедно прашање не може да се реши во Скопје (на пример , избор на делегати на II-от конгрес на НОФ) ако не се решат во разговорите во Белград некои принципиелни прашања. Ако се решат тие, се вели во продолжение на југословенскиот одговор, сите други прашања лесно ке бидат решени.

Раководството на НР Македонија за да се решат спорните прашања, како што наведовме, бараше од грчкото партиско раководство да ја прекине антијугословенската пропаганда, да не шири неточности дека Југославија не го помага грчкото движење, да ја прекине евакуацијата на Македонците во Албанија, а да им дозволува по нивна желба да преминуваат во НР Македонија. Исто така македонските раководители им замерија на грчките раководители и затоа што дозволуваа во Егејска Македонија да се растура бугарски печат со антимакедонска и антијугословенска содржина, а истовремено го забранија растурањето на печатот од НР Македонија.

И покрај тоа што ЦК на КПЈ инсистираше за решавањето на многу сериозните спорни прашања во односите меѓу двете партии и клучни проблеми во врска со снабдувањето на ДАГ со воен и друг материјал од Југославија и други земји кои се транспортираше во Грција преку Југославија, да разговара со член на Секретаријатот на ПБ на КПГ, грчкото партиско раководство поради тоа што не доби

за тоа согласност од Советите, не го прифати тоа барање од КПЈ Раководството на КПГ инсистираше разговорите да ги води Милтијадис Порфирогенис, кој бил само член на ЦК на КПГ. Раководството на КПЈ на крајот се согласи односно прифати да разговара со Порфирогенис. Разговорите од страна на КПЈ ги водел Крсто Попивода.

Порфирогенис во Белград ги повтори истите клевети и обвинувања против Југославија и ги постави истите барања. Конкретно Порфирогенис во текот на разговорите со Попивода побара;

1) Југославија да не им дава азил на " дезертери" и на бегалци од Егејска Македонија,

2) да престане со испраќање на " агенти" и да "организира дезертетства",

3) да им се дозволи и овозможи да извршат мобилизација на македонските бегалци,

4) да се изолират "разбивачите" и "клеветниците" на борбата на грчкиот народ кои наводно делуваа во Скопје и

5) да се дозволи формирање на организации на НОФ-АФЖ меѓу редовите на политичката емиграција од Егејска Македонија во Југославија.

Според извештајот на М.Порфирогенис што му го достави на ПБ на ЦК на КПГ на 16 февруари 1949 година, Попивода на горните провокативни барања на Порфирогенис, одговори: "Југославија даде азил и прифати повеќе илјади Македонци. Од нив околу 2000 се вратија назад и стапија во редовите на ДАГ, а КПЈ помогна во тоа. "Попивода во продолжение аргументирано ги разобличи сите тврдења на Порфирогенис оквалификувајќи ги како груби клевети и изрази чудење за таквиот однос на грчкото партиско раководство спрема Југославија која повеке од три години сестрано и несебично ја помага борбата на грчкиот народ. И после резолуцијата на Инфорбирото, нагласи Попивода, Југославија не го изменила својот став и политиката спрема грчкото движење и продолжува да го помага во границите на своите можности. Меѓутоа продолжувањето на помошта Попивода го услови со решавањето на некои принципиелни прашања за што ЦК на КПЈ на 8 февруари 1949 година покани на разговор еден член од раководниот врв на КПГ.[204)]

Поради некоректното и провокативното држање на претставникот на КПГ, не можело да се очекува разговорите да завршат со успех. Тој през целиот тек на разговорите ја обвинуваше Југославија за непријателска дејност против грчкото демократско движење. Порфирогенис беше толку безобзирен и препотентен што бараше од името на револуцијата што ја води КПГ, Југословените да минат преку сето тоа, што значи да ги прифатат обвинувањата врз себе, а од друга страна да продолжат да ја помагаат ДАГ, да дозволат присилна мобилизација и репатриација на Македонците бегалци со цел да бидат префрлени во Албанија и другите инфорбировски земји. Поради тоа што раководството на КПГ не го прифати предлогот на ЦК на КПЈ да се одржи средба на највисокото ниво и не се откажа од клеветите против Југославија, мисијата на Порфирогенис и на делегацијата на НОФ заврши со неуспех.

г) Средба на делегацијата на НОФ со секретарот на ЦК на КП на Македонија

При престојот на делегацијата на НОФ во Скопје била примена и разговарала со секретарот на ЦК на КП на Македонија. По барање на Никос Захарјадис на 4 март 1949 година во врска со тој разговор Пашкал Митровски поднесе извештај.

Поради тоа што секретарот на ЦК на КПМ на делегацијата на НОФ и го изнесе официјалниот став на КПЈ - КПМ спрема борбата на грчкиот и македонскиот народ, како и за причините што доведоа до влошување на односите меѓу двете партии, извештајот на Митровски го поместуваме во целост:

"Др. Захаријадис,

Во врска со извештајот што вчера ми го побаравте околу разговорите што ги водевме со Л. Колишевски, го наведувам следното:

1) Неговиот дух беше многу пријателски на грчкото демократско движење. Рече дека тие ја помагаа и ке продолжат да ја помагаат колку што можат, борбата на грчкиот и на македонскиот народ за победата на демократијата во нашата земја-фактор што одлучно ќе помогне на мирот и на демократско-социјалистичката изградба и стабилност на Балканот, дека нивната земја од самата своја позиција на народно-демократска-социјалистичка основа, беше и ке остане фактор за победата на народно-демократското движење во нашата земја.

2) Разговаравме околу обездомените Македонци кои поради теророт ги напуштија своите домови. Ми рече дека обездомените Македонци бегалци отворено изразија желба да преминат во НР Македонија, но ние ги спречивме. Ја поставивме алтернативата или да одат во Албанија, или да се вратат во своите домови и дека многу од нив спротивно на нивната волја беа испратени во Албанија. Тврдеше дека таа мерка не е правилна, бидејќи раѓа недоверба, е во судир со вистинските желби на Македонците од Егеј и го руши единството меѓу македонскиот народ. Во тој контекст тоа претставува и една манифестација што манифестира една неправилна акција и расположение спрема НРМ.

Исто така тврдеше дека овде кај нас постои тенденција да не се признае улогата, придонесот и помошта на Југославија на нашата борба. Да се култивира тој дух и слични манифестатици, не му користи на демократското движење на нашата земја, го руши внатрешното единство на самиот македонски народ и единството со грчкиот народ, создава нестабилност и расположение и ја слаби неговата борбеност.

Македонските маси ја сакаат и ќе ја сакаат НР Македонија, бидејќи ја сметат како општа придобивка на целиот македонски народ. Секое настојување за истиснување и игнорирање на таа стварност само негативно може да се одрази врз борбата на грчкиот и македонскиот народ од Егејска Македонија.

Вчера ми рековте дека нашата политика по прашањето на ИБ КПЈ е утврдена и дека без отстапување од тој став ќе ги продолжиме нашите напори за да успееме во решавањето на проблемот на резервите. Се разбира без отстапки можат да продолжат напорите со цел да се решат проблемите со КПЈ како би успеале да донесиме 5000 луѓе што не е само една решавачка сила за решение на проблемот на нашите резерви, туку една сила за стабилизација, единството и одлучен пресврт во омасовувањето и зајакнувањето на македонското народно-ослободително движење, така што да е способно и готово да се соочи со сите тешкотии на борбата и правилно да ги раководи националните перспективи..."[205]

Г Л А В А XVI

ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ

Како што наведовме одлука за свикување на Вториот конгрес на НОФ донесе II-от Пленум на Главниот одбор на НОФ одржан на 3 февруари 1949 година. Наредниот ден односно на 4 февруари Извршниот одбор на НОФ одржа седница на која беше усвоена програма за претконгресна активност, дневниот ред на конгресот, референтите, клуч за избор на делегати и други поединости. Беше одлучено на Конгресот да учествуваат и делегати од македонската емиграција и ранетите македонски борци наДАГ во соседните земји и тоа: од македонската емиграција во Југославија 50 делегати, од Бугарија 30, од Албанија 30 и од другите народни републики каде имало Македонци инвалиди и ранети по 10 делегати. За реализација на таа одлука, како што на друго место наведовме, во Југославија беа испратени Паскал Митровски, Крсто Манговски и Марика Елкова, во Бугарија Велаки Мичо и Герман Дамовски, во Албанија Лазо Поплазаров и Хрисанти Цанзовска, а во Романија, Унгарија и другите земји во кои имало ранети и инвалиди задачата требало да ја вршат Андон Сикавица и Уранија Пировска. Наведените претставници, освен организирањето на конференции за избор на делегати, имале задача во согласност и помош од надлежните фактори на тие земји, да регрутират борци за ДАГ од редовите на македонската емиграција. Од Југославија не дојдоа поради конфликтната ситуација во односите меѓу двете партии, а од Бугарија поради тоа што бугарските власти забранија да се свикат изборни конференции. На седницата исто така беше одлучено Паскал Митровски и Михал Мањо за органот на Информбитото "За траен мир и демократија" напишат статија под наслов: "Борбата на Македонскиот народ".

На 15 март 1949 година во с.Попли, Леринско, во присуство на генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис, секретаријатот на Извршниот одбор на НОФ одржа состанок на кој беше разгледан и прифатен рефератот односно извештајот на Главниот одбор за Конгресот.

Во текот на февруари и март беа одржани месни, реонски и окружни изборни конференции. На окружните конференции за Кос-

турско и Леринско кои беа одржани на 21 и 22 март, покрај избор на делегати за Конгресот, беа поднесени и извештаи за дотогашната работа на организацијата и избор на нови раководства. Исто така и во единиците на ДАГ и помошните служби на ДАГ беа одржани состаноци на кои беа избрани делегати за Конгресот.

На конференциите и состаноците и други манифестации, во духот на новиот став на КПГ по македонското прашање, се зборуваше дека Конгресот ке ја прокламира желбата на македонскиот народ кога ке се ослободи да го уреди својот живот, државниот и општествениот поредок како што самиот сака, обединет со своите браќа и во братска дружба и взаемна помош со сите демократски народи.

Конгресот на НОФ е одржан на 25 и 26 март 1949 година во с. Попли, Леринско. На Конгресот присуствуваа 700 делегати од слободните и полуслободните села, од единиците на ДАГ и од македонските политички бегалци во Албанија. На Конгресот присуствуваа претставници на КПГ и другите демократски партии и организации, од ДАГ, а од Пиринска Македонија делегација од пет члена на чело со Ристо Калајџиев.

Конгресот работаше по следниот дневен ред:

1) Извештај меѓу двата конгреса, референт Вангел Којчев
2) Извештај за идеолошката работа во НОФ, референт Павле Раковски
3) Некои измени и дополнувања во Програмата и Статутот на НОФ, референт Михал Малио.

Во политичкиот реферат на Вангел Којчев, во рефератите на Раковски и Малио и во дискусијата е констатирано сенародно учество на македонскиот народ во ослободителната борба. Конгресот ги подвлече успесите, но истовремено укажа и на недостатоците, на тешкотиите и пречките на организацијата.

Во дугот на настојувањето на Захарјадис да го вклучи македонскиот фактор во антијугословенската кампања, грубо беа нападнати и наклеветени како разбивачи на борбата раководителите на НОФ кои тогаш се наоѓаа во НР Македонија и му се спротивставија на политиката на Захарјадис по македонското национално прашање и спрема Југославија.

Спротивно на моменталната фактичка положба, организаторите на Конгресот вложуваа напори да ја прикријат нарушената борбена врска на организацијата НОФ со македонскиот народ создадена и градена во текот на четиригодишната непомирлива борба против монархофашизмот. Непобитен е фактот дека НОФ до Првиот свој пленум беше верниот и доследниот борец и раководител на борбата на македонскиот народ за неговата слобода и национално воспоставување. ВОФ през целиот тој период беше организаторот и идеолошко-националниот вдахновител на народната револуција на македонските маси. Точно овде може да се види суштинската содржина, закономерното потврдување на способноста на организацијата НОФ да се оформува во една единствена политичка, борбена сила што ги концетрира и борбено активира широките работни и патриотски маси на македонскиот народ. Тој беше еден цел процес на сурова борба на македонскиот нарот против монархофашистите и тугите интервенти. Меѓутоа тој драгоцен процес прекинат како разултат на прифаќањето и примена на пракса на злогласната резолуција на ИБ од страна на КПГ.

Взр основа на таквата оцена на ситуацијата, определувањето на силите на борбата, на успесите и придобивките, Конгрсот ги потцрта перспективите за извојувањето на победата. Конгресот го определи својот карактер како воен и организатор на победата и задачите што произлегуваат од тоа за членовите и кадрите на НОФ и македонските борци во ДАГ;широко популаризирање на правото на самоопределување, националната и државната слобода на македонскиот народ, чувањето и зајакнувањето борбеното единство меѓу македонскиот и грчкиот народ, борба против секаков вид на националистичка и шовинистичка манифестација, морално-политичко, борбено и национално единство на македонскиот народ, организационо и идеолошко единство во редовите на организацијата НОФ и нејзиното раководство; мобилизација на сите сили и средства за зајакнувањето на ДАГ; претворување на организациите на НОФ во борбени организации и нивното оспособување успешно да ги извршуваат борбените и воените задачи и да ги раководат масите во исполнувањето на задачите; помош на ПДВ, на народните одбори и воопшто на народната власт за зацврстување и проширување на народно-демократскиот режим во слободните територии; развој и зајакнување на будноста и борбата против непријателската шпиунска дејност и друго. За реализација

За реализација на погорните задачи Конгресот прифати разни мерки како што се: организационо зацврстување на организациите НОФ-АФЖ; правилно и редовно внатрешно-организационо функционирање на раководните органи и нивниот демократски внатрешно-организационен живот сосгласно Статутот на организацијата, масовна политичка и просветна работа итн.

Задржувајки се посебно на учеството и придонесот на Македонката во борбата, Конгресот констатира дека меѓу двата конгреса организацијата АФЖ претставуваше решавачки фактор во масовизираниетo на движењето. АФЖ успеа да ги активира сите македонски жени, да ги обедини во еден национален сенароден борбен фронт, да вклучи во редовите на ДАГ илјади боркињи и воопшто да претставува,внатре во НОФ, еден сериозен и решавачки фактор за успешно реализирање на конгресните решенија.

Со масовното учество на Македонката во војната, со својата пожртвуваност на првата линија на фронтовите Грамос-Вичо и задницата, АФЖ се здоби со авангардно право место во женското движење во Грција, констатира Конгресот.

Погорните констатации и оценки и усвоените заклучоци и задачи на Конгресот се декларативни и имаат пропаганден карактер и цели, бидејќи НОФ во тоа време делуваше во голема мера форумски. Организации на НОФ-АФЖ постоеа многу малку, поради тоа што поголемиот дел од македонското население од Костурско(реонот на Нестрам, Костанаријата и Грамос) беше евакуирано во Албанија, а од Воденско во Југославија. Млуброjното македонско население од Корештата и Леринско целосно беше вклучено во регуларните единици и во помошните служби на ДАГ. Во источна Македонија од субјективни а повеке од објективни причини малуброjните организации на НОФ-АФЖ беа растурени или не делуваа. Формирање на организации на НОФ-АФЖ во регуларните единици и помошните служби на ДАГ не беше дозволено. Една таква манифестација на Захарјадис му беше потребна со цел да "докаже" дека во дело го спроведува новиот став по македонското прашање, да го отстрани разочарувањето и недовербата на Македонците, да го оправда и поткрепи настојувањето за тоталното мобилизирање на македонците бегалци во Југославија, Бугарија и Албанија.

Од страна на КПГ Конгресот го поздрави генералниот секретар Никос Захарјадис, од страна на ДАГ генерал потполковникот

Костат Караѓоргис, од Земјоделската партија на Грција Ташос Вурнас и други.

Захарјадис во својот говор главно се задржа на тие прашања поради што беше свикан Конгресот. Тој откако му даде големо признание на македонскиот народ за масовното учество и огромниот придонес во борбата, побара од него уште повеке да ги активира своите сили во борбата како би 1949 година биде година на победата. Тоа значеше не само мобилизација на Македонците и Македонките што живееле во Егејска Македонија, туку и на оние кои како политички бегалци се наоѓаа во соседните земји. Според планот на раководството на КПГ, во 1949 година требало да бидат регрутирани уште 5000 Македонци и Македонки што изнесуваше една третина од планираниот број за регрутирање во 1949 година. Тоа значи Македонците кои изнесуваа 1/20 од вкупниот број на населението во Грција, ќе требаше да го понесат главниот товар на борбата. Неспорно е дека револуцијата бара жртви и тие не можат равномерно да се распоредат. Меѓутоа состојбата во која се наоѓаше НОД на Грција во почетокот на 1949 година прашањето на резервите на ДАГ не можеше да биде решено со тоталната мобилизација и оние Македонци кои се наоѓаа надвор од Егејска Македонија.

Во продолжение Захарјадис се задржа на единството меѓу грчкиот и македонскиот народ како еден од решавачките фактори за победоносен исход на вооружената борба. Зборувајќи за многубројните непријатели кои на разни начини настојаваа да го поткопат борбеното единство меѓу двата народа, ги обвини и македонските раководители на НОФ кои се наоѓаа во НР Македонија. Овој настап на Захарјадис и даде смер на дискуцијата односно ја потикна антијугословенската кампања, што беше еден од целите за свикувањето на Конгресот.[206)]

Во исти дух зборуваше и претставникот на ГШ на ДАГ Костас Караѓоргис.

Откако на крајот беше избран Главен одбор на НОФ, Конгресот усвои резолуција, идни задачи, прокламација до македонскиот народ, некои измени во Статутот и Програмата на организацијата, декларација дс Светскиот комитет за одбраната на мирот и други документи.

Конгресната прокламација го повикуваше македонскиот народ на натамошни напори во борбата, а во однос на целите на борбата во прокламацијата, меѓу другото, се вели: "...Македонскиот народ со неговата борба и жртви, со досегашните придобивки го прокламира своето решение да се бори за своето национално ослободување, за извојување на слободен национален и општествен живот како што самиот сака..."[207)]

Овој став, како што може да се види погоре, беше изнесен и во говорот на Захарјадис и Караѓоргис и како што се гледа е прилично разводнет, а ставот на прогласување на независна македонска држава објавен пред Конгресот, беше распуштен.

Од резолуцијата интересно е да се наведе делот на кој се однесува ставот на Конгресот, поточно речено наметната на Конгресот, спрема оние раководители и членови на НОФ кои не се согласија со резолуцијата на Инфорбирото. Тие во конгресната резолуција се наречени предавници, саботери, разбивачи и сл.

За 1 април 1949 година беше закажана седница на Извршниот одбор на НОФ за избор на Претседателство на организацијата. На 28 март Паскал Митровски писмено му се обрати на Захарјадис во врска со квалитетите што требало да ги поседуваат луѓето што ќе го сочинуваа раководниот врв на НОФ. Во писмото Паскал наведува дека новото раководство треба да биде единствено, способно и борбено. Да обезбеди сплотеност, стабилност, да го одразува пулсот и внатрешното единство итн. Паскал на крајот го моли Захаријадис пред одржувањето на седницата, да се сретнат за да продискутират околу тоа прашање.[208)]

За сега не успеавме да констатираме дали е одржана предложената средба меѓу Захаријадис и Паскал. Меѓутоа факт е дека Паскал на Вториот конгрес на НОФ повторно стана првиот човек на организацијата. Имено на седницата на Извршниот одбор на НОФ на предлог на Захарјадис за претседател на Претседателството на НОФ беше избран Паскал Митровски, за потпретседател Вера Николова, за секретар Михал Малио, а Павле Раковски и Вангел Којчев за членови. Два дена потоа односно на 3 април 1949 година со реорганизацијата на Привремената демократска влада Паскал Митровски во својство на претставник на НОФ доби министерски ресор, а Вангел Којчев член на Воениот совет на ДАГ.

Таквите кадровски промени и унапредувања во НОФ за неупатените во комбинациите на Захарјадис претставуваат изненадување. Од петте членови што беа избрани во Претседателството, трите беа од старото раководство на НОФ кои на августовскиот пленум на НОФ беа отстранети и заменети со доверливи луѓе на Захарјадис. Се поставува прашањето: Дали се изменил Захарјадис, или раководителите на НОФ? Од настаните што уследија Захарјадис не само што не го изменил односот спрема македонското движење и Југославија, туку уште повеке непријателски го заостри. Што значи преку овие луѓе од раководството на НОФ ќе требаше Захарјадис да ја спроведува својата и инфорбировската политика спрема македонското движење и Југославија. Дали тие луѓе му го обезбедуваа тоа? Дали Захарјадис згрешил во своите комбинации и махинации? Или раководителите на НОФ станаа негови послушни орудија? На овие сложени прашања ќе одговориме преку анализа на многу бурните настани што уследија. Захарјадис, а не само тој,тврдеше дека поновото вклучување на старите кадри во раководниот врз на НОФ и претставувањето на НОФ во ПДВ и во Воениот совет на ДАГ, го сторил со цел да обезбеди уште поголема масовност на Македонците во редовите на ДАГ. Ово тврдење, како што повеќе пати истакнавме, не одговара на вистината, бидејќи учеството на Македонците во борбата од многу одамна беше обезбедено.

Г Л А В А XVII

Комунистичката организација на Егејска Македонија-КОЕМ

1) Основачки состанок на КОЕМ

На II-от Пленум на НОФ одржан на 3 февруари 1949 година генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис во својот говор изјави дека во духот на новиот став на партијата по македонското прашање скоро ќе се пристапи кон формирање на засебна македонска комунистичка организација како составен дел на КПГ. Тоа решение на Захарјадис беше поставено како една од најважните задачи за реализирање во резолуцијата на Пленумот.

Согласно тоа решение на 27 март 1949 година, наредниот ден од завршувањето на II-от Конгрес на НОФ, во присуство на Захарјадис, беше свикан оснивачки состанок на 163 македонски комунисти-делегати на Конгресот - во кој спроведувајки го решението на КПГ, решија да се формира комунистичка организација на Егејска Македонија - КОЕМ, со политичка, партиска и организациона самостојност.

На состанокот реферат за причините за формирање на КОЕМ и нејзино значење поднесе секретарот на партиската фракција при Извршниот одбор на НОФ Михал Малио.

Референтот откако ја измесе положбата на македонскиот народ под грчка власт, акциите и мерките на грчката реакционерна власт да го уништи, асимилира и го изгони од својата татковина, неговиот отпор против таквата политика, за придобивките од борбата, во врска со значењето на КОЕМ и нејзините задачи, меѓу другото, рече: "... КОЕМ е нова, најголема придобивка на Македонците комунисти и на македонскиот народ и претставува најосновниот фактор на сигурност за победата на нашиот народ.

Нејзиното создавање се појавува како една неопходна потреба од самиот општествениот развој и политичкото осознавање и зрелост на нашиот народ , од самиот развој на нашето движење кое бара обезбедување на свесна раководна авангарда. Комунистите

обединети со КОЕМ, и сполетени под својата организација ќе го ослободат социјално нашиот народ, решително ке ја унапредат нашата борба, ќе активират нови сили во борбата за ослободување на Грција од англоамериканскиот империјализам, за победата на демократијата и независноста на земјата, за нашата национална и социјална слобода.

КОЕМ организатор и раководител на НОФ ќе ги вложи сите сили за да го направи НОФ уште помасовен и силен, еден вистински сенационален фронт на борба на нашиот народ, ќе го сочува своето внатрешно, организационо, политичко и идеолошко единство уништувајки ги сите разбивачки елементи.

Со непрекидно секидневно испитување на нашето минато ќе ги вскрсни нашите најсветли национални и демократски традиции и поврзувајки ги со борбените принципи на НОФ ќе ги претвори во идеали и задачи во секидневната работа и дејност на секој член на НОФ и така ќе создаде кај нашиот народ здрава нофитска свест што да го одразува народот и неговото движење, да ги симболизира неговите цели. И внатре на тој процес, проочувајки ги специфичностите на нашето движење ќе ги осветлиме со светлината на марксизмот нашите македонски патишта уништувајки ги сите разбивачки елементи. КОЕМ како самостална партиска организација и политичка единица припаѓа на КПГ.

Таа врска не е формална. Е материјалниот практичен израз на врската на нашето движење во целото грчко демократско движење, неговата врска со грчко-буржоаско демократски проблем чие решение го сакаат грчките демократ-ски снаги -ДАГ и ПДВ, пто претставува најосновниот предуслов за решавање на нашето (македонско) прашање..."[209)]

На крајот од состанокот беше избрана организациона комисија во состав: Михал Малио, Вангел Којчев, Паскал Митровски, Ставрос Кочопулос, Вера Николова, Вангел Ничев, Уранија Пировска, Христо Коленцев и Ташко Хацијанов со задача да раководи со подготовките за свикување на Семакедонска конференција на КОЕМ во која преку редовна демократска процедура ќе се избереше раководство на организацијата. Организационата комисија на КОЕМ на првиот свој состанок го избра за секретар Михал Малио.

Организационата комисија имала задача да ги подготви организационите основи на КОЕМ, односно по пат на коптација формира времени окружни и реонски раководства и да раководи со целокупната работа на организацијата до одржувањето на првата земска конференција во која ќе се избереше редовно раководство.

Привремени окружни раководства на КОЕМ беа формирани за Леринско со секретар Христо Коленцев, за Костурско со секретар Стерјо Дачо, за Воденско, Енице-вардарско и Сѐрско.

Основни организации на КОЕМ беа формирани само во неколку села во Костурско и Леринско, бидејќи во времето кога се поставуваа првите нејзини основи и се оформуваше, поголемиот дел од македонското население се наоѓаше на фронтот, а останатиот дел беше пребегнато и евакуирано во соседните земји. Освен тоа векот на КОЕМ беше многу краток-неполн четири месеци - а во регуларните единици и помошните служби на ДАГ не беше дозволено да се формират организации на КОЕМ. Според тоа работата на КОЕМ се одвиваше форумски.

Според постоеките извори келии на КОЕМ беа формирани во с. Ѓерман на 23 април, во с. Оровник на 27 април, во с. Дреново, Преспанско на 20 мај итн. Ќелиите на КОЕМ претежно беа формирани од активни членови на АФЖ, бидејќи скоро сите машки лица служеа во редовите на ДАГ.[210)]

2) Заеднички состанок на раководствата на КОЕМ-НОФ

На 7 април 1949 година во присуство на лидерот на КПГ Никос Захарјадис раководството на НОФ и организационата комисија на КОЕМ одржаа заеднички состанок.

Состанокот работеше по следниот дневен ред:

1) план за работата на организацијата НОФ по II-от конгрес на НОФ.

2) распоред на членовите на КОЕМ и на Извршниот одбор на НОФ за работата на теренот. Според распоредот кадрите ги добиле следните задолженија:

Паскал Митровски да ја одржува врската меѓу КПГ, ГШ на ДАГ и НОФ, да го подготви обновувањето на младинската организација НОМС и непосредно да раководи односно да ја помага организацијата на НОФ во Леринско.

Михал Малио да ја координира работата меѓу КОЕМ и НОФ за која цел ке соработува со Паскал Митровски и ке ја помага организацијата на НОФ во Костурско. Павле Раковски ке раководи со Одделението на Аги-проп на НОФ. Вангел Којчев во својство на член на Воениот совет на ДАГ да ја организира идеолошката работа на македонските борци во редовите на ДАГ и да ја следи и помага работата на одговорните за Македонците во единиците на ДАГ, да дава предлози за произведување и унапредување на македонски партизани во офицери односно во повисоки чинови во ДАГ, да се занимава со жалбите, молбите и претставките на македонските борци на ДАГ и членови на НОФ. Лазар Поплазаров да замине во артилериските единици на ДАГ и таму да врши анализа на конгресните решенија. Пандо Вајнас ке одржи предавање за значењето на II-от конгрес на НОФ и придобивките на македонскиот народ пред македонските борци на XI-та дивизија на ДАГ и ќе работи околу спречувањето на дезертерствата. Ташко Хаџијанов ќе ја следи и ќе ја помага организацијата на НОФ во Воденско. Минчо Фотев и Уранија Пировска ке ја помагат организацијата на НОФ во Леринско односно Костурско, а Вангел Ничев ќе раководи со организацијата НОФ во Источна Македонија, Паскал Паскалевски ќе работи со Одделението на Агит-проп на НОФ и Ставрос Кочопулос , претставник на ПДВ за Западна Македонија, ќе работи за спроведувањето на решенијата на II-от конгрес на НОФ со сите окружни одбори на народната власт.

На крајот зборуваше генералиот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис кој грубо ја нападна политиката на Југославија и им се закани на одделни раководители на НОФ кои уште беа под влијание на КПЈ.

На состанокот исто така се одлучи Павле Раковски и Вера Николова како претставници на НОФ-АФЖ да присуствуваат на Светскиот конгрес на мирот кој се одржа во третата декада на април 1949 година во Прага, а Тане Наумов, Тодор Коцев-Виктор и Вангел Ничев да заминат во Бугарија со задача да свикат конференции со Македонците бегалци на кои да ги анализират решенијата на II-от конгрес на НОФ и од редовите на македонската емиграција во Бугарија регрутират борци за ДАГ. Откако ке ја свршат таа задача Вангел Ничев, Тодор Коцев-Виктор и Вера Николова отидат во Источна Македонија со цел да ја зајакнат организацијата НОФ.

Во април 1949 година на пат за Бугарија и Чехословачка, делегацијата на НОФ препагувајќи низ Скопје, со исклучок на Тодор Коцев-Виктор, се состана со старите раководители на НОФ Михаило Ќерамитчиев, Илија Димовски-Гоце, Вангел Ајановски-Оче и Стерјана Вангелова-Славјанка. Во разговорите што беа водени членовите на делегацијата беа запознати со ставовите и причините поради кои старите раководители на НОФ одбија да учествуваат на II-от конгрес на НОФ.

Делегацијата на НОФ во Софија пристигна во втората половина на април. Нејзината мисија да свикат собранија со македонските бегалци и од нивните редови регрутират борци за ДАГ целосно не успеа. Тоа се должи, покрај другото, на политиката на КПБ према македонското национално прашање и на фактот што токму во деновите кога делегацијата на НОФ пристигна во Софија, советското раководсто му наложи на раководството на КПГ да ја прекине вооружената борба. Во врска со тоа Никос Захарјадис беше повикан во Москва и му беше соопштено наведената одлука. Одлуката ја образложи со тоа што наводно има информации дека Американците во летните операции против ДАГ ќе ја нападнат и ќе ја окупират Албанија. Советскиот сојуз поради прекинувањето на своите односи со Југославија не може да и помогне на Албанија, и затоа ќе треба да не им се даде повод. Во духот на таа одлука Бугарите ги затворија своите граници према Грција, ги затворија претставништвата на ПДВ во Бугарија, односно прекинаа да ја помагаат ДАГ.

На делегацијата на НОФ откако ја држеа неколку дена изолирана без право слободно да се движи, и наредија да ја напушти Бурагија. Павле Раковски и Вера Николова отидоа во Чехословачка, Тодор Коцев-Виктор и Вангел Ничев во Источна Македонија, Тане Наумов преку Југославија се врати во Вичо.

3. Одговор на раководителите на НОФ на клеветите од страна на КПГ.

На 24 април 1949 год. претставникот на НОФ Павле Раковски пред Светскиот конгрес на мирот во Прага зборуваше за борбата што ја водел македонскиот заедно со грчкиот народ под раководството на КПГ за национална и социјална слобода. Потоа делегацијата се врати во Софија. Вера Николова им се придружи на Тодор Коцев-

Виктор и Вангел Ничев, а Павле Раковски преку НР Македонија се врати во Вичо, односно Егејска Македонија. Раковски минувајки низ Скопје во мај 1949 година поново се сретнал со Михаило Керамитчиев и Илија Димовски-Гоце кои му предадоа писмо адресирано до ЦК на КПГ.

Како што веке наведовме покренатата клеветничка кампања на раководството на КПГ против раководителите на НОФ Михаило Керамитчиев, Илија Димовски-Гоце и Вангел Ајановски-Оче, кои по задача на Захарјадис престојуваа во НР Македонија, од ден на ден се наоструваше и добиваше се пошироки димензии. Од видот и содржината на клеветничите напади и од настаните што уследија, тоа беше добро планирана акција и претставуваше составен дел на пошироката афера и информбировска кампања против Југославија. Таа гнасна акција на раководителите на КПГ започна уште во јуни, особено се заостри на седницата на ПВ на ЦК на КПГ одржана на 15 ноември 1948 година на која се расправаше за судирот меѓу командантот на ГШ на ДАГ Маркос Вафијадис и генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис. На седницата беше наклеветена Југославија за разбивачка дејност во редовите на грчкото и македонското ослободително движење. Два месеци покасно, на V-от пленум на ЦК на КПГ се потврди истото. Во телеграмите на ЦК на КПГ до ЦК на КПЈ во февруари и март 1949 година се изнесуваа клевети против наведените раководители на НОФ дека во Скопје под заштита и потикнување на македонските власти претставуваат центар за разбивачка дејност против ДАГ, за организирање на дезертерства од ДАГ, прошаѓирање за приклучување на Егејска Македонија кон Вардарска Македонија и слично. Исти клевети беа изречени против тие раководители и на II-от Пленум и II-от Конгрес на НОФ, во разговорите на грчките партиски раководители Милтијадис Порфирогенис и Петрос Русос во февруари и април 1949 година во Скопје и Белград со раководителите на КПЈ, на оснивачкиот состанок на КОЕМ и други манифестации. И покрај категоричното отфрлување на клеветите од страна на раководителите на КПЈ дека во Југославија ниту постои и ниту можело да постои организирана група која да делува против демократското движење на Грција, раководството на КПГ одејќи по утврдениот план уште повеке ја заостручаше антијугословенската хајка.

Споменатите раководители на НОФ соочени со една многу неповолна состојба, по долгогодишна револуционерна дејност да бидат напаѓани и клеветени како предавници и дезертери, нивниот престој во Југославија да се користи за антијугословенски махинации и игри, а немајки други начини да се бранат, се одлучија писмено да одговорат.

Во наведеното писмо македонските раководители Илија Димовски-Гоце и Михаило Керамитчиев одговараат односно ги побиваат клеветите на грчкото партиско раководство дека се фракционаши, кариеристи, разбивачи на единството на демократското движење, дека пропагираат за приклучување на Егејска Македонија кон Вардарска Македонија и слично. Во продолжение тие аргументирано ја изнесуваат погрешната политика и практика на грчкото партиско раководство спрема македонското национално прашање како во текот на НОВ така и во текот на Граѓанската војна. Покрај другото, во писмото наведуваат податоци за изигрување на спогодбата за обединување меѓу НОФ и КПГ но ноември 1946 година, за предупредување и смислен расцеп на македонското раководство во два спротивни табора со цел целосно потчинување на организацијата НОФ и македонското национално-ослободително движење, нерамноправен третман на Македонците во ДАГ, ПДВ, во органите на народната власт, за неоправдани убиства на Македонци од ДАГ, присилно евакуирање на македонското население од Костурско и Леринско во Албанија спротивно на нивната желба да преминат во ВР Македонија, расформирањето на македонските партизански единици, забрана на секаква врска меѓу Македонците од Егејска со Вардарска Македонија и слично.

На крајот Керамитчиев и Илија Димовски-Гоце за надминување на конфликтите во односите, а во интерес на самото движење, му предложија на грчкото партиско раководство да дозволи формирање на македонски единици со свој штаб во состав на ДАГ, отстранување од раководството на НОФ на неговите противници Ставрос Кочопулос, Ташос Гушопулос-Макис и други, да им се овозможи на Македонците да се школуваат на македонски јазик, да се воспостават слободни културно-просветни врски и односи меѓу македонскиот народ од Егејска и Вардарска Македонија, НОФ слободно да агитира дека КПЈ правилно го реши македонското прашање, а од ВКП не е решено, меѓу македонските партизани и во заднината да се забрани пропагандата

против Југославија , да се анулират сите клевети против раководителите на НОФ, да се востостави и негува револуционерна критика и самокритика, да признае дека таа е(КПГ) најмногу виновна за сите досегашни лоши состојби во НОФ и по македонското национално прашање. На крајот Керамитчиев и Гоце за сето тоа побараа да се состави писмен договор и изјавија дека се решени со многу илјади Македонци да се вратат во Грција за да ја продолжат борбата.[211)]

3. Активот на КОЕМ

На 20 јуни 1948 година се одржа актив на КОЕМ организиран од ПВ на ЦК на КПГ. Како повод за свикувањето на Активот беше искористено горенаведеното писмо на Михаило Керамитчиев и Илија Димовски-Гоце. Меѓутоа писмото беше само повод, а не суштинската причина за свикувањето на Активот. Целта беше клеветите и кампањата искажани во разни форуми и по разни поводи до тогаш да се сумират во еден официјален документ зад кој да стои раководството на македонското ослободително движење. Требаше македонскиот раководен фактор да јапотврди најгнасната клевета на захаријадисовото раководство дека КПЈ "како агент на империјалистите" уште од 1943 година делуваше за разбивање на НОД на грчкиот и македонскиот народ"

Еден таков документ му беше потребен на Захарјадис со цел вината за поразот на ДАГ од себе да ја префрли врз КПЈ и врз НОФ. Усвоениот документ од активот наречен "Резолуција на раководниот актив на КОЕМ за националистичката-издајничката клика Керамитчиев-Гоце" врз која ќе се осврнеме во продолжение, претставува "самообвинување" на Македонците и му послужи на Никос Захаријадис како основа во водењето на антијугословенската кампања и за оправдување на репресалите што ги изврши врз Македонците во текот на борбата и во источно-европските земји. Последиците ќе ги видиме во натамошното наше излагање.

И со свој документ се потврди предвидувањето на ЦК на КПЈ изнесено во своите телеграми до ЦК на КПГ во март (1949) дека македонското национално прашање постана составен дел на информбировската антијугословенска кампања.

По завршувањето на Граѓанската војна дури и сега некои овој немил настан настојаваа и денес настојаваат да го прикријат. И кога тоа не им успева, шират гласови дека резолуцијата им била

наметната со сила од Захарјадис. Таквите тврдења се лишени од секаква основа и оправдувањата се излишни. Тие не само што го потпишаа документот-резолуцијата, туку со својата активна дискусија го подржаа во целост. Во Бугарија им послужи на Бугарите како материјал во антијугословенската кампања.

На Активот зедоа учество 45 членови и кандидати за членови на Главниот одбор на НОФ и политички и воени македонски кадрови на ДАГ кои се наоѓаа во подрачјето на планината Вичо, а од страна на ПВ на ЦК на КПГ Никос Захарјадис и Димитрис Парцалидис.

Активот се одржа во една пештера меѓу селата Орово и Нивици, Преспа, во реонот "Африка". Активот го отвори генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис. Тој,меѓу другото рече дека активот е свикан по повод писмото на Керамитчиев-Гоце и побара од присутните да им одговорат и да се изјаснат за "разбивачката дејност" на Титова Југославија од 1943 година против грчкото ослободително движење односно да ја прифатат резолуцијата против КПЈ. Захарјадис го оквалификува НОФ како агентурска организација, дека во Егејска Македонија делуваа три агентурски југословенски разузнавачки служби, дека убиството на Г. Зевгос во Солун, (член на ПВ на ЦК на КПГ) го изврши агент на ОЗНА, дека секој Македонец кој сакал да замини од Југославија со цел да стапи во движењето, морал да потпише изјава дека ќе работел во корист на една од разузнавачките служби и побара од Македонците да прекинат секаква врска со КПЈ заканувајки им се дека ако тоа не го сторат ќе ги снајде судбината на Гаљо и Гунари кои во јануари 1949 година беа стрелани од ДАГ како "Титови агенти".

Осврнувајки се на ставот на КПГ по националното прашање, Захарјадис,во духот на стратезите на Инфорбирото, настојуваше да ги разубеди Македонците дека Вардарска Македонија поради "преминувањето" на Југославија на страна на империјализмот, не може повеќе да претставува центар за обединувањето на македонскиот народ. И покрај тоа што раководството на КПЈ, како што наведовме се спротивстави на паролата "независна Македонија во рамките на Балканската федерација" исфрлена во февруарскиот пленум на НОФ, Захарјадис продолжувајки со клеветите, тврдеше дека тоа КПГ го стори под притисок на Југословените. Во истиот дух зборуваше и

членот на ПВ на ЦК Д. Парцалидис. Во текот на дискусијата на присутните им беше поделен текстот на резолуцијата.

По Захарјадис и Парцалидис зборуваа членовите на ЦС на НОФ и КОЕМ: Павле Раковски,[213] Минчо Фотев,[214] Лазо Поплазаров[215] Христо Коленцев,[216] Ламбро Чолаков,[217] Уранија Пировска,[218] Паскал Митровски,[219] и други.

Горенаведените и другите дискутанти во целост и без резерва ги прифатија клеветите и обвинувањата против КПЈ изречени од Захарјадис и Парцалидис и наведени во резолуцијата.

На крајот од дискусијата завршен збор одржа Никос Захарјадис. Тој откако на почетокот ја нападна Југославија како предавничка, констатира дека 90% од присутните ја прифатија во целост предложената резолуција, дека во раководството на НОФ имало агенти и слично.

Треба да истакнеме дека по говорот на Захарјадис беше разделен препис на споменатото писмо од Гоце - Керамитчиев и нацрт на резолуцијата со дата од 15 јуни 1949 година. Што значи резолуцијата беше пет дена порано подготвена од денот на одржувањето на состанокот. Сите присутни како што наведовме, по барање на Захарјадис се произнесоа и ги осудија Гоце и Керамитчиев како разбивачи на движењето и како Титови агенти. Тоа беше втора по значење цел. Резолуцијата, како што се гледа од нејзина содржина, имаше за главна цел да се обвини КПЈ и македонското ослободително движење предводено од НОФ за главни виновници за поразот на ДАГ.

Ете еден таков документ - резолуција прифатија и своерачно го потпишаа еден дел од македонските раководители на Егејска Македонија.

5. Резолуцијата на КОЕМ

Резолуцијата содржи 19 точки и и потписнички дел. Во првата точка се обвинуваат Керамитчиев и Гоце односно КПЈ дека во решавачкиот момент кога монархофашизмот се припремал да се пресмета со ДАГ во Вич, му притекаа на помош обидувајки се да го разбијат борбеното единство меѓу грчкиот и македонскиот народ.

Во втората точка се обвинува раководството на КПЈ дека својата "разбивачка" дејност против КПГ ја започна уште од 1944

со цел да ја обедини Егејска Македонија, организира клеветничка кампања против КПГ и создаде широка агентурска разузнавачка мрежа во редовите на движењето.

Во третата точка Керамитчиев и Гоце се оквалификуваат како главни "Титови агенти" кои со подршка од југословенските власти во Скопје формираа разбивачки центар со цел да организираат дезертерства од ДАГ и слично.

Така во сите останати точки на резолуцијата на КОЕМ се повторуваат сите оние клевети и обвинувања што ги содржеше резолуцијата на Инфорбитото против КПЈ.

Тврдејќи дека и денес веќе "предавството на Титовата клика" е откриено пред целиот свет и не може повеќе да се прикрие нејзиното потполно преминување во лагерот на империјализмот, во точка 5 од резолуцијата се напомнува дека се " разоткриваат и нејзините агенти во Грција".

Во точката 6 се "отфрлуваат" обвинувањата на Керамитчиев и Гоце дека КПГ ја изигра спогодбата за обединување меѓу КПГ и НОФ од ноември 1946 година тврдејќи дека КПГ водела само усни преговори со цел да спречи "фракционерската, поткопувачката и разузнавачката дејност на КПЈ внатре во КПГ".

Во 9 точка се зборува за обвинувањата на Керамитчиев и Гоце против КПГ за водење на погрешна политика по македонското национално прашање. И овде Захарјадис го повтори клеветничкото тврдење дека КПГ го изменила својот став по македонското прашање на својот V-от Пленум и ја исфрли лозинката "независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација" под притисок на КПЈ.

Во следните точки резолуцијата на КОЕМ се задржува на обвинувањата на Керамитчиев - Гоце дека раководството на КПГ мобилизира и деца од 13 до 15 годишна возраст од евакуирани деца во источно-европските земји, а ги отфрла и ги нарекува "империјалистички" барањата да се "амнестират сите Македонци кои побегнаа во Југославија". На крајот резолуцијата на КОЕМ "решително ја осудува "поткопувачката и разузнавачката" дејност на КПЈ во КПГ во Грција и НСД на грчкиот и македонскиот народ".

"КОЕМ прогласува ", се вели во резолуцијата, дека КПЈ го предаде народно-демократскиот лагер и дека народите на Југославија, меѓу кои и македонскиот, ги предава во рацете на империјализмот"...

Резолуцијата ја потпишаа 45 македонски комунисти, раководители на НОФ и КОЕМ со единствена забелешка дека другарот Павле Раковски гласа за резолуцијата и ја потпишува, изјавувајќи дека не правел пропаганда за Тито и за издајство што му го препишува "резолуцијата на раководниот актив на КОЕМ за националистичка предавничката клика Керамитчиев - Гоце".

Нема потреба да извршиме целосна анализа на целата содржина на резолуцијата, бидејќи сметаме дека тоа што го напоместивме е доволно да се сфати каков злосторнички документ претставува таа. Само мораме да забележиме дека насловот на истата не одговара на содржината и намената. Главна цел, како што повеќепати нагласивме, не беа наклеветените македонски раководители Керамитчиев и Гоце, туку КПЈ, раководството на КПЈ и македонското движење. Требаше раководството на КПГ да не остани назад од натпреварувањето што се спроведуваше во источно-европските земји во "откривањето на Титови агенти", во исфабрикувањето на обвинениј а и монтирањето на судски процеси за "разбивачка дејност на КПЈ" за загушување на ослободителното движење во рамките на генералниот план на американскиот империјализам и маршаловиот план за загушување на прогресивните ослободителни движења воопшто.

Раководството на КПГ имаше свои посебни сметки активно да се вклучи во таа клеветничка кампања против Југославија а тоа беа своите грешки и греови за трагедијата на грчкиот и македонскиот народ и негативниот исход на борбата, да им ги префрли врз Југословените што и го стори по поразот на ДАГ. Спрема тоа наведената резолуција не треба да се смета како резолуција на Македонците, туку на КПГ. Друго е прашањето што потписниците не најдоа сили да му се спротивстават на тој злобен и клеветнички подмолен документ со крајни многу лоши реперкусии за самите себе, за македонскиот народ и за целото македонско движење. Тие место да му наметнат на Захарјадис дискусија по прашањата што ги поставуваа во писмото Керамитчиев - Гоце, а со кои повеќето од нив интимно се согласуваа, наседнаа на неговата провокација и се

фрлија против наведените раководители и КПЈ, Не може да се верува, барем за еден добар дел од потписниците, дека не беа свесни за актот што го вршеа. Врз основа на обвинувањата во резолуцијата за "агентурска" дејност на НОФ во корист на Југославија и преку нејзе во корист на англиско-американскиот империјализам, ја "легаризира" започнатата хајка на ловење на вештици, односно на масовното гонење на Македонците како "Титови агенти", ликвидирањето на македонските национални организации НОФ-АФЖ-НОМС и против другите македонски институции и придобивки. Тоа даде можност за инфилтрација на антимакедонски елементи, на туѓи непријателски пропаганди (бугарската) кое нешто, за извесен период, многу негативно се одрази врз понатамошниот развој на македонската национална култура и просвета, процес започнат уште во 1945 година и особено во 1947 година во слободните територии на Егејска Македонија.

Усвоената резолуција од раководниот актив на КОЕМ беше анализирана во сите организации на НОФ-АФЖ и други организации. Таа послужи како средство за спроведување на една хистерична кампања против Југославија и нејзиното раководство.

6. Прва земска конференција на КОЕМ

Како што наведовме организациониот комитет на КОЕМ, покрај другите, ја имаше и задачата да го организира и спроведе одржувањето на првата земска конференција на КОЕМ за избор на редовно раководство. Откако беа формирани основни организации на КОЕМ, се пристапи кон одржување на месните, реонските и окружни конференции во кои беа избрани редовни раководства и делегати за реонските, окружните и земската конференција на КОЕМ.

Окружните конференции на КОЕМ се одржаа само во округзите Леринski и Костурски, а во Воденско, Гуменциско, Ениџевардарско и Серско-Драмскиот поради воените операции што се водеа тоа време во тие подрачја и пребегнувањето на населението преку граница, тоа не беше можно да се стори. Тие беа претставени од активисти на НОФ и КОЕМ и од припадниците на ДАГ. Според тоа во земската конференција на КОЕМ само од Костурско и Леринско учествуваа делегати одбрани по демократска процедура.

На 15 јули 1949 година одржана е окружната конференција на КОЕМ за Леринско на која присуствуваа 109 делегати од селските келии и претставници од ДАГ. На конференцијата присуствуваа и генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис, секретарот на КОЕМ Михал Малиов и други.

Конференцијата расправаше за свршената работа, ја анализира споменатата резолуција на раководниот актив на КОЕМ и избра редовен окружен комитет на КОЕМ.

Извештај за дејноста на окружната организација на КОЕМ поднесе дотогашниот времен секретар на КОЕМ Христо Коленцев-Кокинос. Тој, како и во Активот на КОЕМ, и при оваа прилика најгрубо ги нападна југословенските раководители како агенти на империјализмот итн.[220)]

Генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис во својот говор истакна дека окружната конференција на КОЕМ која дополнува една основна празнина во историјата на народно-ослободителната борба на македонскиот народ. Според Захарјадис оваа празнина била предизвикана бидејќи во народно-револуционерното македонско движење недостасуваше раководно јадро и дека таа празнина стана причина да се појават сериозни опасности во него. Во продолжение Захарјадис рече: "НОФ го претставуваше македонкото ослободително движење. Всушност НОФ ги изразуваше стремежите на македонскиот народ да се бори за да го издвојува своето социјално ослободување и национално воспоставување. Захарјадис во врска со тоа рече дека НОФ поради не постоење на партиска организација не го постави правилно тој стремеж, појави големи празнини, малограѓански и шовенистички тенденции и дека таа празнина ќе ја потполни КОЕМ.[221)]

На крајот беше избран Окружен комитет од десет члена на чело со Христо Коленцев и делегати за првата земска конференција на КОЕМ.

На 17 јули 1949 година одржана е окружната конференција на КОЕМ за Костурско. Текот на работата на конференцијата се одвиваше во ист дух како и леринската односно таа во целост ја прифати антијугословенската резолуција на раководниот актив на КОЕМ од 20 јуни 1949 година што може да се види и од содржината на усвоената резолуција од истата.[222)]

На крајот конференцијата избра окружен комитет на КОЕМ со секретар Стерјо Дачо и делегати за земската конференција на КОЕМ.

Откако беа одржани окружните конференции, на 2 август 1949 година, во присуство на Захарјадис одржана е Првата земска конференција на КОЕМ. 2 август е одреден за одржувањето на конференцијата со цел да и се даде македонски национален белег.

Реферат за појавата, значењето, активноста и идните задачи на КОЕМ поднесе секретарот на организациониот комитет на КОЕМ Михал Малио.

Референтот во почетокот истакна дека Првата конференција на КОЕМ е највисок партиски орган за извојување на национална и социјална слобода, - социјализам. Таа ќе го постави и ќе го расветли поправилно и пообјективно македонското прашање итн. Според Малио, иако КОЕМ е формирана во март 1949 година, нејзините корени се наоѓаат со потпаѓањето на Егејска Македонија под грчка власт. Поради тоа борбата на македонскиот народ за национална слобода имаше и социјален карактер, односно тој борејсе против националното угнетување истовремено се бореше за урнување на буржоаскиот режим, за социјално ослободување.

Образложувајки ги причините за класната борба и класниот карактер на национално-ослободителната борба на македонциот народ и условеноста за појавите на КОЕМ, Малио ја изнесе класната структура односно класните односи меѓу двете светски војни на Егејска Македонија.

Во продолжение се задржа на неминовноста од непосредното поврзување на македонското ослободително движење со грчкото односно со КПГ.

Развитокот на ослободителното движење на Македонците од Егејска Македонија референтот го подели на три периоди: меѓу двете светски војни, во текот на НО НОВ(1941-1944) и Граѓанската војна (1945-1949).

Во периодот меѓу двете светски војни, истакна референтот македонскиот народ мораше да води тешки и крвави борби против грчката буржоазија и олигархија која преку економска експло-

атација , национално угнетување, терор и други принудни средства си имаше поставено за цел да ги принуди Македонците да ја напуштат својата татковина и емигрираат, да ги асимилира и изроди. Македонскиот народ не потклекна на овој невероватно тежок натисок, ја продолжи борбата и успеа да го сочува својот национален бит.

Во периодот на окупацијата (1940-1945) Малио , покрај другото ги наведе причините поради кои македонскиот народ зеде масивно и активно учество во одбраната на Грција од италијанската агресија и во национално- ослободителната борба што ја организира ЕАМ. Според референтот таквото определување на македонскиот народ се должело на убедувањето што преовлада кај него дека војната против италијанската агресија имала антифашистички карактер, а победата на народната револуција за нив ќе значеше и извојување на национални права. Резултат на таквото учество и однос на Македонците, тврди референтот, беше извојуваните придобивки како што беа македонските училишта, учество во органите на народната власт, во Политичкиот комитет за национално ослободување (ПЕЕА), и други институции.

Минувајќи на вториот период, односно на втората окупација (1945-1949) како што ја нарекува, референтот констатира дека подемот на ослободителното движење го прекина најцрната реакционерна олигархија. Оваа црна власт, се вели понатаму, со најголема бес се нафрли против нашиот народ за да го уништи дефинитивно. Таквата цел на реакцијата не произлегуваше од класната припадност и од антинационалната голема идеја што ја претставуваше, туку поради определувањето на македонскиот народ на страната на прогресивните сили и на револуцијата, констатира Малио.

Откако ја опиша невероватно тешката ситуација која се најде македонскиот народ после Варкиза, референтот констатира: "Во изразита спротивност од тоа што овде се случуваше, останатиот дел на народот на Вардарска Македонија со своите борби и како резултат на уништувањето на Хитлеровската Германија се здоби со својата слобода, си го создаде своето национално и државно огниште, каде со оптимизам ја градеше својата иднина и својата национална култура. Македонскиот народ за прв пат во својата историја се здобиваше со своја национална држава. За прв пат стануваше стопанин во местото, се здобиваше со право на свој живот.

Како што е природно тој факт, таа голема придобивка на македонскиот народ на Вардар не можеше да не повлијае кај нашиот народ. Многу уште повеке во моментот кога овде владее цунглата на монархофашизмот, катастрофата, уништувањето. Нашиот народ отворено го изрази својот ентусијазам за придобивките на народот од Вардарска Македонија и многу се ориентира кон таму и од таму очекуваше исполнување на многу идеали".

Овие очекувања не беа исполнети, рече референтот, бидејки во "Југославија завладеа титовата клика која преку разни методи и средства го разбиваше единството меѓу грчкиот и македонскиот нарот, со цел да се ликвидира НОД на Грција и за приклучување на Егејска Македонија кон Југославија".

Спроведувајки ја во пракса резолуцијата на КОЕМ од 20 јуни 1949 година во конференцијата на КОЕМ е речено дека експонент и реализатор на таа "големосрпска експанзионистичка политика на Титовата клика"беше организацијата НОФ на Македонците од Егејска Македонија, што значи, се вели понатаму во рефератот на Малиов, "НОФ од една страна ги изразуваше желбите на народот за слобода, решеноста да се бори за да ги извојува националните права и своето државно воспоставување", од друга страна го одразува организираното настојување на националистичката политика на Тито да ја искористи таа негова племенита народна национална основа за свои завојувачки цели".

Тоа беше една од планираните удари против НОФ и македонското ослободително движење чии епилот беше да се прогласат малку подоцна македонските ослободителни организации НОФ-НОМС и АФЖ за предавнички, нивните раководители затварани, гонети и сл.

Задржувајки се уште еднаш на друштвено-екомонските услови што ја овозможија појавата на КОЕМ и нејзините цели, референтот истакна дека НОФ како национално-ослободителен фронт што ги обединуваше сите социјални слоеви, не можеше да застане на чело на социјалистичката револуција за која, според него односно Захарјадис, биле созреани условите во Егејска Македонија. Беше нужно на чело на таа револуција да застане партиска организација поради што се појави КОЕМ, итн. И при овој случај уште еднаш бе-

ше манифестирана секташката ултралевичарската политика на Захарјадис. Во времето кога се одржуваше Првата конференција на КОЕМ, максимум што можеше да се бара беше постигнување компромис со атинскиот режим за мирољубиво решение на грчкото прашање.

На крајот Малиов ги наведе следните три важни задачи на КОЕМ:

- Да го трасира патот за победа на социјалистичката революдија во Егејска Македонија
- да се бори за извојување на национална и државна слобода
- развиток на највисок степен на македонскиот национален културен живот.

За постигнување на погорните задачи Малио предложи повеќе мерки за организационо оформување и зацврстување на КОЕМ.[223]

Конференцијата ја поздрави генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис.

Захарјадис меѓу другото рече дека конференцијата на КОЕМ го дополнува кругот на стремежите на македонскиот народ за ослободување, дека борбите на македонскиот народ почнувајќи од "Илинден" имале за цел создавање на слободна македонска република која ќе тргнеше по патот на социјализмот и комунизмот. Во продолжение Захарјадис во духот на информбировската анти-југословенска хајка го обвини југословенското раководство дека наводно користејќи ги грешките на раководството на КПГ воопшто и посебно по македонското прашање, почна уште од 1943 година да го минира и поткопува единството меѓу грчкиот и македонскиот народ и воениот НОД на грчкиот и македонскиот народ". Како и Малио, така и Захарјадис, го нападна раководството на НОФ, оквалификувајќи го за експонент и реализатор на таквата политика на КПЈ. Поради тоа, тврдеше Захарјадис, македонското движење се најде без колмилар кое скрена од правилната линија, во него преовлада шовинистички и националистичките тенденции односно македонското прашање постоеше опасност од резерва на револуцијата да премини во резерва на контрареволуцијата.

Захарјадис всушност со целото свое излагање настојуваше да "докаже" дека македонското ослободително движење предво-

дено од НОФ поради тоа што немаше своја партиска организација од која да се раководи "падна во мрежата на Тито, се изроди итн. и дека таа правнина ќе ја потполни КОЕМ".[224)]

На конференцијата од 75 присутни делегати односно учесници дискутираа 51, меѓу кои: П.Мотровски, В.Којчев, М.Фотев, С.Кочопулос, Л.Поплазаров, Л.Чолаков, У.Јурукова,К.Панов, Х.Коленцев и други. Сите дискутанти го подржаа рефератот на М.Малио и излагањето на генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис.

На крајот конференцијата избра ново раководство на КОЕМ од 17 редовни и 14 заменици членови на чело со М.Малио и усвои резолуција. Меѓу другите во раководството на КОЕМ беа избрани: Михал Малио, Ставрос Кочопулос, Христо Коленцев, Андон Сикавица, Паскал Митровски, Вера Николова, Лазо Поп-Лазаров, Уранија Пировска и други.

Составот на раководството на КОЕМбеше предложено лично од Захарјадис, што се гледа од писмото што му го испрати тој на М.Малио еден ден пред одржувањето на конференцијата. Во писмото Захарјадис наведува дека ПБ на КПГ одлучи во раководството на КОЕМ да бидат избрани оние што ќе завземаат отворен и јасен став спрема линијата на ЦК на КПГ. Во продолжение на писмото Захарјадис достави список на лицата кои требаше да бидат избрани во раководството на КОЕМ.[225)]

И од ова писмо се гледа во каква незавидна положба беше доведено македонското движење. Тоа ја имаше потполно загубено својата самостојност и целосно се наоѓаше во рацете на Захарјадис. Македонците дури не беа консултирани при подготовката на листата за новото раководство на КОЕМ. Тие ја примија готова од Захарјадис и без никаква дискусија гласаа за неа. Од предложените за членови на раководството се бараше да завземаат "јасен и <u>суштински</u>" (потцртано е од самиот Захариадис) став на линијата на КПГ односно на линијата на Инфорбирото, отворен и решителен став против КПЈ. Тие требаше да ги потврдат клеветите против Југославија изнесени во рефератот на Малио и во говорот на Захарјадис.

Содржината на резолуцијата усвоена од конференцијата на КОЕМ е во духот на рефератот и на Малио и говорот на Захарјадис.

Резолуцијата содржи седум точни.

Во првата точка се наведени целите на КОЕМ и тоа се: национално ослободување на македонскиот народ, народна демократија, социјализам и комунизам.

Во втората точка се вели дека борбите на македонскиот народ кои имаа за цел создавањето на народно-демократска социјалистичка Македонија поради отсуство на организационо партиско раководство се направени грешки: во македонското движење се појавија националистички и шовинистичи тенденции и сл.

Во трета и четврта точка се изнесени познатите клевети на раководството на КПГ против Југославија и група македонски раководители на НОФ.

Во петта точка се тврди дека благодарение на херојската борба на ДАГ, НОД се наоѓа пред решавачки пресврт - пред конечна победа.

Во шестата точка се поздравува создавањето на КОЕМ како една историска нужност и една решавачка етапа во развојот на борбата на мекедонскиот народ за својата слобода и независност; ја декларира својата поврзаност во народно-демократскиот лагер и својата решеност да ја продолжи борбата за ослободување на Грција од Американците окупатори; за независност и демократија; да се бори за зацврстување на борбеното единство меѓу самиот македонски и меѓу македонскиот и грчкиот народ како основен предуслов за постигнување на горните цели.

Во една точка се забележани условите за реализација на погорните цели, а тоа се: раководствата на КОЕМ да имаат расчистен и јасен став спрема Тито; организационо проширување и зацврстување на КОЕМ; внатрешно-партиски демократии и демократски централизам; интензивна идеолошка и просветна работа и сл.[236)]

Оваа конференција беше последна манифестација на КОЕМ, бидејќи по неколку дена од нејзино одржување односно на 16 - 30 август ДАГ капитулира, а со тоа престана да делува организацијата КОЕМ. Предлог на нејзино расформирање, како и другите македонски организации НОФ-НОМС-АФЖ беше поднесен на VI-от пленум на ЦК на КПГ одржан на 9 октомври 1949 година. Меѓутоа формална одлука за нивното растурање и формирање на новата организација

"Илинден" беше донесена на состанокот на 72 македонски кадри членови на КПГ одржан на 19-21 февруари 1951 година, а одлуката беше спроведена на оснивачкиот конгрес на организацијата "Илинден" одржан од 1-3 април 1952 година.

Се поставува прашањето дали појавата на КОЕМ претставува извојувана придобивка на македонскиот народ од Егејска Македонија во борбата за национално и социлано ослободување, или вештачка творевина на Захарјадис во рамките на однапред конструиран план за вклучување на македонското прашање како составен дел на антијугословенската инворбировска кампања.

Анализирајки ги неколкуте основни и непобитни факти како што се времето на нејзино основање, дејноста и донесените документи, можеме да заклучиме дека КОЕМ беше формирана во рамките на стратегијата на Захарјадис и на Инфорбирото да ја обвини КПЈ и македонското движење предводено од НОФ како решавачки фактор за поразот на ДАГ што се назираше дека многу бргу ќе уследи.

Да ги анализираме фактите: КОЕМ се формира во духот на ставот на КПГ по македонското прашање прифатен на својот петти пленум(1949) и лозинката за независна Македонија во рамките на Балканската федерација. И покрај тоа што во документите на КОЕМ таа парола не се спомнува, сепак во нејзини програмски начела на повеќе места се истакнува дека се бори за создавање на македонска држава, борејќи се истовремено против македонската држава формирана од Тито, односно "ослободување" на македонскиот народ од Вардарска Македонија. Од тоа произлегува дека една од основните и главните цели на КОЕМ беше да го отргне вниманието и волјата на Македонците од Егејска Македонија да се обединат со НР Македонија односно според стратезите на ИБ таа поради "предавство" на Тито не може да претстанува центар за обединување на македонскиот народ.

Втора исто така главна задача на КОЕМ беше да се вклучи во клеветничката кампања, лукаво планирана, која имаше за цел да ја обвини КПЈ дека "служејќи" во корист на империјалистите делуваше за поразот на демократското движење на Грција и сл. Скоро сите документи и манифестации на КОЕМ ја имаат таа цел. Рефератот на М.Малио на Оснивачкиот состанок на КОЕМ (27.3.49);

резолуцијата на КОЕМ против Керамитчиев-Гоце (2о.6.49); говорите при формирањето на основни организации на КОЕМ; реферати и резолуциите во окружните и земската конференција на КОЕМ, најголем простор зафаќат погорните клевети против Југославија. Сите тие клевети изнесени или подецидно, прифатени од некои македонски раководители му послужија на Захарјадис како аргумент на Шестиот пленум и другите форуми на КПГ официјално да ја обвини КПЈ и македонското движење за поразот на ДАГ. Таквата политика имаше крајно тешки последици за Македонците, бидејќи за да се"докаже" виновникот беше нужно да се прогласат агенти, да се монтират судски афери, да паднат глави. На тоа подетално ке се задржиме посебно. Тврдењето дека КОЕМ се формира со цел масовно да се вклучи македонскиот народ во борбата, правилно односно од марксистички позиции,да ја раководи неговата борба за национална и социјална слобода, во времето кога тие беа искажани претставуваат декларативни и празни фрази, КОЕМ, како што наведовме, се формира непосредно пред поразот на ДАГ. Колку и да беше тогашното раководство на КПГ неспособно и кусогледно, не беше можно да не ја согледа таа стварност. Тоа што КПГ требаше да го стори во почетокот на ВОБ, го стори непосредно пред нејзиниот крај, со крајно негативни последици како за грчкото, така и за македонското ослободително движење на двата народа.

Што се однесува на држењето и односот на еден дел македонскиот субјективен фактор спрема овие подли и махинации на Захаријадид и неговите покровители, од наведените и други факти што ке ги наведиме во натамошното наше излагање со сожаление можеме да констатираме дека не го положи испитот. Заради партиска дисциплина, неограничена верба спрема Сталин, затаена национална свест, кариеристички побуди и сл. тој дел на раководството потклекна и ги подржа овие нечесни махинации и игри на Захарјадис.

Г Л А В А XVIII

НОМС во Егејска Македонија

1. Основање на НОМС

На 23 април 1945 година, како што наведовме, во Егејска Македонија , во состав на НОФ се основа и македонската младинска организација Народно-ослободителен младински сојуз-НОМС.

До појавата на организацијата НОМС македонското прогресивно младинско движење на Егејска Македонија, од нејзино потпаѓање под грчка власт, се наоѓаше и делуваше во рамките на грчкото прогресивно младинско движење.

Поради тоа што борбата на НОМС е продолжение на борбата што ја водеше македонската младина од Егејска Македонија во рамките на грчките демократски, партиски и прогресивни младински организации за свои национални и социјални слободи, накратко ќе се осврнеме врз неа.

Меѓу двете светски војни македонската мадина е вклучена во организацијата на комунистичката младина на Грција-ОКНЕ,[227] или се влијаеше од нејзе поради тоа што спроведувајќи ја политиката на КПГ по националното прашање, беше единствената младинска организација во Грција која на Македонците им признаваше национални права, правото на самоопределување до отцепување и формирање на македонска држава, ги земаше под заштита итн.

КПГ имајќи го во вид големото значење, улогата и придонесот на македонската младина во класната борба и во престојната револуција, преземаше мерки и акции да ја придобие на своја страна.

Така на пример функционерот на КПГ-ОКНЕ во Егејска Македонија Теодорос Алметидис во својата статија под наслов: "Треба да ја придобиеме македонската младина",[228] потенцира дека македонската нација како што се одредува во документите на VI-от пленум на ЦК на КПГ[229] е една од движечките сили на револуцијата во Грција, поради тоа што Македонците се подложени на насвиреп терор и прогон...." Во продолжение грчкиот партиски функционер откако ги изнесува методите и средствата на грчките власти за

грцизирање на Македонците и изнесува податоци од нивните борби за издвојување на национална и социјална слобода, а со цел да се придобие македонската младина на страната на КПГ, на партиските организации им ги поставува следните задачи:" Популаризација на паролата за самоопределување на Македонците; слободно да зборуваат и пишуваат на својот македонски јазик; да се борат за отварање на училиштата и други институции на македонски јазик; борба да престане теророт врз Македонците поради употреба на македонски јазик и присилното грцизирање, односно да престане воопшто фашистичкиот терор против Македонците и друго".

Таквата политика на КПГ по националното прашање,иако не секогаш доследно спроведена, имаше за резултат таа да има поголемо влијание во Егејска Македонија, особено меѓу македонската младина во споредба со другите краеви на Грција.[230)]

Македонската младина од редовите на ОКНЕ и другите демократски младински прогресивни организации, здруженија, сојузи, клубови и сл. активно учествува во борбите што ги водат демократските сили во Грција за победата на демократијата во 1924 година, против диктатурата на Пагкалос во 1925-1926 година, против "Идионимо".[231)]

Против военофашистичките пучови во 1932-1933 година, против реставрацијата на монархијата; против монархофашистичката диктатура на Метаксас; против војната,заштита на мирот. Со борбите на ОКНЕ за подобри животни услови, за образованието и културата на младината и друго.

Во овие и други борби на ОКНЕ израснаа македонски комунисти и раководители на комунистичкото и македонското ослободително движење во Егејска Македонија како што се: Ташко Караџа 232), Ерусалим Харазанов, Атанас Карвиотов и многу други од кои повеќето во текот на народно-ослободителните борби го положија својот живот.

И покрај тоа што грчката држава ја познаваше само по зло, но свесна дека фашизмот на Мусолини уште повеќе ке им ги зголеми страдањата на Македонците, македонската младина воспитана во антифашистички и демоктатски дух, од редовите на грчката армија одлучно и се спротивстави на италјанската агресија,

бранејќи ја независноста и интегритетот на Грција.

Маќедонската младина активно учествува во акциите за собирање и сокривање на напуштеното оружје од капитулираната грчка армија во април 1941 година организирана од комунистите, а обновените партиски организации и формираните први групи за отпор истата година, против окупаторот во Егејска Македонија претежно се составени од македонски младинци.[233)]

И покрај тоа што раководството на КПГ на Македонците не само што не им дозволи да формираат единствена организација и дури локалните организации МАО, СНОФ, НОФ ги растури, македонската младина масовно се вклучи во националната сегрчка организација на младите- ЕПОН формирана на 23 февруари 1943 година,[234)] македонската младина организирана во ЕПОН во фабриките, во градовите , во селата, во училиштето, во планина со пушка во рака, самопожртвувано се бори за изгонување на окупаторот, за подобра иднина и во тие битки извојува крупни победи. И покрај тоа што стапувањето на Македонците во ЕЛАС беше лимитирано, над 6.000 беа Македонци што служеа во регуларниот и 20.000 во резервниот ЕЛАС, што процентуално во однос на бројот на целокупното население во Грција, учеството на Македонците во партизаните е поголемо од Грците. Поголемиот дел од наведениот број на учесниците во ЕЛАС ее македонски младинци.

Поради тоа што ситуацијата и условите под кои се јави оваа организација се опишани во главата во која се зборува за појавата на НОФ, нема да се задржиме врз нив, само ќе кажеме дека како НОФ и АФЖ така и организацијата НОМС се роди од националните стремежи на македонската младина од Егејска Македонија за создавање на сопствена организација со свое раководство како орган на борбата против националниот и класниот непријател за опстанок и за извојување на национални права,право на самоопределување.

Како што наведовме Оснивачкото собрание на НОФ-НОМС-АФЖ се одржа на 23 април 1945 година, со претставници од сите краеви на Егејска Македонија. На собранието општирно е анализирана внатрешната и надворешната ситуација, состојбата на демократското движење во земјата, перспективите за развитокот и место-

то на македонското движење во него. Констатирано е дека во Грција веќе започна една едностранa граѓанска војна организирана од десницата и дека развојот на настаните неминовно водат кон воена пресметка меѓу десницата и левицата. Врз основа на таквите констатации и оцена на ситуацијата одродно е местото и задачите на македонското ослободително движење воопшто и на младинското посебно собрание ја прифати предложената организациона и кадровска структура на НОМС.

Победата на ослободителната војна и социјалистичката револуција во Југославија и создавањето на НР Македонија вршеа силно влијание врз ослободителното движење на Македонците од Егејска Македонија. Тоа може да се констатира и од прифаќањето на имињата на соодветните организации во НР Македонија-НОФ-НОМС-АФЖ, нивната организациона структура, метод на раководење што прилагодени во месните услови, моќне позитивно се одрази во омасовувањето и успесите на НОМС.

2. Цели на НОМС

Организацијата НОМС во Егејска Македонија поради крајно илегалните услови за работа во своето скоро двогодишно постоење не одржа форум за да донесе своја програма и статут. Своите програмски цели ги формулираше и ги соопштуваше преку своите прогласи, повици, директивни писма и сл. Еве на пример, што меѓу другото се вели во еден нејзин проглас од 20 декември 1945 година: "... Така и ние како народ којшто никогаш не ги забораваме харингите и рицинусот, ќотекот, насилството, стрижењето на косите и интернација се бориме за да го направиме нашиот народ господар на својата земја, бидирајќи се секогаш и во секој случај на правото на самоопределување на поробените нации..." Прогласот завршува со: Младинци и младинки сплотете се сите под знамето на Народно-ослободителната организација на младината на Македонија (НОМС) и борете се за еден добар живот, за една поширока иднина што ќе ги спечалите кога ќе ја извојуваме нашата национална слобода, слободни услови на живеење и во рамките на една народна демократија. Да живее правото на самоопределување на народот!"[235]

Два дена потоа односно на 22 декември 1945 година организацијата НОМС во вид на леток ги исфрли следните пароли:

- Македонците не се Бугари , ниту контраши , туку антифашисти кои се бореа, со мали исклучоци , со сите средства за уништување на бугарскиот фашизам, за рамноправност!

- Браќа Македонци и Грци, да си подадеме раце за да ги уништиме оние кои сакаат да не држат поделени. Нека се збратимиме и обединиме за да ја извојуваме народната демократија.

- Техеран - "Секој народ што се бори за уништувањето на фашизмот ќе го добие правото на самоопределување - значи и оние Македонците што се бориме за неговото уништување, сакаме да ни се признае ова право".[236]

Од наведените и многу други документи констатираме дека НОМС се појави како антифашистичко движење на македонската младина на Егејска Македонија во услови на уништувачкиот поход на грчката реакционерна десница против демократските сили во земјата и особено против македонскиот народ. Движењето на НОМС претставува продолжение на борбата што ја водеше македонската младина во минатото против политиката на националното угнетување и уништување што ја спроведуваше грчката реакција над македонскиот народ,за национално воспоставување и самоопределување.

Постигнувањето на горната главна цел, НОМС го гледаше едино преку цврстото единство на самиот македонски народ и меѓу македонскиот и грчкиот народ.

Какво значење му придаваше организацијата НОМС на единството се гледа и од следниот нејзин документ во кој меѓу другото се вели: ".... Единството и заедничката борба е најголемата гаранција за победата на нашите народи. Нашиот братски народ на Народна Република Македонија внатре во рамките на Федеративна Народна Република Југославија, во единство и заедничка борба со другите југословенски народи, успеа да ја извојува својата слобода и своите права".[237)]

За постигнување и зацврстување на единството организацијата НОМС водеше немилосрдна и безкомпромисна борба против секоја манифестација на шовинизам што се изразуваше во разбивачки тенденции против секоја големогрчка хегемонистичка политика, како и борба против секое разгорување на национална, верска и расна нетрпеливост . НОМС заедно со НОФ одлучно им се спротивстави

на обидите на домашната и странската реакција да организират во Егејска Македонија автономистичко движење ангажирајќи го за таа цел познатиот аген на меѓународната реакција Ванчо Михајлов.

Посебни цели на НОМС

1. Ново поколение

НОМС како организација на новото поколение ја сметаше за своја задача да застане на чело на неговата борба за извојување и заштита на неговите права. Го подржуваше во сите сектори на неговата политичка и културна дејност, го помагаше развојот на неговите засебни организации (сојузи, здруженија, секции и сл.) и настојуваше да и се обезбедат на младината сите услови за образование и сестран физички, духовен и културен развој.

2. Јазик - образование

НОМС се бореше за правото на Македонците да го развијат и усовршат македонкиот јазик и македонското училиште. За постигнување на таа цел нејзините членови активно се вклучија во организирањето на македонската училишна мрежа во Егејска Македонија во 1947 година. Скоро целиот македонски наставнички кадар го сочинуваа членови на НОМС, кои за многу кратко време и во ужасните услови на Граѓанската војна успеа да отворат 87 македонски училишта со околу 10.000 ученици.

3. Организациона поставеност на НОМС

Организацијата НОМС, поради причините што ги наведовме во текот на неговото создавање и делување, немаше можност да донесе свој статут со кој би се регулирале прашањата од организационен карактер, како што се: состав на членството, начин на примањето во организацијата, функционирањето на организацијата, правата и должностите на членовите и слично. Што значи НОМС иако во суштина беше демократска организација, немаше услови да се изгради на демократски принципи. Прашањата од организационен и статутарен карактер раководството на НОМС ги решаваше со свои одлуки, директивни писма и слично.

Според овие одлуки, врз кои силно влијание вршеа програмата и статутот на НОМС на Вардарска Македонија, член на НОМС

можеше да стане секој Македонец младинец и младинка кои ги прифаќаше целите на НОМС и се бореше за нивното остварување. Под исти услови во редовите на НОМС можеше да влези секој младинец и младинка од другите национални малцинства што живееа во Егејска Македонија.

Поради тоа што организацијата НОМС беше создадена и делуваше под многу тешки илегални услови, нејзините раководни органи не беа избрани по пат на демократска процедура, туку коптирани. Тоа и недоволниот број на илегален кадар за да се покрие организацијата во цела Егејска Македонија, се причините поради што НОМС делуваше во состав на НОФ.

Откако на оснивачкото собрание е донесена одлука да се оснива НОМС, веднаш се пристапи кон коптирање на лица за раководење на организацијата од Главното раководство до реонот и формирање на основни организации.

Во текот на 1945 година во услови на најзверски и масовни прогон против македонскиот народ, во цела Егејска Македонија се формирани реонски, околиски,градски и окружни органи на НОМС и беа поставени лица да раководат со истите. Во почетокот на 1946 година по повеќето измени извршени поради погинувањето на повеќе активисти и од други причини, организационата и кадровската структура на НОМС е следната:

1. Главно раководство

Со политичката и организационата работа на НОМС раководеше секретарот на НОМС Минчо Фотев, кој беше и член на главното раководство на НОФ.

2. Окрузи

Егејска Македонија организационо беше поделена на окрузи, срезови(околии) и реони. Раководствата на овие организациони единици се викаа "поверенства".

Костурски округ

Костурскиот округ се делеше на 3 срезови(околии): Преспанскиот, Корештанскиот и Пос̈киот срез. Секретар на НОМС во округот во почетокот на 1946 година е Јани Пировеци, а по неговото заминување поради болест, Михал Апостолски-Гранити.[238] Секретар

Секретар на НОМС за Преспанскиот срез: Д.Аспровски, за Корештанскиот Христо Ловачев и за Полскиот срез Таки Губиденски.

а) Преспанскиот срез (околија) се делеше на два реона: Германскиот со секретар Лука Николов и Аѓричкиот реон (Мала Преспа) со секретар Алексиевски. Реонот Герман беше составен од 16 села од кои во 14 имаше организации на НОМС со 230 членови, а Аѓричкиот реон до 7 села од кои во 6 имаше организации на НОМС со 76 членови.

б) Корештанскиот срез се делеше на Д'мбенскиот во кој припаѓаа 9 села од кои организации на НОМС имаше во 6 со 97 членови. Дреновскиот реон со 14 села од кои 9 организирани со 91 члена и Тиолискиот реон со 14 села од кои организации на НОМС имаше само во 2 села со 5 членови. Слабото продирање на организацијата НОМС во Тиолискиот реон се должи на зверскиот терор што го презедоа грчките власти и вооружените монархофашистички банди против Македонците во тој реон.

Секретарите на НОМС на овие реони поради укажаната потреба, беа повлечени од теренот.[239)]

в) Срезот (околија) Нолето беше поделен на три реони и еден подреон и тоа: Жупанскиот реон со 12 села од кои 10 организирани со 172 членови на НОМС - секретар Сотир Тимјовски; Руписки от реон со 10 села од кои 7 организирани со 51 членови, секретар Сотир Римански; Костанарискиот реон со 18 села од кои во 12 имаше организации на НОМС со 89 членови и подреонот Калевишта со 5 села во кои имаше организации на НОМС. Во Костурскиот округ со 115 се,а во 68 делуваа организации на НОМС со 810 членови.

2. Леринскиот округ - секретар на НОМС беше Тодор Коцев.[240)]

Леринскиот округ беше составен од два срезови(околии): Леринскиот со секретар Иљо Ќат-ипов и Соровичко-Кајларски срез со секретар на НОМС Пандо Ексусиски.

а) Леринскиот срез (околија) се делеше на пет реони и еден подреон и тоа:Буфскиот реон со 13 села од кои 7 организирани со 14 членови, секретар -Трајко; Костурскиот реон со 15 села од кои 12 организирани со 99 членови, секретар Ѓорѓи Колев; Банич-

киот реон со 6 села од кои 5 организирани со 56 членови, секретар Пандо Пандов; Овчарескиот реон со 9 села од кои 6 организирани со 140 членови и Туриенскиот реон со 6 села сите организирани со 112 членови на НОМС

б) Соровичко-Кајларски срез(околија) се делеше на три реони: реонот Екси-Су составен од 5 села, сите организирани со 132 членови на НОМС, секретар-Хариси Кочов; Мокренскиот реон составен од 16 села од кои 13 организирани со 130 членови, секретар Ѓорги Ајтовски, реон со 8 села од кои организирани со 73 членови на НОМС. Градската организација на Лерин на чие чело стоеше градско поверенство се делеше на реоните: Чифлиг, Центар и Св.Никола. Според непотполните податоци во градот делуваше организација на НОМС со 15 членови.[241] Или во Леринскиот оркуг со 78 села во 60 имаше организации на НОМС со 807 членови и 15 во градот Лерин.

3. Воденски округ - секретар Ташко Хацијанов

Воденскиот округ се делеше на два среза (околии): Караџовскиот и Островскиот, а со градската организација во Воден раководеше градски комитет.

а) Караџовскиот (Мегленски) срез (околија) со секретар Андреа Шеќерски, се делеше на два реона: Кронцелево со 53 села од кои 12 имаше организации на НОМС со 898 члена: реонот на С'ботско со 12 села од кои во 7 имаше организации на НОМС со 219 члена.

б) Островски срез(околија), секретар Петре Шорев, се делеше на три реона:Островски реон од 7 села, со 77 члена на НОМС реонот на Месимер од 11 организирани села со 180 члена и реонот на Црно Мариново за кој во извештајот не е наведен бројот на организираните членови во НОМС.

в) Градската организација на Воден се делеше на седум квартали. Во III-от квартал(маало) имаше 110 во IV 278, во V 187, во VI 574 и во VII-от квартал 400 членови на НОМС. Исто така во четирите фабрики на Воден делуваа организации на НОМС со 129 членови на НОМС, или вкупно во градот Воден организацијата НОМС во своите редови имаше 1.159, а во целиот оркуг 2.533 членови.[242]

4. Гуменциски-Енице-Вардарски округ

Овој округ се делеше на два среза (околии): Гуменциски и Енице-Вардарски, секретар Иван Ковачев.

а) Гуменцискиот срез се делеше на три реона: Љумнишкиот реон во кои организациони бази имаше во 7 села со 15 члена; Беровскиот реон во 5 села со 36 члена и Куфаловскиот реон во 8 села со 36 организациони членови на НОМС

б) Во Ениџевардарската околија организации на НОМС имаше во 5 села со вкупно 81 член на НОМС. Малиот број на организационите членови на НОМС во овој округ се должи,покрај другото на многу тешката ситуација што беше создадена таму со трагичното загинување на деветте активисти на НОФ - НОМС во с.Варовица , на 17 ноември 1945 година.[243]

Според горенаведените и други непотполни податоци (недостасуваат од Солунско и Источна Македонија) во почетокот на 1946 година организацијата НОМС делуваше во 5 округи, 7 околии, 3 градови, 28 реони, 183 села, со околу 4633 членови,[244] а на крајот на 1946 година односно пред нејзиното расформирање функционираше со 4 окружни, 5 градски, 31 реонски раководства, 31 професионални кадрови, 220 основни организации, со 5509 организирани членови.[245]

Изнесените податоци иако непотполни, доволно зборуваат за успехот на НОМС во крајно тешки услови, кога и обичното членување во НОМС од страна на грчките власти се третираше за велепрестапство и најстрого се казнуваше, да ја сплоти македонската младина и ја поведе во непомирлива, тешка и крвава борба против нацистата на монархофашистите, за опстанок, за национална и социјална слобода. Во еден извештај на Окружното раководство на НОФ за Воденско од 7 септември 1945 година се констатира дека НОМС претставуваше моторна сила за политичка мобилизација на младината на градот Воден.[246]

Функционирање на НОМС

Во текот на постоењето и делувањето на НОМС, поради наведените тешки услови, раководниот орган на македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ еднаш се свика Пленум на кој, покрај другото, прасправаше и за работата на НОМС.[247] Секретарот на НОМС

поединечно се состануваше со окружните секретари на НОМС на кои им се поставуваа усни и писмени одлуки и задачи. Според одлуката на споменатата седница, окружните раководства требаше да се свикуваат еднаш месечно. Околиските и градските два пати месечно, а месните организации еднаш седмично.

Оваа одлука поради строго илегалните и тешките услови за работа не беше можно да се спроведе во целост. Во периодот од април 1945 до ноември 1946 година одржани се 16 окружни состаноци и 92 кадровски активи. Организацијата во градот функционираше во систем на тројки, а во селата по системот на десетини, петорки и тројки.

4. Политичка и друга активност на НОМС

Еден од главните елементи на содржината на работата на НОМС, како што наведовме во почетокот, беше борбата против истребувачкиот поход на грчките власти и монархофашистичките банди против Македонците, подобрување на нивната економска положба и сл. Во време на своето делување, НОМС заено со НОФ организира 125 протести за подобрување на животните услови на населението, за правилна распределба помошта од УНРА, работнички штрајкови, 253 масовни протести, меморандуми, отпори и сл. против теророт и насилствата.[248)]

Организацијата НОМС особено внимание обрна на издигнувањето и зацврстувањето на македонската национална свест кај младите. За постигнување на таа цел примени разни форми како што се: пригодни предавања за борбите на македонскиот народ за национална слобода; статии и написи по повод годишнината на Илинден и други настани; за борбите на македонската младина; за извојуваните придобивки на младината од Вардарска Македонија; за македонското национално прашање и сл. поместени во македонските весници кои излегуваа како органи на НОФ, или во вид на циркулари, печатени предавања во вид на брошури и сл. Треба да напомениме дека македонските весници кои излегуваа како органи на НОФ, тие истовремено беа и органи на организациите НОМС и АФЖ.

Анализирајќи ги успесите на НОФ-НОМС-АФЖ на политичко поле, Активот на НОФ што се одржа на 20 мај 1947 година констатира дека 85% од македонскиот народ, благодарение на активнос-

та на НОФ-НОМС, имаше расчистено со својата национална свет. Како доказ за успехот на НОФ-НОМС во подигнувањето на идеолошкото ниво и политичкиот критериум на македонскиот народ, може да послужи неговиот однос, особено на младината, во парламентарните избори од 31 март 1946 година кога спроведувајки ја линијата на раководствата на НОФ-НОМС 85% од македонските гласачи и покрај големиот терор, апстинираа од истите, не одазвање на наредбите за регрутација во монархофашистичката армија и слично.

Своите програмски цели и задачи НОМС ги соопштуваше, шириле и популаризираше преку одделението на Агит-проп Главниот одбор на НОФ, кое всушност беше и одделение на НОМС, и од одговорните за Агит-проп при окружните и реонските раководства на НОФ-НОМС-АФЖ. Значајна улога во идеолошката работа на НОМС одигра весникот "Млад Борец" кој во почетокот на 1945 година илегално се шириле во Егејска Македонија, потоа органите на НОФ кои истовремено беа и органи на НОМС, Билетин, Вилтен, Зора и други.

На воено поле организацијата НОМС исто така постигна значајни успеси. Вооружените македонски партизански групи за отпор формирани од НОФ уште од мај 1945 година и партизанските одреди есента 1946 кои броеа преку 700 борци, претежно беа составени од македонски младинци-членови на НОМС. Од 20.000 Македонци(13.000 во регуларните единици и 7.000 во помошните служби) колку што се смета дека служеа во ДАГ, повеќето беа мнадинци исто така членови на НОМС.

5. Расформирање на НОМС

Како што наведовме организацијата НОФ-НОМС-АФЖ се појавија надвор и независно од КПГ. Исто така наведовме дека и покрај крупните разидинувања и лошото искуство од минатото, интересот на борбата наложи обединување на македонските и грчките сили во борбата против заедничкиот непријател.

Во текот на преговорите грчката страна особено инсистираше на расформирањето на НОМС и вклучувањето на нејзините членови во грчката младинска организација ЕПОН. Ова барање се образлагаше со потребата од зајакнување на ЕПОН, која поради теророт, се наоѓаше во состојба на распаѓање. Меѓутоа, тој аргумент не е целосен. Секако главната причина за таквото инсистирање е

успехот на НОМС идеолошки и политички да ја подготви македонската младина и ја фрли во борбата за извојување правото на самоопределување на македонскиот народ,што не одговараше на политиката на КПГ. Во преговорите по тоа прашање е постигнато компромисно решение. Спогодбата за обединување во врска со НОМС ги содржеше следните клаузули:

1. Македонската организација НОМС организационо и административно се става под раководството на ЕПОН,

2. секретарот на НОМС се коптира за член на Покраинскиот совет на ЕПОН за Македонија и

3. соодветен број на кадри на НОМС се коптира во окружните и другите пониски раководства на ЕПОН, што значи не расформирање на НОМС, како што бараа грчките претставници, туку раководењето со истата премине од НОФ во рацете на ЕПОН односно на КПГ. Меѓутоа, со таквата солуција, македонското младинско движење ќе ја изгуби својата самостојност и како што ќе видиме во натамошното наше излагање, го створи патот кон расформирање на НОМС и неговото целосно потчинување од КПГ.

И покрај тоа што НОМС мина под раководство на ЕПОН,организацијата НОФ не престана да гледа во лицето на организацијата НОМС органски и составен дел на македонскиот народ. Од тој аспект НОФ го следеше и го помагаше развојот на македонската младина без да има право да врши измени во организационата и раководната структура на организацијата.

Раководството на КПГ откако успеа да ја стави под своја контрола организацијата НОМС, продолжи да инсистира за нејзино расформирање. Во врска со тоа инсистирање водени се преговори меѓу претставниците на ЕПОН и НОМС кои завршија со спогодба со која организацијата НОМС се расформира и нејзините членови станаа членови на ЕПОН без да се исклучува можноста истовремено да бидат и членови на НОФ. Со цел да се истакне секакво влијание на НОФ врз македонската млацина, раководството на КПГ преку ЕПОН бараше да се укине двојното: членување на македонската младина. Ова барање кое беше предмет на разгледување не го прифати споменатиот актив на НОФ од 20 мај 1947 година.[249)]

И покрај таквиот однос на раководството на КПГ, НОМС ги вплоти длабоките народнодемократски и прогресивни стремежи на

маќедонската младина и ги изрази нејзините длабоќи борбени стремежи за слобода и национални права. НОМС во нејзино кратко постоење прерасна во најактивна и масовна борбена организација на НОФ и под нејзино борбено знаме ги сплоти широките младински маси кои дадоа се од себе во борбата против непријателот.

Македонската младина под раководство на НОМС се воспитуваше во борбен дух на неразделивото единство со грчката и меѓународната младина, во духот на љубов за делото на демократијата и мирот, цврсто заштитувајќи го животот на народот и се бореше со невиден хероизам за слобода и свои права.

На апелот на НОМС есента 1946 година стотици Македонци младинци и младинки меѓу првите стапуваат во партизанските одреди. Со невидена нивна храброст стануваат пример на јунаштвото и самопожртвуваноста во првиот период на вооруженият отпор на македонскиот народ и во продолжение во тешката борба што ја водеше ДАГ.

Илјадници се Македонците и Македонките младинци и младинки кои што се бореа во редовите на ДАГ, во органите на народната власт и другите институции на борбата. Голем дел од нижиот и средниот состав на ДАГ го сочинуваа младинци и младинки-членови на НОМС. Илјадници се тие што го положија својот живот во делото за слободата, долг е списокот на членовите на НОМС кои поради својата храброст и хероизам беа наградени со највисоките одликувања на ДАГ.

6. Обнова на НОМС

Како што е познато КПГ на својот V-от пленум одржан во јануари 1949 година го напушти ставот "рамноправност на македонското малцинство во рамките на грчката држава" и го прифати ставот "самоопределување на Македонците".

Во духот на тој нов став што македонското прашање раководството на КПГ одлучи покрај другото, да се обнови организацијата НОМС.

Спроведувајќи ги погорните решенија на КПГ, Главниот одбор на НОФ на својата седница одржана на 1 април 1949 година одлучи да се обнови НОМС.[250] Врз основа на таа одлука, македон-

ските младински кадрови на 6 мај 1949 година одржаа состанок на кој пристапија кон обнова на организацијата НОМС и избор на Централен совет на истата.[251] Новиот орган на обновената организација НОМС се обрати со проглас до македонската младина во кој откако ја информира обновата и целите на организацијата, ја повикува да влезе во нејзините редови и уште помасовно да се вклучи во борбата за побрза и конечна победа и сл.

Обновата на НОМС, како и другите наведени спектакуларни потези на раководството на КПГ на чело со Захарјадис имаа декларативен и пропаганден карактер. Од конституирањето на Централниот совет и некои обиди за формирање на окружни раководства на НОМС не се отиде понатаму. Тоа се должи на фактот што во времето кога се пристапи кон обновата на НОМС (мај1949) целата македонска младина се наоѓаше во редовите на ДАГ, а три месеци потоа вооруженото движење на грчкиот и македонскиот народ беше поразено.

Според тоа обновата на НОМС во времето кога тоа е сторено немаше никакво позитивно значење и придонес како за борбата воопшто, така и за македонскиот народ посебно. НОМС Захарјадис ја растури кога најмногу и беше потребен на борбата, а ја обнови кога за тоа не постоеа никакви услови. Овие потези на лидерот на КПГ произлегуваат од новиот став по македонското прашање кое постана составен дел на информбировската антијугословенска кампања.

7. Второ растурање на НОМС

Во август 1949 година во македонските планини Вичо и Грамос беа поразени главните снаги на ДАГ со што беше поразено Ослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ за слободи и човечки права. За македонскиот народ од Егејска Македонија таквиот исход на борбата имаше уште потрагични и катастрофални последици.

Раководството на КПГ на чело со Захарјадис искористувајќи ја информбировската антијугословенска кампања и вклучувајќи се активно во неа, се обиде вината за поразот на Ослободителното движење од себе ја префрли врз Југославија и врз организациите на македонскиот народ од Егејска Македонија НОФ-НОМС-АФЖ.

На партиската конференција одржана на 29-30 септември 1949 година во Бурели- Албанија каде логорувааа поразените борци на ДАГ, генералниот секретар на КПГ ја обвини Југославија и македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ за тесна соработка со монархофашистите и империјалистите во ликвидирањето на антифашистичкото движење на Грција и најави стават̀ање под истрага на раководителите на наведените македонски организации. Три дена по одржувањето на конференцијата односно на 3 октовмри 1949 година пак во Бурели-Албанија се лишени од слобода 11 раководители на НОФ-НОМС-АФЖ. Шестиот пленум на ЦК на КПГ одржан на 9 октомври 1949 година ги потврди и ги прошири обвинувањата против Југославија и македонските организации и го задолжи Политбирото да преземе мерки и постапи за распуштање на наведените организации.

Во духот на т ие решенија активот на 72 македонски партиски активисти организирани од ПБ на ЦК на КПГ од 19-21 февруари 1951 година во Полска донесе , поточно речено, усвои одлука на раководството на КПГ за распуштање на национално-ослободителните организации на македонскиот народ од Егејска Македонија НОФ-НОМС-АФЖ како "предавнички,агентурски" и сл. и оснивање на нова македонска организација наречена "Илинден". Одлуката на распуштање на организациите формално беше спроведена на оснивачкиот конгрес на организацијата "Илинден" одржан во с. Кросценко-Полска на 1-3 април 1952 година.

8. Рехабилитација на НОМС

По суспендирањето на Никос Захарјадис од чело на КПГ и неговите потесни соработници извршен на VI-от пленум на ЦК на КПГ одржан во март 1956 година Централниот комитет на КПГ во мај истата година донесе два документа: Резолуција со која вината за прекинувањето на односите меѓу КПГ и КПЈ му се префрлува на Берија и особено на Захарјадис кој се обиде својата одговорност за поразот на ДАГ од себе ја префрли врз КПЈ. Во духот на одлуките на VI-от пленум, се вели во резолуцијата, ЦК не испита секој поединачен случај на член на КПГ што беше казнет во врска со политиката на КПГ спрема КПЈ.

Врз основа на таа резолуција , беа рехабилитирани сите Македонци и Грци казнети или настрадани како последица на информбировската политика на Захарјадис спрема Југославија. Вториот документ на КПГ под наслов: " Македонското национално прашање во светлината на решенијата на Шестиот пленум на КПГ", македонските организации НОФ-НОМС и АФЖ се рехабилитираат и се сметат како национално и народно-ослободителни и им се дава високо признание во масовното вклучување на македонскиот народ во борбата.[252]

Овој е во најкратки црти борбениот пат на македонската младинска организација НОМС, пат тежок, но славен по кој исти пат помина и целиот македонски народ од Егејска Македонија.

Г Л А В А XIX

Антифашистичкиот фронт на жените - АФЖ во Егејска Македонија

1. Основање на АФЖ

Антифашистичкиот фронт на жените - АФЖ на Егејска Македонија се оснива истовремено и во состав на Народно-ослободителниот фронт-НОФ на 23 април 1945 година.

Активноста на организацијата АФЖ на Егејска Македонија се одвиваше во два периода-периодот од нејзино основање(23.4.45) до својот Први конгрес одржан на 29 април 1948 година кога делуваше во состав и под раководство на НОФ и периодот од Првиот конгрес до нејзино расформирање кога делуваше самостојно.

И покрај тоа што АФЖ од својот Први конгрес се осамостали, сепак и понатаму таа продолжи да се раководи и да ја спроведува линијата на НОФ. Од тие причини како и од фактот што значењето на АФЖ во национално-ослободителната борба на македонскиот народ од Егејска Македонија е толку големо, бара посебно и детално проучување, ние во овој труд накратко ќе се осврнеме на нејзина појава, развој и улога.

АФЖ е прва самостојна организација на Македонката жена во Егејска Македонија од нејзино потпаѓање под грчка власт. До нејзината појава македонското женско прогресивно движење се наоѓаше и делуваше во рамките на грчкото прогресивно женско движење.

Меѓу двете светски војни Македонката е вклучена во редовите на КПГ, ОКНЕ, ВМРО (об)синдикални и други прогресивни организации од чии редови се бори против ненародниот режим за национално и социјална слобода.

Во текот на антијугословенската борба масовно се вклучува во народно-ослободителната грчка организација ЕАМ и во македонските организации МАО, СОФ. СНОФ-ТОМО, во ЕЛАС (особено во резервниот ЕЛАС) во органите на народната власт и во другите институции на борбата, од чии редови активно се бори на сите можни начини против окупаторот.

Поради тоа што на теророт што го спроведе грчката десница по Варкиза над македонскиот народ воопшто се задржавме во посебна глава, овде со цел да илустрираме во каква положба беше доведена Македонката по војната ќе наведиме само еден пример. Од февруари 1945 до почетокот на 1947 година од страна на монархофашистите се силувани 737 жени и девојки Македонки.[253)]

Првата жена што беше осудена на смрт и стрелана во Грција по војната е Македонката хероина Ирина Гинова-Мирка, секретар на АФЖ за Воденско.

Така во услови на едностранa граѓанска војна, во услови на масовен терор и отворен геноцид против Македонците, на 23 април 1945 година во состав на НОФ се формира АФЖ на Егејска Македонија.

Организацијата АФЖ, поради тоа што делуваше во состав на НОФ до нејзини Првиот конгрес не одржа форум за да донесе своја програма и статус. Своите програмски цели ги формулираше и ги соопштуваше преку прогласи, повици, директивни писма и сч. АФЖ, како и НОФ имаше за цел да се бори против теророт односно за опстанок, за извојување социјална и национална слобода -правото на самоопределување на македонскиот народ. Посебно се бореше за рамноправност на жената, односно за исти политички, економски и социјални права на жената, за издигнување на нејзино духовно и културно ниво, развој на нејзини психички и интелектуални способности и дарби.

2. Организациона поставеност и растеж на АФЖ

Како што наведовме активноста на АФЖ се одвива во две фази. Првата фаза го опфаќа периодот од нејзино формирање до I-от нејзин конгрес, одржан во април 1948 година, кога организационо делува во рамките на НОФ и втората фаза од I-от конгрес до крајот на нејзиното фактичко постоење - август 1949 година, кога се осамосталува и делува како посебна организација.

Во првата фаза не постоеа посебни раководства на АФЖ, туку тоа се раководеше од раководствата на НОФ во чии состав имаше член - одговорен за АФЖ.

Веднаш по оснивачкото собрание, се пристапи кон кооптирање на лица за раководители на АФЖ од страна на Главниот одбор,

односно окружните, околиските и реонските одбори на НОФ и формирање на основа организациите АФЖ.

Според непотполни податоци (недостасуваат податоци од Солунско и Источна Македонија) во почетокот на 1946 година организацијата АФЖ делуваше во 5 округи, 7 околии, 3 градови, 28 реони, 123 села со околу 2150 членови.[254]

Со развојот и успесите на ослободителното движење во Егејска Македонија кон крајот на 1946 година и почетокот на 1947, организацијата на АФЖ уште повеќе се омасови и прошири. Според извештајот на Главното раководство на НОФ поднесен на Земската конференција на НОФ, позната како сенофитски актив, одржана на 20 мај 1947 година во Главното раководство на НОФ од ноември 1946 година постоеше непосреден одговорен на АФЖ во. лицето на Евдокија Николова Вера. Во Костурскиот округ беше формиран Окружен одбор на АФЖ и беа поставени одговорни на АФЖ во сите реони на НОФ. Во месните бира во организирани села постоеше жена одговорна по АФЖ, која истовремено беше и член на месното биро на НОФ. Во Леринскиот округ на НОФ постоеше одговорна за АФЖ. Ист беше случајот и со Воденскиот и Енице-Вардарскиот и Гуменцискиот округ, односно организацијата АФЖ, пролетта 1947 делуваше во четири округи и една испостава, 4 градови, 11 реони, 220 села со 4509 членови и 26 професионални кадрови.[255]

3. Идејно-политичка активност на АФЖ

На споменатата Земска конференција на НОФ, организацијата АФЖ е окарактеризирана како сила која може самостојно да делува. Конференцијата ја поттикна и помогна уште повеќе да ги засили и омасови своите редови и својата дејност ја насочи кон реализација на задачите и решенијата донесени во истата, а кои беа потесно поврзани со потребите на ДАГ односно активирање и мобилизирање на сите потенцијални сили во борбата од една и идеолошки-политичка работа од друга страна.

Ваквите задачи се зацртани во директивното писмо на одговорната на АФЖ, доставено по одржувањето на конференцијата до сите активисти на АФЖ.

Мото на писмото е будењето на националното чувство на Македонката. За да се успее во тоа, пред активистите се наложи задачата за перманентна агитација за револуционерните традиции на Илинденското востание, не само пред македонскиот народ, туку и пред грчкиот, за да ја разбере вистината, дека покрај грчката реалност постои и македонската. За да се успее во тоа, де вели во писмото, а од тоа ќе зависи дали ќе живееме слободни или ќе бидеме робови. Историски се наметнува потребата од поголем борбен дух кај Македонката, таков каков имаа Македонците во време на востанието. Всушност, се вели понатаму во писмото, целокупната работа со жените, организирани во АФЖ, треба да се спроведува така, што кај секоја жена да и бидат јасни парилите:борба за национална слобода и рамноправност.[256)]

Зацврстувањето на братството и единството меѓу Македонката, Гркинката, Влаинката и Арнаутката, претставуваше, исто така тежиште во идејнополитичката работа на АФЖ. АФЖ несебично ја популаризираше борбата на Гркинката против сите завојувачи и окупатори, изнесувајќи ја како светол пример пред Македонката.

Покрај наведеното погоре, во директивното писмо на секретарот на АФЖ се зацртани и ред други задачи што требаше да бидат спроведени од организацијата, односно тие ја сочинуваа содржината на идеолошко-политичката работа на АФЖ. Да наведеме неколку:

- Давање масовен отпор против присилното иселување на селата и нивното уништување.

- Организирање на протестни комисии кои пред органите на власта и странските дипломатски претставништва би протестирале против злосторствата на монархофашистите.

- Доставување меморандум до Анкетната и другите комисии на ООН со цел да се открие вистината за денешната борба пред народите на светот.

- Поголемо активирање на АФЖ за изнаоѓање што повеќе извори за помагање на борбата.

- Благовремено решавање на кадровското прашање на организацијата.

За издигање на политичкото ниво на Македонката, покрај директните контакти со базата , идеолошко-политичките предавања и сл. многу помогна и печатот на НОФ, особено списанието "Нова Македонка" орган на Главниот одбор на АФЖ, кое почна да излегува во март 1948 година.

"Нова Македонка" стана трибина за идеолошко и политичко издигнување на Македонката. Со растежот на АФЖ се усовршуваше и оваа списание и стануваше се поприсутно во животот на Македонката. Тоа стана огледало на напорите што ја чинеше Македонката жена за да биде достоен претставник на борбата што ја водеше за слобода. Токму во тие напори, Македонката се докажа колку е силна да издржи и да го понесе врз себе најтешкиот товар на борбата.

4. Првиот конгрес на АФЖ

На 13 јануари 1948 година се одржа I-от конгрес на НОФ на кој од 500 делегати 250 беа жени делегирани од организациите на АФЖ. На конгресот реферат за активноста на АФЖ и за тешката положба на Македонката жена поднесе Евдокија Николова-Вера. Таа во својот реферет, меѓу другото, рече: "Македонката жена,"организирана и раководена од АФЖ и во заедничката борба со Гркинката, претставува денес политички и борбен фактор во земјата и затоа непријателот употребува секакви средства за да ја скрши, но и покрај тоа, таа ја продолжува борбата на фронтот и заднината.

На овој конгрес на НОФ кој всушност беше заеднички конгрес на двете организации НОФ-АФЖ, покрај другото беше одлучено да се спроведе во пракса решението на сенофитскиот актив за осамосталување на АФЖ.

Врз основа на тие одлуки на Конгресот по пат на коптација беа формирани времени окружни раководства и Главен одбор на кого го сочинуваа секретарите на окружните раководства на АФЖ и други активисти.

Главното раководство на АФЖ на својата седница одржана на 23 февруари 1948 година реши да свика конгрес.[257)]

Оваа одлука ја наметна растежот и успесите на АФЖ и потребите на движењето односно решенијата на раководството на КПГ

за уште помасовно вклучување на Македонката во ДАГ. Имено, организацијата АФЖ, покрај Главното раководство имаше три окружни одбори со 12 кадри и 23 реонски со ист број кадрови, 208 основни организации со 10.402 членови, 670 боркини во редовите на ДАГ и голем број свои членови во органите на народната власт и други институции на ДАГ.[258)]

На конгресот му претходеше богата претконгресна активност. Одржани се месни, реонски и окружни конференции на АФЖ на кои се поднесени реферати за активноста на организацијата, избор на редовни раководства по демократска процедура и избор на делегати за конгресот. Окружната конференција на АФЖ за Воденскиот округ е одржана на 5 април 1948 година на која извештај поднесе секретарот на привременото окружно раководство на АФЖ Ленка Стојкова-Мирка. Окружната конференција за Костурско со присуство на 200 делегати одржана е на 12 април, референт Махи Ганзовска и за Леринскиот на 15 април 1948 со учество на 200 делегати, со референт Махи Пилаева, секретар на Окружниот одбор на АФЖ.

Конференциите, покрај другите, ги донесоа и следните решенија:

1) Што повеке нови партизанки во редовите на ДАГ,
2) поголема застапеност и ангажираност во народната власт.
3) омасовување на АФЖ и основање месни организации во оние села и месности каде сеуште не постојат.

Откако се одржа претконгресните конференции, на 29 април 1948 година со присуство на 420 делегати и гости во атарот на с.Трново, Леринско одржан е Првиот конгрес на АФЖ на Егејска Македонија.

Политички реферат на конгресот поднесе Евдокија-Николова Вера, во кој даде општ[illegible] осврт за тешката судбина на Македонката под ненародните режими, борбите што ги водела за своите права и за активноста и успесите на АФЖ.

Стапувајки пред конгресот, таа рече: "Денес се одржува I-от слободен демократски конгрес на Антифашистичкиот фронт на македонските жени во Грсија. Овој настан е најславната и светла страница во нејзината досегашна борбена историја. Историската важност на денешниот ден, и наложува на македонската жена да

ја скрши колебливоста и од сите слободни, полуслободни и окупирани места, од градови и села, да стапи масовно во редовите на ДАГ зашто само оружената борба и гарантира слобода и живот".[259)]

Конгресот донесе резолуција која што истовремено претставуваше и најважен документ што го донесе конгресот. Во 4 точки се формулирани задачите на АФЖ и е трасиран патот по кој таа требаше да минува за идни акции и борба. Резолуцијата од Македонката жена бара:

1) масовно да влезе во регуларните единици и помошните служби на ДАГ
2) масовно и активно учество во органите на народната власт
3) сочување и зацврстување на единството на македонскиот и грчкиот народ, односно на Македонката со жените од другите националности во Егејска Македонија и
4) омасовување на организацијата АФЖ со вклучување во нејзините редови на сите Македонки.[260)]

Конгресот го поздрави членот на ЦК на КПГ Милтијадис Порфирогенис, кој меѓу другото рече: "Борбата која ни престои диктира масовно учество во оружената борба. Второ е прашањето на братството и единството на македонскиот и грчкиот народ. Непријателите знаејќи каков е значајот на единството настојуваат со сите средства да не разбијат. Наша задача е да го чуваме тоа единство како очите...[261)]

Конгресот испрати поздравна телеграма до АФЖ на ФНРЈ и до АФЖ на НР Македонија во која се вели: "Ние 420 делегатки, ваши сестри од грчка Македонија, собрани денес на I-от наш слободен конгрес, под раководството на АФЖ, ви праќаме топли и братски поздрави, вас и преку вас на сите херојски југословенски народи.

Вашите победи во текот на Народно-ослободителната борба 1941-1945 година и сега во текот на изградбата на вашата земја,ги прават поблиски и потесни нашите тежненија, затоа и ние во борбена заедница со грчкиот народ продолжуваме борбата против новите англо-американски окупатори и нивните монархофашистички слуги, до крајно ослободување на нашата земја, за слободна

и независна и демократска Грција каде едино ни гарантира и обезбедува нашата национална и политичка рамноправност". [262]

На конгресот беше поканета делегација од АФЖ на НР Македонија. Делегацијата во состав на Лиљана Манева, Мара Минанова и Македонка, поради спреченост од грчките претставници во Албанија, не пристигна во самиот тек на конгресот. Пристигна дури другиот ден, но и покрај тоа таа беше свечено пречекана од организацијата АФЖ. [263]

Конгресот избра и раководство на организацијата -Главен одбор, Извршен одбор и секретаријат.

Првиот конгрес на АФЖ е значаен не само по тоа што претставува прва широка манифестација на македонската жена од Егејска Македонија, на кој се даде синтеза за дотогашната целокупна работа на АФЖ во општата борба, туку и потоа што претставува сведоштво за вредноста и важноста што и се придаваше на Македонката во најтешките денови во кои се наоѓаше демократското движење и од која се бараше помош. Се бараше најзиното целосно вклучување и ангажирање, бидејќи со својата борба и дејност таа се потврди дека е способна да шонесе на својот грб и многу сложени задачи и да ги изведе на крај.

5. Успеси на АФЖ

Иако нејзиното постоење и делување беше кратко (април 1945- август 1949) и не успеа за тоа што се бореше АФЖ одигра значајна улога во борбата на Македонката за национална слобода, за своја еманципација и друго.

Во текот на своето постоење АФЖ во своите редови вклучи 10.402 членови од 220 села и 4 градови. [264] Во регуларните единици на ДАГ се бореле на 3.000 Македонки било како, обични борци или офицери, комесари и политички работници. Многу од нив со покажаниот хероизам, влегоа во алеата на хероите. Такви се Ирина Гинова-Мирка, Цвета Андреева, Поликсена Калојанова, Теодора Шкорнова и многу други познати и непознати.

Долг е списокот на македонски жени-херои и борци кои паднаа за слободата на Македонија и со своите херојски дела биле светол пример за идните генерации.

Голем е придонесот на Македонката во помошните служби и единици на ДАГ. Организирана во редовите на АФЖ даде над 230.000 работни денови со копање на ровови, пренесување на храна, облека и друго за партизаните, односно цела Егејска Македонија која беше претворена во работилница за ДАГ, претежно беше составена од Македонки.

Посебен придонес Македонката даде вклучена во органите на народната власт и други институции во слободните територии. Во окружните, реонските и месните народни одбори беа вклучени голем број жени. Така на пример, во 1949 година во Леринско и Костурско во 76 народни одбори имало 130 жени и во 38 народни судови 80 жени.[265)]

Учеството и придонесот на Македонката во борбата е толку решавачко и значајно што заслужува посебно проучување. Овде ќе се задоволиме ако кажеме дека таа го понесе најголемиот терор на борбата како борец и старешина на првата линија на фронтот, како раненосувачка, како давател и собирач на храна, облека и друго за партизаните, како градител на одбранбени објекти, како мајка и жена на погинати деца, односно мажи и сл.

И покрај сето тоа за што имаше добиено повеќе јавни признанија, на грчкото партиско раководство не му сметаше како што веќе наведовме во рамките на информбировската антијугословенска хајка, ја обвини АФЖ како "агентурска и предавничка" организација и ја распушти. Решение за распуштање на АФЖ и на другите македонски организации е донесено на VI-от пленум на ЦК на КПГ одржан на 9 октомври 1949 година, а спроведена 1952 година на оснивачкиот конгрес на новата организација "Илинден" одржана на 1-2 април 1952, а рехабилитирана на VI-от пленум на ЦК на КПГ одржан во март 1956 година.

Г Л А В А XX

Културно-просветна дејност на НОФ

Една од најглавните задачи на организацијата НОФ уште веднаш со нејзино создавање беше ширењето на македонската писменост и македонската национална култура, а една од најважните одлуки беше одлуката за примена на македонскиот литеретурен јазик.

Погорните цели НОФ ги реализираше преку печатот, училиштата, културно-уметничките групи и други форми на културно-просветната работа.

1. П е ч а т

Една сериозна страна на ист-оријата на македонското ослободително движење предводено од НОФ,огледало на тоа движење е и историјата на неговиот печат.

Проучувањето на развојниот пат на печатот на НОФ ја дава можноста да се расветлат подобро општите законитости на создавањето и развојот на македонскиот печат на Македонците од Егејска Македонија и го збогатува искуството на тој печат.

Историјата на македонскиот печат истовремено е и историја на славната борба на македонскиот народ од Егејска Македонија за национална и социјална слобода.

Улогата на печатот на НОФ и на другите македонски организации во мобилизацијата на Македонците во борбата за свои национални права, својата еманципација и правилна ориентација е толку голема, што ги надминува претензиите на овој труд. Проучувањето на македонскиот печат во Граѓанската војна претставува посебен интерес. Ние овде се задржуваме накратко врз неговата појава и развој.

Македонскиот печат од времето на Граѓанската војна е продолжение на печатот од времето на НОБ.

Македонскиот печат во новата ситуација создадена по договорот на Варкиза, не само што требаше да ја шири македонската писменост, македонската национална култура, да го информира и запознава македонскиот народ со политичката линија на организацијата НОФ, да го брани од зверскиот терор на грчките власти

и вооружените банди и да ја запознава внатрешната и надворешната јавност со тоа, туку скоро две години да се брани од клеветите и нападите на КПГ и ЕАМ и да го убедува грчкото раководство за потребата и користа од обединувањето на македонските и грчките демократски сили во борбата против десницата.

За подобро прашање на печатот, првен ке го разгледаме целтралниот, потоа окружниот односно локалниот печат и на крајот списанијата и другите изданија на НОФ.

Централни весници

Да напоменеме дека од формирањето на НОФ (23 април 1945) до појавата на првиот весник, оваа организација своите ставови и политичката линија ги изнесуваше преку проглави, повици, летоци и слично.[266)]

Прв значичен весник што излезе во периодот на Граѓанската војна (1945-1949) е органот на НОФ на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, кој во почетокот го носеше насловот "БИЛЕТИН". Првиот број на "Билетин" излезе на 17 јули 1945 година.

Од петтиот број, кој излезе на 3 октомври 1945 година, овој весник го менува насловот и се вика "Билтен", орган на Македонците под Грција. Билтенот се печатеше на шапилограф, на мал формат, на 8-10 страници, двојазично, односно на грчки и македонски јазик, а излегуваше редовно еднаш месечни и вонредно по повод годишнината на Илинденското востание и други поводи.

"Билтен" имаше информативен карактер, кој преку целиот период на неговото излегување (јули 1945 - октомври 1946 кога НОФ делуваше самостојно односно надвор од КПГ) донесуваше написи, статии, информации и слично преку кои раководството на НОФ ја изнесуваше својата политичка линија и ставови за водење на борбата, за ситуацијата во земјата, вести за масовниот терор и прогон врз Македонците спроведуван од грчките вооружени терористички банди и од официјалните грчки власти, како и вести и информации за обновата и изградбата во земјит е во кои успеа револуцијата, потоа, за изградбата на младата македонска држава, надворешни вести и други новини.

За да биде пристапен на поширок круг читатели, кои од познати причини не го познаваа македонското писмо, "Билтен" излегуваше двојазично, на македонски и грчки јазик. Двојазичното издание на весникот, меѓу другото, имаше и за цел да и овозможи на грчката јавност да се запознае со целите на НОФ кој и од десницата и од левицата беше напаѓан и клеветен како автономистичка сепаратистичка организација и слично.

Весник "НЕПОКОРЕН", орган на НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија, излезе на 1 мај 1947 година.

Весникот го уредуваше Павле Раковски, член на Главното раководство на НОФ и одговорен на Агит-проп. Во него работеа и Христо Андоновски, Коле Симитчиев, Паскал Паскалевски и други .

Од 1 мај 1947 до 10 август 1949 година - кога поради поразот на ДАГ, престана да излегува "Непокорен" - излегоа 28 броја од кои во 1947 5 броја, во 1948 година (до августовскиот пленум на НОФ кога беше променето раководството само 1 број) 17 броја, а во 1949 година 10 броја.

Весникот до август 1949 година се печатеше на шапирограф, а од тогаш во печатница. Излегуваше на 4, 6, 8, 12 и 14 страници, со тираж: првиот број излезе во 100 примероци, вториот 70, до 500-600 до август 1948 година, а оттогаш до 2.000 примероци.

Растурањето на весникот во времето кога излегуваше во ограничен тираж, се вршеше на тој начин , што беше уредено секој примерок да минува од рака во рака и да се чита на состаноци и конференции по селата и по групи од борци на ДАГ.

Од август 1948 година кога НОФ целосно мина во раце-те на Захарјадис и кога тиражот беше зголемен за четири пати, растурањето на "Непокорен" и другиот македонски печат беше решено на тој начин што командите на сите единици на ДАГ беа задолжени да се снабдуваат со истиот и одговорните за Македонците, 267) во единиците ирганизираа групово читање, а слободните стрелци разнесуваа македонски печат и во најодалеченото македонско село во телот на непријателот.

Појавата на "Непокорен" го одушеви македонскиот народ и тој многу бргу стана најомилениот и најчитаниот весник.

"Непокорен" го одушеви и поетот Паскал Паскалевски за кого ја напиша истојмената песна "Непокорен"

"Непокорен" број 12 од 12 август 1948 година, печатен во голем формат и модерна техника, е првиот број што излезе,откако Захарјадис успеа да го стави НОФ под своја целосна контрола.

"Непокорен" престана да да излегува во август 1949 година со поразот на ДАГ во Вичо.

Централниот совет на НОФ, покрај весникот "Непокорен", издаваше и"БИЛТЕН". Билтенот имаше информативен карактер и излегуваше два пати неделно,во среда и сабота. Првиот број на овој лист излезе на 5 септември 1948 година и престана да излегува во првата декада на август 1949 година кога престана да излегува и "Непокорен". Билтенот го уредуваше редакцијата на "Непокорен". До февруари 1949 година излегуваше на мал формат, а оттогаш кога НОФ се снабди со нова печатница, почна да излегува во поголем формат, на 4 страници.

Од анализата на досега пронајдените 30 броја од Билтенот констатираме дека тој накратко информира за најважните настани во земјата и странство. Најголем дел од Билтенот зафаќаат информациите и комуникеата за воените операции меѓу ДАГ и владината војска, поважните воени операции и битки, успесите на ДАГ, загубите на непријателот и слично.

Една од најинтересните рубрики на "Билтенот" беше рубриката "Терор" во која се изнесуваа податоците за злогласниот терор на грчките власти врз Македонците (масовни апсења,убивања, горење на села, силувања, интернирања и сл.)

2. Окружни (локални) и други весници

"Зора беше орган на Окружниот одбор на НОФ за Леринско. Првиот број на "Зора" излезе во ноември 1946 година. Излегуваше "под редакциона комисија", еднаш месечно, двојазично, односно на македонски и грчки, мал формат и тираж, печате на шапирограф, на 4 страници.

Покрај статии и писма, "Зора" донесуваше вести и информации за теророт на грчките власти во Леринско, за организационата дејност на НОФ и друго.

По повод годишнината од смртта на Гоце Делчев, весникот "Зора" од 20 мај 1947 година поголемиот простор му го посвети на Гоцевата револуционерна дејност за национално ослободување на македонскиот народ.

Органот на Окружниот одбор на НОФ за Воденско "ПОБЕДА" почнува да излегува од 1.I.1947 година. Весникот го издаваше Одделението на Агит-проп на НОФ под непосредно раководство на секретарот Вангел Ајановски-Оче. Првата редакција на "Победа", покрај секретарот, ја сочинуваа: Гого Петричев, Христо Андоновски и Христо Николов.

"Победа", како и другите органи на НОФ, излегуваше двојазично односно на македонски јазик со македонска азбука и грчки јазик со грчки букви, на 4, 8 и 16 страници. Според одлуката на Окружното раководство на НОФ и редакцијата, тој требаше да излегува еднаш неделно, но тој не излегуваше редовно. Така, на пример, во месеците јануари-март излезе пет пати, во мај само еднаш, односно од 1 јануари 1947 до 23 април 1948 година "Победа" излезе 16 пати од кои 2 пати вонредно. Во врска со нередовното излегување на весникот "Победа", секретарот на Окружниот одбор на НОФ Лазо Поп-Лазаров на окружната конференција на НОФ за Воденско одржана на 20 декември 1947 година, меѓу другото, рече: "Во секторот за агитација и пропаганда не успеавме до крај да ја исполниме задачата поради недостиг на материјали. Од мај до сега "Победа" излезе 4 пати..."[268)]

Во пронајдените досега осум броја на весникот "Победа" поместени се повеќе статии, како што се: "Нашата младина - НОМС" од Гого Петричев, во која се опишува дејноста на младинската организација НОМС во егејскиот дел на Македонија, "жените во борбата" од Мирка[269)] и други, потоа материјали, документи, информации за организационата дејност на НОФ, АФЖ, НОМС односно за одржаните реонски, околиски и окружни советувања, состаноци и конференции на НОФ, кадровскиот актив на НОФ одржан на 20 мај 1947 година, за дејноста на ДАГ, за теророт на грчките власти против Македонците и нивниот отпор, за значењето на отворањето на македонските училишта, пригодни написи по повод роденият ден на маршалот Тито, за делото на браќата Кирил и Методи и друго.

Во Костурско во почетокот на 1947 година отпочнува да излегува весникот "Единство" како орган на Окружниот одбор на НОФ.

Како другите, така и весникот "Единство" излегуваше двојазично, на мал формат и тираж, еднаш месечно на 8-12 страници, печатен нашапирограф. Во почетокот го уредуваше Мичо Губиденов.

Весникот "Единство" донесуваше статии како што се "Последната дума ќе ја има народот", во која се разобличуваа маневрите на грчката десница која преку формирање на влада на чело со либералот Софулис сакаше да го залаже јавното мислење, потоа статијата на Гого Петричев по повод формирањето на Привремената демократска влада на Грција под наслов"Големата историска придобивка", написи и информации за револуционерната дејност на Лазо Поп-Трајков, дејноста на ДАГ во Вич, организацијата и работата на органите на народната власт, теророт во Костурско, материјали од I-та окружна конференција на НОФ во Костурско одржана на 23-24 декември 1947 година, за масовното учество на Македонците во борбата, за отварањето на македонски училишта и сл.

Од мај 1949 година почнува да излегува весникот "Борец", орган на 18-та бригада на ДАГ. Весникот излегуваше еднаш месечно и до крајот на војната излезе само три пати. Тој донесуваше вести од животот и дејноста на бригадата, кратки информации од дејноста на ДАГ и слично.[270)]

"Ослободител" е македонско издадние на органот на Штабот на ДАГ за Пајак - Кајмакчалан "ΑΠΕΛΕΥΘΕΡΩΤΗΣ", кој на македонски јазик почнува да излегува од својот петти број односно од 29 февруари 1949 година.

"Ослободител" излегуваше на 6 страници, мал формат, печатен на шапирограф. Во него се објавувани статии, написи,информации за борбите на ДАГ, дејноста на масовните организации во Воденскиот округ, за органите на народната власт, за теророт, разните наредби на ДАГ, за ситуацијата во земјата и слично.

Во с.Булкес, Војводина(Југославија) од април 1949 година беше покренат весникот "Единство", орган на секцијата НОФ -Булкес, односно на Македонците бегалци од егејскиот дел на Македонија настанети во војната во тоа место. Весникот беше печатен

во модерна печатница, на 4 страници. Во него, покрај вестите и информациите за животот и работата на Македонците во Булкес, се донесуваа вести за дејноста на ДАГ и ПДВ, за ситуацијата во Егејска Македонија и Грција, написи за нашите револуционери Гоце Делчев и други.

Во издание на весникот "Единство", исто така, во Булкес од мај 1949 година излегуваше билтенот "Вести". Билтенот излегуваше на 15 дена, на две страници, на македонски јазик и донесуваше кратки вести за позначајни настани во Грција и во светот, за дејноста на ДАГ, ПДВ, теророт и слично.

3. Списанија, брошури и други изданија на НОФ

Списанието "Нова Македонка" беше орган на Антифашистичкиот фронт на Македонците во Грција (АФЖ) и беше првиот засебен орган на организацијата АФЖ. До појавата на својот орган, АФЖ на Македонците од Егејска Македонија своите документи и материјали ги печатеше во органите на НОФ. "Нова Македонка" излегуваше еднаш месечно, двојазично (на грчки и македонски јазик) на 10, 16 и 20 страници. До 4-от број се печат-еше на папирограф, а од 5-от број натаму во македонската печатница на НОФ. Уредник на "Нова Македонка" беше Уранија Алиломова со непосредна помош на Павле Раковски. Како во другите изданија на НОФ, така и во "Нова Македонка" беше применет македонскиот литературен јазик од НР Македонија.

Првиот број на "Нова Македонка" излезе на 1 март 1948 година, а последниот 12-ти број во јули 1949 година со капитулацијата на ДАГ.

Покренувањето на списанието "Нова Македонка" имаше за цел да ја популаризира борбата на Македонката и уште повеќе ја мобилизира во неа.

Во списанието "Нова Македонка" со свои прилози учествуваа повеќе активисти на НОФ и АФЖ, кои ја опишуваа борбата на Македонката за извојување на рамноправност, национални и социјални слободи, за масовното учество на жената-Македонка во редовите на ДАГ како борец и раководител, како активист на АФЖ и другите организации, на народната власт и друго, за херојски подвизи на Македонки во борбите и пред непријателот, како Мирка

Гинова, Цвета Андреева и други, за масовниот терор на грчките власти врз нив, итн. Покрај тоа "Нова Македонка" донесуваше материјали и други документи од организационата дејност на НОФ и АФЖ, како што се документите од I и II Конгрес на НОФ, I Конгрес на АФЖ, реонски и окружни конференции, репортажи и раскази од борбите на ДАГ и слично.

Во 1947 година во издание на Агит-проп Комисија при Централниот совет на НОФ излезе брошурата под наслов: "НОФ - еден поглед на Народно-ослободителното движење на Славомакедонците" од Павле Раковски.

Овој труд на Павле Раковски од 43 страници, печатен на шапирограф, беше наменет за активистите на НОФ и АФЖ кој им послужи како помагало во нивната идеолошко-просветната работа. Овде немаме намера критички да се осврнеме да ставовите и оценките на авторот изнесени во него. Ќе се задоволиме само во вид на информација да ја изнесеме содржината на трудот од која може да се заклучи за целите на авторот.

Покрај предговорот и уводната белешка, трудот на Павле Раковски е поделен на две глави.

Во него се зборува за политиката на буржоаските режими по Балканските војни, за асимилација и физичко уништување на македонскиот народ. улогата на свесниот фактор (КПГ) во раководењето на Народно-ослободителното движење на македонскиот народ, за практичното решавање на македонското прашање во Грција, со признавањето од КПГ на Македонците како национално малцинство со права на рамноправност и рамнограѓанство, за влијанието на војната во решавањето на тоа прашање, за појавата на СНОФ и политиката на ЕАМ, за учеството на Македонците во антифашистичката војна, странската интервенција и победата на десницата со што беше прекинат процесот за решавање на македонското прашање во рамките на Грција, потоа за трагичната положба на Македонците по војната и појавата на НОФ како продолжувач на делото на ВМРО и Илинден, за врховизмот, великобугаризмот и великогрцизмот - како непријател на македонското народно-ослободително движење.

Во јануари 1948 година излегоа во брошури Програмата и Статутот на НОФ донесени на I-от конгрес на НОФ одржан на 13 јануари 1948 година во с. В'мбел, Костурско, првата брошура на 8, а втората на 13 страници. Двете брошури се печатени во модерна печатница.

Во мај 1948 година излезе брошурата "Славомакедонката во борбата". Брошурата беше печатена во печатницата на весникот "Ексормири", органна ДАГ, во 200 примероци, во мал формат, на 15 страници.

Авторот на брошурата Михаил Керамитчиев, секретар на НОФ на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, се обиде накратко да го опише учеството на Македонката од тој дел на Македонија во борбата за рамноправност во време на предвоените режими, во време на Антифашистичката војна, а со посебен осврт на појавата и дејноста на АФЖ во Егејска Македонија.

Во март 1949 година, како што наведовме погоре, се појави брошурата КПГ ОРГАНИЗАТОР, ВООДУШЕВИТЕЛ И РАКОВОДИТЕЛ НА НАРОДНАТА БОРБА ЗА СОЦИЈАЛНА И НАЦИОНАЛНА СЛОБОДА од Павле Раковски, одговорен на Одделението за агитација и пропаганда при Централниот совет на НОФ. Брошурата ја издаде Агит-проп на НОФ, печатена во печатницата на "Непокорен" во 2000 примероци, мал формат, на 16 страници, двојазично на македонски и грчки јазик. Овој труд на Павле Раковски го објави и органот на Централниот совет на НОФ "Непокорен".[271)]

Во овој наш прилог не му е местото за да се осврнеме критички на некои ставови, констатации и заклучоци на авторот со кои не можеме да се сложиме.

Покрај наведените весници, списанија, брошури и друго, во текот на Граѓанската војна раководството на НОФ изработи повеќе студии, предавања и слично, кои ги умножи на шапирограф и ги растури меѓу организациите на НОФ и македонското население. Така, на пример, на 7 мај 1947 година секретарот на НОФ Михаило Керамитчиев изработи студија на 16 страници за политичката ситуација во земјата и светот и задачите на НОФ.[272)] По повод Илинденското востание истиот автор на 24 јули и на 1 август 1947 година изработи студии во кои на популарен начин ја анализира по-

2. Македонски училишта

Во првите месеци на 1947 година вооруженото ослободително движење беше толку развиено што поголемиот дел од Централна и Западна Македонија и делови на Грција беа ослободени. Прашањето за организирањето на власта во ослободените територии се постави како многу акутно.

Главниот штаб на ДАГ како врховна и политичка власт во слободните територии, на 10 август 1947 година ги донесе првите законодавни одредби и законодавни акти со кои се регулираа државното уредување на земјата и должностите на граѓаните, организацијата и работата на народните органи на власта, народните судови и друго.

По прашањето на образованието односно школството, Главниот штаб на ДАГ на иста дата го донесе актот под број 5.

Со членот 5 од погорниот акт на Главниот штаб на ДАГ на Македонците од егејскиот дел на Македонија им беше признато правото, своите деца ги школуваат на свој македонски јазик.

Треба да напоменеме дека со избувнувањето на Граѓанската војна, поголемиот број на училиштата беа затворени. Самите училишни згради беа уништени, или претворени во воени складишта, касарни и слично. Така на пример 90% од училиштата во Воденско беа затворени.

Во врска со отварањето на училиштата во слободните територии, Главниот штаб на ДАГ донесе одлука под број 8 од 28 септември 1947 со која ги задолжува органите на народната власт да ги отворат училиштата и се регулират прашањата околу учебниците, изворите на материјалната издршка на истите, отварање на школски кујни и друго.[274)]

Каков одраз имаа погорните одлуки и акти на ГШ на ДАГ со кои на Македонците им се признаваше правото да отворат свои училишта, можеме да го видиме во македонскиот и друг печат од тој период.

Еве на пример што пишуваше весникот "Непокорен", орган на Главното раководство на НОФ: "ДАГ му ги признава правата на македонскиот народ и со статутарни акти ја прокламира сега во слободните територии националната рамноправност на македонскиот

народ, што значи практично признавање на жртвите во заедичката борба за слобода и независност.

Народната власт што се организира во слободните територии, врз народно-демократски основи, дадени во статутарните акти на ГШ на ДАГ и Демократската влада на Грција, се една голема придобивка на нашиот народ. За прв пат во нашиот живот, наш народ учествува активно и рамноправно во народната власт во сите сектори, отвара училишта на македонски јазик, создава предуслови за развој на националната култура.[275)]

И покрај прокламираното право и должност во македонските села бидат отворени македонски училишта, во практичната примена на тоа, се дојде до несогласувања меѓу раководствата на КПГ и НОФ.

Имено, НОФ сметаше, што беше и единствено правилно, во македонските села бидат отворени само македонски училишта, додека грчкото раководство (КПГ) одлучи покрај македонското, да се отвори и грчко училиште за гркомани Македонци, односно да им се овозможи на Македонците сами да одлучат во кое училиште сакаат да ги школуваат своите деца.

Во активот на партиските кадри во политичките организации и во ДАГ одржан на 24.X.47 година во седиштето на ДАГ за Западна и Централна Македонија стана дискуција по тоа прашање од претставниците на НОФ. Паскал Митровски во својата дискусија постоењето на двојни училишта во македонските села го сметаше за неправилно, На тоа му се спротивстави секретарот на Покраинскиот комитет на КПГ за Македонија и Тракија Леодидас Стрингос, кој меѓу другото, рече: дека за гркоманите треба да постојат грчки училишта. Михајло Керамитчиев го подржа ставот на П.Митровски.

Ставот за постоење на двојни училишта го бранеше и органот на Земјоделската партија на Грција за Македонија "Агротикос агонас" од 5.XI.47 година, кој во врска со тоа прашање, меѓу другото пишуваше: "...Народните совети треба да ги поправат училиштата и да назначат учители... Да отворат училишта за децата на малцинствата во кои ќе се учи на мајчин јазик, плод на борбата на Македонците покрај грчкиот народ за слобода, демократија,независност, рамноправност, еднаквост и за таа прилина децата на Славомакедонците и на другите малцинства имаат право да се школуваат во кое школо сакаат,грчко или македонско".

Како негативно се одрази кај Македонците одлуката на КПГ за отварање на двојни училишта во македонските села, можеме да видиме и од извештајот на Вангел Ајановски-Оче, организационен секретар на Главното раководство на НОФ од 12.XII1947 година: "... Согласно законодавните акти и одлуки на ГШ на ДАГ за отварање на македонски училишта, македонскиот народ ги прими со голема радост. Но тоа сега се спроведува обратно. Се отварат грчки и македонски училишта во македонските села. Македонскиот народ се плаши и мисли, ако ги испрати своите деца во македонските училишта, постои можност да биде прогонет. И така се наоѓа во неизвесност.[276)]

Но, и покрај протестите на Македонците и нивното раководство против отварањето на двојни училишта во македонските села, грчкото раководство остана при својот став и истиот го примени во пракса. Така на пример двојни училишта беа отворени во Костурско, Преспанско и други места.

Задачата за отварањето на македонските училишта ја презеде Главното раководство на НОФ односно неговиот оддел за Агитација и пропаганда при кој беше формирана комисија за просвета.

Наведената комисија за просвета мораше да реши низа тешки проблеми, како што е проблемот на училишни згради, наставнички кадар, материјал и друго.

Народните совети, согласно одлуката на ГШ на ДАГ и други акти, а со помошта на македонските организации НОФ-АФЖ пристапија кон поправка на оштетените училишни згради и оспособување на други простории за училишта, го пронајдоа нужниот инвентар (клупи,огрев и др.).

Секако едно однајкрупните проблеми за отварањето и нормалното функционирање на македонските училишта,беше наставничкиот кадар. Познато е дека пред војната во егејскиот дел на Македонија не беше забранета само македонската писменост, туку и македонскиот јази, што значи не постоеа луѓе кои беа школувани на македонски јазик. Одговорните за отварањето на македонските училишта морале да се потпрат на лицата кои поради познатите причини кон крајот на војната пребегаа во НР Македонија каде до некаде научиле да читат и пишуваат на македонски јазик. Бидејќи бројот

на таквите лица беше мал и повекето од нив служеа во ДАГ и во организациите, Комисијата за просвета одлучи да организира курсеви во кои се припремаа лица за отварање на училиштата и изведување на наставата на македонски јазик.

Изборот на кандидатите за курсевите односно за идните македонски учители се изврши воглавно од инвалиди, лица со слаба здравствена состојба, а под услов да имаа завршено најмалку шестогодишно основно училиште.

Неколкудневниот подготвителен курс со средства на НОФ, во октомври 1947 година кога го посетувале 40 лица се покажа недоволен за елементарно припремање на истите за изведување на настава, поради што се одлучи да се организира редовни курсеви.[277)]

Така од 1 ноември до 20 нември 1947 година беше организиран првиот курс кој го носеше името: "Курс на македонски народни учители "Гоце Делчев".

Курсот, како и погоре наведовме, го организира и раководеше одделот за Агит-пром при Централниот совет на НОФ. Наставниците на курсот беа: Фоти Илковски, Лазо Ангеловски и Паскал Паскалевски, последниот беше и директор на курсот.

Курсот го посетуваа 97 ученици. Тие слушаа предавања од македонската писменост, читање, пишување, историја на македонскиот и грчкиот народ, сметање и пеење. Курсевите на крајот полагаа писмени испити, а на 23 ноември 1947 година приредија културно-уметничка програма.[278)]

Бројот на македонските учители кои го завршија курсот замакедонски учители "Гоце Делчев" беше недоволен за да ги задоволи барањата на Македонците за отварање на училишта. Поради тоа во јануари 1948 беше организиран и втор курс. За разлика од првиот, тој беше мешан, односно во него се припремаа и учители на грчки јазик. Програмата на овој курс беше како и на првиот.

За работата и значењето на овој курс во весникот "Непокорен" меѓу другото читаме: ".. на 4.II.48 година изврши со слава по случај завршувањето на II-от учителски курс. 120 Македонци и 40 Грци учители заедно со наставничкиот персонал го пречекаа со бујни акламации и ракоплескање другарот министер за просвета на Привремената демократска влада, Кокалис. Тој ги -

поздрави со следните зборови: "Ако сакаме да го видиме значењето на денешниот празник, ќе треба да го разгледаме фактот, дека Грци и Македонци заедно со помошта на ДАГ, ги поставуваат темелите на народните училишта. Нивната заедничка борба е фактот кој застана етап и почеток да се прекрати страшната драма што се одиграваше против овој народ во оваа земја. Овој курс, неговата работа и оваа прослава го покажуваат нашето уважение кон македонското малцинство на кое за прв пат во неговиот живот му се даваат сите возможности да го развие својот мајчин јазик и својата национална култура. Сето тоа не е резултат на некој хуманизам, туку е резултат на длабока идеологија и заедничка борба на Грци и Македонци". Хорот од курсистите исполни разни народни македонски и грчки песни. Следуваше мал скеч на македонски јазик, рецитации и друго на двата јазици.

Од октомври 1947 до април 1948 година во егејскиот дел на Македонија беа отворени 87 македонски училишта во кои беа опфатени околу 10.000 ученици.[279)]

Наставната програма во македонските училишта имаше за цел да ги научи децата да читаат и пишуваат на македонски јазик. Учениците ја учеа македонската азбука усвоена во НР Македонија, малку аритметика, поважни моменти од националната историја со посебен акцент на Илинденското востание, маршот на НОФ и други народни и борбени песни. Најголем број на часови беа употребени во учењето на децата да читаат и пишуваат на македонски јазик.

Исто така сложен проблем со кој се судрија македонските училишта беше и недостигот на македонски учебници. Тој проблем делумно беше решен со помошта во учебници и друг просветен материјал подарен од министерството за просвета на НР Македонија, печат и други изданија на НОФ, грчки учебници и друго кои самите учители ги преведуваа.

И покрај извонредно тешките услови на Граѓанската војна секојдневното бомбардирање од непријателската авијација и артилерија, честите напади и офанзиви на непријателот, недостиг на најосновните средства за изведување на наставата, македонските учители дадоа се од себе да одговорат на светата задача која му ја постави македонскиот народ и македонското ослободително движење. 10.000 Македончиња беа описменети на свој мајчин јазик и се

запознаа со својата историја и култура. Најголемиот број од нив го продолжија своето образование и станаа стручњаци, академски граѓани и научници. Повеќето од нив денес се наоѓаат во СР Македонија и го даваат својот придонес во изградбата на својата слободна татковина.

По иницијатива на Народните совети и со помошта на масовните организации и ДАГ во училиштата беа отворени детски кујни во кои бесплатно се хранеа деца чии родители погинаа во борбите или умрени, бедни и болни деца.

Македонските училишта во егејскиот дел на Македонија работеа до март 1948 година кога со одлука на Привремената демократска влада децата од школска возраст беа евакуирани во соседните земји (Југославија, Романија, Унгарија, Чехословачка, Полска итн.). Некои од учителите заминаа заедно со децата, а некои останаа да се борат во редовите на ДАГ и многу од нив го положија својот живот за слободата на својот народ.

3. Културно-просветна група

Покрај училиштата, печатот и друго, НОФ презеде и други акции за издигнување на македонското национално чувство и просветувањето на Македонците.

Во март 1947 година при Одделот за Агит-проп на НОФ беше формирана Културно-просветна група. Групата составена од избрани девојчиња од 14-16 годишна возраст, секогаш во народни носии, настапуваше како хор, како играорна група, како театрални ансамбл, а еднаш изведе во црквата на с. Желево-Леринско опера на тема од борбата. Нејзините претстави пред борците и македонските села претставуваа извонредна манифестација, на народната култура на еден народ кој кршејќи ги своите прангии се преродува во огинот на својата ослободителна борба и предизвикуваше длабоко задоволство, оптимизам и одлучност за борба кај Македонците.

Групата имаше огромна мобилизаторска улога. Ги мобилизираше не само бројно луѓето, туку пред се моралните сили на веќе мобилизираниот македонски народ.

Обичната логика на револуцијата велеше дека такви групи треба да има повеќе, барем по една во секој округ. Но, раководниот врв на КПГ и оваа едната ја распушти, мобилизирајќи го во армијата нејзиниот уметнички раководител Фоти Илковски.

Во врска со дејноста и значењето на Групата, весникот "Непокорен" од 20.III.47 година под наслов "Наш народ и нашата културно-просветна група", пишува:

"Од неколку време наваму врши обиколка низ костурските и леринските села Културно-просветна група на НОФ. 15-20 девојчиња од наш народ, со неуморна работа на одговорниот на групата ќе оспособија и сејат радост меѓу многумачениот наш народ".

Вистина е дека од каде помина групата кај нашиот народ се разбуди националното чуство.

Неговите песни го полнат со ентусијазам, дух и гордост. Тој се осеќа и живее како слободен човек и народ. Во него затврдува самоувереноста дека и тој може да создаде нешто свое, расте неговата вера во победата.

Работата што ја врши Групата јасно ја покажува динамичноста на нашиот народ- неговите способности, неговите душевни дарби, неговата прравост и енергичност и се што може да створи нашиот народ кога ќе ги сврши ропските скови и тргне слободен".

Покрај Културно-просветната група, во слободниот Вичо беше формиран во 1947 година под раководство на популарниот народен музикант Кара-Тимјо македонски народен дувачки оркестар. Еве што меѓу другото пишува раководителот на Одлелот на Агит-проп при ЦС Павле Раковски:"... Секаде каде ќе се појавеше македонскиот народен оркестар, ечеше македонскиот народен мелос, а најчесто песната Ѝ А бре Македонче, каде се спремаш,борба те чека...", преработена како триумфален марш. Овој оркестар, прво беше во склопо на 18 бригада на ДАГ која делуваше во Вичо, потоа беше ставен под команда на Главниот штаб на ДАГ и на крајот беше растурен и членовите на оркестарот мобилизирани во војската. Омилениот Кара-Тимјо револтиран од таквата неумесна и сомнителна одлука на ГШ на ДАГ и неможејќи да се одвои од својот кларинет, се реши да пребега во НР Македонија со цел да го продолжи своето дело. Фатен на границата од органите на ДАГ и стрелан. Веста за загубата на Кара-Тимјо кај борците и македонскиот народ предизвика вистинска тага и жалост. Го снема човекот кој во најтешките моменти на борбата им внесуваше радост и верба и им ги отргнуваше мислите на погинатите другари и свои во битките.

Г Л А В А XXI

Репресалии врз Македонците од страна на КПГ-ДАГ до 1949 година

Грчкото партиско раководство за да ги"поткрепи" и ги "потврди" обвинувањата и клеветите против КПЈ дека беше решавачки фактор за поразот на грчкото ослободително движење, по стилот на информбировската практика, презеде широка акција за "откривање" на "Титови агенти" исфабрикување на "докази", изнудени признанија, монтирање на судски процеси, смртни пресуди и сл. Ќе требаше да го убеди грчкиот и македонскиот народ и меѓународното јавно мислење дека поразот на грчката револуција не се должеше на својот опортунизам и грешки, туку на "предавството" и "разбивачката" дејност на КПЈ. За постигнување на таа мрачна задача не се бираа и не се штедеа средства. Не е мал бројот на Македонците кои беа покосени од егзекутивниот одред на ДАГ, лажно обвинети за агенти на Инвестителната служба на Југославија, за организирање на дезертерства кон Југославија и слично.

Од документите што располагаме произлегува заклучокот дека органите за безбедност на ДАГ имале добиено задача да ги следат Македонците, особено оние што доаѓаа од Југославија, да прибираат податоци за Југославија и сл. уште пред сударот меѓу КПГ и КПЈ. Тоа го правеше со цел да се преземаат соодветни мерки за елиминирање на југословенското влијание врз Македонците ,пред се да се оневозможи секоја тенденција и акција на Македонците за решавање на македонското прашање спротивно на ставот на КПГ по истото. Грчкото партиско раководство за постигнување на таа цел, покрај деградирањето, омало-важувањето и предрасудите спрема македонските кадри, изврши неоправдани убиства на Македонци. Таков беше случајот со комесарот на ДАГ во Кајмакчалан Ираклис Милтиадис-Кирјакос кој неоправдано ликвидира повеќе Македонци борци.[280]

Раководството на НОФ остро реагираше и протестираше кај највисоките фактори на КПГ и ДАГ за извршените злосторства на Кирјакос, Меѓутоа, тој наместо да биде земен на одговорност, беше само преместен на друга должност.

Освен тоа, секој кој ќе ја минеше југословенската граница и ќе влезеше во грчка територија, без врска од грчките јавки уште пред појавата на резолуцијата на Информбирото се апсеше и се вршеше притисок врз него да признае дека работи во корист за некоја југословенска инвестителна служба. Таков е случајот со Заров Јане во ноември 1946.[281] Гаљов Тано во октомври 1947[282] идр.

Меѓутоа, прогонувањата и насилствата, како што наведовме, врз Македонците по резолуцијата на Информбирото зедоа широки размери. Целта на таа хајка беше да се потврди однапред монтираното обвинение против Југославија.

За постигнување на таа цел беше покренатa една цела машинерија-апарат. При министерството за внатрешни работи на ПДВ и при командата на народната милиција за Централна и Западна Македонија беа формирани специјални одделенија наречени "Одделенија за борба против Титова агантура". На чело на тие одделенија беа поставени познати џелати на Булкес; Михалис Пектасидис, Одисеас Гастис, Периклис Калодикис(Мировиглис). Павлос Контоѓоргис, Лепењотис, Стељос Калфас, Г.Катакис, Лефтерис Спенгос, Андонис Митру, Наведените по налог на раководството на КПГ невино ликвидираа, според едни податоци од самата КПГ 95, а според Маркос Вафијадис 350 борци и активисти од грчката општина на Булкес-Војводина. Тие докажани џелати беа донесени во Егејска Македонија со задача употребувајќи ги истите методи да собираат или подобро речено да фабрикуваат докази против Југославија.

Со заоструваљето на односите меѓу КПСС и КПЈ, а особено после резолуцијата на Информбирото, ПДВ презеде ригорозни мерки за обезбедување на границата према Југославија. Организира во пограничните села обавештајна мрежа со задаток да ги "открива" и апси "уфрлените Титови агенти", да ги открива оние што намераваа да пребегнат во Југославија и сл. Од југословенската граница ги повлекоа единиците кои беа составени повеќе од Македонци и ги префрлија во заднината. Обезбедувањето на границата и беше поверена на народната милиција, составена од Грци и на нив одани луѓе. Гатените лица близу до југословенската граница ги стрелаа.[283]

1. Аферата со група Македонци борци во Грамос

Раководството на КПГ свесно дека влошувањето на своите односи со КПЈ негативно ќе се одрази врз Македонците плашејќи се од евентуална реакција од нивна страна против таквата нејзина политика, презеде ригорозни мерки.

Службата за безбедност на ДАГ, во духот на таа цел, го започна своето злодело.

Одделението за безбедност на 670 единица на ДАГ на чело со специјалниот и искусниот за организирање на афери и монтирање на обвинителни акти Такио Гастис, човекот што ги монтира обвиненијата и ги осуди на смрт познатите виши старешини на ДАГ Ѓорѓи Ѓанулис и Ѓоргис Ѓоргијадис, на 5 јуни 1948 година даде налог да се изврши апсење на Македонците борци во ДАГ Никола Ѓасов, Петре Димулев, Ставре Темелиев, Ставре Ралев, Ѓорги Младенов, Ѓорги Слупков, Христо Попов, Јане Кипровски и други, сите припадници на 105 бригада на ДАГ која се бореше во Грамос.

Апсените Македонци главно биле младинци од Преспа, Леринско. Нив монтираното обвинение ги товареше дека наводно шириле пропаганда дека Грците комунисти немаат правилен однос спрема Македонците, дека Македонците треба да се отцепат од нив и да бегаат во Југославија или во Леринско поле и планината Вичо. За постигнување на оваа цел обвинението ги товареше дека наводно формираа тајна организација со автономистички цели, дека имале план да убиваат раководители, дури веќе и убиле еден Грк десетар и слично.

Гастис употребувајќи ги своите добро испробани методи на притисок и мачење, успеал да изнуди такво "признание" од тие голобрадци Македончиња. Окривените Македонци Никола Ѓасов, Петре Димулев и др. беа изведени пред воен суд и осудени на смрт. Молбата за помилување до претседателот на Привремената демократска влада и командант на ГШ Маркос Вафијадис на23 јули беше одбиена и смртната пресуда извршена.

Така трагично го завршија својот живот овие Македонци борци без да имаат никаква вина. Тие беа жртва на една злогласна политика на Захарјадисовото раководство на КПГ кое слепо ги извршуваше нарадбите на Сталин.

Од сочуваното досие од таа афера имавме можност да го проучиме, констатиравме дека наведените обвиненија против оваа група Македонци борци се целосно лажни и исфабрикувани. Единствена нивна вина е таа што тие изразија извесно негодување за неправилен став и однос на раководството на КПГ спрема Македонците и ако тој не се измени, може да се повторат настаните од 1944 година кога македонските батаљони поради неправилниот став на КПГ-ЕЛАС се отцепија и преминаа во Вардарска Македонија. Никаква тајна организација или некоја друга акција овие селанчиња не презедоа и ниту намераваа и ниту можеа да превземаат.[284]

2. Стрелањето на 9 Македонци од Долно Пожарско

Во јули 1948 година органите за безбедност на ДАГ уапсија 20 Македонци од с.Долно Пожарско, Воденско под обвинение дека соработувале со монархофашистите и Југославија. Обвинението клеветнички ги теретеше дека соработувале со монархофашистите и Југославија, давајќи им информации за силите и движењето на единиците на ДАГ, организирање на дезертерства на партизани кои непријателот и сл.

Истрагата траеше од јули до ноември 1948 година. И покрај тоа што истражниците немилосрдно ги мачеа употребувајќи најварварски методи, фатените Македонци ги одбиваа обвиненијата. Повиканите сведоци ништо не кажаа против обвинетите. Сето тоа не беше земено во предвид. Воениот суд на ДАГ осуди на смрт 9 од кои и една жена. Смртната пресуда беше извршена во ноември 1948 година. Од документите во врска со тој случај и од изјавата на командантот на народната милиција за Воденско Атанас Киров,[285] констатираме дека овие Македонци невино настрадаа. Ништо не беше докажано за тоа што беа обвинети. Овој монтиран судски процес како и оној во Грамос, имаше превентивна цел односно да спречи било каква манифестација на Македонците во полза на Југославија по повод судирот меѓу КПЈ и Информбирото.

3. Случајот на Мичо Гаљо и Агамемнонас Гунари

На 5 јануари 1949 година беше извршена смртна казна изречена од Прекиот воен суд на ДАГ над младите Македонци, Мичо Гаљо од с.Смрдеш, Костурско и Агамемнонас Гунари од Лерин.[286]

Мичо Гаљо и Агамемнонас Гунари беа фатени од органите на безбедноста на ДАГ за разузнавачка дејност против ДАГ, а во полза на разузнавачката служба на Југословенската армија. Исфабрикуваното обвинение ги теретеше дека тие во слободната територија на Кајмакчалан ; Вичо и во неослободените подрачја имале организирано јака агентурска и разузнавачка мрежа. Наводно Гунари во својот исказ наведе дека во агентурската мрежа беа опфатени и раководители на НОФ и дека со нив илегално се сретнуваа во централните јајки во с.Смрдеш, Костурско и с.Раби, Преспанско.[287] Интересно е да се наведе дека и покрај тоа што е "откриена" наводната "агентурска" и напријателска дејност на наведените и други активисти на НОФ и други Македонци од наводно широката "шпиунска" мрежа, против никого не е превземена некоја заштитна мерка односно гонење. Тие и понатаму продолжија да ги вршат своите раководни функции во политичките организации, во органите на народната власт и други институции. Тој факт е доволен за да се разобличи монтираната афера за некаква широка шпиунска мрежа против ДАГ организирана од Југославија.

Нештата имаат своја логика. Кој може да верува дека едно раководство и тоа во услови на револуционерна борба ќе дозволи во своите редови и тоа во раководни позиции да делуваат непријателски елементи? Аферата Гаљо - Гунари беше монтирана, како и другите, со цел да биде обвинета Југославија за поразот на ДАГ.

Навистина оваа афера особено беше користена од страна на КПГ во сите антијугословенски памфлети и кампања.

Раководството на КПГ на чело со Захарјадис за да успее во своето нечесно и гнасно дело се обиде да се послужи со многу евтинамахинација. Имено откако неговите органи со употреба на најварварски средства за насилие изнудија од обвинетите "признание" побара од Југославија да признае дека "агентите" Гаљо-и Гунари се нејзини луѓе. Во врска со тоа на 7 декември 1948 година Н. Захарјадис на членот на ПБ на ЦК на КПГ кој тогаш се наоѓаше во Белград му ја испрати следната телеграма: "Единиците на ДАГ во Преспа ги уапси Гунари Агаменона и Гаљо Димитри; жители на град Битола. И двајцата признаваат дека се агенти на Југославија и дека дојдоа во слободна Грција за да собират воени податоци. Да се прашат Југословените дали погорните навистина се нивни луѓе и ако сакаат да им ги вратиме".[288]

Откако Југословените не одговорија на ова провокаторно прашање, на 5 јануари 1949, како што наведовме осудените на смрт М.Гаљо и А. Гунари беа стрелани. Со ова злосторство се наголемува списокот на жртвите од редовите на Македонците од Егејска Македонија кои го положија својот живот придружувајќи им се на борбата што ја водеа југословенските народи против сталинизмот и Информбирото.

Истрагата и монтирањето на оваа афера му беше доверена на Г. Катакис, функционер на службата за безбедност при Главната управа на народна милиција.

Во 1956 година заедно со другите жртви и настрадани во периодот на Информбирото, рехабилитирани беа и М.Гаљо и А.Гунари .

4. Буфска афера

Како последица на неуспешните операции на ДАГ во Воден и Сопотско во декември 1948, во Лерин во февруари 1949 година и крајното заострување на односите меѓу КПГ и КПЈ поради честите антијугословенски провокации на грчкото партиско раководство кај еден дел од Македонците борци се појави разочарување и недоверба спрема раководството на КПГ и тенденција за напуштање на ДАГ и пребегнување во Југославија. Раководството на КПГ наместо да ги анализира причините за оваа појава и превзема соодветни мерки за спречување на истата, таа се определи за репресивни мерки главно врз Македонците надевајќи се дека со употреба на терор, убиства, судски процеси и слично од една страна ќе го спречи тоа, и од друга страна ке собере "доказен" материјал за обвинување на Југославија.

Такви цели имаа и Буфската како и другите афери што ќе ги наведиме подолу во кои беа жртва повеќе Македонци и Македонки. Прво ке се задржиме на Буфската, а потоа на другите.

Во мај 1949 година органите на безбедноста на ДАГ ги уапсија: Папазов Јане, Симова Ставрул, Вајовски Андон, Алеко Гарников од с.Буф, Леринско со обвинение дека вршеле шпиунажа против ДАГ, а во корист на непријателот и организираа и поттикнуваа дезертерства од редовите на ДАГ кон монархофашистите и Југославија, фрлаа пароли против борбата на ДАГ и сл. Воениот суд на ДАГ ги осуди на смрт со стрелање.[289)]

Органот на ГШ на ДАГ "Прос ти ники" од 15 јули 1949 година во врска со оваа афера, меѓу другото, пишува: "Стрелани[illegible] се агентите Папазов Јани и неговите тројца соработници".

Со одлука на Привремената демократска влада , одбиена е молбата за помилување на Папазов Јани, Алеко Гаркинов, Ставрула Симова и Вајовски Андон од с.Буф, Леринско, осудени на смрт од Прекиот воен суд на X-та дивизија на ДАГ. Папазов се обвинува дека беше врбуван од монархофашистите за организирање на информативна мрежа во редовите на ДАГ и организирање на дезертерства кон монархофашистичката Грција и Југославија.

5. Апсења на 13 мај 1949 година

На 13 мај истовремено органите за безбедност на ДАГ ги уапсија Македонците борци во ДАГ; Атанас Макриев, Христо Дојчинов, Раковски Борис, Боглев Трендафил, Волчидова Ангелина и Поповска Јордана. Сите тие беа осудени на смрт.

Бидејќи секој случај е специфичен, ке го изнесеме одделно.

Атанас Макриев е роден во с.Габреш, Костурско. Учествуваше во ЕЛАС и во Егејската ударна бригада. Со оснивањето на НОФ врши курирска служба во Главното раководство на НОФ.

Атанас Макриев е обвинет за агентурска дејност во корист на обавештајната служба на Југославија.[290)]

Атанас Макриев беше уапсен и изведен пред суд и осуден на смрт. Согласно соодветниот закон на ПДВ имал право на молба за помилување или жалба и поради тоа што се очекуваше да започнат операции во Вичо, Атанас беше префрлен во Корчанските затвори. Албанските власти од свои причини не дозволија да се изврши смртната казна врз Атанас Макриев. Атанас во 1956 година е рехабилитиран. Денес живее во Скопје.

Дојчинов Христо, курир на Паскал Митровски обвинет за агент на Второто информбировско биро на ЈА. Органите за безбедност на ДАГ го уапсија во мај 1948 година. Истедниците во записникот од сослушувањето тврдат дека наводно Дојчинов признал да ја вршел таа работа и дека истото го правеа и раководителите на НОФ.[illegible])

Христо Дојчинов во јуни 1949 година од Прекиот суд на на ДАГ е осуден на смрт.[290а)]

Раковски Борис, активист на НОФ од 1945 година. На 13 мај 1949 година уапсен од органите на безбедноста на ДАГ наводно поради агентурска дејност во корист на II-то информативно биро на југословенската армија. Од страна на Воениот суд на ДАГ беше одуден на смрт. И тој од истите причини беше префрлен во Албанија, каде албанските власти не дозволија во нивна територија да се изврши смртна казна . Во 1956 година е рехабилитиран.

Боглев Трендафил, како и претходните на 13 мај бил уапсен, изведен пред суд и осуден на смрт под обвинение дека наводно бил агент на II-то информативно биро на ЈА, дека одржувал агентурска јафка во с.Буф и слично.[291)]

Волчидова Ангелина, уапсена на 13 мај 1949 година под обвинение за агентурска дејност во корист на информативната служба на државната безбедност на Југославија. Осудена на смрт.[292)]

Поповска Јордана, фатена на 13 мај 1949 година за шпиунска дејност во корист на југословенската инвестителна служба и осудена на смрт. Пренесена во Албанија и спасена.[293)]

Марковски Мичо, фатен за "шпиунска" дејност на 1 јуни 1949 година во Преспанска Аѓрика. Успеал да пребега од затворот.

Куциков Видо, фатен е во мај 1949 година. Во записникот стои дека наводно признал да е агент на II-то информативно биро на југословенската армија. Изведен е пред воен суд на ДАГ и осуден на смрт. Поради наведените причини е пренесен во Албанија. Албанците не дозволија да се изврши смртната казна во нивна територија.[294)]

Аѓричка аѓера

На 31 мај и 1 јуни 1946 година органита за безбедност на ДАГ извршија апсења на повеќе лица од реонот на Аѓрика, Преспанско. Апсењето е извршено под следните околности: Елена Григориева и Фанка Параскевова од с.Аил, појдоа кај Алексо Василевски и му рекле дека дошол од Југославија човек и сака да зборува со него во врска со син му. Човекот што дошол од Југославија бил

Мичо Марковски. Алексо случајот го пријавил на органите за безбедност и милицијата. По договор со органите за безбедност Алексо ги повика во својата куќа Мичо Марковски и Методи Параскевов. Ноќта на 31 мај 1949 година куќата беше опколена од народната милиција и беа фатени наведените Мичо Марковски и Методи Параскевов. Марковски, како што наведовме успеал да им избега.

Следниот ден на 1 јуни 1949 година беа фатени и: Елена Григориева, Царцев Пандо, Стана, Ставре Капетановски и Антула Параскевова. Сите наведени беа обвинети дека биле организирани во "шпиуска" група и работеле во корист на југословенската известителна служба. Воениот суд на ДАГ ги осуди на смрт со стрелање. И тие од погоре наведените причини биле префрлени во Албанија, благодарение на тоа тие се спасени. 295) Сите тие во 1956 година беа рехабилитирани.

На 15 јуни 1949 година беа фатени Ефтимов Петре од с. Косинец, Костурско, Гиков Тодор од с.Оровник, Преспанско и Оптев Ѓани од с. Забрдени, Леринско. Сите тие беа обвинети за агентурска дејност во корист на Југославија и обид за бегство во Југославија. Оптев Ѓани пред иследните органи смело изјави дека не се согласува Тито да е предавник. Воениот суд на ДАГ ги осуди на смрт.[296]

7. Еден злосторнички документ

Горенаведените апсења и смртни пресуди се дополнуваат со уште еден злосторнички акт кој можеме да го оквалификуваме како акт на геноцид против Македонците. И покрај тоа што македонскиот народ масеовно и сесрдно беше вклучен во борбата, во битката за одбрана на Вичо, надлежните фактори на КПГ и ДАГ му немаа поверение и бараа како заштитна мерка да биде изолиран во логори. Во врска со тоа органите за безбедност на ДАГ на ЦК на КПГ му го доставија следниот предлог:

24.06.1949

Во слободен Вич пост ои еден број жители од разни села кој кога ке почне битката на Вичо, проценувајќи од досегашниот нивни став, многу е вероватно да сторат поголема штета од досегашната во задницата на ДАГ.

Да нанесат штета на разни служби или да поттикнат други на тоа:

- Давајќи гостопримство и поголема помош на непријателски агенти (на монархофашистите и на Тито) кои ќе успеат да навлезат во задницата со цел да прибират информации, да вршат саботажи или да се користат како јаѓки.

- Фрлање на разни разбивачки пароли.

- Бегајќи кон непријателот (монархофашистичка Грција и Југославија). Некои од нив беа фатени од народната милиција а потоа амнестирани.

- Многу од такви случаи не беа дадени на воен суд од причини што наложуваа повеќе да се применува објаснувачко-воспитната работа, од колку казна, или затоа што немаше можност (слабости и тешкотии) за секој случај да се изврши од наша страна тоа што се бараше од судската служба(изјави-искази) за да формираме еден предмет во воениот суд врз кој ќе му судеше пред народот. Така бевме ограничени во давање на совети и следење.

Поради сето гореизложеното се предлага да се соберат сите тие луѓе (речиси сите се наведуваат во билтенот) и да се стават на принудна работа ограничувајќи ја можноста за нивно бегање кон непријателот (Тито), соодветно чување, употребувајќи наши луѓе меѓу нив за информации и употребувајќи ги далеку од фронтот.

Така се елиминира до еден голем степен опасноста и истовремено придонесува, да со ставање во затвор на истите, ќе ја лишеше ДАГ од работна сила.

Тој предлог се дава бидејќи сите тие елементи со воените операции во Вичо сигурно ке се активират со појаки акции и слично.[297)]

Б идејќи просторот околу пограничниот сектор на одделението на народната милиција Герман е голем во однос со силата на одделението (35 души) се предлага да се употребат и други помошни средства, а особено мински полиња, кучиња, примки, клопки, звонци и сл.[298)]

Врз основа на оваа неоснована превентивна мерка предложена од службата за безбедност, многу невини Македонци осумничени за симпатизери на Тито, беа изолирани и сместени во логори под строга контрола, вршеа разни физички работи за ДАГ (копање на ровови, пренос на материјали). Тие со започнувањето на битката на Вичо на 10.8.1949 година беа пребрлени во Албанија.

Ги наведовме само оние случаи на невино осудени Македонци за наводно шпиунска дејнос против ДАГ за кои се сочувани судските досија. Меѓутоа, од разни други документи бројот на осудените и настраданите Македонци е осетно поголем. За потврдување на нашето тврдење ќе поместиме некои податоци од сочуваните документи.

На 1.VI.49 година Захарјадис го известува Ѓ. Јоанидис дека фатени се "агенти" што скоро дојдоа од Југославија. "Веројатно ќе има и други". Побара да бидат испратени во Корча, бидејќи , според Захарјадис беа од многу важните.[299)]

На 31 јули 1949 година офицерот на безбедноста Лефтерис на својот шеф Одисеас Гастиос му реферира: Во последните сослушавања на жените од с. Аил беа судиите на X дивизија Жакас и Никитас. Воениот суд кој требаше да се одржи денес попладне, одложен е поради нови докази.

Гершо Христо треба да се следи за да не дезертира во Југославија. Исто така да се следи и Питропов.[300)]

Како што наведовме раководството на КПГ и ДАГ соочувајќи се со проблемот на резервите на ДАГ со борци, одлучи да регрутира деца испод 16 години возраст од оние деца што беа евакуирани во источно-европските земји пролетта 1948 година. Мајките од с. Кономлади, Костурско остро протестираа против таа одлука. Органите за безбедност за поттикнувачите на мајките ги обвинија Шано и Петровски поради што воениот суд им изрече временски казни од 2-3 години затвор.[301)]

Трифун Панајотов е уапсен, бидејќи постоело сомневање против него дека напишал парола: "Да живее НРМ, да живее НОФ".
302)

Во телеграмат а на генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис од 11 мај 1949 годиде Ѓанис Иоанидис се вели: "Имаме овде еден агент југословенски Македонец. Е од групата што беа ѓатени пред неколку дена и ги стрелавме. Пишими откако се договориш со Мемед,[303] ако можеме да го испратиме во Корча за сослушување. Да не известиш благовремено за да се изврши прво апсењето. Добро ќе биде ако можеме веднаш со неговото апсење, да биде извршено и пребрлувањето.[304]

Од споменатата телеграма на Захарјадис се констатира дека уште двајца Македонци беа ликвидирани за кои располагаме со податоци. Исто така не е позната судбината на Македонецот од Југославија за кого станува збор во телеграмата.

8. Осудени жени во с.Герман

Офицерот на Одделението за безбедност Лефтерис во својот извештај од 31 јули 1949 година, го запознава својот шеф Одисеас Гастис дека апсени се одговорната на АФЖ во с. Герман, Боженица, Германија и Софија Ѓанкова. Тие во соработка со Бљанка кој има три сина борци во ДАГ, од кои еден капетан, организираа дезертерства на борци на ДАГ, кон Југославија. Ке им суди воениот суд обвинети заорганизирање на дезертерства на борци на ДАГ кон Југославија. Според писмото на Христо Коленцев од 11.8.49 година наведените Софија Ѓанкова и Божиница од Герман, од Воениот суд се осудени на смрт.[305]

9. Последните апсења пред капитулацијата на ДАГ во Вичо

На 9 јули 1949 година началникот на народната милиција В. Којчев му пишува на наведниот Одисеас Гастис: Да се ѓати Стојан кривиот од с.Герман, бидејќи е сомнителен; го ѓативме Нице од Најмакчалан и Димитра Гаргацо од Буф.[306]

Истиот Којчев во свое писмо до Н. Захарјадис предлага да се уапси Македонецот Видо Куцуков, наводно ширел пропаганда во корист на Југославија. Захарјадис го одобри предлогот на Којчев.[307]

Покрај наведените осудени Македонци и Македонки како агенти на Југославија, по разни логори и затвори во Албанија по пребрлувањето на борците на ДАГ и цивилното население од Албанија во источно-европските земји, во ноември 1949 година, останаа 260 лица. Добар дел од нив се држеше во логорот и затворите како Титови агенти. Меѓу нив беа: Ѓорги Турунџа, Вангел Чапов, Димитар Филипов(осуден на 8 години затвор од ДАГ за соработка со Југославија), Никокиров Танас, Милтијади Поп-Николов - Цветко, Михаиловски Ахилеа и други. Тие во затворите и логорите останаа до 1956 година, а некои подлегнаа на маките како што беше случајот со Ахилеа Михаиловски.[308]

Како илустрација на страдањата наМакедонците во Албанија, ќе наведиме само еден случај:

Вангел Чапов од с. Мањак,Костурско борец во ЕЛАС, командант на чета во ДАГ, на 28 мај 1948 година поради болест бил испратен во Албанија на лекување. По излекувањето бил сместан во познатиот логор Сук. Во логорот постоеше ненормална ситуација. Македонците бараа свој јазик, македонски училишта, коректен однос спрема нив и слично. На 2 август 1948 година во логорот се празнуваше Илинден. За Илинденското востание и за борбите на Македонците беше прочитан реферет, кој според Вангел Чапов имаше многу неточности. По прочитувањето на рефератот, Вангел постави прашање дали ставот на КПГ по македонското прашање се совпаѓа со ставот на Интернационалата по националното прашање. Овој истап на Чапов (иако не одговараше на моментот кога го постави) беше доволен за да се прогласи за опасен титовист и се стави под строга изолација 39 дена во една просторија со патос од цемент и потоа да се предаде на албанските власти и затворен. Вангел Чапов остана во албанските затвори и логори до 1956 година. Жена му на Вангел, Евгенија со свое писмо од 6.3.1950 година до ЦК на КПГ се жали за таквиот однос спрема нејзиниот маж нагласувајќи дека како Македонец правилно постапи критикувајќи го рефератот во прославата на Илинден и ставот на КПГ по македонското прашање.[309]

10. Смртни и други тешки казни врз оние што пребегнувааа во Југославија

Репресивните мерки за осуетување на негативниот одраз што го имаше врз Македонците солидаризацијата на КПГ со Резолуцијата на Инфорбирото не ги дадоа очекуваните резултати. Непосредно по упатувањето на циркуларното писмо од ЦК на КПГ до членовите и борците на ДАГ со кое ги запознаваше со својот став во прилог на Инфорбирото ги имаше и првите појави на напуштање на редовите на ДАГ и пребегнување во Југославија. Објаснувањето што се даваше во врска со таа појава, дека тоа се должи на тешкотиите на борбата и главно на малодушноста на тие борци, не може да биде исцело точно. Редовите на ДАГ ги напуштија и пребегнуваа во Југославија борци со долгогодишно револуционерно минато дури и раководна кариера. Таквиот акт може да се смета дури и за смелост, бидејќи малку беа оние, надвор од границите на Југославија, што сметаа дека Тито ке го издрже натисокот на Сталин. Причините за напуштање на борбата лежеа на неправилниот однос на КПГ и ДАГ спрема Македонците, омаловажувањето и понижувањето, не истакнување и не издигање на раководен кадар од редовите на Македонците. Така на пример од 122 произведени виши офицери од полковник до генерал до 1 јануари 1949 година немаше ниту еден Македонец и покрај тоа што 1/3 од снагите на ДАГ беа составени од Македонци. Понатаму неоправдани убиства на оние во Пајак-Кајмакчалан, нерешеното партиско прашање, преубедување ѓ недоворбата и сл. беа напластаните прашања што ги тиштеа и ги мачеа Македонците.

Раководството на КПГ-ДАГ наместо да изврши анализа за стварните причини за појавата и извлече нужни поуки и се корегира, се обиде истата ја вклучи во општиот план на анги-југословенската хајка. Имено, од фатените Македонци осумничени дека имале намера да пребегаат во Југославија се барало да признаат дека на тој потег ги поттикнуваа тајните југословенски агенти и сл., како што ке видиме во нашето натамошно излагање, Југославија дури беше обвинета дека оснивала центар за организирање на масовни дезертерства и од редовите на ДАГ.

Југославија како свесна за причините на таквата акција на тие Македонци, за да и помогне на ДАГ, во почетокот пребегнатите Македонци ги праќала назад. Грчкото раководство наместо да ги согледа причините за тоа и примени воспитни мерки, примени насилие, односно смртни и други тешки казни.

Во овој труд ќе наведеме само неколку случаи на изречените тешки казни врз оние Македонци кои се обиделе или биле обвинети за обид за бегство или за "организирање" на дезертерства кон Југославија.

11. Судењето и егзекуцијата во Превал-Леринско

Во јули 1948 година неколку Македонци пребегаа во Југуславија односно во НР Македонија. Југословенските власти, како што наведовме, ги вратила назад. Командата на 18-та бригада на ДАГ таа група Македонци кои биле од Леринска околија, откако над нив е извршен натисок, мачење и сл. ги изведе пред воен суд и ги осуди на смрт. Пресудата беше извршена во местоста Превал, Преспанско.

12. Судењето и егзекуцијата на Пајак

Истиот месец (јули 1948) од единиците на ДАГ кои делуваа во Пајак-Кајмакчалан, четири Македонци пребегаа во НР Македонија. Југословенските власти и нив ги вратија назад односно ги предадоа на ДАГ. На сите нив им судеше Воениот суд. Тројцата беа осудени на смрт условно, а Крумо (Прасков Никола) од Долно Пожарско на смрт, лажно обвинет за организирање на дизертерства кон Југославија. Еве што читаме во врска со тоа во еден документ од 29 јули 1948 година." Др. Ѓорги, во врска со дезертерствата кон Југославија осудија 3 на смрт условно, освен другарот Прасков Никола (Крумо) на смрт под обвинение дека организирал дезертерства, кое нешто не се докажа во судот. Од присутните (Грци и Македонци) што ја слушаа пресудата никој не извикал " смрт на предавникот", како што беше практика во слични случаи.[310)]

Во септември 1948 година од подрачјето на Пајак-Кајмакчалан, неколку Македонци пребегаа во Југославија Тие биле од с. Орман и Родиво. Нив исто така југословенските власти

ги вратија назад. Воениот суд на ДАГ ги осуди на смрт. Пресудата беше извршена.[311)]

Во врска со овие случаи Паскал Митровски во своето писмо од 3 ноември 1948 година до генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис, меѓу другото, пишува:"... Двајцата Грци борци ја минаа границата и се предадоа на југословенските власти. Пограничните власти ги вратија назад. Нив не ги дадоа да им суди воен суд и ги вратија пак во своите единици. Додека за ист случај 5 Македонци осудени се од воениот суд на смрт и стрелани. Тој настан многу се коментира од народот. Во еден друг случај други Македонци борци кои беа осудени на смрт, егзекутивниот вод одби да ги стрела".[312)]

Во своето писмо Ѓорги Петричевски од 10 декември 1948 година до пол. комесар на ГШ на ДАГ наведува дека функционерот на НОФ Вангел Ајановски-Оче му предложи на пол. комесар на ДАГ за подрачјето Пајак-Кајмакчалан В. Вазванас да ги посети апсените Македонци осумничени забегство кон Југославија и помогне во нивното превоспитување. Предлогот на Оче беше одбиен.

Во септември 1948 година, пишува понатаму Петричев, беше осуден на смрт и стрелан реонскиот секретар на НОФ Димче, обвинет за обид на бегство во Југославија. Претседателот на судот читајќи ја пресудата изјави дека од 1948 година многу агенти влегоа во редовите на КПГ (мислеше на кадарот на НОФ кој дојде од Југославија).[313)]

Кога интервенциите на југословенското раководство кај КПГ-ДАГ не вродија плод во смисол да примени воспитни мерки спрема Македонците кои се обидоа да пребегаат или пребегаа во Југославија и беа вратени назад, кога виде дека таквите појави се користа за клеветење на Југославија , прекина да ги враќа пребегнатите борци и согласно меѓународните закони им даваше политички азил.

Во врска со тоа прашање Паскал Митровски во февруари 1949 година разговарал со секретарот на ЦК на КПМ и претседател на владата на НР Македонија Лазар Колишевски. Во својот извештај Паскал Митровски до Н. Захарјадис од 4 март 1949

година меѓу другото пишува: "тврдеше дека е непријатно и предизвикува огорченост нашиот став спрема дезертерите и непријавените на наредбата за воена регрутација Македонци кои ги минуваат нивните геаници. Ние рече, нив ги враќаме назад. Но, ДАГ наместо да примени политика на превоспитување да ги согледа и да ги отстрани причините за нивното бегање, обратно ги минава на воени судови и многу од нив стрелани како предавници. Тоа ние, рече, не го гледаме за правилно, бидејќи тие не отидоа во непријателски лагери, ниту избегаа не затоа што се непријатели на движењето и на ДАГ, туку нивната акција треба да се објаснува од тешките објективни услови на борбата, но и од други причини и прашања. Овде вашата политика спрема таа категорија луѓе треба да биде поконкретна- реалистичка пролагодена во психологијата и во посебната положба на Македонците.

На крајот тврдеше дека тој факт создава и на нив тешкотии и ги изложува како држава и како национален и државен индивидуалитет спрема целиот македонски народ. Повекето од нив имаат мајки, татковци, браќа кои се наоѓаат таму како богалци. И тој факт природно е да го видат како акт политички-државно непријателски спрема нив".[314]

Изречените и извршените пресуди на смрт во Пајак-Кајмакчалан ги потврдува и комесарот на штабот на ДАГ за тоа подрачје Теодорос Папапанајоту негов извештај до пол. комесар на ГШ на ДАГ во кој наведува дека до крајот на 1948 година во Пајак-Кајмакчалан се стрелани 7 Македонци.[315] На комесарот Папапанајоту мораме да му замериме за неговата необјективност во однос бројот на стреланите Македонци обвинети за бегство во Југославија. Тој број е многу поголем.

Во почетокот на јануари 1949 година е уапсена фамилијата на одговорниот на НОФ од с. Сетина, Леринско и целиот апарат на НОФ во западен Кајмакчалан под обвинение дека одржувал илегални врски со Југославија и вршеше пропаганда за дезертерство во Југославија.

Бројот на фатените и осудени на смрт Македонци обвинети за дезертерство во Југославија е многу поголем од погоре

наведениот. Ќе ги споменеме уште само Поп-Димитров и Дисапов борци на 18-та бригада,[316] Георгадова од с.Штрково, Леринско[317] Организаторот на дувачкиот оркестар на ДАГ познатиот кларинист Иљо (Каратимјо) и многу други. Заедно со бегалците во Полска беа спроведени 10 жени и 3 мажи осудени од воените судови на ДАГ на смрт и обвинети за соработка со Југославија.[318] Тие беа спасени благодарение на спротивставувањето на албанските власти да се изврши смртната казна на туѓи граѓани во нивна територија.

На 13.9.48 година Македонците борци на ДАГ Балцинов Атанас, Трпе Кочо, Купров Јане и Ушов Петре беа фатени и осудени на смрт поради обид за дезертерство во Југославија. Дали пресудата е извршена од досието не постои документ.[319]

На 18.6.49 година исто така во Вичо беа осудени на смрт под обвинение дека сакале да дезертираат во Југославија: Оптев Јане, Евтимов Петре и Гинов Тодор. И за нив не постои податок дали е извршена пресудата.[320] И во двата случаја, како и во другите, иследните органи на ДАГ, нестојувале да изнудат признание од "дезертерите" дека нивното дезертирање го организираа агентите на ОЗНА и слично.

Со гореизнесеното не е исцрпено прашањето за настраданите Македонци под обвинение за "дезертерство" или организирање на дезертерства во Југославија, односно да се потврди и "докаже" обвинението против Југославија дека нејзини агенти ги организираа дезертерствата од ДАГ.

Се задржавме на овој колку невешт злосторнички акт на Захарјадис во рамките на антијугословенската хајка во кој многу Македонци настрадаа. И на крајот уште еднаш да забележиме дека сите настрадани во 1956 година од самата КПГ беа рехабилитирани.

Г Л А В А XXII

Поразот на ДАГ. Раководството на КПГ и на КПСС ја обвинуваат КПЈ за таквиот исход на НОД на Грција

Двете противнички завојувани страни – ДАГ и владините сили на Атина во 1948 година не ги реализираа своите стратегиски планови. Владините сили со големата офанзива на Грамос не успеале да ја принудат ДАГ на капитулација, а ДАГ не успеала да го истошти непријателот, да мине во констранапад и постигне решавачки пресврт на настаните во своја корист. ДАГ беше принудена да го напушти Грамос и се повлече во Вичо, а владините сили по неуспехот во Малимади во септември се откажат од понатамошното настојување за уништување на ДАГ во 1948 година.

После тоа двете страни се подготвуваа за решавачка пресметка во 1949 година. ДАГ согласно одлуките на јануарскиот (1949) пленум на КПГ, зимата 1949 година презеде повеќе воени акции со цел да го реши прашањето на резервите во људство, ја прошири слободната територија и со силни удари го онеспособи непријателот да превземе позначајни офанзивни потфати. Меѓутоа, акциите на ДАГ во Воден, Негуш, Соботско, Карпениси и Лерин не само што не ги дадоа саканите резултати, туку уште повеќе ја истоштија ДАГ и ја стеснија територијата под нејзина контрола. После тие неуспеси главните снаги на ДАГ се концентрираа во Вичо каде раководството на КПГ реши во 1949 година ја даде решавачката битка со непријателот. Изборот на планината Вичо како најглавен простор за пресметка на ДАГ со непријателот беше погрешен. Вичо е една мала планина најнепогодна за видот на војната што беше принудена да ја води ДАГ со владините сили во тој период. ДАГ до нејзиниот пораз беше партизанска војска (без да делува партизански) и имаше спроти неа една вистинска регуларна армија, снабдена со сите современи воени средства.

Следователно подрачјето за судар со една таква армија добива посебно значење. Бичо не е само една мала планина во споредба со другите, туку е и испресечена со јавни патишта. Некои раководители на КПГ сметат дека изборот на Вичо е планski извршен од Захарјадис со цел својата одговорност за поразот на ДАГ да ја префрли врз Југославија, кое прочем, како што ќе видиме е и сторено.

1. Борбите на Кајмакчалан

Откако владината армија зимата и пролетта 1949 година успеа да се пресмета со единиците на ДАГ во Централна и Јужна Грција и Тесалија, на 3 јули започна офанзивата против 24-та бригада на ДАГ на Кајмакчалан. Единиците на ДАГ по четири дена тешки борби се повлекоа. Еден добар дел од бригадата со командниот состав на 7 јули влезе во Југославија.

Раководството на ДАГ за да ја оправда својата одговорност и да ја наклевети Југославија исфабрикува лага дека на 4 јули 1949 година во Кајмакчалан е реализирана средба со југословенски и грчки монархофашистички офицери во присуство на американски и англиски офицери, а на 5 јули монархофашистички единици искористија југословенски простор и од грб ги удрија единиците на ДАГ. На тој начин настана фамозниот "удар од грб".

На таа груба клевета на Главната команда на ДАГ се вклучи и генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис. Тој во "Прегледот на ситуацијата" кој што го пренесе радиостаницата "Слободна Грција" меѓу другото, го рече и следното: "Американците мошне упорно бараат да се исчисти од Демократската армија југословенско-грчката граница. Од таа страна се мошне карактеристички операциите на Кајмакчалан, каде што монархофашистите постигнаа успеси само од кога ја употребија југословенската територија, по претходно одржан состанок на монархофашистички и српски офицери".

Југословенската влада преку "Тањуг" енергично протестираше против ова најгруба кампања. Во врска со горенаведена-

та клевета на Главната команда на ДАГ, "Тањуг" го соопшти следното: Радиостаницата "Слободна Грција" го пренесе во својата емисија од 6 јули на грчки јазик соопштението на Врховната команда на ДАГ во кое што се зборува дека во борбите на Кајмакчалан монархофашистички трупи употребувале југословенска територија за свои напади против ДАГ. За да би ја поткрепиле таа вест, агенцијата "Слободна Грција" - додава" од авторитативен извор" дека божем за тоа била постигната спогодба на некаков состанок на југословенската територија меѓу офицери на југословенската армија и грчки монархофашистички офицери, во присуство на американски и англиски штабни офицери.

Агенцијата "Тањуг" е овластена да ја демантира оваа вест како една од најгруби измислици во редица слични клевети кои што се шират против ФНРЈ".

Централниот Комитет на КПЈ со свое соопштение од 8 јули 1949 година ги разобличи целите што сакаше да ги постигне грчкото партиско раководство со таа чудовишна клевета, односно докажа дека таквите негови постапки покажуваат дека судбината на грчкото народно востание е подредено на една кампања која се водеше со најгнасни средства против Југославија.

Веднаш потоа, односно на 10 јули следеше говорот на маршал Тито во Пула, Др. Тито откако наведе повеќе случаи на провокации на грчко-југословенската граница од страна на монархофашистичката армија, рече: "Пред неколку дена, за да ви го покажам сега другото лице на таа работа, и што се крие зад нив, радиостаницата "Слободна Грција" пренесе дека ние, на нашиот терен, се договоривме со монархофашистите да им дозволиме на нивните војски преку нашата територија да ги удрат демократските сили. Убеден сум дека никој до денеска не видел поголема подмолност, поголема голотија, која веројатно не е измислена од овие грчки другари, туку некаде на друго место и која Грците ја пренесуваат. Истовремено во моментот кога тече крвта на нашите луѓе од страна на монархофашистите, се најдоа луѓе кои не обвинуваат дека се договараме со монархофашистите. Така луѓето од Демократска Грција си дозволија да дојдат до

таква ситуација која може да има и веројатно има лоши последици за грчкото ослободително движење. Тие си играат со крвта која секојдневно се лее од хероите борци против угнетувачите. Ја валкаат оваа крв за нечесни цели, а и нас не обвинуваат за да ја оправдат нивната резолуција, за да ни натоварат на грб обвинение за поразот на демократското движење во Грција, а ако тоа стане, ние не сносиме никаква одговорност. До што доведе сето тоа? Провокациите на монархофашистите ги загрозуваат животите на нашите граѓани, а од друга страна не клеветат нас. Работите стигнаа до тој степен што ние мораме да ги затвориме границите на тој сектор за да ги обезбедиме животите на нашите работни луѓе во тој крај".

По говорот на др.Тито, министерот за надворежни работи на ФНРЈ Едвард Кардељ на 24 јули 1949 година на молба од директорот на "Танјуг" за грчкото прашање даде изјава во која ги разобличи махинациите и интригите на Инфорбирото на штета на грчкото НОД.

По повеќето клеветнички соопштенија, изјави и сл. на грчкото раководство на 9 јули 1949 година претставникот на КПГ во Бугарија Костас Шаперас со телеграма го извести комесарот на ГШ на ДАГ Василис Барцотас дека Русите бараат наредниот ден 10 јули 1949 година одговор од КПГ на кој начин таа дојде до податоците што ги даде за ударот од грб и било какви други податоци има за ставот на Југославија спрема ДАГ.[321)]

За задоволување на ова барање на Рудите, освен многубројните соопштенија изјави и слично, генералниот секретар на КПГ Н. Захарјадис на 23 јули 1949 година напиша статија под наслов: "Камата на Тито ја убодува од грб народнодемократска Грција". Оваа статија која беше објавена на 1 август 1949 година во органот на Инфорбирото ја обвинува КПЈ дека како "агент" н империјалистите уште од 1943 година делуваше против НОД на Грција. На Захарјадис истовремено му се придружија со свои ангујугословенски памфлетни статии раководителите на КПГ Петрос Русос, Милтијадис Порфирогенис, Костас Караѓирѓис, Зисис

Зографос и други кои во јули 1929 година беа печатени во посебна брошура под наслов: "Ударот од грб".

Како што наведовме, поголеният дел од составот на 24-та бригада на ДАГ премина во Југославија. Исто така во Југославија од тој сектор на фронтот беа збринети 400 ранети. Тие со своите изјави (поради што подоцна настрадаа во источните земји, а за што посебно ќе се задржиме) ги демантираа наведените тврдења на Главната команда на ДАГ и на ЦК на КПГ и ги окарактеризира за клевети.

2. Битката на Вичо

Откако владината армија се пресмета со единиците на ДАГ во Пајак-Кајмакчалан односно во Централна Македонија, на 10 август 1949 година ја започна конечната офанзива против единиците на ДАГ на Вичо. Во офанзивата против X-та и XI-та дивизија и помали резервни единици и офицерската школа на ДАГ, учествуваа 3 владини пешадиски дивизии, една дивизија за гонење,, лесни пешадиски полкови, 6 батаљони на националната гарда, 7 артилериски полкови, 3 тенковски единици и 90 авиони, вкупно 80.000 војници.

Уште првиот ден владините сили ја скршија одбрамбената линија на ДАГ успевајки да постигнат стратегиски разултат, делејќи го на два дела фронтот на Вичо. На 13 август Главната команда на ДАГ им нареди на своите единици да го напуштат Вичо. На 17 август беа повлечени последните единици на ДАГ од Вичо. Едни се повлекоа во Албанија, а други во Југославија. И при оваа операција антијугословенската инфорбировска хајка на грчкото партиско раководство ја платија со своите животи многу борци. Имено, командата на ДАГ на своите единици им имаше строго забрането повлекување во Југославија, сметајќи го тоа за дезертерство и предавство. Еден дел од единиците на ДАГ под команда на Аргир Ковачи се најдоа притиснати на југословенско-грчката граница. Југословенските погранични органи на борците и старешините на ДАГ им обрнаа внимание за тешката положба во која беа доведени и им предложија да се склонат во југословенска територија. Меѓутоа, фанатичните старешини ги поведоа борците

према Албанија. Кај мостот Кула во Преспа се одигра една од најдраматиините и најжалосните крвави драми. Многу од тие борци и старешини на ДАГ оставени на немилост беа искасапени од владината авијација, тенкови и пешадија. Оние борци кои не беа убиени од куршум, гранати и бомби, беа заклани со нож од разбеснетите монархофашистички војници. Една друга единица на ДАГ предводена од Аргир Ковачи не сакајќи да премине во југословенска територија се обиде да се пробие низ непријателскиот обрач и да се повлече во Албанија. Кај селото Кономлади падна во заседа и беше уништена. Од единицата само шест борци и командантот Аргир успеале да се спасат.

Според непотполни податоци, ДАГ во офанзивата на Вичо која траеше од 10 до 16 август 1949 година имаше 800 мртви и 600 рaровени и напуштен многу воен и друг материјал. Заедно со единиците на ДАГ се повлече и населението, претежно македонско, од територијата што ја држеше ДАГ.

Единиците на ДАГ што се повлекоа во Албанија беа разоружени од страна на албанските власти.

3. Седниците на ПВ на КПГ на 18 и 20.VIII.1949 г.

На 18 август 1949 година одржана е седница на ПБ на ЦК на КПГ, на тема критика на битката на Вичо и мерките што требаше да се превземаат за битката на Грамос што следеше. За текот на операциите на Вичо зборуваше генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис кој целата вина за така брзиот пораз на ДАГ на Вичо му ја префрли на командантот на XI-та дивизија на ДАГ Пандо Вајна, [322] кој со својата дивизија ги држеше најважните точки на фронтот на Вичо. Меѓутоа, таквото објаснување од страна на Захарјадис не само што никого неможеше да го убеди, бидејќи поголемиот дел на Главнатаа команда на Воениот совет на ДАГ се наоѓаа на Вичо, туку не беше во интерес на вистинските виновници за таквиот исход на настаните. Требаше и оваа трагична судбина на грчкиот и македонскиот народ да се искористи во информбировската антијугословенска кампања. Требаше раководството на КПГ својата вина за поразот на движењето да ја пре-

фрли врз Југославија. Поради горните мрачни цели, ПБ на ЦК на КПГ на својата II-та седница одржана на 20 август усвои нова резолуција за битката на Вичо. Во резолуцијата откако се зборуваше дека раководството на КПГ и ДАГ имале правилна ориентација за непријателската офанзива во 1949, дека правилно ги припремаше снагите на ДАГ да и се спротивстават и да ја скршат непријателската офанзива, дека штабот на XI-та дивизија и на фронтот направија тактички грешки, во точка 6 се вели: "Ситуацијата во Југославија одигра решавачка улога во целиот исход на операциите на Вичо. Акциите на троцкистите блеградски раководители-организирање на дезертерство, клеветнички поход, слободно влегување на монархофашистичките војски на југословенска територија во Кајмакчалан што оттаму ги удрија нашите единици од грб итн.-не принудија да држиме позиции на југословенските граници со што ни слабееше фронтот со монархофашизмот, и не принуди предвреме да се повлечеме од левата страна кое нешто ни го наложуваше тактичката ситуација. Држењето на Титовците троцкисти не принудуваше да сметаме на напад против нашите сили на левиот дел од нашите позиции од војските на Тито. И таквите вознемирувања се обистинија. Нашите единици кога се повлекуваа беа нападнати од Југословените од грб кај с.Герман внатре во грчка територија. Во идеолошката подготовка на монархофашизмот значајно место имаше прашањето дека во Вичо ќе ги уништат партизаните, во соработка со Титовата армија. Во Вичо е направен тој чекор. Титовата армија од грб ги удри нашите единици."[323] Од оваа гнасна клевете непријатно беа изненадени борците и официрите на ДАГ кои се бореа токму на тие позиции на фронтот каде резолуцијата на ПБ на ЦК на КПГ тврдеше дека биле нападнати од грб од Југословенската армија. 74 официри на ДАГ кои за да го спасат својот живот пребегаа во Југославија, на 25 август на агенцијата "Танјуг" дадоа изјава во која ги демантираа овие клевети на ПБ на ЦК на КПГ.[324]

4. Битката на Грамос

И покрај сериозниот пораз на ДАГ во Вичо, и не постоеа никакви шански за успешен отпор, раководството на КПГ се

одлучи да ја продолжи борбата во Грамос. Во гореспоменатата Резолуција на ПБ на ЦК на КПГ од 20 август се вели: " Непријателот се концентрира во Грамос за една решителна пресметка. Во Грамос ги имаме сите можности да му донесеме смртна рана на непријателот. Имаме доволно сили и средства. Поповолен терен. Во Грамос минатата година монархофашизмот не успеал. Во Грамос годинава му донесовме сериозен удар со маневрите во април. Го имаме искуството од Вичо. Овде можеме и треба да го закопаме монархофашизмот... Немилосрден удар на некои плашливци кои бидејќи го изгубивме Вичо мислат дека ја изгубивме и победата. Нашата парола останува: "Грамос ќе стане гробница на монархофашизмот".

Колку нереални и авантуристички беа овие планови и предвидувања на грчкото партиско раководство, ќе се види од настаните што уследија по неколку дена.

Согласно одлуката за продолжување на борбата, 5500-6000 борци што се повлекоа од Вичо во Албанија беа префрлени во Грамос.

На 24 август 1949 година чет-ири владини дивизии, четири пешадиски лесни полкови, пет полкови полска артилерија, една батерија противавионски топиви, еден извиднички полк и скоро целата борбена авијација тргнаа да се пресметат со пет бригади, неколку позициони единици, извесен број брдски топови, неколку противавионски топови и една батерија минофрлачи, единиците на X и XI-та дивизија на ДАГ што се спасија на Вичо и кои набрзина беа организирани во Албанија и префрлени во Грамос. Единиците на ДАГ по четири дена тешки борби не можеа да го издржат натисокот на многу посилниот непријател и на 29 спроти 30 абгуст 1949 година тие го напуштија Грамос и влегоа во Албанија. Во оваа битка загубите на ДАГ беа огромни, вистинска кланица, со стотици мртви, ранети и заробени. По поразот и повлекувањето на ДАГ во подрачјето на Грамос речиси престана и воената активност на ДАГ. Во септември и октомври во Бугарија се повлекоа VI и VII-та дивизија на ДАГ. Само отсечени групи и помали единици и оние што беа испратени од раководството на

КПГ да ја продолжат герилската активност се наоѓаа во разни области на Грција и Егејска Македонија од кои некои уништи непријателот,а само мал број од нив во 1951 година ја поминаа границата. Според податоците на ЦК на КПГ од 18 моември 1949 година силите на ДАГ што се повлекоа од фронтовите и влегоа во Албанија и Бугарија броеа 18.000 души.

Ова е крајот на вооруженаta борба на ДАГ, на македонскиот и грчкиот народ. Резултатите од неа се повеќе од ужасни. Според непотполни податоци, Народно-ослободителното движење на Грција и Егејска Македонија во текот на Граѓанската војна (1945-1949) имаше околу 55.000 жртви (стрелани, убиени погинати) околу 88.000 ги напуштија своите домови и емигрираа во источно-европските земји и Југославија, илјади села и куќи уништени, голем дел од стопанството уништено. Меѓутоа, последиците за Македонците од,Егејскиот дел се многу поужасни и катастрофални. Покрај големиот број на затворените, осудените, интернираните, силуваните жени и девојки, околу 21.000 се жртвите Македонци и околу 50.000 биле принудени да ги напуштат своите огништа и да пребегат преку граница.

5. Седницата на ПБ на ЦК на КПГ од 31.8.1949 г.

Следниот ден од повлекувањето на единиците на ДАГ од Грамос, односно на 31 август во албанската територија одржана е седница на ПБ на ЦК на КПГ. На седницата беа дискутирани темите:

а) заклучоци од битката на Вичо-Грамос и
б) причините за поразот на ДАГ, оцена на ситуацијата и новите задачи.

Раководството на КПГ наместо да изврши објективна анализа и даде правилна оцена за причините на поразот, ги натовари на надворешни услови особено на наводно изменетиот однос на силите по " отстапувањето" на Тито од социјалистичкиот лагер. Членот на ПБ на ЦК на КПГ Димитрис Вландас во својата дискусија забележа дека на тој начин поставување на прашањето за причините на поразот, можеби ќе и попречи на КПГ да ги согледа во це-

лост своите слабости и грешки. На тој начин, продолжи Вландас, самото ПБ ги подржува гледиштата на троцкистите дека во Грција револуцијата неможе да победи без надворешна воена помош кои и самото остро ги осуди. Сите членови на ПБ на чело со Захарјадис остро го осудија тоа гледиште на Вландас.[325)]

6. Московскиот документ

По покана на Советското раководство на 4 септември 1949 година Никос Захарјадис допатува во Москва. Захарјадис бил примен од Сталин пред кого реферираше за развојот на настаните во Грција, за поразот на ДАГ и причините за истото и слично. На крајот од средбата, Захарјадис покрај усното запознавање со настанатата ситуација, на Сталин му предаде и писмен извештај.

Во извештајот адресиран лично до Сталин со дата од 8 септември 1949 година се наведува дека ДАГ поради големата надмокност на непријат-елот беше принудена да се повлече од Вичо и Грамос во Албанија, односно ДАГ не успеа да ја реализира својата цел која предвидуваше да го истошти непријателот и да премине во општа контраофанзива. Во документот се наведува дека снагите на ДАГ кои се повлекоа во Албанија броеа 12.000 борци и старешини.

Земајки ги во предвид, се вели понатаму во извештајот, по општите услови и најглавно одразот што го имаше врз внатрешниот развој и врз настаните во Грција "предавството" на Тито, ПБ на ЦК на КПГ одлучи на раководството на КПСС да му ги изнесе своите размислувања и да ја побара неговата помош за решавање на задачите што произлегуваат од настанатата ситуација во Грција по поразот на ДАГ.

Според заклучоците и оценките на ПБ на КПГ совладување на монархофашизмот во блиска иднина не беше возможно. Причини за поразот на ДАГ, според заклучоците, се : не успехот да се реши прашањето на резервите и снабдувањето на единиците со воен и друг материјал во Централна и Јужна Грција и не активирање на градското население во вооружената борба. Новата си-

туација, се наведува во продолжение на документот, наложува примена на нова тактика: задржување и зајакнување на партизанската борба, зајакнување на политичката борба во градовите, подготовка политички, организационо и воено силите што се повлекоа во странство напоредно со интензивната партизанска борба, КПГ ќе прави напори за присобирање на сите прогресивни сили во земјата што го сакаат мирот, демократијата и независноста во една коалиција против туѓите империјалисти и монархофашизмот.

Од документот се гледа дека грчкото партиско раководство се надеваше на влошување на меѓународната ситуација која ќе овозможеше повторно започнување на вооружената борба за симнување на монархофашизмот. На крајот од документот се истакнува потребата поради новата ситуација КПГ да се поврати на паролата: рамноправност на Македонците од Егејска Македонија.[326]

Сталин, според искажувањата на Захаријадис, го одобри повлекувањето на ДАГ и се согласи за причината за поразот на ДАГ и промена на ставот по Македонското национално прашање и новите задачи на НОД на Грција.[327]

На крајот од разговорите на 16 септември 1949 година беше подготвен еден документ што го потпиша самиот Сталин. Документот ги дефинираше причините за поразот на ДАГ кои КПГ требеше да ги согледа како основа и патоказ за новата политичка линија и формата на борбата што требаше да ја примени.

Поради тоа што овој документ одигра решавачка улога во изградбата на политичката линија, стратегијата и тактиката на КПГ после Граѓанската војна и бидејќи, покрај "предавството на Тито" се набројуваат и други причини за поразот на ДАГ, дури "предавството" на Тито по редослед го завзема третото место и го поместуваме во целост:

"1. После поразот на ДАГ (Демократската армија на Грција) во Вичо-Грамос ситуацијата во Грција се измени, нешто што ја принудува КПГ да ја измени својата политичка линија.

, Причините на поразот на ДАГ се следните:

а) Слабоста на КПГ да го реши проблемот на резервите на ДАГ како и снабдувањето на единиците на ДАГ што се наоѓаа во подрачјата на Централна и Јужна Грција.

б) Помошта што му ја дадоа Американците и Англичаните на монархофашизмот.

в) Предавството на кликата на Тито.

2. Во новата ситуација што се создаде раководството на КПГ правилно постапи одбегнувајќи ја авантуристичката тактика на продолжување на војната што неминовно ќе доведеше до уништување на кадрите, и применувајќи тактика на повлекување која даде можност да се спасат кадрите од ударите и да се сочуваат за идните борби.

3. И покрај воените успеси на монархофашизмот, неговата политичка и економска ситуација останува заострена. Масовното народно движење, кое во 1949 година зајакна, ќе се развие во координација со економскат а криза и политичките несогласици внатре во фашистичкиот лагер, ќе ги продлабочи тешкотиите на владеачките класи и на монархофашизмот.

4. Продажбата на Грција на Американците што ја претвори во своја база против Советскиот Сојуз и земјите на народната демократија ги зголемува вознемирувањата на народните маси што не ја сакаат војната.

5. Врз база на погорното КПГ треба:

а) Денес да ја прекине вооружената борба, држејќи мали партизански единици како средство за притисок врз монархофашизмот на колку што е можно поголемо демократско помирување на земјата врз база на предлозите на советската влада.

б) Да го пренесе центарот на својата работа во организацијата на раководењето на економските и политичките борби на сите слоеви на работниот народ. Потпрена врз јаката илегална партиска организација, КПГ треба да ги користи сите легални можности (кооперации, професионални синдикати, печат, здруженијата, секаков вид политички бирани органи) и уште да

создаде нови за собирање на масите, за нивната организација, за раководењето на нивните политички и економски борби.

в) Врз основа на програмата на борбата за независност и демократизација на Грција, КПГ треба да создаде широка демократска коалиција каде ќе се придобијат оние што го прифаќаат овој минимум на таа програма за демократски развиток на Грција.

г) КПГ користејќи ги можностите што постојат треба да издаде во Атина легален, периодичен политички весник.

д) КПГ треба да подготви и да испрати во големите градови локални партиски организации и за обезбедувањето на реализацијата на новата линија.

ѓ) КПГ треба да развие широка идеолошка, политичка и организациона работа во единиците на ДАГ што се повлекоа од Грција. КПГ треба да ја обезбеди понатамошната воена подготовка и усовршувањето на официрите и борците како нивно партиско усовршување и подигнување на нивното идеолошко ниво.

6. Правилното разбирање и реализирањето во живот на пресвртот во политиката на партијата внатре во условите на кризата на монархофашизмот, зголемувањето на тешкотиите во империјалистичкиот лагер и зајакнувањето на силите на мирот, на демократијата и на социјализмот во целиот свет ќе ја пружи можноста за брзото стабилизирање на грчкото народно демократско движење во иднина во Грција.[328])

7. Партиска конференција на КПГ во Бурели-Албанија

По враќањето на Никос Захарјадис од Москва одржана е седница на ПБ на ЦК на КПГ во која членовите на ПБ беа запознати со резултатите од разговорите во Москва и со содржината на поместениот документ на раководството на КПСС.

ПБ со задоволство ја прифати содржината на документот и одлучи да се свика конференција на партиската организација на единиците на ДАГ што делуваа во Вичо-Грамос.

Конференцијата е одржана на 29-30 септември 1949 година во Бурели-Албанија со учество на 325 делегати. На конференцијата реферат од страна ПБ на КПГ поднесе генералниот секретар на партијата Н. Захарјадис. И покрај тоа што во московскиот документ наведени се три главни причини за поразот на ДАГ, Н. Захарјадис во својот реферат тврдеше дека основен главен и одлучен фактор за таквиот развој на ситуацијата во Грција т.е. за поразот на ДАР е Титовото "предавство" и неговата "агентура" во Грција НОФ и КОЕМ, а другите две наведени причини-грешките на КПГ не одиграа решавачка улога за таквиот исход на настаните. Захарјадис така постапи со цел да се оправда себе си и оправданиот гнев на борците за поразот да го насочи на друг правец т.д. против Југославија и македонското ослободително движење и НОФ. Навистина климата за постигнување на таков ефект беше мошне поволна. Ваквиот настап на Захарјадис ги надразни и разгоре антијугословенските и антинофитските страсти и конференцијата беше претворена во антијугословенска и антимакедонска манифестација. Откако Захарјадис ја постигна однапред планираната цел, во својот завршен збор се корегира, односно ги зеде во предвид наведените причини во московскиот документ. Тој во завршниот збор линијата на КПГ после Варкиза ја оцени за исправна. Одговарајќи на прашањето штом линијата беше исправна, зошто движењето е поразено, Захарјадис ги наведе причините:

а) бидејќи КПГ не успеала да го реши проблемот на резервите и снабдувањето и посебно на единиците на ДАГ во Јужна Грција,

б) бидејќи помошта на американскиот и англискиот империјализмот на монархофашизмот во 1949 година беше најголема од секогаш и

в) "предавството" на Тито.

Разбивајќи ја антијугословенската клеветничка кампања, Захарјадис меѓу другото наведе дека " предавството" на Тито ја удри од грб борбата. Ги направи подрски Американците и Англичаните империјалисти да настојуваат повеке во нивниот мостобран во Грција. Им помогна на монархофашистите да ја удрат ДАГ од

грб, го подигна паднатиот морал на монархофашистичката армија. На крајот во врска со тоа рече:ако во 1946 година го знаевме предавството на Тито немаше да ја започневме вооружената борба.

Конференцијата врз основа на обвинувањата на Захарјадис , одлучи да се стават под истрага некои кадри на НОФ и КОЕМ, обвинети за агентурска дејност во корист на Југославија против демократското движење на Грција кдносно како главни виновници за поразот на истото.

На крајот конференцијата усвои резолуција со која ја одобри политиката на раководството на КПГ во периодот на Граѓанската војна(1945-1949) и практичното раководење на вооруженатa борба, ја одобри новата задача што раководството на КПГ ја определи за единиците на Вичо-Грамос на ДАГ итн.

8. Конференција на Македонците борци на ДАГ во Бурели

Два дена по одржувањето на партиската конференција односно на 2 октимври 1949 година во Бурели - Албанија под раководство на генералниот секретар на ЦК на КПГ Н. Захарјадис и други раководители на КПГ одржана е конференција со Македонците борци и старешини на ДАГ и активисти на НОФ. На конференцијата врз основа заклучоците на партиската конференција беше нападната Титова Југославија и раководството на НОФ како единствени виновници за поразот на востанието. Конференцијата се одржуваше во една многу [illegible] мрачна атмосфера. Се изнесуваа лажни обвинувања и клевети за соработка со Титова Југославија и Македонците со империјалистите и монархофашистите против ослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ, за шовинистичка и разбивачка дејност на Македонци борци и раководителите на НОФ во редовите на движењето како агенти на Југославија. Еден по друг се редеа говорниците натпреварувајќи се кој ќе изнесе поголеми клевети и обвинувања против Југославија и македонското раководство на НОФ. Од однапред припремени верни присталици на КПГ се извикуваа"смрт на предавниците" и слично.

Обвинетите раководители беа принудени да настапат пред присутните. Покрај тоа што од конференцијата не се сочувани документи, од тоа што кажуваат присутните и од писмените изјави што ги дадоа некои раководители на НОФ следниот ден на 3 октомври, може да се заклучи дека тие ги прифатија обвинувањата и клеветите на КПГ против Југославија и НОФ. На крајот на конференцијата беше потврдена одлуката на партиската конференција раководството на НОФ-КОЕМ да се уапси и се стави под истрага што е и сторено на идниот ден на 3 октомври 1949 година.

9. VI-ти Пленум на ЦК на КПГ

Неколку дена по одржувањето на партиската конференција на 9 октомври 1949 година пак во Бурели, Албанија одржан е VI-ти пленум на ЦК на КПГ. На пленумот зеде учество од страна на КПСС и делегацијата на ЦК на Албанската партија на трудот на чело со Мехмед Шеху.

Реферат поднесе секретарот на ЦК на КПГ и комесар на ГШ на ДАГ Василис Барџотас во духот на поместениот документ што го потпиша Сталин. Беа повторени и потврдени причините за поразот на ДАГ изнесени од Захарјадис на партиската конференција од 29-30.9.1949 година во Бурели. Барџотас му предложи на Пленумот да се напушти ставо на самоопределувањето и целосно национално воспоставување на македонскиот народ што беше прифатена на V-от пленум на ЦК на КПГ одржан во јануари 1949 година и да се прифати ставот"полна рамноправност на македонското малцинство во рамките на грчката држава". Барџотас на крајот во врска со тоа прашање рече дека ПБ на КПГ треба да размисли и да одлучи за понатамошната работа на НОФ и КОЕМ. Тоа што треба да се стори денес, истакна тој, е КПГ да расчисти со делата на "агентите" на Тито и да се стави крај на нивната разбивачка дејност. Тие предавници, рече тој, треба да се исклучат од партијата и дека ПБ ќе ја реализира одлуката што ја зеде за нив партиската конференција. Овој став на Барџотас кој беше прифатен од пленумот значеше давање на плаво светло за антимакедонската хајка која беше спроведена во источно-европските земји од страна на КПГ.

Во точката 4 од резолуцијата на пленумот се вели: "Издајството на Тито многу ја оштети борбата на ДАГ. Кога од почетокот на нашиот вооружен отпор кликата на Тито обеќаваше сестрана помош, нејзина единствена стремеж и беше да го зајакне своето влијание со цел да успеат нејзините големосрпски завојувачки планови. Уште од 1943 година кликата на Тито си постави за цел да го наруши единството на Грците и Славомакедонците во борбата против окупаторот. Ја клеветеше и ја поткопуваше КПГ, бидејќи беше пречка за реализација на нејзините планови. Ја карактеризираше КПГ како опотрунистичка... ги клеветеше оваа мафија на троцкисти, агенти на империализмот и раководството на КПГ и секој Македонец комунист што остана верен на КПГ и на идејата на единството на Грците и Славомакедонците. Од тогаш кога ИБ на комунистичките и работничките партии го разобличи Титовото предавство оваа банда на агенти и слуги на империјализмот почна се поотворено да ја минира тешката борба на грчкиот народ. Во Скопје беше настаната една мафија од предавници и дезертери од нашата борба, што под заштитата на белградската клика, организира дезертерства од ДАГ. Цела редица други агенти добиле задача да вршат подмолна и разбивачка дејност во слободна Грција и во единиците на ДАГ. Тито не лиши од драгоцените резерви.[329] На крајот не само што и дозволи на монархофашистичката армија да го употреби југословенскиот простор за да ја удри од грб ДАГ во Кајмакчалан, туку и не удри од грб со негови сили во тешките борби на Вичо. Преминувањето на Титова Југославија во империјалистичкиот лагер создаде поопшти тешкотии во помошта што народните републики му обезбедуваа на борбениот грчки народ. Несомнено е дека Титовото предавство го влоши односот на силите на ДАГ. Ликвидирањето на секој остаток на Титово предавство во нашето народно револуционерно движење претставува предуслов за негов натамошен развој".[330]

Го поместивме во целост овој дел од Резолуцијата на VI-ти пленум на ЦК на КПГ, бидејќи наведените ставови претставуваа основа во политиката на КПГ спрема Југославија и македон-

ското движење до 1956 година. Врз основа на тие ставови и оцени се засновуваше и се оправдуваше хајката за "откривање" на "Титови агенти" од редовите на македонската емиграција во источно-европските земји.

Во врска со настанатата ситуација со поразот на ДАГ, Привремената демократска влада со прокламација на 15.X.49 година се обрати до грчкиот народ. Во прокламацијата меѓу другото, се вели:"...Изминаа три и пол години што англоамериканскиот империјализам и нивните слуги ја турнаа нашата земја во нечесност, ја потопија со крв, ја наполнија со рушевини. ДАГ не го положи оружјето. Се повлече пред големата материјална надмоќност што ја концентрираа окупаторите. Го запре крвопролевањето за да ја спаси Грција од целосно уништување. Затоа што интересите на земјата и на народот ги стави над се.

Настојувањето за внатрешно помирување одговара на нашата цел што со години продолжува. Тоа го одразува фактот што нашите сили на Вичо и Грамос ја запреа војната за да го помогнат помирувањето на Грција...."

10. Апсењето на раководителите на НОФ

На 7 октомври 1949 година по наредба на ГШ на ДАГ органите за безбедност на ДАГ по добиената претходна согласност од надлежните албанските органи и од претседателот на албанската влада Мехмед Шеху, во Бурели-Албанија уапсени се раководителите на НОФ на Македонците од Егејска Македонија: Паскал Митровски, Павле Раковски, Минчо Фотев, Вера Николова, Уранија Пировеци, Михали Маљов, Ташо Хацијанов, Ламбро Чолаков, Христо Коленцев(Кокинос), Лазо Поп-лазаров и Зиовски Темистокли (Лаократис).

Оваа акција на грчкото раководство на која и претходеа редица други смислени и плански акции, имаше за цел да го оформи "обвинението" против Југославија и организацијата НОФ на Македонците од Егејска Македонија и ги прогласи како

виновници за поразот на демократското движење на Грција. Се ценеше откако ќе се добиеа или ќе изнудеа признанија од фатените раководители на НОФ и од други лица и од насобраниот "доказен" материјал собран преку монтираните судски процеси, лажни изјави од поединци и сл., да се стави на обвинителна клупа раководството на НОФ со цел да се"докаже" соработката" на Југославија со монархофашистичка Грција и нејзини патрони Англоамериканците за ликвидирањето на ДАГ, односно на ослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ.

Наведовме во почетокот дека на апсењето на македонските раководители му претходеа една редица акции од кои ќе споменеме наколку: монтирање на судски процеси против Македонци за агентурска дејност во корист на југословенските инвестителни служби, а против ДАГ; прибирање по порачка односно диктат на лажни изјави против Југославија и македонското движење; дискусиите и резолуциите во оснивачкиот состанок и на првата земска конференција на КОЕМ на 20 јуни и 2 август 1949 година; широката и хистерична пропаганда што уследи после усвојувањето на горенаведените документи на КОЕМ; серија на антијугословенски клеветнички статии на раководителите на КПГ објавени во органот на Информбирото и во други публикации; клеветата за ударот од грб и слично; резолуцијата на ПБ на ЦК од 20.8.1949 година забитката на Вичо со која се обвинува Југославија за удар од грб; резолуцијата од седницата на ПБ на ЦК на КПГ од 31.8.49 во која за поразот на ДАГ се обвинува Југославија; писмото на ПБ на ЦК на КПГ до Сталин од 8.9.49 год. итн. Московскиот документ од 16.9.49 во кој што исто така решавачки фактор за поразот на ДАГ се смета Југославија и др.

Како што веќе наведовме на 29-30 септември 1949 година во Бурели-Албанија одржана е партиска конференција на партиските организации во единиците на ДАГ што делуваа во Грамос-Вичо. Конференцијата врз основа на рефератот на генералниот секретар Н. Захарјадис заклучи дека основен, главен

и одлучен фактор за поразот на ДАГ е Титовото "предавство" и неговата "агентура" во Грција македонските организации НОФ, АФЖ и КОЕМ. Конференцијата врз основа на тој разлучок одлучи да се преземаат партиски и кривични мерки против раководителите на тие организации.

По партиската конференција, исто така во Бурели-Албанија организиран е собир на Македонците борци и старешини во кој грчките партиски раководители ги запознаваа присутните Македонци за одлуките на партиската конференција кои за главен виновник за поразот на ослободителното движење е Југославија и нејзината "агентура"во Грција , раководството на НОФ и за мерките што треба да се преземаат против него. Во писмото од ПБ на ЦК на КПГ до ПБ на АПТ од 27.10.1949 се вели дека собирот на Македонците ги одобри заклучоците на партиската конференција и мерките што требаше да се превземаат против македонското раководство.

Врз основа на тоа на 7 октомври со наредба на ГШ на ДАД односно на ПБ на КПГ ставени се во притвор наведените македонски раководители. Истрагата против нив му беше доверена на шефот на Одделението за антијугословенска дејност при службата за безбедност на ДАГ Периклис Калодикис.

Од затворените Македонци одвоен еден од друг на 3 октомври 1949 година од членот на ПБ на ЦК М. Вландас им беше побарано да напишат се за својата "антиреволуционерна" и "агентурска" дејност, за дејноста на КПЈ и Југославија против ослободителното движење."

Од сочуваните изјави на активистите на НОФ, Павле Раковски[331], Минчо Фотев[332], Ташко Хаџијанев[333], Ламбро Чолаков[334], Христо Коленцев[335], и др. со жалост констатираме дека наведените раководители на НОФ без да им се изврши никаков притисок врз нив, содржината на своите изјави ја прилагодија со барањата на грчките раководители, односно ги потврдија измислените клеветнички тврдења против Југославија и против самите себе.

Диск
Кирзавод
КП 471

дело

11. Неочекувана акција на Албанците. Органите на "Сигурими" ги "киндапират" апсените раководители на НОФ

Како што веќе наведовме, апсењето на македонските раководители стана по претходна согласност на албанското раководство и дека истрагата против нив му беше доверена на Периклис Калодикис-Мировиглис, шеф на Одделението за антијугословенска дејност при службата за безбедност на ДАГ. Инаку истрагата требаше да ја раководи и следи Политбирото на ЦК на КПГ и пред се Димитрис Вландас.

Меѓутоа, неочекувано за Грците, 15 официри на албанската служба за безбедност "Сигурими" на чело со полковникот Ѓорѓи нападнаа ноќе во просториите каде се чуваа затворените Македонци и ги одзедоа. Протестите на грчките органи за чување на затворениците останаа без резултат.

Во врска со овој инцидент односно акција на Албанците, беа разменети неколку писма меѓу ПБ на ЦК на КПГ и Албанската партија на трудот. Од тие писма ќе поместиме само две за кои сметаме дека даваат доволно елементи за расветлување на случајот.

Меѓутоа, ние сметаме дека таквата акција на Албанците има тесна врска со заоструваньето на односите меѓу КПГ и АПТ за што ќе стане збор во посебна глава. Албанското раководство, како што се гледа и од насоката на самата истрага, сакаа фатените Македонци да ги искористат во расправиите со КПГ. Во грчките документи се тврди дека Албанците, покрај горенаведеното ја презедоа таа акција со цел да врбуваат дел од гатените Македонци за антијугословенска шпиунска дејност.

Нека за целиот случај зборуваат документите.

Во писмото на ПБ на ЦК на КПГ до ПБ на АПТ од 27.10.1949 година се вели:

Др. Другари,

Со ова писмо сакаме да ви ги ставиме следните прашања:

1. По одлуката на конференцијата на КПГ и општиот состанок на Славомакедонците борци и боркињи што уследи и во договор со Мехмед Шеху, фатени се еден ред Титови аганти што делуваа во нашите редови. Овие апсења извршени се колку за да се стави крај на антиреволуционерната дејност на тие агенти, толку и да се откријат и другите нивни соучесници кои уште ги има, како во редовите на борците и боркињите што се повлекоа од Грција и во единиците кои уште делуваат во нашата земја, така и меѓу Славомакедонците бегалци што се испратени во народните републики. Потребата за откривањето и ликвидирањето на тие соучесници наложуваме истрагата да започне и да заврши брзо. Но, изминаа 25 дена, а не само што не започна истрагата и покрај нашето настојување и сталните ургенции кај др. Мехмед Шеху, туку , дури обратно нашиот другар што е запознат со целото тоа прашање и ќе требаше да земе учество во истрагата, целосно е ислучен од таа работа дури и истиот стана предмет на истрагата.

Лошото е тоа што одлагањето ни прави големи штети. Соучесниците на Титовите агенти кои овде се уапсија, се наоѓаат во нашите единици што делуваат во Грција и почнаа да бигаат во Југославија, ги предаваат нашите единици и прават големи штети. Истото вероватно ќе се случи и со Титовите агенти што преминаа со Славомакедонците бегалци во народните републики. Ако ја имавме извршено ние благовремено истрагата, сигурно ќе имавме осуетено многу штети. Сфаќаме дека одложувањето на истрагата создава сериозни одговорности и за нас и за вас и бараме да се стави крај на таа ситуација. Ние го сметаме за неприфатлив изразот на нашиот др. Ѓорѓи кој е одговорен за таа работа, дека истрагата може да започне само во декември и бараме или да ни дозволите да завршиме од наша страна со истрагата и доколку тоа ќе го сметате за невозможно, да ни ги предадете затворените да ги префрлиме во друга народна република за да ја окончаме таа работа, која се одолговлечува со штетни последици за нашето движење.

Трето. Во прашањето што го поставивме погоре како прво наведовме дека нашиот другар кој е од нас поставен за одговорен на случајот на титовите"агенти", стана самиот предмет на истрагата. Нашиот впечаток е дека острината на вашата истрага, како според начинот која се води и од тоа што можевме да разбериме од нашите контакти со Ѓорѓи, е тенденцијата да ја постави под ревизија политиката на КПГ по македонското национално прашање од тогаш кога е формирана нашата партија. Не сакаме да разјасниме овде зошто др. Ѓорѓи на прашањето за вашето запознавање со политиката на КПГ по македонското прашање го претпочитува шатот на истрагата и зошто вие не побаравте од нас едно поверодостојно мислење за проблемот што ве интересира.

Нашето уверување е дека имате или држите свои резерви спрема политиката на КПГ не само по македонското прашање, туку и за скорешниот период, хитлеровскиот (1941-1944) пред и после Варкиза.[336]

27.10.1949 ПБ на ЦК на КПГ

На 11 ноември 1949 година во врска со создаденото прашање на фатените Македонци, на 11 ноември 1949 година одржана е средба меѓу Никос Захарјадис и Мехмед Шеху. Албанското раководство категорички ги одби барањата на грчкото раководство за враќање на затворените Македонци.

Во врска со тоа прашање во писмото на Политбирото на ЦК на КПГ до ПБ на АПТ од 13 ноември 1949 година меѓу другото се вели: "2... При средбата со Никос Захарјадис на 11 ноември 1949 година му ја соопштивме нашата одлука за Титовите "агенти" Шаскал и дека ниту да земаме учество во истрагата можеме, ниту сакате да ни ги предадете за да ги префрлиме во друга народна република.

Кога Никос Захарјадис му рече на др. Шеху дека таквото манипурирање со Паскал создава штети, др. Шеху му одговори: "Ние ја преземаме одговорноста спрема грчкиот народ, Болшевичката партија и историја" Овде сакаме да забележиме

дека никој нема право да си игра со крвта на народните борци. Тоа што ние имаме да речеме дека одговорностаспрема народот на Грција ја сноси само КПГ, дека погорната изјава на Шеху покажува дека продолжувате да давата оцени против КПГ, на нејзината општа политичка линија и во политиката во врска со делото на Паскал, со манипулацијата на истото, констатацијата што ја имаме во поранешното наше писмо од 27 октомври 1949 година.[337]

ПБ на ЦК на КПГ

Како што се гледа од горното писмо и од други документи, настојувањето на грчкото партиско раководство да ги поврати фатените Македонци или да зема учество во истрагата против нив, остана без резултат. Одредениот од КПГ Периклис Калодикис да учествува во истрагата, поради односот на албанските иследнич органи и поради насоченоста на истрагата, ја напушти истата. Откако Албанците завршија со истрагата од нивни аспект и за тоа што ги интересираше, фатените Македонци раководители ги презедоа Русите и ги префрлија во Москва каде ја продолжија истрагата.

12. Обвинителен акт против апсените Македонци

Како што наведовме антијугословенската кампања и истрагата на фатените Македонци му беше доверена на Периклис Калодикис. Исто така наведовме дека истиот го исклучија Албанците од истрагата на апсените Македонци.

И покрај тоа што Периклис Калодикис не му беше "тешко" да исфабрикува извештај (всушност обвинителен акт) со кој се "докажуваше" вината на Југославија за поразот на ослободителното движење на Грција.

Обвинителниот акт Калодикис го поставил врз основа на писмените изјави од 3.10.49 и усните искази на обвинетите, врз основа на изјави на агенти, од изјави напишани по барање и порачка од разни лица,измислици и лажни податоци на самиот иследник.

Исфабрикуваниот обвинителен акт ги теретеше апсе-
ните активисти на НОФ дека тие и македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ организираа широка агентурска мрежа против грчкото демократско движење; организираа расцеп меѓу македонскиот и грчкиот народ; организираа дезертерства од редовите на ДАГ; го насочија македонскиот народ против Привремената демократска влада; пропагираа во корист на Титова Југославија и сл. Нема потреба да се задржиме на горенаведените клеветнички тврдења, бидејќи истите ги содржат документите на КОЕМ од 20 јуни до 2 август 1949 година и многу други антијугословенски документи на КПГ врз кои се осврнавме во досегашното наше излагање.

Во продолжение на извештајот, односно обвинителниот акт Периклис Калодикис наведените и други македонски активисти ги претставува со лошо и сомнително минато.[338)]

13. Префрлувањето на припадниците на ДАГ и цивилното население од Албанија во СССР и источноевропските земји

При споменатата посета на Захарјадис во Москва во септември 1949 година во разговорите со советското раководство, покрај другото, е дискутирано и прашањето на сталното настојување на борците на ДАГ и цивилното население кое се повлече од Грција и се наоѓаше во Албанија и Бугарија. Беше решено сите што беа повлечени во Албанија да ги прифатат Русите, а еден дел што беа повлечени или ке се повлечаа во Бугарија да го прифатат другите источно-европски земји. Станил наредил да се подготват бродови и префрлувањето да започне во октомври-ноември 1949 година. Оваа одлука претрпе измена. Така што борците и другите бегалци чии жени односно мажи и деца се наоѓаа во источно-европските земји беа испратени таму, додека другите беа прифатени од Русите и сместени во Узбекистанскиот главен град Ташкент.

Евакуацијата на бегалците од Албанија во СССР и во источно-европските земји заврши во средината на ноември 1949 година.

Според податоците изнесени од секретарот на ЦК на КПГ Василис Барциодас на III-та партиска конференција на КПГ одржана од 10-14 октомври 1950 година[339] сместувањето на бегалците во СССР и другите источно-европски земји беше како следува:

	мажи	жени	деца	вкупно
Романија	1981	1939	5132	9.100
Чехословачка	4000	3475	4148	11.941
Полска	4730	3138	3590	11.458
Унгарија	2161	2233	2859	7.253
Бугарија	1583	764	672	3.071
ДМ.Германија				
СССР	8573	3407		11980
Вкупно:	23.028	14.956	17.529	55.881

Во Албанија освен заробените монархофашистички војници кои беа сместени во логори, останаа вкучно 255 лица од кои: стари партизани 41, цивили 115, цивили кои без врска пребегаа во Албанија 52, партизани со загубена врска 22, партизани кои во 1950 година од Грција и Југославија пребегаа во Албанија 25. Албанската влада со свои писма од 26 октомври и 17 ноември 1949 година побара од КПГ да ги повлечи од Албанија погорните бегалци, што е и сторено.

Бројот на бегалците изнесен на конференцијата, со повлекувањето на 7-та дивизија на ДАГ од Источна Македонија во 1950 година и на диверзатските групи во 1951 претрпе измени односно се зголеми.

Во статистичките податоци изнесени на конференцијата не е кажано за националниот состав на бегалците односно колку од нив беа Македонци а колку Грци. Единствениот делегат од Полска изнесе дека од вкупно 11.475 бегалци во таа земја 5.479 беа Македонци.346)

Според некои други статистички податоци на КПГ во декември 1950 год. во Унгарија беа населени 7.676 бегалци од кои 4.337 Грци и 3.299 Македонци.341)Во Чехословачка во октомври 1950 год. 12.455 бегалци од кои 8.615 Грци и 3800 Македонци и 1800 деца 342), во Бугарија во ноември 1951 год. 3210 бегалци од кои3040 Грци и 103 Македонци 343) во СССР околу 5000 Македонци или во СССР и источно-европските земји беа префрлени околу 20.000 Македонци.

Г Л А В А XXIII

Судир Меѓу Комунистичката партија на Грција и Албанската партија на трудот

Во 1949 година дојде до заострување дури и до прекинување на односите меѓу Комунистичката партија на Грција (КПГ) и Албанската партија на трудот(АПТ).

Овој настан во редовите на работничкото и комунистичкото движење не е доволно познат. Последно време од перото на некои раководители на КПГ настанот е забележан како попатен инцидент без да се навлезат длабоко во причините што доведоа до тоа, префрлувајќи им ја вината на албанските раководители.

Настанот секако е одраз на односите што постоеа во тоа време меѓу комунистичките и работничките партии, односно во редовите на работничкото и комунистичкото движење. Поради тоа заслужува посебно внимание. Меѓутоа, за да се даде целосен одговор на причините што доведоа до тоа , нужно е да се консултира архивската документација на двете страни, несамо на КПГ туку и на АПТ. Впрочем ова наше излагање ја нема и неможе да ја има таа задача и претензија. Настанот го привлече нашето внимание, токму колку раководството на КПГ злонамерно и клеветнички ја замеша Југославија во него.

Погоре наведените бивши раководители на КПГ во своите трудови тврдат дека недоразбирањата и судирот се појавија во 1949 година како резултат на проблемите што настанаа поради кризата што ја минуваше грчкото демократско движење, а особено после поразот на ДАГ. Тие, причините за судирот дури ги сведуваат и на некои недоразбирања што настанаа во врска со материјалите на ДАГ складирани во Албанија врз кои Грците сакаа да имаат целосен увид, т.е. изразија сомневање за злоупотреба при манипулацијата од страна на Албанците. Меѓутоа не е така, КПГ и АПТ ги делеа уште многу порано сериозни разлики главно по грчкото прашање.

Албанското раководство уште во 1945 година ја сметаше не само погршна, туку и предавничка политиката на КПГ пред и по договорот во Варкиза(12.II.1945). Исто така и договорот во Варкиза го сметаа за предавнички.

Секретарот на ЦК на АПТ Енвер Хоџа го критикуваше грчкото партиско раководство дека КПГ е изолирана од масата, дека ДАГ неоправдано и штетно испразни цели подрачја од народ, дека ДАГ водеше фронтална војна, дека изврши антинародни дела, за отсуство на револуционерната будност во КПГ, дека Захарјадис, Иоанидис и Парцалидис претставуваат клика во раководството на КПГ, кои меѓусебно ги кријат грешките, карактеризирајки ги другите за троцкисти и сл.

На 26 август 1949 година, кога ДАГ во Грамос ја водеше последната битка, одржана е средба на претставници на КПГ и АПТ. На средбата Албанците се согласија само во тоа дека помошта што и е дадена на ДАГ беше и нивна интернационалистичка обврска и дека борбата на ДАГ и помага на Албанија. По другите прашања не беше постигната согласност. Албанците ја нападнаа тактиката на ДАГ, дека таа требаше да применува партизанска тактика итн. Во врска со тоа Енвер Хоџа забележи: "Ако имавте надмоќност во воздух и ако монархофашистите ја немаа американската помош ќе победевте. И кога барате надмоќност во воздух и на море, а кога ги немате, тоа покажува песимизам". Понатаму Албанците им забележаа на Грците дека не е точно нивното тврдење дека после"предавството" на Тито имаа помалку материјал. Во продолжение на состанокот Енвер рече: "... Резерви имате. Пелопонез-Вичо-Грамос. Според тоа тешкотијата не е како што ја претставувавте. Прашањето на вооружувањето на секаде и секогаш беше тактичко прашање. Духот на писмото(од 22.9.1949) е едно обвинување против меѓународното движење што значи не само против Албанија туку и против сите други пријатели што ви помагаат. За вас не постои проблем да земете оружје од непријателот. Едно прашање кое отворено ќе ви го кажеме. Според вас: " Ако Тито во 1946 година беше предавник, немаше да ја започнеме борбата. Тоа е капитулација. Бидејќи според таа теорија, штом го знаеме предавството на Тито иако не нападнат, нема да започнеме борба".

На крајот Енвер Хоџа им рекол на претставниците на КПГ дека ниту Мемед е титовист ниту тој е страшливец, дека тоа неможат да го прифатат, дека не се плашеле ни во минатото и ниту сега се плашат.

Претст-авникот на КПГ Димитрис Вландас зборуваше дека главната битка меѓу ДАГ и владините сили ќе се одигра во Грамос, и шобара од албанското раководство да го каже своето мислење за договорот во Варкиза и др.

Како што се гледа од погорното, состанокот одржан по барање од КПГ не ги елиминира разликите меѓу двете партии и резервите што ги имаше албанското раководство спрема политичката линија, стратегија и тактика на КПГ. Според тоа кризата во односите, како што ке видиме понатаму, меѓу двете партии по капитулацијата на ДАГ на 29.8.49 уште повеќе се заостри.

За надминување на настанатите проблеми во односите меѓу двете партии и за решавање на некои практични прашања како што беа манипулацијата на материјалите добиени како помош од други земји, имотот (жива стока-крупен и ситен добиток) на бегалците од Грција особено од Егејска Македонија пребегнат и во Албанија во текот на 1948-1949 година и други проблеми, раководдтвото на КПГ на 22 септември 1949 година на албанското раководство му испрати писмо, а на 24 истиот месец во главниот град на Албанија Тирана одржан е состанок на двете партии на највисоко ниво. Поради тоа што на состанокот не е постигната согласност и не доби одговор на своето писмо од 29 септември 1949 година , ПБ на ЦК на КПГ на 27 октомври 1949 година на ПБ на АПТ му го испрати следното писмо:

" Другари,

КПГ и понатаму настојува, поради географската положба на Албанија истата и понатаму да остане центар за раководење на илегалната работа во Грција и партизанската дејност. Поради тоа е потребно во Албанија да се организира еден соодветен апарат.

Меѓутоа, после разговорот што го водеше Никос Захарјадис со Енвер Хоџа и Мемед Шеху во Корча, како и по последниот разговор на 24 септември 1949 година во Тирана со истите, должни сме да констатираме дека вашите гледишта спрема КПГ и нејзината политика се многу сериозни. На жалост и покрај нашето настојување не успеавме да добиеме писмена формулација на вашите гледишта што ги изразија главно другарите Енвер Хоџа и Мемед Шеху во средбите со другарот Никос Захарјадис на 26 август и на 24 септември 1949 година, односно немаме добиено писмена формулација на вашите гледишта по основните проблеми на политиката на КПГ од 1941 година и наваму. Кликата на Тито, другари, ја миниpаше КПГ со клеветите како што беа дека раководството на КПГ е предавничко, шпиунско, дека политиката на КПГ во периодот 1941-1944 беше свесно предавство и сл. Истите гледишта ги застапуваше во Албанија Коце Џоце во врска со грчкото прашање и КПГ и дека раководството на албанската парт ија на трудот нема правилен став спрема КПГ и за нејзината политика и оттука произлегува едно однесување на некои албански другари спрема КПГ, однос што потсетува на однос на појакиот кон послабиот.

Настојуваме за понатамошна наша соработка и особено за работа на КПГ во Грција. Треба да дефинирате и искристализирате еден јасен став по грчкото прашање и КПГ. Во тоа ке ни помогне еден заеднички состанок.[344)]

Врз основа на тоа барање на КПГ, на 11 ноември 1949 година одржан е состанок меѓу Захарјадис и Мемед Шеху. На состанокот се дојде до остар судир, бидејќи Захарјадис изразил сомневање за злоупотреба на материјалите на ДАГ од страна на Албанците и побара записнички предавање на истите, на што се спротивставил Мемед Шеху.

Во врска со настанатите судири при средбата, ПБ на ЦК на КПГ на 13 ноември 1949 година на ПБ на ЦК на АПТ му испрати писмо во кое меѓу другото се вели: "... Констатиравме дека по односите се создаде една сериозна криза која ќе предизвика сериозни тешкотии во народно-ослободителното

движење на Грција. Мемед е виновен за таквите односи. Тој има погрешни гледишта за целокупната политичка линија на раководството на КПГ. На тие односи тој не им даде политички карактер, туку форма на односите на органите на безбедноста спрема луѓето за кои има политички резерви. Мемед му рекол на Захарјадис дека односите на КПГ спрема Албанците не се ниту комунистички ниту другарски. Односите толку беа заострени, што Мемед Шеху на 11 ноември 1949 година на Захарјадис му запранил да излегува од куќата во која престојуваше.[345)]

Раководството на КПГ со цел да ги поткрепи и ги аргументира своите тврдења дека некои раководители на Албанската партија на трудот ја следат и применуваат политиката на КПЈ спрема КПГ, а со тоа да предизвика сомневања и расцеп во раководството на Албанската партија, на 18 ноември 1949 година на КПСС и испрати извештај што ја воделе нејзините органи врз затворените македонски раководители на НОФ. Во извештајот се обвинува висок албански раководител за соработка со југословенски "агенти" во борбата против КПГ и грчкото ослободително движење.[346)]

Како што наведовме на состаноците меѓу КПГ и АПТ, не само што не беше најден заеднички јазик, туку односите уште повеке се заостријa и во декември 1949 година дури беа прекинати. Албанската влада и партија побара од грчкото раководство во рок од неколку дена албанската територија да ја напуштат борците на ДАГ (околу 18.000) и неколку илјади бегалци-Грци и Македонци. Согласно наредбата на Албанците, борците на ДАГ и цивилното население немаа право ништо да пренесат од материјалите добиени како помош од други земји или фатени како трофеј од непријателот. Исто така бегалците Македонци и Грци нема а право да го пренесат својот имот, така беа принудени да заминат голи-боси во другите источно-европските земји.

Во врска со горе наведените настани еве што,меѓу другото се вели во телеграмата на генералниот секретар на ЦК на КПГ Никос Захарјадис до членот на ПБ на КПГ Ѓанис Иоанидис

18.12.49

Др. Ѓани,

Вчера овде имав средба со пријателот(Енвер Хоџа) заклучокот што го изведе: ситуацијата што е создадена во нашите односи за која одговорноста ја сноси КПГ и штом привремено не можат да дискутираат принципиелни прашања што не разединуваат, одлучија да прекинат секаква соработка со нас. Сите без исклучок(сите Грци) треба веднаш да ја напуштат Албанија. Материјалите ќе ги задржат тие. Тоа е во основа нивната одлука. Единственото што го успеав е да ги продолжиме контактите за уште 10-15 дена. Во тој период треба да настојаваш и да успееш сместување на апаратот за радио-врески во некоја друга земја".[347]

На молба на раководството на КПГ, Советското раководство интервенира кај Енвер Хоџа да дозволи престој во Албанија на специјален апарат на КПГ за организирање и раководење на илегална партиска и друга дејност во Грција.[348] Меѓутоа, тоа не траеше многу долго. На 10 мај 1950 година полковникот во државната безбедност "Осигурими" на Албанија Ѓорѓи на претставникот на КПГ во Албанија Ѓеорѓис Еретријадис му ја соопшти одлуката на Албанската парт-ија и влада, со која се наредуваше апаратот на КПГ за илегална работа да ја напушти Албанија.[349]

1. Трипартијна средба во Москва

Во месец јануари 1950 година по иницијатива и барање на Советското партиско раководство, одржана е средба на комунистичките партии на Советскиот Сојуз , Грција и Албанија. Делегацијата на КПСС ја сочинуваа: Сталин, Молотов, Маленков и Суслов, на КПГ: Никос Захарјадис и Мичос Парцалидис, на КП Албанија: Енвер Хоџа и Мемед Шеху.

Повод за одржувањето на средбата беше тоа што албанското партиско раководство пред советското раководство ја обвини КПГ дека во текот на НОВ и Граѓанската војна водела погрешна политика, стратегија и тактика и писмото на Маркос

Вафијадис до ЦК на КПСС со кое го обвинуваше Захарјадис за агент на Инделинџес сервис. Писмото на Маркос беше повод, а суштината е таа што советското раководство сметаше дека КПГ ше Варкиза направи тактички и други грешки и требаше критички и самокритички да се осврне врз тој период.

Разговорите меѓу делегациите започнаа на 14 јануари 1949 година во Москва. Во врска со ставовите на албанското раководство спрема КПГ одржани се два состаноци. Албанците го обвинуваа грчкото раководство на следното:

- Дека пред и до договорот во Варкиза водела погрешна, дури и предавничка политика;
- договорот во Варкиза го сметаа за предавство;
- дека водењето на фронтална војна на ДАГ го сметаа за фатална грешка;
- повлекувањето на ДАГ истоо така го сметаа за грешка односно ДАГ требаше да ја продолжи партизанската војна во внатрешноста на Грција;
- дека одлуките на V-от пленум на КПГ одржан во јануари 1949 година беа погрешни и нереални;
- дека КПГ беше изолирана од широките народни маси;
- дека КПГ ја потпираше својата борба врз помошта од надвор;
- за недостиг на револуционерна будност;
- дека Захарјадис, Парцалидис и Иоанидис преставуваат клика во раководството на КПГ, меѓу-собно ги прикриваат своите грешки, карактеризираат други за троцкисти со цел да ги прикријат своите грешки и друго.

Овој судир меѓу КПГ и АПГ немаше да го привлече нашето внимание ако раководството на КПГ во овој случај злонамерно и неосновано не ја замешаше КПЈ. Имено, Захарјадис и Парцалидис со цел да докажат приврзаност и оданост спрема Сталин, усно и писмено го обвинија албанското раководство дека наводно во своите оценки за линијата и тактиката на КПГ се влијаело од Југословените.

По одржаниот прв состанок односно на 15 јануари 1950 година, грчката делегација на ЦК на КПСС му испрати писмо.

Во писмото грчките раководители тврдат дека Албанците под влијание на КПЈ ја сметаат политиката на КПГ до Варкиза не само погрешна туку предавничка, односно КПА ја спроведуваше во однос спрема КПГ политиката на КПЈ.

- Дека Албанците на политичкиот комесар на ГШ на ЕЛАС Арис Велухјотис кој не се согласи со договорот на Варкиза му поставија задача да ја продолжи вооружената борба спротивно на линијата на КПГ;

- дека кога во 1946 година почна новата вооружена борба Албанците ја оценија како ревизија на неисправната политика на КПГ до Варкиза, а кога во 1949 година ДАГ беше принудена да ја прекине борбата, како врскрснување на политиката на ПКГ од пред Варкиза која ја имаа осудено како предавничка;

,- дека албанското раководство никогаш не ја проучи и не ја согледа правилно ситуацијата во Грција и политиката на КПГ односно тоа секогаш ја гледаше само од аспектот на односот и влијанието што го имаше таа врз Албанија.

Во духот на антијугословенската клеветничка кампања, цо цел да ја симнат од себе одговорноста за поразот на ДАГ за што ги обвинуваше албанското раководство, Захарјадис и Парцалидис во писмото до ЦК на КПСС меѓу другото пишуваат: "... Внатре во тие тешкотии и концентрираните напори што ги правеа монархофашистите и Американците и Англичаните империјалисти, дојде и предавството на Тито кое не удри од грб. Внатре во тешкотиите што се соочувавме, тој удар одигра решавачка улога за исходот на битката на Вичо-Грамос. Без тоа предавство монархофашизмот никогаш немаше да го постигне резултатот што го постигна на Вичо-Грамос, макар што вооружената борба продолжеше во нашата земја за уште неколку години. За раководството на КПГ денес не постои сомневање дека вооружената борба во 1946 година не ќе требаше да започне ако знаевме зад нашиот грб имавме една титова Југославија

таква како што е разоткриена во 1948 година..." Во продолжение грчките раководители ги сметаат за неосновани и произволни обвинувањата на секретарот на ЦК на Албанската партија на трудот Енвер Хоџа на првиот трипартиен состанок.

Во врска со апсените македонски раководители во Албанија во писмото се вели: "... Фативме и предадовме на Албанците Титови агенти со цел да ставиме крај на разбивачката дејност на тие агенти. Другарите Албанци не исклучија од истрагата. Нашето отстранување од истрагата и одолжувањето на истата го оневозможија нејзиното успешно водење, бидејќи ние во врска со тие агенти познаваме лица и факти, а нивните соучесници кои не се фатени можат да ја продолжат нивната шпиунска дејност во Грција и во земјите каде се пренесени единиците на ДАГ и цивилното население.

На вториот состанок Молотов го причита писмото на Маркос Вафијадис , во кое како што наведовме, го изнесуваше обвинението против Захарјадис, дека бил агент на Интелиценс сервис. Обвинението, рече Молотов, се изнесува од еден човек со авторитет и предизвикува сомневање.

На последниот состанок Сталин го рече следното: " На тоа писмо на Маркос во почетокот рековме да не му обрнеме никакво внимание. Маркос треба да се повика и одговорно да го докаже тоа многу сериозно обвинување. Неможе такви работи да се изнесуваат без да бидат утврдени."

Што се однесува на проблемите од дејноста на КПГ, што ги поставија Албанците и се дискутираше, на состаноците беше формулирано следното мислење на советското раководство.

Прво прашање: За договорот во Варкиза Сталин рече: " Беше грешка. Не требаше да го предадете оружјето". Кога Захарјадис изнесе дека не беше предадено целото оружје и Парцалидис дека ЕЛАС се бореше во Атина и дека постоеше укажувањето на Ѓ.Димитров за склучување на спогодба со десницата, Сталин одговори: "Требаше да се борите надвор од Атина. Димитров не е ЦК на Болшевичката партија".

Второ прашање: Прашањето на апстиненцијата од парламентарните избори во март 1946 година. Молотов го потсети укажувањето на КПСС за учество во изборите. " Учеството ќе ви дозволеше соодветно со развојот на ситуацијата, некогаш главниот товар да го фрлевте на легалните форми на масовната борба, некогаш на вооружената борба". Изрази сомневање дека би можело Албанците преку други партии да ја стават КПГ на апстиненција".

Трето прашање: Тактиката на ДАГ." Грешка беше настојувањето во регуларната војна. Зошто ви беа потребни, рече во еден монет Сталин, толку топови." Кога во еден момент Захарјадис за Маркос рече дека не го смета за шпион, туку за луд, Молотов му одговори: " Каков луд ми велиш кога тој трасираше подобра тактика за ДАГ".

Четврто прашање: Влијанието на Титовото предавство на поразот. Врз гледиштето што со алузија се изразуваа дека ако КПГ го знаеше предавството на Тито во 1946 година немаше да ја започне вооружената борба итн. Молотов осудувајќи го рече:"Постоеа Бугарија и Албанија", а Маленков додаде; "Иако биде нужно да започнете нова борба сега?"

На крајот Сталин на грчките раководители им сугерирал да ја разгледат дејноста на партијата со самокритичен дух. За Албанците рекол дека не постапија добро што ги протераа Грците од Албанија. Друго е прашањето ако во овој момент добро е Грците да ја немаат за свој центар Албанија.

И покрај тоа што грчката делегација на критиките и нападите од албанско раководство беше единствена во барањето на КПГ, кај неа дојде до расцеп. Советите и покрај тоа што отворено не ги прифатија обвинувањата на Маркос против Захарјадис, сепак некои од постапките и акциите на Захарјадис кај нив предизвикаа извесни сомневања. Поради тоа преку функционерот на Одделението за меѓународни врски при ЦК на КПСС Петров побара од М. Парцалидис се разбира без знаење на Захарјадис, писмено да го изнесе своето мислење за

линијата на КПГ и грешките на нејзиниот лидер Н. Захарјадис.

Мичос Парцалидис избрза. Од дискусијата на состаноците и од барањето од него писмено да го изнесе своето мислење, помисли дека советското раководство нема доверба во Захарјадис и поради тоа неминовно е дека ке дојде до негово сменување од функцијата шеф на партијата. Раководејќи се од таквите уверувања, тој на советското раководство на 24 јануари 1950 година му достави изјава:

Во изјавата на Парцалидис се наведува дека меѓу него и Захарјадис на 24 јануари 1950 година дошло до остри расправии по прашањето на помошта од страна на КПСС што требеше да и ја пружи на КПГ за согледување на својата тактика. Додека Парцалидис сметаше дека помошта е неопходна, Захарјадис го тврдеше спротивното дека помошта е излишна. Според Парцалидис, Захарјадис тврди дека ставот на советското раководство спрема Варкиза е нејасно и дека не сака да изврши било каква самокритика за грешките на КПГ во последниот период, кое нешто неминовно ќе доведе во фракционашка борба во редовите на КПГ.

Парцалидис во изјавата изнесува свои мислења и ставови за стратегијата и грешките на КПГ. Според Парцалидис погрешната линија на КПГ во текот на војната се должи на големиот империјалистички притисок и на влијанието на истиот во редовите на КПГ. Парцалидис признава дека договорот во Варкиза е грешка направена исклучиво од раководството на КПГ.

Парцалидис му ги припишува на Захарјадис следните грешки:

1. Поради тоа што по неговото враќање од интернација во мај 1945 година во целост ја одобри линијата на КПГ во периодот на војната.

2. Затоа што на XII-от пленум одржан во јуни 1945 година изјави дека Грција за нејзина заштита од север ке се потпира на СССР и на народните републики, а за заштите от [illegible] ќе се потпира на Англија.

3. Затоа што и покрај укажувањата на советското и бугарското раководство, КПГ-ЕАМ да учествуваат во парламентарните избори, тој издејствува одлука од ПБ за апстиненција од истите.

4. Поради неговото настојување ДАГ водеше фронтална војна што решавачки се одрази за исходот на борбата.

5. Затоа што без причина на V-от пленум одржан во јануари 1949 година го измени ставот по македонското национално прашање исфрлувајќи ја паролата за создавање на македонска држава во рамките на Балканската федерација.

6. Затоа што ПБ на КПГ усвои резолуција со која целата вина за поразот на ДАГ ја префрла врз Југославија. На крајот Парцалидис го смета како неопходно подмладувањето на составот на ЦК на КПГ.

После оваа изјава беше одржан состанок во кој беше повикан Парцалидис, а со состанокот раководеше Григоријан. Русите ги интересираа обвинувањата на Маркос против Захарјадис. Тие го прашуваа како го оцени Захарјадис. Тој одговори дека ја исклучува можноста дека е агент. Го прашуваа исто така како го објаснува гледиштето на Захарјадис за грчката особина: дека Грција од една страна ќе се потпира на Англија, а од друга страна на СССР. Исто така го прашуваа што мисли кога го поставува прашањето за подмладување на ЦК на КПГ. На крајот побараа од Парцалидис да го изнесе писмено своето мислење за грешките на КПГ и за Захарјадис што го стори во аналитичка белешка.

Во уводниот дел на белешката Парцалидис наведува дека дејноста на КПГ во последните години не може да се оцени како позитивна. Парцалидис грешките на ПКГ ги дели на два дела: во периодот на НОВ (194-1944) кога отсуствуваше Захарјадис и по негово враќање т.е. во текот на Граѓанската војна.

Според Парцалидис погрешната линија на КПГ во текот на НОВ произлегуваше од тоа што во нејзиното раководство преовладува уверувањето дека поради географската и стратегиска положба на Грција не може ниту да се замисли судир со Англија, која господареше во средоземјето. Практично таа те-

орија , според Парцалидис се манифестираше во безконечните отстапки на раководството пред класниот непријател и Англичаните.

Исто така како резултат на таквото гледиште судирот во декември 1944 година со Англичаните имаше спонтан карактер, а договорот во Варкиза не ја обезбедуваше егзистенцијата на демократските сили, поради што тој беше грешка. Овие погрешни ставови, смета Парцалидис секогаш се појавуваат кога тешкотиите се зголемуваат. Така на пример причините за поразот на ДАГ раководството на КПГ ги натовари на надворешни фактори.

Во белешката Парцалидис го критикува Захарјадис за следните работи:

1. За формулацијата "војната што ја раководи владата на Метаксас против агресијата на Италија ја подржуваме без резерва". (содржина во неговото писмо по повод италијанската агресија).

2. За територијалните претензии спрема Албанија изразени во јуни 1945 година.

3. За апстиненцијата од парламентарните избори во март 1946 година и

4. За тврдењето на Захарјадис дека "предавството" на Тито преставуваше решавачки фактор за поразот на ДАГ и др.

Пред отпатувањето на грчката делегација од Москва, таа била повикана во ЦК на КПСС каде и беше прочитан одговорот на ПБ на ЦК на КПСС на едно писмо од Захарјадис со кое бараше од советското раководство да даде една општа оценка за дејноста на КПГ. Посебно го бараше мислењето на КПСС за договорот во Варкиза и за други прашања. ПБ на ЦК на КПСС одговарајќи на тоа писмо на Захарјадис ги упати грчките раководители на споменатиот Московски документ од 16 септември 1949 година и на укажувањата во состаноците во кој е изнесено и мислењето на ЦК на КПСС што се однесува на договорот во Варкиза. На крајот во врска со барањето на Захарјадис да го напушти раководството на КПГ се додека не се расчисти

неговиот случај врз основа обвинувањата на Маркос Вафијадис, ПБ на ЦК на КПСС одговори дека тој треба да ги продолжи да ги извршува своите задачи како раководител на КПГ и ЦК на КПГ треба во самокритички дух повторно да ја разгледа целата дејност на КПГ.

По враќањето од Москва, Парцалидис го запозна ПБ на ЦК на КПГ со содржината на писмата што му ги достави на ЦК на КПСС на 25.I. и на 4.II.1950 година. Веднаш ПБ на ЦК на КПГ одржа седница во која едногласно ја осуди постапката на Парцалидис како обид за истиснување на Захарјадис од раководството, како фракционизам, антипартиска дејност и сл. Во врска со тоа Парцалидис на ЦК на КПСС му напишал писмо, но по барање на Захарјадис не го испратил. Писмото гласи: до ЦК на КПСС Москва.

Другари по нашето пристигнување овде на ПБ на ЦК на КПГ му ги стави на увид писмата што ви ги испратив на 25.I. и на 4.II.50. Др. Захарјадис тврдеше дека суштината на писмата и на мојот став воопшто во Москва не преставува залагање да се разгледа активноста на партијата со критички и самокритички дух согласно вашите укажувања, туку антипартиски обид за искористување обвинувањата на Маркос со цел да го минирам Захарјадис и да се истакнам јас. ПБ на ЦК на КПГ се согласи со другарот Захарјадис и прифати дека објективно едно такво нешто се случува. Така прашањето во основа е преместено од прашањето за разгледување дејноста на партијата со самокритички дух, на прашање "Парцалидис" кој.. преживува криза поради последниот наш пораз. Ке сакав ако е можно, нашето ПБ да има потврда за следните факти: а) дека во состанокот на 31.I.50 и во дискусии со др.Масетов и Петров, многу пати потенцирав: "никакво сомнеење за друг Захарјадис немам... в) дека кога бев прашан во горе наведените состанци од Петров што мислам кога барам подмладување на ЦК и дали поставувам прашање "Захарјадис" одговорив: " не поставувам прашање Захарјадис туку само тој на направи самокритика, в) дека во состанокот на 31.I.50 два пати потенцирам дека за грешките на КПГ и јас имам вина.

Будапешт 24.4.50

Со почит

Д. Парцалидис

2. VII-от Пленум на ЦК на КПГ

Како што наведовме веднаш по враќањето на делегацијата од Москва, Парцалидис го запозна ПБ за разговорите во Москва и за писмата што му ги достави на ЦК на КПСС. Непосредно потоа ПБ одржа седница во која уводен збор даде Парцалидис. Сите членови на ПБ ги прифатија укажувањата на советското партиско раководство за критички осврт на грешките и линијата на КПГ и остро го осуди Парцалидис за антипартиски став и држење во Москва. Таму беше одлучено да се свика VII-от пленум.

Пленумот се одржа во Будапешт и траеше од 14-18 мај 1950 година. Расправаше по две теми: 1) укажувањата на КПСС и внатрешната ситуација во Грција и задачите на партијата.

Уводен реферат по првата тема поднесе генералниот секретар на КПГ Н.Захарјадис. Тој во својот реферет водејќи сметка за укажувањата на советското партиско раководство, истакна дека политичката линија на КПГ од 1945 година, до одржувањето на својот пленум, и покрај грешките, недостатоците и слабостите, беше исправна.

Захарјадис се задржа на грешките на КПГ во тој период кои, според негово мислење, и и покрај тоа што беа сериозни, не беа решавачки и пресудни за крајниот исход на настаните. Тојги ги наведе грешките: Одлуката на ПБ на ЦК на КПГ од 1.VI.1945 година, по североепирското прашање со која всушност го одобруваше евентуалниот напад на грчката армија за окупација на Северен Епир; неговата територија за двата пола според која Грција во својата одбрана ќе се потпира и на СССР и на Англија; националистичките претензии за регулирање на границите; одобрувањето на линијата на КПГ во текот на војната; договорот на Варкиза, апстиненцијата од парламентарни избори во март 1946 година истакнувањето на Маркос на чело на ДАГ.

Според Захариjадис исходот (поразот) на вооружената борба го определија овие факти:

1. Не решавањето проблемот на резервите

2. Не снабдувањето на единиците на ДАГ во Јужна Грциja

3. "Предавство" на Тито, кое беше според Захарjадис решавачки фактор за 1949 година.

Во врска со улогата на Тито, Захарjадис рече: "Зборувајки за Тито, треба да го расчистиме следното: ако во 1946 година знаевме дека Тито е агент на империjалистите не ќе можевме да тргнеме, како што тргнавме. Барем jас на II-от пленум на ЦК немаше да го поставам прашањето за вооружена борба. Да не заборавaме дека тргнавме тогаш, бидejки се потпревме на спогодбата со Тито, кој ни обеќа сестрана помош. Со Југославиja непријателска на нашиот грб и со поопшта ситуациja на Балканот, ќе беше авантура ако почнуваме како почнавме. Тоа за мене е jасно. Друго е прашањето дали требаше да го напишам така отворено тоа нешто во мojата статиja". Што значи, Захарjадид и покрај укажувањата во Москва дека не треба да се пренагласува улогата на Тито, бидejки постоеше Бугариja и Албаниja и според таа теориja, комунистичките партии чии земjи не се граничат со социjалистички земjи никогаш не треба да започнат вооружена борба за свpнување на класниот противник, не се откажува од тој своjстав.

После тоа Захарjадис остро ги нападна ставовите на Парцалидис изнесени во неговите писма испратени до ЦК на КПСС, окарактеризирajки го како фракционаш, не принципиелен, демагог и сл.

По него зборуваше Парцалидис кој воглавно го застапуваше и ги бранеше истите гледишта формулирани во споменатите писма.

Парцалидис задржувajки се на грешките на КПГ, наведе дека големиот Англоамерикански притисок во Грциja имаше за резултат дека се прифати теориjата дела во Грциja поради нejзина географска местоположба не ќе може да се замисли за

судир со Англија која господари во Средоземјето и според тоа не може да се ослободи без надворешната воена помош .

И секогаш кога КПГ се наоѓаше пред тешкотии, шо-раз и слично, оваа теорија според која надворешниот фактор игра решавачка улога се актуелизираше.

Така на пример со случајот на ДАГ имаме уште еднаш поттикнување на такви погрешни гледишта. Веднаш после поразот на Вичо-Грамос, вели Парцалидис, причините ги натоваривме на надворешни услови, посебно на "предавството" на Тито. Применувањето на оваа теорија во пракса и оневозможи на ДАГ да ги согледа сопствените грешки и да изгради правилна политичка линија, стратегија и тактика основана на грчки услови. Во продолжение Парцалидис за грешка на КПГ го сметаше уште договорот на Варкиза , односите и улогата на Англија, Североепирското прашање, апстиненцијата од парламентарните избори, ставот по македонското прашање прифатен во јануарскиот пленум (1949) и друго.

Сите дискутанти во пленумот се согласија со ставовите на Захарјадис и го осудија Парцалидис. Во врска со клеветите против Југославија воглавно се согласија сите дискутанти.

На VII-от пленум на ЦК на КПГ Захарјадис извојува победа над Парцалидис и над сите оние што стоеа зад него. Обидот да се обелоденат грешките за поразот на движењето не успеа. Беа прифатени и потврдени оценките на Захарјадис дека решавачка улога за таквиот исход на настаните одиграа надворешниот фактор односно "предавството" на Тито. Таквите заклучоци на пленумот крајно негативно се одразија во понатамошната активност на КПГ. Тоа оневозможи да ги согледа сопствените грешки и извлечи соодветни поуки. Сакајќи да го потврепи обвинувањето против Југославија, започна еден хистеричен поход против Македонците за собирање на "материјали-докази" за "шпиунска дејност" во корист на непријателот. За поттикнувањето на таков ефект, овозможи и психолошкиот притисок што беше извршен врз присутните на пленумот. Умено, тие беа во една

куќа и пет дена немаа никаков контакт со никого.

Меѓутоа, и покрај победата на Захарјадис над Парцалидис, од настаните што уследија покажаното единство во пленумот беше привидно. Не согледувајќи и не анализирајќи ги сопствените грешки што беа главните причини за поразот, неминовно создаваше услови за внатрешни судири и борби. Случајот на Парцалидис и тој на Марков и Христа Хаџивасилиу претставуваат почеток на внатрешната криза на КПГ. И покрај репресивните мерки на Захарјадис тој процес не можеше да се прекине. По Парцалидис се појави случајот на Караѓорѓис, Јевтерис Апостолу и др.,а на крајот Ташкентскиот случај во 1955 година, суспендирањето на захарјадисовото раководство и расцепот на КПГ. За тоа подоцна.

3. III-та конференција на КПГ

И покрај успехот на Захарјадис, како што погоре наведовме да им се спротивстави на ббидите и настојувата се причините за поразот на ДАГ да се бараат и во самото партиско раководство на чие чело стоеше тој, во редовите на борците и членовите на КПГ, во врвовите на раководството уште повеќе се заостри разочарувањето и негодувањето. Веднаш по Парцалидис се појави Караѓорѓис кој политичката линија, стратегијата и тактиката трасирана и раководена од Захарјадис ја оцени како погрешна, кој тоа свое мислење мораше да го плати со сопствениот живот.

За да ги осуети таквите тенденции и да ги зацврсти своите позиции на Захарјадис му беше потребен еден повисок форум којќе ги потврдеше усвоените оценки, ставови, решенија и заклучоци на VII-от пленум.

Од тие причини на брзина беше свикана III-та конференција на КПГ.

Конференцијата е одржана во Букурешт од 10 до 14 октомври 1950 година.

Материјалите за конференцијата во вид на тези беа објавени само еден месец пред нејзиното одржување, така што членовите на партијата немаа време да ги проучат и се произнесат по нив. На конференцијата не учествуваа делегати од Грција, туку само од редовите на партиските организации на КПГ во источно-европските земји.

И во овој форум на КПГ немаше да го сврте нашето внимание ако не се искористеше за напад и клевета на Југославија.

Конференцијата, според Захарјадис, требеше да даде одговор на основното прашање; дали беше правилна или не линијата на КПГ во периодот 1940-1949 односно во текот на НОВ(1940-1944) и Граѓанската војна (1945-1949).

Во резолуцијата и во главниот реферат на Захарјадис се вели дека во првата окупација КПГ имаше погрешна политичка линија и не правилна организациона работа. Поради тоа е изгубена револуцијата. Во текот на Граѓанската војна, според Захарјадис, линијата на КПГ во основа беше правилна. Одговарајќи на прашањето кој сам го поставува, зошто тогаш востанието е поразено, меѓу другото наведува:"... Бевме победени и се повлековме, бидејќи не успеавме благовремено да решиме две основни проблеми: Прво прашањето на резервите на ДАГ и второ прашањето на снабдувањето на единиците на ДАГ во Јужна Грција. Така што не успеавме поради ова наше задоцнување во тие две прашања да му се спротивставиме колку на обемот на англоамериканската помош што му се даваше на монархофашизмот, толку и на отвореното предавство на Тито. Два фактори што го изменија во условите на 1949 година, општиот сооднос на силите на наша штета и не принудија да ја прекинеме вооружената борба на главните снаги на ДАГ, не принудија на привремено отстапување.

Откако во продолжение Захарјадис, зборуваше дека во 1946 година внатрешниот и надворешниот сооднос на силите беа на страна на демократските сили, продолжи:"... Кога овој сооднос на силите подоцна беше изменет, ние се повлековме.

Ако ги имавме решено проблемите на резервите и снабдувањето на единиците на ДАГ во Јужна Грција, предавството на Тито немаше да ги има таквите последици... но тие ги немавме. Така предавството на Тито во условите на 1949 година доби решавачко значење и му дозволи на монархофашизмот да постигне дефинитивен воен резултат во 1949 година.

Настојувањето на Д. Парцалидис и овој пат да докаже дека и грешките на раководството на КПГ одигра пресудна улога за поразот на движењето, не успеа. Сите дискутанти ги прифатија во целост ставовите на Захарјадис. На конференцијата на КПГ имаше делегати од комунистичките партии на Полска Бигарија, Унгарија, Чехословачка и Романија. Како што се гледа, КПСС немаше испратено своја делегација. Причините за тоа уште не се познати. Постои мислење дека советското раководство не испратила делегација, бидејќи грчкото партиско раководство не постапило според неговите укажувања за критичка анализа на своите грешки.

4. Македонското национално прашање во внатрешните борби на КПГ по поразот на ДАГ

Во нашето досегашно излагање се задржавме врз промената на ставот на КПГ по македонското национално прашање во V-от пленум (1949) на причините и последиците од тоа и слично. Исто така наведовме дека во јануари 1950 година дојде до остар судир меѓу Никос Захарјадис и членот на ПБ на КПГ Д. Парцалидис. Овој судир беше продолжение на судирот меѓу командантот на ДАГ Маркос Вафијадис со Захарјадис во 1948 година и понатаму продолжи и прошири со случаите на членовите на ПБ на ЦК на КПГ Костас Караѓорѓис, Левтерис Апостолу, Костас Колиѓанис, Хриса Хацивасилиу, Танасис Хацис и др.; драматичните настани во Ташкент во 1955 година; суспендирањето на раководството на Захарјадис и на крајот да прерасне во општа криза и расцеп на КПГ во две спротивни крила во 1968 година. Причините на оваа криза и реперкусиите од истата не се предмет на овој труд, само ќе кажеме дека таа беше предизвикана и обусловена од тоа што раководството на

КПГ не изврши критика и објективна анализа за поразот на двете револуции во текот на едно десетолетие, мешањето од надвор и не нормалниот внатрешен режим во КПГ.

Ние овде ќе се задржиме само на местото на македонското национално прашање во тие борби во врвот на КПГ.

Спомнавме дека Парцалидис во своите мисмени изјави до советското раководство во јануари и февруари 1950 година, покрај другото, го критикуваше Захарјадис и за политиката по македонското национално прашање.

На VII-от пленум на КПГ од мај 1950 кој е одржан но споменатата трипартијната средба во Москва, Захарјадис успеа да ги придобие на своја страна целиот ЦК и да се пресмета со Парцалидис.

Ставот прифатен на V-от пленум на КПГ и паролата "создавање на македонска држава во рамките на Балканската федерација..." е оценет како неправилен и штетен.

Захарјадис со цел да го отргне вниманието на членовите на ЦК од нападите на Парцалидис против неговата политика по македонското прашање и да ја оправда истата, во својот реферат, меѓу другото, рече: "... Во грешките, посебно за нас, во таа област, спаѓаат и нашите националистички застрахувања по македонското прашање, еден остаток кај нас од големоидеелизмот и една пречка во развојот на револуцијата и нашето движење, бидејќи не отуѓија од славомакедонскиот народ".[352] Како што се гледа Захарјадис со ова излагање имаше за цел да го насочи вниманието на пленумот врз грешките на КПГ по националното прашање во текот на НОБ кога во врвното раководство на отпорот стоеше Парцалидис. Но, како што веќе наведовме Захарјадис во тоа не успеа.

Прв за дискусија на пленумот по македонското прашање се јави Парцалидис. Тој истакна дека паролата на рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава беше и останува правилна, а исфрлената парола на V-от пленум на КПГ и II-от пленум на НОФ штетна. Ова гледиште Парцалидис

го аргументираше со антијугословенската клеветничка статија на бугарскиот партиски раководител Поптомов, објавена во органот на Информбирото од 15 јуни 1949 година,[353] и критиката на Варанов во март 1949 година.[354] Парцалидис во продолжение критикувајќи ја политиката на Захарјадис по македонското национално прашање побара да се избегнува зборот "автономија", дури кога се зборува и за културна автономија, бидејќи тој во Грција може лошо да се протолкува.[355]

Парцалидис е крајно не принципиелен, недоследен да се исфрли паролата "независна македнска држава" на која остро се противстави КПЈ, а од друга страна ја споменува клеветничката статија на на Бугаринот Поптомов во која, како што видовме, тврди дека е тоа "измислица" на титовистите против СССР и народните републики..."

Членовите на ЦК Петрос Русос, Аврам Шарцалиди, Димитрис Вландас, Костас Карагиоргис и др. во својата дискусија по тоа прашање истакнаа дека партијата раководејќи се од маркосистичките принципи на националните малцинства им го признаваа правото на самоопределување, но секогаш во зависност од конкретните услови и во интерес на револуцијата. Промената на паролата во 1949 година според нив, беше грешка, бидејќи условите не одговараа за таква измена.

Захарјадис во завршниот збор призна дека Пленумот сосема спротивно се произнесе спрема ставот на V-от пленум по македонското прашање. На поставеното прашање од Парцалидис, што ќе стане со Вардарска Македонија кога ќе се создаде македонска држава, во рамките на Балканската федерација, Захарјадис одговори дека таквата политика е насочена за ослободување на Вардарска Македонија која ја "угнетува" Тито исл. Настојувајќи да ја брани изменетатана ставот Захарјадис нагласи дека македонскиот народ од Егејска Македонија, се бореше за своето национално воспоставување и КПГ тоа нешто неможеше да му го откаже. Тоа го велам, продолжи Захарјадис, бидејќи не се работи за политичка маневра на моментот. Тоа е едното, Второто е тоа што иако можевме да го одложиме прок-

ламирањето на тоа право, кое во основа беше правилно, го поставивме на V-от пленум, бидејќи се наоѓавме под притисок. ." сок..." Овде Захарјадис ги наведува познатите неодрживи аргументи дека тоа е сторено со цел да бидат активирани во борбата сите сили на македонскиот народ за да се добие битката на Вичо, да престанат дезертерствата и сл. Во врска со напуштањето на ставот за самоопределување на Македонците на VI-от пленум, Захарјадис рече дека тоа е сторено поради тоа што грчкиот народ престана да се бори непосредно со пушка во рака за своето ослободување и македонскиот народ не го поставува како непосредна цел ослободувањето, без КПГ да се откаже од генералниот принцип на правото на самоопределување до отцепување на македонскиот народ. Одговарајќи му на тврдењата на Парцалидис, дека исфрлената парола на самоопределување на Македонците им даде аргументи на непријателите за борба против КПГ, Захарјадис меѓу другото, рече: "Тактиката да не го правиме ова или оно, бидејќи му даваме аргументи на непријателот, е штетна и опасна. Непријателот секогаш ќе изнаоѓа односно ќе монтира аргументи против нас. И ако го следиме советот на Парцалидис не треба ништо да правиме за да не му даваме аргументи на непријателот".

Во дискусијата на пленумот се искристализираа две гледишта по македонското национално прашање. Според едното, ставот за рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава е единствен правилен став, додека другото грелиште - спротивно на првото ставот за самоопределување на Македонците е марксистички и принципиелен, но во времето кога беше прифатен не одговараше на општите интереси на борбата.

Никос Захарјадис и покрај тоа што на пленумот ја прифати корекцијата на ставот, всушност ќе продолжи да го брани и понатаму ставот за самоопределување на Македонците.

Македонското национално прашање беше третирано и на III-та конференција на КПГ одржана во Букурешт во октомври 1950 година. Конференцијата требаше да изврши критичка анализа на линијата на КПГ за периодот 1940-1950. Но, тоа

не е постигнато. И во овој форум Захарјадис успеа да ги наложи своите ставови и оценки дека линијата на КПГ во текот на НОВ (1941-1944) беше погрешна, додека во текот на Граѓанската војна (1945-1949) исправна.

И во овој форум битката за политиката на КПГ по македонското национално прашање се водеше меѓу Захарјадис и Парцалидис.

Захарјадис откако успеа да ја избегне опасноста што му се закануваше поради сомневањата и резервите спрема неговата политика и тактика изразени од некои советски раководители,во јануари 1950 година, премина во решитеелен напад за дефинитивна пресметка со Парцалидис.

По македонското прашање успеа да конференцијата да ги наметне своите гледишта:- Дека промената на ставот од рамноправност со самоопределување на Македонците имаше за цел да ги активира македонските сили и дека таа промена не и донесе никаква штате на КПГ и на борбата воопшто.

Во врска со настојувањето на Парцалидис да не се употребува зборот автономија, бидејќи погрешно и лошо се сваќа од Грците и целото македонско прашање се сведе на образовна автономија на Македонците, Захарјадис успеа на конференцијата да и го наметне следното гледиште:

Основното за комунистот е: да ги признава правата на угнетената нација. И основно право на нацијата е правото на самоопределувањето, а правото на самоопределувањето значи дека нацијата има право не само на автономија, туку и на отцепување. Соодветно секогаш во конкретната ситуација и интересите на борбатана пролетаријатот, на револуцијата, се унапредува едната, или другата страна на националното прашање,бидејќи тоа како резерва на пролетерската или на народната револуција се потчинува на неа. КПГ го признава правото на самоопределување до отцепување на славомакедонскиот народ од Егејска Македонија. Правилно постапи V-от пленум што го постави тоа прашање, како што правилно стори и VI-от пленум кога во новите услови, после поразот, се поврати на ставот на рамноправност со Грците, им го призна на Славомакедонците правото да живеат слободни и господарите својата татковина земја.356) Конференцијата во целост ја одобри политиката на Захарјадис по македонското прашање и со тоа привремено беше прекината внатрешната борба по истото.Македонското прашање поново беше искористено во меѓусобните пресметки во врвот на КПЈ на 6 и 7 Пленум(1957) на-
некои ке се задржиме посебно.

Покрај другото, III-та конференција донесе одлука за распишување на македонската народно-ослободителната организација НОФ-КОЕМ,НОМС и АФЖ.

Г Л А В А XXIV

Расформирање на организацијата НОФ и формирање на организацијата "Илинден"

1. Советувањето на македонските кадри

Како што наведовме на VI-от пленум на КПГ македонските народноослободителни организации НОФ-НОМС и АФЖ беа наклеветени и оквалификувани како агентурски и предавнички, а Третата конференција беше одлучено истите да се расформираат.

Откако беа превземени разни мерки на притисок врз Македонците, како што беа: апсење на раководството и други активисти на НОФ, интернирање на македонски просветни и други кадри, хајка на ловење и откривање на "Титови агенти", безуздана антијугословенска пропаганда и слично кои имаа за цел покрај другото да го припремаат јавното мислење, и се пристапи кон распуштање на македонските организации.

Захарјадис имајќи ја во вид осетливоста на прашањето спроведувањето на одлуката за ликвидирањето на споменатите македонски организации им ја препушти на самите Македонци.

За таа цел на 19-21 февруари 1951 година во полскиот град Згорзелец ќе одржа советување на 72 македонски активисти, членови на КПГ, политички бегалци во Чехословачка, Романија, Полска и Унгарија. Македонците бегалци одСССР и Бугарија не беа претставени на советувањето, бидејќи советските и бугарските власти на делегетите не им издадоа излезни визи.

Главна и единствена тема на советувањето беше: "Движењето на Славомакедонците од повлекувањето од Вичо-Грамос и наваму и нашите задачи". Реферат на советувањето поднесе познатиот експонент на захаријадисовата политика по македонското прашање- изродот- Ставрос Кочопулос.

Кочопулос во својот реферет се обиде да ја оправда политиката на КПГ по македонското национално прашање на V и VI-от Пленум. Кочопулос одкако опширно ги повтори познатите клевети на захаријадисовото раководство дека во редовите на македонските организации и воопшто меѓу Македонците има многу "Титови агенти"; дека уште има многу Македонци кој не биле убедени дека Тито е "предавник," и на советувањето му ги предложи следните задачи:

1. Борба за мир
2. Борба против "агентите на Тито"
3. Истакнување на нови македонски кадри со основен критериум: нивниот став према Тито и мерки за образование и воспитување на македонските деца.
4. Издавање на централен македонски весник и македонска страница во составот на органите на грчките бегалци во источно-европските земји.

Кочопулот предложи да се расформира НОФ и на негово место да се создаде нова национално-револуционерна организација наречена "Илинден" со следните цели: да ги организира и раководи борците на македонскиот народ против монархофашистите и Американците-окупатори; за независност и народна република на Грција, во која Македонците да се здобијат со своја рамноправност; да се бори против "плановите"на Тито за приклучување на Егејска Македонија кон Југославија.

На крајот Кочопулос предложи лица зап привремен централен комитет и привремени комитети по земји на организацијата "Илинден".[357]

Советувањето донесе резолуција и заклучоци:

Во резолуцијата се вели дека ставот за рамноправност на Македонците прифатен на Шестиот пленум на КПГ во 1949 година единствено одговара на интересите, желбите и стремежите на македонскиот народ. Во решението под бр.2 се наведува дека во македонското движење постоеше хронична кадровска криза, криза на раководството, бидејќи раководството на македонското движење не успеа да се издигне на висина на

македонскиот народ кој даде ќе и стана жртвеник во борбата. Таквата состојба, според авторите на решенијата, се должи пред се на поделбата на Македонија на три дела; на големогрчките тенденции во редовите на КПГ, особено во хитлеровската окупација кои создадоа полна почва за инфилтрирање на непријателски елементи во раководството; нивното идеолошко ниво на "предавството" на Тито што е услов за нивното издигнување; на слабата политичка работа меѓу Македонците и сл. За минување на кадровската криза во решенијата се предлага истакнувањето на нови кадри од базата, отстранување на сите пројугословенски елементи; идеолошко подигнување преку испраќање во разни политички школи и отворање специјална школа за Македонците и други форми за идеолошко издигнување и усовршување.

Секако еден од најнегативните антимакедонски решенија беше решението за расформирање на НОФ под мотивација дека македонското движење го претвори од резерва на револуцијата со резерва на контрареволуција во Грција. Тоа претставува најголема увреда и клевета за Македонците, за многубројните жртви и сл.

За КОЕМ советувањето предложи да се расформира, со образложение дека во ништо не служи, имајкитго во вид фактот дека Македонците комунисти, членови на КПГ, ќе членуваат во партиските организации во своите околии.[358]

Советувањето, како што наведовме донесе заклучоци кои беа одобрени од ПБ на ЦК на КПГ на неговата седница одржана на 12 септември 1951 година. Заклучоците ги содржат истите констатации, оценки, предлози и слично како и решенијата [359]

Документите донесени на советувањето, по прецизно речено, сервирани од КПГ, претставуваат обид да се оправдат и легаризират мерките и атакот против придобивките на Македонците во текот на борбата извојувани под раководдтво на своите национални организации НОФ-НОМС-АФЖ и дотиотиснат било какво влијание и врска со своите браќа од Вардарска Македонија. Навистина стратезите на оваа политика вложија многу

труд, напори и средства. Но залудно. Македонците од Егејска Македонија, како што ке видеме во нашето понатамошно излагање достоинствено издржаа на притисокот, му се спротивставија на истиот и кога во 1956 година беа создадени поволни услови ги обновија врските со својата матица-НР Македонија и поголемиот дел од нив се најдоа во нејзините прегратки.

2. Оснивачки конгрес на организацијата "Илинден"

а) предконгресна активност

Како што наведовме, советувањето на македонските активисти на КПГ во Полска, на предлог од генералниот секретар на КПГ Н.Захарјадис одлучи да се расформираат македонските народно-ослободителни организации НОФ-НОМС-АФЖ и на нивно место да се оснива нова организација со име "Илинден". Советувањето исто така избра централна организациона комисија од 21 редовни членови и 9 заменици,[360] и комисии по земји[361] со задача да ги обавуваат сите потребни технички и практични подготовки за свикувањето на оснивачкиот конгрес на "Илинден".

Привремените комисии во земјите, организираат предконгресни конференции во кои беаанализирани решенијата на советувањето и изврши избор на делегати за оснивачкиот конгрес на "Илинден". Целокупната предконгресна идеолошко-политичка работа имаше за цел да ги убеди Македонците дека КПЈ е "предавничка" и според тоа и организацијата НОФ која беше создадена од неа е"предавничка" и како таква треба да се расформира.

б) Текот на конгресот и донесените документи

Откако во февруари 1952 година беа одржани предконгресните конференции од 1-3 април 1952 година со учество на 162 делегати[362] во полското село Кразцјенко [363] се одржа Оснивачкиот конгрес на организацијата "Илинден". Конгресот расправаше по следните теми:

1. Борбата на славомакедонскиот народ за својата слобода и
2. Избор на Централен совет.

Главен реферат на конгресот поднесе Панде Вајна. Тој во почетокот зборуваше за значењето на организацијата "Илинден", за понатамошните борби на македонскиот народ за слобода. Вајнас во продолжение истакна:"македонскиот нарот има богата историја, светли феволуционерни традиции кои почнуваат од периодот на турското владение. Македонскиот народ е славјански народ, кој претставува посебна нација , со свои особености, и ги има сите елементи што ја сочинуваат нацијата". Понатаму Вајнас зборуваше за македонскиот народ за борбите за национална и социјална слобода, задржувајки се посебно врз организацијата ВМРО и на Илинденското востание, и меѓу другото рече дека, и покрај поразот, Илинден е величенствена епопеа во историјата на македонскиот народ кое го инспирира во сите негови понатамошни национални и социјални борби. Националното ослободување, рече тој во продолжение, беше оневозможено поради завојувачките акции на соседните балкански земји и нејзиното распарчување од Грција, Србија и Бугарија.

Во продолжение референтот се задржа на борбите на македонскиот народ за национална и социјална слобода меѓу двете светски војни, во времето на хитлеровската окупација, на вооружената борба против монархофашизмот изнесувајки податоци за огромното учество и придонес на македонскиот народ во неа. Македонскиот народ, продолжува Вајнас, како нација има право слободно сама да решава за својата судбина. Одамнешната негова желба е, откога ќе се оформи како нација да биде единствена, национално независна, демократска македонска држава за чија реализација уште од старо време водел национално ослободителни борби. Реализација на таа желба, останува неотуѓиво и неприкосновено право врз основа на принципот на самоопределување до отцепување и е дело на целиот македонски народ кое го најде своето решение во општата борба со другите народи, за мир, демократ-ија, социјализам, заклучува референтот. Стоејќи на инворбировски позиции, Вајнас реализирањето на овој стремеж на Македонскиот народ го условува со ослободувањето на Егејска и Вардарска Македонија.

Како што наведовме, една од главните задачи на конгресот беше ликвидирањето на организацијата НОФ. Во врска со тоа Вајнас ги изнесе познатите оптужби и клевети и предложи распуштање на НОФ и основање на организацијата "Илинден" која ќе ги претвори во стварност горенаведените стремежи на македонскиот народ. Во врска со името на новата организација Вајнас рече: "Затоа пред конгресот задолжително се поставува потребата да се создаде нова организација која би раководела со патамошните борби на нашиот народ, која по општа желба би се именувала со името "Илинден" име што е сврзано со најсветлите традиции на нашиот народ што го вдахнува, име што ни ги асоцира идеалите од Илинденската револуција со која се потхрануваат две генерации" [364].

3. Целите на организацијата "Илинден"

На предлог на Вајнас конгресот ги прифати следните цели на организацијата "Илинден":

а) Ослободување на Грција од буржоаско-чифлигарскиот режим и американско-англиската окупација, воспоставување на народна демократија во Грција, за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

б) Борба за социјално ослободување, ослободување од секаква експлоатација.

в) развивањето на идеолошката борба против шовинистичките појави кај Македонците од Егеј, против големата идеја-негатор на националното суштествување на македонскиот народ, за националното и интернационалното воспитување на Македонците.

г) Воспитувањето на Македонците од Егеј врз основа на националноослободителните народни борби, традиции и поуки од општата борба односно од заедничката борба со Грчкиот народ. Популаризација и развивање на националната култура на македонскиот народ, собирањето на основното јазично богатство, научна обработка на јазикот и слично.

Во продолжение на својот реферат, Вајнас на широко се задржа на таканаречената "криза" во раководството на македонското движење. Многу прозирна е целта со оваа теза за криза во раководството на македонското движење. Целта беше да се елиминира целиот основен актив на македонскиот кадар кој се издигна и се изгради во текот на двете револуции и порано, а кој се залагаше решението на македонското прашање се потпира врз ново настанатите услови во Балканот и што поведоносниот исход на револуцијата во Грција Македонците се стекнат со право на самоопределување; кој сметаше дека решението на македонското прашање од страна на КПЈ единствено е правилно и се влијаеше од тоа. Таквиот однос и ставови на македонскиот кадар и влијанието што го примаше од КПЈ, беше во спротивност со политиката на КПГ и на Инфорбирото, поради што беше исфабрикувана горе наведената теорија за криза во македонското раководство, а со цел, како што рековме, за елиминирање на тој кадар и формирање на нов кој слепо ке им служи на интересите и политиката на Захарјадис и на Инфорбирото.

4. Задачи на организацијата "Илинден"

На предлог од Вајнас конгресот ги усвои следните задачи на организацијата "Илинден":

а) Во организационен сектор

Вклучување во редовите "Илинден" сите Македонци од Егејска Македонија независно каде тие се наоѓаат. Тројките, петорките и секциите беа основните организациони форми за организирањето на Македонците во "Илинден".

б) Во секторот на идеолошко-политичката работа

- Борба против националното угнетување и уништување на македонскиот народ. Да се признае како национално малцинство со сите национални права. Борба за политичка самоуправа т.е. територијална, административна, социјална, просветна културна верска.

- Натамошно зацврстување на единството меѓу Грчкиот и Македонскиот народ.

- Борба за елиминирање на влијанието на Титова Југославија врз Македонците и врз македонското ослободително движење во Егејска Македонија.

Конгресот ги донесе следните документи: резолуција со која беше прифатен рефератот на Вајнас и го задолжи Централниот совет на организацијата "Илинден" да го публикува како основен раководен документ на организацијата; прокламација до македонскиот народ и решение за распуштање на организациите НОФ-НОМС и АФЖ и основање на нова организација на Македонците од Егејска Македонија и избор на раководни органи на истата.

Прокламацијата под наслов "Конгресот на Илинден кон Славомакедоснкиот народ од Егејска Македонија" ги содржи ставовите изнесени во рефератот на П.Вајнас и другите документи на конгресот. Прокламацијата откако во почетокот ги информира за одржувањето на конгресот, зборува за процесот на оформувањето на македонската нација и за борбите на македонскиот народ за извојување на национални и социјални слободи и за создавање на своја национална македонска држава.

Во продолжение во прокламацијата се прави осврт на борбите на македонскиот народ под раководството на комунистички партии на балканските земји после поделбата на Македонија.

Стоејќи на познатите инфорбировски позиции, про прокламацијата ја напаѓа Југославија како главен виновник, покрај англоамериканската интервенција, за поразот на народно демократската револуција во Грција и на македонското национално ослободително движење.

После поразот, се вели понатамо во прикламацијата, македонскиот народ ја продолжи борбата за извојување на своите национални права. Си го задржува неотуѓивото право за своето полно национално воспоставување, за обединувањето со своите браќа од Вардарска Македонија, кога во Грција ќе победи народната демократија, во една единствена независна Македонија во семејството на слободните балкански народи и на

славјанските народи на чело со рускиот народ, се истакнува во прокламацијата . На крајот во прокламацијата се изнесени непосредните и крајните цели и задачи на организацијата "Илинден"[365)]

Конгресот на крајот од својата работа избра раководни органи на организацијата и тоа: Централен совет од 72 редовни и заменици членови. Централниот совет веднаш по негов избор одржа Пленум во кој беше избран Извршен комитет од 15 членови и претседателство на организацијата "Илинден" составено од 5 члена и тоа: Пандо Вајна за претседател, Ставрос Кочопулос за секретар, Ѓорги Неделко, Ташос Гушопулос-Макис и Стерјо Дачо за членови.[366)] Претседателството едновремено ја вршеше улогата фракција на КПЈ во организацијата "Илинден" што значеше дека организацијата целосно се наоѓаше во рацете на членовите на прет-седателството. Ако го анализираме составот на претседателството "Илинден", ќе заклучиме дека луѓето што го сочинуваа не самошто немаа ништо заедничко со македонското национално движење во текот на НОВ и Граѓанската војна, туку му беа најголемите непријатели и полемичари. Според нивната улога што ја одиграа и штетата што му ја донесоа на македонското движење, можеме да ги наречеме "грчки модел на ѓрховисти".

Од страна на КПГ конгресот го поздрави нејзиниот генерален секретар Никос Захарјадис кој бил иницијатор и основач на организацијата "Илинден". Тој откако ги изнесе познатите клевети против КПЈ и НОФ, подолго се задржа на правото на македонскиот народ за самоопределување и државно воспоставување и на борбите што ги водел за извојување на тоа право.[367)]

5. Активност на организацијата "Илинден"

а) Организациона поставеност

Највисок орган на организацијата "Илинден" беше Конгресот кој редовно требаше да се свикува еднаш на три години. Меѓутоа, и покрај таквата статутарна одлука, организацијата "Илинден" во текот на нејзиното постоење и делување

го одржа само оснивачкиот конгрес. Тоа се должи на негативниот однос на Советите, Чехословаците и Бугарите спрема таа организација, врз кој посебно ќе се задржиме, и кризните состојби во редовите на КПГ кои негативно се рефлектираа врз работата на "Илинден".

Раководен орган на организацијата "Илинден" меѓу двата конгреса беше Централниот совет кој се свикуваше еднаш годишно и работеше во пленум. Работата меѓу пленумите ја вршеше Извршниот комитет кој се бирал на пленумот на ЦС и нему му одговараше за својата работа. Извршниот комитет од своите членови бираше претседателство, кое ја вршеше секојдневната организациона и политичка работа и ја претставуваше организацијата "Илинден".

При ЦС беа формирани разни помошни одделенија или комисии како што беа: Одделение за издавачка дејност (македонски оддел), Комисија за изучување на македонскиот јазик, фолклор и слично.

Седиштето на Претседателството на "Илинден" се наоѓаше во главниот град на Романија Букурешт, каде се наоѓаше и седиштето на ЦК на КПГ. Работата на организацијата "Илинден" од страна на ЦК на КПГ ја следеше Н. Захарјадис.

Во документите на "Илинден" се дадени организационите начела, структура и раководни органи за работа во илегални услови. Бидејќи информирањето на илегални организации на "Илинден" во Егејска иВардарска Македонија, каде што требаше да се применуваат тие организациони начела, структура и тн. кај иницијаторите останаа само неисполнета желба. Ние ќе се задржиме само на организационата структура на "Илинден" во источно-европските земји каде суштествуваше организацијата.

Основна организациона форма на организацијата "Илинден" таму каде што работеа, учеа и живееа Македонците беше секцијата. За да се создаде секција беше нужно да има најмалку 10 членови. Помалку од 10 членови сочинуваа група која организационо припаѓаше кон најблиската секција. Секцијата се свикуваше во собрание еднаш на три месеци и со нејзи-

на работа раководеше совет кој се бираше на една година.

Во места каде што имаше повеке секции и беше тешко нивната работа да ја следни земскиот совет, се формираа околиски или реонски организации со свои околиски односно реонски совети.

Сите членови на организацијата "Илинден" и нејзините организации во дотичната земја ја сочинуваа организацијата "Илинден". Таа се раководеше од земската конференција, а во периодот меѓу конференциите од земскиот совет. Земската конференција се свикуваше редовно еднаш на две години, а земскиот совет секои три месеци. Советот бираше претседателство кое раководеше со тековната работа на организацијата за периодот меѓу пленумите на советот.

Во организацијата "Илинден" членуваше и македонската младина. Организацијата се издржуваше од членаринаата, доброволните прилози, помош и сл.[368]

б) Организациона активност на"ИЛИНДЕН"

Во рефератот, резолуцијата и другите документи на оснивачкиот конгрес се претендираше организацијата"Илинденн" да ги опфати, покрај Македонците бегалци во источно-европските земји, Македонците од Егејска Македонија и Македонците бегалци во Вардарска Македонија. Од досегашните наши истедувања констатиравме дека активноста на организацијата "Илинден" беше ограничена само на источно-европските земји и тоа не во сите. Во Егејска Македонија не само што не беа поставени организации на "Илинден" туку не е направен ниту обид. Што се однесува на одлуката на актерите на "Илинден" да се опфатат и егејските Македонци што живееа во НР Македонија, таа остана само како илузорна неисполнета желба. Обидите за реализирање на таа одлука се сведува само на испраќање на пропагандни писма и антијугословенски материјали.

Како што наведовме, највисок орган на организацијата "Илинден" според нацрт статутот, беше конгресот. Покрај конгресот, Централниот совет и земските совети одржаа пленуми, конференции, активи, а основните организации-секциите,

собрание, а нивните раководства состаноци.

ЦС во текот на неговото делување одржа два пленума. Првиот непосредно по одржувањето на Оснивачкиот конгрес кој главно третираше организациони проблеми, а вториот на 21-22 ноември 1953 година во Будимпешта-Унгарија.

На Вториот пленум зедоа учество 72 редовни заменици членови на ЦС на "Илинден" како и членовите на Контролната комисија и тоа: од Романија 33, од Полска 24, од Чехословачка 6, од Бугарија 1 и од Унгарија 8.[369)]

Пленумот расправаше за положбата на Македонците во Егејска и Вардарска Македонија оценувајќи ја како многу "тешка" додека положбата на Македонците во источно-европските земји ја оценуваа за многу поволна.

Извршниот комитет на ЦС на организацијата "Илинден" одржа повеќе седници. Една од најзначајните седници беше таа на 3 мај 1954 година во која се изврши критичка анализа на активноста и даде смерници за понатамошната работа на организацијата. Во резолуцијата усвоена на седницата се констатира многу тешката положба на Македонците во Грција. Врз основа на законите 504 и 2536 од 4 август 1953 година грчките власти им ги ограбуваа имотите, ги апсат , интернираат, и ги принудуваат да емигрират во преку океанските земји.

Во врска со работата на организацијата во резолуцијата се констатира дека истата е унапредена. Меѓутоа, се критикува претседателството, бидејќи неуспеа во Егејска Македонија да формира организација на "Илинден".

Извршниот комитет, покрај другите ги усвои и следните задачи:

а) борба против уништувачките гонења на монархофашистите врз македонскиот народ;

б) сестран национален развиток на Македонците. Формирање на културно-уметнички групи, развиток на фолкорот и слично, учење на македонската национална историја и сл.[370)]

в) Идеолошко-политичка активност на "Илинден"

Содржината на идеолошко-политичката работа на организацијата "Илинден" произлегуваше од целите и задачите поради кои таа беше формирана. Главното тежиште на идеолошката работа беше насочено во уведувањето на Македонците дека раководството на КПГ не е виновно за поразот на ДАГ, туку Англија, САД и Југославија, и македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ и дека ставовите на КПГ по македонското национално прашање прифатени на V-от пленум на ЦК на КПГ беа правилни и слично.

Еден од поважните елементи на идеолошко-политичката работа на "Илинден" беше нејзините акции во заштита на Македонците.

Првото програмско начело на организацијата "Илинден" дека ќе се бори за урнување на монархофашистичкиот режим во Грција и за извојување на демократски и национални права на Македонците, беше сведено само на разни протести, меморандуми, написи и сл. во кои се опишуваше тешката положба на Македонците под грчка власт и се бараше заштита. И покрај тоа што таквите акции имаа декларативен и пропагандан карактер, ќе наведеме некои од нив.

На 7 август 1952 година Претседателството на "Илинден" издаде соопштение во кое протестираше за превземените разни мерки на грчките власти за иселување на Македонците од Егејска Македонија во која, како што се вели во соопштението, до војната живееле 250 до 300 илјади Македонци, а со цел да го изменат нејзиниот национален состав.[371]

Во прокламацијата од 1 април 1953 година по повод годишнината на организацијата, ЦС на "Илинден" меѓу другото пишува и за прогонот на Македонците и изнесува податоци за населување на македонски подрачја со Грци.[372)]

На 30 април 1953 година ЦС на "Илинден" издаде протест поради решението за населување на пограничните подрачја со елементи од друго подрачја лојални на режимот донесе на советувањето на административните и воените власти

на Егејска Македонија одржана на 23.II.1953 година во Солун. Во протестот изнесени се податоци за населувањето на Грци во разни македонски села.[373)]

На 15 септември 1953 година ЦС на "Илинден" до претседателот на Генералното собрание на ООН до Советот за безбедност , до Економскиот и социјалниот совет на ООН достави протест по повод донесувањето од страна на грчкиот парламент на 4.8.1953 година законот 2536 за иселување и населување на пограничните подрачја. Во протестот, меѓу другото, се вели дека таа мерка е насочена против 250.000 Македонци кои главно живеат во пограничните области, а кои имаат свој национален јазик, своја национална историја, свои обичаи и национални традиции и своја национална култура.[374)]

Во врска со целите и последиците од спроведувањето на овој закон ЦС на "Илинден" на 12 август 1954 година издаден специјално соопштение.[375)]

Во врска со прогоните, наведените закони и други мерки на притисок против Македонците, организацијата "Илинден" донесе повеќе документи, а некои нејзини раководители и активисти напишаа статии, написи и друго.[376)]

Својата идеолошко-политичка работа организацијата "Илинден" ја вршеше преку разни форми и средства. Најчести форми беа: собирите, состаноците, предавањата, разните празници и јубилеи, семинари, школи и сл., а средствата што најчесто се користеа беа печатот, изданијата, радиото и сл.

г) Просветна културна активност на "Илинден"

Како што наведовме во март -април 1948 година во источноевропските земји беа евакуирани повеќе од 8000 деца од македонско потекло. Децата беа сместени во домови и за нив беше организирана настава на македонски јазик.

Повекетоо од евакуираните деца беа од подрачјето што ги контролираше ДАГ. Тие од 1947 година посетуваа македонски училишта во кои наставата се изведуваше на македонски литературен јазик применет во НР Македонија. Првиот буквар

составен од К. Шаперас и колективот на в."Непокорен" и други текстови (печат и сл.) кои служеа како учебни помагала исто така беа пишани на тој јазик. Наставата на двата курсеви за македонски учители исто така се изведуваше на македонски литературен јазик. Сето тоа создадена една почетна, но силидна основа за развитокот на македонската писменост и македонската национална култура.

Од 1948 година до 1949 македонските училишта во својата наставна работа се служеа со граматиката на Крум Коневски и со учебниците што ги понесоа со себе, како што беа одбрани четива, споменатиот буквар и сл. Меѓутоа, тие учебници беа далеку од тоа да ги задоволат потребите на нормално изведување на наставата. Раководството на КПГ во 1948 година забрани внесување на печат и литература од Вардарска Македонија. Малуброjниот и стручно неподготвен учителски кадар се соочи со големи тешкотии.

Како што наведовме македонските училишта во источно-европските земји се соочија со проблемот на недостиг на наставнички кадар и учебници. Проблемот на наставниот кадар се правеа напори да се реши преку организирање на курсеви, семинари и сл. Меѓутоа, проблемот на учениците беше многу сложен.

Но, и покрај овие и други тешкотии, македонските учители правеа натчовечки напори да сторат се што можат за надминување на истите и да одговорат на таа национална и патриотска задача.

Токму кога се правеа напори на Македонците за решавање на тие проблеми, од страна на раководството на КПГ е извршен најгруб атак против наведените придобивки извојувани со крв. Имено, согласно решенијата на VI-от пленум на КПГ одржан во октомври 1949 година, покрај расформирањето на македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ, беше забранет од употреба и македонскиот литеретуран јазик , македонската граматика и учебниците.печатени во НР Македонија беа забранети,дури и уништени. Овој антимакедонски акт се мотивираше со тоа

дека наводно во тој јазик кој беше прифатен и од НОФ на Егејска Македонија преовладува "србизмот" и сл. Меѓутоа, мотивот беше од политичка природа. Со тој акт се целеше да се прекине и духовната врска на Македонците од Егејска Македонија со своите браќа од Вардарска Македонија и со Титова Југославија. Со овој акт беше пресечен природниот процес на изградбата на правилна македонска писменост и македонската национална култура. Последиците од тој аспект е посебен проблем и заслужува да се проучи.

Македонците иако беа ставени пред свршен чин, не беа готови да прифатат еден таков антиреволуционерен акт насочен против нивните основни и легитимно права. Особено остро реагираа македонските просветни работници. Група македонски учители во Полска остро реагираа и бараа одлуката за суспендирање на македонскиот јазик да се повлече.[377] Слични акции имаше и од Македонците во чешкиот град Миколов и во другите источно-европски земји. Раководствата на КПГ и "Илинден", покрај политички, превзедоа и административни мерки. Учителите кои реагираа против наведената одлука на КПГ, оние што беа дојдени од НР Македонија и оние што ги завршиле учителските курсеви организирани од НОФ, беа осумничени за титови "агенти" и суспендирани, а некои дури и интернирани. Против таквата политика негодуваа и македонските деца. Барањата на Македонците за свои права беа оквалификувани како непријателска дејност "организирана" и раководена од "Титови агенти". Дури беа формирани специјални истражни комисии за "разоткривање" и "сузбивање" на таквата дејност како што беше случајот во Романија во февруари 1950[378] и во други земји.

Со суспендирањето на голем број македонски учители кој беше составен дел на актот за забрана на македонски литературен јазик и прекинувањето на врските со НРМ, уште повеќе беше заострен проблемот со македонски просветен кадар.

Раководството на "Илинден" двата проблема односно проблемот на јазикот и на учителскиот кадар се обиде да го реши на штета на националните интереси на македонскиот нарс

Имено, по забраната на македонскиот литературен јазик, граматиката на Ќепеевски и на учебниците составени на тој јазик, раководството на "Илинден" донесе решение да се изработи нова граматика и нов буквар. Таа задача беше доверена на Атанас Пејков. При изработката на граматиката и букварот служеше руската и бугарската граматика. Авторот на "новиот литературен" јазик согласно налогот што го доби, под мотивација дека сака да се ослободи од "србизмите" и да создаде "претставнички" македонски јазик, внесе во него говорни елементи од сите дијалекти на Егејска Македонија. Логично беше во тоа тој да се успее и така создаде еден унакажан јазик, тешко разбирлив и уште повеќе непогоден за литературно и друго творење.

Проблемот со наставниот кадар раководството на "Илинден" правеше напори да го реши со ангажирање на инвалиди и со гимназијалци. Поради тоа што тие не располагаа со општа и стручна подготовка, не беа во можност да ги оспособат децата за натамошно школување. Раководството на "Илинден" во решавањето на тоа прашање изврши уште еден антимакедонски акт. Имено, испрати во Бугарија 27 младинци и младинки кои во учебната 1953/54 година завршија 10 месечен учителски курс.[379)]

Испраќањето на Македонци во Бугарија на педагошко оспособување од страна на раководството на "Илинден" го оквалификуваме како антимакедонски акт, бидејќи не само што наставата во овие курсеви се изведуваше на бугарски јазик, туку и целата програма (особено општествените предмети) беше заснована на ставот на КПБ по македонското национално прашање.

Курсеви и семинари за стручно оспособување на македонскиот наставен кадар беа организирани во летниот распуст во некои земји во Источна Европа. Во курсевите беа обработувани темите: граматика на македонскиот јазик, борбите на македонскиот народ за ослободување, географија, предавање по македонското национално прашање, македонски народни и борбени песни и друго.[380)]

Со евакуацијата, децата беа сместени во детски домови и беа испратени во основните и стручни училишта. Не е предмет на овој труд во детали го проследиме процесот на образованието на македонските деца, во источно-европските земји. Само за илустрација ќе наведиме некои статистички податоци. Така на пример во учебната 1954/55 година во основното професионално училиште учеа 266, а други 1900 завршија професионални училишта, во средните технички училишта, гимназии учеа 1300, а на факултетите и високи школи студираа над 200 студенти од македонско потекло.[381]

Според една статистика на КПГ од 1960 година, бројната состојба на Македонците бегалци и дипломирани Македонци во факултетите на источно-европските земји изгледа како што следува:

А) ОПШТО

1. Вкупно бегалци	60.000		100%
а) Грци "	48.000	80	13%
б) Македонци "	12.000	19	87%
2. Дипломи студенти.....	2.500		(100%)
а) Грци "	2.050		(82%)
б) Македонци "	450		(18%)

Б) Македонци

Вкупен број		Дипломирани	Студенти	Вкупно
1. СССР	4.762	67(1 апс)	84	151
2. Чешка	2.000	34(2 апс)	4	38
3. Романија	1.780	50	60	110
4. Полска	1.700	35	25	60
5. Унгарија	1.620	41	23	64
6. Бугарија	138	13	14	27
Вкупно:	12.000	240	210	450

Освен техничкото, општо и практичното образование ко се добиваа македонските деца во источно-европските земји, тие го учеа говорниот македонски јазик. Во училиштата се

предаваа на македонски јазик следните предмети: македонска граматика, читање и пишување, македонска литература, македонска историја, македонски ора и песни, природознание и географија на Грција и Егејска Македонија, Македонски училишта не беа отворени во Бугарија, бидејќи тоа не го дозволија бугарските власти.

д) Македонски изданија и македонски печат во источно-европските земји

За решавање проблемот на учебниците и друга литературува за македонските училишта и за Македонците воопшто, во 1951 година во издателството "НЕА ЕЛАДА" а формиран "Македонски оддел"

Со основањето на организацијата "Илинден", "Македонскиот оддел" односно целокупната работа околу издавачката дејност на македонски јазик премина под раководство на истата.

Од 1951-1956 година "Македонскиот оддел" издаде преку 40 наслови од областа на политичката, уметничката и друга литература, од кои ќе спомениме некои од нив: В.И. Ленин, основател на Советската социјалистичка држава од А.П. Кусилинков, "Борбите на славјаномакедонскиот народ за ослободување", Гоце Делчев-безсмртен вожд на македонскиот народ; Јане Сандански; македонски народни песни и друго. Во истиот период беа издадени учебници и детски книги, како што се: Буквар и прва читанка, читанки за I,II,III и IV одделение, граматика на македонски јазик, географија на Грција и др.

Анализа на содржината на наведените изданија не е предмет на ова наше излагање. Ќе наведиме само дека истата беше прилагодена на политиката и ставовите на КПГ и раководството на организацијата "Илинден", за ситуацијата во Грција и во светот; со политиката на Инфорбирото спрема Југославија; со ставовите на КПГ по македонското национално прашање и сл.

Списанија и весници

Списание "Илинден". Централен орган на организацијата "Илинден" беше списанието "Илинден" кое почна да излегува на 1 мај 1952 година, а престана да излегува во февруари 1956 година кога се расформира организацијата "Илинден". Списанието излегуваше месечно и двомесечно. Списанието донесуваше статии, написи, материјали од форумите и другата активност на организацијата "Илинден", за ситуацијата во Грција со сосебен акцент на тешката положба на Македонците; за животот на македонската политичка емиграција во источно-европските земји; за борбите на Македонците за ослободување и сл.

Списание "Македонче"

Со евакуацијата на македонските деца од август 1948 година, почна да излегува детското месечно списание "Македонче". Списанието до 1951 година се печатеше на македонски литературен јазик, а од 1951 година на споменатиот вештачки создадениот јазик. Целта на "Македонче" беше, покрај популаризацијата на политиката на КПГ и на организацијата "Илинден", да ги сврзе децата со ослободителната борба на македонскиот и грчкиот народ, да го запознае со историјата и борбата на македонскиот народ и да ги воспитува во патриотски дух, да им помогне во организирањето на нивниот живот и за постигнување на подобар успех во образованието, културата и сл. Списанието "Македонче" престана да излегува на крајот на 1953 година.

Македонски печат - македонска страница

Од почетокот на 1950 година во состав на весниците органи на политичките бегалци во СССР и во источноевропските земји, излегуваше и страница на македонски јазик.

Во градот Ташкент, СССР каде беа настанати Грците и Македонците бегалци, македонската страница излегуваше во состав на органот на бегалците од Грција "Прос ти Ники" (Кон победата), а подоцна во состав на весникот "Неос Дромос" (Нов пат). Во Романија македонската страница излегуваше во

состав на органот на бегалците"НЕА ЗОИ" (Нов живот) во Полска во состав на "Демократис" (Демократ); во Унгарија во состав на в."Лаикос Агонас" (Народна борба); во Чехословачка во состав на в."Лаикос агонистис" (Народен борец); во Бугарија во состав на в. "Елевтерја" (Слобода) која излезе до 50 број, бидејќи бугарските власти го забранија нејзиното излегување.

Со основањето на организацијата "Илинден", македонската страница станала нејзин орган.

И покрај настојувањето на раководството на организацијата "Илинден" јазикот со кој се уредуваше македонската страница не беше единствен. Тоа се должи на фактот што вештачкиот македонски " литературен" јазик кој се обиде да го создаде раководството на КПГ не беше и ниту можеше да биде прифатен и усвоен од Македонците. Оттука и редакциите на македонската страница на вес. "Демократис" во Полска и други источно-европски земји и покрај притисокот и јавните напади од страна на раководството на "Илинден", продолжија да ја печатат страницата на мекедонски литературен јазик. Впрочем, како што ќе видиме во понатамошното наше излагање, тоа се прави со напуштањето на таканаречениот "чист" македонски јазик и применувањето на македонски литературен јазик од целата македонска емиграција во источно-европските земји, со исклучок на Бугарија, што уследи по промените во КПГ и расформирањето на организацијата "Илинден" во 1956 година.

Македонската страница и покрај тоа што во источно-европските земји живеат Македонци, престана да излегува. Тоа од раководството на КПГ се мотивира со репатријацијата на поголемиот дел на Македонците во СР Македонија. Меѓутоа , тоа е само дел од целата вистина. Укинувањето на македонската страница, "Македонскиот оддел" и други македонски институции се должи и на политиката на новото раководство на КПГ кое го замени Захарјадис во 1956 година преку атакување врз придобивките на Македонците, да ги придобие грчките демократски снаги во борбата за демократска преобразба на Грција. Укину-

вањето на македонската страница не беше извршена истовремено во сите источно-европските земји. Така на пример, македонската страница во СССР беше укината во 1960 година, во Чешка во 1969, во Романија во 1976 година и сл.

Содржината на македонската страница главно можеме да ја сумираме во следново: ја пренесуваше и популаризираше линијата и активноста на организацијата "Илинден", ги изнесуваше успесите на бегалците во производството, просветата, културата итн. и проблемите и се налагаше за нивното надминување. Поместуваше написи за историското минато и културно творештво на македонскиот народ, портрети на херои и нападнати борци, информации за ситуацијата во Грција и во светот.

И покрај тоа што содржината на македонската страница произлегуваше од ставот на КПГ по македонското национално прашање и од односот на КПГ и на организацијата "Илинден" спрема Југославија, таа многу придонесе за развојот на македонската национална свест, за развојот на македонската национална култура и сл. Никос Захарјадис, сакајќи да се претстави дека тој води најправилна национална политика, а со цел да го истисне од Македонците убедувањето дека КПЈ единствено правилно го има решено македонското прашање, беше принуден на Македонците од Егејска Македонија им признае национални права.

ѓ) Радио-емисија на македонски јазик

Една од мерките запрактиката спроведувана на политиката на раководството на КПГ на чело со Захарјадис по македонското национално прашање после поразот на ДАГ, освен формирањето на организацијата "Илинден" и други институции, беше и воведувањето на радио-емисијата на македонски јазик од радиостаницата "Слободна Грција" со седиште во романскиот град Букурешт. Емитувањето на македонската емисија започна на 18.VI.1952 и престана на 1.I.1956 година.

И покрај тоа што македонската радио-емисија беше вклучена во антијугословенската кампања , сепак ценејќи ја

во целина можеме да констатираме дека таа изврши една значајна позитивна работа. Позитивното на емисијата се состои во тоа што за прв пат во историјата на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија беше овозможено и преку најсовременото за тогаш средство за јавно информирање, да се чуе негивоит глас, да го запознае светот во својот национален идентитет, дека постои и ќе постои и покрај настојувањата на грчката реакција да го уништи или асимилира.

Што се однесува на односот на радиоемисијата спрема Југославија треба да наведиме дека со нормализацијата на односите меѓу СССР и ФНРЈ во 1955 година престана да емитува материјали против Југославија. Тоа уште повеќе го зголеми кај Македонците чувството на националната гордост и нивната длабока увереност дека еден дел од нивната татковина е словоден и е готов да ги отвори своите прегратки за да ги прифати.

Македонската емисија на радиостаницата "Слободна Грција" од првиот ден од нејзиното емитување отвори фронт против дискриминацијата и национално угнетување на македонскиот народ, против мерките на монархофашистите кои со споменатиот закон 2536 од август 1953 година се стремеа за целосно искоренување на национално уништување на македонскиот народ.

Сумирајќи и класифицирајќи го материјалот што го предаде македонската радио-емисија во текот на нејзино постоење (18.VI.1952 - 1.I.1956) можеме да го класифицираме како следува: документите на вишите раководни тела и форуми на организацијата "Илинден"; годишните прогласи на ЦС на "Илинден" по повод годишнините на Илинденското востание; протестите на ЦС на "Илинден" против решенијата на грчките власти за населување на пограничните подрачја со "лојални" грчки елементи; против асимилаторската политика и угнетувачкото гонење на македонскиот народ од грчките власти; потоа радиокоментари за положбата на Грција и особено на Егејска Македонија; документи на раководните органи на КПГ-ЗПГ, ЕПОН, СДСЖ и други;

коментари, дописи, информации и сл. за животот на македонските бегалци во источно-европските земји и на македонската економска емиграција во прекуокеанските земји; за поважни настани околу Илинденското востание; за учеството и придонесот на Македонците во ЕЛАС и во ДАГ; за светлите ликови Гоце Делчев, Јане Сандански, Лазо Трповски, Мирка Гинова и други. Беа емитувани народни песни, фолклорен материјал, творби на млади македонски литератори и друго.

е) Македонски литературни кружоци

Како што наведовме во 1948 година во источно-европските земји од Егејска Македонија беа евакуирани преку 8.000 Македонски деца. Децата посетуваа разни училишта во кои, покрај другите наставни предмети, го учеа и својот македонски јазик. До 1960 година дипломираа на разни факултети и високи школи 240, а студираа други 210 Македонци. Така од редовите на македонската политичка емиграција во источно-европските земји е создадена една релативно јака македонска интелегенција. Од редовите на таа интелегенција се појавија разни теленти: писатели, поети, музичари и други со разни трудови пишани на македонски јазик. Тие своите творби односно трудови ги печатеа воглавно во македонската страница на весниците. Потребата од создавање на литературни кружоци за помош и правилна ориентација во творењето на младите Македонци писатели, поети и сличо стана неопходно. Согледувајќи ја таа потреба, организацијата "Илинден" пристапи кон формирање на македонски литературни кружоци. Таков кружок во февруари 1954 година е формиран во Будапешт, во декември истата година во полскиот град Вроклав и во јануари 1955 година во Букурешт.

Целите и задачите на кружоците се состоеа во тоа што на младите Македонци да им се овозможи да се запознаат со македонскиот јазик и македонската литература, со историското минато на македонскиот народ и слично. Посебно значење на кружоците е тоа што на младите Македонци интелектуалци им даде возможност подобро да јаорганизираат својата дејност

на литературен план, ги ориентира шо литературните прашања и претставуваа почеток на една организирана литературна дејност.

Кружоците ги запознаваа своите членови со творештвото на најпознатите класици на светската литература, а на прво место на македонските поети Глигор Прличев, браќата Миладинови, Коста Рацин, Коле Неделковски, Никола Вапсаров и други. Членовите исто така се запознаваа со македонската народна уметност, народното творештво, фоклорот, обичаите и слично.

Македонските литературни кружоци организираа приредби посветени на разни македонски годишниии и на животот и делото на истакнати личности на македонскиот народ како Гоце Делчев, Јане Сандански, Лазо Трповски, Ташко Караџа, Мирка Гинова, Пецо Ромов, Пандо Шиперков, браќата Пешу и многу други.

Особени успеси кружоците постигнаа во приредбите посветени на годишнината на Илинденското востание и на годишнината од смртта на Гоце Делчев кои најмногу беа посетени.

Големи заслуги имаат кружоците во собирањето на македонски фолклорен материјал кој бил објавен во посебно издание под наслов :" Македонско народно творештво". Дејноста на македонските литературни кружоци е прекинато во 1956 година кога е расформирана организацијата "Илинден". И покрај краткотрајноста на делувањето на кружоците, нивната улога е значајна во оформувањето и развојот на македонските културни и научни работници, во развојот и зацврстувањето на македонската национална свест и друго во источно-европските земји. 382)

6. Македонското национално прашање во нацрт програмата и ставот на организацијата"Илинден"

Четвртиот пленум на КПГ одржан во декември 1953 година во принцип ја одобри и прифати нацрт програмата образложена од генералниот секретар Никос Захарјадис и ја стави на јавна дискусија.

Во нацрт програмата на КПГ за националните малцинства се вели: " Во народната демократија на националните малцинства им се признава правото на самоопределување до отцепување."

Ставот на организацијата "Илинден" по тоа прашање го изнесе нејзиниот претседател Пандо Вајнас. Според Вајнас во народната демократија на националните малцинства им се признава правото на самоопределување до отцепување. Националните малцинства ќе решат за својата судбина, да го уредат својот живот според нивната желба.

Македонското малцинство, нагласи Вајнас, согласно правото на самоопределување, во народно-демократска Грција може да живее автономно или да се отцепи. Од тие две алтернативи ќе ја претпочита онаа , што ќе е во интерес во конкретните услови за работните маси на Македонците и на нивното народно демократско движење и за народната револуција во Грција.

Во нацрт програмата понатаму се вели: " Во рамките на народната држава националните малцинства ќе имаат полна автономија". Во врска со тоа Вајнас во продолжение пишува: " Тоа значи полна национална рамноправност на националните малцинства со Грчкиот народ, односно политичка самоуправа (територилајна, административна, економска, просветно-културна и верска самоуправа). Националните малцинства активно учествуваат во управувасето на народната држава, ќе имаат свои месни органи на самоуправувањето - околиски совети итн., училишта на нивниот мајчин јазик, ќе го развиваат својот национален живот, национална култура и друго.[383)]

7. Односот на КПСС спрема организацијата "Илинден"

Како што наведовме организации на "Илинден" не беа формирани во Советскиот Сојуз и Бугарија. На оснивачкиот конгрес на "Илинден" Македонците бегалци во СССР не беа претставени, бидејќи советските власти на избраните делегати за Конгресот одбија да им дадат излезни визи. Исто така

и на избраните членови во раководните органи на "Илинцен" во Бугарија, бугарските властии не им дадоа визи да присуствуваат во форумите на организацијата.

На II-от пленум на "Илинден" што се одржа во ноември 1953 година во Будимпешта по предлог на Захарјадис е решено да се формираат организации на "Илинден" и во СССР. Задачата за спроведување на решението Захарјадис лично му ја довери на Пандо Вајнас, кој за таа цел во јануар 1954 година допатува во Ташкент.

Од 2 до 16 февруари 1954 година одржани се конференции и во 9 градови беа формирани организации на "Илинден". Изненадно и не очекувано на 16 фрвруари 1954 година ЦК на КПСС нареди да се прекине понатамошната акција за формирање на организации "Илинден", а формираните да се распуштат. Во известувањето запрекинување на акцијата беше речено дека ќе уследи писмо од Захарјадис до Македонците во кое ке ги изнесе причините поради кои не треба да се формира организација на "Илинден" во СССР.

Наместо Захарјадис, такво писмо на 3 март 1954 година испрати ПБ на ЦК на КПГ.

Со цел да се предохитри евентуална реакција на Македонците против таа одлука на Русите, беа превземени политички и организациони мерки. Согласно писмото на ПБ на ЦК на КПГ, покрај другото свикан е состанок на членовите на Централниот совет на "Илинден" кои живееа во Ташкент на кои им е соопштено дека организации на "Илинден" во СССР нема да постојат без истото да се соопшти или разгледа во базата. Во образложението за забраната на "Илинден" е речено само дека Македонците како Славјани во советската средина правилно се вклопуваат и се воспитуваат во духот на пролетерскиот интернационализам, во духот на љубовта, пријателството и односот спрема советската"татковина". 384)

Примерот на Русите го следеа и Чехословаците.ЦК на КП на Чехословачка кон крајот на 1953 година донесе решение во Чехословачка да се расформира организацијата "Илинден".

и да престане да излегува македонската страница што излегуваше во состав на органот на бегалците "Агонистис"(Борец). Грчкото партиско раководдтво додека на руската одлука не се спротивстави, на чешкатаа реагираше и од чешкото раководство побара горната своја одлука да ја повлече со образложение дека тоа прашање за КПГ беше политички.[385)]

Причините за таквиот однос на Рудите спрема организацијата "Илинден" треба да се бараат пред се, како што ќе видиме во нашето натамошно излагање, на разногласијата меѓу КПГ и БКП по македонското прашање и на отпорот што ја-ваа Македонците преку редовите на организацијата "Илинден" против мерките што се спроведуваа во информбировските земји за истиснување на било какво југословенско влијание врз Македонците. И покрај извонредно тешки услови,(репресалии, пропаганд и сл.) Македонците наоѓаа сили во содржината на работата на организацијата "Илинден" внесат македонски национални елементи. Такви примери има повеќе.

8. Односот на БКП спрема организацијата "Илинден"

И покрај тоа што бугарското раководство во почетокот се согласи во Бугарија се формираат организации на "Илинден", многу брзо го забрани тоа. Формално егзистираше само земско раководство на "Илинден" на чело со Ѓорги Мољаров, без да развие никаква активност. Барањето на раководството на "Илинден" во организацијатаа "Илинден" се вклучат и оние Македонци кои емигрираа во Бугарија и пред Граѓанската војна, бугарското раководство го одби.[386)]

Односот на БКП спрема организацијата "Илинден" воопшто беше негативен. Таквиот однос на бугарското раководство спрема "Илинден" се должи на разногласијата што постоеа меѓу него и КПГ по македонското национално прашање од 1941 година и порано.

Разногласијата произлегуваа од тоа што БКП Македонците ги сметаше како дел на бугарската нација, а Македонија дел на бугарската земја, која треба да се присоедини

кон "својата матица". КПГ спротивно на овој бугарски став, декларираше дека во грчкиот дел на Македонија постои македонска националност , но со размената на населенијата, таа националност претставува едно малубројно национално малцинство во однос на грчкото население кој живее во Егејска Македонија, за чии национални права КПГ се залага. Што значи според соодносот на населението, Егејска Македонија ста на грчка, поради што КПГ низ целиот период се залага за зачувувањето на"грчкиот интегритет" Тоа што во некои периоди ќе завземе поинаков став, како што е "Независна Македонија.." се должи на барањата на Коминтерната, или за пост-игнување на друга цел.

Заа да се свати суштината на разногласијата меѓу КПГ и БКП по македонското национално прашање, накратко ретроспективно ќе се осврнеме врз некои моменти од тие разногласија и тоа само од 1941 година и нанаваму:

1. Во 1941 година БКП не само што не се спротивстави на окупацијата на Источна Македонија и денационализаторската и истебителната политика што ја спроведуваа бугарските власти, туку на еден начин се солидаризира со таквата политика обидувајќи се партиските организации од окупираните подрачја ги присоедини кон БКП за што специјално го ангажира својот член на ЦК Тодор Павлов, а македонските територии кои беа под окупаторската власт на Германците и Италијанците ја фрли паролата "Единствена бугарска окупаторска власт врз Македонија" како погодна можност за интегрално ослободување и обединување на Македонија. Оваа парола е фрлена во леринската партиска организација и е прифатена од некои Македонци членови и активисти на КПГ. Раководството на КПГ остро и енергично реагираше против таквата дејност на БКП која беше во спротивност со нејзината политика и стратегија. Заа елиминирање на таа бугарска акција, раководството на КПГ во 1941 година во Лерин го испрати својот инструктор Лазо Трповски кој успеа да ги разубеди заведените Македонци од штетноста на таа парола и да ја нормализира ситуацијата во леринската партиска организација.

2. На 13 ноември 1944 година пристигна во Источна Македонија вторият секретар на ЦК на БКП и потпретседателот на бугарската влада Добри Терпешев со задача да преговара со претставниците на КПГ за натамошен престој на бугарските окупаторски војски во Источна Егејска Македонија и нивното учество во завршните операции против Германците. Дадената согласност од страна на секретарот на егејскиот комитет на КПГ за Источна Македонија Ѓоргис Ерготријадис-Петрис, раководството на КПГ ја отказа и енергично побара бугарските војски веднаш да ја напуштат територијата на Грција. На тој начин е предизвикан остар судир меѓу КПГ и БКП.

3. Во втората половина на септември 1944 година одржана е конференција на пиринските и вардарските партизани на која беше поканет да присаствува и претставник на ЕЛАС од Источна Македонија. Областното биро на КПГ за Источна Македонија поради тоа што не беше заведено со дневниот ред на конференцијата, одбии да присаствува во неа. Окружниот комитет на КПГ за Серско самоиницијативно испрати делегат. На конференцијата се расправаше околу правото на самоопределување и обединување на македонскиот народ. Грчкиот претставник се спротивставил на тоа, бранејќи го ставот на КПГ по македонското национално прашање. Таквиот став на КПГ од страна на југословенските и пиринските партизани е оквалификуван како опортунистички.

4. При престојот на секретарот на областното биро на КПГ за Источна Македонија Ѓоргис Ерготријадис-Петрис во Софија разговарал со бугарските раководители и по македонското национално прашање. Ставовите во почетокот се разликуваа, но на седницата на ПБ на ЦК на БКП која се одржа во септември 1944 година, противењето на КПГ за обединувањето на Македонија беше прифатено како исправно.

5. Во 1945 година македонскиот народ од вардарскиот дел на Македонија извојува слобода и формира своја држава во рамките на федеративна Југославија, а македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија раководен од органи-

зацијата НОФ одлучно се бореше против истребителниот поход на грчката десница и за правото на своето национално ослободување и самоопределување. Спротивно на таквите цели на НОФ кои најмногу одговараа на тогашните услови, желби и стремежи на македонскиот народ, бугарското раководство во Источна Македонија ја фрли паролата за автономија на Македонија и формира илегални организации на автономистичка платформа. Не само НОФ туку и КПГ енергично реагираше против таквата акција на Бугарите поради што доведе до заострување на односите меѓу КПГ и БКП.

6. Во едностраната Граѓанска војна, грчката десница за да го оправда својот поход против демократските сили а особено против Македонците, ја лансира паролата и ја развиј теоријата "за словенската опасност" преставувајќи ги северните соседни народи и Советскиот Сојуз како гробари на грчката нација и слично. Од друга страна КПГ откако се увери дека со мирољубиви средства не успеа да го реши грчкото прашање, се ориентира на вооружена форма на борба за што донесе одлука на својот Втори пленум одржан на февруари 1946 година. Токму во моментите кога КПГ правеше огромни напори да ги придобие демократските сили на земјата за вооружена пресметка со десницата, бугарското раководство превзеде еден неумесен опасен потег. Имено во април 1946 година пред Светската организација на ООН постави барање за излез во Егејското море. Навистина КПГ се соочи со многу сложена и деликатна ситуација. Од една страна требаше бранејќи го грчкиот територијален интегритет да му се спротивстави на бугарската претензија потврдувајќи го пред грчкатаа јавност својот грчки патриотизам, од друга страна мораше да води сметка за своите односи со Бугарија и со оние што стоеа зад неа од кои очекуваше помош во вооруженият зафат што во превзеде. Раководството на КПГ сепак се одлучи да му се спротивстави на бугарското барање, односно се заложи за зачувување на грчкиот територијален,интегритет . Ставот на КПГ по тоа прашање го изнесе нејзиниот генерален секретар Никос Захарјадис.

Партиските организации му укажаа целосна подршка на раководството на КПГ. Поради сето тоа се дошло до конфликтна ситуација во односите меѓу двете партии што негативно ќе се одрази и на прашањето на помошта на вооружената борба на ДАГ од страна на Бугарија.[387)]

.Долго време односно до септември 1947 година, Бугарите одбиваа да ја помогнат ДАГ.[388)]

7. Покрај материјалната помош КПГ бараше од БКП да дозволи од редовите на македонската емиграција во Бугарија да регрутира борци за ДАГ кои за тоа изразија желба. Меѓутоа, бугарските власти остро реагираа на тоа, со што ги лишаваа Македонците од неприкосновеното право да се борат против фашизмот, за својата слобода. Еве што, меѓу другото пишува во својот извештај од 6 октомври 1947 година до ПБ на ЦК на КПГ Костас Шаперас: " Воопшто Бугарите ни создаваат тешкотири. Тие тоа не го прават поради конспирација, туку поради тоа што регрутираме Македонци за ДАГ кои ги сметаат за свои граѓани, односно за Бугари..." [389)] Испраќањето од страна на КПГ за иста цел во Бугарија на Герман Дамовски и ангажирањето на Иван Трајчев и Пецо Трајков во почетокот на 1948 година не даде резултати.[390)]

8. Секако еден од најострите судири меѓу КПГ и БКП по македонското национално прашање имаме по резолуцијата на Инфорбирото. Поголемиот дел од раководниот врв на БКП негуваше илузии дека Југославија нема да издржи на сталиновиот натисок и ке се распадне. Врз основа на такви илузии, тие почнаа да коват планови за завладување на цела Македонија. Ја лансираа "теоријата" дека после "ренегатството" на Тито Вардарска Македонија неможе да претставува центар за обединување на цела Македонија, бидејќи и таа треба да се"ослободи". Улогата на центар за решение на македонското прашање односно за обединувањето на Македонија треба да игра Пиринска Македонија, односно Бугарија. Со таа политика по македонското национално прашање не се согласи лидерот на КПГ Никос Захарјадис поради тоа што таа се наоѓаше во спротивност

со националната политика на КПГ, во спротивност со традиционалниот став на КПГ по националното прашање и поради тоа тоа што со прифаќањето на таквото бугарско решение од КПГ ќе ја изгубеше и така разниш̀аната доверба од Македонците и ќе беше осудена на продавање на "грчки" територии и сл.

На таквиот бугарски став, Захарјадис му се спротивставаи со ставот за самоопределување на Македонците прифатен на V-от пленум на КПГ одржан во јануари 1949 година и со паролата "единствена македонска држава во рамките на Балканската федерација" исфрлена истата година. Со оваа парола всушност Захарјадис делеше на македонското национално прашање да се одложи за неодредено и недогледно време. Со таквата реакција на лидерот на КПГ Бугарите остро реагираа, а кое што негативно се одрази како врз партиските односи, така и врз помошта за ДАГ. И покрај заканувањата, мерките (запирање на помошта, затворање на границите и сч) на Бугарите, КПГ по македонското прашање продолжи да ја спроведува погорната политика. Тоа може да се види во документите донесени во своите пленуми, конференциите, документот на КОЕМ, "Илинден" и други.

9. Исто така БКП на КПГ по македонското прашање сее судрија во почетокот на 1952 година, имено на 1 март 1952 година ЦК на БКП му ги испрати на Захарјадис своите тези за раководењето на партиските комитети и организации во областа на Пирин и на комунистите во културно-просветните сојузи на Македонците бегалци во нивната практична дејност по македонското прашање.

Во тезите се вели дека БКП цврсто стои на ставот дека Македонија им припаѓа на Македонците; дека доследно ќе се бори за демократско решение на македонското прашање и дека "титовото предавство" го попречи доследното и конечното демократско решение на македонското прашање и реализација на националното единство на македонскиот народ. Всушност БКП во тезите продолжува со своите настојувања раководењето со македонското прашање го земе во свои раце односно да му даде бугарско решение на истото.

Секретарот на ЦК на БКП Тодор Живков бара лично од Захарјадис да се произнесе по тезите. Меѓутоа, Захарјадис тоа му го препушти на раководството на "Илинден" кое под диктат на самиот Захарјадис даде негативно мислење за ставот на БКП по македонското прашање во Пиринска Македонија. Ако БКП, сака да му парира на Тито по македонското национално прашање, се вели во одговорот на раководството на "Илинден", ќе треба прво вие да го решите македонското прашање во Пиринска Македонија."

Таквиот одговор на "Илинден" односно на КПГ уште повеќе ги заостри односите меѓу КПГ и БКП. Долго време организацијата "Илинден" немаше воспоставено блиски врски односи со Бугарија.

Меѓутоа, бугарското раководство сакајќи да продре во редовите на македонската емиграција во источно-европските земји го ангажира Балканов, функционерот на една пробугарска македонска организација во Австралија, кој за таа цел во 1954 година бил повеќепати во Софија. Балканов се обрати со писмо до раководството на "Илинден" со кое побара средства. Поканата беше прифатена и во мај 1954 година во Софија допатува членот на раководството на "Илинден" Ташо Гушев-Макис.[392]

Со посредување на Балканов, Ташо Гушев разговарал и постигнал согласност за соработка меѓу "Илинден" и раководството на македонското друштво "Гоце Делчев" и "Славјанскиот комитет" во Софија.[393]

9. Расформирање на организацијата "Илинден"

На Шестиот пленум на ЦК на КПГ одржан во март 1956 година, покрај другото, политиката на раководството на КПГ на чело со Захарјадис по македонското национално прашање беше оценета како секташка, авантуристичка и штетна.

Во документот усвоен од новото раководство на КПГ кое го замени Захарјадис, под услов: "Македонското национално прашање во светлината на решенијата на VI-от пленум"

за организацијата "Илинден" меѓу другото се вели: "....Во 1952 година на предлог од Захарјадис беа расформирани национално-ослободителните организации на славомакедонскиот народ НОФ-НОМС-АФЖ и на нивно место беше формирана организацијата "Илинден" на која една од главните задачи беше борбата прототив југословенските другари". Понатаму во документот се вели дека со декларацијата на "Илинден" Захарјадис повторно се враќа на погрешните ставови на V-от пленум со кои на Македонците им беше признато правото на самоопределување.

Во духот на решенијата на VI-от пленум, во документот е оценето дека целите на организацијата "Илинден" не одговараа на задачите и барањата на демократското движење во Грција; дека основните документи се напоени со антијугословенски дух поради што не помага во единството меѓу грчкиот и славомакедонскиот народ, во единството меѓу самите Македонци; не помага во воспоставувањето на братски односи на грчкиот и народите на ФНРЈ.Од овие причини организацијата "Илинден" треба да се расформира.[394)]

Врз основа на погорното решение, партиската фракција на Претседателството на "Илинден" на 4 јуни 1956 година одржа седница на која реши да се расформира организацијата "Илинден".

Во заклучоците на партиската фракција на "Илинден" е констатирано дека во периодот на хитлеровската окупација раководството на КПГ не го унапреди македонското национално прашање соодветно на тогашните услови и ниту го постави на дневен ред за решавање. Погрешната политичка линија на КПГ во тој период воопшто и посебно што македонското национално прашање, се вели понатаму во заклучоците, не помогна во активирањето на масите на македонскиот народ кои имаа неограничено расположение за револуционерна борба, им створи збрка, колебања и слично. Во продолжение во заклучоците се напаѓа ставот усвоен на V-от пленум на КПГ кој на Македонците им го призна правото на самоопределување до државно отцепување. Партиската фракција на "Илинден" признава дека

во периодот на информбировската хајка еден добар дел на македонски кадри и борци неосновано обвинети како агенти на непријателот, беа уапсени и некои од нив ликвидирани.

Партиската фракција на "Илинден"ги прифати оценките и ставовите на VI-ог пленум на КПГ за организацијата "Илинден" и предложи истата да се расформира. Исто така предложи рехабилитирање на настраданите Македонци врз основа обвинението "титови агенти" и предложи форми за организирање на Македонците:[395]

Истиот ден односно на 4 јуни 1956 година Претседателството на "Илинден" одржа седница која во духот на заклучоците и предлозите на партиската фракција, донесе решение за расформирање на организацијата "Илинден".[396]

Повеќето од заклучоците и предлозите на партиската фракција и на Претседателството на ЦС на "Илинден" усвоени на споменатите седници одржани на 4 јуни 1956 година не беа прифатени од новото раководство на КПГ. Ќе наведеме некои од нив:

Партиската фракција имаше предложено за расформирањето на организацијата "Илинден" да се свика конгрес или конференција. Тоа не беше дозволено, туку членовите на ЦС одделно во секоја земја се свикаа на состанок и со својот потпис го одобрија решението на ЦС за растурање на организацијата "Илинден".[397]

Иако одлуката за расформирање на "Илинден" беше донесена на 4 јуни 1956 година и организацијата суштност престана да функционира, членовите на ЦС наведената одлука ја потпишаа дури на 18 март 1957 година.[398]

Исто така не беше прифатен предлогот на ЦС здруженијата и сојузите на политичките бегалци се именуваат "Здруженија" или "сојузи" на Грци и Славомакедонци бегалци од Грција. Тие и понатаму останаа да се именуваат "Здруженија на бегалци од Грција".

Предлогот на Вајнас запримена на македонскиот литературен јазик од НР Македонија времено не беше прифатен.

Македонците од Егејска Македонија во источно-европските земји со олеснување и задоволство ги примија промените во КПГ. Тие промени ги ослободуваа Македонците од обвинувањата за "титови агенти", за "виновници" за поразот на ДАГ поради што многу Македонци настрадаа. Меѓутоа, тие истите Македонци не беа готови да се откажат од своите придобивки кои со својата крв ги имаа издвојувано. Новото раководство на КПГ ја забрани радио-емисијата на македонски јазик, ја распушти организацијата "Илинден" и друго. Македонците го прифатија образложението за распуштањето на организацијата "Илинден", но место неа бараа да се обнова организациите НОФ-НОМС-АФЖ или да се формират нови. Тие бараа потесни врски со своите браќа од Вардарска Македонија, примена на македонскиот литературен јазик и сл. Македонците ослободени од спрегите јавно реагираа. Така например во одржаниот состанок во полскиот град Врослав на 8 моември 1956 година беше осудена организацијата "Илинден" побарана рехабилитација на сите Македонци казнети како Титовци, побарана формирање на нова македонска организација и сл.[399] Кога овие оправдани барања не им беа удоволени, тие преминаа кон формирање на тајни македонски организации.

10. Седницата на партиската фракција на "Илинден" (30.9.1956)

Поради таквите реагирања на Македонците, Партиската фракција на "Илинден" на 30.9.1956 година одржа седница во која ги донесе следните заклучоци:

1. Поради тоа што кај еден дел од македонските кадри и борци постои зврка околу ставот на КПГ по македонското прашање, партијата да се произнесе за целокупната политика на раководството на КПГ на чело со Захарјадис и да се популаризира денешниот став на партијата за рамноправност на Македонците.

2. Организацијата "Илинден" да престани да функционира, а условите за создавање на нова македонска организација во Грција не се зрели. Македонците ќе членуваат во КПГ и во другите демократски организации. Во народните републики целокупната работа - културата итн. ќе се врши преку здруженијата на бегалците и нивните секции за ославомакедонскат работа.

3. Националната и културната работа кај Славомакедонците во народните републики ќе треба да зајакне. Во македонските изданија да се применува азбуката на Вардарска Македонија, да се обезбеди початен материјал од Вардарска Македонија и слично.[400)]

Претставникот на КПГ Н. Русос кој учествуваше на седницата не се согласи со оценката на фракцијата на "Илинден" за политиката на КПГ по македонското национално прашање во текот на НОВ и во предлогот на примена на јазикот на Вардарска Македонија со образложение, дека тоа прашање треба да го решат компетентни лица.

Новото раководство на КПГ ги оквалификува како штетни барањата на егејските Македонци во Поска за формирање на засебна македонска национална организација како и барањето на раководството на "Илинден" при ЦК на КПГ да се формира одделение за работа со Славомакедонците, да се примени македонскиот литературен јазик и да се воспостават поблиски контакти и врски со НР Македонија. Според тоа новото раководство на КПГ не само што не го унапреди македонското прашање, туку го уназади односно ги ограничи националните права на Македонците. Оттука и извесна инертност, пасивност и незаинтересираност на Македонците за решенијата на VI-от пленум. Раководителите на КПГ таквиот однос на Македонците се обидоа да го објаснат со активноста на привржаниците на Захарјадис и тенденцијата на Македонците за масовна репатријација во НР Македонија.

11. Советување на просветни, културни и политички активисти во полскиот град Бардо-Слонско по прашањето на македонскиот јазик

По одржувањето на VI-от пленум на КПГ во март 1956 година, македонските бегалци во источно-европските земји, особено во Полска, енергично го поставија барањето за примена на македонскиот литературен јазик од НР Македонија. Водејќи сметка за таквите желби и барања на Македонците, раководството на "Илинден" на својата седница од 4 јуни 1956 година покрај другото, предложи:

а) да запре издавањето на грчко-македонскиот речник и учебници на вештачкиот македонски јазик и

б) како основа за единствен македонски јазик да се зема македонскиот јазик од Вардарска Македонија..." [402]

На 3 септември 1956 година познатиот Ставрос Кочопулос со писмо го извести ЦК на КПГ дека Македонците енергично бараат да се употреби букварот односно јазикот што се употребува во Вардарска Македонија. Поради таквите барања, послкото министерство за просвета привремено го стопира печатењето на македонските изданија.[403] Партиската фракција на "Илинден" на својата седница од 30 септември 1956 година, го повтори својот став од 4 јуни 1956 година односно предложи да се примени јазикот на Вардарска Македонија.[404]

Новото раководство на КПГ одби да ги прифати барањата на Македонците и предлозите на раководството на "Илинден" и одлучи прашањето на јазикот го решат компетентни луѓе за што беше свикано советување.

Советувањето што се одржа на 4-5 август 1957 година во полскиот град Бардо-Слонске зедоа учество 35 просветни, културни и политички активисти Грци и Македонци од СССР и источно-европските земји.[405]

Работата на советувањето ја следеа: членот на Бирото на КПГ Маркос Вафијадис, Пандос Вајнас и министерот за просвета на Полска.

Учесниците на советувањето по прашањето кој јазик биде прифатен се поделија на две спротивни групи:

Групата на чело со Атанас Пејков, создавачот на извештачениот македонски јазик, ја бранеше тезата дека меѓу бугарскиот и македонскиот јазик не постои некоја суштинска разлика. Тезата на Пејков ја прифатија само 4 учесници во советувањето,[406] додека сите други остро реагираа на таквата теза на Пејков, докажувајќи со научни аргументи и факти на големите и суштински разлики меѓу бугарскиот и македонскиот јазик односно дека тие се два различни јазици. Тие беа категорични и одлучни во барањето да биде прифатен и применет македонскиот јазик што се применуваше во НР Македонија.

Членот на Бирото на КПГ Маркос Вафијадис во својата дискусија меѓу другото, рече дека раководејќи се од фактот, дека КПГ од секогаш официјално признава постоење на македонска нација, а според тоа ако постои нација мора да постои и јазик, се наметнува заклучокот дека постои и македонски јазик. Освен тоа во ФНР Југославија постои македонска република со свои македонски литературен јазик, универзитет и многубројни национални културни, просветни и други институции. Според тоа заклучи Маркос, произлегува заклучокот дека постои македонски јазик, изграден и афирмиран поради што без двоумење и без резерва треба да се прифати.[407]

Мнозинството на учесниците на советувањето со задоволство го прифатија излагањето на Маркос Вафијадис и одлучува да се примени македонскиот литературен јазик на НР Македонија.

Решението на советувањето во Полска навистина претставува значајна придобивка на Македонците од Егејска Македонија . Врз основа на наведеното решение, но не така лесно

и без пречки , во училиштата, литературата, печатот на секаде беше применет македонскиот литературан јазик со што беше овозможен непречен развој на македонската национална култура и писменост.

После советувањето во Полска, во Варшава беше печатена нова македонска граматика врз основа граматиката на К. Ќепески и нови учебници на македонски литературен јазик.

На крајот, и покрај тоа што за умрениот секогаш се зборува добро, мораме поради обврската што ја имаме спрема историската вистина и спрема македонските борци кои дадоа се за победа на македонската кауза , да го кажеме следното:

И покрај извонредно морално-политичките квалитети на Атанас Пејков, додека тој бил за еден подолг период интерниран како комунист во грчките острови, неговото дело околу македоно-бугарскиот јазик и неговото настојување во споменатото советување во Полска да се задржи истиот, обидувајќи се со неубедливи "аргументи" да "докаже" дека меѓу македонскиот и бугарскиот јазик нема суштинска разлика, го оквалификуваме како антинационално, спротивно на интересите на македонскиот народ.

Од изнесеното, со кое многу малку е речено за дејноста на организацијата "Илинден", можеме да заклучиме дека таа организација одигра позитивна и негативна улога. Негативното се состои во тоа што активно се вклучи во ангијугословенската кампања; што го суспендира македонскиот литературен јазик и што учествуваше во прогонувањата на Македонците во време на Инфорбирото. Позитивното се состои во тоа што активно се бореше против теророт и прогонот, асимилацијата и други средства на натисок што ги вршеа грчките власти врз Македонците; што се спротивстави на големобугарската пропаганда меѓу Македонците, што преку училиштата и многу други институции придонесоа за развитокот и зацврстувањето на македонската национална свест што се заложи за примена на македонскиот литературен јазик и друго.

Г Л А В А XXV

Антијугословенска и антимакедонска активност на КПГ во СССР и во источно-европските земји - Прогонување на Македонците

Како што веќе наведовме во ноември 1949 година припадниците на ДАГ и цивилното грчко и македонско население од Албанија беа префрлени во СССР, Романија, Унгарија и Чехословачка, а од Источна Македонија и Тракија во Бугарија. Исто така наведовме деке согласно решението на партиската конференција одржана во Бурели-Албанија на 28-29 септември 1949 година, беа уапсени 11 раководители и активисти на НОФ обвинети за агентурска дејност во корист на југословенските разузнавачки служби, а против ослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ. На оваа конференција и на VI-от пленум на КПГ што се одржа на 9.X.1949 година, во обвинителниот акт против фатените македонци, во писмото на Н. Захарјадис и М. Парцалидис до ЦК на КПСС во јануари 1950 година и во многу други документи на КПГ, е речено дека во редовите на ДАГ и на цивилното македонско население што е евакуирано во СССР и во источно-европските земји има "многу агенти". Во наведените и во други форуми на КПГ е одлучено да продолжи со уште поголем интензитет дејноста на откривањето на тие "агенти" и разоткривањето на Титовото"предавство" за поразот на грчкото ослободително движење.

Врз основа на тие одлуки започна една хајка против Македонците без преседан. Поради тоа што хајката доби такви широки димензии, применувани средствата што беа употребени, беа толку бројни и разновидни и последиците толку трагични, што не е можно да биде во целост прикажана. Овде се прави само еден мал обид да се изнесат некои карактеристични примери. Прашањето е многу интересно и заслужува посебно проучување.

Активноста на КПГ на таа насока се одвиваше во две етапи. Првата етапа почнува со капитулацијата на ДАГ и префрлувањето на бегалците во СССР и источно-европските земји - септември 1949 доцкрајот на 1950 година и втората етапа од 1 јануари 1951 година кога се формира специјална служба за безбедност наречена "Одделение" за будност при ЦК на КПГ, од VI-от пленум на КПГ одржан во март 1956 година во кој е осудена политиката на Захарјадис спрема Југославија и донесено е решение за рехабилитација на настраданите под обвинение за соработка со Југославија.

1. Прва етапа

Задачата во првата етапа за "откривање" на титови "агенти" согласно наведените решенија, раководството на КПГ им ја довери на истите луѓе кои за иста цел беа ангажирани во текот на Граѓанската војна - познатите специјалисти и џелати Периклис Калодикис, Одисеас Гастис, Ѓорѓис Фурѓотис идр.

Во март 1950 година раководството на КПГ го задолжи Периклис Калодикис[408] да организира хајка за откривање на титови "агенти" од редовите на македонската емиграција во Полска и Чехословачка.[409]

Периклис Калодикис на полските органи за безбедност им достави два спискови: еден на "утврдени" титови "агенти", а друг на осумничени титови "агенти". На раководствата на партиските комитети и организации на КПГ им нареди да следат поголем број македонци и да не им даваат партиска и друга одговорна работа. По негово барање на 20 март 1950 година полските органи за безбедност ги уапси Герман Петров,[410] Петре Аспров[411] и Тане Наумов,[412] а Коста Кирков и Стерјо Стергиев[414] при обидот за бегство за Југославија.[415] Уапсените беа изведени пред суд врз основа на исфабрикувани "докази" од информбировски тип, беа осудени на повеќе години строг затвор, а во 1956 година рехабилитирани како невини.[415-а]

И во Чехословачка Калодикис се договорил со органите за безбедност за апсење и систематска истрага за откривање на "титови агенти" од редовите на македонската емиграција. Калодикис од чехословачките органи за безбедност побара за почеток, да бидат уапсени Коле Панов[416], Толев Трифун, Вајнас Мичос и Саругас Ѓанис и достави долг список на Македонци за кои, според него, постоеле елементи дека биле "агенти" на титова Југославија, и на раководствата на партиските организации на КПГ им наложи да не им доверуваат партиска или друга политичка работа.[417]

На 29 декември 1949 година познатиот Ставрос Кочопулос на иследниците на КПГ им достави список на 39 осумничени Македонци за соработка со Југославија. Врз основа на тој список иследниците на КПГ ги започнаа апсењата и истрагата за откривање на титови "агенти".[418]

Споменатиот Периклис Калодикис, врз основа на изнудени и лажни изјави, на 1 април 1950 година достави список на 14 Македонци што живееле во СССР и 24 во Полска осумничени за "Агенти" на титова Југославија.[419]

1. Груб атак против македонските просветни работници и воопшто против македонската просвета во Романија

Како што наведовме пролетта 1948 година преку 8000 македонски деца беа евакуирани во источно-европските земји. Заедно со децата беа отидени и македонските просветни работници оспособени за учителска работа во учителските курсеви организирани од НОФ кои во виорот на најстрашната Граѓанска војна во слободната територија ги отвориј македонските училишта во кои македонските деца учеа на македонски литературен јазик. Македонските учители ги воспитуваа децата во духот на македонскиот национален патриотизам; ги запознаваа дека еден голем дел од нивната татковина во рамките на Титова Југославија е слободен и сл. Таквото воспитување и образование беше во спротивност на политиката на

КПГ и на ИБ. За да истиснат и оневозможат било каква врска на Македонците од Егејска Македонија со НР Македонија, во 1950 година го суспендираа македонскиот литературен јазик и го воведоа унакажаниот македонски јазик, а за истиснување на секакво влијание на Југославија, ги суспендираа сите македонски учители кои се сомневаа дека се влијаеле од НР Македонија. Како во другите случаи, така и во случајот со учителите, беше искористено познатото обвинување: "разбивачка дејност во корист на Тито". За постигнување на горнатаа цел дури беа формирани специјални комисии со задача да ја "откриe и сузбие" дејноста на Титовите агенти меѓу децата", како што беше случајот во Романија.

Комисијата иследуваше во детските домови во Романија од 21-27 февруари 1950 година и на 3 март 1950 на ПБ на ЦК на КПГ му достави извештај под наслов: "Извештај за дејноста на титовата банда меѓу децата".

Во извештајот, меѓу другото, се вели дека титовата банда успеа така да ги воспита македонските деца што за своја татковина повеќе ја сметат Вардарска Македонија, Југославија на Тито.

Во продолжение во извештајот се вели дека меѓу децата не е извршена никаква идеолошка работа против титовото "предавство", наведувајки го примерот на Синаја каде од десетици македонски пароли немало ниту една против Тито. Понатаму се наведуваат тенденции на Македонците за засебни манифестации: засебни собири,состаноци, настава на македонски јазик , настојување да се истакнуваат повеке македонски пароли во централни места и сл.

Откако комисијата "констатира" дека учителите организирано и плански култивираат шовенизам и сепаратизам, предложи да бидат суспендирани 8 македонски учители.[420] Комисијата исто така предложи истрагата да се прошири и во Чехословачка и Полска и да се отстранат сите сомнителни учители, а на нивно место да се постават лица кои биле готови да се борат против Титова Југославија.[421]

Раководството на КПГ не само што по прифати: предлогот на комисијата за суспендирање на македонските учители, туку побара од романските власти да бидат интернирани во градот Клуж 43 лица.[422)]

2. Втора етапа

Како што наведовме со основањето на службата за безбедност во јануари 1951 година, задачата за "откривање" на титовите "агенти", односно за борбапротив Југославија мина во нејзина надлежност. Со предметот "Титова банда" во почетокот раководеше Ѓорѓис Гудемас. Задачата на службата за безбедност беше преку лажни, изнудени изјави и признанија, организирање на судски процеси исл. да прибере "доказ" материјал кој ќе ги потврдеше тврдењата на раководството на КПГ дека поразот на ДАГ се должи на "предавството на Тито".

Во текот на 1951 година службата за безбедност собираше "доказ" материјал од кој во почетокот на 1952 година формира 217 досиеа и тоа 44 од Ташкент од кои 21 беа уапсени од советските власти, од Полска 25, Унгарија 37, Чехословачка 24, Романија 50, Бугарија 16 лица. Во извештајот на службата од 19 мај 1952 година се вели дека се "откриени" 362 "непријателски елементи" за кои се оформени досиа и се води истрага.[423)]

Службата за безведност подготви прашалник кој содржеше исфабрикувани обвинениja против Југославија на кои требаше да одговорат, односно потврдат оние на кои беше доставен.

Прашалникот ги содржеше следните елементи:

1. Од кои беа подржани и со кои соработуваа титовците во време на НОВ.

2. Врски и соработка на титовците со контрачетниците.

3. Кога, како беа формирани македонските организации во текот на НОБ - цели, акции против КПГ и сл.

4. Тактика и акции на Темпо против КПГ и сл.

5. Како, кога и цели на формирањето на македонските единици во текот на НОБ.

6. Како и кој го организира расцепот на македонските единици во 1944 година.

7. Каква цел имаше постоењето на посебни македонски единици (Егејска бригада),

8. Какви методи и средства употребија титовите "агенти"

9. Какви провокации организираа против КПГ (1945-1946), вооручени групи, вооружени акции и сл.

10. Под кои услови го прифатија обединувањето.

11. Тактика и дејност на титовите "агенти" по разоткривањето на Тито од Информбирото.

12. Организирање на десертерства

13. Како делуваат титовите "агенти" во редовите на емиграцијата во источно-европските земји.

14. Начин и методи на титовците за нарушување на единството меѓу Грците и Македонците.

15. Врски со титовците со Интелиценс-сервис

16. Врски и соработка на титовците со грчката безбедност.

Овој прашални со циркуларно писмо под број5455 од 15.10.52 година беше испратен и одговорија 24 лица.

Скоро сите со своите изјави не само што ги потврдија обвинувањата и клеветите содржани во прашалникот, туку ги проширија со нови измислици, инсинуации, нови клевети и слично. Во нивните изјави беа никаква основа, за да ги задоволат потребите на антијугословенската хајка на Захарјадис, наклеветија голем број Македонци за наводна агентурска дејност во корист на Тито, а против демократското движење на Грција, поради што настрадаа.

Службата за безбедност на КПГ во својата работа на широко го применуваше системот на досиеа. Откако ги доби бараните изјави со наведеното циркуларно писмо и други изјави, изврши квалификација на сомнителни лица за кои формира лични досиа. За дооформување односно пополнување на досието со нови "докази" и покренување на кривично гонење, за дотичното осумничено лице испраќаше писмо до партискиот комитет на земјата во која живееше, со кое бараше докази за непријателска дејност на истото. Одговорниот за будност на Партискиот комитет во повекето случаи доставување на изјави против осумниченото лице го поставуваше како партиска задача. Оние што случајно ќе одбиеле да дадат изјава, беа прогласувани за антипартиски елемент и прогонувани. Овој метод Одделението за безбедност по налог на Никос Захарјадис го применуваше и за раководните кадри на КПГ. Тоа го правеше со цел да створи лично на него одани и послушни луѓе. Со настојчивост собираше изјави и обвинувања и наложуваше да се пишуваат изјави со цел да ги држи послушни и дисциплинирани на неговите цели. И кога некој од кадрите се осмелеше да му се спротивстави, собраниот материјал го изнесуваше во јавност односно го користеше во пресметката со дотичното лице.

Врз онова на тој метод, службата за безбедност на КПГ насобра огромен фалсификуван материјал и прогласи за "непријатели" на демократското движење и "агенти" на Југословенската разузнавачка служба голем број Македонци. Овие Македонци ги подели во две категории. Првата категорија ја сочинуваа веќе 57 "откриените титови агенти", а втората 276 осумничени за кои беше нужно понатамошна истрага.[424)]

Против "откриените" и осумничените Македонци за соработници на Тито, врз основа на предлозите на Одделението за безбедност беа преземени разни казнени и други мерки.

Одделението со свое писмо до ПБ на ЦК на КПГ наведените имиња во списокот кои се осумничени како "агенти", или соработници на Југославија да не се употребат во одговорни работи во партиски организации,[425)] да им се одземат официрските чинови,[426)] на оние што студират или учат да им се

укине стипендијата и да се исклучат од натамошното студирање и учење.[427] Оние борци кои по капитулацијата на ДАГ преминаа во Југославија, немаа право да посетуваат училиште односно да се школуваат.[428] Сите "откриени агенти" на југословенскатаа инвестителна служба да бидат исклучени од партијата, најопасните да бидат судени, интернирани и сл.

Покрај централната служба за безбедност со седиште во Букурешт на чија надлежност припаѓаа бегалците настанети во сите источно-европските земји, во поедините земји каде живееле бегалци од Грција, задачата за безбедност му беше доверена на партиските комитети. Во секој партиски комитет постоеше лице одговорно за безбедност кое за својата работа одговараше пред својот комитет и пред Централната служба за безбедност, а соработуваше со државната безбедност на дотичната земја.

2. Прогони во Полска

Како што наведовме во 1950 година во Полска имало 11.475 бегалци од кои 5.996 Грци и 5.479 Македонци.

Организат ор на безбедноста на КПГ во Полска е Андреаа Јанакудис-Фанис.

Во 1950 година меѓу првите кој од страна на службата за безбедност е оквалификуван за титов агент е младиот македонски учител Васил Мартиновски. Тој беше гонет и суспендиран.

На 18 март 1951 година службата за безбедност ги пригласи за титови агенти и суспендирани од техничката школа "Лазар Трповски" македонските учители Танас Ќисевски, Танас Близнаковски и Кузев Јане. Обвинението ги теретеше дека во својство на титови агенти бараа посебна младинка македонска организација(НОМС), се спротивставуваа на намалувањето на часовите по македонски јазик во училиштата, предавањата на младинската организација ЕПОН да се држат на македонски јазик, да се држат повеке предавања за македонското прашање,

да се води борба против тенденцијата за грцизирање на Македонците , за ширење на националистички пароли како што беа: "Ке формираме македонска држава", " нема да живееме заедно со Грците" и др. Исто така за иста дејност беа казнети Лелифанов Васил, Пандиловски Танас и други.[429)]

Во врска со репресалите во Полка, на VII-от пленум на КПГ одржан во февруари 1957 година, дадени се следните податоци: 799 исклучени од партијата, 250 јавно критикувани и нападнати како антипартиски елементи, 15 осудени со затвор од 3 месеци до две години. Колхозот "Нов Живот" во Кросцјенко во кој живееле 490 Македонци е формиран со цел да се изолират "антипартиските" и сомнителните елементи. Тука се формирани т.н. "Бригади на отпадници" кои работеа најтешки физички работи (копање на канали со вода од еден метар длабочина) без да им се плаќа според трудот. Доходот им го одредуваше Партискиот комитет на КПГ за Полска. Четири жени се исклучени од партијата шоради тоа што одбија да се разведат од своите мажи обвинети за агенти. Беа организирани специјални групи за тепање и убивање на "непријателски елементи". Во колхозот делуваше служба за безбедност која располагаше со специјални простории за притвор. Четири самоубиства, 2.317 бегалци запишани за репатријација во Грција и слично.[430)]

3. Прогони во СССР

Како што наведовме во Узбекистанскиот град Ташкент живееле околу 16.000 Грци и Македонци бегалци. Поради големиот број на бегалците, при партискиот комитет на КПГ е формирана служба за безбедност на чело со Ѓоргис Фурќотис.

Во врска со односот на службата за безбедност на КПГ во Ташкент, Ахилеа Папаиоану во своето писмо од 17 август 1954 година испратено до ПБ на ЦК на КПГ, меѓу другото пишува дека раководителот на безбедноста Фурќотис употребува антипартиски методи на будност (врбување) и подигна клеветничка хајка против Македонците.[431)]

Како во другите земји така и во СССР во службата за безбедност постоеше реферат за гонење на титовците и титовизмот. Веднаш по емигрирањето на борците на ДАГ во Ташкент беа извршени апсења на 7 осумничени Македонци за агенти на Тито. Меѓу другите е затворен Коста Цилков, капетан на ДАГ.[432]

Исто така прогласени за титови агенти се следеа Македонците Такис Самарас, Михаил Поп-Спиро, Шалбаринов Димитар, Демиров Димитар, Поп Лазаров Јане, Поп Трандафилов Атанас, Николов Иљо, Стојничев Стерјо, Караџа Васко, Олев Лефтер, Србиновски Круме, Хаџидимитров Сотир, Пеов Ѓорги, Белчев Ристо, Кирков Коста, Богданов Ѓорги, Самарџиев Танас и други.[433]

4. Репресалии во Бугарија

Секако најголемите злосторства врз невини борци на ДАГ, особено врз Македонците се извршени во Бугарија. За да се опише сето тоа што се случи во таа земја ке треба да се напишат стотици страници. Покрај тоа што една таква анализа е нужна и многу корисна сепак при овој наш зафат тоа не може да биде предмет на целосно проучување. Должност и другарска обврска и почит спрема сите невини борци кои го загубија животот или останаа инвалиди во масовните репресалии што се извршени во Бугарија во периодот од 1948-1956 година е да се обелодени со единствена желба истото никогаш да не се повтори.

а) Логорот во островот на реката Дунав

Во 1949 година Генералниот секретар на КПГ Никос Захарјадис престојувал во Бугарија. По негово барање, а во согласност со надлежните бугарски фактори, во еден мал остров на реката Дунав е организиран логор за сомнителните и откриените "агенти на Тито"и на монархофашистите. Според еден податок во тој логор беа интернирани 40 борци на ДАГ, а според други податоци бројот е многу поголем. Делегатот од Бугарија на VII-от пленум на ЦК на КПГ одржан во 1957 година Хаџијанис во врска со тоа рече: " Захарјадис лично на-

реди да се затворат една редица луѓе кои ги фрлија во еден логор на островот Дунав. Од нив полудеа двајца. Тоа ни го кажаа луѓето што излегоа од логорот. Тие рекоа "ако бевме такви како што не обвинуваа ќе бегавме во Грција. Но ние ќе ви докажеме дека несме такви. Ќе останеме овде и ке работиме за изградбата на НР Бугарија". Такви беа лугето кои ги испрати Захарјадис во остррвот. Тие денес бараат објаснувања кој бил тој што ги испратил тамо".[434]

За изнудување на признанија се употребувани методи кои ги употребуваа Кинезите пред три илјади години. Еве што е речено во врска со тоа на истиот пленум: "... Да се испита случајот, бидејќи во Бугарија имаме многу свет осакатен. Другари, немате поим што имаат таму сторено. Во полните органи на жените ставаа електрична струја. Други девојки голи ги тркалаа шо снегот, ги држеа долго време простум и слично.[435]

И покрај тоа што овој логор го држеа Бугарите во строга тајност, сепак во 1950 година е откриен поради што е затворен. При расформирањето на логорот девет официри и борци на ДАГ обвинети за агенти на непријателот беа префрлени во други републики каде беа затворени, а 80 "непријателски" елементи се изолирани од другите бегалци во Бугарија.[436]

5. Прогони во Унгарија

Во Унгарија во 1949 година емигрираа 7.255 Македонци и Грци.

а) Случајот на тројца Македонци

Дафовски Димитар, Карадафов Коста и Баничотов Сократ на крајот на 1949 година кај селото Гаково-Војводина илегално ја преминаа југословенско-унгарската гранида и емигрираа во Унгарија. Пред надлежните унгарски органи изјавија дека тоа го сторија поради тоа што не се согласуваат со југословенската политика. Меѓутоа од унгарците се осумничени како уфрлени агенти и затворени. Во истрагата од страна на службата за безбедност на КПГ учествуваше Христу Паскал. Тој

во својот извештај од 2 ноември 1949 година тврди дека нивното емигрирање е организирано односно инсинирано од југословенските разузнавачки служби, дека тие се агенти на тие служби и слично.[437)]

Службата за безбедност на КПГ во Унгарија за титови агенти ги прогласи одговорниот на ЕВОП (комисија за помош на детето) за Македонците Трајко, Танас Евангелов, Хрисафоф Коста и други.[439)]

Подоцна, односно во 1950 година наведениот Христу Паскал кој учествуваше во истрагата на Дафоф, Карадафоф и Баничотов, и тој е осумничен за титов агент и е исклучен од редовите на КПГ и прогонуван, бидејќи на партиски актив рече дека Македонците се понижени и слично.[440)]

На предлог од службата за безбедност на ПКГ беа затворени во логор како сомнителни непријателски елементи 28 и други 35 Македонци беа осумничени за непријателска дејност во корист на титова Југославија и на непријателот.

6. Прогони во Чехословачка

Во Чехословачка во 1949 година како што наведовме емигрираа 11.941 Македонци и Грци.

Полската безбедност врз основа на изјави од своите агенти ја извести чешката безбедност дека во нејзина територија наводно живеат агентите на југословенската инвестителна служба Тодор Коцев, Христо Евангелов, Сотир Ковачев, Коле Патков, Коста Ковачидов и други.

Врз основа на изјава од Велаки Мичо чешката и грчката служба за безбедност го обвини за титов агент Илија Керешов. Таа служба имаше регистрирано и прогласено за агенти и сомнителни елементи 27 бегалци Македонци и Грци.

Како што наведовме со капитулацијата на ДАГ голем број борци и старешини пребегаа во Југославија. 180 од нив по своја желба во 1949 година заминаа во Чехословачка. Тие при нивниот престој изјавија дека соопштението на Главниот

штаб на ДАГ дека југословените ја удрија ДАГ од грб не е вистина. Тоа беше повод да се формира специјална комисија со цел да открие "уфрлени агенти" од страна на југословените. Многу од тие борци и старешини на ДАГ беа прогонети, исклучени од партијата, суспендирани чинови и слично.

7. Прогони во Романија

Во романија, како што наведоме според податоците од мај 1950 година живееа 9.100 бегалци Македонци и Грци.

Како во другите источно-европските земји, така и во Романија раководството на КПГ презеде репресивни мерки со цел да задуши секојаманифестација на незадоволство спрема раководството за поразод на ДАГ и да се докаже вината на Југославија за тоа. 120 борци и старешини на ДАГ кои во 1949 година што нивна желба од Југославија беа префрлени во Романија, се прогонети поради тоа што пребегаа во Југославија и како уфрлени агенти. Исто така други 28 Македонци и Грци борци кои во 1949 година од Југославија пребегаа во Романија невино беа осудени по 10 години строг затвор.

На 8 октомври 1950 година раководдтвото на КПГ побара од романските власти во градот Клуш бидат интернирани "агент-ите на Тито". Барањето беше удоволено. Во Клуш на предлог од Одделението за безбедност на КПГ веднаш се интернирани 43 Грци и Македонци.[441)]

Г Л А В А XXVI

Нормализација на односите меѓу КПЈ-КПГ

Раководството на КПГ и се изнинува на КПЈ

Како што повеќе пати наведовме, раководството на КПГ на чело со Никос Захарјадис го искористи конфликтот меѓу КПЈ и Информбирото да ја префрли вината за поразот на ДАГ од себе врз Југославија. Од 1948 до 1955 година раководството на КПГ разви една невероватно разуздана антијугословенска кампања особено во редовите на грчката и македонската политичка емиграција во источно-европските земји. Радио-станицата "Слободна Грција", а потоа "Глас на вистината" и другите средства за јавно информирање, како и изданијата на КПГ и организациите под нејзино раководство беа подредени на таа кампања. Заедно со Југославија и македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ беа обвинети за поразот на движењето, поради што Македонците беа прогонувани. Тоа беше една од основните грешки на Захарјадис. Префрлувајќи ја врз Југославија главната вина за поразод на движењето, не му даваше можност на раководството да се прилагоди на новата ситуација настаната после смртта на Сталин. Оттука и причината што раководството на КПГ им даваше силен отпор на тие промени и на нормализацијата на односите со КПЈ. Меѓутоа, на започнатиот процес раководството на КПГ не можеше да му застане на пат. Таквиот однос и политика на КПГ не можеше да го толерира советското раководство на чело со Хрушчов, поради што мораше да дојде до промена во грчкото партиско раководство. Настаните се одвиваа по следниот редослед:

1. Ташкентски настани во септевмри 1955 година

Ташкентските настани, како што се наречени, во септември 1955 година во редовите на грчката и македонската емиграција во Узбекистанскиот главен град Ташкент, беа само одраз и последица на ненормалниот или подобро речено сталинистичкиот режим кој владееше во КПГ и повод за пресметка

со истиот. Нашето внимание го свртуваат тие настани бидејќи во нив непосредно и посредно зедоа учество и еден добар дел од македонската емиграција која после Граѓанската војна беше таму настаната. Ќе се обидеме да ги изнесеме настаните како што се развија.

Како што веќе наведовме со капитулацијата на ДАГ во Вичо-Грамос во август 1949 година, таа се повлече во Албанија. Како при овој случај, така и во јули 1948 година, во текот на големата монархофашистичка офанзива на Грамос голем број цивилно население од Костурско пребега во Албанија.

Од Албанија борците на ДАГ и цивилното население во текот на ноември 1949 година се префрлени во СССР, Полска, Чехословачка, Унгарија и Романија. Во Бугарија се повлечени борците на ДАГ што делуваа во Источна Егејска Македонија, а во Источна Германија деца со соодветен број на персонал и тешко ранети борци.

Во Ташкент согласно официјалните статистики изнесени на Третата конференција на КПГ одржана во октомври 1950 година се префрлени 11.980 лица и тоа исклучиво борци и старешини на ДАГ, а цивилното население е префрлено во другите источно-европски земји. Од префрлените во Ташкент 8.573 беа мажи и 3.407 жени. Таа бројка го покажува и соодносот на учеството на жената во ДАГ. И кога се има предвид дека по-општа мобилизација на жените е извршена во Егејска Македонија, тогаш станува јасно дека поголем број од тие жени беа Македонци .

Поради природниот нателитет и особено со обединувањето на разделените семејства, во септември 1955 година во Ташкент според податокот што е даден на V-от пленум на ЦК на КПГ одржан во декември 1955 година, живееле околу 16.000 Грци и Македонци.

Како што наведовме Грците и Македонците што беа префрлени во Ташкент служеа како борци и старешини во ЕЛАС и ДАГ. Добар дел од нив претставуваа авангарда на ослободи-

телното движење и беа организатори и старешини на ЕЛАС, ДАГ, и активисти на политичките демократски организации. Тоа се потврдува и со фактот што од 16.000 бегалци, колкуш што ги имаше во Ташкент, 8.000 беа членови на партијата со долгогодишен партиски стаж и револуционерно искуство и 11.110 вработени.

Поголем број од тие борци и старешини, кои на своите плеки го понесоа целиот товар на двете револуции, не беа задоволни и не беа уведени од објаснувањата што ги даваше раководството на партијата за причините за поразот на ЕЛАС и ДАГ и не беа задоволни од диктаторскиот антиленинистички режим што владееше во КПГ. Тие, спротивно на раководството, сметат дека причините за двата пораза во текот на едно десетолетие треба да се бараат во сопствените редови. Поради тоа тие бараа, во интерес на натамошниот развој на движењето, да се изврши научна марксистичка анализа на стратегијата и тактиката и политичката линина на партијата, да се откријат грешките и да се трасира еден нов пат за победоносен исход на движењето. Колку повеќе се подобруваа условите на животот и интелектуалното издигнување, толку повеќе растеше бројот на оние што на дневен ред ги претставуваа погорните прашања.

Раководството на КПГ наместо да го прифати и го потикнува тој прогресивен процес, тоа секој таков вид на манифестација ја прогласуваше заерес, антипартиска фракција и се пресметнуваше со најостри мерки.

Овој процес особено се разви и зајакна и дури прерасна во опозиционо движење против раководството на Захарјадис по смртта на Сталин, во текот на десталинизацијата во СССР и особено по нормализацијата на односите меѓу СССР и ФНРЈ и Белградската декларација. Влијанието на тоа движење толку прерасна што мнозинството на партискиот комитет и другите партиски органи на КПГ во Ташкент беа составени од истото. Така брзиот развој на опозицијата во редовите на КПГ против својот лидер не е условена само од причините што ги

наведовме погоре, иако тие се најглавните,туку и од подршката што ја имаше таа од новото советско раководство. На тој начин во Ташкентската организација на КПГ во сушност се создадени две антагонистички крила. Едно цврсто поврзано со раководството на КПГ, а другото против тоа раководство, поддржано од Советите.

Раководството на КПГ не само што не ги прифати промените во СССР и принципите на Белградската декларација, туку им се спротивстави на истите и се обиде да ги злоупотреби со цел да ги сочува своите позиции. Причините за таквиот однос на Захарјадис се повеќе. Ние ќе наведиме само две. При-фаќањето на промените бараше полагање сметка за настраданите по вина на тоа раководство кои не беа така малубројни и најважно признавање дека Југославија не беше еден од главните фактори за торазот на ДАГ што раководството на КПГ со цел да ја прикрие својата одговорност, стори се што можеше подржана од ИБ да ги залажи борците, грчкиот и македонскиот народ и меѓународното јавно мислење.

Оттука и определувањето на Захарјадис со неговите противници во Ташкент се пресмета применувајки ги неговите познати методи. За постигнување на таа цел Захарјадис се обиде да го искористи принципот на немешањето во внатрешните работи на една партија во друга прокламиран во Белградската декларација и тенденциите за осамосталување на источно-европските земји. И при овој случај Захарјадис го карактеризира брзоплетноста и препотентноста. Тој како и други, погрешно ја оцени политиката и намерите на новото советско раководство. Советското раководство, како што покажаа настаните што уследија, не беше готово да го потчитува принципот на осамосталување кое самото го прокламира. Меѓутоа, треба да истакнеме дека тенденцијата на источно-европските земји за осамосталување беше прогресивна, додека на КПГ спротивно, назадна. Захарјадис принципот на самосталноста и немешањето сака да го искористи за да го задржи сталинистичкиот режим во КПГ, а со тоа да ги сочува своите позиции.

Советското раководство не е готово да толерира пречки и од КПГ во реализацијата на својата политика. Поради тоа се одлучи да ги подржи антизагаријадисовските снаги во КПГ и преку нив го истисне Захарјадис.

Од друга страна Захарјадис потпирајќи се на својот авторитет и на принципот на самосталноста на партиите, се одлучи да се пресмета со своите противници. За таа цел во јануари 1955 година испрати во Ташкент двајца членови на Централниот комитет- Пандели Вајнас и Фокас. Испраќањето на Македонецот Пандели Вајнас е предметано да се придобијат Македонците.

Кога П. Вајнас и Фокас поради ставот на Советите не успееа да ја извршат својата задача, Захарјадис не отстапувајќи од својот план го испрати во Ташкент членот на Секретаријатот на ПБ Димитрис Вландас и членот на ЦК на КПГ Никос Акритидис, кои делуваа во Ташкент како делегација на ЦК иако тие не беа избрани од ЦК. Во август 1955 година Захарјадис лично допатува во Ташкент и раководи со битката против неговите противници.

Откако Захарјадис се увери дека на закажаната Четврта конференција на партиската организација на КПГ во Ташкент неговите противници ќе добијат мнозинство и според тоа тие ќе го претставуваат мнозинството во земскатаа конференција на КПГ која требаше да се одржи, донесе одлука да не се одржи истата. И кога Секретаријатот на партискиот комитет на КПГ во Ташкент одби да дисциплинира на таа одлука, Захарјадис на 9 септември 1955 година донесе одлука за суспендирање на Секретаријатот на партиската организација. Тоа беше повод за физичко пресметнување меѓу привржаниците и противниците на Захарјадис кое траеше два дена односно на 10 и 11 септември 1955 година. Во пресметката зедоа учество неколку стотици лица употребувајќи можеви, железни шипки, камења и слично. Вкупниот број на настраданите односно ранетите достигна на 118 меѓу кои и тројца членови на Централниот комитет на КПГ. Последиците секако ќе беа потрагични ако не интервенираше армијата и Советските органи за безбедност

Ташкентските настани се предмет на разгледување на Седницата на Претседателството на ЦК на КПСС одржана на 10 декември 1955 година. Советското партиско раководство со писмо број 51173/16 означено како строго доверливо му достави на Захарјадис извод од записникот на наведената Седница.

Во записникот, меѓу другото се вели дека ЦК на КПСС врз основа писмата и жалбите што ги прими од многу Грци комунисти и врз основа на извештаите на Захарјадис, оценува дека безредијата што се одиграа на 10-11 септември претставуваат недозволен и нечесен настан запартиската организација и фрагантно нарушување на советските закони, поради што советските органи ќе побарат одговорност од виновниците.

Советското раководство за нормализација на ситуацијата во колективот на грчките бегалци во Ташкент побара од раководството на КПГ да ги превземе следните организациони мерки:

а) Да свика пленум на партиската организација на КПГ во Ташкент во која со учество на сите избрани од конференцијата членови на Партискиот комитет, ги дискутира задачите што стојат пред организацијата и го реши прашањето на одржувањето во декември-јануари партиска конференција на Грците комунисти во Ташкент.

б) Да одржи општи состаноци со сите партиски организации во кои со строго почитување на внатрешнопартиската демократија ги продискутира задачиште што стојат пред организацијата на КПГ во Ташкент и да изврши избор на раководни партиски органи и делегати за градска партиска конференција.

в) Да свика партиска градска конференција во која да ги продискутира задачите што стојат пред организацијата и да избере нов партиски комитет.

2) Да го задолжи ЦК на Узбекистан и месните партиски организации да им пружат помош на партиските организации на грчките комунисти околу спроведувањето на масовна по-

литичка работа меѓу политичките бегалци, во нивната активност за исполнувањето на производните планови, на подигнувањето на стручното и културното ниво, нивното воспитување во духот на принципите на пријателство на народите и пролетерскиот интернационализам.

ЦК на КПСС смета дека Захарјадис може да им ја соопшти на грчките комунисти во Ташкент одлуката на претседателството на ЦК на КПСС.[442)]

Врз основа на горенаведената одлука на Советското партиско раководство, советските органи за прогон спроведоа истрага за ташкентските настани.

Јавниот обвинител на Советската социјалистичка република Узбекистан врз основа записниците и другите наоди на истрагата покрена кривично гонење против девет бегалци Грци и Македонци за кривични дела што ги предвидуваше членот 76 параграв "А" на кривичниот законик на Узбекистан .

Во обвинителниот акт од 29 куцани страници е дадена советската верзија за причините и текот на ташкентските настани.

Според обвинителниот акт најголемиот дел од настраданите беа од редовите на противниците на Захарјадис.[443)]

Понатаму И покрај одлучната интервенција на Советските органи, расправиите и пресметките меѓу привржаниците на Захарјадис и неговите противници продолжи и понатаму. Советите со цел да го ликвидират отпорот спрема новото раководство на КПГ кое беше избрано, подобро речено од нив назначено по суспендирањето на Захарјадис презеде енергични и остри мерки. Така на пример, покрај горенаведените на кои им беше судено , во Сибир и други места интернира 13 привржаници на Захарјадис.

Захарјадис и лугето околу него тврдеа и тврдат дека ташкентските настани ги организираа Советите со цел да го отстранат Захарјадис бидејќи му се спротивставуваше на "ревизионизмот" на новото Советско раководство на чело

со Хрушчов. Некои од нив сега тврдат дека Советите тоа го сторија, бидејќи Захарјадис одбиваше да ги нормализира односите со КПЈ, односно да и се извини на Југославија за неправдите што ги изврши против неа. Противниците на Захарјадис од друга страна тврдат дека настаните ги организира самиот Захарјадис со цел да се пресмета со силната опозиција против него односно на движењето кое бараше критичка анализа за дотогашната линија, стратегија и тактика на КПГ, научна анализа за причините на поразот на двете револуции во едно десетолетие.

Прашањето кој ги организира ташкентските настани, целосното и деталното проучување на истото претставува посебен интерес. Случајот на Ташкент претставува еден од редицата конфликти, судири и интервенции во редовите на комунистичкото движење што му претходеа и што следеа. И покрај тоа што проучувањето на тој интересен настан не е предмет на нашиот труд, сепак од анализа на споменатиот обвинителен акт, стенографските белешки од V-от пленум (декември 1955) VI-от (март 1956), и VII-от пленум на ЦК на КПГ (февруари 1957) и други документи констатираме дека ташкентските настани ги организираа Советските органи. Захарјадис не ја процени ситуацијата поради што имаше за резултат, како што ке видиме, неговото отстранување од раководството на КПГ.

Меѓутоа и покрај тоа што отстранувањето на Захарјадис претставува прогресивен акт, сепак начинот како тоа е изведено не е оправдан и претставува грубо мешање во внатрешните работи на една во друга партија.

2. Петтиот пленум на ЦК на КПГ(декември 1955)

Со овие настани и однос на Советското раководство судбината на Захарјадис е запечатена. И покрај тоа, тој одлучи да го продолжи отпорот.

На 26-28 декември 1955 година Захарјадис го свика Петтиот пленум на ЦК на КПГ. И покрај тоа пленумот на дневен ред имаше и други точки,сепак главна точна беше ташкенскиот случај, односно настанатата состојба во ташкенската партиска организација.

Во резолуцијата на Пленумот за ситуацијата на партиската организација на КПГ во Ташкент меѓу другото се вели: " Последните месеци во ПОТ(Партиска организација Ташкент) избувна отворена антипартиска и фракционашка дејност на групата Химарос- Ипсилантис-Јанакопулос- Фурќотис која својата дејност ја имаше запознато од многу порано. Главната платформа на таа група е дека партијата ги загуби двете вооружени борви на народот поради погрешната политика и неспособност на раководството. Поради тоа за да тргнеме понатаму треба да ја промениме политиката и раководството".

Во продолжение на резолуцијата се вели дека групата шпекулира со одаост спрема Советите, со филосовиетивизам и дека многу лесно во ПОТ се обвинуваа луѓето за антисовјетивизам што имаше за резултат да се плаши народот. Откако се наведуваат методите и средствата на делување на групата,(самоволие, подмитување, злоупотреби, грабежи и друго,) понатаму се вели дека главна сила и основно оружје што го употреби фракцијатаа во својата антипартиска работа е организацијата на специјалната служба за безбедност на чело со Фурќотис, која претставуваше организација во организација. Фурќотис примени во ПОТ полициски методи, систем на следење, шпиунирање, притисок, систем на доиеа и тн.

Така работеше и делуваше фракцијата во ПОТ се вели во резолуцијата. Вистината е дека таа ништо не можеше да постигне ако ја немаше подршката на некои советски другари, од кои еден дел беше убеден дека фракцијата е најсилниот филосоветски дел на ПОТ кого треба да го подржат и помогнат. Тоа имаше за последици сите свои акции фракцијата да ги превзема во името и подршката на Советските органи. Во продолжение се изнесуваат детали како точнаа и како се одвиваа настаните во Ташкент префрлувајќи ја исклучиво вината врз "фракцијата" и на Советите.[444)]

Сите членови на ЦК на КПГ со исклучок на Костас Колијанис, во својата дискусија го прифатија рефератот и резолуцијата за ташкентските настани. Костас Колијанис, кој долго време беше шеф на службата за безбедност на КПГ, при-

добиен од Советите што се потврдува од неговото поставување за шеф на КПГ после суспендирањето на Захарјадис, вината за ташкентските настани му ја префрлил исклучиво на захаријадисовото раководство.

3. Петтиот пленум за односите меѓу КПЈ-КПГ

Како што наведовме раководството на КПГ на разни начини даваше отпор во нормализацијата на односите меѓу КПЈ и КПСС и други комунистички партии. Тоа,покрај другото, го потврдува и фактот што од мај-јуни кога беа водени југословенско-советските разговори и е потпишана Белградската декларација до одржувањето на V-от пленум, КПГ не одржа форум во кој да завземе став за едно такво сериозно прашање. Се задоволи само да објави Белградската декларација во својот орган - "Неос Козмос" и тоа некаде во средина на истиот. Ние исто така ги наведовме причините поради кои Захарјадис избегаваше да го постави на дневен ред тоа прашање односно да ги нормализира односите со КПЈ. Тоа бараше пред се признавање на своите грешки и неправдите што ги имаше извршено спрема КПЈ и најважното јавно признание дека Југославија не е виновна за поразот на ДАГ. Едно такво произнесување налагаше признание на сопствените грешки и полагање сметка за репресалиите што ги изврши врз Македонците во текот на антијугословенската кампања. Раководството на КПГ на чело со Захарјадис не беше спремно и дораснато да го стори тоа. Захарјадис избегаваше да го постави тоа прашање и поради тоа што факторот Југославија беше еден од основните, посебно за Грците борци и членот на КПГ кои покажуваа чуствителност на тоа прашање, го дискутираа и бараа од раководството јасен одговор. Тие се причините поради кој и ставовите завземени на Пленумот се нејасни, недоследни, односно јаприкриваат вистината и виновниците за прекинувањето на односите меѓу КПЈ-КПГ.

Во својот реферат на Пленумот на тема "ситуацијата во Грција, единството и борбата на народот за демократска преобразба" секретарот на ЦК на КПГ В.Бацотас во врска со т.н. југословенско прашање рече:

" Нашите односи со Тито

Ќе се задржиме овде на едно сериозно прашање кое посебно ги трогнува Грците и Славомакедонците комунисти и целиот наш народ. Се работи за нашите односи со Тито, со Сојузот на комунистите на Југославија. КПГ ја поздрави и ја одобри од првиот момент со сите средства со кои располагаше иницијативата на ЦК на КПСС за нормализација на односите помеѓу Советскиот Сојуз и Федеративна Република Југославија, за поновото воспоставување на пријателските врски меѓу К КПСС и СКЈ.

Не постои никакво сомневање дека прекинувањето на нашите односи со Југославија во 1948 година, тогаш кога борбата на ДАГ се наоѓаше во најкритичната точка, ни направи голема штета (главна морална и политичка). Тоа е факт. КПГ верува дека нормализацијата на тие односи и политиката што е формулирана во декларацијата Булганин-Тито, ке има позитивно влијание во борбата на нашиот народ, за измена на надворешната и внатрешната политика на Грција. КПГ исто така смета дека една редица прашања во минатото што ги труеа нашите односи со Сојузот на комунистите на Југославија, со изминување на времето ќе го најдат своето правилно решение врз принципите на пролетерскиот интернационализам и взаемно другарско разбирање.

КПГ од својатстрана, во координација со тоа што се прави од страна на братските партии, ќе ги превземе нужните мерки за да се отстранат сите непријателски влијанија што ги отежнуваа односите меѓу КПГ-и СКЈ[445].

Пленумот по тоа прашање усвои посебна декларација во која меѓу другото се вели: "... Нормализацијата на односите и воспоставувањетоо на братски односи меѓу комунистичките и работничките партии и Сојузот на комунистите на Југославија само добро му донесува на светскиот лагер на мирот, на демократијата и на социјализмот, ќе даде огромна помош во делото на мирот и прогресот, на народите на Балканот, ќе има позитивен одраз врз демократските процеси и во нашата земја" 446)

Како што може да се види од рефератот на Барцотас и од декларацијата на Пленумот, раководството на КПГ на чело со Захарјадис продолжува да ја прикрива суштинската причина за конфликтот. Констатира само дека прекинувањето на односите меѓу КПЈ-КПГ во 1948 година и нанесе штета на борбата на ДАГ, дека нормализацијата на односите е во корист на демократското движење на Грција и слично, но, без ништо да каже кој е виновен за настанатата ситуација во 1948 година. Дури може да се добие впечаток дека виновник за тоа е југословенското раководство. Поинаку неможе да се објасне ставот изнесен од Барцотас дека една редица прашања што во минатото ги труеа односите меѓу КПГ и СКЈ во текот на времето ќе бидат отстранети. Таквиот непринципиелен, недоследен и нејасен став на грчкото партиско раководство најмалку придонесуваше несамо за нормализирање на односните и стекнување на доверба и соработка меѓу двете партии, туку и на процесот за отстранување на негативните последици од резолуцијата на ИБ и Сталинизмот и воспоставување на рамноправни односи меѓу партиите.

4. Интервенција на шесте комунистички партии во КПГ

а) Шестиот пленум на ЦК на КПГ

Како што наведовме Захарјадис на V-от пленум (декември 1955) *не само што не ги извлече* нужните консеквенти и заклучоци од политиката на новото советско раководство, туку напротив и понатаму продолжи да му се спротивставува, дури и да го обвинува за помош на фракционашката група, за организирањето на ташкенските настани, односно за мешање во внатрешните работи на КПГ. Новото Советско раководство на чело со Хрушчов цврсто одлучено да ја примени својата политика не беше готово да толерира било каква опозиција од другите комунистички партии, а најмалко од КПГ која се наоѓаше под негова непосредна контрола.

Со цел да се пресмета со Захарјадис, за време на одржувањето на XX-от конгрес на КПСС во февруари 1955 год.

по иницијатива на Хрушчов е формирана т.н. Меѓународна комисија од шест комунистички партии и тоа: од КП на Бугарија претставена од Ѓунков, од Партијата на унгарските вработени претставена од Ковач, од Обединетата работничка партија на Полска претставена од Мазур, од Работничката партина на Романија претставена од Ѓеорги Ѓерогиу Деж, од КПСС претставена од Ќусинец ид од КП на Чехословачка претставена од Барак. За претседател на комисијата е избран романскиот претставник Ѓорги Ѓеоргиу Деж. Формирањето на комисијата е мотивирано со тоа дека наводно некои членови на ЦК и многу членови на КПГ испратија писма и изјави до наведените и други партии во кои се жалеа за ненормалниот режим и лошата состојба на КПГ создадена поради недозволени грешки и грубото нарушување на принципите на внатрешно-партиската демократија итн. од страна на Захарјадис и молеа да интервенција за средување на состојбата.

Комисијата својата работа ја започна на 25 февруари 1956 година во Москва. Генералниот секретар Никос Захарјадис и секретарот на ЦК на КПГ Василис Бартотас повикани од Комисијата не покажаа готовност да ги стават под анализа и критика своите грешки и на 26 февруари поднесоа барање да бидат ослободени од своите должности во КПГ, кое беше прифатено, а Захарјадис изјави дека нема да учествува во работата на наредниот пленум.

Потоа Комисијата на шетте партии привремено го презеде во свои раце раководството на КПГ и го свика Шестиот пленум на ЦК на КПГ.

Пленумот е одржан во Букурешт во март 1956 година на кој реферат поднесе Ѓ.Ѓ. Деж, претседател на комисијата и секретар на ЦК на Работничката партија на Романија.

Референтот се задржа на политичката линија и политичките грешки на раководството на КПГ; на прашањето за грубото нарушување на внатрешнопартиската демократија и на ленинистичките правила на партискиот живот, иннорирањето на колективното раководство и култот кон личноста на Захарјадис;

недостиг на грижа на раководството на КПГ на прашањето околу обезбедноста на илегалните кадри, на главните и непосредните задачи на КПГ и друго.

Пленумот изврши осврт на активноста на КПГ од 1940 до 1956 година. Писмото на Захарјадис во октомври 1940 година за грчко-италијанската војна е окарактеризирано како грешка, бидејќи безрезервно ја подржуваше владата на Метаксас; грешка сторил Захарјадис; се рече на Пленумот, затоа што на XII-от пленум одржан во јуни 1945 година, не само што не ги осуди грешките во првата окупација, туку линијата и политиката на раководството на КПГ ја оцени како правилна и единствено можна. Погрешен и антисоветски е оценет ставот на Захарјадис изнесен на XII-от пленум, дека една реалистичка надворешна политика на ЕАМ-ПЕЕА ќе требаше да се движи главно на два пола: Европско-балканскиот со центар на Русија и Средоземниот со центар на Англија. Правилна надворешна политика ќе беше даа што ке претставуваше една грчка осовина која ке ги поврзуваше двата пола, со кој став го изедначуваше Советскиот Сојуз со Англија. Шовенистичка е окфалификувана неговата изјава од јуни 1945 година за Северен Епир. Решавачка негова грешка според оценките на Пленумот, е апстиненцијата од парламентарните избори во март 1946 година и покрај сугестиите на КПСС да учествува во истите и учеството во плебисцитот. И покрај тоа што на II-от пленум во февруари 1946 година се определува за вооружена борба, допушти да изминат петнаесет месеци без да зема никаква практична мерка за зајакнување на истата и само од втората половина на 1947 г-одина почна да ја води борбата некако поинтензивно се вели во решенијата на Пленумот. ДАГ иако храбро се бореше, е поразена поради непостоење на подготовка за борбата, нејасна стратешка цел, противречности, колебања, секташка политика и друго.

Во врска со ставот на Захарјадис спрема КПЈ во рефератот на Ѓ.Ѓ. Деж се вели: "... Не може да не се забележи дека кај многу членови на КПГ предизвикаа и предизвикуваат оправдани сомневања заклучоците на Третата конференција на КПГ (1950) во врска со причините за поразот на вооружената борба во 1946-1949 година. Во резолуцијата на конференцијата поразот се објаснува главно со причини од надворешен карактер.

Од тоа гледиште, треба да истакнеме, дека Комисијата и многу Грци комунисти не го разбираат молчењето на раководството на КПГ по југословенското прашање кое продолжи до декември минатата година и очигледната неготовност да ја ревидира старата линија по тоа прашање линија што на широко е формирана и формулирана од Захарјадис на Третата конференција ("предавникот" "удар од грб" итн). И нешто повеке. Захарјадис продолжува да ги ориентира членовите на Комунистичката партија по тоа прашање,во духот на решенијата на Третата конференција, како што стана во неговите говори одржани во Ташкент. Истото гледиште Захарјадис го застапуваше и во текот на дискусијата со Комисијата".[447)]

Поради горенаведените и други грешки Пленумот одлучи да го суспендира Захарјадис од функцијата генерален секретар на ЦК на КПГ како главен виновник за грешките на КПГ и Василис Барџотас од секретар на ЦК и привремено од ПБ бидејќи слепо ја применуваше политиката и методите на Захарјадис. Пленумот избра времено биро на ЦК на КПГ со претседател Апостолос Грозос, а Секретар Костас Колијанис.

Новото раководство на КПГ избран на VI-от пленум, во духот на политиката на КПСС спрема Југославија, превзеде некои мерки за нормализирање на односите со КПЈ. Во мај 1956 година ЦК на КПГ објави посебна резолуција во која ги изнесува своите оценки и ставови за причините на прекинувањето на односите меѓу КПГ и КПЈ во 1948 година, за настојувањето на Захарјадис со клевети, инсинуации и друго да ја префрли

одговорноста за поразот на ДАГ врз КПЈ; за строгите казни и репресалии врз борци во врска со Југославија; за готовноста на КПГ да ги нормализира односите со КПЈ; за рехабилитација на казнетите членови на КПГ во врска со политиката на КПГ спрема КПЈ.

Резолуцијата која ја пренесуваме во целост гласи:

"5. Резолуција на ЦК на КПГ за односите со КПЈ

1. Прекинувањето на односите меѓу комунистичката партија на Грција и комунистичката партија на Југославија во 1948 година како последица на сега разоткриената провокаторска дејност на Берија, го оштети делото на двата народа, како и делото на светскиот лагер на мирот, демократијата и социјализмот.

2. Фактот дека во продолжение раководството на КПГ по иницијатива на др. Захарјадис настојуваше со клеветнички измислици за "ударот од грб" да ги префрли одговорностите за поразот на вооружената борба 1946-1949 врз братската комунистичка партија на Југославија,уште повеке го комплицираа прашањето колку од грчко-југословенска, толку и од меѓународна страна.

3. Таквиот ненормален пресврт на односите на двете партии, на КПГ и КПЈ, од една страна не дозволи спокојна и другарска дискусија на меѓународните партиски прашања и од друга страна создаде збрки кај членовите на партијата и кај другите наши борци и со внатрешнопартискиот режим на отстапување од ленинистичките принципи кои преовладеа во КПГ, превземени беа антистатутарни мерки, беа изречени строги партиски казни, се случија недозволени самоволија против другари, кои изразуваа сомневања за причините на нашиот пораз или преминаа после поразот во територијата на ФНР Југославија.

4. Воспоставувањето на односите меѓу Советскиот Сојуз и Федеративна Народна Република Југославија, што стана со средбата на другарите Хрушчов, Булганин и Тито во 1955 година во Белград, искрено беше поздравено од комунистите и пријателите на прогресот во Грција.

Целата дејност на КПГ е напоена од пролетерскиот интернационализам. Тргнувајќи од тоа како и од патриотските и демократските традиции на нашиот народ и потпрена врз одлуките на VI-от пленум на ЦК, КПГ смета за своја должност да култивира и развива братски односи со сите комунистички и работнички партии. Тоа ќе биде само во полза на делото на мирот, на демократијата и социјализмот.

Централниот комитет на КПГ, реши:

а) Да им објасни со погорниот дух на членовите на КПГ целокупната досегашна политика спрема Сојузот на комунистите на Југославија.

б) Ја задолжува Централната контролна комисија на КПГ во духот на одлуките на VI-от пленум испита секој поединачен случај на член на КПГ што е казнет во врска со нашата политика спрема СКЈ до VI-от проширен пленум на ЦК на КПГ"[448].

Исто така во духот на пленумските решенија, ЦК на КПГ донесе засебен документ со кој македонските организации - НОМС и АФЖ се рехабилитирани и се окарактеризирани како националноослободителни и демократска организација на македонскиот народ од Егејска Македонија.

И покрај тоа што КПГ, како што се гледа од содржината на горе-наведената резолуција, не изврши целосна и научна анализа за суштинските причини на судирот и прекинувањето на своите односи со КПЈ, сепак оваа резолуција претставува чекор напред за надминување на лошото минато и отварање на процес за воспоставување на нормални односи меѓу КПГ и СКЈ. Во рамките на тие напори Бирото на ЦК на КПГ на 25 октомври 1956 година објави посебно соопштение за рехаби-

литација на сите што беа казнети од раководството на Захарјадис за време на антијугословенската хајка. Во соопштението се вели: "...Внимателно проучување и испитување на секој од случаите на прогоните покажува дека главна причина беше фактот дека тие другари откажаа да ги прифата неоснованите обвинувања против ФНР Југославија..."[449)]

Шестиот пленум од страна на новото раководство на КПГ е окарактеризиран како историски. Меѓутоа, таквата квалификација не одговара на фактичката положба. Пленумот и покрај тоа што го сруши митот на Захарјадис, ги осуди неговите постапки и политика, тој периферно го објасни култот на личноста во КПГ и изоловано ги разгледа "грешките"на поединецот .

Не е предмет на ова наше излагање да се задржиме на причините за појавата на култот на личноста во редовите на комунистичкото движење воопшто и во КПГ посебно. Само ќе кежеме спротивно на оценските на VI-от пленум на КПГ, дека деформациите во комунистичкото движење не се резултат од дејноста на еден човек, туку на еден систем. Тој заклучот го изведуваме, бидејќи суспендирањето на Захарјадис не само што не ги отстрани кризите и конфликтите во КПГ, туку уште повеке ги заостри и доведе до нејзин расцеп и создавање на повеке крила. И во случајот на КПГ се потврди познатата теза на КПЈ дека интервенцијата на една партија во внатрешните работи на друга партија, не само што не ги отстранува кризните состојби во неа , туку уште повеке ги заострува. Начинот, методите и средствата што беа употребени од страна на шестте земји од Источниот блок на чело со Советскиот Сојуз за отстранувањето на захаријадисовото раководство на КПГ доведе до познатите резултати-расцеп на КПГ формирање на две комунистички партии и повеке антагонистички групи,(Парцадидовци, Колијановци, Марковичеви, Маовци и др.).

Таквата состојба беше основната причина поради што КПГ не можеше да изврши научна и објективна анализа за своите грешки во минатото, за појавата на култот на личноста

и митот на Захарјадис, деформациите во своите редови и изгради политичка линија, стратегија и тактика врз марксистички основи. Исто така таквата состојба се одрази, како што ќе видиме во нашето излагање, и врз односите меѓ КПГ и КПЈ

Како што наведовме ЦК на КПГ во мај 1956 година изрази готовност за нормализирање на своите односи со КПЈ. Меѓутоа, изразената готовност остана само како декларативна желба, без да се превземаат некои конкретни чекови. Тоа пред се се должи на фактот дека луѓето што го заменија захаријадисовото раководство не беа помалко виновни за прекинувањето на односите и за неправдите и клеветите извршени врз КПЈ. Освен тоа, новото раководство на КПГ безрезервно се солидаризира со советското раководство во новите напади притив КПЈ формулирани во писмото на ЦК на КПСС од септември 1956 година доставено до раководствата на другите комунистички партии во кое се критикуваа и се напаѓаа некои аспекти на политиката на СКЈ, за специфичниот југословенски пат кон социјализмот, самоуправувањето - југословенската пракса воопшто. Исто така раководството на КПГ се солидаризира со КПСС со судирот што настана по повод ставот на СКЈ за настаните во Полска и Унгарија и воената советска интервенција во Унгарија. Разбирливо е дека СКЈ имајќи го во вид наведениот однос на раководството на КПГ, неможеше да се согласи врз таква основа да води дијалог со него за нормализирање и проширување на односите.

6. Писмото на Никос Захарјадис до ЦК на КПСС

Како што наведовме Никос Захарјадис пред меѓународната партиска комисија не призна дека направил грешки од решавачко значење за движењето, дека водел секташка и националистичка политика и друго; поднесе оставка од функцијата генерален секретар на ЦК на КПГ и одби да присуствува на VI-от пленум на КПГ. После тоа за еден период работи надвор од Москва. Захарјадис продолжи, иако изолиран на разни начини да ја раководи борбата на неговите привржаници против новото раководство на КПГ (кое го нарекуваше назначено од советите) и Советското раководство обвинувајќи ги како реви-

зионисти и лично.

Охрабрен од настаните во Полска и Унгарија во октомври-ноември 1956 година и острата критика од некои западни комунистички партии и од СКЈ и од осудата на меѓународното јавно мнение против советската воена интервенција во Унгарија се одлучи јавно да го обвини советското раководство за "грубо мешање во внатрешните работи на КПГ, за организирање на ташкентските настани, за расцеп и распаѓање на КПГ" и друго. Захарјадис тоа го стори со неговото писмо со дата од 30 декември 1956 година до ЦК на КПСС со наговестување дека копие од истото писмо испрати до КП на Италија, на Франција и на некои други западни комунистички партии. Захарјадис писмото го испрати отткако копие од истото растури меѓу своите приврзаници.

Во писмото Никос Захарјадис меѓу другото пишува: Меѓународната комисија е формирана против волјата на членовите на КПГ. Претседателот на комисијата, продолжува Захарјадис, изјави дека има добиено стотици писма од членови на КПГ кои содржат идентични обвинувања против Захарјадис, но во негови раце нема ниту едно писмо и кога му побарав да ми покаже барем едно од тие стотици писма, неможеше да ми претстави ниту едно. Комисијата ме испрати да ме судат и да ме осудат без КПГ".

Во продолжение Захарјадис пишува: Кризата во КПГ е создадена вештачки и надвор од КПГ со насилствена и неоправдана интервенција во внатрешните работи на КПГ. Од 1950 година Советските органи за давање помош на бегалците во Ташкент почнаа систематски да создаваат меѓу нив и во организацијата на КПГ во Ташкент своја агентурска организација. Таа агентурска организација имаше за задача не толку да се грижи околу будноста, колку да реализира една политика на фракционашка антипартиска работа". Откако наведува дека високи советски раководители регрутираа агенти од редовите на КПГ и создадоа авоја агентурска мрежа, Захарјадис продолжува: "... Немаа никаква оправдаа создаваат и да одржуваат во партискатаа организација во Ташкент и во КПГ нивна агентурска мрежа". Понатаму зборувајки за членот на ЦК на КПСС

Кусинев, вели: " Кусинев нема никакво право да ја претвара КПГ во свој агентурски чифлик". Претставувајќи ја линијата што ја водел за правилна, Захарјадис во продолжение на писмото додава:" Јасно мали другарот Кусинев политичката смелост да го постави отворено пред КПГ прашањето за секташтво внатре во КПГ?" Тоа воглавно содржи писмото на Никос Захарјадис што му го испрати на ЦК на КПСС.[450]

Советското партиско раководство го запозна раководството на КПГ со содржината на ова писмо.

Писмото е поставено на дневен ред на VII-от пленум на ЦК на КПГ одржан во февруари 1957 година во кој беше оквалификувано како антисоветски, антикомунистички, антипартиски и непријателски памфлет.

VII пленум на КПГ и односните со КП на Југославија

Од 18-24 февруари 1957 година во Букурешт е одржан VII-от проширен пленум на ЦК на КПГ. На овој Пленум се согласи да присуствува и Никос Захарјадис со цел да ја брани и ја оправда политиката, стратегијата и тактиката на КПГ за времето кога тој бил нејзин раководител. Пленумот го следеа делегации на КПСС и на КП Романија.

Главна цел на Пленумот е дефинитивната пресметка со Захарјадис. Не е задача на овој наш труд да го анализираме организирањето, текот на работата и решенијата на овој драматичен пленум на КПГ. Тоа што сметаме за потребно да кажеме е дека целокупната политика на Захарјадис е оценета како авантуристичка, секташка, левичарска дури и сомнителна, поради што се должеше поразот на демократското движење. Пленумот го исклучи Захарјадис од редовите на КПГ, а неговите најтесни соработници Василис Барџотас, Ѓеоргиот Вондисиот Гушас и Димитрис Вландас ги суспендира од членови на ЦК на КПГ и ги исклучи од секаква одговорна партиска работа.[451]

Нас овде не интересира ставот на Пленумот, односно на свикувачите на истиот спрема КПЈ. VII-от пленум по тоа прашање во споредба со VI-от направи чекор назад. Во рефератот и во документите на Пленумот се наведени опширно

грешките на захаријадисовото раководство и последиците од истите. Но ништо не е кажамо за една од најкрупните "грешки" на Захарјадис. Имено, како што констатира и резолуцијата од мај 1956 година и соопштението на ЦК на КПГ од 25 октомври истата година, Н. Захарјадис со цел да ја симне одговорноста од себе за поразот на движењето, ја обвини Југославија и македонските организации НОФ-НОМС и АФЖ за соработка со империјалистите и монархофашистите, за удар од грб, односно "предавството на Тито" е решавачки фактор за таквиот исход на движењето. Актерите на VII-от пленум не само што не се произнесоа по тоа многу суштествено прашање туку дури тие не реагираа на настојувањето на Захарјадис и во овој Пленум брани исти став. Еве што рече тој во врска со причините за поразот на ДАГ: "... Другари, уште едно прашање во врска со тоа. Југословенскиот случај. Југословенската криза што е создадена во 1948 година и ни го откри грбот на Грамос и на секаде, во тие услови одигра решавачка улога..." 452)

И покрај таквиот недоследен и нејасен став, грчкото партиско раководство настојуваше да воспостави односи со СКЈ. На 31 мај 1957 година раководството на КПГ му испрати писмо на ЦК на СКЈ во кое предлага средсба на делегации на двете партии за размена на мислења за поопштите проблеми од заедничката борба на двете партии, како и за некои проблеми што се однесуваат на политичките бегалци од Грција (се однесува на Македонците) што се наоѓаат во СФРЈ и имаат семејства во источно-европските земји.[453] Конкретно од страна на КПГ се предложени за дискусија на средбата следните прашања:

1. Бегалците од Грција што се наоѓаат во Југославија да примат печат и литература на КПГ.

2. Да се урегулира прашањето така што да живеат партиски живот членовите на КПГ што останаа во Југославија по повлекувањето на ДАГ и оние што се преселија и во продолжение се преселуваат во Југославија од Ташкент и од другите народни републики.

3. Да се регулира прашањето за обединување на семејствата на бегалците и обединувањето да стане во земјата која тие самите ке ја предложат. Во продолжение на односниот документ се вели дека КПГ наводно преку Унгарија примила масовни писма од бегалци кои сакаат да се иселат од ФНРЈ и да одат при своите семејства кои се наоѓаат во други републики. Исто така се тврди дека примила поединачни писма од бегалци од Ташкент и другите народни републики кои ги бараат своите роднини(жени, деца, родители, браќа) од ФНР Југославија.[454)]

Прозирна е тенденцијата и настојувањето на раководството на КПГ да ги стави под своја контрола Македонците бегалци од Егејска Македонија. Југословенското раководство изразувајки ги желбите на самите Македонци бегалци, неможеше да се сложи со таквото настојување на КПГ. Што се однесува на прашањето на обединувањето на семејствата југословенската влада го постави истото врз принципот на желбата и доброволноста на самите бегалци и меѓународните вообичаени норми и регулативи. Тврдењето на раководството на КПГ дека примило масовни писма од бегалци кои живееле во ФНРЈ за преселување во источно-европските земји не одговара на вистината и тоа во врска со кампањата што ја водеше во тоа време КПГ да го спречи масовното репатрирање на Македонците од источно-европските земји во Југославија.

Предложената средба од страна на КПГ не можеше да биде прифатена од страна на КПЈ, бидејќи како што навидовме не само што на VII-от пленум не беше осудена антијугословенската политика и активност на Захарјадисовото раководство, туку и во него од некои дискутанти, како од Коатас Колијанис ,Коста Гацев и други, КПЈ е нападната за ревизионизам и слично.[455)]

Неоспорна е констатацијата дека раководството на КПГ своите односи со КПЈ не ги засновуваше и не ги градеше раководејќи се од принципиелни позиции и од интересите на грчкото демократско движење, туку секогаш ги подредуваше на политиката и ставот на советското раководство. Така на пример

кога КПСС го напаѓаше и југословенското раководство поради неговиот став во врска со Унгарските настани, раководството на КПГ веднаш се солидаризира со оваа антијугословенска кампања, а кога во август 1957 година по средбата на Тито-Хрушчов во Романија беа подобрени односите меѓу КПЈ-КПСС, грчкото партиско раководство превзеде акции за средба со КПЈ со цел да се воспостават односи и тн. Таква недоследност на грчкото раководство забележуваме по повод заоструваѓето на односите меѓу КПЈ и КПСС поради непотпишувањето на декларацијата на комунистичките партиии на лагерот во ноември 1957 година во Москва, нападите врз програмата на КПЈ и тн.

Недоследноста и непринципиелноста на новото раководство на КПГ спрема Југославија најизразито се манифестира на VIII-от конгрес на КПГ одржан во август 1961 година. Секретарот на ЦК на КПГ Костас Колиѓанис осврнувајќи се во својот реферат поднесен на Конгрсот на причините за поразот на ДАГ меѓу другото рече: "... Во исходот на таа борба повлијаеа и други фактори кои треба да ги земаме во предвид. Пред се треба да ја истакнеме империјалистичката интервенција на Англија на почетокот и на САД во продолжение. Тој беше еден фактор што раководството на партијата, завземајќи ја одлуката за вооружена борба требаше без-друго да го зема во предвид. Еден друг фактор што треба овде да се потенцира е скренувањето на раководителите на Југославија што создадеа додатни сериозни тешкотии за нашето движење и му помогна на монархофашизмот..."

Колиѓанис и овој пат ги повтори клеветите на Захарјадис од времето на Информбирото за наводна "разбивачка" дејност на Југословените меѓу Македонците од Егејска Македонија. Еве што меѓу другото во врска со тоа рече тој: " Еден значаен дел од нашите бегалци се Славомакедонци од грчка Македонија кои заедно со Грците се бореа за да не стане Грција зависна на империјалистите, за нивната слобода. Во тие борби се создадени неразрушиви врски меѓу Грците и Славомакедонците. Тоа единство претставуваше мета на нашите заеднички непријa-

тели и особено на југословенските ревизионисти, кои користејќи го угнетувањето на славомакедонското малцинство од плутократската улигархија на Грција систематски го бојкотираа со разбивачки и шовенистички пароли."456)

Од цитираниот дел од реферетот на Колиѓанис јасно се гледа ставот на раководството на КПГ спрема Југославија и причините поради кои југословенското раководство не можеше да се согласи да води дијалог со раководството на КПГ за воспоставување на пријателски и братски односи меѓу двете партии. Коренитe на разногласијата меѓу КПГ и КПЈ беа длабоки. Тие произлегуваа од тоа што во КПГ ништо суштинско не беше изменето. Во раководството на КПГ не само што беа задржани учениците и најблиските соработници на Захарјадис, туку во раководењето на партијата се применувани истите методи. Тие се причините поради што и денес се продолжува во разните публикации да се лансираат исти лаги и клевети од времето на Информбирото против Југославија и тоа несамо од привржаниците на Захарјадис туку и од перото на раководители и историографии на КПГ за странство. Така например авторот на седумтомнатаа историја Ѓорѓи Кацулис која скоро излезе од печат, се обиде како што тврди тој" Научно и марксистички да го докаже отстапувањето на КПЈ од марксизмот-ленинизмот и штетите што му ги нанесе на грчкото ослободително движење" 457)

И од ова тврдење на Г.Кацулис се гледа дека во КПГ ништо суштествено не е изменето.Во услови кога се прават напори за зближување на балканските народи, за зајакнување на прогресивните демократски сили, за зацврстување на односите меѓу југословенскиот и грчкиот народ раководството на КПГ со такви антијугословенски клевети не само што не придонесува во тој ннапор, туку ја дезинформира и ја труе грчката јавност, И не само тоа. Во деградацијата на својата етика падна толку ниско што прифати дури расна теорија, односно теоријата на висока и ниска нација. Така на пример наведениот Кацулис во истиот труд напаѓајки го ставот на Захарјадис по македонското прашање во јануарскиот пленум(1949), безобзирно пишува:" Да го откопуваш НОФ и македонските раководители и да ги сметаш за рамноправни и еднакви борци на ДАГ и на револуционерното движење, се работи кој најмалку спаѓаат во надлежност на психијатрите". 458)

На крајот да наведеме дека после расцепот на КПГ во февруари 1968 година информирање на две комунистички партии на Грција- на КПГ во земјата и КПГ во странство, КПЈ воспостави односи со КПГ во земјата.

Г Л А В А XXVII

Тајната македонска организација

"Егејска Зора" во Полска

Суспендирањето на раководството на КПГ на чело со Никос Захарјадис на VI-от пленум на ЦК на КПГ со големо задоволство и олеснување беше примено од грчките и македонските комунисти и од целиот народ. Тоа задоволство и олеснување произлегуваше од ветувањата што ги даваа пленумските решенија дека ке се тури крај на ненормалниот внатрешен партискиот режим во КПГ, самовољата, репресалиите и слично и ќе се создадат услови за критички осврт и анализа на грешките кои беа причина за поразот на две револуции во текот на едно десетолетие.

Македонците со уште поголемо задоволство, олеснување и надежи ги дочекаа најавените промени во КПГ. Тие не само што очекуваа да престане прогонот против нив врз основа на монтираното и стереотипното обвинение "титов агент", туку и поголеми права на македонска национална основа. Меѓутоа, што се однесува на втората надеж- поголеми национални права- се случи обратното. Не само што тие беа проширени нивните национална права, туку напротив тие беа ограничени, стеснети. Во духот на споменатиот Пленум новото раководство на КПГ ја расформира организацијата "Илинден", ја укина македонската радио-емисија, го забрани излегувањето на македонското списание "Илинден", постепено ги укина македонските страници во весниците на политичките бегалци и друго. Овие акции на КПГ создаваше поволна ситуација за ширење на големобугарската пропаганда во редовите на македонската политичка емиграција во источно-европските земји. Емисари на славјански комитет, на бугарските дипломатски претставништва и други бугарски агенти почнаа да крстараат по тие земји, да растураат литература со големобугарска содржина во однос на Македонија, да составуваат списоци за иселување односно за преселување на Македонците во Бугарија ветувајќи им разни

привилегии и друго.

Македонците свесни за положбата и опасноста со која се соочаваа природно беше да се спротивстават на таа, а тоа можат да го постигнат само организирано, односно преку своја национална организација. Меѓутоа новото раководство на КПГ со цел да се претстави дека е попатриотско од захаријадисовото, односно да го покаже и истакне својот грчки патриотизам, секој таков обид го оневозможуваше со сите возможни средства. Таквата политика, новото раководство на КПГ ја оправдуваше со тоа дека политиката на Захарјадис по македонското национално прашање била штетна за движењето воопшто и за самите Македонци. Посебно се потенцираше дека постоењето на македонски организации не помага во сплотувањето на демократските сили и на грчкиот народ во еден демократски фронд. Исто така распуштањето на македонските организации и другите македонски институции се мотивираше со тоа дека тие беа формирани на антијугословенска основа.

Македонските политички бегалци во источно-европските земји неможеа да се согласат со една таква политика насочена против нивните права. Тие бараа патишта и начини за да ги сочуваат своите права и придобивки. Во почетокот се обидоа да формират свои културно-просветни друштва, сојузи и слично. Така на пример бегалците од Костурско настанати во полскиот град Вроцлав пристапија кон формирање културно-просветно друштво. Меѓутоа обидот од страна на КПГ беше окарактеризиран како сомнителен и забранет.

Во истата 1956 година во наведениот град Вроцслав се одржа состанок на македонски кадри кои живееа и работеа во тој град. Состанокот ја осуди организацијата "Илинден" како орудие кое служеше за исполнување на целта во антијугословенската Инфорбировска кампања, а со тоа го рушеше единството меѓу Македонците, бараше да се рехабилитират сите Македонци кои настрадаа обвинети како титовисти и слично.

Покрај тоа на состанокот беше донесена одлука да се оснива здружение на Македонците бегалци, надвор и независно од здружението на политичките бегалци од Грција "Никос Белојанис" со свој засебен орган и слично.

Во наведената одлука меѓу другото се вели дека самиот живот покажа дека македонските бегалци кои живеат во НР Полска имаат потреба од свое здружение кое ќе има чисто народен национален македонски карактер. Здружението ќе треба, се вели понатаму во одлуката , да има свој новинарски орган, оделно од органот на политичките бегалци од Грција во Полска "Демократис" кој би ги задоволувал барањата и би ги изразувал желбите на македонските бегалци.

Во врска со овој состанок и барање на Македонците, споменатиот орган на политичките бегалци од Грција во Полска "Демократис" во својот број од 8 ноември 1956 година објави статија во која го изнесува ставот на КПГ по тоа прашање. Во статијата меѓу другото се вели: "...Ширењето меѓу македонските другари такви гледишта, кријат во себе многу опасности и ќе донесат спротивни резултати од оноа што другарите на состанокот во Воцслав го заклучија и предложија и еден таков пат не води кон зацврстување на братството и единството меѓу македонскиот и грчкиот народ..."

Со донесените заклучоци и предлози на овој состанок, пишува понатаму весникот, изгледа дека се прави обид да се формира едностpана организација за реализирање целите и стремежите на Македонците. Од поставената цел, пишува "Демократис", се гледа дека здружението сака да ја гради, популаризира и развива македонската култура, да ги популаризира сите достигања на културно-просветниот сектор, да ги негува и оживотворува старите славни традиции на Македонците, да ги запознава македонците бегалци со крупните успеси на НР Македонија, како и со животот на самите македонски бегалци. А од тоа произлегува, пишува понатаму весникот, дека се прави уште еден обид да се натури мислењето дека желбите на македонските бегалци не се исполнуваат кога се заедно со Грците и кога се борат заедно во исто здружение

и под единствено раководство.Таков заклучок произлегува кога се тврди дека здружението треба да биде независно од сојузот" Никос Белоѓаѓис", бидејќи само така ќе стане можно да се исполат волјата целост желбите на македонските бегалци".[459]

Преди да се појави наведената статија во весникот "Демократиш" преку која се гледа дека КПГ категорички беше против формирањето на засебно македонско здружение, беше развиена остра полемика меѓу македонски читатели и редакцијата на тој весник. Имено, еден дел од младата македонска интелегенција во Полска, истапува отворено и се бори за емаципација на македонската емиграција. Така на пример во 1956 година неколку млади Македонци интелектуалци во едно отворено писмо до редакцијата на весникот "Демократис" бараат македонската страница на весникот да ги застапува интересите на Македонците. Во писмото меѓу другото се бара :

1. Страницата да ги запознава македонските емигранти во НР Полска со меѓународните настани, меѓународната политика и положението на народот во Грција

2. Да им се створи услови на читателите да го обогатуваат и развиват својот мајчин македонски литературен јазик. Ние сметаме, се вели понатамо во писмото, дека македонската страница на весникот "Демократис" од многу време не одговара на таа задача, а напротив прави штета за развитокот на литературен јазик кај Македонците.

Во писмото во продолжение се бара македонската страница во весникот "Демократис" да се потпира на граматиката на Блаже Конески, која според мислењето на авторите на писмото, е единствената граматика на македонскиот литературен јазик, на кој што се применува во школите, театрите, оперите и универзитетот на НР Македонија..."[460]

Редакцијат а на македонската страница на весникот Демократис на горе наведеното писмо одговори дека не е во состојба да одговори и нити е компетентна да го реши горното прашање. Прашањето, според Редакцијата на македонска страница, спаѓа во надлежност на министерството за просвета на НР Полска кое е поврзано и со издавањето на учебници

за македонските училишта и детски домови. Освен тоа, се вели на крајот во писмото, колективот на Редакцијата за да ја изврши таа промена на јазикот односно да го примени македонскиот литературен јазик на НР Македонија, потребно и неопходно е самата Редакција наполно да ги совлада тие граматички правила, односно македонскиот литературен јазик.[461)]

Во одговор на ова писмо дадено од македонската Редакција на весникот "Демократис" младите македонски интелектуалци Мартиновски Васил и Ациев Вангел не останаа задоволни. Еве што, меѓу другото, пишуваат тие во наредното свое писмо до наведената Редакција:

"Ние не се согласуваме со вашиот одговор дека за менувањето на граматичките правила на јазикот во весникот "Демократис" е зависно од министерството за просвета на НР Полска. Тоа е апсурт. Според нашето мислење од министерството можат да зависат техничките работи сврзани со издавањето на македонски читанки, или издавањето на весник. И не чуди смелоста што ја има редакцијата да го меша министерството за просвета на НР Полска со македонската граматика, кога за таа граматика решија луѓе од раководството на организацијата "Илинден". Верумаме дека Редакцијата ја разбира големата штета што ја донесе сред македонската емиграција граматиката на македонски јазик на издателството "НЕА ЕЛАДА". Ќе беше подобро ако Редакцијата своите одговори на таков вид прашање ги публикува во весникот "Демократис", бидејќи тоа ќе овозможи дискусија со учество на многу читатели".[462)]

Во еден свој опширен реферат што споменатиот Мартиновски во 1956 година сакаше да го изнесе на состанокот пред читателите на весникот "Демократис" меѓу другото пишува: " Реформаторите" на македонскиот литературен јазик решија да створат слепски јазик, зашто само така може да се окарактеризира таа постапка. Они не помислија дека поделбата на македонскиот јазик на "Егејски" и "Вардарски" е нелогично. Но ако они имат мнение дека ќе ги принудат Вардарците да ја признат нивната граматика како единствена и правилна грамати-

ка на македонскиот јазик, е сосема смешно! Денеска на секому му е јасно дека секакво културно развитие со македонска содржина се очекува единствено од Вардарска Македонија. Единствениот македонски јазик кој се признава во научниот свет, е писмениот јазик на Вардарска Македонија, јазикот кој таму се предава по македонските училишта, јазикот кој се говори во театрите и Универзитетот на НР Македонија.."[463]

Овој реферат Мартиновски не успеал лично да го прочита на гореспоменатиот состанок, бидејќи на 29 август 1956 година загинал во сообраќајна несреќа на еден многу загонетен и се уште необјаснет начин. Рефератот го прочитал неговиот пријател и истомислител Вангел Ациев.

Младите македонски интелектуалци во Полска исто така бараа да се формира една нова македонска организација со чиста национална ориентација, но обидите кон тој правец не успеаја. Такви обиди има и понатаму. Пример на партиската конференција на комунистите политички бегалци од Грција во Полска за избор на делегати на VII-от пленум на ЦК на КПГ што се одржа во 1957 година, Македонците побараа да им се даде право да формират своја засебна организација. Се разбира такво право и овој пат не им било дадено.[464]

На таквите тенденции и оправдани барања на Македонците, раководството на КПГ енергично реагираше. Така на пример претседателот на ЦК на КПГ Апостолос Грозос на 11 јули 1956 година се обрати со телеграма до ЦК на КП Полска со која бараше да се одбијат таквите барања на Македонците. Тој во телеграмата, меѓу другото наведува: " Сме информирани дека еден извесен број Славомакедонци-активисти, од нашите емигранти во Полска, превземат конкретни мерки со цел да формират засебна македонска емигрантска организација. Но, како што ви објасниј нашите претставници, сепаратистичко движење од таков вид е во спротивност со линијата на КПГ и има негативно значење и би донело штета во работата на КПГ во Грција. Ве молиме да помогнете во тоа да биде ликвидирано таквото движење".

На VII-от пленум на ЦК на КПГ, споменатиот Апостолос Грозос дискутирајќи по македонското национално прашање го повтори тоа што го наведе во телеграмата до раководството на КП на Полска и побара од присутните на Пленумот да осуетат таква тенденција и акција на Македонците.[465)]

Членот на ЦК на КПГ Панделис Вајнас во својот говор на истиот Пленум го подржа ставот на раководството на КПГ да не им се дозволи на Македонците да формират своја засебна организација од мотивација дека тоа не помага во единството меѓу грчкиот и македонскиот народ.[466)]

Откако пропаднаа сите можни начини и патишта за формирање на легална македонска организација, една група млади Македонци во Полска решија да формират тајна македонска организација. На оснивачкиот состанок одржан на 3 декември 1960 година беа изнесени целите на организацијата и причините за нејзино формирање. Духовната оддалеченост од Матицата-Народна Република Македонија за младите Македонци значеше прекинување на нивниот духовен и културен развиток. Најдени далеку во странство, фрлени таму во виорот на Граѓанската војна, континуеитетот на своето национално постоење тие го гледаа во што поцврстите и широките врски со СР Македонија. Беа свесни за опасноста од бугарската пропаганда што ја шират емисарите на Славјанскиот комитет и други бугарски агенти меѓу македонската емиграција и затоа си поставија за цел да го осуетат тоа зло. Беа непоколебливи во своите намери дека само организирано и сплотено може да се дојде до саканиот резултат и затоа и од тие причини и под такви услови се роди во Полска тајната македонска организација "Егејска Зора".

Во уводното излагање поднесено на оснивачкиот состанок се изнесуваат причините за основањето на оваа организација. Во рефератот меѓу другото се вели:

".. На VI-от пленум на КПГ одржан после XX-от Конгрес на КП на Советскиот Сојуз, ништо ново не му даде на македонскиот народ од Егејска Македонија, ами обратно започна одново еден период како пред 1955 година и ние Македонците поново станавме жртва на политиката на оваа или онаа држава

само што сега не не нарекуваат "титовисти" туку "ревизионисти". Се повеќе се засилува борбата на Сојзот "Н Белоѓанис" шротив Македонците кои решително се борат за правата на македонскиот народ, против погрешниот став на КПГ и БКП кои сакаат да го негират постоењето на македонската нација. Но, и покрај сето ова, ние Македонците од Егејска Македонија сме решени да се бориме додека не разберат дека правото се наоѓа на наша страна. Еве зашто ние денеска решивме да ја создадеме организацијата "Егејска Зора". Во нејзините редови ќе влезат најактивните и најрешителните Македонци..."[467]

Програмата на организацијата "Егејска Зора" е изнесена во следните седум точки:

1. "Егејска Зора" ке се бори за воспитување на македонската младина во духот на работничкиот и социјалистичкиот интернационализам;

2. ке се бори за македонското национално осознавање на македонската младина и воопшто на Македонците во Полска;

3. ке се бори за македонските права погазени од грчките фашисти;

4. ке се бори за подигнување авторитетот на НР Македонија кај Македонците и љубителите на татковината;

5. ке води неуморна и безмилосна борба против шовинизмот и големата идеја;

6. ке се бори против погрешниот став на КПГ и БКП по македонското национално прашање и

7. ке се бори за основање на македонско културно друштво кое ке ја раководи и развива македонската култура меѓу Македонците што живеат во Полска.[468]

На основачкиот состанок беше усвоена заклетва со која секој член кој сакал да се зачлени во организацијата требало да се заколне. Ева содржината на заглетвата:

" Јас членот на "Егејска Зора" искрено изјавувам пред знамето на нашите дедовци Македонци дека ке ги пазам длабоко во моето срце тајните на мојата илегална организација "Егејска Зора", Ке ги исполнувам без резерва сите задачи што ке ми ги постави мојата организација и ќе се борам неуморно за единството на македонците бегалци. Готов сум да дадам се најубаво што имам за триумфот на идеите на "Егејска Зора" во борбата против непријателите на нашиот народ - грчките и бугарските шовинисти што го негират постоењето на нашиот покорен народ". Заклетвата завршува со паролите: да живее македонскиот народ. Да живее НРМ-нашата социјалистичка земја.[469)]

По дадената заклетва во редовите на "Егејска Зора" влегоа четири лица, а на 27 декември 1960 година уште 3 лица. Истиот ден односно на 27 декември е конституирано раководството на организацијата во состав: Лаки Папатолевски за претседател, Вангел Белчев за потпретседател, Ламбро Каранфиловски за секретар, Вангел Димаков за благајник и Мичо Каранфиловски член.

Овие млади ентусијасти огорчени од ставот на новото раководство на КПГ, кој се и повеке ги стеснуваше правата на Македонците, превземале смели чекори и остро реагираа против таквата политика. Така на 5 март 1961 година во полскиот град Згорзелец на седум места беа залепени и вакви одзиви со иницијалите на организацијата "Е.З." во кои меѓу другото се вели: ние Македонците ке треба да се бориме решително и против великогрчкиот и против великобугарскиот шовинизам... Одзивот завршува со паролите: да живее македонскиот народ. Да живее Народна Република Македонија нашата скапа татковина. Да живее Народна Република Полска. Да живее легалната влада на Конго. Да живее делото на Лумумба.[470)]

Македонците неможеле да бидат рамнодушни на некои акции и потези на Сојузот на политичките бегалци од Грција во Полска"Никос Белоѓанис" насочени против националните права на Македонците и затоа остро реагираа. На 30 март 1961 година организацијата "Егејска Зора" на наведениот сојуз му

испрати остер протест. Во документот се протестира за тенденциозно и злонамерно фалсифијување на македонската национална историја и на македонскиот јазик; за поделба на Македонците на добри и лоши елементи; за насилствено ширење на бугарски пропаганден материјал меѓу Македонците; за непријателска пропаганда против НР Македонија и друго. Во врска со растурањето на бугарски пропаганден материјал меѓу Македонците бегалци , во протестот меѓу другото, се вели:"...И го прашуваме Н. Белоѓанис": дали ние Македонците сме Бугари што Сојузот испраќа бугарски материјали? И штом Сојузот "Никос Белоѓазис" не се раковиди од великогрчките шовинизам, зашто по клубовите на Сојузот не може да се најдат материјали напишани на правилниот македонски литературен јазик од Народна Република Македонија?... Македонскиот народ, се вели понатаму во протестот, ја полива скапата македонска земја со крвта на најдобрите синови и керки за таа негова слобода.... Протестот завршува со паролите: Да живее македонскиот народ!, Да живее Народна Република Македонија, наша скапа татковина".[471]

Младите Македонци во Полска организирани во "Егејска Зора" се повеке се разочаруваа од КПГ, од Партијата во која се повеке им ги стеснуваше националните права и стануваше се поидиферентна кон бугарската пропаганда што се шириле меѓу Македонците. Таа индиферентност предизвикуваше бунт во срцата на Македонците и големо незадоволство, и затоа следат разни протести и писма со таква содржина , а во кои дури се проткајува омраза и непријателство.

По повод празнувањето на 1 мај, на 25 април 1961 година, организацијата "Егејска Зора" испраќа отворено писмо до сите Македонци политички емигранти во Полска токму со една таква содржина како што наведовме погоре. Во писмото се повикуваат Македонците на поголемо и поцврсто единство и порешителна борба против сите непријатели на македонскиот народ, борба против неправилниот став на КПГ спрема Македонците и чл.[472]

Една од целите на организацијата "Егејска Зора" како што наведовме, беше и борбата против ширењето на големобугарската пропаганда меѓу македонската политичка емиграција во Полска. Во врска со тоа, на 5 мај 1961 година таа испрати протест до ЦК на Бугарската комунистичка партија, Не даваме коментар на писмото, туку за да се осети целата горчливост изразена преку јазикот и стилот, го поместуваме во целост:

"Протест

Ние политемигранти Македонци од Егејска Македонија што сега живееме во НР Полска , остро протестираме до БКП и до владата на НР Бугарија за нејзината отворена и безсремна пропаганда што ја прави по меѓу македонската емиграција тука во странство, за нејзиното бесрамно фалсификување на нашиот мајчин јазик и нашата богата историја. И еве еден пример од таа ваша бесрамна и отворена пропаганда. Тука во НР Полска се испраќат од Бугарија весници и разни списанија на бугарски јазик на нашата македонска емиграција, И ја прашаме БКП и владата на Бугарија: Кои ви ги побарал тие материјали? Дали имате молби од нашите политомигранти што да ги барат тие ваши материјали? Дали БКП и владата на НР Бугарија мислат дека Македонците се Бугари? Или пак мислат дека македонскиот јазик е бугарски?

И еве, ви испраќаме назад неколку ваши весници , што се испратени од вас до нас тука во Полдка. Со испраќањето назад на вашите весници протестираме и ви кажуваме дека ние не сме Бугари, нити ни се потребни вашите материјали. И штом не запре таа ваша безсрамна пропаганда да бидете сигурни дека масовно ке ви се враќат весниците и списанијата. А истовремено вашите материјали ке бидат испратени и до неколку комунистички и работнички партии и аку треба и до ООН.

Да живее македонскиот народ
Да живее НР Македонија наша скапа татковина!
"Ег.З", 5.V.1961 г.[473)]

И покрај протестите, меѓу македонската емиграција се повеќе се засилуваше и шириле бугарската пропаганда. Секојдневно пристигаа разни книги, списанија, весници и слично со големобугарска содржина во клубовите на Сојузот "Никос Белојанис", па дури и на домашните адреси на Македонците емигранти. Бугарија ја искористи желбата на Македонците поради климатски и други причини да се исселат од Полска и од СССР, побрза да прифати што поголем број Македонци вети̇вајќи им разни превилегии. Како резултат на тоа еден мал број Македонци за секогаш се преселиле во Бугарија и тоа не само од Полска, туку и од други земји каде што живееле после капитулацијата на ДАГ во 1949 година.

Една таква акција револтира многу Македонци насетувајќи ги задните намери на бугарската пропаганда. Желбата на Македонците им била да се преселат во својата слободна татковина - Народна Република Македонија.

Организацијата "Егејска Зора" на 1о јуни 1961 година од името на Македонците политички бегалци во Полска, испраќа протестно писмо до Владата на НР Бугарија во кое остро протестира против акциите што ги превзема Бугарија за преселувањето на Македонците во Бугарија.

На крајот во протестното писмо се вели: "... Добро ќе беше ако бугарската влада и ЦК на БКП се зафатеа за внатрешното македонско прашање, за националното прашање од Пиринска Македонија, а после да се зафатеа за едно вакво "доброволно" префрлување на Македонци бегалци од Полска во Бугарија. Едно раководство како вашето, кое не е способно да ги реши внатрешните прашања, не е во состојба да решава туѓи проблеми. Добро ќе беше ако се раководовте од принципите на великиот Георги Димитров кој велеше: "Не поделба на Македонија, не борба за власт на неа , туку почитување на желбите на Македонците".[474)]

Постоењето и делувањето на тајната македонска организација "Егејска Зора" било кратко, од 1960 до 1961 година, бидејќи членовите на оваа организација беа откриени и подложени на прогон од страна на КПГ. И покрај тоа што нејзиното постоење беше кратко сепак нејзината појава и дејност ги одразува стремежите и желбите на македонската емиграција од Егејска Македонија во источно-европските земји и е доказ дека македонскиот дух не згаснува така лесно.

Појавата на "Егејска Зора" треба да се гледа како континуирано движење на македонскиот народ за национален о идентитет и национална независност чии корени биле длабоки.

Далеку од својата татковина, младите Македонци, настојуваа, борејќи се на различни начини, да го сочуваат националниот бит, и да го пренесат на помладите генерации. Тие беа горди на своите татковци и мајки, на своите браќа и сестри кои херојски се бореа и ја лееа својата крв на Вичо и Грамос и ширум цела Македонија, а и надвор од неа за извојување на национална и социјална слобода.

Постоењето на НР Македонија како единствен слободен дел им даваше поттик и надеж во нивните стремежи и желби. Беа млади, но доволно зрели за да сватат дека само во слобода се изградува здрава национална мисла и се создава културно богатство. Затоа тие млади Македонци фрлени од виорот на војната далеку од својата земја ,бараа што поцврста врска со слободна Македонија, за да можат што поцврсто да ги постават темелите на националната македонска свест надвор од границите на Македонија. Треба да истакнеме дека и покрај краткото постоење на "Егејска Зора",без статут и програм,со романтизам и занесеност во нејзината работа,таа многу придонесе во насовниот и одлучниот отпор на Македонците бегалци против големобугарската пропаганда во источно-европските земји и за нивната правилсна ориентација.

На крајот ќе треба да се нагласи дека со гореизнесеното не е кажано се за работата и значењето на "Егејска Зора". Проблемот е интересен и заслужува посебно изучување.

З А К Л У Ч О К

1. Народно-ослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ во текот на Втората светска војна имаше услови да победи. Тоа беше поразено поради тоа што во раководството на КПГ преовлада убедувањето дека Англија, поради географската и стратегиската местоположба на Грција никогаш нема да дозволи да го изгуби своето влијание врз неа. Да преовлада такво убедување многу придонесе и политиката на големите сили за поделба на светот во интересни сфери со која Грција потпадна под англиско влијание. Врз основа на тоа убедување раководството на КПГ ја градеше својата стратегија и тактика која се одликуваше во стални и неоправдани остапки и концесии спрема Англија и граѓанските партии на Грција. Всушност КПГ во текот на војната не си постави за цел да го реши прашањето на власта. Одраз на таквата политика беше и барањето за стратегиско регулирање на северните граници што се постави во текот на окупацијата. Тоа прашање претставуваше националистичка манифестација која и пречеше на заедничкатаа дејност на сите окупирани народи на Балканот против заедничкиот непријател, го отргнуваше вниманието на масите од главниот проблем, - борбата против окупаторот, не го воспитуваше интернационалистички народот и ја потхрануваше шовинистичката зараза на "големата идеа". Задржувањето на таа претензија и после преовладувањето на народно демократските режими по должинатаа на северните граници на Грција, објективно претставуваше антинароден и антидемократски акт.

Погрешната стратегија и тактика по основните прашања на револуцијата, големогрчките националистички претензии и други слични манифестации мораа негативно да се одразат и врз ставот и политиката на Партијата по македонското национално прашање. КПГ во текот на Втората светска војна не само што не го постави на дневен ред решавањето на македонското национално прашање, туку остро и се спротивстави на секоја акција кон таа насока. Таквиот став на КПГ негативно се одрази не само за помасовното вклучување на Македонците во борба-

та, туку и на исходот на истата.

2. Организацијата НОФ која се појави не само да раководи со борбата на Македонците против монархофашистичката политика на геноцит, туку и за извојување право на самоопределување на Македонците, мораше да се судри со горенаведената политика на КПГ по македонското прашање. Поради тоа НОФ скоро две години делуваше самостојно т.е. надвор и независно од КПГ и да се брани не само од хајката на десницата, туку и од жестоките напади на левицата. Меѓутоа, токму таквата политика која се раководеше од стремежите и желбите на Македонците, и покрај огромните тешкотии, и овозможи на организацијатаа НОФ да го вклопи во своите редови и во редовите на другите македонски организации НОМС и АФЖ кои се наоѓаа под нејзино раководство, најголемиот дел на македонскиот народ, формира свои партизански единици и прерасна во значаен политички и воен фактор на земјатаа.

Со оглед на положбатаа во која се наоѓаа организациите на НОФ и целото македонско ослободително движење во годините 1945-1946, во периодот кога НОФ се оформуваше и делуваше самостојно, постигањето на такви резултати не беше лесно и едноставно. Иако раководствата на македонските организации работеа под извонредно тешки услови, десеткувани од непријателот, напаѓани и клеветени од КПГ, со правилна национална политика и раководење успеаа масовно и силно да ја развијат политичката и вооружената борба на Македонцкиот народ против монархофашизмот и странските интервенции, да ја одржат ситуацијата во своите раце во цела Егејска Македонија што беше од големо значење за натамошниот развиток на движењето.

Раководството на организацијата НОФ уште еднаш по негово конституирање вложи огромни напори да ги ангажира сите свои расположиви сили со политичка работа и со борбени дејствија на партизанските групи да и се спротивстави на монархофашистичката наезда, да ја разобличи клеветничката антимакедонска кампања и на десницата и на левицата и да создаде

услови за организационо оформување на голем дел на Егејска Македонија, Иако во 1945 и почетокот на 1946 година, поради недоследниот став на КПГ за мирољубиво решение на грчкото прашање и репресивните мерки на атинскиот режим, во целост не беа постигнати посаканите резултати, сепак појавата на македонските организации и нивните партизански сили во повеќето краишта на Егејска Македонија предизвика силно влијание кај народот. Ориентацијата на КПГ за вооружена форма на борба за што решение донесе на својот II-от пленум одржан во февруари 1946 година, овозможи во цела Егејска Македонија се создадат силни жаришта на вооружена борба. Кога во октомври 1946 година во територијата на цела Грција делуваа околу 2000 партизани, вооружените сили на македонската организација НОФ броеа над 700 борци организирани во одреди и батаљони со свои штабови.

3. Во развојниот пат на организацијата НОФ разликуваме три периода: периодот од нејзиното формирање (23.4. 1945) до обединувањето со КПГ, кога делуваше самостојно; периодот од обединувањето 21 ноември 1946 година, до I-от конгрес на НОФ - јануари 1948 година и од I-от конгрес на НОФ до нејзино расформирање.

Во првиот период НОФ со КПГ главно се разидуваше околу формата за водење на борбата и по македонското национално прашање. И покрај лошото искуство од минатото, раководството на НОФ раководејќи се од интересите на борбата се согласи да ги прилагоди своите ставови и тактика со ставовите и тактиката на КПГ и да склучи спогодба за обединување и да се стави под нејзино раководство. Обединувањето на македонските и грчките партизански единици во ноември-декември 1946 година овозможи брзо омасовување на вооруженото движење и создавање на слободни територии.

Без оглед на тоа што НОФ се стави под раководство на КПГ, успеа да ја сочува својата самостојност, организационо омасови и зацврсти - фактори кои овозможија во мај 1947 година да се одржи Првата земска конференција на НОФ, позна-

та како Сенофитски актив.

Со развојот на вооруженото движење и создавањето на слободните територии беа создадени услови за појава и активност на македонски национални институции,како што беа: Македонска-културно уметничка група, македонски училишта, македонски учителски курсеви, органи на народната власт и други институции.Сето тоа овозможи уште повеќе да се зацврсти националното и политичкото единство меѓу самиот македонски народ и меѓу Македонскиот и грчкиот народ.

Во текот на 1946 а особено во 1947 година организацијата НОФ успешно им се спротивстави на обидите на домашната и странската реакција да создадат во Егејска Македонија авт ономистичко движење.

Меѓутоа таквите успеси на НОФ, а особено крајната негова определба односно стратешка цел дека резултат на борбата на македонскиот народ ќе биде неговото самоопределување , беше во дијаметрална спротивност со политиката на КПГ по македонското национално прашање. Поради тоа раководството на КПГ превзеде ред мерки со цел да ја потчини организацијата НОФ и да го истисне силното влијание што го вршеше врз Македонците (правилното решение на македонското националноправашање во Југославија). Тоа КПГ успеа да го постигне на I-от конгрес на НОФ одржан во јануари 1948 година со инфилтрирање на свои луѓе во раководството на НОФ.

Резултат од таквата политика на КПГ беше длабокиот расцеп во врвното раководство на НОФ, меѓу себните пресметки и слабеење на позициите на организацијата. Суштината на судирот се состоеше во тоа што во НОФ се појавија две дијаметрално спротивни гледишта по однос крајните стратешки цели на македонското ослободително движење. Според едно гледиште, Македонците треба да се борат за самоопределување, а според другото, за рамноправност во рамките на грчката држава. Неединството на раководството на НОФ му овозможи на лидерот на КПГ Никос Захарјадис да го потчини односно да го претвори во послушно орудие. Меѓу акциите што ги презеде

Захарјадис за постигнување на таа цел, беа: формирање на партиска фракција во НОФ на чело со познатиот полемичар и противник на НОФ Ставрос Кочопулос; мобилизацијата на кадарот на НОФ; суспендирањето на претседателот и секретарот на НОФ и друго.

4. Појавата на резолуцијата на Информбирото против КПЈ и нејзино прифаќање и применување на КПГ имаше решавачко негативни последици за грчкото и македонското ослободително движење. Раководството на КПГ ослободителното движење на македонскиот и грчкиот народ го подреди на интересите и стратегиските планови на Информбирото, а македонското национално прашање постана составен дел на информбировската антијугословенска кампања. Резолуцијата на Информбирото беше искористена од Захарјадис вината за поразот на ДАГ од себе ја префрли врз Југославија и врз Македонците со трагични последици за последните. Беше покренатa една многу лукаво планирана хајка за "откривање на Титови агенти", изнудување на признанија, монтирани судски процеси со смртни пресуди и сл., а сето тоа да се "докаже" виновникот за поразот на ослободително движење. Димензиите на таа хајка достигнаа до тој степен што Југославија да биде наклеветена за соработка со монархофашистите, "за удар од грб", прогласување на македонските ослободителни организации НОФ-НОМС-АФЖ за предавнички, апсење на раководители на НОФ, групови егзекуции, интернирање на Македонци и слично.

5. И покрај огромните тешкотии, пречки и напади од сите страни, македонската организација НОФ вклучувајќи во своите редови над 20.000 активни членови, прерасна во најмасовна демократска организација во текот на Граѓанската војна. За време на нејзино постоење и делување одржа една земска конференција, два конгреса и два пленума. Со цел да го заштити македонското нацеление од уништувачкиот поход на монархофашизмот уште пролетта 1945 година исфрли партизанвки единици. На нејзини повик во регуларните единици на ДАГ стапија повеќе од 13.000, а во помошните служби 7000 Македонци и Македонки што претставуваа повеке од една третина од ефективите на Демократската армија. Слободната територија

која през целиот период од Граѓанската војна се наоѓаше во тлото на Егејска Македонија, беше претворена во воена работилница каде целото македонско цивилно население беше активно вклучено во служба за потребите на ДАГ. Секако еден од најзначајните успеси на НОФ беше тој што го поведе македонскиот народ во борба и со сопствени сили го постави на дневен ред прашањето на своето национално ослободување и обединување. На тоа се должи масовното учество и покажаниот херојизам на Македонците и огромните жртви што тие ги дадоа во борбата. Според статистиката на КПГ од вкупно 55.000 жртви во текот на Граѓанската војна, 21.000 беа Македонци. Ако се има предвид бројот на македонското население(280-300.000) во однос на грчкото, станува јасно каков беше придонесот и жртвите на Македонците во борбата. Покрај жртвите и огромните материјални штети, 50.000 беа Македонци кои емигрираа во текот на Граѓанската војна.

6. И покрај барањето на Македонците да им се признае правото на самоопределување, КПГ до јануари 1949 година цврсто го бранеше ставот: рамноправност на македонското малцинство во рамките на грчката држава. Во јануари 1949 година во крајно неповолни внатрешни и меѓународни услови ја исфрли паролата "создавање на македонска држава во рамките на балканската федерација". Ова нова парола на КПГ едновремено беше насочена и против НР Македонија-најкрупната придобивка на македонскиот народ - и против големобугарските претензии на БКП над Македонија изразени преку нејзиното барање што го постави после резолуцијата на Информбирото, центар за обединување на Македонија да претставува Пиринска Македонија. Захарјадис со овој став, како што прочем и самиот се произнесе ги бранеше грчките" национални интереси" и "грчкиот национален интегритет". Во духот на таквата политика и стратегија треба да се барат причините за потезите на Захарјадис што следеа, како што се: учество на НОФ во Привремената демократска влада и во Воениот совет на ДАГ; основањето на КОЕМ; формирањее на засебни македонски партизански единици; обнова на младинската организација НОМС и др. И покрај таквата насоченост и цел, наведените акции и зафати на Захариадис одиграа

значајна улога во натамошното зацврстување на македонската национална свест и поодлучно поставување на барањето од страна на Македонците за признавање на нивниот национален идентитен и национални права.

7. Во текот и особено по Граѓанската војна во СССР и во источно-европските земји емигрираа повеке од 20.000 Македонци. Во духот на стратегијата на Захарјадис и на Инфорбирото за обвинување на Југославија како решавачки фактор за поразот на ДАГ, започна еден систематски прогон против Македонците. Десетици се затворените, интернираните, стотици прогонуваните и илјади осумничените Македонци како "Титови агенти" и сл. Македонските национално-ослободителните организации НОФ-НОМС-АФЖ беа прогласени за предавнички и распуштени.

КПГ во сушност и после капитулацијата на ДАГ продолжува да ја применува политиката по македонското национално прашање што ја прифати во јануари 1949 година. Тоа може да се констатира од решенијата и ставовите завземени во нејзините форуми, во документите на организацијата "Илинден", во политичката и другата активност на разните македонски институции создадени во источно-европските земји, од разногласијата меѓу нејзе и БКП по тоа прашање и друго.

Организацијата "Илиден" беше создадена како антитеза на организацијата НОФ и како инструмент за спроведување на политиката на КПГ и на Инфорбирото спрема Југославија и по македонското национално прашање. Меѓутоа поради отпорот на Македонците, принудена да води сметка за нивните стремежи, во содржината на својата работа внесе и позитивни национални елементи. Оттука при анализа на работата и историската оцена на организацијата "Илинден", треба да се земат во предвид и горните моменти.

8. Македонците политички бегалци во источно-европските земји смело и достоинствено го издржаа натисокот и му се спротивставија на атакот што го изврши раководството на КПГ врз нивните со крв извојувани придобивки. Формите, методите и средствата на отпорот беа разновидни и многубројни: формирање на тајни организации, протести, илегално бегање

за југославија и др. Резултат на таа нивна борба беше да ја сочуваат правилната национална ориентација и свест и позитивното влијание штого имаа извршено врз нив извојуваните придобивки на Македонците од Вардарска Македонија, против кое најмногу беше насочена острината на походот на КПГ.

9. Промените што настанаа по меѓународното комунистичко движење после XX-от конгрес на КПСС, се одразија и врз КПГ. На VI-от пленум на ЦК на КПГ одржан во март 1956 год. и по него донесени следните решенија: суспендирање на потесното раководство на КПГ на чело со Н.Захарјадис; решение со кое се осудува политиката на КПГ спрема Југославија за време на Инфорбиротоj; решение за рехабилитација на македонските организации НОФ-НОМС-АФЖ и нивното прогласување за народнодемократски; решение за рехабилитација на сите настрадани Македонци како резултат на антијугословенската инфорбировска политика; решение за суспендирање на организацијата "Илинден" и други македонски институции; примена на македонскиот литературен јазик и друго.

Промените на КПГ и наведените решенија со големо олеснување и одушевување беа примени од Македонците. Меѓутоа новото раководство на КПГ ги девалвира овие позитивни тенденции во однос на Македонците. Тоа под мотивација на остранување на остатоците од погрешната политика на Захарјадис спрема Југославија и Македонија, ја распушти организацијата "Илинден", ги рехабилитира организациите НОФ-НОМС-АФЖ, но не дозволи да се обноват истите или да се формират нови. Покрај тоа, на бугарските агенти им допушти несметано да ја шират големобугарската пропаганда во редовите на Македонската политичка емиграција во источно-европските земји. Македонците отворено се спротивставија на таквата политика на КПГ, барајќи да се обноват организациите НОФ-НОМС-АФЖ односно да се формират нови, да се воведе македонскиот литературен јазик, да се воспостават врските и соработка со НР Македонија, да се оневозможи активноста на бугарските агенти и слично. Кога тие барања не беа удоволени, Македонците

пристапија кон формирање на илегални организации. Една таква организација беше "Егејска Зора" формирана во Полска.

На крајот да заклучиме дека Народниот фронт односно НОФ во Егејска Македонија основан во специфични услови и поирај навероватно големи ~~тешкотии~~, пречки и удари, успеа да го вклучи најголемиот дел на македонскиот народ од Егејска Македонија независно од политичкото убедување и класната припадност во борбата за оспстанок и национално ослободување. Борбата што ја поведе македонскиот народ од Егејска Македонија под раководство на НОФ претставува продолжение на борбата што ја водеа претходните генерации во времето на Илинден и по него. И покрај негавитниот исход на таа борба за што Македонците не сносат никаква одговорност таа ке остане една од најсветлите етапи од историјата на македонскиот народ за национално воспоставување и обединување. Борбата на Македонците од Егејска Македонија под раководство на НОФ за постигнување на горните идеали е најкатегоричкиот одговор на поранешните и денешните големобугарски и големогрчки фалсификатори.

З А Б Е Л Е Ш К И

1) Според податоците на Коритевата комисија.
2) По Илинденското востание, Балканските војни, Првата светска војна и споменатиот договор од 27 ноември 1919 година, во Бугарија се смета дека беа иселени околу 90.000 Македонци.
3) Комунистичката партија на Грција - КПГ изврши попис на населението со цел да ја поткрепи и ја оправда измената на својот став по македонското национално прашање од "Независна Македонија", во "полна рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава прифатен на својот 6-ти Конгрес одржан во декември 1935 година.
4) Архив на Македонија (понатаму АМ), збирка: "Егејска Македонија во НОБ, к.20, АЕ: 29.
5) Законот е објавен во службениот весник на грчката влада бр. 332 од 21 ноември 1926 година и во истиот весник бр. 346 објавени се новите имиња. стр. 231 од книгата на Лазо Мојсов "Околу прашањето на македонското национално прашање во Грција, Скопје 1954 година.
6) Весник "Ризоспастис", орган на ЦК на КПГ од 14 декември 1924.
7) Спис. "Комунистики епитеориси" (Комунистички преглед), месечен орган на ЦК на КПГ бр. 2 од 16 јануари 1936 година.
8) Исто така
9) Весник "Ризоспастис", од 30 март 1927 година.
10) Исто, од 28 април 1936 година.
11) Христо Андоновски, "Македонците под Грција во борбата против фашизмот 1940-1944", Скопје, 1968, стр. 42.
12) В. "Лаики фони" (Народен глас), орган на Македонското биро на КПГ од 22-28 февруари 1946 година.
13) Исто таму
14) "Саранта хронја ту ККЕ" (40 години на КПГ) 1918-1958, избор на документи, политички и литературни издонија, стр. 468-469.
15) Спис. "Етники антистаси" (Национален отпор) бр. 2 стр. 86-88.
16) "Четириесет години на КПГ, цитирано дело, стр. 473.

17) Сп. "Национален отпор", цитирано дело, бр. 2/1962 год. стр. 146-152.
18) АМ, збирка: "Грција во отпорот 1940-1945", АЕ:497.
19) Исто, АЕ: 498.
20) Исто тему
21) АМ, цитирана збирка, АЕ: 37.
22) Панделис Вејнас, "Славомакедонците и Демократската армија на Грција", спис. "Димократикос стратос" (Демократска армија) бр. 10/1968 година.
23) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 242[а] и К-9, АЕ: 158.
24) Иста збирка, К-19, АЕ: 179.
25) Исто, К-20, АЕ: 35.
26) Исто К-69, АЕ: 53 и 58.
27) Исто, К-69, АЕ: 48.
28) Исто, К-69, АЕ: 55.
29) Исто, К-20, АЕ: 119.
30) Исто, К-69, АЕ: 65.
31) Исто, К-20, АЕ: 219.
32) Исто, К-19, АЕ: 70.
33) Исто, К-21, АЕ: 158.
34) Исто, К-20, АЕ: 307.
35) "КИВОТОС" (Ковчег) - стратегиско-оперативниот план беше намотнат од англиската воена мисија во текот на преговорите со ЕЛАС во февруари 1944 години. Според тајниот протокол донесен во тие преговори организаторите на отпорот се обврзаа да извршат ред операции главно врз сообраќајните артерии на непријателот, а англиската воена мисија се обврза да ги снабди единиците на ЕЛАС со оружје, експлозивен и друг материјал.
36) VII пленум на ЦК на КПГ, 1950, стен. белешки, стр. 15.
37) VII пленум на ЦК на КПГ, 1950, стен. белешки, стр. 55.
38) Исто тему, стр. 59.
39) Вес. "Лаики фони" (Народен глас) од 12 февруари 1946 год.
40) АМ, збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 96/45.
41) Исто, АЕ: 135/1/47.
42) Исто, АЕ: 337/45.
43) Исто, АЕ: 494/45.

44) Исто, АЕ: 14/46.
45) Исто, АЕ: 5/6/45
46) Исто, АЕ: 24/46.
47) В. "Лаики фони" (Народен глас), од 22 јануари 1946 година.
48) Исто, од 18 јануари 1946 година, АЕ: 39/46.
49) Исто, од 12 февруари 1946 година.
50) Исто тему.
51) АМ, збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 233/1/46.
52) Овој дел на писмото е оштетен
53) АМ, цитирана збирка, К-19, АЕ: 174.
54) АМ, збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 142/47.
55) Иста збирка: АЕ: 34/47.
56) Иста збирка, АЕ: 55/45.
57) "Четириесет години на КПГ, цитирано дело, стр. 541.
58) АМ, цитирана збирка, АЕ: 579/45.
59) Сп. "ПРОТОПОРОС" (Авангарда), месечен орган на Областното биро на КПГ за Македонија- Тракија, бр. 1 од 7 февруари 1946 година.
60) "Етникос кирикс", монархофашистички весник од 21 јануари 1946 година.
61) "Неа алитија" монархофашистички весник од 14 април 1946 год.
62) Христофору Налца, Македонското прашање и советската политика. (Записници од четвртото свикување на Генералното собрание на ООН, стр. 383-395).
63) АМ, цитирана збирка, АЕ: 338/45.
64) Иста збирка, АЕ: 376I45, АЕ: 64/45 и АЕ: 10/46.
64а) Иста збирка, АЕ: 435/46, 64б/45, АЕ: 277/45, 64в) 341/45.
65) Иста збирка, АЕ:133/45.
66) Вангел Ајановски-Оче, "Егејски бури", 1975, Скопје, стр. 168-169.
67) АМ, цитирана збирка, АЕ: 133/45.
68) Егејски бури, цитирано дело, стр. 170.
69) АМ, цитирана збирка, АЕ: 207/45.
70) Иста збирка, АЕ: 506/45, 562/45, 88/46.
71) Иста збирка, АЕ: 37/46.
72) Иста збирка, АЕ: 189/45.

73) Исто збирка, АЕ: 3/1/47.
74) Исто збирка, АЕ: 127/45, 235/45.
75) Исто збирка, АЕ: 269/45, 489/45.
76) Исто збирка, АЕ: 277 и 341/45.
77) Исто збирка, АЕ: 264/46.
78) Исто збирка, АЕ: 24/1/46, 86/46, 87/46, 295/46 и 349/1/46.
79) Исто збирка, АЕ: 14/46.
80) Исто збирка, АЕ: 93/46.
81) Исто збирка, АЕ: 145/46.
82) Исто збирка, АЕ: 158/45.
83) Исто збирка, АЕ: 292/45.
84) Исто збирка, АЕ: 188/45.
85) Исто збирка, АЕ: 185/45.
86) Исто збирка, АЕ: 188/45.
87) Исто збирка, АЕ: 257/45.
88) Исто збирка, АЕ: 159/45.
89) Исто збирка, АЕ: 161/45.
90) Исто збирка, АЕ: 384/45.
91) Исто збирка, АЕ: 381/46.
92) Исто збирка, АЕ: 401/46.
93) Исто.
94) VII пленум на ЦК на КПГ (1957), стен. белеш. стр. 401-405.
95) Дневник на Георгиос Ґанулис, командант на единиците на ДАГ во Грамос-Вемо-Вичо.
96) Исто таму.
97) АМ, цитирана збирка, К-33, АЕ: 115.
98) "Четириесет години на КПГ", цитирано дело, стр. 541.
99) АМ, цитирана збирка, АЕ: 134/45.
100) АМ, иста збирка, АЕ: 138/45.
101) АМ, иста збирка, АЕ: 573/45.
102) Спис. "Протопорос" (Авангарда), орган на Македонското биро на КПГ, Солун, од 7 февруари 1946 година.
103) АМ, цитирана збирка, АЕ: 110/46.
104) Исто, АЕ: 100/46.
105) Исто, АЕ: 107/46.
105а) АМ, цитирана збирка, К-19, АЕ: 91.
106) АМ, цитирана збирка, АЕ: 24/1/46, АЕ: 241/1/46.
107) АМ, цитирана збирка, К-19, АЕ: 91.

108) АМ, цитирана збирка, АЕ: 420/46.
109) АМ, цитирана збирка, К-19, АЕ: 123.
110) Исто, К-19, АЕ: 161.
111) Исто, К-19, АЕ: 113.
112) Исто, К-19, АЕ: 118.
113) Исто, К-19, АЕ: 115.
114) Исто, К-20, АЕ: 94.
115) АМ, цитирана збирка, АЕ: 222/46.
116) Исто, АЕ: 4/2/46.
117) Исто, АЕ: 420/46.
118) Наум Пејов, Македонците и Грѓанската војна во Грција, Скопје, 1968, стр. 147-148.
119) АМ, цитирана збирка, АЕ: 15/49.
120) АМ, цитирана збирка, К-20/119.
121) Се однесува на припадниците на Првата егејска ударна бригада и други лица пребегнати во Југославија и кои во текот на нивниот престој во Југославија беа примени во КПЈ.
122) АМ, цитирана збирка, АЕ: 138/147.
123) VII пленум на КПГ (1957), стен. белеш. стр. 401.
124) "40 години на КПГ...", цитирано дело, стр. 645.
125) Маркос Вафијадис, "Неос Космос", орган на ЦК на КПГ, 1960 г.
126) Е. Стетиниус, "Рузвелт и Русите", стр. 217.
127) АМ, цитирана збирка, АЕ: 142 и 158/47.
128) Исто, АЕ: 34/48.
129) Записници од Третото свикување на Генералното собрание на ООН 1948, стр. 383-395, Христофору Нелца, Македонското прашање и советската политика, Солун, стр. 462.
130) Сп. "Комунистички преглед", цитиран труд, бр. 8/1947 год.
131) АМ, цитирана збирка, АЕ: 54/49.
132) Исто, АЕ: 166/48.
133) Исто, АЕ: 308/47.
134) Исто, АЕ: 199/1/47.
135) Исто, АЕ: 54/49.
136) Исто, АЕ: 199/1/147.
137) Од дневникот на Ѓорѓис Ѓанулис.
138) Хронологија на НОВ во Егејскиот дел на Македонија 1945-1949, стр. 146.
139) Од дневникот на Г. Ѓанулис.

139[а]) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 16/26.
140) АМ, цитирана збирка, АЕ: 142 и 158/47.
141) Иста збирка, АЕ: 179/47.
142) Иста збирка, АЕ: 3/1/47.
143) Иста збирка, АЕ: 8/48.
144) Иста збирка, АЕ: 48/48.
145) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 76.
146) Иста збирка, К-20, АЕ: 173.
147) Иста збирка, К-20, АЕ: 61.
148) Иста збирка, К-20, АЕ: 16/26.
149) Иста збирка, К-20, АЕ: 16/53
150) V пленум на ЦК на КПГ, 1949, стен. белешки.
151) Вес. "ПОБЕДА", орган на Окружниот одбор на НОФ за Воденско од 8 јануари 1948 година.
152) Сп. "НОВА МАКЕДОНКА", орган на Главниот одбор на АФЖ на Егејска Македонија, бр. 1/48, стр. 11.
153) АМ, цитирана збирка, АЕ: 14/2/48.
154) Иста збирка, АЕ: 43/1/48.
155) Иста збирка, АЕ: 83/1/48.
156) Исто таму
157) Иста збирка, АЕ: 56/47.
158) Иста збирка, АЕ: 43/1/48.
159) Иста збирка, АЕ: 71/48.
160) Иста збирка, АЕ: 83/1/48.
161) Иста збирка, АЕ: 74/48.
162) Иста збирка, АЕ: 90/48.
163) Иста збирка, АЕ: 90/48.
164) Иста збирка, АЕ: 98/48.
165) Цитирана збирка, К-20, 3/71.
166) Иста збирка, К-20, АЕ:28/5, Југославија за избеглице из Грчке, Београд, 1949, стр. 41-42.
166[а]) III конференција на КПГ (1950), стен. белешки, стр. 266-267.
167) Вес. "ПРОС ТИ НИКИ" (Кон победата), орган на ГШ на ДАГ, бр. 33 од 20 март 1949 година.
168) Д-р Олга Милошевиќ, Извештај о раду Југословенског црвеног крста у 1952, Београд, стр. 12-13.
169) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 33.

170) Исто збирка, К-20, АЕ: 86.
171) Исто збирка, К-20, АЕ: 12.
172) Исто збирка, К-19, АЕ: 98.
173) цитирана збирка, АЕ: 148/48.
174) Исто збирка, АЕ: 152/1/48.
175) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 302.
176) Исто збирка, К-19, АЕ:139/2.
177) VII пленум на КПГ (1950), стен. белешки, стр. 181.
178) АМ, цитирана збирка, К-20 АЕ: 16/17.
179) Исто збирка, К-20, АЕ: 16/59.
180) Исто збирка, К-20, АЕ: 16/64.
181) VII пленум на ЦК на КПГ, 1950, стен. белешки, стр. 158
182) АМ, цитирана збирка, К-33, АЕ: 115.
183) Исто збирка, К-20, АЕ: 33/55.
184) Исто збирка, К-8, АЕ: 19/46.
185) Исто збирка, К-8, АЕ: 19/102.
186) Исто збирка, К-8, АЕ: 19/67.
187) Исто збирка, К-8, АЕ: 19/80.
188) АМ, цитирана збирка, АЕ: 128/48.
189) АМ, цитирана збирка, К-35, АЕ: 78.
190) VII пленум на ЦК на КПГ, 1957, стен. белешки, стр. 758.
191) КПГ од 1931-1932. Основни документи, издание на ЦК на КПГ, стр. 177-178.
192) АМ, цитирана збирка, АЕ: 204/48.
193) V пленум на ЦК на КПГ, 1949, стен. белешки, стр. 37-38.
194) Исто тому, стр. 58.
195) Исто тому, стр. 16-17.
195[a]) Вес. "Непокорен", од 16 февруари 1949 година.
196) "Билтен", орган на ЦС на НОФ, бр. 5 од 5 февруари 1949 год.
197) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 17/8.
198) Исто збирка, К-20, АЕ: 17/19.
199) Исто збирка, К-20, АЕ: 20/17/10.
200) Исто збирка, К-20, АЕ: 80.
201) АМ, цитирана збирка, АЕ: 36/49.
202) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 259.
203) Исто збирка, К-20, АЕ: 17/1.
204) Исто збирка, К-20, АЕ: 17/3.
205) Исто збирка, К-20, АЕ: 80.

206) Вес. "Прос ти ники", орган на ГШ на ДАГ, бр. 43 од 30 март 1949 година.
207) АМ, цитирана збирка, АЕ: 37/49.
208) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 85.
209) АМ, цитирана збирка, АЕ: 38/49.
210) Сп. "Нова Македонка"бр. 11/49, Билтен на НОФ од 6 мај 1949г.
211) АМ, цитирана збирка, АЕ: 26/49.
212) АМ, цитирана збирка, К-21, АЕ: 11.
213) Исто таму.
214) Исто таму.
215) Исто таму.
216) Исто таму,
217) Исто таму.
218) Исто таму.
219) Исто таму.
220) АМ, цитирана збирка, АЕ: 85/49.
221) Вес. "Непокорен" од 16 јули 1949 год.
222) Вес, "Прос ти ники", од 25 јули 1949 година.
223) АМ, цитирана збирка, К-21, АЕ: 10/12.
224) Иста збирка, К-21, АЕ: 3.
225) Иста збирка, К-21, АЕ:9..
226) Иста збирка, К-21, АЕ: 7.
227) ОКНЕ (Организација на комунистичката младина на Грција) основана е на 28 ноември 1923 година.
228) Комунистички преглед, бр. 10/1935, стр. 453-457.
229) VI пленум на ЦК на КПГ одржан е во јануари 1936 година.
230) Комунистички преглед, бр. 4/1936 година.
231) Идионимос, вонреден специјален закон против комунистите во Грција донесен во 1930 година.
232) Ташко Караџа е од селото Д'мбени, Костурско, член на Бирото на ОКНЕ за Егејска Македонија и секретар на Окружниот комитет на КПГ за Катеринско. Фатен и стрелан од Гестапо во Солун на 23 мај 1942 година.
233) Вес. "Лаики фони" (народен глас), орган на Македонското биро на КПГ од 12-24 април 1946 година.
234) Одлука за реформирање на ОКНЕ и формирање на ЕПОН донесе Сегрчката конференција на КПГ одржана во декември 1942 год.

235) АМ, цитирана збирка, АЕ: 561/45.
236) Иста збирка, АЕ: 498/45.
237) Иста збирка, АЕ: 12/45.
238) Иста збирка, АЕ:239/45.
239) Иста збирка, АЕ: 24/1/46.
240) Иста збирка, АЕ: 366/46.
241) Иста збирка, АЕ: 300/46.
242) Иста збирка, АЕ: 24/1/46.
243) Иста збирка, АЕ: 494/45.
244) Иста збирка, АЕ: 24/1/46.
245) Иста збирка, АЕ: 142/47.
246) Иста збирка, АЕ: 327/45.
247) Седницата на НОФ одржана е на 19 јули 1947, АМ, цитирана збирка, АЕ: 189/45.
248) АМ, цитирана збирка, АЕ: 142/47.
249) Иста збирка, АЕ: 142/47.
250) Вес. "Прес ти ники", бр. 52 од 8 април 1949 година.
251) Во Централниот совет на НОМС беа избрани: Минчо Фотев, за секретар, Панде Вајнас, Ташо Хаџијанов, Васко Караџа, Тодор Коцев-Виктор, Ничо Губиденски, Махи Пилпева, Петре Шоревски-Филан, Петре Аспарухов, Г. Киркова, Ѓорѓи Петричевски и Фоти Илковски.
252) АМ, цитирана збирка, К-21, АЕ:160.
253) АМ, цитирана збирка, АЕ: 467/46.
254) АМ, иста збирка, АЕ: 24/1/46, 44/46, 81/46, 87/46.
255) Иста збирка, АЕ: 142/47.
256) Иста збирка, АЕ: 147/2/47.
257) Вес. "Непокорен", бр. 7 од 20 март 1948 година.
258) АМ, цитирана збирка, АЕ: 8/48.
259) Сп. "Нова Македонка" од 1 април 1948 година.
260) АМ, цитирана збирка, АЕ: 87/48.
261) Иста збирка, АЕ: 102/48.
262) Сп. "Нова Македонка" од април 1948, стр. 9.
263) АМ, цитирана збирка, АЕ: 102/48.
264) "Славомакедонката во борбата", брошура издание на НОФ.
265) АМ, цитирана збирка, АЕ: 158/49.
266) Повеќето од тие прогласи и летци се чуваат во Архивот на Македонија, во збир."Егејска Македонија во НОБ 1945-1949".

267) Во секоја единица на ДАГ во која служеа Македонци беше поставено одговорно лице со задача да ја води идеолошката работа меѓу Македонците во духот на линијата на Партијата.
268) АМ, цитирана збирка, АЕ: 281/47.
269) Мирка, Елена Стојкова, секретар на Окружниот комитет на АФЖ за Воденско.
270) Вес. "Прос ти ники", од 17 јули 1949 година.
271) Вес. "Непокорен", бр. 17 од 10 октомври 1948 година.
272) АМ, цитирана збирка, б.б/47 (необработен).
273) Исто.
274) Иста збирка, АЕ: 102/47.
275) Вес. "Непокорен" од 20 февруари 1948 година.
276) АМ, цитирана збирка, АЕ: 137/47.
277) Извештај од Павле Рековски, од 7 ноември 1947, необработен.
278) Вес. "Енотита" (Единство), орган на 18 бригада на ДАГ, бр. 2 од 6 ноември 1947 година.
279) Извештај од Вангел Ајановски- Оче од 22 февруари 1948, необработен.
280) АМ, цитирана збирка, АЕ: 71/48.
281) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 21.
282) Иста збирка, К-18, АЕ: 14.
283) АМ, цитирана збирка, АЕ: 147/49.
284) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 20
285) АМ, цитирана збирка, АЕ: 86/49.
286) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 44 и К-18, АЕ: 114.
286а) Иста збирка, К-19, АЕ: 98.
286б) Иста збирка, К-40, АЕ: 224.
287) Иста збирка, К-18, АЕ: 59 и 82.
288) Иста збирка, К-20, АЕ: 68 и 71.
289) Иста збирка, К-19, АЕ: 98.
290) Иста збирка, К-18, АЕ: 59.
291) Иста збирка, К-18, АЕ: 59.
292) Иста збирка, К-18/59.
293) Исто таму.
294) Исто таму.
295) Исто таму.
296) АМ, иста збирка, К-19, АЕ: 94.

297) Граничен простор - се мисли по должината на грчко-југословенската граница.
298) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ:291.
299) Иста збирка, К-41, АЕ: 266.
300) Иста збирка, К-20, АЕ: 102.
301) Иста збирка, К-20, АЕ: 12 и 14
302) Иста збирка, К-20, АЕ: 12.
303) Мемет - Мемет Шеху, претседател на владата на НР Албанија.
304) АМ, цитирана збирка, К-41, АЕ: 246.
305) Иста збирка, К-20, АЕ: 298.
306) Иста збирка, К-19, АЕ: 151
307) Иста збирка, К-19, АЕ: 148.
308) Иста збирка, К-20, АЕ: 28/32, К-18, АЕ: 60.
309) Иста збирка, К-20, АЕ: 263.
310) Иста збирка, К-20, АЕ: 150 и АЕ: 149/48.
311) АМ, цитирана збирка, АЕ: 178/48.
312) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 78.
313) Иста збирка, К-20, АЕ: 181.
314) Иста збирка, К-20, АЕ: 80.
315) Иста збирка, К-20, АЕ: 150.
316) Иста збирка, К-20, АЕ: 114.
317) Иста збирка, К-20, АЕ: 98.
318) Иста збирка, К-21, АЕ: 66.
319) Иста збирка, К-18, АЕ: 38.
320) Иста збирка, К-18, АЕ: 94.
321) АМ, цитирана збирка, К-8, АЕ: 21/18.
322) Панделис Вајнас, од с. Сребрено, Леринско, Македонец, со слаба македонска национална свест, син на андартски војвода, сега офицер на бугарската армија.
323) АМ, цитирана збирка, К-32, АЕ: 32.
324) Вес. "Нова Македонија" од 26 август 1949 година .
325) VII пленум на ЦК на КПГ, мај 1950, стен. белешки, стр. 32.
326) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 33/74.
327) Иста збирка, К-4, АЕ: 1/68.
328) Иста збирка, К-4, АЕ:1/60
329) Се однесува на Македонците бегалци од Егејска Македонија во Југославија.
330) VI пленум на ЦК на КПГ (1949), стен. белешки, стр. 91-92.

331) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 196.
332) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 275.
333) АМ, иста збирка, К-20, АЕ: 281.
334) Иста збирка, К-20, АЕ: 268.
335) Иста збирка, К-19, АЕ: 159.
336) Иста збирка, К-20 /3/54.
337) Иста збирка, К-20 /3/54.
338) Иста збирка, К-19, АЕ: 98.
339) III конференција на КПГ, 1950, стен. бел. стр. 55, 881.
340) Исто таму, стр. 376.
341) АМ, цитирана збирка, К-209, извештај бр. 2 од октомври 1950.
342) Иста збирка, К-207, извештај бр. 2 од октомври 1950 год.
343) Иста збирка, К-207, извештај бр. 5 од ноември 1951 год.
344) Иста збирка, К-20, АЕ: 3/54.
345) Иста збирка, К-20, АЕ: 3/57.
346) Иста збирка, К-19, АЕ: 19/101.
347) Иста збирка, К-42, АЕ: 224.
348) Иста збирка, К-42, АЕ: 230.
349) Иста збирка, К-8, АЕ: 21/247.
350) VII пленум на ЦК на КПГ, 1950, стен. бел. стр. 189.
351) III конференција на КПГ, 1950, стен. бел. стр. 17-23.
352) VII пленум на ЦК на КПГ, 1950, стен. бел. стр. 14.
353) Поп-Томов на информбировски вообичаен начин и етика паролата за независна Македонија ја пласира како измислица на КПЈ, насочена против мирот, БКП и КПГ.
354) Според Милтијадис Порфирогенис, Баранов во Букурешт изразил чудење зошто КПГ во тој момент го покренува македонското прашање.
355) VII пленум на ЦК на КПГ, 1950, стен. бел. стр. 37-39.
356) Неос Козмос, цитирано списание, бр. 9/1950, стр. 518-519.
357) АМ, цитирана збирка, К-21, АЕ: 138 и 140.
358) Исто таму.
359) Иста збирка, К-21, АЕ: 137.
360) Иста збирка, К-21, АЕ: 138.
361) Иста збирка, К-21, АЕ: 149.
362) Делегати од македонската емиграција во СССР не учествуваа на Конгресот, бидејќи советските власти не им дадоа излезни визи.

363) Кросциенко се наоѓа во непосредна близина на украинско-полската граница. Во него до крајот на Втората светска војна живееле припадници на германско потекло. Со капитулацијата на III Раих пребегаа во Германија. Со префрлувањето на политичките бегалци од Албанија во Полска во 1949 година, селото беше населено со бегалци од Грција од кои околу 495 беа Македонци. Интересно е зошто Захарјадис го избра токму тоа село за сместување на бегалците кое ги немаше ни најелементарните услови за живеење и за една таква манифестација, како што беше Конгресот. Селото се наоѓа во планина со многу тешки климатски услови. Куќите се приземни, изградени од дрво, обложено со кал. Во тоа село Захарјадис ги испраќаше по казна нелојалните и сомничените елементи од редовите на бегалците.

364) "Борбите на славјанмакедонскиот народ за ослободение, I-от конгрес на Илинден", брошура.

365) Исто таму.

366) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 28/191.

367) Сп. "Илинден", политички орган на ЦС на организацијата "Илинден", бр. 1/1952, стр. 19-20.

368) АМ, брошура, сл. I, 443.

369) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 23/170.

370) "Илинден", цитирано списание, б. 3/1954, стр. 1-4.

371) Исто списание, бр. 3/1954, стр. 5-6.

372) Исто списание, бр. 3/1953, стр. 9-10.

373) Исто списание, бр. 3/1953, стр. 11-12.

374) Исто списание, бр. 6/1953, стр. 5-8.

375) Исто списание, бр. 5/54, стр. 6-7.

376) Исто сп. бр. 3/53, стр. 23, бр.5/53, стр. 1-2, бр. 5/53 стр. 8-9, бр. 3/54, стр. 10, бр. 5/54, стр. 9-11.

377) АМ, цитирана збирка, К-26, АЕ: 140.

378) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 301.

379) Иста збирка, К-20, АЕ: 6/99, К-20/28, АЕ: 78.

380) "Илинден" цитирано спис. бр. 5/54, стр. 29-31.

381) Исто списание, бр. 1/55, стр. 16.

382) Исто списание бр. 6/54, стр. 34-36, бр. 4/55, стр. 29-31, бр. 6/55, стр. 30-32.

383) Исто спис. бр. 5/54, стр. 26-28.
384) АМ, цитирана збирка, К-21, АЕ: 142/а, VII пленум на ЦК на КПГ (1957) стен. белешки, стр. 196-197.
385) АМ, писмото на ЦК на КПГ до КПР е од 24 јануари 1954 (необработено).
386) III пленум на ЦК на КПГ 1952 год. стен. белеш. стр. 203-204.
387) III конференција на КПГ, 1950 год, стен. белешки, стр. 174.
388) АМ, цитирана збирка, К-8, АЕ: 19/60.
389) Иста збирка, К-8, АЕ: 19/67.
390) Иста збирка, К-19, АЕ: 141.
391) Иста збирка, К-20, АЕ: 6/73, К-21/11/62, К-20, АЕ: 6/81.
392) Иста збирка, К-20, АЕ: 6/174.
393) Иста збирка, К-20, АЕ: 6/ 203.
394) Иста збирка, К-21, АЕ: 11/33 и 11/62.
395) Иста збирка, К-21/160.
396) Исто таму.
397) Иста збирка, К-21, АЕ: 152.
398) Иста збирка, К-21, АЕ: 151.
399) Иста збирка, К-20, АЕ: 183.
400) Иста збирка, К-20, АЕ: 147.
401) Иста збирка, К-21, АЕ: 148.
402) Иста збирка, К-21, АЕ: 160.
403) Иста збирка, К-21, АЕ: 166.
404) Иста збирка, К-21, АЕ: 147.
405) Иста збирка, К-21, АЕ: 27/74.
406) Тезата на Пејов ја прифатија и ја подржаа: Тодор Неделко, Павле Куфев, Ставрос Кочопулос и Паскал Цаскалевски.
407) Магнетофонски интервју на Ристо Кирјазовски со Маркос Вафјадис во септември 1978 година.
408) Периклис Колодикис (Мировиглис) бил осведник на фатените 11 раководители и активисти на НОФ во Албанија и автор на памфлетот "Титовото предавство и неговата агентура во Грција".
409) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 23/35.
410) Герман Петров, член на Окружниот комитет на НОФ за Леринско.
411) Петро Аспров, член на Централниот совет на НОМС за Егејска Македонија.

412) Тане Наумов - учесник во Шпанската револуција, секретар на Окружниот комитет на НОФ за Воденско.
413) Коста Кирков, правник, активист на НОФ.
414) Стерјо Стергиев, активист на НОФ.
415) АМ, цитирана збирка, К-19, АЕ: 102.
415[а]) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 91 и К-20, АЕ: 8/14.
416) Коле Попов, секретар на Окружниот комитет на НОФ за Костурско.
417) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 114, К-19, АЕ: 102.
418) Иста збирка, К-18, АЕ: 72.
419) Иста збирка, К-18, АЕ: 58.
420) За суспендирање беа предложени: Фоти Илковски, Манол Здравов, Милка Цамбазовска, Јане Дамулев, Кула Каранца, Александровски, Павле Келков и Алеко Дуков.
421) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 115.
422) Меѓу интернираните беа: Хациоаннидис Никос, Палис Танасис, Војазис Никос, Григоријадис Бабис, Петрајанов Ристо, Каранца Кула, Дуков Алеко, Василевски Јане, Сикавица Андон, Цамбазова Милка, Петре Кутов, Илковски Фоти.
423) АМ, цитирана збирка, К-18, АЕ: 4 и 60.
424) Иста збирка, К-18, АЕ: 60 и 62.
425) Иста збирка, К-18, АЕ: 75.
426) Иста збирка, К-18, АЕ: 76.
427) Иста збирка, К-17, АЕ: 17, АЕ: 18/14.
428) Иста збирка, К-17/1325 и 1101.
429) Иста збирка, К-18, АЕ: 10.
430) VII пленум на ЦК на КПГ, 1957, стен. белеш. стр. 454-455.
431) АМ, цитирана збирка, К-17, АЕ: 1637.
432) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 273.
433) Иста збирка, К-18, АЕ: 58.
434) VII пленум на ЦК на КПГ, стен. белеш. стр. 563, 1957 год.
435) Исто таму, стр. 565.
436) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 6/52.
437) Иста збирка, К-20, АЕ: 285.
438) Иста збирка, К-19, АЕ: 51.
439) Иста збирка, К-20, АЕ: 170.
440) Иста збирка, К-18, АЕ: 55.
441) Иста збирка, К-20, АЕ: 28/23.

442) Исто збирка, К-20, АЕ: 33/101.
443) Исто збирка, К-20, АЕ: 33/149.
444) V пленум на ЦК на КПГ, 1955 год., стен. белеш. стр. 24-28.
445) Исти пленум, стр. 50.
446) Исто тему, стр. 20.
447) АМ, цитирана збирка, К-2, АЕ: 13/1.
448) Документи на КПГ од VI до VII пленум на ЦК на КПГ (1956-1957), стр. 44-45.
449) Исто тему, стр. 104-105.
450) VII пленум на ЦК на КПГ, 1957 год., стен. бел. стр. 581-586.
451) После тоа Никос Захарјадис преку грчката амбасада во Москва побара од грчката влада одобрение да се врати во Грција за да му се суди. Поради тоа советските власти го интернираа во Сибир каде на 3 август 1973 година умре.
452) VII пленум на ЦК на КПГ, 1957 год., стен. белешки, стр. 210.
453) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 17/49.
454) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 17/50.
455) VII пленум на ЦК на КПГ, 1957 год., стен. белешки, стр. 197.
456) "Неос Космос", цитирано списание, бр. 9/1961, стр. 110, 125.
457) Георгис Кацулис, Историја на КПГ, том 6, 1946-1949, Атина, 1978, стр. 239-245.
458) Исто тему, стр. 279.
459) АМ, цитирана збирка, К-20, АЕ: 183.
460) АМ, збирка "Егејска Зора", док. бр. 5.
461) Иста збирка, док. бр. 1.
462) Иста збирка, док. бр. 2.
463) Иста збирка, док. бр. 3.
464) VII пленум на ЦК на КПГ, 1957, стен. белеш. стр. 450.
465) Исти пленум, стр. 558.
466) Исти пленум, стр. 467.

467) АМ, "Егејска зора", цитирана збирка, док. б.б.
468) Исте збирке, док. бр. 7
469) Исте збирке, док. бр. 8
470) Исте збирке, док. бр. 12.
471) Исте збирке, док. бр. 13.
472) Исте збирке, док. б.б.
473) Исте збирке, док. бр. б.
474) Исте збирке, док. бр. б.

И З В О Р И И Л И Т Е Р А Т У Р А

(домашни)

(Користени или консултирани)

I. И З В О Р И

1. Необјавени извори

а) Архив на Македонија

- Збирка "Егејска Македонија во НОВ 1940-1945"
- Збирка "Егејска Македонија во НОБ (Граѓанска војна) 1945-1949"
- Збирка "Грција во отпорот 1940-1944"
- Збирка "Граѓанската војна во Грција 1945-1949"

б) Архив на ЦК на СКЈ - Белград

- Фонд "Грчка 1941-1944"
- Фонд "Комисија за меѓународни врски при ЦК на СКЈ"
- Фонд "Андреас Цимас (1942-1945)"

в) Архив при Воено-историскиот институт

- Фонд "Грчка 1941-1950" (необјавен)

2. Периодика

- Весници што излегуваа во текот на НОВ и Граѓанската војна, како на пример "Словјаномакедонски глас", "Победа", "Црвена звезда", "Непокорен", "Билтен на НОФ", "Зора", "Единство", "Ослободител", "Нова Македонка", "Кон победата", "Борец", "Напад", "Илинден" и други кои се чуваат во оригинал во Архивот на Македонија и во ИНИ.

II. Л И Т Е Р А Т У Р А

- Ајановски Вангел, Егејски бури, ИНИ, Скопје, 1975, стр. 448.
- Анастасов Т., Првото крварење на НОФ, Глас на Егејците, орган на Здружението на бегалците, септември, II, 13.
- Андоновски Христо, Пет години од смртта на девет-мина на Пајак, Глас на Егејците, 1950, 1 октомври.
- Андоновски Христо, Борбата на Македонците под Грција во 1943 година за национална афирмација. (Во кн. Слободни територии

во Македонија, Скопје, 1975, стр. 155-165).
- Андоновски Христо, Вистината за Егејска Македонија, Мисла, Скопје, 1971, стр. 252.
- Андоновски Христо, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940-1944), ИНИ, Скопје, 1968, стр. 223.
- Андоновски Христо, Мегленската област во Народно-ослободителното движење на Егејска Македонија, Култура, Скопје, 1960, стр. 110.
- Андоновски Христо, Смртта на капетан Морава, Иднина, Скопје, 1950, март-април, II,, 2, 58-61.
- Апостолски Ванчо, Грција односите со Југославија и прашањето за Егејска Македонија, Нова Македонија од 16 февруари 1952.
- Влахов Димитар, Одбрани говори и статии 1924-1947, ДКМ, Скопје, 1948, 302-308.
- Вукмановиќ Светозар, Комунистичката партија на Грција и Народноослободителната борба. Нова Македонија од 30-31 август и 1-2 септември 1949 г.
- Вукмановиќ Светозар, Комунистичката партија на Грција и Народноослободителната борба, ГОНФМ, Скопје, 1949, стр. 76.
- Вучковиќ Љубо, Тактиката на Демократската армија на Грција во периодот од 1946-1949 година, ГОНФМ, Скопје, 1949, стр. 76
- Говор на маршал Тито на величествениот митинг во Скопје. Прослава на петгодишнината од создавањето на НР Македонија. Нова Македонија од 3 август 1949 година.
- Егејска Македонија, в. "Нова Македонија" од 27 август 1946.
- Егејска Македонија - Огромен концентрационен логор. Грчкиот демократски печат за теророт во Егејска Македонија. в. Нова Македонија од 1946-1949 година, ГОНФМ, Скопје, 1949, стр. 76.
- За проблемот на Егејска Македонија. Изјава на Димитар Влахов на конференцијата за печатот во Париз. в. "Нова Македонија" од 19 септември 1946 година.
- Јанкулов Христо, реферат од конференцијата на бегалците од Егејска Македонија, ГОНФМ, Скопје, 1949, 6-9.
- Керамитчиев Михајло, Појавата на НОФ во Егејска Македонија, в. "Глас на Егејците од 11 април 1951 година.
- Керамитчиев Михајло, Истребувачка политика спрема македонскиот народ во Егејска Македонија, в. "Нова Македонија" од 4 декември 1949 година.

- Керамитчиев Михајло, Пет години од формирањето на Народно-ослободителниот фронт на Егејска Македонија, в. "Нова Македонија" од 26 април 1950 година.

- Керамитчиев Михајло, Четврт век од создавањето на НОФ во Егејска Македонија, в. "Нова Македонија" од 25 април 1970 год.

- Кикицас Георгиос, Како стигнавме до последните борби на ДАГ, ГИНИ, Скопје, 1971, 1, стр. 225-227.

- Кирјазовски Ристо, Борбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија за употреба на македонскиот јазик во училиштата и во средствата за јавно информирање во текот на НОБ (1941-1945) ПД, Скопје, 1972, XXVIII, 1-2, 71-79.

- Кирјазовски Ристо, Г.Т. за учеството на Македонците под Грција во антифашистичката војна и нивната судбина по неа, ГИНИ, 1971, XV, 3, 247-266.

- Кирјазовски Ристо, Гоце Делчев во документите и печатот на НОФ и Македонците од Егејска Македонија. Во кн. Гоце Делчев 1872-1972, Скопје, 1973, стр. 305-313.

- Кирјазовски Ристо, За некои акции на бугарската работничка партија (к) против линијата и целите на НОФ на Македонците од Егејска Македонија во 1945 година, с. "Историја", Скопје, 1976, XII, 1-2, стр. 222-227.

- Кирјазовски Ристо, Културно-просветна дејност на НОФ на Македонците од Егејска Македонија во текот на 1945-1949, сп. "Дело" 74, Штип, 1976; јули-декември, III, 3-4, стр. 71-79.

- Кирјазовски Ристо, Македонците во антифашистичката војна во Грција и нивната судбина во неа, в. "Нова Македонија" од 5-16 октомври 1971 година.

- Кирјазовски Ристо, Првиот актив на НОФ на Македонците од Егејска Македонија, ГИНИ, Скопје, 2976, XX, 1, стр. 19-30.

- Кирјазовски Ристо, Првиот конгрес на НОФ во Егејска Македонија, в. "Нова Македонија" од 14-17 јануари 1973 година.

- Лерински (Чипов Андреја), Појава на НОФ во Егејска Македонија, в. "Глас на Егејците" од 1 април 1951 година.

- Меморандум од Привремената демократска влада на Грција до ООН. По повод терористичкиот бес на монархофашистите против грчките деца, в. "Нова Македонија" од 28 мај 1948 година.
- Миљовски Боро, По повод Шестиот пленум на ЦК на КП на Грција, в. "Нова Македонија" од 23 ноември 1949 година.
- Мицопулос Танасис, Југословенски, грчки и бугарски партизани во борбата против заедничкиот непријател, ГИНИ, Скопје, 1969, XIII, 1-2, стр. 85-103.
- Мојсов Лазо, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција (еден поглед врз опсежната документација), ИНИ, Скопје, 1954.
- На ослободената грчка територија е одржан Првиот конгрес на Народноослободителниот фронт на Славјаните од Егејска Македонија, в. "Трудбеник", од 23 декември 1948 година.
- Наковски П. "Буквар" - роденче на една револуција, в. "Вечер" од 19 мај 1968 година.
- Нашиот народ во Пиринска и Егејска Македонија е изложен на сурова денационализација. Говор на народниот пратеник Аце Шопов на втората седница на одборот за надворешни работи на Народната скупштина на СФРЈ, в. "Нова Македонија" од 14 јуни 1950 година.
- Ние го задржуваме правото да го поставиме прашањето за Егејска Македонија рече Моша Пијаде на седницата на Политичко-територијална комисија за Бугарија, в. "Нова Македонија" од 10 септември 1946 година.
- Папапанагрту Алекос, Вистината за "ударот од грб", ГИНИ, 1970, Скопје, XIV, 2-3, стр. 351-379.
- Пејов Наум, Југословенските малцинства во соседните земји на истурените позиции на нашата револуција, в. "Глас на Егејците", 1953, IV, 40.
- Пејов Наум, Осврт на книгата "Историја на Граѓанската војна 1945-1949" (Втора герила од Фивос Григоријадис). ГИНИ, Скопје, 1966, X, 1, стр. 189-207.

- Пејов Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање, Скопје, 1953, стр. 105.

- Пејов Наум, По повод првиот конгрес на НОФ во Егејска Македонија. Во прилог на вистината. В. "Глас на Егејците" од 10 јануари 1952 година.

- Пепељуговски Петар, Воено-политичкото значење на слободната територија на III оперативна зона и егејскиот дел на Македонија (во кн. Развитокот на државноста на македонскиот народ, Скопје, 1975, стр. 431-444.

- Пијаде Моша, За грчките провокации и нивниот стил. Избрани говори и статии 1941-1947. Култура, Скопје, 1949, стр. 426-434.

- Пијаде Моша, Југославија, Грција и Албанија и интригите на Информбирото, в. "Нова Македонија" од 14 септември 1949 год.

- Пијаде Моша, За прашањето на Балканската федерација, Култура, 1949, 24.

- Резолуција од I-от Конгрес на Народниот фронт на Македонија. До мировната конференција Париз, в. "Нова Македонија" од 6 август 1946 година.

- Теророт над нашиот народ во Егејска Македонија се засилува од ден на ден, в. Нова Македонија од 20 јуни 1945 год.

- Теророт на грчките монархофашистички банди во Егејска Македонија продолжува, в. "Нова Македонија" од 21 јуни 1945 год.

- Теророт во Егејска Македонија и натака продолжува, в. "Нова Македонија од 6,7,8 и 9 јануари 1946 год.

- Теророт на монархофашистите во Леринско и Костурско, в. "Нова Македонија" од 27 септември 1945 година.

- Теророт во Егејска Македонија одново се засили, в. "Нова Македонија, од 30 август 1945 година.

- Теророт во Леринскиот, Воденскиот и Преспанскиот крај на Егејска Македонија, в. "Нова Македонија од 11 септември 1945г.

- Теророт во Егејска Македонија. Бурандарите обесчестиле голем број девојки и жени во селото Изглебе, Костурско, в. "Нова Македонија од 18 август 1945 година.

- Теророт и провокациите на грчките фашисти во Егејска Македонија, в. "Нова Македонија" од 26 јуни 1945 година.

- Теророт на грчките шовинистички банди над населението од Егејска Македонија, в."Нова Македонија од 12 јуни 1945 година.

- Теророт во Егејска Македонија и натака продолжува, в. "Нова Македонија од 6 јануари 1946 година.

- Хаци Василев Мито, Егејците раскажуваат за своите страдања. Во селото Грече, Костурско побеснелите монархофашисти извршиле над 40 девојки и жени, в. "Нова Македонија од 24 јули 1945 година.

- Βαστίλες καί αἷμα. Ἕνα γερό ντοκουμέντο γιά τήν μοναρχοφασιστική θηριοδία.

(Бастила и крв. Еден документ за монархофашистичките злосторс
- Βίβλος. Ἡ μαύρη Βίβλος τῶν βουλγαρικῶν ἐγκλημάτων εἰς τήν Ἀνατολικήν Μακεδονία καί Δ. Θράκη 1941-1944, Ἀθήνα, 1945.

(Црната книга за бугарските злосторства во Ист. Македонија и Тракија 1941-1944).

- Γρηγοριάδη Φοίβου, Νεοκόσμου - Ἱστορία τοῦ Ἐμφυλίου πολέμου 1945-1949, Τόμος I-IV, Ἀθήνα.

(Историјата на Граѓанската војна; Том I-IV).

- Ἐπενεκίδη Πολυχρόνη Κ. - Ἡ Ἑλληνική ἐπανάσταση 1941-1945, Ἀθήνα, 1964.

(Грчката револуција 1941-1945).

- Ζαφειρόπουλον Δημήτρη Γ. Ὁ ἀντισυμμοριακός ἀγων. 1941-1945, Ἀθήνα 1956.

(Противбандитската борба 1945-1949).

- Ζαχαριάδη Νίκου, Ἡ πάλη γιά τή λευτεριά καί τή δημοκρατία στήν Ἑλλάδα 1948.

(Борбата за слобода и демократија во Грција).

- Ζαχαριάδη Νίκου, θέσεις γιά τήν Ἱστορία τοῦ ΚΚΕ, 1950.

(Ставови за историјата на КПГ).

- Ζαχαριάδη Νίκου, Συλλογή ἔργων.

(Избор на трудови).

- Ζαχαριάδη Νίκου, Τά προβλήματα τῆς στρατηγικῆς καί ταχτικῆς πού μᾶς πέρασε, 1949.

(Проблемите на стратегијата и тактиката во годините што изминаа).

- Ζεύγου Γιάννη, Ἡ λαϊκή ἀντίσταση τοῦ Δεκέμβρη καί τό Ἑλληνικό πρόβλημα, Ἀθήνα, 1945.

(Народниот отпор во декември и грчкиот проблем).

- Р

III. ГРЧКА ЛИТЕРАТУРА

- 'Αββροφ - Τοσίτσα, Εὐάγγελου, Φοτιά καί τσεκούρι - ΕΛΑΣ 1946-1949, 'Αθήνα, 1975, σ. 523.

(Огин и чекич, Грција 1946-1949), стр. 523.

- 'Αμάντου Κωσταντίνου, 'Ιστορικαί σχέσεις 'Ελλήνων, Σέρβων καί Βουλγάρων, 'Αθήνα, 1949.

(Историски односи меѓу Грците, Србите и Бугарите).

- 'Αμάντου Κωσταντίνου, Οἱ Βόρειοι γείτονες τῆς 'Ελλάδας (Βούλγαροι, 'Αλβανοί, Νοτιοσάβοι) 'Αθήνα, 1923.

(Северните соседи на Грција - Бугари, Албанци, Југословени).

-'Ασπρέας Γ. Πολιτική ἱστορία τῆς νεωτέρας 'Ελλάδας 1821-1920, 'Αθήνα.

(Политичка историја на новата Грција 1821-1960).

- Βλαντάς Δημήτρης, Πολιτική ἱστορία τοῦ ΚΚΕ. 'Η προδομένη ἐπανάσταση, 'Αθήνα, 1977.

(Историјата на КПГ- Издадената револуција).

- Βλαντά Μήτσου, 'Η ταχτική τοῦ ἐχθροῦ στά 1945-1949.

(Тактиката на непријателот во 1949 година).

- Βογαζῆ Δ.Κ., 'Εθνικές μειονότητες στήν 'Ελλάδα, 'Αθήνα, 1954.

(Национални малцинства во Грција).

- Βογιατζίδου Ι.Κ., Τά πρός Βορράν σύνορα τοῦ 'Ελληνισμοῦ, Θεσσαλονίκη 1946.

(Границите на елинизмот кон Север).

- Βοντίσιος Γούσας-Γεώργιος. Οἱ αἰτίες τῆς διάσπασης τοῦ ΚΚΡ, 'Αθήνα 1977.

(Причините за расцепот на КПГ).

- Καραμέρου Δ. - Πῶς ἐμφανίζεται σήμερα τό μακεδονικό ζήτημα (ὀχράνα, μακεδονικό τάγμα, μακεδονικοί ἀγών. 'Αθήνα, 1945.
(Како денес се појавува македонското прашање (охрана, македонскиот батаљон, македонската борба).
- Κατσούλης Γεώργιος, 'Ιστορία τοῦ ΚΚΕ - Τόμος Ι-ΙV, 'Αθήνα, 1976.
(Историјата на КПГ - Том I-IV).
- Κύρου Α. 'Η συνομοσία ἐναντίον τῆς Μακεδονίας, 1940-1949, 'Αθήνα, 1950.
(Заверата против Грција).
- Κ.Η. - Τό ΚΚΕ στόν πόλεμο καί στήν ἀντίσταση. 'Αθήνα 1973.
(КПГ во војната и отпорот).
- ΚΚΕ. Τό ΚΚΕ ἀπ'τό 1931 ὡς τό 1952, Α. 1952.
(КПГ од 1931 до 1952).
- Λιναρδάτου Σπ. - Πῶς ἐφθάσαμε στήν 4η Αὐγούστου, ΠΛΕ, 1967, σ. 276.
(Како стигнавме до 4 август).
- Μαθοπούλου Βάσου, 'Η 'Ελληνική ἀντίσταση 1941-1944 καί οἱ συμμάχοι, 'Αθήνα, 1977, σ. 565.
(Грчкиот отпор 1941-1944 и сојузниците).
- Μαρκεζίνη Σπ. Πολιτική ἱστορία τῆς νεώτερας 'Ελλάδας 1928-1969, Τομ. Ι-ΙV, 'Αθήνα.
(Политичка историја на новата Грција. Том I-IV).
- Μπλανᾶ Γιώργη, 'Εμφύλιος πόλεμος 1946-1949, 'Αθήνα, 1976, σ. 392.
(Граѓанската војна 1946-1949).
- Μπράμου Κ., Σλαβοκομμουνιστικαί ὀργανώσεις ἐν Μακεδονία, Θεσσαλονίκη, 1953, σ. 247.
(Словенокомунистички организации во Македонија).
- Νάλτσα Χριστόφορου, Τά ἑλληνισλαβικά σύνορα καί πρός Βοράν ἐθνικαί διεκδικήσεις, Θεσσαλονίκη, 1946, σ. 88.
(Грчкословенските граници и нацоналните претензии кон Север)
- Παπανδρέου Γεώργιος, Κείμενα 1941-1942, Τόμος Ι, 'Αθήνα.
(Текстови 1941-1942).

- Παπανδρέου Γεώργιος, Κείμενα-Κατοχή Μ. 'Ανατολή - 'Απελευθέρωσης, Τόμος ΙΙ, 'Αθήνα, 1964.
(Текстови - Окупација - Среден Исток - ослободување).
- Παπαπαναγιώτου 'Αλέκος, Τό ΚΚΕ στόν πόλεμο καί στήν άντίσταση - Κείμενα τοῦ ΚΚΕ 1940-1945, 'Αθήνα, 1974, σ. 168.
(КПГ во војната и отпорот - Документи на КПГ 1940-1945).
- Πραγματικές αἰτίες τοῦ ἑλληνικοῦ δράμματος, 'Αθήνα, 1947, σ. 78.
(Вистинските причини за грчката драма).
- Ροβσου Πέτρου, 'Η μεγάλη πενταετία 1940-1945,,'Αθήνα σ. 554.
(Големата петолетка 1940-1945).
- Στράτος, 'Ο ἑλληνικός στρατός κατά τοῦ ἀντισυμμοριακό ἀγῶνα (1946-1949), σ. 301.
(Грчката војска во противбандитската војна).
- Φαράντος Γεώργιος, 'Επανάσταση καί ἀντεπανάσταση στήν 'Ελλάδα (1936-1974), 'Αθήνα, 1974, σ. 150.
(Револуција и контрареволуција во Грција 1936-1974).